**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, РЕВИЗИЈА 2014 - 2016

**Декември, 2013**

# СОДРЖИНА

00.РЕЗИМЕ....3
I. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ ....16
1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ....17
1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА (види во делот 3.23.3 Фундаментални права) ....22
1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ....24
II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ....27
2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА ....29
2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ ....40
III. СПОСОБНОСТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ....49
3.01 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ....49
3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ....59
3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ....63
3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ....68
3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ....72
3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА....76
3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ....79
3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА ....84
3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ....87
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ....93
3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ....99
3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ....108
3.13 РИБАРСТВО....117
3.14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА....120
3.15 ЕНЕРГЕТИКА....136
3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ ....151
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА (ЕМУ)....158
3.18 СТАТИСТИКА ....163
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ....172
3. 20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА....186
3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ....194
3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ....202
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ....211
3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ....225
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ....237
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА ....243
3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ....254
3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ....276
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ....287
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ....293
3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА....298
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА....302
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ....307
IV. АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ ....310
4.01 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА – РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА....310
4.02 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ....312

# 00.РЕЗИМЕ

## ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ (НПАА)

Натамошното унапредување на исполнувањето на копенхашките и мадридски критериуми, како и јакнењето на институционалните капацитети за спроведување на европските стандарди, останува да биде приоритет на Владата на Република Македонија и во наредниот период. Ќе продолжат реформите во клучните приоритетни области од Пристапниот дијалог на високо ниво, а ќе се работи и на унапредување на постигнатиот степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ во сите 33 поглавја од европското acquis. За реализација на овие цели подготвена е Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2014), која претставува осма по ред ревизија на оваа програма. НПАА претставува клучен документ за процесот на интеграција во ЕУ, кој ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.

Клучни елементи при ревизија на НПАА кои воедно претставуваа основа за проектирање на краткорочните и среднорочните приоритетни цели и активности беа:

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ за 2013 година (вклучувајќи ги и претходните извештаи) и Стратегијата за проширување и главните предизвици за 2013 -2014 година
- Обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно препораките на Европската комисија искажани на Комитетот за стабилизација и асоцијација и целиот циклус на поткомитети одржани во изминатата година;
- Приоритетните реформски цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво и активностите за реализација на истите опфатени во Патоказот за реализација на приоритетните цели и Акцискиот план за започнување пристапни преговори меѓу Република Македонија и Европската унија, како и Акцискиот план за клучните приоритети во процесот на пристапување во ЕУ усвоен од страна на Владата на Република Македонија на 30.11.2013 година; како и
- Приоритетите наведени во Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на ЕУ;

Дополнително, фокус на ревизијата на НПАА е и обезбедување подлабинска анализа на acquis communautaire во поодделните поглавја и поврзување со националното законодавство.

Ревизијата на НПАА за 2014 година го задржува истиот методолошки концепт за подготовка на овој документ, односно содржински ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација.

Програмата ја следи структурата на Копенхагенските и Мадридските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:

- I Политички критериуми
- II Економски критериуми
- III Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството,
- IV Административен капацитет

Програмата структурално е поделена на наративен дел со матрица на цели и активности и табеларен дел (прилози). Наративниот дел ја претставува тековната состојба во сите поглавја, како и клучните приоритети и задачи на легислативно и институционално ниво на краток рок (2014 година) и среден рок 2015- 2016 година. Наративниот дел е соодветно преточен во матрица на цели и активности.

Составен дел на Програмата се и следните прилози:

- Прилог 1 - Преглед на националните правни акти кои се предмет на усогласување со законодвството на ЕУ (со ЕУ мерките и меѓународните стандари кои во нив ќе се транспонираат), со рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивното усвојување.
- Прилог 2- Дистрибуција на работни места
- Прилог 3- Проектирани буџетски средства
- Прилог 4- Инструмент за претпристапна помош (ИПА) и друга странска помош, и TAIEX обуки

Спроведувањето на НПАА редовно ќе се следи преку веќе воспоставените механизми. Секретаријатот за европски прашања на редовна основа ќе ја информира Владата на Република Македонија за спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2014).

**ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРЕДВИДЕНИ СО НПАА**

Клучни приоритети во однос на исполнувањето на ***политички критериуми*** ќе бидат унапредувањето на политичкиот дијалог во Собранието на Република Македонија, спроведувањето на изборната реформа, реформата на јавната администрација и процесот на децентрализација, утврдување на натамошните чекори во реформата на правосудството, натамошно унапредување на слободата на изразување и дијалогот со новинарите, како и целосната имплементација на Охридскиот рамковен договор. Република Македонија останува да биде посветена на унапредување на регионалната соработка и добрососедските односи.

Работната група за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година ќе работи на адресирање на препораките од Извештајот. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе ги зајакнат своите активности и дебати за клучните приоритети од европската агенда на Република Македонија. Во делот изборите, напорите ќе се фокусираат на ефикасна организација и спроведување на Претседателските избори 2014 година преку засилена едукација на изборните органи како и преку спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Ќе продолжат активностите за утврдување на методологија за проверка на избирачкиот список. Владата ќе продолжи со следењето на обврските од ЕУ интеграцијата во рамки на претточка за статусот на процесот на ЕУ-интеграција и преку редовни тематски седници за прашања од европската агенда. Ќе продолжат активностите за реализација на основните и специфичните цели на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011 – 2014 година, спроведувањето на политиките за рамномерен регионален развој, како и комплетирањето на процесот на фискалната децентрализација.

Со цел надминување на фрагментација на правната рамка за јавна администрација, како и унапредување на начелата на транспарентност, независност и одговорност, предвидено е донесување на Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор. Заради адресирање на современите текови на управната постапка планирано е и донесување на нов Закон за општа управна постапка. Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017),а ќе бидат вложени напори и за подобрување на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител од страна на органите на државната управа. Во делот на реформа на полиција, во тек е постапката за вработување на 400 полицајци.

Согласно Рамката за натамошен развој на правосудството ќе се развие Акциски план со активности и буџетски импликации за реализација на приоритетите опфатени со рамката. Ќе се изготви Анализа за унапредување на системот за утврдување на дисциплинска одговорност на судиите и Анализа на тековниот систем на оценување на судиите согласно меѓународните стандарди и праксата на ЕСЧП од аспект на поставеноста и надлежноста на судскиот систем согласно Уставот.

Ќе се имплементира Методологија за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика во поедноставена форма. Државната комисија за спречување на корупцијата ќе продолжи со проверка на податоците во изјавите за судир на интереси и анкетните листови. Државниот завод за ревизија до крај на месец јуни 2014 година ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, како и ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за претстојните претседателски избори.

Во делот слободата на изразување/слобода на медиуми, се спроведуваше Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Ќе бидат вложени напори за редовно остварување на дијалогот со новинарите со цел да се адресираат преостанатите обврски, а кои се однесуваат на усогласување на ставовите во однос на законодавната рамка за медиуми, подобрување на професионалните стандарди на новинарите и новинарските работници, транспарентноста на владиното рекламирање, само- регулацијата итн. Ќе продолжи обучувањето на судиите надлежни да постапуваат во случаите на клевета и навреда, со цел примена на стандардите и судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Во делот на правата на заедниците, акцентот ќе биде ставен на спроведувањето на препораките содржани во Извештајот за состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Согласно праксата на одржување на работни состаноци за следење на Акцискиот план за инклузија на Роми и Роми бегалци, во текот на 2014 година ќе бидат одржани 2 средби.

Унапредувањето на односите и соработката со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка се меѓу клучните приоритети на надворешната политика на Република Македонија. Во фокусот на односите со Република Бугарија е натамошното унапредување на политичкиот дијалог. Република Македонија и понатаму ќе настојува културолошките и идентитетските прашања, со меѓусебно почитување да ги претвори во елементи на зближување и поврзување. Република Македонија ќе продолжи со проактивниот и иницијативен пристап за унапредување на добрососедските односи со Република Грција и интензивирање на билатералната соработка во сите области од заемен интерес. Во однос на решавањето на наметнатиот спор за името, Република Македонија ќе продолжи со конструктивниот бона фиде пристап и иницијативноста.

Во делот на **економските критериуми**, во 2013 година беше одржана макроекономска стабилност во земјата, со релативно ниско ниво на инфлација, како и ниско ниво на државен долг. Земјата на крајот на оваа година се очекува да оствари раст на бруто домашниот производ над проектираниот од 2% . Освен тоа, беа зголемени странските директни инвестиции чиј износ за периодот јануари-септември е 183 милиони евра, односно 2,3% од БДП. Иако стапката на невработеност е сеуште висока, сепак според последните податоци на Државниот завод за статистика во 2013 година истата по период од речиси две декади се спушти под 30% и изнесува 28,8%. Економијата како и квалитетот на економските и фискални политики добија позитивни оценки од меѓународните институции и рејтинг агенции. Активностите во наредниот период ќе бидат насочени кон натамошно подобрување на бизнис климата, инфраструктурата и човечкиот потенцијал со цел зголемување на инвестициите и конкурентноста на земјата. Реалниот раст во 2014 година се очекува да биде 3,2%. Јавните капитални инвестиции ќе бидат пред се насочени кон големи инфраструктурни проекти во патната, енергетската и комуналната инфраструктура, како и подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделстството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството. Зголемениот број на извозни капацитети во економијата, на среден рок треба да резултира со натамошна диверзификација на извозот и подобрување на извозните перформанси, како продолжение на веќе започнатите промени во оваа насока. Ова ќе придонесе за намалување на трговскиот дефицит и поголема отпорност на економијата кон надворешни кризи. Во наредниот период се очекува постепено забавување на инфлацијата која во 2014 е предвидено да изнесува 2,3%, а монетарната политика и во наредниот период ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Предвидениот економски раст се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на трудот и натамошно намалување на просечната стапка на невработеност на ниво од 28,7% во 2014 година. Република Македонија продолжи со спроведување активности за подобрување на условите за влез и излез од пазарот преку: скратување на роковите за судските постапки, воведување електронска продажба на стечајната маса, воведување електронско именување на стечајните постапки, воведување можност за спроведување план за реорганизација на должникот, овозможување транспарентност на стечајната постапка и воведување регистар на овластени стечајни управници. Продолжува спроведувањето и на мерките од втора, трета и четврта фаза на регулаторна гилотина, со кои се постигнува значително отстранување на голем административен товар, како и поедноставување на голем дел од постапките и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис. Во областа на регулирањето на имотните права, донесен е Стратешко- деловен план на Агенцијата за катастар на недвижности за период 2013-2016 година. Во сферата на спроведувањето на законите и договорите, идните приоритети се во насока на зајакнување на независноста, непристрасноста и ефикасноста во правосудството, подобрување на управното право, реформи во кривичниот систем, развој на граѓанско-правниот систем, алтернативно решавање на спорови (медијација), пристап до правдата и унапредување на заштита на човековите права. Продолжува реализацијата на активностите за зголемување на економскиот раст и вработеноста во земјата, преку реформите за подобрување на деловното окружување, зајакнување на конкурентноста на македонската економија, развојот на економската инфраструктура, како и инвестирање во образование и наука.

Продолжува спроведувањето активности за развојот на човечкиот капитал. Особено внимание ќе се посвети на зајакнување на квалитетот на сите нивоа на образование, зголемување на вработувањето на лицата со завршено средно и високо образование, зајакнување на системот за образование на возрасните и неформално образование, како и продлабочување на соработката на високообразовните институции со стопанството. Структурата на јавните финансии и понатаму се подобрува, преку намалување на учеството на непродуктивните расходи. Капиталните расходи ќе имаат приоритетно и доминантно значење во Буџетот за 2014 година. Во наредниот период се предвидени значајни инвестиции за подобрување на патната, железничката, енергетската и комуналната инфраструктура, како и за уредување на технолошките индустриски развојни зони. Од особено значење ќе биде поддршката на развојот на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, како и континуирано подобрување на пристапот до финансиски средства и поддршка на извозот. Во соработка со Националниот совет за претприемништво и конкурентност ќе се креира нов сет на мерки за подобрување на конкурентноста на македонската економија. Ќе продолжи спроведувањето на мерките и активностите од Стратегијата за иновации насочени кон зголемување на конкурентноста и поттикнување на економскиот развој заснован на знаење и иновации.

Во однос на обврските кои се однесуваат на **способноста за преземање на обврските од членството во ЕУ**, состојбата е следна:

Во делот на ***слободно движење на стоки*** постигнат е висок степен на усоглсеност. Во наредниот период ќе продолжи спроведувањето на Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од договорот за функционирањето на Европската унија (ДФЕУ), како и усогласувањето на правните прописи кои се дел од преговорите за склучување на АКА Договорот. Вкупниот број на усвоени европски стандарди како македонски стандарди изнесува 18 350 што е 99% од вкупниот број на европски стандарди. Досега, акредиритани се 129 тела за оцена на сообразност и има 21 нови пријави за акредитација. Објавени се 13 калибрациони и мерни можности на Бирото за метрологија (БМ) во базата на податоци на Меѓународното Биро за тегови и мери. Ќе се донесе нова двегодишна Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2015-2016 година. Регулативата за утврдување на усогласените услови за ставање на пазар на градежни производи и за укинување на Директивата бр. 89/106/ЕЕЗ ќе се транспонира во нов Закон за градежни производи, додека новата Регулатива за безбедност на производи, која е во постапка на донесување во ЕУ, ќе биде транспонирана во нов Закон за безбедност на производите. Ќе биде направено усогласување и на секундарното законодавство. Се планира последниот ЕУ фармацевтски пакет во делот на фармаковигиланца, согласно ЕУ мерките 32012L0026 и 32012R1027, да се транспонира во Законот за лековите и медицинските помагала и да се доуреди оваа област со соодветни подзаконски акти.
Заврши четвртата фаза за унапредување на Електронскиот едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти (EXIM). Ќе се стави во функција нов Компјутеризиран транзитен систем и нов Систем за обработка на царински декларации. Ќе се воведе Интегрирана тарифна околина која претставува платформа на повеќе модули кои ќе бидат поврзани со соодветните модули на Европската унија. Ќе се воспостави единствен електронски регистар за регулирање на обврските на правните лица кои се овластени за производство и трговија со оружје на територијата на Република Македонија.

Во делот на ***слободно движење на работници*** идните активности ќе се насочат, кон јакнење на капацитетите за ефективна имплементација на законодавството од оваа област, преку поддршката на проект за учество во ЕУРЕС -Мрежа на европски служби за вработување. Ќе продолжат активности за потпишување на договори за социјално осигурување со седум нови земји, како и успешна примена на веќе потпишаните договори. Ќе се иницираат активности за потпишување на договори за користење на Европска здравствена картичка со две европски земји и ќе се унапредува веќе воспоставениот систем за електронска здравствена картичка.

Во областа на ***право на основање и слобода на давање на услуги*** согласно Директивата за услуги, активностите ќе бидат насочени кон воспоставување на „Единствена точка за контакт“. Проектот „Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори“ ќе овозможи сите потребни лиценци и дозволи за започнување и водење на бизнис да може да се обезбедат од едно место. Со донесување на Законот за услуги и со реализацијата на Акцискиот план ќе се обезбеди слободата на правото на основање и на давање на услуги по пристапувањето во ЕУ и функционирањето во единствениот пазар за услуги на ЕУ. Во областа на поштенските услуги ќе продолжи процесот на усогласување со препораките од европските директиви, а со цел креирање критериуми и услови за обезбедување на универзална услуга на целата територија на Република Македонија, создавање на услови за целосна либерализација на пазарот на поштенските услуги и задоволување на правата и заштита на интересите на корисниците на услугите. Ќе продолжи спроведување на обуки заради зајакнување

на административните капацитети на органите вклучени во процесот на заемно признавање на професионални квалификации.

Во делот на ***слободно движење на капитал,*** усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ е на добар пат. Република Македонија ги исполни условите од првата фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) и натамошната либерализација е предвидена по преминувањето во втората фаза од ССА. Ќе се изврши натамошно усогласување со европското законодавство во делот на платните системи во согласност со донесената Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија за периодот 2013-2017 год. Приоритет ќе биде донесување на Национална Стратегија за проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, и натомошно усогласување на домашното законодавство за спречување на перење пари и финансирање на тероризам со релевантното ЕУ законодавство и препораките на ФАТФ и Moneyval Комитетот. Предвидени се и активности за институционална надградба, одржување и унапредување на техничките капацитети на Управата за финансиско разузнавање (УФР).

Во делот на ***јавните набавки*** заради воспоставување на ефикасен систем на јавните набавки ќе се реализираат Стратешките приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014 – 2018 год. Ќе продолжи спроведувањето на Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство ќе се доусогласи со Директивата бр. 2007/66/ЕЗ за правна заштита. Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе продолжи со доближување на новиот систем на правна заштита до економските оператори и до договорните органи и ќе соработува со релевантните институции за подобрување на правната рамка која се однесува на системот на правна заштита на јавните набавки, концесии и јавно приватно партнерство. Во ова поглавје подготовките се напреднати.

Во поглавјето ***право на трговски друштва*** во текот на 2014 година со цел усогласување на националното законодавство со Директивата на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки ќе се донесат измени на Законот за ревизија. На среден рок предвидено е усогласенување на националното законодавство со Директивата на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи за одредени видови на трговски друштва.

Клучни цели во следниот период во областа на **интелектуална сопственост** се заокружувањето на правната рамка, донесување на Стратегија за индустриска сопственост, скенирање на документацијата за трговски марки, јакнење на јавна свест и јакнење на административни капацитети, интензивирање на соработката на државните органи од областа на авторско право и сродни права во земјите од регионот итн.

Во поглавјето ***политика на конкуренција*** , каде е постигнат солиден степен на усогласеност, во наредниот период ќе се работи на организирање напредни обуки за вработените во Комисијата за заштита од конкуренција. Со цел ефикасна операционализација на програмата за попустливост ќе се нараваат измени на Кривичниот законик. Ќе се реализираат нови вработувања, обуки, а во комисијата ќе се воведе позиција Главен економист.Заради јакнење на јавната свест на државните институции, судските органи и деловниот сектор ќе се издаде прирачник за државна помош наменет за судиите и брошура за Законот за контрола за државната помош.

Во областа на ***финански услуги*** заради обезбедување на постабилен финансиски ситем, ќе бидат извршени измени и дополнувања на Законот за финансиски друштва во насока на зголемување на контролната улога на Министерството за финансии. Ќе биде донесен нов Закон за осигурување во кој ќе се транспонира новата ЕУ Директива 2009/138/ЕК. Ќе се донесе Закон за конечно порамнување во платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност, со кој ќе се транспонира Директивата 1998/26/ЕЗ за конечно порамнување. Ќе се донесат измени на Законот за инвестициски фондови, заради усогласување на домашното законодавство со Директивата 2011/61/ЕЗ за алтернативни инвестициски фондови. Дополнително, се планира да се донесе нов Закон за пазар на капитал кој ќе биде целосно усогласен со соодветното законодавството на ЕУ.

Подготовките во поглавјето ***информатичко општество и медиуми*** се на добар пат. Законот за електронски комуникации ќе се усогласи со пакетот директиви на Европската Комисија од 2009 година, а ќе се донесат и неколку подзаконски акти кои ќе обезбедат поголема заштита на конкуренцијата, големопродажна услуга за битстрим пристап и поголема заштита на правата на крајните корисници (особено на оние со краен

инвалидитет). Националното законодавство ќе се усогласи со Директивата за повторна употреба на податоците од јавниот сектор и ќе се преземат мерки за развој на информатичкото општество, со акцент на интернет трговија и електронско учење во јавната администрација. Во тек е усвојување на нова медиумска легислатива која ќе биде целосно усогласена со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. За таа цел ќе бидат донесени Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе бидат донесени и подзаконски акти со кои се допрецизираат соодветните законски одредби.

Во поглавјето на ***земјоделство и рурален развој***, донесени се законите врз чија основа се темели земјоделството и руралниот развој во Република Македонија и истите се во голема мера усогласени со европското законодавство. Воспоставен е интегриран административен контролен систем, а системите за имплементирање на програмите за финанисиска поддршка: Единствен регистар на земјоделски стопанства, Системот за идентификација на земјишни парцели, Земјоделскиот пазарен информативен систем и Мрежата за сметководствени податоци на фарма се функционални. Донесена е Националната Програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2013-2017 година. Во 2014 година ќе се донесе Национална стратегија за оперативни програми за работа на групи на производители и организации на производители за периодот 2014-2020 година. Континуирано се работи на надградба и подобрување на системите за спроведување на ЕУ помошта за рурален развој. Во наредниот период, главни активности се акредитација на нови мерки и изготвување на новата ИПАРД Програма за период 2014-2020 која треба да обезбеди основа за користење на ЕУ средствата за рурален развој во наредниот седумгодишен финансиски период. Националната Стратегија за органско земјоделство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, со Акционен План е во владина процедура. Заради усогласување со европската регулатива, започнати се подготовки за измена и дополнување на Законот за органско производство. До јуни 2014 година се очекува донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за квалитетот на земјоделските производи со цел хармонизација на истиот со новата ЕУ регулатива 32012R1151.

Во областа на ***безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*** се планира носење на Стратегија за безбедност на храната за периодот од 2013-2015 година, како и натамошно усогласување на Законот за безбедност на храната. Предвидени се бројни активности во рамки на Проектот за подобрување на институционалната рамка во однос на безбедноста на храна.(ИПА 2009). Ќе биде донесен нов Закон за заштита и благосостојба на животните заради транспонирање на соодветните ЕУ мерки од оваа област. Од оваа област предвидено е носење и на серија подзаконски акти. Предвидено е подобрување на транспарентноста на АХВ во областа на санитарните и фитосанитарните мерки, воспоставување на оперативен и функционален SPS enquiry point во Агенцијата за храна и ветеринарство, како и подобрување на соработката помеѓу релевантните институции. Со Проектот ИПА 2010 се предвидуваат низа активности во насока на зајакнување на капацитетите на агенцијата. За целосно усогласување со соодветното ЕУ законодавство од областа правила за нус-производи од животинско потекло во текот на 2014 планирано е донесување на измени и дополнувања на Законот за нус-производи од животинско потекло како и 9 подзаконски акти. Предвидено е воспоставување на информативни системи и платформи за надлежните органи за безбедност на храна надградени и поврзани со операторите за храна и храна за животни, собирање на податоци за сопствена контрола, како и пријавување на жалби и поплаки од страна на засегнатите потрошувачи. Постигнати се резултати во однос на усогласување во делот на здравје на растенијата-фитосанирните мерки/ISPM стандарди, а во наредниот период ќе се донесе Закон за фитофармацевтски производи. Во 2014 планирано е реализирање на 2 нови вработувања во делот на имплементација на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја. Со цел јакнење на капацитетите на Управата за семе и саден материјал, Државната фитосанитарна лабараторија и Сектор за шумарство и ловство се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување професионални обуки за вработените.

Во однос на поглавјето ***рибарство***, со оглед на тоа што Република Македонија нема излез на море, поголем дел од acquis-то од областа на рибарството не е применлив. Главните активности во наредниот период се насочени во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој со доделување на концесиите за стопанисување со риби врз основа на Законот за рибарство и аквакултура и риболовните основи за риболовните води. Непречениот пласман на рибите и производите од риба на пазарот е исто така еден од приоритетите. Структурните активности во делот на рибарството и аквакултурата ќе се реализираат преку планираните мерки во годишните програми за финансиска подршка во рибарството и аквалутура. На среден рок се планира јакнење на капацитетите во Одделението за рибарство и аквакултура и Одделението за инспекциски надзор.

Во областа на ***транспортна политика***, заради подобрување на внатрешниот и меѓународниот сообраќај на патници и стоки, подобрување на енергетската ефикасност во транспортот, отстранување на пречки за слободно движење на патници и стоки и заради либерализација на транспортниот пазар, фокусот на активностите ќе биде насочен кон креирање на нови политики, стратегии и потпишување на меѓународни акти. Нормативната рамка за регистрирање на железнички возила и железничка инфраструктура е усогласена. Во тек е изработка на методологија за утврдување на висината на наплатата за пристап кон железничка инфраструктура. Во делот на внатрешната пловидба се преземаат конкретни активности за реализација на меѓудржавна пловидба на Охридско Езеро со Република Албанија. Постигнат е напредок во делот воздушен сообраќај. Донесена е Националната стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија за периодот 2013-2018, како и повеќе подзаконски акти со кои се транспонира ЕУ легислатива и меѓународни стандарди**.** Во иднина се планира учество во развојните и технолошките програми на ЕУ ( пример: Програмата Сателитска навигација – ГАЛИЛЕО). Истото ќе значи развивање на стратешките и правните основи за користење на современата технологија во транспортот и транспортната инфраструктура.

Во делот на **енергетиката** ќе се спроведуваат мерки за обезбедување на сигурност во снабдувањето со сите видови на енергија и енергенси на потрошувачите. Ќе се спроведуваат активности за модернизација на постојната енергетска инфраструктура и изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и системи за пренос и дистрибуција на енергија и енергенси. Во оваа насока се очекува да се намали увозната зависност на земјата од поедини видови енергија и енергенси. Во делот на внатрешниот пазар на електрична енергија и природен гас се очекува да се спроведат утврдените чекори за либерализација на овие пазари обезбедувајќи можност сите потрошувачи да можат да изберат свој снабдувач на енергија. Почнувајќи од 1 јануари 2015 година сите потрошувачи, вклучувајќи ги и домаќинстава, ќе станат квалификувани потрошувачи со можност за избор на свој снабдувач. Во наредниот период се очекува транспонирање и имплементација на Третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија при што ќе се обезбеди поголема независност на операторите на преносните системи, ќе се зајакне улогата на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се воведат конкретни мерки за дефинирање на концептот на ранливи потрошувачи и поддршка на истите. Со ова се овозможува да се обезбеди поголема конкуренција во енергетскиот сектор преку зголемување на бројот на учесници на пазарите на енергија. Во делот на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија активностите ќе се фокусираат на постигнувањето на стратешките цели за заштеди на енергија и учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија. За таа цел, ќе се допрецизираат законските одредби во делот на енергетската ефикасност и ќе почнат да се спроведуваат енергетски контроли, како и ќе се утврдат механизми за финансиска поддршка за примена на енергетската ефикасност во секторот на јавни згради. Во делот на обновливите извори на енергија ќе се обезбеди поедноставување на административните постапки за изградба на електроцентрали кои користат обновливи извори на енергија. Во областа на радијациона сигурност и нуклеарна безбедност и понатаму ќе се врши усогласување на националното законодавство со новото законодавство на ЕУ со цел да се обезбеди поголема контрола на изворите на јонизирачко зрачење, заштита на населението и животната средина од изворите на јонизирачко зрачење.

Во однос на поглавјето ***оданочување,*** ќе продолжи анализата на усогласеноста постојните законски решенија за данок на додадена вредност *со Директивата 32006L0112* и другите релевантни ЕУ мерки, со цел на среднорочен план да се постигне целосна усогласеност. Се планира усогласување со директивите на ЕУ кои се однесуваат системот на акцизи (Директива 2008/118/ЕЗ), а се планира усогласување и со Директивата 32003L0096 за преструктуирање на рамката за оданочување на енергетски производи и електрична енергија, како и усогласување на стапките на акциза на тутунските добра и алкохолните пијалоци. Предвидено е усогласување на Законот за данок на добивка и Законот за персонален данок на доход со одредбите на релевантните ЕУ мерки. Ќе се работи на забрзување на процесот на потпишување на договорите за одбегнување на двојно оданочување со земјите на ЕУ и вон-европските земји, како и воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите членки на ЕУ и со други земји. Управата за јавни приходи и понатаму ќе биде насочена кон обезбедување на висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки, преку воведување на системи за управување со квилитет, спроведување на програми за едукација и овозможување на брз и лесен пристап до даночните информации, намалување на времето и трошоците на даночните постапки, воведување на нови и развој на постојните електронски даночни услуги и зголемување на степенот на нивното користење.

Подготовките во поглавјето ***економска монетарна унија*** се напреднати. Во натамошниот период НБРМ ќе продолжи да ја прилагодува оперативната рамка на монетарната политика во согласност со пазарните движења, како и со регулативата на ЕЦБ. Република Македонија се вбројува меѓу земјите со најниско ниво на државен долг споредено со земјите - членки на ЕУ и во следниот период движењето на државниот долг е планирано да се задржи во проектираните рамки, односно да има умерен раст кој нема да ја загрози одржливоста на јавните финансии.

Владата на РМ ја донесе фискалната стратегија за 2014-2016. Се подготви предлог Закон за финансиска дисциплина. Осмата Претпристапна економска програма за периодот 2014-2016 г. е во тек на изработка.

Подготовките во областа на ***статистика*** се напреднати. Државниот завод за статистика е посветен на обезбедувањето на услуги за висококвалитетни статистички информации во согласност со регулативите на ЕУ и меѓународните препораки. Прв приоритет во остварувањето на оваа цел е усогласувањето на националната правна рамка за статистика со законодавството на ЕУ. За зголемување на квалитетот на податоците посебно внимание се посветува на развојот на метаинформациските ситеми, заштитата на податоците од разоткривање, техничката поддршка за ефикасни процеси на статистичка продукција, олеснување на известувањето и подобрување на квалитетот на комуникацијата со известувачите и корисниците. Инциран е и процесот на усогласување на статистиката на системот за образование во Република Македонија со Меѓународната стандардна класификација на образованието - втора ревизија. Составувањето на годишните нефинансиски секторски сметки во процесот на примената на Европскиот систем на сметки, ЕСС 95 е исто така еден од приоритетите. Во септември 2014 година се очекува за прв пат да започне испраќањето на податоци до ЕВРОСТАТ согласно ЕСС 2010, па оттука спроведувањето на методологијата на ЕСС 2010 ќе биде голем предизвик за Државниот завод за статистика. Подобрувањето на кварталните податоци и податоците за регионалниот БДП се особено приоритетни. Од особено значење е унапредувањето на статистиките од областа на културата, здравствените статистики, статистиките за пазарот на трудот, а внимание ќе се посвети и на развојот на статистиките од областа на иновациите и социјалната заштита. ДЗС е посветен на обезбедување на податоци за животната средина, а се следат и спроведуваат европските регулативи за подготовка на статистики кои се соодветни за донесување на одлуки и планирања за земјоделството и руралниот развој во државата. Стратешка определба е и усогласување на статистиките од надлежност на НБРМ со меѓународните стандарди. Особено е важно натамошно воспоставување на статистика на финансиски сметки и статистика на хартии од вредност. Усогласувањето на статистиката за надворешна трговската размена продолжува постојано со воведување на Модулот за трговската размена според економските карактеристики на претпријатијата.

Во областа на ***социјална политика и вработување*** продолжува спроведувањето на активности за унапредување на законската регулатива и нејзино практично спроведување со цел подобрување на грижата и состојбата на ранливите категории на граѓани, унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, како и понатамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти. Планирано е значително зајакнување на човечките капацитети во Државниот инспекторат за труд, со цел подобрување на инспекцискиот надзор над спроведувањето на законската регулатива во делот на работните односи и безбедност и здравје при работа, а посебно внимание ќе се посвети на поддршка и јакнење на капацитетите на надлежните институции и социјални партнери во справувањето со непријавената работа. Продолжуваат активностите за понатамошно унапредување и зголемување на ефикасноста на социјалниот дијалог на сите нивоа и јакнење на капацитетите на социјалните партнери. И понатаму интензивно ќе се спроведуваат политики и активни програми и мерки насочени кон зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност, како и понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување. Во однос на подготовките за учество во Европскиот социјален фонд продолжува спроведувањето на активностите за програмирање на преостанатите алокации од Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013", подготовката на проекти и спроведување на постапките за набавка, вршењето на мониторинг на спроведувањето на проектите, како и понатамошно унапредување на институционалниот капацитет за управување и апсорпција на претпристапната помош и подготовка за новиот инструмент за претпристапна помош за периодот 2014-2020 (ИПА 2). Продолжува имплементацијата на програми и мерки за поттикнување на социјалното вклучување и подобрување на состојбата, услугите и грижата за ранливите категории на граѓани и континуираното јакнење на релевантните субјекти на национално и на локално ниво за планирање, реализација и мониторинг на политики и проекти од оваа област и мерки за обезбедување на поголема социјална заштита и социјална сигурност на семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик. Продолжува имплементација на активностите во согласност со стратешките и оперативни документи од областа на еднаквост и недискриминација. За остварување на приоритетите во овие области и во наредниот

период, покрај планираните национални ресурси, ќе продолжи да се обезбедува поддршка и преку повеќето проекти што се имплементираат во рамките на ИПА Компонентата 4.

Подготовките во поглавјето ***претпријатија и индистриска политика*** се напреднати. Создавањето на поволна деловна клима и поттикнувањето на конкурентноста на македонската индустрија се дел од клучните приоритети на политиките на Владата. Принципите на политиката на претпријатија ќе се реализираат преку постојано подобрување на деловната клима и дијалогот за создавање и водење бизнис, отстранување на административните бариери - регулаторната гилотина (РИА), едношалтерскиот систем, како и преку водење политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентноста на економијата базирана на знаење, иновации, привлекување странски инвестиции, развој на претприемништвото, соработка и извозна ориентација. Ќе се изврши усовршување на порталот на ЕНЕР и оптимизација на процесот на консултација на јавноста. Фокусот ќе биде насочен кон спроведувањето на стратешките документи од оваа област, како Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, Стратегијата за извозната промоција, Стратегијата за иновации и слично. Политиките и активностите за поддршка и развој на мали и средни претпријатија, ќе бидат преточени во нова Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2014-2020, а се планира и подготовка на нова среднорочна Агенда за општествена одговорност на претпријатијата. Во 2014 година се планира да почне со работа Фондот за иновации и технолошки развој кој ќе понуди директна поддршка на бизнис секторот за иновации. Во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемнишво, ќе продолжи поддршката на индустријата во развој на нов производ и развој на пазарот, а во делот за поддршка на кластерите, предвидени се мерки за поддршка и развој на кластерското здружување. Ќе продолжи да се спроведува Стратегијата за развој на туризмот и Стратегијата за развој на рурален туризам.

Постигнат е напредок во однос на развојот на транспортните и енергетските мрежи во Република Македонија. Подготовките во поглавјето ***транс-европските мрежи*** се напреднати. Постигнат е напредок во имплементација на проектите за изградба на патните и железничките делници долж Коридор VIII и X(Xd), кои се дел од мрежите на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО).Согласно приоритетите од Пристапното партнерство на Република Македонија со Европската комисија, Република Македонија продолжува со имплементацијата на Меморандумот за разбирање за развој на главната транспортна регионална мрежа на југоисточна Европа и активно учествува во регионалните иницијативи и соработка во рамките на СЕЕТО. Повеќегодишниот план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа (СЕЕТО) 2014 ќе се фокусира на имплементацијата на проектите за развој на СЕЕТО мрежата, како и на јасна приоритизација на инвестициските проекти за 2014 година. Се очекува преку механизмите на Регионалната Стратегија за Југоисточна Европа да се придонесе кон зголемување на ефективноста и ефикасноста на транспортната мрежа и систем на СЕЕТО, вклучувајќи ги патните и железничките делници долж Коридорите VIII и X во Република Македонија . Датумот за потпишување на Договорот за транспортна заедница се уште не е прецизиран од страна на Европската Комисија. Развојот на електропреносната мрежа кон соседните земји се одвива во континуитет согласно приоритетите утврдени во националната Стратегија за развој на енерегетиката на Република Македонија, Регионалната Стратегија за развој на енергетиката на Енергетската заедница како и новата регионална Стратегија на југоисточна Европа 2020. Република Македонија активно учествува во работните групи на Енергетската заедница и други иницијативи. Република Македонија вложува напори во гасификација на земјата, со што ќе се обезбеди поголема достапност на природниот гас на потрошувачите и ќе се придонесе за побрз и поголем економски развој на земјата.

Во однос на поглавјето **регионална политика и координација на структурни инструменти** во текот на 2014 година, во согласност со Програмата за работа, Владата на Република Македонија ќе продолжи да се залага за унапредување на развојот на сите региони во земјата. Рамномерниот регионален развој треба да помогне во создавањето на еднакви можности во сите региони во земјата со цел истите да можат да се интегрираат во економијата, подобрувајќи ја на тој начин нивната инфраструктура. Воедно, имајќи предвид дека ефикасното користење на претпристапната помош на Република Македонија значи поддршка при исполнувањето на критериумите за пристапување на патот кон полноправно членство во ЕУ, фокусот останува да биде врз максимална апсорпција на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), обезбедување соодветна, ефективна и ефикасна имплементација на проектите финансирани од ИПА, истовремено почитувајќи ги принципите на стабилно финансиско управување и соодветни контроли. Ќе се следат промените во Европското законодавство со цел утврдување на потребите од понатамошни измени во постојната релевантна правна рамка во областа на регионалниот развој. Ќе продолжи следењето на Акциските планови со цел

воведување на децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4 без „ex-ante“ одобрување од страна на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија. Градењето на административните капацитети на структурите на национално ниво одговорни за децентрализирано спроведување на ИПА е континуиран процес кој што се реализира во текот на целата година.
Во однос на програмирањето, во фокусот останува да биде остварување на висока стапка на искористеност на средствата од преостанатите алокации за ИПА Компонентите III и IV и висока стапка на исплатени средства од ИПА Компонентите III и IV. Во однос на мониторинг и оценувањето на проектите, во фокусот останува да биде континуирано јакнење на системот за следење и контрола на имплементацијата на Оперативните програми за сите ИПА компоненти.

Во делот на ***правосудство и човекови права*** започна примената на одредбите согласно кои судиите во основните судови се избираат само од редот на кандидатите-дипломци на Академијата за судии и јавни обвинители и за новите професионални услови за избор на судии во повисоките судови. Започна употребата на Методологијата за судска статистика. Активностите во делот на реформата правосудството ќе се насочат кон спроведување на Рамката за понатамошен развој на правосудството и подготовка на анализи за подобрување на системот за оценување и дисциплинска одговорност на судиите. Академијата за судии и јавни обвинители ќе ја започне теоретската обука за 5-та генерација кандидати, а паралелно ќе работи и на привлекување на нови кандидати. За имплементација на новиот Закон за кривична постапка ќе продолжи процесот на усогласување на законодавството и спроведувањето на континуирани обуки. Капацитеттитите на јавните обвинителства ќе се зајакнат со вработување на нови стручни соработници и избор на јавни обвинители. Беше воспоставена ефикасна Методологијата за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика во поедноставена форма. ДКСК ќе продолжи континуирано да ги проверува изјавите за судир на интереси и анкетните листови и преземаше мерки за надминување констатираните прекршувања на законските одредби. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата предвидува воведување на систем на интегритет и заштита на лицата кои пријавуваат корупција т.н. сигнализатори. Државниот завод за ревизија ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, како и ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за претстојните претседателски избори и ќе се зајакната човечките капацитети на ДЗР. Во рамките на затворската реформа предвидени се дополнителни вработувања на нов кадар и активности за градење на капацитетите на институциите кои го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица. Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за заштита на децата од улица и нивно вклучување во образовниот систем. Предвидени се измени на Законот за семејство во делот на злоупотреба и грубо занемарување на вршењето на родителските должности, а ќе биде донесен и Закон за превенција и заштита од семејно насилство. Ќе се реализираат 4 партиципативни форуми во насока на продлабочување на дијалогот за прашањата кои се однесуваат на припадниците на заедниците. Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за интегрирано образование преку реформи во предучилишното, основното и средното образование за обезбедување на инклузивност и интеркултурна средина за учење на сите деца. И во идниот период ќе се работи на подобрување на правичната застапеност на помалите заедници, особено кај Ромите и Турците, со посебен акцент на правична застапеност на високо ниво. Ќе биде усвоена нова Национална Стратегија за Ромите.

Активностите во поглавјето ***правда, слобода и безбедност*** континуирано бележат напредок. Ќе се преземаат мерки за унапредување на системот за азил, зајакнување на стратешкиот капацитет за управување со миграциските текови, како и мерки за сузбивање на злоупотребата на безвизниот режим. Во таа насока, се предвидува материјално и техничко опремување, како и кадровско зајакнување на Прифатниот центар за баратели на азил. Воспоставувањето на Интегрираната база за странци е во завршна фаза. Обврските преземени со Спогодбата за реадмисија помеѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица со незаконски престој континуирано ќе се исполнуваат. Со донесувањето на нов Закон за странци ќе се изврши делумно усогласување со Визниот кодекс на ЕУ. Во областа на граничното управување ќе започне спроведување на ИПА проект 2010 „ Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал”. Предвидено е и донесување на сеопфатна стратегија за развој на граничната полиција со акциски план. Посебен акцент ќе биде даден на зајакнување на административно-техничките капацитети на Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ) и на Мобилната единица. Се работи на подготовка на новата Стратегија за интегрирано гранично управување (ИГУ) заедно со соодветен акциски план. Завршена е втората фаза на проектот „Тетра” и започна спроведувањето на третата фаза.Ќе се назначи офицер за врска со ЕВРОПОЛ, а воедно ќе се зајакнат и капацитетите на Одделението за ЕВРОПОЛ со 2 извршители. Напорите ќе бидат насочени и кон воспоставување на Националниот координативниот центар за борба против организиран

криминал.Посебен фокус ќе биде даден на стратешкото планирање преку донесување Стратегија за компјутерска безбедност, Стратегија за дрога, Стратегија за управување со човечки ресурси во Министерството за внатрешни работи и др. Ќе се воспостави софтвер за водење евиденција на предметите за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја. Заклучно со 2015 година ќе продолжи спроведувањето на Националната стратегија за борба против тероризам.

Подготовките во поглавјето **наука и истражување** се на добар пат. Во рамки на политиката на истражување приоритети ќе бидат донесување и спроведување на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2014-2018 година, како и имплементацијата на Стратегијата за иновации 2012 – 2020. Република Македонија активно ќе ги имплементира мерките предвидени во Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан. По изразувањето интерес за учество на Република Македонија во новата програма за истражување и иновации Хоризонт 2020 и формирањето мрежа на национални контакт-лица за Хоризонт 2020, ќе се продолжи со промоција на можностите што ги нуди оваа програма и зголемување на учеството во Рамковната програма Хоризонт 2020. Република Македонија ќе продолжи со активности за интегрирање во Европската истражувачка област преку, соработка со Здружениот истражувачки центар на ЕУ, високите работни тела на ЕРА, преку развивање на билатералната и мултилатералната соработка и активности за поттикнување на мобилноста на истражувачите.

Во однос на поглавјето **образование и култура**, реформите се насочени кон зголемување на вклученоста на децата во предучилишно образование, намалување на осипувањето и раното напуштање на образованието и зголемување на бројот на високообразовните кадри преку подобрување на квалитетот на формалното, неформалното и неформалното образование и обука. Ефикасното вклучување во Еразмус+, Европа за граѓаните и Креативна Европа ќе овозможи поддршка на реформите со европска и поширока меѓународна соработка и мобилност. Регионалната соработка ќе придонесе за постигнување на одредниците за човечките ресурси на Стратегијата ЈИЕ 2020. Република Македонија ќе се вклучи во програмата Креативна Европа на ЕУ. Активностите во наредниот период се насочуваат кон зголемување на опфатот на децата во предучилишно образование, со фокус на руралните подрачја, натамошен развој и спроведување на Национална рамка на квалификации, што придонесува за поголема вработливост и мобилност на работната сила, спроведување на Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013–2020, Стратегијата за претприемачко образование 2013-2020, спроведување на Национална програма за високо образование и научно – истражувачка дејност 2014–2018 и унапредување на регионалната соработка согласно Стратегијата ЈИЕ 2020.

Во подрачјето хоризонтално законодавство од поглавјето ***животна средина***, ќе се изработи Национална Стратегија за животна средина и климатски промени. Ќе се спроведуваат активности за зајакнување на капацитетите за мониторинг и спроведување на законодавството на централно и локално ниво. Ќе се реализираат активности за подигнување на јавната свест за заштита на животната средина, како и за потикнување на истражувачки и развојни студии, програми и проекти. Во однос на *климатските промени*, ќе се работи на вградување на политиките за намалување на климатските промени во останатите секторски политики и прилагодување на најранливите сектори. Посебно внимание ќе се посвети на обуки за спроведување на прописите за одговорност за штета во животната средина. Ќе се настојува до 2015 година да се постигне договорот за клима кој би почнал да се спроведува од 2020 година. Република Македонија вложува напори да ја подобри состојбата на квалитетот на воздухот. Државата ги спроведува барањата на Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (CLRTAP) и нејзините Протоколи, како и директивите од ЕУ од ова подрачје. Во таа насока ќе се усогласи националната рамка со ЕУ мерките 31994L0063 и 32009L0126, а ќе се работи на имплементацијата на одредени мерки од Националната програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции и Националниот план за заштита на амбиентниот воздух. Ќе се преземат активности за заштита на амбиентниот воздух за град Скопје. Планирано е јакнење на административните капацитети на Одделението за мониторинг на квалитет на воздух при МЖСПП. Ќе продолжи понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на *управувањето со отпадот* преку донесување на нов Закон за управување со отпад и подзаконски акти, а ќе бидат преземени активности за вопоставување на интегриран систем за управување со отпад во различните региони на Република Македонија. Ќе продолжи понатамошното усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија во делот на *квалитетот на водата*. Ќе биде донесен „Закон за ратификација на Конвенција за заштита и употреба на прекугранични води и меѓународни езера". Акцентот ќе биде ставен на изградба на системи за третман на отпадни води,како и изработка на плански документи за управување со води. Во делот на *заштита на природата* на среден рок ќе се донесат измени на Законот за заштита на природата, како и сет на подзаконски акти во кои ќе се транспонираат релевантните ЕУ мерки од оваа област. Ќе бидат

донесени „Национална стратегија за заштита на биолошката разновидност со акционен план“, „Националната стратегија за заштита на природата“, а ќе продолжи и процесот за прогласување на заштитени подрачја. Во наредниот период треба да се донесе Закон за спречување и *контрола на индустриското загадување* согласно новата директива за инсуртиски емисии 32010L0075, и ќе се продолжи со постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи. Ќе продолжи усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската Унија во областа на *хемикалиите,* а ќе се работи и на надградувањето на интегрираниот регистар на хемикалии. Долгорочно ќе се развиваат активности за вмрежување со регионалните информативни точки за регистрација, оценување, одобрување и ограничување на хемиските супстанции. Клучни цели во подрачјето *генетски модифицирани организми* кои треба да се постигнат во следниот период се донесување на сет на правилници кои го уредуваат подрачјето на генетски модифицирани организми(ГМО*).* Целосна заштита од *бучавата* во животната средина ќе се постигне со воспоставување на систем на изработка и спроведување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава.

Политиката на ***заштита на потрошувачите*** има за цел градење на законодавна рамка за заштита на потрошувачите и нејзина ефективна примена во заштитата на правата на потрошувачите. Почнувајќи од септември 2014 година ќе започне имплементација на ИПА проект за хармонизација на законодавството и јакнење на капацитетите на полето на заштитата на потрошувачите. Континуирано ќе се спроведуваат активностите од Програмата за заштита на потрошувачи. Приоритети во областа на јавното здравство се подигање на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа, јакнење на примарната здравствена заштита и превентивата и воспоставување стабилен систем за финансирање на здравствената заштита за сите граѓани. Министерството за здравство е посебно фокусирано на зајакнување на човечкиот потенцијал во здравството преку стручната доедукација на здравствениот кадар во јавните здравствени установии и имплементација на специјализации и на стручни обуки во странство. Во континуитет се спроведува осовременување на медицинската опрема како и комплетната реконструкција на јавните здравствени установи.

Подготовките во поглавјето ***царинска унија*** се напреднати. Приоритетите и натаму ќе бидат насочени кон зачувување на финансиските интереси на Република Македонија, заштита на здравјето и животот на луѓето, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент и реализација на економските политики на Владата на Република Македонија. Ќе се постигне усогласеност со законодавството на ЕУ и поедноставување, олеснување и забрзување на царинските постапки, остварување на неопходните услови за интероперабилност и интерконекции со царинските ИТ системи на ЕУ, како и одржување и унапредување на воспоставените системи. Стратешки приоритети претставуваат инвестирањето во вработените, поедноставување и забрзување на економските активности, унапредување на капацитетите за контрола на примената на законите, унапредување на административната и логистичката поддршка.

Активностите во ***надворешни односи*** се насочени кон зајакнување на институционалните капацитети заради успешно учество на Република Македонија во развојната, хуманитарната и трговската политика на ЕУ. Во областа на заедничката трговска политика во 2014 година РМ ке претседава со ЦЕФТА , додека на среден рок ќе се вклучи во имплементацијата на ЦЕФТА 2006.Фокусот ќе биде насочен и кон примена на изменетите протоколи за потекло на стоките во договорите за слободна трговја со ЕУ, земјите ЕФТА и Република Турција. Во областа на билатералните договори со трети земји, ќе продолжи анализата и имплементација на договорите за трговска и економска соработка кои се веќе потпишани и влезени во сила, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Од аспект на развојната политика, во 2014 година се предвидува ратификацијата на Закон за спроведување на развојната политика. До 2015 година ќе биде подготвена и Стратегија за давање развојна помош, а ќе биде донесена и методологија за пресметување на дадената помош со механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош. Во областа на хуманитарната помош, предвидено е донесување на Националната стратегија за заштита и спасување за пеиодот 2014 -2018 и нов Закон за заштита и спасување согласно усвоената методологија за донесување на нова регулатива.

Република Македонија е добро напредната во областа на **надворешна, безбедносна и одбранбена политика.** Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на политичкиот дијалог со ЕУ, а ќе продолжи да се придружува кон декларациите и одлуките на ЕУ за воведување рестриктиви мерки. Република Македонија беше избрана за членка на Советот за човекови права за периодот 2014-2016 година, и ќе продолжи со активностите за членство во Аранжманот Васенар. Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации. Државата декларира сили како потенцијален придонес кон операциите на ЕУ кои ќе бидат прикажани во додатокот на Каталогот на сили на ЕУ 2013. Исто така, продолжи со учеството во EUFOR ALTHEA и се вклучи во Борбената група на ЕУ, ЕУ БГ 2014-2. Во рамките на подготовките за учество

во ЕУ БГ 2014-2 ќе учествува на бројни подготвителни обуки; ќе го продолжи учеството во EUFOR ALTHEA, како и придружувањето кон декларациите и спроведувањето на рестриктивните мерки воведени од страна на ЕУ.

Со цел изградба на систем кој ќе гарантира разумно користење на јавните средства и спречување неправилности, сомнежи за измами и корупција, зајакнувањето на ***финансиската контрола*** ќе продолжи развојот и примената на начелата за децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување на функционално независна внатрешна ревизија. Ќе биде дефинирана Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола (2014-2016). Ќе се работи на јакнење на капацитетите на Министерството за финансии, а ќе се посвети внимание на функционирањето на единиците за финансиски прашања во министерствата и урбаните средини. Ќе се преземат мерки за подготовка на национална сертификација на внатрешните ревизори. Државниот завод за ревизија ќе продолжи со активностите за унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија за изнаоѓање на формален механизам за преглед на поединечните ревизорски извештаи. Ревизорското тело ќе продолжи со проверка на ефективноста на функционирање на системите за управување и контрола на претпристапната помош од ЕУ во Република Македонија. Во согласност со новиот концепт на Законот за кривична постапка, Финансиската полиција ќе врши должности на правосудната полиција раководена од надлежен јавниот обвинител.

Република Македонија не очекува позначајни потешкотии со имплементацијата на правото на Европската Унија во поглавјето ***финансиски и буџетски одредби***. Приоритети во ова поглавје ќе биде унапредувањето на буџетскиот процес, преку јакнење на капацитетите за стратешко планирање, јакнење на капацитетите за макорекономски анализи и креирање на политиките, реализација на активности за јакнење на капацитетите за среднорочно планирање на централниот буџет и буџетите на локалните власти, како и ефикасно управување со јавните финансии. Ќе продолжи и методолошкото усогласување во имплементирањето на европскиот систем на сметки. На среден рок ќе се предвиди законска обврска за донесување на среднорочна рамка за трошење. Ќе се работи на воспоставување на оперативна структура за обезбедување целосна пресметка, собирање и контрола на сопствените ресурси и известување на ЕУ за спроведување на правилата за сопствени ресурси.

Во насока на подобрување на **административните структури и зајакнување на административните капацитети**, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, се продолжува со координација на процесот на реформа на јавната администрација. Ќе продолжи да се обезбедува развој на стручна, професионална, ефикасна, одговорна, транспарентна и сервисно ориентирана државна и јавна служба. Ќе се преземат низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, поточно: воведувањето на систем за управување со квалитет, според стандардот ИСО 9001 во државните институции, имплементацијата на Заедничката рамка за оценка во другите институции, и ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата за управување со човечки ресурси. Во насока на унапредување на административните капацитети, ќе се спроведуваат генерички и специјализирани обуки на државните и јавните службеници.

Ќе продолжи процесот на спроведувањето на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки ,следењето на реализацијата на Пристапното партнерство, координацијата и реализацијата на приоритетите од Пристапниот дијалог на високо ниво, како и реализацијата на НПАА. Посебно внимание ќе се посвети на координацијата на помошта од Европската инија и земјите членки, како и координацијата на другата странска помош, со цел да се обезбеди поддршка на реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Република Македонија во ЕУ. Се планира да продолжат активностите за подготовка на македонска верзија на acquis и на други документи од важност за процесот на европска интеграција. Раководејќи се од принципот на транспарентност и отчетност во работењето континуирано ќе се преземаат активности за информирање и комуникација со јавноста за сите аспекти на процесот на европска интеграција. Во насока на соодветно адресирање на потребите на јавноста, ќе се подготви Стратегија за информирање и комуникација со јавноста.

# I. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

***РЕЗИМЕ***

Во делот на *политички критериуми*, ќе се преземат напори со цел да се обезбеди висок степен на координација во Собранието, програмирање на работата на Собранието и унапредување на политичкиот дијалог. Работната група за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година ќе работи на адресирање на препораките од Извештајот. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе ги зајакнат своите активности и дебати за клучните приоритети од европската агенда на Република Македонија.

Во делот изборите, напорите ќе се фокусираат на ефикасна организација и спроведување на Претседателските избори 2014 година преку засилена едукација на изборните органи како и преку спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Ќе продолжат активностите за утврдување на методологија за проверка на избирачкиот список.

Владата ќе продолжи со неделното следење на обврските од ЕУ интеграцијата во рамки на претточка за статусот на процесот на ЕУ-интеграција и преку редовни тематски седници за прашања од европската агенда.

Ќе продолжат активностите за реализација на основните и специфичните цели на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011 – 2014 година, спроведувањето на политиките за рамномерен регионален развој, како и комплетирањето на процесот на фискалната децентрализација.

Со цел надминување на фрагментација на правната рамка за јавна администрација, како и унапредување на начелата на транспарентнос, независност и одговорност, предвидено е донесување на Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор. Ќе биде подготвен нов Закон за општата управна постапка во насока на подобрување на постојното законодавство и воспоставување на повеќе сервисно/граѓански ориентирана државна служба. .

Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017),а ќе бидат вложени напори и за подобрување на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител од страна на органите на државната управа.

Во делот на реформа на полиција, во тек е постапката за вработување на 400 полицајци. 319 кандидати успешно ја завршија основната обука за полицаец и во текот на 2014 година ќе бидат распоредени во службите на Министерството за внатрешни работи.

Согласно Рамката за натамошен развој на правосудството ќе се развие Акциски план со активности и буџетски импликации за реализација на приоритетите опфатени со рамката. Ќе се изготви Анализа за унапредување на системот за утврдување на дисциплинска одговорност на судиите и Анализа на тековниот систем на оценување на судиите согласно меѓународните стандарди и праксата на ЕСЧП од аспект на поставеноста и надлежноста на судскиот систем согласно Уставот.

Се воспостави ефикасна Методологија за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика во поедноставена форма. Државната комисија за спречување на корупцијата ќе продолжи со проверка на податоците во изјавите за судир на интереси и анкетните листови. Државниот завод за ревизија до крај на месец јуни 2014 година ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, како и ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за претстојните претседателски избори.

Во делот слободата на изразување/слобода на медиуми, се спроведуваше Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Ќе бидат вложени напори за повторно воспоставување на дијалогот со новинарите со цел да се адресираат преостанатите обврски, а кои се однесуваат на подобрување на професионалните стандарди на новинарите и новинарските работници, транспарентноста на владиното рекламирање, само- регулацијата итн. Во текот на 2014 година ќе бидат усвоени Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе продолжи и обучувањето на судиите надлежни да постапуваат во случаите на клевета и навреда, со цел примена на стандардите и судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Во делот на правата на немнозинските заедници, во Буџетот за 2014 година алоцирани се средства за спроведување на препораките содржани во Извештајот за состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Согласно праксата на одржување на работни состаноци за следење на Акцискиот план за инклузија на Роми и Роми бегалци, во текот на 2014 година ќе бидат одржани 2 средби.

Унапредувањето на односите и соработката со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка се меѓу клучните приоритети на надворешната политика на Република Македонија. Во фокусот на односите со

Република Бугарија е натамошното унапредување на политичкиот дијалог. Република Македонија и понатаму ќе настојува културолошките и идентитетските прашања, со меѓусебно почитување да ги претвори во елементи на зближување и поврзување.
Република Македонија ќе продолжи со проактивниот и иницијативен пристап за унапредување на добрососедските односи со Република Грција и интензивирање на билатералната соработка во сите области од заемен интерес. Во однос на решавањето на наметнатиот спор за името, Република Македонија ќе продолжи со конструктивниот *бона фиде* пристап и иницијативноста.

## 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

**Избори**
Државната изборна комисија (ДИК) успешно ги организираше и ги спроведе Локалните избори 2013 година. Работната група за проверка на избирачкиот список одржуваше редовни состаноци на кои се разгледувани прашањата за проверка на податоците во избирачкиот список. Со поддршка од ОБСЕ подготвена е предлог-методологија за проверка на избирачкиот список и анализа на меѓуинситуционаланата соработка на институциите, вклучени во процесот на размена на податоци за избирачкиот список.

ДИК, во текот на оваа година, ќе се фокусира на ефикасна организација и спроведување на Претседателските избори 2014 година преку засилена едукација на изборните органи како и преку спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Активностите вклучуваат: едукација на изборните органи преку континуирани обуки за изборниот процес, онлајн-обуки и семинари, надгледување на процесот на едукација на изборните органи, како и едукација и информирање на гласачите преку: брошури и информативни материјали, подготовка на видео-спотови, запознавање со изборниот процес на гласачите кои прв пат гласаат,,подготовка и дистрибуција на упатства за правата и обврските на овластените претставници на подносителите на листи, подготовка на информативни кампањи за предизборно информирање на граѓаните, развивање на континуирани обуки од областа на изборите за сите државни службеници во Република Македонија при вработување.

Покрај тоа, ДИК ќе спроведе и кампања за приближување на избирачкиот список до граѓаните? со цел тие да се поттикнат да вршат увид во избирачкиот список во текот на целата година. ДИК ќе спроведе анализа на бројот и квалитетот на извршените увиди и барањата за измени; ќе се поедностави процесот на вршење промени во избирачкиот список преку доставување на барања за промени по електронски пат, ќе се поедностави регистрацијата на привременото живеалиште во странство и регистрацијата на гласачите од дијаспората. Исто така, планирано е да се развие ГИС систем за регистрирање на избирачките места.

Една од приоритетните активности за 2014 година е целосното преземање на избирачкиот список од Државниот завод за статистика во ДИК. За таа цел ќе се изработи елаборат за преземање на избирачкиот список во ДИК со анализа на потребната опрема, човечките ресурси и набавка на соодветен софтвер.

Во однос на јакнењето на административните капацитети акцент ќе се стави на зајакнување на Секторот за избирачки список и отворање на подрачни одделенија на ДИК во секоја општина во Република Македонија. Дополнително ќе се пристапи и кон формирање правен сектор или одделение согласно препораките на ОДИХР и воочената потреба од страна на ДИК.

**Собрание**
Претседателот на Собранието на Република Македонија ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите на пратеничките групи со цел да се обезбеди висок степен на координација во Собранието, програмирање на работата на Собранието и унапредување на политичкиот дијалог. Согласно Правилникот за координација на Собранието, а во врска со предлог-законите на Владата на Република Македонија, на координативните средби ќе учествуваат определените претставници на Владата.

Покрај тоа, политичкиот дијалог ќе се фокусира и на обезбедување консензус за прашањата поврзани со спроведувањето на Охридскиот рамковен договор и функционирањето на Бадинтеровиот принцип.

Континуираното и ефикасно спроведување на Деловникот на Собранието останува главен приоритет.

Работната група за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година ќе работи на адресирање на препораките од Извештајот и тоа: подготовка и поднесување на предлози за изменување на соодветните закони, подзаконските акти, амандманите на Деловникот на Собранието, како и Етичкиот кодекс.

Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе ги зајакнат своите активности и дебати за клучните приоритети од европската агенда на Република Македонија, промовирањето на консензуален пристап и сеопфатна расправа за реализација на приоритетите од процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Функционалноста на Комитетот за односи меѓу заедниците ќе се одвива согласно постојните одредби од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците.

Собранието ќе им даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство, со обем и динамика во зависност од овластените предлагачи на закони.

Парламентарната соработка и дипломатија добиваат се позначајно место во процесот на европската интеграција. Преку меѓународната соработка и активностите на Претседателот на Собранието, на пратеничките групи за соработка со парламенти на одделни држави, како и на постојаните делегации во меѓународните организации ќе се унапредуваат и продлабочуваат билатералните односи со земјите од регионот и Европската унија.

Работните тела на Собранието ќе организираат надзорни и јавни расправи.

Буџетскиот совет во текот на 2014 година ќе продолжи со активности за зајакнување на финансиската самостојност на Собранието согласно надлежностите утврдени во Законот за собрание.

Парламентарниот институт ќе работи на зајакнување на законодавната и надзорната функција на Собранието, преку обезбедување навремени, објективни, независни и пристапни услуги на пратениците. Парламентарниот институт идентификуваше три цели за 2014 година: градење на угледот и капацитетите на Парламентарниот институт; додавање на вредност на законодавниот процес во Собранието и зголемување на учеството на граѓаните во работата на Собранието.

Собранието и во 2014 година ќе продолжи со определбата на континуирано зајакнување на административните капацитети на вработените во Службата на Собранието, врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа. Годишната програма за обука на државните службеници во Службата на Собранието за 2014 година ги содржи активностите кои ќе овозможат натамошно унапредување на надлежностите на Службата. со цел ефективно спроведување на стручните и други работи за потребите на Собранието, работните тела и пратениците и се во функција на остварување на стратешките приоритети на Собранието предвидени во Стратешкиот план на Собранието за 2014-2016 година.

**Влада**
Минатата година Владата на Република Македонија ја продлабочи посветеноста на реформските процеси поврзани со ЕУ преку започнувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво во март 2012 година. Врз основа на ова беше донесен Патоказ за реализација на договорените цели во април 2012 година и редовно се следеше степенот на негова реализација. Во духот на вклученоста, за патоказот и ревизијата на НПАА 2012 беше консултиран граѓанскиот сектор. По добивањето на Извештајот за остварениот напредок на Република Македонија во 2012 година, Владата во ноември 2012 година, со цел натамошно адресирање на целите од дијалогот донесе Акциски план за почеток на пристапните преговори меѓу Република Македонија и Европската унија.

Заради обезбедување на посветеност за континуирано следење на обврските кои произлегуваат од процесот на европска интеграција Владата и понатаму ќе ги започнува своите седници со претточка за статусот на процесот на ЕУ-интеграција и преку редовни тематски седници за прашања од европската агенда и исполнување на обврските што Република Македонија ги презема во насока на исполнување на критериумите од Копенхаген. Минатата година продолжија состаноците на ЕУ-координативните структури за следење на реализацијата на

обврските од ЕУ-интеграцијата преку редовните средби на Работниот комитет за европска интеграција и неговиот поткомитет. И во наредниот период овие две тела ќе продолжат на редовна основа да ја следат реализацијата на обврските од НПАА, ССА, ИПА итн.

**Спроведување на процес на децентрализација**

Во однос на натамошниот развој на локалната самоуправа ќе продолжат активностите за реализација на основните и специфичните цели на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011 – 2014 година. Во таа насока, Владата на Република Македонија ќе ја следи реализацијата на Програмата преку усвојување на годишниот извештај за 2013 година, претходно утврден од страна на Работната група за децентрализација. Согласно утврдените тесни грла во Извештајот за 2012 година[1] организирани се тематски тркалезни маси, каде се дебатираше за начинот за надминување на утврдените проблеми. Исто така, спроведено е анкетно истражување на задоволството на советниците и градоначалниците од реализацијата на активностите на Програмата во 2013 година. Наодите од истражувањето ќе бидат споредени со наодите од исто такво истражување кое е спроведено во 2012 година. Кон крајот на 2013 година ќе биде организирана годишна конференција за развојот на локалната самоуправа во Република Македонија. На конференцијата националните и локалните власти ќе разговараат и ќе се информираат за тековните и идните активности поврзани со развојните политики на национално ниво, кои имаат влијание или се поврзани со развојот на локалната самоуправа. Сите информации добиени преку наведените истражувачки алатки ќе бидат дел од годишниот извештај за 2013 година. На тој начин ќе се обезбеди интегриран пристап за следење на развојот на локалната самоуправа, идентификување на состојби и проблеми, како и информирање на пошироката јавност за степенот на развој на локалната самоуправа во Република Македонија.

Во 2014 година ќе продолжи спроведувањето на политиките за рамномерен регионален развој во функција на постигнување на долгорочните цели за намалување на диспаритетите во степенот на развиеност на планските региони и во рамки на регионите. Активностите за постигнување на утврдените цели ќе бидат финансирани од средства утврдени во Буџетот на Министерството за локална самоуправа, како и од средства на меѓународната донаторска заедница во Република Македонија. Распределбата на средствата за промовирање рамномерен регионален развој ќе се спроведе во согласност со Програмата за рамномерен регионален развој во 2014 година, донесена од Владата на Република Македонија. По спроведувањето на оценувањето на предлог-проектите од Комисијата која ја формира Министерот за локална самоуправа, Владата на Република Македонија ќе ги донесе следните акти:

- Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони;
- Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и
- Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата.

Во 2014 година, на ниво на плански региони ќе се подготват следните петгодишни плански документи за сите плански региони[2]. Програмите за развој на планските региони се плански документи, кои ги донесуваат советите за развој на планските региони, по претходно добиено мислење од Советот за регионален развој на Република Македонија[3].

Владата на Република Македонија во текот на 2013 година редовно го разгледуваше напредокот во наплатата на данокот на имот и мерките и активностите кои се преземаат за зајакнување на капацитетите за развивање на политики за финансирање на општините и финансиско управување. Планираниот раст на дотацијата од ДДВ за 2013 изнесува 4,5%, а се обезбедија нови приходи на општините од концесија на води за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија за општините од 25%, додека од надоместокот за користење на вода за сепарација на песок, чакал и камен од 50% за општините. Средствата од Централниот буџет наменети за финансирање на пренесените надлежности во образованието, културата и социјалната и детска заштита, се трансферираат редовно до општините, без нарушувања на редовните активности. Истите се распределуваат врз основа на утврдени транспарентни критериуми. Во 2013 година се утврдува пораст на учеството на локалните

[1] Кој треба да се усвои во декември 2013 година.
[2] Програма за развој на скопскиот плански регион; Програма за развој на североисточниот плански регион; Програма за развој на вардарскиот плански регион; Програма за развој на полошкиот плански регион; Програма за развој на источниот плански регион; Програма за развој на југоисточниот плански регион; Програма за развој на пелагонискиот плански регион.
[3] Претседавач на Советот за регионален развој е Заменик-претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања, во кој членуваат осум министри, осум градоначалници и претседателот на ЗЕЛС.

даноци во БДП за 2012 година од 1,6% односно за вкупните приходи од 6,5%. Во 2014 година се очекува да продолжи трендот на пораст на сопствените приходи и капацитетот за менаџирање на средствата, извршувањето на пренесените надлежности и управувањето со финансиските средства потребни за нивно извршување.

Во 2013 година сите општини во Република Македонија, освен Пласница, ги финансираат пренесените надлежности во образованието, културата и социјалната и детска заштита со блок-дотации, односно се во втора фаза од фискалната децентрализација. Ќе се продолжи со напорите за влез на оваа општина во втора фаза. Во текот на 2014 година Владата ќе продолжи со редовно следење на напредокот на наплата на сопствените приходи. Се очекува да продолжи стабилниот пораст на сопствените приходи на општините и капацитетот за менаџирање на средствата, извршувањето на изворните надлежности и управување со финансиските средства и другите ресурси потребни за нивно извршување.

Во следниот среднорочен период ќе продолжи јакнењето на капацитетите за развивање на политики за финансирање на општините, врз основа на подобрување на правната и институционална рамка. Како резултат на преземените мерки во општините се очекува стабилна наплата на даноците на имот и на другите сопствени приходи. Овие очекувања се резултат на утврдените активности за ажурирање на бројот на издадени даночни решенија, проверка на имотот кој е предмет на оданочување и спроведената повторна проценка на вредноста на имотот.

**Реформа на јавна администрација (види повеќе во IV. Јакнење на административни капацитети)**
Предвидено е донесување на Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор кои се во насока на подобрување на постапките за вработување, прекин на работниот однос, мобилноста во рамките на службата, како и надминување на фрагментацијата на законодавството од областа на државните и јавни службеници. Исто така, во текот на 2014 година, е предвидено донесување на нов Закон за општа управна постапка во насока на унапредување на правната рамка за управните постапки и надминување на утврдените слабости.

Ќе се следи правилното спроведување на постапките за статусот, правата обврските и одговорностите на државните и јавните службеници.

Ќе се реализира Програмата за поддршка на спроведувањето на Законот за општа управна постапка со цел подготовка на институциите за спроведување на новиот закон.

**Реформа на полиција**
Согласно воспоставената пракса, во првиот квартал од 2013 година, спроведен е процесот на оценување на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи (МВР).
Во септември 2013 година донесен е Акт за систематизација на работните места во Бирото за јавна безбедност.

Дополнително, донесена е хиерархиска листа на плати на вработените во Министерството.
Во насока на јакнење на капацитетите на Министерството, во октомври 2013 година, објавен е оглас за прием на 400 полицајци.

Во ноември 2013 година заврши дванаесетмесечната основна обука за полицаец, која успешно ја завршија 319 кандидати од вкупно пријавените 331. Кандидатите, кои успешно ја завршија обуката, во текот на 2014 година, ќе бидат распоредени во службите на Министерството.
Во текот на 2014 година, ќе биде изработена нова Стратегија за управување со човечки ресурси како и Стратегија за обука на вработените во МВР.
Вкупните средства одвоени во буџетот на Министерството за 2013 година изнесуваа 1.052.123.000, 00 МКД (17 милиони ЕУР).

**Граѓанско општество**
Со цел промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи континуирано се спроведува Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017). Истото ќе продолжи и во текот на 2014 година.

Се изврши Анализа на спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанските организации во процесот на креирање на политики. Согласно воспоставената пракса се објави повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготовката на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија.

Во известувачкиот период Комисијата за организации со статус од јавен интерес ги донесе сите акти[4] потребни за оперативност и зема учество на неколку работилници.

Континуирано се следеше постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата и органите на државната управа. Истото ќе продолжи и во текот на 2014 година.

Во првиот квартал од 2014 година, ќе се усвои Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Македонија за 2014 години.

**Правосуден систем (види во делот 3.23.1 Правосудство)**
Од 1.01.2013 година започна примената на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите[5], согласно кои судиите во основните судови се избираат само од редот на кандидатите-дипломци на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Додека од 01.07.2013 година започнаа да се применуваат одредбите кои се однесуваат на новите професионални услови за избор на судии во повисоките судови.

За понатамошно унапредување на независноста на судството, како и обезбедување ефикасен правосуден систем се подготви и усвои Рамка за натамошно спроведување на реформата на правосудството 2014-2017. Рамката ги дефинира идните приоритети за зајакнување на независноста, непристрасноста и ефикасноста во правосудството, подобрување на управното право, понатамошни реформи во кривичниот систем, развој на граѓанско-правниот систем, алтернативно решавање на спорови (медијација), пристап до правдата и унапредување на заштита на човековите права.

Во однос на V-та генерација слушатели на почетна обука во АСЈО,беа преземени чекори за привлекување на квалификувани кандидати**.** Почетната обука за петата генерација кандидати која ќе ја следат 13 кандидати,започна на 10.12.2013 година.

Новиот Закон за кривична постапка стапи во сила на 01.12.2013 година. За таа цел континуирано се спроведуваат обуки преку АСЈО при што спроведени се 25 напредни обуки за судии, обвинители, претставници од правосудната полиција и адвокати.

Од септември 2013 година започна имплементацијата на ИПА Проектот 2009 „Поддршка во имплементација на реформата на кривично правниот систем“, кој ќе придонесе за зајакнување на капацитетите на јавните обвинители и другите релевантни институции вклучени во спроведување на реформираното кривично законодавство.

Согласно Рамката за натамошен развој на правосудството ќе се развие Акциски план со активности и буџетски импликации за реализација на приоритетите опфатени со Рамката, а неговата реализација ќе се следи преку подготовка на Извештаи за статусот на реализација на приоритетите опфатени со Рамката за натамошен развој на правосудството.

До крајот на првото полугодие од 2014 година ќе се изготви Анализа за унапредување на системот за утврдување на дисциплинска одговорност на судиите согласно меѓународните стандарди и праксата на ЕСЧП од аспект на поставеноста и надлежноста на судскиот систем согласно Уставот на РМ, како и Анализа на тековниот систем на оценување на судиите согласно меѓународните стандарди и праксата на ЕСЧП од аспект на поставеноста и надлежноста на судскиот систем согласно Уставот на РМ, како и директната врска меѓу оценувањето и разрешувањето на судиите.

Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители ќе продолжат со избор на судии и јавни обвинители од кандидатите од АСЈО, Исто така, во ССРМ ќе се реализираат нови вработувања во стручната служба.

---

[4] Деловник за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, Образец на Барање за добивање статус на организација од јавен интерес и Листа на потребни документи за добивање статус на организација од јавен интерес.
[5] Службен весник на Република Македонија бр.150/10.

АСЈО ќе ја спроведе теоретска обука на 5-тата генерација слушатели на почетна обука.Покрај тоа ќе се интензивираат и активностите за привлекување на нови квалификувани кандидати, вклучувајќи засилени информативни кампањи, соработка со универзитетите во Република Македонија, како и објавување на нов јавен повик за аплицирање. Исто така, ќе се реализираат нови вработувања во стручната служба.

**Антикорупциска политика** ***(види во делот 3.23.2 Антикорупциска политика)***
Се воспостави ефикасна Методологијата за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика во поедноставена форма.

Во првиот, вториот и третиот квартал извршени се проверки на вкупно 356 изјави на интереси на судиите од Врховен суд, Апелационите судови, дел од основните судови, Управниот суд , Вишиот управен суд и Уставниот суд. Покренати се 20 прекршочни постапки поради неподнесена изјава за интерес, додека кај 2 предмети утврден е судир на интереси и поведена е постапка за надминување на состојбата на судир која е во тек.

Исто така извршена е проверка на поднесените изјави за интереси од ново избраните преставници на локалната власт при што ДКСК кај 181 службено лице констатира постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување судир на интереси од кои 100 лица ја отстраниле констатираната повреда согласно Законот за спречување судир на интереси.

До ДКСК доставени се вкупно 1856 анкетни листови од избрани и именувани лица, 1376 анкетни листови се поднесени по избор на функција, 403 анкетни листови по престанок на функција, 69 анкетни листови се поднесени за престанок на функција и повторен избор и 8 за промена на функција. Во наведениот период доставени се 142 известувања за промена на имот и имотната состојба. Заклучно со октомври 2013 година објавени се вкупно 3783 анкетни листови.

Државниот завод за ревизија согласно Законот за финансирање на политичките партии изврши ревизија на работењето на 40 политички партии и финансиска ревизија со ревизија на усогласеност на организаторите на изборните кампањи за Локалните избори од 2013 година кај 4 политички партии.

ДКСК ќе продолжи со проверка на податоците во изјавите за судир на интереси, преку подготовка и доставување на табеларен статистички преглед за проверка на изјавите за интереси согласно воспоставениот систем од страна на Европската комисија. Исто така ДКСК ќе доставува полугодишни извештаи кои ќе содржат информација за внесените податоци и ажурирањето на базата на податоци за изјави на интереси на избрани и именувани лица.

ДКСК во соработка со УЈП ќе изготвуваат и доставуваат табеларен статистички преглед за проверки на анкетни листови т.н. досие на случаи со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции за утврдени неправилности, како и испитување на имот и имотна состојба со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции согласно табелите доставени од Европската комисија.

Министерството за правда, ќе продолжи со имплементацијата на Методологијата за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика во поедноставена форма и во соработка со судовите, јавните обвинителства во РМ и МВР, ќе подготвува квартални статистички извештаи за случаи на типична корупција и висок профил на корупција.

Државниот завод за ревизија до крај на месец јуни 2014 година ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, како и ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за претстојните претседателски избори, согласно Изборниот законик.

## 1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА (види во делот 3.23.3 Фундаментални права)

Во делот слобода на изразување/слобода на медиуми, континуирано се спроведувани обуки за судиите од граѓанските оддели на судовите во Република Македонија, надлежни да постапуваат во соодветните случаи на клевета и навреда, како и за праксата на Европскиот суд за човекови права во врска со член 10 од Конвенцијата.

Праксата ќе продолжи и во текот на 2014 година, за кога е предвидено спроведување на 4 обуки на примената на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Изготвена е евиденција за примената на член 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) од страна на судиите и истата ќе се следи и во текот на 2014 година. Континуирано се спроведуваше Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Дополнително, се одвиваше усогласувањето на законодавството во областа на медиумите. Со оглед на комплексноста на оваа материја особено внимание беше посветено на транспарентноста и вклученоста во процесот. Регулацијата во доменот на медиумите и аудиовизуелните медиумски услуги е поделена во два посебни закони, односно Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои моментално се во собраниска постапка, во фаза на II читање. Советот за радиодифузија на Република Македонија континуирано го следеше почитувањето на одредбите од Законот за радиодифузна дејност од страна на радиодифузерите. Во овој период, забележан е висок степен на исполнување на обврската на радиодифузерите да и обезбедат на јавноста податоци за сопствениците и за изворите на финансирање во насока на обезбедување на транспарентноста на медиумската сопственост. Во делот на саморегулација се работи на формирање на Совет за етика во медиумите. Во текот на 2014, Министерството за информатичко општество и администрација ќе одржува редовни средби со здруженијата на новинари во насока на следење и поттикнување на воспоставувањето на саморегулаторниот механизам. Во рамки на Работната група за медиуми ќе се настојува да продолжи дијалогот во насока на дискутирање на преостанатите прашања и за таа цел ќе биде подготвен работен план за Работната група за медиуми за 2014 година кој ќе ги адресира преостанатите отворени прашања (транспарентност на владино рекламирање, работнички права на новинарите и пристапот на јавноста до објективно известување).

Во делот на заштита од дискриминација, Комисијата за заштита од дискриминација континуирано постапува по добиените претставки. Се преземаа активности за промовирање на ЛГБТ-правата и толеранцијата. Се очекува да се добие одобрување за МАТРА-проектот кој ќе биде спроведен од страна на Комисијата за заштита од дискриминација во соработка со НВОи и кој предвидува истражување за состојбата на ЛГБТ-популацијата и форуми за дискусија. Во тек е истрагата за нападот на ЛГБТ-центарот, извршен во јуни 2013 година. Министерството за внатрешни работи презема соодветни мерки и активности, а за истите писмено е известено Основното јавно обвинителство – Скопје, за запознавање и преземање мерки од нивна надлежност.

Се преземаа активности за унапредување на почитувањето и заштитата на заедниците. Се усвои Извештајот за анализа и разгледување на состојбата последователно со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор (ОРД), а во Буџетот 2014 се распределени 6.000.000,00 МКД за спроведување на препораките содржани во Извештајот. На истиот му претходеа конференции на кои беа дефинирани областите каде во следната декада од спроверувањето на ОРД треба да се посвети посебно внимание. Во насока на промовирање на меѓуетничките односи, согласно воспоставената пракса, ќе биде донесена Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2014 година. Од буџетот за 2014 година се планирани 10.000.000,00 денари за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи. Секретаријатот ќе се залага за помирување и уредување на статусот на сите учесници во конфликтот во 2001 година. Посебно внимание ќе се посвети на унапредување на правичната застапеност, употреба на јазиците, заштита на културното наследство и објектите од посебно значење за културното наследство на етничките заедници во Република Македонија. Ќе продолжи спроведувањето на планираните активности за унапредување и подобрување на состојбата и социјалната вклученост на Ромите во Република Македонија. Продолжи праксата на одржување на работни состаноци за следење на АП за вклученост на Роми и Роми-бегалци. Во текот на 2014 година ќе бидат одржани дополнителни 2 средби. Ќе продолжат заложбите за зголемување на државниот буџет наменет за Стратегијата/Декадата за Роми. Во поминатиот период се реализираа активности во насока на спроведување на Стратегијата за интегрирано образование кои ќе продолжат и во текот на 2014 година. Во насока на спречување на инциденти во средните училишта, главен акцент во 2013 година беше ставен на едукацијата и анимирањето на слободното време на учениците од основните и средните училишта. Агенцијата за остварување на правата на заедниците организираше 4 партиципативни форуми со цел продлабочување на дијалогот по однос на прашањата кои се однесуваат на припадниците на заедниците. 4 партиципативни форуми ќе бидат одржани и во текот на 2014 година. Ќе биде спроведена евалуација на постојната законска рамка во областа на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците со посебен осврт на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците застапени со помалку од 20%. Во текот на 2014 година ќе се работи на јакнење на капацитетот на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор, Агенцијата за остварување на правата на заедниците застапени со помалку од 20% и Одделението за спроведување на Стратегијата за Ромите во

МТСП. И во идниот период ќе се работи на подобрување на правичната застапеност на помалите заедници, особено кај Ромите и Турците, со посебен акцент на правичната застапеност на високо ниво.

## 1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Унапредувањето на односите и соработката со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка се меѓу клучните приоритети на надворешната политика на Република Македонија.

Во регионалната соработка фокусот ќе биде ставен на натамошно проактивно учество во Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), како и Конвенцијата за спроведување на законите во југоисточна Европса (СЕЛЕК)[6] односно Регионалниот СЕКИ-центар во Букурешт[7]. Македонското претседавање со ПСЈИЕ заврши во јуни 2013 и оттогаш во следниот едногодишен период Република Македонија ќе биде дел од Тројката заедно со актуелниот претседавач Република Романија и Република Албанија како следен претседавач. Во 2013 година Република Македонија претседаваше и со Комитетот на СЕЛЕК.

Република Македонија е седиште на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци во ЈИЕ (МАРРИ), со која и ќе претседава во периодот 2014-2015 година. Седиште во Република Македонија имаат и Здравствената мрежа на земјите од ЈИЕ (СЕЕХН), Секретаријатот на Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (НАЛАС), Постојаната работна група за регионален рурален развој (СВГ), при што Република Македонија има свои претставници и во Советот за регионална соработка и СЕКИ. Република Македонија има статус на набљудувач во Дунавскиот процес.

Република Македонија целосно го поддржува макрорегионалниот пристап на соработка промовиран од Европската унија и поднесе барање за вклучување во Јадранско-јонската макрорегионална стратегија, која е во фаза на подготовка во Европската комисија.

Во фокусот на односите со Република Бугарија е натамошното унапредување на политичкиот дијалог. Република Македонија ќе продолжи да настојува културолошките и идентитетските прашања, заеднички и со меѓусебно почитување да ги претвори во елементи на зближување и поврзување. По парламентарните избори во Бугарија, билатералните односи и Политичкиот дијалог на високо ниво бележат обновена динамика, со посетите на Претседателот на Бугарското национално собрание и на Министерот за надворешни работи на Република Македонија (по повод завршните состаноци на ПСЈИЕ во Охрид, во мај), заедничката неформална „мини“ владина седница предводена од двајцата премиери во Ќустендил (јули), како и средбите на премиерите и министрите за надворешни работи на маргините на меѓународни настани. На заедничката неформална „мини” владина седница беше постигната заемна принципиелна согласност за паралелно продолжување на разговорите за Договорот за пријателство, добрососедство и соработка и унапредување на севкупните билатерални односи преку реализација на серија практични проекти и иницијативи за соработка.

Поголемиот дел од текстот на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка е усогласен. Последната, петта, рунда разговори се одржа на 17 септември во Република Македонија. Отворени остануваат три прашања поврзани со почитувањето на принципот на немешање во внатрешните работи, дефиницијата на мандатот на Заедничката експертска комисија за историски и образовни прашања и на јазичната клаузула. Македонската страна останува подготвена за брзо затворање на договорот со решенија засновани на европските стандарди и вредности, вклучително и во однос на заемното почитување на историјата, суверенитетот, националниот и јазичен идентитет.

Македонската страна предложи повеќе проекти за соработка и иницијативи за натамошно интензивирање на билатералните односи и останува подготвена да ги реализира на полето на евроинтеграцијата, инфраструктурното поврзување, економската и трговска соработка, културната соработка, продлабочување на договорната рамка, прекуграничната соработка. Доставен е и предлог за одржување на официјална заедничка владина седница, која се очекува да се реализира во претстојниот период.

---

[6] Southeastern European Law Enforcement Convention – SELEC.
[7] South eastern European Cooperation Initiative (SECI).

Република Македонија ќе продолжи со проактивниот и иницијативен пристап за унапредување на добрососедските односи со Република Грција и интензивирање на билатералната соработка во сите области од заемен интерес. На иницијатива на македонската страна во изминатата година се реализираше посета на Атина на Заменик-претседателот на Владата за европски прашања и неколку средби на министрите за надворешни работи, а со цел да придонесат за подобрување на грчко-македонскиот политички дијалог. Република Македонија предложи повеќе конкретни проекти и иницијативи за интензивирање на соработката и зацврстување на заемната доверба - во областа на образование и науката, ЕУ-прашања, транспорт, комуникации, екологија, внатрешни работи, здравство, труд и социјална политика, проширување на договорната рамка во економската област, одржување на бизнис-форуми. Дел од овие иницијативи, кои почнаа да се реализираат се: експертски консултации за животна средина, за ЕУ прашања, за заедничка, безбедносна и одбранбена политика (ЗНБП), семинари за правото на ЕУ, а претстои и бизнис- форум и се очекува да се воспостави континуитет во соработката.

Во однос на решавањето на наметнатиот спор за името, Република Македонија ќе продолжи со конструктивниот *бона фиде* пристап и иницијативноста. На последниот предлог на Специјалниот пратеник на Генералното собрание (ГС) на Обединетите нации (ОН) од април 2013 година, македонската страна одговори дека неговиот пристап и идеи се добра основа за постигнување решение и се заложи за интензивирање на разговорите. Македонскиот премиер во јуни написмено му ги потврди на Грчкиот премиер заложбите за интензивирање на политичките разговори врз основа на идеите и видувањата на Специјалниот пратеник на ГС на ОН. Притоа, предложи двете страни да именуваат тимови со политички мандат предводени од премиерите кои ќе работат на итно и целосно политичко решение на разликата за името во рамките на мандатот на Специјалниот пратеник на ГС на ОН. Иницијативите на македонската страна Грчкиот премиер и овој пат написмено ги одби. По посетата на посредникот Нимиц на Атина и Скопје во септември и последната рунда разговори во Њујорк во октомври, може да се констатира дека заради грчките максималистички позиции и немање волја за надминување на проблемот, разговорите се практично доведени до ќорсокак.

Во фокусот на односите со Република Албанија ќе биде одржувањето континуитет на високото ниво на соработка и дијалог. Оваа година се одбележува 20-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи, а се реализираа бројни официјални и неофицијални средби и посети на високо и највисоко ниво. Значајно е отворањето на нов заеднички граничен премин Џепиште-Требиште, на Заедничкиот контакт-центар за полициска соработка на граничниот премин Ќафасан, отворањето на почесен конзулат на Република Македонија во Драч. Приоритет е интензивирањето на економската соработка, особено во областа на инфраструктурата, трговијата и туризмот, како и градежништвото, културната соработка и договорното регулирање на екстрадицијата. Исто така, ќе се операционализира Спогодбата за соработка во контекст на процесот на пристапување во ЕУ. Покрената е иницијатива од македонска страна за одржување на заедничка владина седница, што се очекува да се реализира во претстојниот период.

Во односите со Република Србија ќе се продолжи со високото ниво на соработка и дијалог. Оваа година се реализирани повеќе посети на високо и највисоко ниво, како и првата заедничка владина седница предводена од премиерите, во Белград. Започна да се реализира и Спогодбата за соработка во контекст на процесот на пристапување во ЕУ, при што претстои формирање работни групи и одржување експертски состаноци во областите земјоделство, енергетика, правда, политика на азил и труд и социјална политика, како и меѓу владините канцеларии за европска интеграција. Во претстојниот период се очекува продолжување на политичкиот дијалог на високо и највисоко ниво, одржување на втората заедничка владина седница, зајакнување на експертската соработка во контекст на евроинтеграцијата. Во фокусот и натаму ќе биде зајакнувањето и зголемувањето на вкупната трговска размена и стопанската соработка, преку почесто одржување бизнис-форуми и контакти меѓу стопанските комори.

Во фокусот на односите со Република Косово ќе биде одржувањето континуитет на конструктивниот и пријателски дијалог и натамошно интензивирање на соработката во разни области од заемен интерес. Во претходната година реализирани се повеќе посети и средби на високо ниво, при што беа потпишани и нови договори: за социјално осигурување, за соработка во областа на културата, за отворање на нов граничен премин "Белановце - Станчиќ", за соработка во областа на туризмот, за продлабочување на соработката во одбраната преку обуки и вежбовни активности. Покрената е иницијатива од македонска страна за одржување на заедничка владина седница, што се очекува да се реализира во претстојниот период. Се очекува продолжување со размената на посети на високо и највисоко ниво, како и потпишување на Договор за заемно поттикнување и

заштита на инвестиции, Меморандум за разбирање за доброволно враќање на граѓаните од Косово кои што се наоѓаат во Република Македонија како резултат на конфликтот од 1999 и Договор за потврдување на периодите на осигурување.

Билатералните односи и соработка со Република Хрватска ќе продолжат да се интензивираат. Стапи во сила билатералниот договор за евро-атлантско партнерство. Во текот на годината се остварени повеќе посети на високо и највиско ниво. Постои неискористен потенцијал за продлабочување на економската соработка и заедничка цел на двете земји во следните пет години е Хрватска да биде меѓу петте трговски партнери на Република Македонија. Исто така, постои потенцијал и потреба за зајакната соработка и трансфер на искуства од користењето на ЕУ-фондовите, како и во сферата на туризмот. Се очекува и продолжување на континуитетот на политичкиот дијалог и повеќе возвратни посети на високо и највисоко ниво.

Односите со Република Босна и Херцеговина ќе продолжат да се интензивираат. Оваа година се одбележува 20-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи, а се реализирани неколку министерски посети и средби, при што беа иновирани неколку договори: за правна помош во граѓански и кривични предмети, за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети и за екстрадиција. Утврден е простор за зголемување на трговската размена и на економската соработка преку почеста комуникација меѓу бизнис-заедниците. Претстојат политички консултации меѓу министерствата за надворешни работи и возвратни посети на високо ниво.

Билатералните односи и соработка со Република Црна Гора ќе продолжат да се зајакнуваат. Оваа година се реализирани неколку средби на министрите за надворешни работи, а се потпиша и договор за колокација на дипломатско-конзуларните претставништва. На македонска иницијатива, се поднесе трилатерална иницијатива за спроведување на ЕУ роаминг-цените и регулативата во Европската комисија (Македонија, Црна Гора, Србија), а се потпиша и трилатерална спогодба за соработка во областа на информациско–комуникациските технологии. Постои потреба за операционализација на Договорот за економска соработка меѓу владите на двете земји. Во претстојниот период се очекува реализирање на неколку возвратни посети на високо и највисоко ниво.

Во фокусот на односите со Република Турција ќе биде одржувањето на континуитетот на високото ниво на дијалог и соработка. Оваа година се бележат мноштво заемни посети и средби на високо и највисоко ниво (над 20), а склучени се и нови договори за соработка од областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето и во земјоделството. Од македонска страна покрената е иницијатива за одржување на заедничка владина седница, која се очекува да се реализира во наредниот период. Планирани се и возвратни посети на високо и највисоко ниво.

**Меѓународни обврски**

Република Македонија продолжи и понатаму целосно да соработува со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија. Нема тековни предмети пред Трибуналот кои се однесуваат на македонски државјани.

При склучувањето на билатералниот договор со САД за изземање на американските граѓани од надлежност на Меѓународниот кривичен суд Република Македонија ги имаше предвид насоките на ЕУ од септември 2002. Спогодбата е склучена на нереципрочна основа, односно се однесува само на државјаните на САД и не влијае врз обврските кои Република Македонија ги презеде со ратификацијата на Римскиот статут. Спогодбата не ја исклучува можноста на евентуалните извршители на кривични дела да им биде судено во Македонија или тие да бидат предадени на САД на натамошна постапка. Согласно насоките на ЕУ, со Спогодбата се предвидува можност за нејзино раскинување, по барање на една од страните-потписнички.

# II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

***РЕЗИМЕ***

Во 2013 година беше одржана макроекономска стабилност во земјата, со релативно ниско ниво на инфлација, како и ниско ниво на државен долг. Земјата на крајот на оваа година се очекува да оствари раст на бруто домашниот производ над проектираниот од 2% како резултат на пораст на бруто инвестициите и извозот кој е резултат на закрепнувањето на економијата во ЕУ која е главен трговски партнер на земјата. Освен тоа, беа зголемени странските директни инвестиции чиј износ за периодот јануари-септември е 183 милиони евра, односно 2,3% од БДП. Иако стапката на невработеност е сеуште висока, сепак според последните податоци на Државниот завод за статистика во 2013 година истата по период од речиси две декади се спушти под 30% и изнесува 28,8%.

Економијата како и квалитетот на економските и фискални политики добија позитивни оценки од меѓународните институции и рејтинг агенции. Активностите во наредниот период ќе бидат насочени кон натамошно подобрување на бизнис климата, инфраструктурата и човечкиот потенцијал со цел зголемување на инвестициите и конкурентноста на земјата.

Реалниот раст во 2014 година се очекува да биде 3,2% предводен главно од поттикнување на приватните и јавните инвестиции со продолжување на политиката на најниски даноци, добра бизнис клима како што е и посочено во извештајот на Дуинг бизнис, добра инфраструктура и квалитетна работна сила. Јавните капитални инвестиции ќе бидат пред се насочени кон големи инфраструктурни проекти пред се во патната, енергетската и комуналната инфраструктура, како и подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделстството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

Зголемениот број на извозни капацитети во економијата, на среден рок треба да резултира со натамошна диверзификација на извозот и подобрување на извозните перформанси, како продолжение на веќе започнатите промени во оваа насока. Ова ќе придонесе за намалување на трговскиот дефицит и поголема отпорност на економијата кон надворешни кризи.

Во наредниот период се очекува постепено забавување на инфлацијата која во 2014 е предвидено да изнесува 2,3%, а монетарната политика и во наредниот период ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Предвидениот економски раст се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на трудот и натамошно намалување на просечната стапка на невработеност на ниво од 28,7% во 2014 година.

Република Македонија продолжи со спроведување активности за подобрување на условите за влез и излез од пазарот преку скратување на роковите за судските постапки, воведување електронска продажба на стечајната маса, воведување електронско именување на стечајните постапки, воведување можност за спроведување план за реорганизација на должникот, овозможување транспарентност на стечајната постапка и воведување регистар на овластени стечајни управници. Продолжува спроведувањето и на мерките од втора, трета и четврта фаза на регулаторна гилотина, со кои се постигнува значително отстранување на голем административен товар, како и поедноставување на голем дел од постапките и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис.

Во областа на регулирањето на имотните права, донесен е Стратешко- деловен план на Агенцијата за катастар на недвижности за период 2013-2016 година. Главните стратешки приоритети се: воспоставен катастар на инфраструктурни објекти,воведена масовна проценка на недвижностите, воведување на Дигитална архива, воспоставен единствен интегриран ГКИС за целата територија на РМ, развој и имплементација на ВебГИС-Дистрибутивен систем, извршена дигитализација на катастарските планови за целата територија на РМ и изработка на детален гравиметриски премер за целата територија на РМ., воспсотавен графички регистер на градежно земјиште и гравички регистер за улици и куќни броеви.

Во сферата на спроведувањето на законите и договорите како клучен предуслов за подобрување на деловната средина, идните приоритети се во насока на зајакнување на независноста, непристрасноста и ефикасноста во

правосудството, подобрување на управното право, понатамошни реформи во кривичниот систем, развој на граѓанско-правниот систем, алтернативно решавање на спорови (медијација), пристап до правдата и унапредување на заштита на човековите права. Академијата за судии и јавни обвинители продолжува со реализација на континуирана обука од областа на европските и меѓународните стандарди и специјализирани обуки од областа на парничната постапка, трговското право и стечајното право.

Во наредниот среднорочен период продолжува реализацијата на активностите за зголемување на економскиот раст и вработеноста во земјата, преку динамично спроведување на економските реформи за подобрување на деловното окружување, зајакнување на конкурентноста на македонската економија, развојот на економската инфраструктура, како и инвестирање во образование и наука.

Продолжува спроведувањето активности за развојот на човечкиот капитал. Особено внимание ќе се посвети на зајакнување на системот за квалитет на сите нивоа на образование, зголемување на вработливоста на лицата со завршено средно и високо образование, зајакнување на системот за образование на возрасните и неформално образование, продлабочување на соработката на високообразовните институции со стопанството. Посебен акцент е ставен на високото образование за наставници, како и нивно континуирано образование и професионално усовршување.

Структурата на јавните финансии и понатаму се подобрува, преку намалување на учеството на непродуктивните расходи. Капиталните расходи ќе имаат приоритетно и доминантно значење во Буџетот за 2014 година. Во наредниот период се предвидени значајни инвестиции за подобрување на патната, железничката, енергетската и комуналната инфраструктура, како и за уредување на технолошките индустриски развојни зони во насока на зголемување на атрактивноста на Република Македонија како дестинација поволна за странски директни инвестиции.

Преку повеќе стратегии, политики и програми продолжува поддршката на малите и средни претпријатија, како двигатели на македонската економија и генератори на нови вработувања. Од особено значење ќе биде поддршката на развојот на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП, како и континуирано подобрување на пристапот до финансиски средства и поддршка на извозот.

Со цел зајакнување на дијалогот со бизнис–заедницата и подобрување на деловното окружување ќе продолжат да се спроведуваат започнатите, а ќе се реализираат и нови проекти и активности. Во соработка со Националниот совет за претприемништво и конкурентност ќе се креира нов сет на мерки за подобрување на конкурентноста на македонската економија. Со цел надминување на проблемите со кои се соочуваат компаниите при секојдневното работење, во 2014 година ќе се спроведе нов четврт циклус на посети на компании од страна на стручни владини тимови. Ќе продолжи спроведувањето на мерките и активностите од Стратегијата за иновации насочени кон зголемување на конкурентноста и поттикнување на економскиот развој заснован на знаење и иновации.

Во сферата на меѓународните трговски односи, во 2014 година Република Македонија ќе претседава со ЦЕФТА и со Поткомитетот за земјоделие, санитарни и фитосанитарни мерки како и со Работната група за услугите. Приоритети во претседавањето се следните: идна либерализација на трговијата со земјоделски производи и трговија со услугите; продлабочување на спроведувањето на ЦЕФТА за идно олеснување на трговијата; промовирање на регионалната соработка во политиката на конкуренцијата, правата на интелектуалната сопственост и јавните набавки и одржување на синергијата помеѓу спроведувањето на ЦЕФТА и Стратегијата на Југоисточна Европа 2020, во областа на интегрираниот раст.

## 2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

**1. Макроекономска стабилност**[8]

Макроекономската политика во 2014 година ќе продолжи да ги остварува стратешките определби за долгорочен и одржлив економски раст на земјата. Политиката ќе ги задржи макроекономската и финансиската стабилност и ќе ги зголеми конкурентноста на економијата, вработеноста и ќе ги подобри животниот стандард и квалитетот на живот на населението. Тоа ќе се постигне со унапредување на деловното окружување, водење на даночна и царинска политика за поддршка на развојот на економските субјекти, поттикнување на инвестициска активност и привлекување на странски директни инвестиции (СДИ), развој на човечкиот капитал и економската инфраструктура на земјата.

**Економска активност.** Во 2014 година се очекува зајакнување на глобалниот економски раст и позитивна стапка на раст во Европската Унија (ЕУ). Економскиот раст на Македонија во 2014 година е проектиран на ниво од 3,2%. Се предвидува умерено интензивирање на индустриското производство, кое е проектирано да забележи раст од 3,8%, главно како резултат на очекуваната динамика за раст на странската побарувачка. Градежништвото се очекува да оствари стапка на раст од 5% на реална основа, пред сè како резултат на планираните инфраструктурни проекти и инвестициите во Технолошко индустриските развојни зони и индустриските зони. Растот во земјоделството се предвидува да изнесува 3%, а услужниот сектор се очекува да забележи стапка на раст од 2,9%. Растот на Бруто домашниот производ (БДП), анализирано според расходната страна, се очекува да биде воден од домашната побарувачка. Проекцијата за раст на бруто инвестициите во 2014 година изнесува 7,5% на реална основа. Ваквата проекција се заснова на очекувањата за постепен раст на приватните инвестиции, придвижени главно од СДИ, и на предвиденото зголемување на јавните инвестиции. Во рамки на јавните инвестиции се планира реализација на крупни инвестициски проекти за подобрување на транспортната мрежа во земјата, подобрување на енергетската и комуналната инфраструктура, инвестиции за подобрување на условите во образовниот, социјалниот и здравствениот систем. Растот на личната потрошувачка во 2014 година се очекува да изнесува 2,4%, додека проекцијата за раст на јавната потрошувачка изнесува 0,6%. Предвидениот раст на странската побарувачка, е основа за интензивирање на растот на извозната активност на компаниите во Македонија. Покрај ова, значаен фактор за растот на извозот ќе биде и зголемувањето на вкупниот извозен потенцијал на земјата. Факт е дека бројот на извозни капацитети во економијата постепено расте и дел од постојните странски инвеститори го достигнаа предвидениот обем на работа, дел започнаа со производство и во следниот период се очекува да работат со полн капацитет. Ова позитивно ќе се одрази врз извозните перформанси и диверзификацијата на извозот и ќе резултира со позитивни промени на извозната структура и промени во однос на географската насоченост на извозот. Ваквата тенденција ја прави економијата пофлексибилна во однос на надворешните шокови во наредниот период. Во 2014 година извозот на стоки и услуги се очекува да оствари реален раст од 6,2%, а увозот се очекува да бележи раст од 5,6%.

**Инфлација.** Просечната годишна инфлација во периодот јануари- септември 2013 година изнесува 3,3%. Притоа, годишните стапки на инфлација во првиот квартал од 2013 година имаа опаѓачка динамика, во вториот квартал од годината оствари умерено забрзување главно под влијание на зголемените цени на храната и во третиот квартал повторно забави под влијание на цените на енергијата. Најзначаен придонес кон просечната инфлација имаат цените на храната (придонес од 1,7 процентни поени (п.п.)). Позначителен придонес имаат: цените на облека и обувки (0,5 п.п.), хигиена и здравје (0,4 п.п.) и цените на домување (0,3 п.п.). Просечната годишна стапка на инфлација во македонската економија во последниот квартал на 2013 година се очекува да продолжи да забавува. Следствено, стапката на инфлација во 2013 година се очекува да изнесува околу 2,8%. Во услови на оцени за негативен производствен јаз, инфлациски притисоци од страната на побарувачката не се очекуваат.

---

[8] Деловите кои се однесуваат на економската активност, пазарот на труд и јавните финансии опфаќаат проекции на Министерството за финансии, додека деловите за монетарната политика, инфлацијата и надворешниот сектор се проекции на Народната банка на Република Македонија.

Во 2014 година стапката на инфлација се очекува да забави и во просек да изнесува 2,3%. Растот на цените во 2014 година го одразува преносниот ефект од претходната година, како и очекуваните движења на дел од увозните цени и постепеното закрепнување на домашната побарувачка. Монетарната политика, како и досега, ќе биде насочена кон одржување на стабилноста на девизниот курс. Забавувањето на инфлацијата се очекува да продолжи и во 2015 година и да изнесува околу 2%. На среден рок, движењето на инфлацијата ќе биде под влијание на движењето на светските цени на основните производи, но и на динамиката на економската активност во домашната економија.

**Монетарна политика.** Макроекономските движења во македонската економија, како мала и отворена економија, се под големо влијание на глобалното окружување и посебно состојбите во ЕУ, како најзначаен трговски партнер. Макроекономските политики и во 2014 година ќе ги следат движењата во домашната економија и меѓународното окружување и навременото преземање мерки за одржување на макроекономската стабилност. Во овој контекст, монетарната политика и во 2014 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, Централната банка ќе биде насочена и кон натамошно одржување на финансиската стабилност.

**Пазар на труд.** Предвидениот економски раст во 2014 година се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на труд. Се очекува годишен раст на бројот на вработени од 2,5%, што ќе резултира со намалување на бројот на невработени за 2,1% во 2014 година. Зголемување на вработеноста се очекува и од растот на работната сила, која е проектирано да порасне за 0,4%. Ваквите движења имплицираат просечната стапка на вработеност во 2014 година да се зголеми на 41%, додека стапката на невработеност да се намали на 28,7%. Активното население во 2013 година се очекува да изнесува 57,4% од работоспособното население. Номиналниот раст на просечната бруто плата во 2014 година се очекува да изнесува 2,4%.

**Надворешен сектор.** Движењата во тековната сметка на билансот на плаќања на Република Македонија во 2013 година се во согласност со постепеното заздравување на економијата, при јакнење на позитивните ефекти од новите производствени капацитети врз вкупниот извоз, во услови на сѐ уште релативно слаба увозна побарувачка и солидни приливи на приватни трансфери. Согласно остварените движења и оценките до крајот на годината, дефицитот на тековната сметка за 2013 година се оценува на 3% од БДП, што би било непроменето ниво споредено со оствареното во претходната година.

Значителен позитивен ефект врз извозот во следниот период ќе има најавеното проширување на извозниот потенцијал на дел од извозно-ориентираните капацитети во земјата. Дел од новите приливи на СДИ во периодот на воспоставување на капацитетите се одразуваат со соодветен одраз на увозот на машини и опрема, што ќе доведе до проширување на трговскиот дефицит во 2014 година. Сепак, во следниот период, согласно очекуваното позначително зајакнување на извозниот потенцијал врз основа на странските инвестиции, се очекува да отпочне постепено стеснување на трговскиот дефицит. Од друга страна, по исцрпувањето на краткотрајните ефекти поврзани со неизвесноста во однос на кризата во евро-зоната, во однос на приватните трансфери (апроксимирани преку нето откупот на менувачкиот пазар), се очекува да дојде до забавување на нивното учество во БДП. Дефицитот на тековната сметка во 2014 година се очекува да се продлабочи на 4,6% од БДП. Во 2015 година негативното салдо на тековната сметка се очекува да достигне 5,7% од БДП Сепак, во 2016 година, дефицитот на тековната сметка би остварил забавување на 5,1% од БДП со оглед на тоа што очекуваното позначително стеснување на трговскиот дефицит го надминува ефектот од очекуваното забавување на приватните трансфери.

Проекцијата на салдото на тековната сметка на платниот биланс за периодот 2014- 2016 година е придружена со ризици, кои главно се поврзани со глобалниот амбиент. Евентуално послабата надворешна побарувачка може да има неповолни ефекти врз присуството на домашните извозници на странските пазари. Дополнително, и движењето на светските цени е придружено со неизвесност. Зголемениот број на извозни капацитети во економијата, на среден рок треба да резултира со натамошна диверзификација на извозот и подобрување на извозните перформанси, како продолжение на веќе започнатите промени во оваа насока.

Нето приливите на капиталната и финансиската сметка во периодот 2014- 2016 година се очекува да имаат постепен растечки тренд. Капиталните приливи во следниот период главно ќе произлезат од очекуваните СДИ, планираното надворешно задолжување на државата и очекувано задолжување на приватниот сектор. Растот на домашната економија, подобрувањето на глобалниот амбиент и стабилизирањето на глобалните финансиски пазари се очекува да придонесат за попозитивни перцепции кај инвеститорите. Следствено, СДИ постепено ќе

се зголемуваат, при што од 2,7% во 2013 година се очекува да достигнат 5% од БДП во 2016 година. Вкупните нето приливи на капиталната и финансиската сметка од 2% од БДП во 2013 година, се очекува да се зголемат на 4,8% од БДП во 2014 година и во следните две години да се одржуваат на ниво од околу 7% од БДП. Ризиците околу капиталните приливи се главно поврзани со можното пролонгирање на глобалното опоравување, што би резултирало со понатамошна воздржаност на инвеститорите. Проектираните движења во тековната и капитално-финансиската сметка се очекува да овозможат дополнителна акумулација на девизни резерви во следниот тригодишен период и понатамошно одржување на релативно стабилна и задоволителна покриеност на просечниот увоз на стоки и услуги од секоја наредна година. Ваквото ниво на девизни резерви обезбедува поддршка на Стратегијата на таргетирање на девизниот курс на денарот.

**Јавни финансии.** Успешното управување со јавните финансии останува приоритет и во 2014 година. Фискалната политика е во функција на зачувување на фискалната одржливост и поддршка на растот на македонската економија. Вака дефинираните цели на фискалната политика подразбираат натамошна строга контрола на јавните финансии и континуирано подобрување на квалитетот на јавните расходи преку зголемување на капиталните расходи.

Вкупните приходи на консолидираниот буџет за 2014 година се планираат на ниво од 158.243 милиони денари, а расходите се планирани на ниво од 176.514 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со буџетски дефицит во износ од 3,5% од БДП. Поддршката на домашната економија е повеќекратна и се реализира преку зголемување на инвестициите, субвенциите, пензиите, платите и социјалните надоместоци.

Приходите на консолидираниот Буџет за 2014 година се проектирани во услови на задржување на ниски и непроменети даночни стапки, за разлика од голем број европски земји кои консолидацијата на јавните финансии ја реализираат преку зголемување на оданочувањето. Даночните приходи се планирани во износ од 88.706 милиони денари, во рамки на кои најголемо учество имаат приходите по основ на данокот на додадена вредност, што соодветствува со очекуваниот раст на потрошувачката и порастот на увозот. Останатите даночни приходи се планирани врз основа на остварувањата во текот на 2013 година, а кај приходите по основ на царини вклучен е и ефектот од намалувањето на царините за увоз на стоки од ЕУ согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Останатите буџетски приходи ќе се остварат по основ на неданочни приходи (административни такси, концесии и други неданочни приходи) и капитални приходи (по основ на продажба на општествени станови и земјиште и по основ на планирана дивиденда од АД Македонски Телеком). Социјалните придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско и здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување се планирани во износ од 45.153 милиони денари.

Расходната страна на Буџетот е планирана во функција на поддршка на растот на македонската економија, подобрување на економската положба и животниот стандард на населението, пред сè на најранливите категории на граѓани (пензионерите и корисниците на социјални надоместоци), како и да ги зголеми инвестициите во инфраструктурни проекти. Ќе продолжи дисциплинираната буџетска потрошувачка, при што особено внимание ќе се посвети на рестриктивност и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци, за сметка на зголемување на инвестициите за капитални проекти за директна поддршка на стопанството.

Вкупните расходи во Буџетот за 2014 година се планирани во износ од 176.514 милиони денари, со тенденција за континуирано подобрување на нивната структура. Планираното ниво на капитални расходи за 2014 година е за 20% повисоко од планираните капитални расходи за 2013 година, со што нивното учество во вкупните расходи е зголемено на 12,7% во 2014 година од 11,3% претходната година. Тековните расходи планирани за 2014 година се повисоки за 4,9% во однос претходната година, што се должи на предвиденото зголемување на пензиите, платите на вработените во јавниот сектор, социјалните надоместоци и субвенциите во земјоделството.

Финансиските средства за проектираниот дефицит во 2014 година како и отплатата на обврските по основ на долг ќе се обезбедат од странски извори (преку поволни кредити од меѓународни финансиски институции наменети за финансирање на одделни проекти, како и заем за развојни политики од Светска банка наменет за буџетска поддршка), и од домашни извори (емисии на државни хартии од вредност), но ќе се искористат и средства од депозити акумулирани од претходната година. Во однос на задолжувањето на домашниот пазар, основна заложба и во наредниот период ќе биде зголемување на рочноста на издадените хартии од вредност. При што, се нагласува продолжувањето на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност, кое се состои од 2, 3 и 5 годишни државни обврзници, со издавање на 7 и 10 годишни државни обврзници.

**2. Слободно взаемно дејство на пазарните сили (приватизација)**

**Државни интервенции во економијата.** Економските активности во Република Македонија се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно взаемно дејство на понудата и побарувачката. Натамошниот процес на приватизација го опфаќа преструктуирањето на јавниот сектор („Македонски железници„, „Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор“, Јавно претпријатие „Македонија пат“, Јавно претпријтие „Македонска пошта“ и др.), со утврдување на можност за натамошна продажба на издвоени делови од нив, вклучително и продажбата на некои од дејностите, како и продажба на акции на државата или на „Фондот за пензиско и инвалидско осигурување“. Постапката за приватизацијата на четирите големи компании продолжува: АД ЕМО Охрид, АД ОХИС Скопје, АД Тутунски комбинат Прилеп и АД Еурокомпозит Прилеп. За АД Еурокомпозит Прилеп во август е објавен јавниот повик за продажба на акциите на државата, додека за АД ЕМО Охрид се подготвува нова постапка за продажба на акциите на државата и на „Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија“. За АД ОХИС Скопје беше објавен оглас за пројавување интерес на потенцијални инвеститори за акциите на државата во друштвото. Во случајот со АД Тутунски комбинат Прилеп се применува друга форма на инвестирање, преку утврдување странска компанија за стратешко партнерство. Во тек е подготовка на нов Закон за управување и располагање со државниот капитал со кој се регулира приватизацијата на државниот капитал.

**3. Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот**

Согласно Извештајот на Светска банка, Doing business 2014, Република Македонија е рангирана на второ место во Европа и седмо место на светско ниво во однос на показателот- започнување на бизнис. Во самиот извештај беше констатирано дека за регистрирање на бизнис неопходно е да се спроведат само две процедури: 1) нотаризација на поднесените прилози и 2) регистрација при Централниот регистар каде со решението за извршен упис постои можност за обезбедување на печат на друштвото.

Заради надминување на овие чекори и поедноставување на самата процедура за регистрација со измените и дополнувањата на Законот за трговските друштва и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица („Службен Весник на Република Македонија“ бр.70/2013) се предвиде исклучување на печатот од задолжителна употреба во правниот промет (при остварување на права пред надлежни органи и на официјалните документи), а исто така се воведе нова категорија на подносители „регистрационен агент“ со јавни овластувања за поднесување на пријави за упис на основање на ДОО, ДООЕЛ и ТП исклучиво во електронска форма преку Системот за е- регистрација. Во пракса веќе има значителни резултати од примената на новото законско решение за воведување на категоријата на подносители - регистрациони агенти, при што, од издавањето на првото овластување, август 2013 година заклучно со ноември 2013 година преку Системот за е-регистрација поднесени се 180 електронски пријави за упис на основање. Големината на бројката доаѓа до израз ако истата се спореди со бројот на пријави кои биле поднесени од пуштањето на Системот во употреба во 2011 година и кој изнесува само 20 пријави.

Во 2013 година вкупниот запишан основачки капитал за ново регистрираните трговски друштва изнесува:

- Домашен капитал во евра € 17.596.410,80 и во МКД 991.967.669,28;
- Странски капитал во евра € 6.975.044,73; во УСД 6.720,00 и во МКД 32.078.600,00

Откако започна да функционира па сè до 25.11.2013 година, вкупно, трговскиот регистар има извршено 64.521 уписи на основање, изменето 21.393 уписи, избришано 45.921 уписи, 612 исправки, 15.023 уписи на отворен стечај и 13.355 уписи на отворена ликвидација. Има вкупно 5.341 странски физички лица основачи на трговски друштва и 1.391 странски правни лица основачи на трговски друштва.

**Регулаторна реформа**

Надлежноста за следење и координација на проектите кои се однесуваат на регулаторната реформа ја презема Министерството за информатичко општество и администрација. Се спроведуваат мерките од втора, трета и четврта фаза на регулаторна гилотина, со кои се постигнува значително отстранување на голем административен товар, како и поедноставување на голем дел од постапките и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис. Активностите кои произлегуваат од Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа во Република Македонија се спроведуваат. Владата на Република Македонија во првата половина од 2013 година ги усвои Методологијата за проценка на влијание на регулативата (ПВР), Одлуката за

формата и содржината на Извештајот за ПВР, Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на ПВР и Методологијата за оценка на спроведување на регулативата. Се врши редовна проверка на сите предлог закони кои се доставуваат во Владина процедура, за тоа дали се објавуваат на Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Во текот на 2014 година ќе се изврши усовршување на порталот ЕНЕР и оптимизација на процесот на консултирање на јавноста.

Одржани се повеќе циклуси на обука и обука на обучувачи за ПВР на државни службеници во министерствата за спроведување на ПВР, оценка на спроведување на регулативата и непречено користење на ЕНЕР. Како дел од Програмата за работа на Владата за периодот 2011-2015 се иницираше проектот- „Регулаторна гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците за занаетчиите", со цел да се идентификуваат проблемите со кои се соочуваат занаетчиите при работењето. Кон крајот на август 2012 година, Владата ги разгледа барањата на занаетчиите и усвои сет од 20 прифатливи барања. За најголем дел од барањата надлежните институции преземаа активности за нивна реализација. Во идниот период се очекува да се измени законската регулатива која се однесува на работењето на занаетчиите, со што ќе се придонесе за намалување на трошоците и поедноставување на процедурите за вршење занаетчиска дејност.

**Излез од пазарот**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.166/2012) се предвидува бришење на субјекти на упис кои не ги потврдиле своите податоци при преносот на податоците од судовите во Единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, на субјекти на упис кои се водат како блокирани во Управата за јавни приходи и на субјекти на упис со утврден статус на неактивен субјект од страна на Управата за јавни приходи согласно критериумите определени во овој закон. Согласно ова законско решение заклучно со ноември 2013 година избришани се вкупно 4.272 субјекти на упис со непотврдени податоци во Единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр.79/13) со кој воведени се следните новини:

- се скратуваат роковите на судските постапки каде што учесник е стечајниот должник;
- се воведува електронска продажба на стечајната маса со ограничување на постапката за продажба најмногу до 90 дена и доколку не се изврши продажба, стечајната маса се дели помеѓу доверителите. Електронската продажба ќе се спроведува во системот на Е-стечај кој е лоциран во Централниот регистар, со што се обезбедува поголема транспарентност на продажбите;
- се воведува електронско именување на стечајните постапки со што се обезбедува рамномерно распоредување на стечајните предмети по стечајни управници. Со тоа се отстранува една од причините за долгото траење на стечајните постапки, бидејќи околу 10% од вкупниот број на стечајни управници водеа преку 50% од стечајните предмети;
- се воведува можност за спроведување план за реорганизација на должникот во претходна постапка. Планот за реорганизација ќе го спроведуваат стечајни управници кои имаат специјалистички познавања за план за реорганизација. Со оваа мерка ќе се зголеми примената на план за реорганизација како начин на решавање на инсолвентноста на должникот.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај се донесуваат подзаконски акти со кои:

- се заострува политиката на наградување и надоместување на трошоците во стечај (исплатата на наградата на стечајниот управник, се врши истовремено со исплатата на побарувањата на доверителите); трошоците што ги прави стечајниот управник ќе се делат пропорционално на сите стечајни предмети што тој ги води итн.;
- се овозможува транспарентност на стечајната постапка преку задолжително подготвување и доставување на месечни извештаи на стечајните управници кои ќе содржат задолжителни податоци за остварените приливи, одливи и состојба на стечајната маса и податоци за извршените работи во изминатиот месец;
- се дефинира формата и содржината на задолжителната табела (шема) на утврдени и оспорени побарувања;
- се воведуваат регистар на овластени стечајни управници, регистар на стечајни управници со специјалистички познавања за план за реорганизација, листи на стечајни управници по судови кои се определиле да водат стечајни постапки во поедини судови итн..

Во 1-то полугодие од 2013 година пазарот го напуштиле вкупно 1.653 трговски друштва, каде постапка за ликвидација или стечај траела 0,4 години (пет месеци), и оствариле просечно намирување на доверителите во висина од 64,81%.

| Ликвидирани трговски друштва во 1-во полугодие од 2013 год. | Доброволна ликвидација | Стечајни постапки кои поради немање имот истовремено се отвораат и заклучуваат | Заклучени стечајни постапки | Вкупно постапки |
|---|---|---|---|---|
| Број на предмети | 1067 | 543 | 43 | 1653 |
| Просечно времетраење по години | 0,42 | 0 | 2,88 | 0,40 |
| Просечно намирување на доверителите | 100% | 0 | 10,02 | 64,81 |

**4. Соодветен правен систем (регулирање на имотни права, спроведување на законите и договорите, и ефективност на судскиот систем во врска со економски прашања)**

**Регулирање на имотни права**

Во септември 2013 година Влада на Република Македонија на предлог на Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) го донесе Стратешко-деловниот план на АКН за период 2013-2016 година. Во април 2013 година се донесе нов Закон за катастар на недвижности со кој покрај постојните воведени се нови законски надлежности, и тоа АКН е надлежна и за воспоставување на Графичкиот регистар за градежно земјиште и Графичкиот регистар за улици и куќни броеви, како и за масовната проценка на недвижностите. Акцискиот план за спроведување на надлежностите на АКН е составен дел на стратешкиот документ.

Вкупната бројка на примени предмети во Центарот за катастар на недвижности - Скопје и подрачните одделенија за катастар на недвижности изнесува 845.983 предмети примени заклучно со октомври 2013 година, а бројот на нерешени изнесува 1.446 предмети. Услугата е-шалтер во моментот ја користат 415 корисници, од кои 125 нотари, 175 приватни геодетски фирми, 11 извршители, 9 (банки и др.) 73 општини и 5 министерства, 17 органи на државната управа при министерства, додека на услугата Е-кат шалтер приклучени се 355 корисници, од кои 163 нотари, 128 приватни геодетски фирми, 9 извршител , 50 општини 2 органи на државната управа при министерствата, 9 извршители и 3 други (банки).

АКН ја подобрува геодетската референтна инфраструктура и нејзино усогласување со современите меѓународни стандарди. Воспоставена е нова нивелманска мрежа од висока точност и основна гравиметриска мрежа на целата територија на Република Македонија.

Ажурирањето на векторизираните архивски оригинали на катастарските планови се одвива согласно Акцискиот план за дигитализација на катастарските планови. Со цел воспоставување на централизирана база на податоци направена е надградба на Е-кат системот со модул за графика. Во продукција ставени се 11 КО. Е-кат системот се надградува со модулот за инфраструктурните објекти. Целосна интеграција е планирана за април 2014 година.

Изработена е студија за воспоставување на скен центар и дигитализација на архивската документација од трајна вредност. Воведен е модулот за шалтерско скенирање при што започнато е скенирањето на влезните документи при прием на барањата во шалтерските одделенија за катастар на недвижности.

За дигиталниот ГКИС да биде ефикасен, сигурен и безбеден, АКН се насочи кон корисниците и кон институционалните капацитети. Во функција на понатамошна едукација на граѓаните АКН продолжува со зголемување на информираноста на граѓаните за дигитализација, воведувањето на катастарот на инфраструктурни објекти, регистрацијата на недвижностите како и информирање за новите услуги на АКН. Овие активности се поддржани преку медиумска кампања, едукативни брошури, флаери.

**Краткорочни планирани активности:**

- изработка на софтвер за HELP DESK - Грижа за корисници,- К3 2014 година;
- изработка на модел за масовна проценка на недвижностите,- К2 2014 година;
- изработка на Студија за воведување на регистарот на градежно земјиште во АКН,- К2 2014 година;

- извршен деталeн гравиметриски премер на целата територија на Република Македонија,- К4 2014 година;
- отпочнување со запишување/ евидентирање на инфраструктурните објекти,- К1 2014;
- дигитална архива– воспоставување на скен центар за скенирање на архивска граѓа од трајна вредност,- К4 2014 година;
- ажурирање на дигиталните катастарски планови,- К4 2014 година;
- интеграција на Интегриран систем за управување со ресурси (ERP) системот со е-кат системот- К4 2014 година;
- воведување на ERP,- К4 2014 година.

**Среднорочни приоритети за 2015-2016**

- Развој и спроведувасње на ВебГИС - Дистрибутивен систем на АКН ГеоПортал,- К1 2015 година;
- развој на софтвер на владиниот Гео-портал (НИПП),- К1 2015 година;
- отпочнување со скенирање на архивска граѓа од трајна вредност,- К4 2016 година;
- дигитализација на катастарските планови за цела територија на Република Македонија, -К4 2015 година;
- воспоставен графички регистар на градежно земјиште,- К1 2016 година;
- воведување во употреба на ETRS89 координатен систем,- К4 2016 година;
- усогласување на графичките податоци на катастарските планови со описните податоци преку воспоставен систем за контрола на квалитетот и верификација - К4 2015 година;
- воспоставен систем за управување со документација (ДМС),- К1 2016 година.

Финансиските средства за реализација на горенаведениот план се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, како и од кредитот на Светска банка за реализација на проектот „Катастар на недвижности и регистрација“.

| **За 2014 година (во 000 МКД и ЕУР)** | | | |
|---|---|---|---|
| **ред. број** | **Буџетска програма** | **износ МКД (во 000 денари)** | **износ ЕУР (во 000 ЕУР)** |
| 1. | Буџетска програма 10 | 12.500 | 203 |
| 2. | Буџетска програма 20 | 133.965 | 2.178 |
| 3. | Буџетска програма 22 | 7.000 | 114 |
| 4. | Буџетска програма 23 | 1,035 | 17 |
| 5. | Буџетска развојна програма 2А | 33.800 | 550 |
| 6. | Буџетска развојна програма 3А | 168.530 | 2.740 |
| 7. | Владина програма К2 | 200 | 3 |
| **Планирани за 2015-2016 година (во 000 МКД и ЕУР)** | | | |
| **ред. број** | **Буџетска програма** | **износ МКД (во 000 денари)** | **износ ЕУР (во 000 ЕУР)** |
| 1. | Буџетска програма 10 | 29.000 | 472 |
| 2. | Буџетска програма 20 | 392.000 | 6.374 |
| 3. | Буџетска програма 22 | 16.400 | 267 |
| 4. | Буџетска програма 23 | 8.350 | 136 |
| 5. | Буџетска развојна програма 2А | 74.800 | 1.216 |
| 6. | Буџетска развојна програма 3А | 253.434 | 4.121 |

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Програмата за институционален развој на АКН, НИПП- от, дигитални катастарски планови и Веб-ГИС надградбата на геодетската инфраструктура, вршењето на масовната проценка на недвижностите кои што се запишани во катастарот на недвижностите и воспоставувањето и управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште, администрирање со Регистарот за просторни единици и Графичкиот регистар за улици и куќни броеви се поддржани и со средства од проектот „Катастар на недвижности и регистрација“ дополнително финансирање со заем од Светската банка.
- Времетраење на проектот „Катастар на недвижности и регистрација“ дополнително финансирање- до 30 јуни 2015 година.
- АКН и во 2014 година планира да користи средства од ТАИЕХ програмата во областите од масовната проценка на недвижностите референтните геодетски мрежи, НИПП-от и управувањето со гео-информациските системи.

**Спроведување на законите и договорите**
Работна група составена од претставници од сите релевантни правосудни институции изготви Рамка за натамошно спроведување на реформата на правосудството 2014-2017 (усвоена на 03.09.2013 год. од Владата на Република Македонија) во која се опфатени идните приоритети за зајакнување на независноста, непристрасноста и ефикасноста во правосудството, подобрување на управното право, понатамошни реформи во кривичниот систем, развој на граѓанско-правниот систем, алтернативно решавање на спорови (медијација), пристап до правдата и унапредување на заштита на човековите права.

Во 2014 год. ќе продолжи систематско собирање, обработка и анализа на статистичките податоци согласно Методологијата за водење на унифицирана судска статистика. Ќе се следи и известува за работата на судовите и за заостанатите предмети во секој суд со преземање на мерки за намалување на евентуалннота заостанување на предмети, преку пополнување на Табелата за индикатор на ефикасност на работата на судовите. Судскиот Совет на Република Македонија во соработка со Врховниот суд, ќе доставува месечни извештаи за работата на судовите преку софтверската апликација, инсталирана во Судскиот совет, Врховниот суд и четирите апелациони судови.

Академијата за судии и јавни обвинители ќе продолжи со реализација на континуирана обука за судии и јавни обвинители, особено на теми кои се за спроведување на европските и меѓународните стандарди и специјализирани теми од областа на парничната постапка, трговското право и стечајното право.

Во подготовка е нов Закон за извршување за поефикасно спроведување и надградување на системот на извршување на правосилни и извршни исправи воведен во 2005 година.

За афирмирање на медијацијата, како алтернативен начин на решавање на споровите, зголемување на капацитетите и подигнување на свеста за можностите за нејзино користење во Република Македонија, изработен е комплетно нов Закон за медијација кој е во собраниска процедура. Во третиот квартал од 2014 година ќе се донесе Програма за развој на медијацијата за период 2014-2017 со мерки за унапредување и обезбедување на ефикасна медијација во Република Македонија.

## 5. Доволно развиен финансиски сектор

**Банкарски сектор**
Банките имаат доминантна улога во рамките на целиот финансиски систем со околу 90% во вкупната актива. Банкарскиот систем ја задржа својата стабилност и сигурност, одржувајќи висока и стабилна ликвидност и солвентност. Заклучно со ноември 2013 година банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваат 16 банки. Во сопственичката структура преовладува странскиот капитал, пред сè од земјите од ЕУ. За разлика од повеќето земји-членки на ЕУ, каде се забележува пад на степенот на финансиското посредување во последните неколку години, придонесот на активностите на македонскиот банкарски систем во БДП расте.

На крајот на септември 2013 година, вкупната актива изнесуваше 362.948 милиони денари (5,9 милијарди евра) и таа оствари годишен раст од 7%. Тоа означува забрзување на растот и изедначување со стапката на годишен раст остварена на средината на 2012 година. На годишна основа кредитната активност се зголеми (за 4,6%), но со побавно темпо. Носител на растот се кредитите на секторот „домаќинства" и кредитите во денари. Во следниот период може да се очекува забрзување на кредитниот раст, поаѓајќи од очекувањата за солиден раст на основниот извор на финансирање на банките (депозитите) и подобрените согледувања за ризик, во услови на натамошно економско закрепнување, особено на домашен план. Придонес во оваа насока се очекува да имаат и мерките на Народната банка за стимулирање на кредитирањето преку олеснување кај монетарната политика и пруденртната регулатива. Растот на депозитите на нефинансиските субјекти забрза, и на крајот на септември 2013 година годишната стапка на раст на депозитите изнесуваше 6%. Нивниот раст се должи на депозитите и од двата сектора (и претпријатија и домаќинства), а од аспект на валутата пред сè на депозитите во денари. Интензивирањето на денарското штедење е проследено со забрзан раст на денарското кредитирање, што придонесе за продолжување на т.н. денаризација на билансите на банките.

Во 2013 година забави растот на нефункционалните кредити на нефинансиските субјекти, при што годишната стапка на раст на крајот на септември изнесуваше 12,9% (што е на ниво на растот за 2011 година). Забавениот раст на нефункционалните кредити овозможи намалување на нивното учеството во вкупните кредити во однос

на претходните два квартала, кое на крајот на септември 2013 година изнесуваше 11,8%. Промените кај нефункционалните кредити главно произлегуваат од корпоративниот сектор, така што и забавувањето на нивниот раст во третиот квартал од година произлезе од корпоративниот сектор и може да се објасни со позитивните придвижувања во домашната економија во претходните четири квартали, а пред сè посилниот раст на економската активност во првиот и вториот квартал годинава. Очекувањата дека економијата ќе се задржи во зоната на солиден годишен раст даваат основа да се претпостави дека натамошното забрзување на растот на нефункционалните кредити кај корпоративниот сектор е исцрпено во значителна мера, имајќи ја предвид и поддршката од банките на некои кредитокорисници од овој сектор, за олеснување на кредитниот товар, во согласност со нивната моментална отежната финансиска состојба. Растот на нето-каматниот приход и падот на оперативните трошоци се најзначајните причинители за подобрувањето на профитабилноста и ефикасноста на банките. Добивката на банкарскиот систем остварена во првите девет месеци од 2013 година изнесува 1.187 милиони денари и е речиси двојно поголема од таа остварена во истиот период од претходната година. Повратот на активата и на капиталот на 30.09.2013 година изнесуваат 0,4% и 3,9%, соодветно. Се подобрува оперативната ефикасност на банкарскиот систем, следено преку намалувањето на стапката трошоци/приходи, која на 30.9.2013 година изнесуваше 59,8% и е пониска за 5,4 п.п. во однос на истиот период од 2012 година.

Банките одржуваат висока ликвидност, гледано пред сè преку обемот на ликвидната актива, којашто покрива голем дел од депозитите на домаќинствата (или 61% на 30.9.2013) и од краткорочните обврски (или 55,9% на 30.9.2013) на банките. Стрес-тестовите покажуваат дека банкарскиот систем е отпорен на симулираните ликвидносни шокови. Солвентноста на банкарскиот систем е висока и стабилна. Стапката на адекватност на капиталот на крајот на јуни 2013 година изнесуваше 17,3%, а стапката Тиер 1 изнесуваше 14,7%. Стапката на задолженост, пресметана како соодност помеѓу збирот од капиталот и резервите и збирот од билансната и вонбилансната актива, изнесува 9,6%. Банкарскиот систем е отпорен на шокови што е потврдено и со извршеното стрес-тестирање.

**Пазар на осигурување**

Осигурителниот пазар во Република Македонија се карактеризира со мало учество во финансискиот систем. Во 2012 година, средствата на друштвата за осигурување претставуваат 3,3% во однос на вкупните средства на финансискиот сектор. Податоците за нивото на пенетрација на осигурувањето во 2012 година покажуваат дека вкупната бруто полисирана премија (БПП) во земјата учествува со 1,52% во БДП, додека степенот на густина изнесува 3.401 денари по жител, што е на нивото во земјите од Југоисточна Европа. Во третиот квартал од 2013 година на пазарот на осигурување во Република Македонија активно работат 15 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 4 осигурување на живот. Во овој период има 24осигурително брокерски друштва . Има 10 друштваза застапување кои делуваат на пазарот.

Согласно податоците добиени од страна на друштвата за осигурување при редовното известување до Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), во третиот квартал од 2013 година остварена е БПП во вкупен износ од 5,52 милијарди денари, што претставува пораст од 4,25% во однос на БПП остварена во К3 2012 година (К3 2012: 5,29 милијарди денари).

Позитивниот тренд е присутен во двата сегменти на осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 5,05 милијарди денари (К3 2012: 4,92 милијарди денари), или истата изнесува 91,55% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 2,59% во однос на истиот период од минатата година.

Во делот за осигурување на живот, што претставува 8,45% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, е остварена БПП во износ од 466 милиони денари (К3 2012: 369 милиони денари), што претставува пораст од 26,27%. Во Графикон бр.1 е прикажан трендот на бруто полисираната премија од 2005-2012 година.Во К32013 година е остварена премија по однос на активно реосигурување во износ од 3,42милиони денари (К3 2012: 4,98милиони денари).

Графикон бр.1: Тренд на бруто полисирана премија




Во рамки на одделните класи на осигурување нема забележителни отстапувања во однос на структурата на вкупната БПП, со тоа што како и досега најзначајна категорија е задолжителното осигурување од автоодговорност (АО) со 46,44% (К3 2012: 47,02%), осигурување на имоти со 19,96% (К3 2012: 20,88%), доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) со 9,78% (К3 2012: 10,47%) и осигурувањето од незгода со 7,76% (К3 2012: 7,61%).

Во овие категории позначаен пораст на БПП бележи осигурувањето на живот од 26,27% со БПП 466,64 милиони денари, осигурувањето од незгода од 6,29% со БПП 428,67 милиони денари, осигурувањето од автоодговорност-АО од 2,96% со БПП 2,56 милијарди денари и осигурувањето од туристичка помош од 9,24% со БПП 126,20 милиони денари. Кај позначајните класи на осигурување се забележува пад кај осигурувањето на моторни возила (каско) од 2,60% со БПП 540,34милиони и осигурувањето на имот од 0,37% со БПП 1,10 милијарди денари.

Во текот на К3 2013 година склучени се 837.065договори при што се забележува пораст од 6,42% во однос на К3 2012 година кога беа склучени 786.543договори. По класи на осигурување значен пораст од 14,77% бележи бројот на договори во класата на осигурување на живот, потоа следи осигурувањето на имот со 9,61%, осигурувањето од незгода со 7,43%, АО со 4,87% и туристичка помош со 4,98%. Падот на склучените договори за осигурување на моторни возила (каско) е 13,17% што е во корелација со остварениот пад на БПП во оваа класа на осигурување.

Друштвата за осигурување во К32013 година исплатиле бруто-износ на штети од 2,10 милијарда денари. Во споредба со К3 2012 година бруто исплатените штети бележат пад од 4,59% (К3 2012: 2,20милијарди денари).

Во третиотквартал на 2013 година, 6 друштва го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување.Учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 16,39% (К3 2012: 18,04%), Евролинк со 12,66% (К3 2012: 12,68%), Винер со 10,91% (К3 2012: 10,49%), Осигурување Македонија со 10,81% (К3 2012: 11,25%), Сава со 10,52% (К3 2012: 11,17%) и Уника со 10,08% (К3 2012: 7,55%). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроациа живот со 44,47% (К3 2012: 43,71%) и Граве со 42,93% (К3 2012: 46,17%).

Друштвата за осигурување, продажбата на полиси ја вршат преку канали на продажба со чија помош ја унапредуваат продажбата. Од дозволените дистрибутивни канали, во текот на третиот квартал од 2013 година, најголемо учество во вкупната БПП зазема директната продажба со 50,06%, потоа следи продажбата преку осигурително брокерски друштва со 22,39%, продажбата преку агенти-физички лица со 18,29%, продажба преку друштва за застапување во осигурување со 5,70% и 3,56% преку останати дистрибутивни канали.

Согласно Законот за супервизија на осигурување, друштвата треба да ја одржуваат вредноста на капиталот барем во висина на потребното ниво на маргината на солвентност. Според доставените податоци до Агенцијата, на крајот на третиот квартал од 2013 година, вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 4,57милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на

осигурителниот сектор изнесува 1,16 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,06милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 97 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е за 4 пати над нивото на маргината на солвентност.

Со состојба на 30.09.2013 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 5,53милијарди денари и покриваа 103,95% од техничките резерви кај овие друштва. Додека пак, кај друштвата за осигурување на живот, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките на 30.09.2013 година изнесуваат 1,46 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 104,44%.

Во К3 2013 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во хартии од вредност издадени од Република Македонија (52,08%), банки (43,92%), акции (1,16%) и во други финансиски инструменти (2,84%).

Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ја покриваат математичката резерва ги пласираа во хартии од вредност издадени од Република Македонија (72,44%), банки (25,88%) и во други финансиски инструменти (1,68%).

**Пазар на капитал**

**Примарен пазар на капитал**

Во текот на периодот јануари-октомври 2013 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (КХВРМ) издаде 6 (шест) одобренија за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда, во вкупна вредност од 121.308.372 денари или нешто помалку од 2 милиони евра. Во наведениот период, КХВРМ одобри и 2 (две) продажби на сопствени акции. Едните беа веќе издадени од акционерскио друштво од стопанството, чија продажба се реализира по пат на приватна понуда на однапред утврдени познати купувачи-нови инвеститори во друштвото, додека вторите беа веќе издадени од банка и нивната продажба се реалзира по пат на јавна понуда преку АД Македонската берза  Скопје. Во март 2013 година, КХВРМ ја утврди за успешна понудата за откуп на акции издадени од Акционерското друштво за осигурување и реосигурување КЈУБИ Македонија Скопје, дадена од Виена Иншуренс Груп АГ Винер Ферзихерунг Групе, Република Австрија.со што се стекна со вкупно 666.496 обични акции кои обезбедуваат учество од 92,89635% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од Акционерското друштво за осигурување и реосигурување КЈУБИ Македонија Скопје. Во мај 2013 година, КХВРМ ја утврди за успешна понудата за откуп на акции издадени од Фабрика Карпош АД Скопје дадена од Градежен институт Македонија АД Скопје. Врз основа на оваа понуда, понудувачот Градежен институт Македонија АД Скопје се стекна со вкупно 85.679 обични акции, кои му обезбедуваат учество од 28,64 % од акциите со право на глас издадени од Фабрика Карпош АД Скопје.

**Секундарен пазар на капитал**

Во периодот јануари-октомври 2013 година на секундарниот пазар на капитал во Република Македонија функционираат вкупно 13 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 9 брокерски куќи и 4 овластени банки за работа со хартии од вредност. Во периодот од јануари-октомври 2013 година, вкупниот промет остварен на Македонската берза изнесуваше околу 800 милиони денари или нешто помалку 13 милиони евра. Заради изменувањето и дополнувањето на Законот за хартии од вредност со која се воведе обврска за задолжителна котација на акционерските друштва кои не котираат на берза, а кои имаат капитал од повеќе од 1 милион евра и над 50 акционери, бројот на котирани компании на официјалниот пазар на Македонската берза до крајот на октомври 2013 година изнесува 115 и нивната вкупна пазарна капитализација на 31 октомври 2013 година изнесувала 107.072.040.074 денари или околу 1,74 милијарди евра. Берзанскиот индекс МБИ10 на 31.10.2013 година изнесувал 1.602,37 индексни поени. Во наведениот период на пазарот на капитал во Република Македонија функционираат 4 друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со 10 отворени инвестициски фондови. На 31.10.2013 година нето вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови изнесувала вкупно 719.210.784,96 денари, односно околу 11.69 милиони евра.

**Лизинг**

На 31.08.2013 година на пазарот на финансиски лизинг во Република Македонија постојат 10 лиценцирани лизинг друштва од кои 9 активно работат. Во сопственичката структура на лизинг-секторот доминантно учество од 95,1% има странскиот капитал. Најголемиот дел од странскиот капитал, односно 79,7%, е во сопственост на странски финансиски институции, додека остатокот е во сопственост на странски нефинансиски правни лица

(15,4%). На 31 август 2013 година, средствата на секторот лизинг изнесуваа 6.606 милиони денари, или намалување од 5% во однос на 31 декември 2012 година. За разлика од 2012 година, кога намалувањето на обемот на активностите и лошите пласмани на секторот лизинг доведе до загуби во неговото работење, во 2013 година се забележува постепено подобрување на перформансите на лизинг компаниите. Така, по четири години негативни остварувања (2009: загуба од 38 милиони денари, 2010: загуба од 141 милиони денари и 2011: загуба од 17 милиони денари и 2012: загуба од 210 милиони денари), на 31.08.2013 година, лизинг друштвата остварија вкупна оперативната добивка од 50 милиони денари. Бројот и вредноста на новосклучените договори за лизинг продолжија да се намалуваат и во текот на 2013 година. Така, бројот на ново склучени договори заклучно со 31 август 2013 година, изнесува 682 што претставува намалување од 45,6% во однос на крајот на 2012 година. Вредноста на склучените договори, во истиот период, изнесува 746 милиони денари или намалување од 47,4% во однос на 31.12.2012 година. Правните лица ја задржаа главната позиција во структурата на новосклучените договори со 75,3%. Просечната каматна стапка на новосклучени договори за лизинг во 2013 година изнесува 8,93%, што претставува незначително намалување во однос на крајот на 2012 година кога истата изнесуваше 9,03%. На 31.08.2013 година вкупниот број на вработени лица во лизинг компаниите изнесуваше 71, што претставува намалување за три лица во однос на крајот на 2012 година.

## 2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

### 1. Доволно количество на човечки капитал

Република Македонија продолжува со активностите за поддршка на развојот на човечкиот капитал, особено во областите поврзани со стратешките приоритети на Владата. Особено внимание ќе се посвети на активностите и мерките за зголемување на можностите за вработување на лицата со завршено средно и високо образование, паралелно со широката поддршка на децата од предучилишно и основно образование за што помногубројно вклучување на образованието и намалување на процентот на рано напуштање на образовниот систем. Продолжува интензивното оспособување на човечки капацитети за поддршка на системот за образование на возрасните, особено од аспект на можности возрасните со завршено основно образование да завршат средно стручно образование, а континуирано ќе се работи на зајакнување на системот за неформално образование.

Република Македонија ќе продолжи да го зајакнува системот за обезбедување квалитет во основното и средното образование (самоевалуации и интегрални евалуации на училиштата, државна матура, екстерно оценување на постигнувањата на учениците и учество во меѓународното истражување PISA 2015), како и системот за обезбедување квалитет во високото образование (функционирање на Одборот за акредитација и евалуација во високото образование, самоевалуација на високообразованите установи и евалуација на академскиот кадар). Имајќи ја предвид улогата на наставните кадри во обезбедување квалитет на образовниот процес, покрај зголемувањето на бројот на наставниците Република Македонија особено внимание ќе посвети на високото образование за наставници, како и на обезбедување континуирано образование и професионално усовршување на наставниците вклучени во образованиот процес. Ќе се зголемат капацитетите на наставниците од стручното образование за поддршка на практичната работа на учениците, како во кабинетите и лабораториите на стручните училишта, така и во компаниите што ќе овозможуваат практична работа. Високообразовните установи ќе ја зајакнат соработката со стопанството во процесот на развивање нови и преструктуирање на постојните курикулуми за трите циклуси на студии согласно потребите на пазарот на трудот. Новите лаборатории на високообразовните установи и истражувачките институти ќе придонесат за стекнување работни вештини со високи технологии во процесот на студирање, а особено за обезбедување квалитетни студии од трет циклус (докторски студии).

Во 2014 година ќе продолжи спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, чие спроведување е за создавање квалитетни стручни профили, кои ќе бидат атрактивни за пазарот на труд. Во првата половина на 2014 година ќе биде усвоена Стратегија за претприемачко учење 2014-2020 со акциски план. Во областа на науката и истражувањето, ќе продолжат активностите за спроведување на Националната програма за високо образование и научноистражувачка дејност 2013-2017, во синергија со спроведувањето на Стратегијата за иновации. Ќе продолжи јакнењето на капацитетите за спроведување на Стратегијата за интегрирано образование, поддржана со национални средства и со средства од донатори.

**2. Доволно количество на физички капитал**

**Инвестиции во основни средства во Република Македонија.** Според претходните податоци на Државниот завод за статистика (ДЗС), вредноста на инвестициите во основни средства во Република Македонија во 2012 година изнесува 105.443 милиони денари. Номиналниот пораст на вредноста на инвестициите во основни средства во 2012, во однос на 2011 година, изнесува 11,3%.

Во техничката структурата на инвестициите во основни средства, градежните работи учествуваат со 65,7%, а машините и опремата со 30,5%. Најголема вредност на инвестициите во основни средства е реализирана во следните сектори: градежништво (32,9%); рударство и вадење на камен, преработувачка индустрија, снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (25,1%); трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, транспорт и складирање и објекти за сместување и сервисни дејности со храна (15,0%). Инвестициите во основни средства по тековни цени се прикажани во табела 1, додека реалните стапки на раст на бруто инвестициите се прикажани во табела 2.

**Табела 1. Инвестиции во основни средства по тековни цени (во милиони денари)**

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно – Инвестиции во основни средства | **56.485** | **71.557** | **86.403** | **81.872** | **82.968** | **94.698** | **105.443** |
| Култивирани средства | 379 | 316 | 537 | 339 | 668 | 875 | 650 |
| Машини и опрема - вкупно | 21.476 | 28.912 | 37.805 | 34.391 | 28.452 | 31.794 | 32.182 |
| Метални производи и машини | 16.069 | 22.260 | 27.852 | 27.389 | 20.246 | 23.476 | 24.879 |
| Транспортна опрема | 5.407 | 6.652 | 9.953 | 7.002 | 8.206 | 8.318 | 7.303 |
| Градежни работи – вкупно | 33.2463 | 9.088 | 44.104 | 43.732 | 50.380 | 59.017 | 69.263 |
| Градежни работи– станбена изградба | 13.594 | 15.455 | 12.884 | 12.039 | 15.133 | 16.783 | 20.344 |
| Останати градежни работи | 19.653 | 23.633 | 31.221 | 31.693 | 35.247 | 42.233 | 48.919 |
| Други производи | 1.383 | 3.241 | 3.957 | 3.410 | 3.468 | 3.013 | 3.348 |
| *Извор: ДЗС* | | | | | | | |

**Табела 2. Учеството на бруто инвестиции во БДП, реална стапка на раст на БДП и инвестиции, и стапка на инфлација**

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реален раст на БДП | 5,0 | 6,1 | 5,0 | -0,9 | 2,9 | 2,8 | -0,4 |
| Стапка на инфлација | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 3,9 | 3,3 |
| Реален раст на бруто инвестиции | 8,0 | 2,2 | 5,4 | -0,4 | -6,7 | 9,6 | 16,0 |
| Учество на бруто инвестиции во БДП | 21,5 | 24,6 | 26,8 | 26,2 | 24,9 | 26,2 | 29,4 |
| *Извор: ДЗС* | | | | | | | |

**Странски директни инвестиции (СДИ)**. Во периодот јануари септември 2013 година се регистрирани приливи врз основа на СДИ од 183 милион евра, или околу 2,3% од БДП. Во рамки на структурата, присутно е речиси подеднакво учество на приливите во форма на акционерски капитал и меѓу-компаниски долг. Од аспект на дејностите, близу 40% од приливот се однесува на производство на моторни возила, 14% во трговијата на големо, 12% во градежништвото, 9% во текстилната индустрија и 9% во финансиски и осигурителни активности. Од аспект на земјите на потекло, најголеми приливи на странски директни инвестиции се остварени од: Велика Британија (37%), Австрија (25%), Турција (10%).

**Капитални расходи во 2014 година.** Капиталните расходи ќе продолжат да имаат приоритетно и доминантно значење во Буџетот за 2014 година и се предвидени 22.389 милиони денари, што претставува 20% повеќе во однос на 2013 година.

Во рамки на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестиции во изградбата на автопатот на Коридор X и железничката инфраструктура, енергетската и комунална

инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

Во текот на 2014 година се планира интензивирање на реализацијата на Проектот за доизградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница со што ќе се комплетира главната делница на Коридор X. Проектот ќе се финансира од сопствени средства, користење на кредитно задолжување од Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) и Европска инвестициска банка (ЕИБ) и средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) фондовите. Во областа на железничкиот сообраќај, во текот на 2014 година ќе се реализира проектот за доизградба на железничкиот Коридор VIII во делот Куманово – Бељаковце, во функција на подобрување на конкурентноста и поврзување со соседните земји. За модернизирање на постојната железничката инфраструктура се предвидува реконструкција на железничката пруга на Коридор X финансирана со заем од Европска банка за обнова и развој ЕБОР. Во рамките на овој проект ќе се изврши ремонт на повеќе делници на железничкиот Коридор X со што ќе се подобри протокот на патници на оваа делница, ќе се намалат трошоците за одржување на железничката пруга и ќе се обезбеди посигурен и поефикасен сообраќај. За патната и железничка инфраструктура во 2014 година се планирани средства во износ од 3.425 милиони денари.

За инвестиции во енергетската област и комуналната инфраструктура се издвоени средства во износ од 1,384 милиони денари, при што се предвидува интензивирање на активностите околу изградбата на Националниот гасоводен систем и финансирање на изградба на водоводни и канализациони системи во општините финансирани од сопствени извори и со средства од кредитни линии од ЕИБ и КфВ- Кредитна банка за обнова (KfW) банката.

За уредување на технолошко индустриските развојни зони во Буџетот за 2014 година планирани се средства во износ од 505 милиони денари, кои ќе обезбедат изградба на потребната инфраструктура и објекти, како и вршење на геомеханички истражни работи во зоните.

Во областа на здравствениот сектор планирани се инвестиции во износ од 1.900 милиони денари наменети за проектот за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи, финансиран од буџетски средства и кредит од Банката за развој при Советот на Европа, за исплата на набавката на медицинска опрема и амбулантни возила, како и за други проекти.

За образованието, детската заштита и спортот предвидени се средства во износ од 2.406 милиони денари, кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, опремување и реконструкција на универзитетите, набавка на современа лабораториска опрема и инвестиции во спортска инфраструктура.
Со цел зајакнување на земјоделскиот сектор планирано е да се зголеми обемот на капитални инвестиции во износ од 1.860 милиони денари, кои се наменети за рурален развој, изградба на хидросистеми и инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, нивно преструктуирање и надградба со цел побрзо исполнување на стандардите на ЕУ. Капитални инвестиции се планирани и во останатите области, вклучувајќи ги правосудството, јавниот ред и безбедност, одбраната, културата и информатички технологии.

**3. Секторска структура и структура на претпријатија**

Микро, малите и средни претпријатија (ММСП) се доминантен тип на претпријатија во економијата на Република Македонија. Во 2012 година нивниот број изнесува 60.584 и бележи мало зголемување во однос на 2011 година кога нивниот број изнесувал 59.375. МСП претставуваат 99,7% од вкупниот број на постојни претпријатија, со што се потврдуваат за важни учесници во економијата како целина и важни креатори на општествениот производ.

**Табела- Број на активни претпријатија по големина**

| **Активни претпријатија** | **Број** | | | | **Учество во (%)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| Микро | 44,567 | 44,824 | 42,214 | 43,127 | 72.52 | 72.52 | 71.10 | 71.19 |
| Мали | 16,179 | 16,248 | 16,345 | 16,596 | 26.33 | 26.29 | 27.53 | 27.39 |
| Средни | 516 | 557 | 604 | 668 | 0.84 | 0.90 | 1.02 | 1.10 |
| Големи | 192 | 182 | 212 | 193 | 0.31 | 0.29 | 0.36 | 0.32 |
| **Вкупно** | **61,454** | **61,811** | **59,375** | **60,584** | **100.00** | **100.00** | **100.00** | **100.00** |

*Извор: Централен регистар на Република Македонија*

Растечкиот број на ММСП го апсорбира најголемиот дел од *работната сила,* придонесувајќи за намалување на невработеноста. Во 2012 година забележано е благо зголемување на бројот на вработени во ММС претпријатијата, а намалување на нивниот број кај големите претпријатија во однос на 2011 година. Од вкупниот број на вработени 80,58% се ангажирани во микро, мали и средни претпријатија.

| **Табела -Број на вработени во микро, мали, средни и големи претпријатија** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Претпријатија** | **Број на вработени** | | | | **Учество во (%)** | | | |
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| Микро | 68.540 | 66.981 | 69.752 | 71.405 | 19,98 | 19,42 | 19,75 | 19,86 |
| Мали | 145.249 | 145.667 | 150.093 | 153.634 | 42,34 | 42,23 | 42,49 | 42,73 |
| Средни | 58.960 | 64.069 | 61.085 | 64.685 | 17,19 | 18,57 | 17,29 | 17,99 |
| Големи | 70.310 | 68.245 | 72.284 | 69.806 | 20,50 | 19,78 | 20,46 | 19,42 |
| **Вкупно** | **343.059** | **344.962** | **353.214** | **359.530** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| *Извор: Централен регистар на Република Македонија* | | | | | | | | |

**Бруто додадената вредност** на малите и средни претпријатија и нејзиното учество во бруто домашниот производ (БДП) бележи континуиран пораст во периодот 2007-2010 година достигнувајќи учество во вкупниот БДП од 57,2% во 2010 год. во однос на 50,2% во 2007 година. Ова не е случај кај големите претпријатија каде се забележува пад на бруто додадената вредност и пад на учеството во БДП од 28,1% во 2007 год. на 24,1% во 2010 година.

| **Табела- Бруто додадена вредност според големината на деловните субјекти и учество во БДП** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *(Основни цени , милиони денари)* | | | | | | | | |
| | **Бруто додадена вредност** | | | | **Учество во ( % )** | | | |
| | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
| **Мали претпријатија** | 148.701 | 174.671 | 175.915 | 196.113 | 40,7 | 42,4 | 42,8 | 45,2 |
| **Средни претпријатија** | 38.307 | 46.677 | 52.339 | 51.967 | 10,5 | 11,3 | 12,7 | 12,0 |
| **Големи претпријатија** | 102.385 | 107.569 | 103.398 | 104.505 | 28,1 | 26,1 | 25,2 | 24,1 |
| **Импутирани станарини** | 24.084 | 28.533 | 27.294 | 28.564 | 6,6 | 6,9 | 6,6 | 6,6 |
| **Нето даноци** | 51.512 | 54.278 | 51.788 | 52.963 | 14,1 | 13,2 | 12,6 | 12,2 |
| **БДП** | **364.989** | **411.728** | **410.734** | **434.112** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| *Извор: Државен завод за статистика* | | | | | | | | |

Политиките и активностите за поддршка и развој на МСП произлегуваат од Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, Актот за мали бизниси на ЕУ , Стратегија за развој на занаетчиство 2012-2020, Стратегијата за иновации 2012-2020 и годишните програми за МСП. Сите документи кои се подготвуваат ги следат препораките и поврзаните комуникации од Стратегијата ЕУ 2020, Стратегијата за ЈИЕ 2020 и други релевантни регионални иницијативи.

Министерството за економија преку реализација на активностите од „Програмата за конкретност, иновативност и претприемништво за 2013 година", обезбеди поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на МСП. Успешно финансиски се поддржани: женското претприемништво, претпријатијата со за спроведување на стандардите за квалитет (ISO, HACCP, HALLAL), занаетчиите, како и младите претприемачи со финансиско наградување на најдобри бизнис планови со цел фактичко започнување на бизнис. И за 2014 година ќе биде изготвена и ќе се спроведе интегрирана Програма за конкурентност, иновации и претприемништво со која ќе се поддржува како постојната институционална инфраструктура за МСП така и самите претпријатија.

Во периодот 2015-2016 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на МСП и на занаетчиството, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста базирано на принципите на Актот за мали бизниси на ЕУ и на Стратегијата за занаетчиство на Република Македонија 2012-2020.

**МСП и пристап до финансии**

Од аспект на пристапот до финансии на МСП во 2013 година успешно се реализираше третата фаза од Финансискиот договор за заем меѓу ЕИБ и Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), наменета за поддршка на МСП и приоритетни проекти (првата фаза во износ од 100 милиони евра и втората фаза од 50 милиони евра претходно се успешно реализирани).

Планирани активности на МБПР за понатамошно подобрување на пристапот до финансиски средства во 2014 година се:

- реализација на кредитната линија од ЕИБ– четврта фаза;
- засилено промовирање на факторингот, особено во однос на извозните побарувањата кои се осигурени во МБПР при што значајно би се подобрила ликвидноста на компаниите;
- воведување на среднорочно и долгорочно осигурување, односно осигурувања на побарувања кои се со рок на доспевање подолг од една година. Тука пред сѐ, се мисли на осигурување на побарувања кои произлегуваат од извоз на капитални добра;
- воведување на нови производи од областа на кредитното осигурување пред сѐ воведување на следниве два инструменти: осигурување на кредити за подготовка на извозни аранжмани и осигурување на тендерски гаранции за извозници кои учествуваат на тендери надвор од Република Македонија.

**4. Влијание на државата врз конкурентноста**

**Зајакнување на конкурентноста и поддршка на МСП**
Процесот на зголемувањето на конкурентноста на македонското стопанство претставува еден од приоритетите на економската политика на Владата, кој се реализира преку подобрување на деловната клима за водење бизнис и преку спроведување на повеќе стратегии, политики и програми кои директно влијаат на развојот на претприемништвото, иновативноста, технолошкиот развој, извозот, привлекување странски инвестиции и слично.

Во наредниот период, продолжува спроведување на Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020, како интегриран и проактивен пристап, а за нејзиното успешно спроведување усвоен е Акционен план за Индустриската политика за 2012-2013 година. Како стратешки докуемнти кои ги даваат главните насоки за создавање конкурентна економија се:

- стратегијата за иновации со акционен план кои обезбедуваат координиран пристап на поддршка кон создавање конкурентна економија базирана на знаење и иновации;
- стратегијата за промоција на извозот со акционен план која ќе придонесе кон поефикасна поддршка на фирмите во процесот на интернационализација;
- стратегијата за МСП и Стратегијата за занаетчиство кои ја дефинираат рамката за развој на претприемништвото и занаетчиството во Република Македонија;
- со Акцискиот план за конкурентност се развива сеопфатен план со мерки следејќи ја логиката на Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум.

Во 2014 се планира да продолжи спроведување на Индустриската политика и поврзаните стратешки документи преку реализација на мерки од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво на Министерството за економија за МСП, индустријата и кластерите; Програмата за поддршка на претприемништво, конкурентноста и иновативност на МСП преку Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија; Програмата за работа на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Макеоднија со мерки за извозна промоција и промоција на извозот. Во наредниот период ќе се понудат нови мерки за поддршка на иновациите во Република Македонија преку Министерството за образование и наука и Фондот за иновации и технолошки развој.

Планирано е активно вклучување на Република Македонија во регионалните проекти кои се за спроведување на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020. За спроведување на индустриската политика, во 2014 се очекува да започне проектот „Градење на капацитетите за спроведување на индустриската политика“ кој се финансира преку ИПА, кој ќе понуди повеќе мерки и активности за поддршка на институциите и за поддршка на конкурентноста на фирмите. За спроведување на економските реформи за подобрување на деловната клима и конкурентноста на македонската економија во наредниот период ќе се реализираат и започнатите и новите проекти и активности за зголемување на економскиот раст на земјата.

**Акциски план за подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија**. Во следниот период, се планира ревидирање на Акцискиот план за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи со негово надополнување согласно резултатите од Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум за 2013-2014 година. Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност во следниот период ќе се усогласи со бизнис заедницата во т.н. „Мастер План” за подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија. Реализацијата на Мастер планот ќе се следи преку заедничко работно тело на Националниот совет за претприемништво и конкурентност и Владата на Република Македонија.

**Активности на Националниот совет за претприемништво и конкурентност на Република Македонија** (НСПК на РМ). НСПК на РМ делува во насока на обезбедување широк консензус и зајакнување на дијалогот помеѓу Владата и деловната заедница. Советот ќе продолжи да реализира активности за идентификување проблематични области и изработка на Национални стратегии за унапредување на конкурентноста на македонската економија, подобрување на условите и намалување на трошоците за водење бизнис, промоција и поттикнување на извозот за производите и услугите со повисока додадена вредност кон растечките пазари, надвор од земјите од регионот, вклучување на финансиските институции во развојот на конкурентна економија, како и зголемување на домашните и странските инвестиции. Советот ќе продолжи да го следи и анализира Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум и во партнерство со Владата на Република Македонија да креира мерки и предлага активности за подобрување на конкурентноста на земјата.НСПК на РМ ја следи реализацијата на Акцискиот план за подобрување на глобалната конкурентност на Република Македонија и дава свој придонес во реализацијата на предвидените активности.

**Стратегија за иновации.** Среднорочно се очекува да се реализираат мерките предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за иновации 2013–2015, усвоен од страна на Владата на Република Македонија во октомври 2012 година. Со спроведувањето на мерките од Акцискиот план од оваа Стратегија се очекува да се зајакне конкурентноста и да се поттикне економскиот развој заснован на знаење и иновации, што всушност претставува една од трите основни цели на Стратегијата „Европа 2020". Се очекува Стратегијата за иновации да придонесе за создавање на ефективен систем за иновации во рамките на моделот на трите сфери (Triple Helix Model): бизнис заедница, академски сектор и државните органи. Како една од најзначајните мерки на Стратегијата за иновации, во 2013 се формираше Фонд за иновации и технолошки развој.

**Фонд за иновации и технолошки развој**. Владата формираше Фонд за иновации и технолошки развој Со Фондот за иновации и технолошки развој ќе се обезбеди поддршка за формирање на старт-ап компании, за развојот на малите и средни претпријатија, како и нови извори за финансирање, особено за иновациите и поголеми вложувања во истражувања и развој на нови технологии. Преку Фондот за иновации и технолошки развој ќе се доделуваат финансиски средства во вид на кофинансирани грантови и условени заеми, а ќе се поддржи и формирање на акцелератори кои треба да го поддржат и олеснат развојот на компаниите во нивниот зачеток. Ќе биде достапна и техничка помош за компаниите за нивна подготовка за подобро искористување на средствата од регионалните и европските фондови. Во 2014 г. ќе почне регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан", преку кој повторно ќе се доделуваат финансиски средства за компаниите од регионот, во форма на еквити и мезанин инвестиции, а каде Република Македонија зеде учество. Европската комисија, Европската банка за обнова и развој и Европскиот инвестициски фонд го поддржуваат проектот со почетна вредност од 145 милиони евра, со тенденција оваа сума да се зголеми во наредниот период. Проектот е составен од 4 компоненти: Фонд за иновации и Фонд за експанзија, кои директно ќе доделуваат средства на компаниите, Гарантен фонд кој индиректно, преку банките ќе им обезбеди финансиски средства за компаниите и Фонд за техничка помош наменет за државите како поддршка при носењето на потребните реформи.

**Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори.** Со овој систем ситепотребни лиценци и дозволи за започнување и водење на бизнис ќе се обезбедат од едно место. Во рамките на проектот во наредниот среднорочен период ќе следи спроведување на препораките за подготовки за воспоставување на едношалтерски систем. Активностите на овој проект предвидуваат формирањето и воспоставувањето на Едношалтерскиот систем со употреба на електронски пристап во издавањето на дозволи и лиценци да се спроведува фазно. На почетокот овој систем ќе се спроведува во институции кои издаваат најголем број дозволи и лиценци. Системот ќе биде реплициран во други институции. Активностите за Едношалтерскиот систем за домашни и странски инвеститори се за воспоставување на „Единствена точка за контакт" како обврска од Директивата за услуги на Европската унија.

**Учиме од бизнис–заедницата.** Владата на Република Македонија во наредниот среднорочен период ќе продолжи со спроведувањето на проектот „Учиме од бизнис–заедницата". Целта на овој проект е согледување на идеите и иницијативите на бизнис заедницата, за подобрување на деловното окружување, како и идентификување на главните проблеми со кои се соочуваат компаниите при своето работење. Со проектот се планира да се опфатат компании со различна големина и степен на успешност, кои самостојно или преку стопанските комори ќе покажат интерес да бидат посетени од страна на стручните владини тимови. Досега, успешно се спроведени три циклуси на посети на компании во рамките на проектот „Учиме од бизнис заедницата", додека четвртиот циклус на посети на компании, се предвидува да се реализира во месеците

февруари – март 2014 година, по што ќе следи креирање на мерки и активности за реализација на изнесените барања од страна на компаниите.

**Топ менаџмент** Во идниот среднорочен период , се очекува да се финализира Проектот „Топ менаџмент". Тоа е проект преку кој на менаџери од македонски извозно-ориентирани компании им се обезбедува теоретска обука во Република Македонија и практична обука во компании од соодветни области во развиени земји во странство. Проектот се одвиваше во две фази. Во рамки на првата фаза на проектот, 98 менаџери поминаа теоретската обука во Македонија, од кои дел се испратија на практична обука во Словенија и Германија. Во втората фаза на проектот, во 2013 се спроведе теоретска обука на нови 100 менаџери. Во идниот среднорочен период, треба да се обезбеди практична обука на менаџерите од втората фаза на проектот и на преостанатите менаџери од првата фаза на проектот во времетраење од еден месец во компанија во развиена земја, а се разгледуваат и можностите за започнување на 3-та фаза на проектот за нова група на менаџери.

**Програма за подобрување на конкурентноста на земјата преку спроведување на приоритетни структурни реформи.** Во наредниот период (2014-2015) ќе се подготви програма за подобрување на конкурентноста која ќе ги има во предвид приоритетните структурни реформи со што ќе се зајакне координацијата на национално ниво при спроведување на актвностите неопходни за подобрување на конкуретноста на земјата. Се планира програмата да црпи средства и од ИПА 2 со што ќе се овозможи континуитет во спроведувањето на активностите. Во рамки на програмата се предвидува да се изработи листа со тековни и нови активности и проекти.

**Политиката на заштита на конкуренцијата**
Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10) и подзаконските акти донесени врз основа на Законот. Во 2013 година се донесе нова Уредба за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија" бр.109/2013) и нова Уредба за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, која во себе ги содржи и условите под кои се доделува помош за услуги од општ економски интерес. Донесувањето на овие уредби е за да се овозможи усогласувањето на националното законодавство со ЕУ во областа на државната помош, а особено за регионалната помош, хоризонталната помош и помошта за услуги од општ економски интерес. 7 (седум) државни службеници вработени во стручната служба на Комисија за заштита на конкуренцијата КЗК работат на спроведување на Законот за контрола на државната помош. Сите 7 имаат високо образование (5 економисти и 2 правници).

Во 2013 година КЗК работеше на подигнување на свеста за контролата на државната помош преку Твининг проектот „Поддршка на КЗК за контрола на државната помош". Зајакнувањето на капацитетите на заинтересираните страни и подигнувањето на свеста за прашањата од областа на државната помош, се реализираше со континуирано организирање на работилници и семинари за судиите, органите на локалната самоуправа, бизнис заедницата и новинарите како и за давателите на државната помош. Со проектот се организираа46 (четириесет и шест) работилници за вработените во стручната служба на КЗК за зајакнување на административниот капацитет на вработените во Секторот за контрола на државната помош.

Во 2013 година, заклучно со 15.11.2013 година КЗК донесе **3 (три) решенија** за оцена на дозволеноста на доделување на државна помош по поднесени известувања од даватели на државна помош со кои одобри идно планирано доделување на државна помош.

Со поддршка на Твининг проектот „Поддршка на КЗК за контрола на државната помош" се постигна висок степен на усогласеност на националното законодавство со барањата на ЕУ acquis за државна помош. Во 2014 година не се предвидуваат активности за транспозиција. Среднорочно, ќе се усогласува националното законодавство со ЕУ acquis согласно релевантните промени на истото.

КЗК вработува и ги обучува вработените. Во 2014 година ќе се реализираат напредни обуки на работното место на членовите на КЗК и вработените во стручната служба на КЗК, како и обуки и за давателите на државна помош. Со цел подигнување на свеста на државните институции, судовите и деловниот сектор во првиот квартал на 2014 година КЗК ќе издаде Прирачник за државна помош наменет за судиите и Брошура за Законот за контрола на државната помош. Истите ќе се изработат со поддршка на Твининг проектот „Поддршка на КЗК за контрола на државната помош". Во периодот 2015-2016 година ќе се продолжат напредните обуки на работното место на членовите на КЗК и на вработените во стручната служба на КЗК. Обуките за давателите на државна

помош ќе продолжат и во овој период и ќе се изведуваат од страна на стручната служба на КЗК. Твининг проектот „Поддршка на КЗК за контрола на државната помош“, финансиран преку ИПА компонента 1 за 2009 година, со времетраење од април 2012 - јануари 2014 година и вкупен буџет од 1 милион евра.

**5. Трговска интеграција со ЕУ**

Република Македонија во 2013 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ЦЕФТА и другите спогодби за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим. Потпишан е Протоколот за проширување кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија, со пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ, со кој се ревидираат постојните концесии за земјоделско-прехранбените производи и за рибите. Во 2013 година отпочнаа активности за изменување на Протоколите за потекло на стоките, во Договорите за слободна трговија со ЕУ, земјите на ЕФТА и со Република Турција, за да се овозможи проширување на системот на дијагонална кумулација на потекло со стоки со земјите-членки на ЕФТА како и со некои медитеранските земји (Египет, Мароко, Алжир, Тунис, Израел). Се планирано примената на изменетите Протоколи за потекло на стоките, да отпочне од 1 април 2014 година.

Во тековната година, за Република Македонија продолжија активностите за спроведување на ЦЕФТА, согласно Програмата на Претседавачот на ЦЕФТА, Босна и Херцеговина. Република Македонија претседаваше со Поткомитетот за нетарифни и технички бариери во трговијата на ЦЕФТА и со Поткомитетот за царини и правила за потекло. Во 2014 година Република Македонија ке претседава со ЦЕФТА и со Поткомитетот за земјоделие, санитарни и фитосанитарни мерки како и со Работната група за услугите. Во рамки на претседавањето предвидени се: стратегиски состанок, вонредни состаноци, состанок на заменици министри за економија, мешовит комитет и денови на ЦЕФТА неделата. Република Македонија како приоритети во претседавањето ги има опреелено: идна либерализација на трговијата со земјоделски производи и трговија со услугите; продлабочување на спроведување на ЦЕФТА за идно олеснување на трговијата; промовирање на регионалната соработка во политиката на конкуренцијата, правата на интелектуалната сопственост и јавните набавки и одржување на синергијата помеѓу спроведување на ЦЕФТА и Стратегијата на ЈИЕ 2020, во делот на Столбот за интегриран раст.

Во 2014 година ќе се потпише Анекс на ЦЕФТА за натамошна либерализација на трговијата со земјоделски производи меѓу Република Македонија и Република Молдавија, со тоа целосно ќе се укине реципрочната квота за вино и ќе се воспостави зона на слободна трговија меѓу двете држави.

**6. Реформи насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста**

Од 2013 година Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија е интегрален дел од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, што се реализира во Министерството за економија. Се изготви Национален атлас за кластерите. Атласот содржи податоци за мапирање на кластерите по региони, начини на создавање на кластерски мрежи, потенцијалите на 8-те плански региони во Република Македонија, како и претставување на постојните кластерски здруженија. Атласот ќе придонесе за популаризација на самиот процес на кластеринг, подигнување на свеста за полезноста од ваквиот начин на здружување, интернационализација на кластерите и зголемување на нивниот потенцијал во европски и светски рамки.

Исто така се поддржаа 6 проекти на кластерските здруженија насочени кон:

- поддршка на заеднички проекти за поврзување на кластерите со универзитетите
- поддршка за развој на иновативноста и развој на брендирани производи
- поддршка на кластерите за секторска извозна промоција,
- поддршка за организирање тематски саеми и
- поддршка за развивање на стандарди за квалитет и прилагодување на барањата на ЕУ-пазарите.

Со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, во делот за поддршка на кластерите се предвидуваат мерки за поддршка и развој на кластерското здружување, и активности за подобра промоција на

можностите кои што ги нудат кластерите, обука и унапредување на менаџментот на кластерите, подобрување на поврзувањето (вмрежувањето) на кластерите, како и средства за формирање на нови кластери. Кластерската форма на здружување ќе овозможи развој на нови, иновативни производи, со што ќе се овозможи диверзификација на производните програми на индустријата.

Во наредниот период ќе продолжи поддршката на кластерските здруженија согласно нивниот степен на развој. Владината поддршка, која треба да се реализира преку јавно- приватниот дијалог, ќе придонесе за создавање на нови кластерски иницијативи, како и самоодржливост на кластерите, базирани на иновации.

Со помош на Светска Банка се изработи анализа на приоритетните стопански сектори во Република Македонија и тоа: агробизнисот, автомобилската индустрија, текстилната индустрија и логистичките услуги. Преку анализата се утврдија можностите за зголемување на конкурентноста на овие сектори, се идентификуваа ограничувањата кои го забавуваа растот во последните години или кои би можеле да го прават тоа во иднина и се понудија препораки за зајакнување на конкурентноста и подобрување на бизнис климата во земјата. Тие ќе се земат предвид при изработка на новиот пакет мерки за подобрување на конкурентноста на македонската економија.

Четирите сектори опфатени со оваа анализа беа избрани врз основа на следниве неколку критериуми: потенцијал за придонес кон раст на вработеноста, потенцијал за диференцијација и надградба на квалитетот, потенцијал за продуктивност и извоз и потенцијал за раст преку унапредување на компаративната предност. Во секторот на агробизнисот, со почеток на 2013 година се започна со реализација на 5 годишната Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Во рамките на реализацијата на оваа програма посебен акцент се става на финансиската поддршка на капиталните инвестиции во земјоделството, поддршка на руралните општини, како и подобрување на микро инфраструктурата за ефикасно управување со водните ресурси. Владата на Република Македонија во наредниот период посебно ќе ја зајакне фитосанитарната политика за обезбедување на квалитетна и здравствено исправна храна, како и за обезбедување на земјоделски ресурси кои ги задоволуваат меѓународните стандарди и ќе гарантираат исправно и економично земјоделско производство.

Владата на Република Македонија продолжува со поддршката на индустријата за преработка на земјоделски производи преку стимулирање фармерите да произведуваат за овој сектор. Оттука субвенциите за предадено количество на земјоделски производи во градинарството и овоштарството продолжува да постои, како и намалување на царинската стапка за увоз на земјоделски суровини (пиперка) за преработувачката индустрија.

За подобрување на секторот текстилната индустрија, во идниот период Владата ќе обезбеди поддршка за здружување на текстилните асоцијации и обезбедување на средства преку ЕУ за реализација на регионални проекти, подигнување на нивото на технолошка подготвеност на фирмите, како и подигнување на квалитетот на работната сила.

Секторот на логистички услуги главно е составен од основни услуги (транспорт, складирање, царинско посредување). Предизвикот за Република Македонија ќе биде да се развијат интегрирани логистички услуги, преку што би се подобрила конкурентноста на производите наменети за извоз. Од големо значење за развојот на овој сектор е континуираното подобрување на патната инфраструктура, кое ќе продолжи и во наредниот период.

За да се подобри секторот автомобилска индустрија, во идниот период, Владата продолжува со активности насочени кон промоција на поволностите за странските инвеститори, како и промоција на подобностите во технолошко индустриските развојни зони. Ќе се превземаат активности за зајакнување на македонските претпријатија (потенцијални добавувачи) за истите да ги задоволат стандардите и потребите на инвеститорите.

# III. СПОСОБНОСТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ

## 3.01 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

***РЕЗИМЕ***

*Продолжува спроведувањето на Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од договорот за функционирањето на Европската унија (ДФЕУ), како и усогласувањето на правните прописи кои се дел од преговорите за склучување на АКА Договорот.*

*Вкупниот број на усвоени европски стандарди како македонски стандарди изнесува 18 350 што е 99% од вкупниот број на европски стандарди. Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) има акредитирано 129 тела за оцена на сообразност и има 21 нови пријави за акредитација. Објавени се 13 калибрациони и мерни можности на Бирото за метрологија (БМ) во базата на податоци на Меѓународното Биро за тегови и мери (KCDB BIPM).*

*Ќе се донесе нова двегодишна Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2015-2016 година.*

*Ќе се транспонираат: Регулативата (ЕУ) бр. 305/2011 за утврдување на усогласените услови за ставање на пазар на градежни производи и за укинување на Директивата бр. 89/106/ЕЕЗ во нов Закон за градежни производи, новата Регулатива за безбедност на производи, која е во постапка на донесување во ЕУ, во нов Закон за безбедност на производите и Регулативата (ЕУ) бр. 764/2008 за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја членка на ЕУ во подзаконски акт.*

*Се планира последниот ЕУ фармацевтски пакет во делот на фармаковигиланца, согласно ЕУ мерките 32012L0026 и 32012R1027, да се транспонира во Законот за лековите и медицинските помагала и да се доуреди оваа област со соодветни подзаконски акти.*

*Заврши четвртата фаза за унапредување на Електронскиот едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти (EXIM). Ќе се стави во функција нов Компјутеризиран транзитен систем (НКТС) и нов Систем за обработка на царински декларации (СОЦДАД). Ќе се воведе Интегрирана тарифна околина (ITE), која претставува платформа на повеќе модули (TARIC, QUOTA, SMS, EBTI, ECICS) кои ќе бидат поврзани со соодветните модули на Европската унија.*

*Ќе се воспостави единствен електронски регистар за регулирање на обврските на правните лица кои се овластени за производство и трговија со оружје на територијата на Република Македонија.*

### 3.01.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од договорот за функционирањето на Европската унија (ДФЕУ) се спроведуваше и во 2013 година, при што, од вкупно 42 мерки до сега реализирани се 30 или 72%.

Се реализираа активности од Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) за што е доставен извештај до Европската комисија (ЕК).

Исто така, продолжи усогласувањето на националното законодавство со правото на ЕУ за оние директиви/регулативи кои се дел од процесот на преговори за склучување на Европскиот договор за оцена на сообразност и признавање на индустриските производи меѓу Република Македонија и ЕУ (АКА), за седумте индустриски сектори (опрема под притисок, ЛВД, ЕМС, пренослива опрема под притисок, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи). Министерството за економија преку СЕП до ЕК ги достави прописите од новиот и општиот приод за кои ЕК врши скрининг.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година до Европската комисија ќе се достави четврт Извештај за реализација на мерките од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од ДФЕУ.

Ќе продолжи усогласувањето на правните прописи кои се дел од преговорите за склучување на АКА Договорот.

**Институционална рамка**
Се планира вработување на специјализиран кадар и посета на обуки, работилници и семинари на вработените во Министерството за економија и други надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи кои се дел од евроинтеграцискиот процес.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
На среден рок ќе следи понатамошна реализација на Стратегијата за спроведување на *acquis* за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) заедно со целните датуми и јасни одговорности за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети во различните сектори.

Ќе се поднесе апликација за примена на Системот за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозна опасност (RAPEX) од страна на Државниот пазарен инспекторат.

**Институционална рамка**
На среден рок се планира вработување на специјализиран кадар и посета на обуки, работилници и семинари на вработените во Министерството за економија и други надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи кои се дел од евроинтеграцискиот процес.

## 3.01.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ
## 3.01.2.1 СТАНДАРДИЗАЦИЈА
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Вкупниот број на досега усвоени македонски стандарди и стандардизациски документи (европски, меѓународни и изворни македонски) изнесува 24 645. Вкупниот број на усвоени европски стандарди како македонски стандарди изнесува 18 350 што е 99% од вкупниот број на европски стандарди.

Сите македонски стандарди преземени од поранешните ЈУС (JUS) стандарди се повлечени.

Сите усвоени европски стандарди се нотифицирани во Европскиот комитет за стандардизација (CEN), Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC) и Европскиот институт за телекомуникациски стандарди ETSI.

Вкупниот број на стандарди со одобрен превод на македонски јазик од областа на Еврокодовите изнесува 45.

ИСРМ го извести ЦЕН (CEN) за 4 усвоени изворни национални македонски стандарди. И ЦЕФТА земјите се известени за сите изворни национални македонски стандарди.

Усвоени се 8 национални анекси, 4 национални анекси од Еврокодови и 4 национални анекси од областа на нафта и производи од нафта.

Направена е реорганизација на делокругот на работа на техничките комитети во Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) со цел да се постигне поголема ефикасност во работењето.

Воведено е електронско работење на техничките работни тела на ИСРМ преку електронската платформа „ИСО Livelink“, со што се овозможи електронски заштитена дистрибуција на материјали, поефикасно давање на мислења и коментари во однос на стандардизациските проекти од страна на експертите и членките во техничките комитети и работните групи. Воедно, на веб страната на ИСРМ воведен е онлајн каталог со опција за пребарување и база на податоци на стандарди.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се донесе нов Статут на ИСРМ и правилници за унапредување на процесот на изработка и усвојување на Македонски стандарди и други стандардизациски документи, заради целосно усогласување со внатрешните правила на Европските тела за стандардизација.

Ќе следи и понатамошно развивање на сертификација.

**Институционална рамка**
Во 2014 година предвидени се следните активности:
- Зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ИСРМ;
- Одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- Почнување на процес на обуки за одредени групи стандарди со цел запознавање на заинтересираните страни со употребата и придобивките од користење стандарди;
- Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации со цел јакнење на свеста на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни за придобивките од употреба на стандарди; и
- Реализација на обуки за правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација и постапките за подготовка и усвојување на европски, меѓународни и македонски стандарди.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
На среден рок предвидено е издавање на првиот сертификат од сертификационото тело на ИСРМ за ИСО 9001.

**Институционална рамка**
На среден рок предвидени се следните активности:
- Создавање нови приходи на ИСРМ преку сертификација;
- Спроведување на обуки за одредени групи стандарди со цел запознавање на заинтересираните страни со придобивките од користење на стандарди, што во исто време создава и економски придобивки за ИСРМ; и
- Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации со цел јакнење на свеста на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни за придобивките од употреба на стандарди.

## 3.01.2.2 АКРЕДИТАЦИЈА
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Заклучно со ноември 2013 година Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) има акредитирано 129 тела за оцена на сообразност и има 21 нова пријава за акредитација. На 12 од акредитираните правни лица, одземена им е акредитацијата.

Спроведени се обуки на оценувачи и експерти и заинтересирани правни лица за акредитацијата.

ИАРМ спроведе кампања за промоција на системот за акредитација во Република Македонија на следните теми: “Зошто да станете акредитирана лабораторија” и “Зошто да станете акредитирано инспекциско тело”, преку организирање работилници и издавање едукативни материјали.

ИАРМ издаде годишен извештај за своето работење, кој има за цел промоција на акредитацијата и запознавање на јавноста со работата на институтот.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во 2014 година ќе се реализираат следните активности:
- Акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Прв редовен надзор што следи по потпишувањето на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација; и
- Проширување на опсегот на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со акредитација на медицински лаборатории;

**Институционална рамка**

Во 2014 година ќе се реализираат следните активности:

- Реализација на обуки за оценувачи, водечки оценувачи, потенцијални клиенти и нови шеми на акредитација;
- Учество во работата на Европската организација за акредитација (EA) и Меѓународната организација за акредитација на лаборатории (ILAC)
- Спроведување на обуки на заинтересираните правни лица за постапките за акредитација врзано со стандардите 17020 за инспекциски тела, 17024 за сертификациони тела и 17025 за лаборатории;
- Зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластување/нотификација на телата за оцена на сообразност, односно, јасно дефинирање на задачите помеѓу нив во однос на постапките за оцена на сообразност;
- Зајакнување на техничката инфраструктура на ИАРМ;
- Континуирана работа на техничките/секторските комитети, која ќе одговори на специфичните барања за акредитација во различни сектори;
- Зајакнување на соработката со телата за акредитација од регионот и земјите членки на ЦЕФТА; и
- Промотивни кампањи, организирање на работилници и издавање на публикации.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2015 година ќе се реализираат следните активности:

- Ефикасна примена на воспоставениот систем за акредитација;
- Намалување на периодот од поднесување на апликација до доделување на акредитација што ќе резултира со зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Спроведување на Националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет;
- Потпишување на Договор за взаемно признавање на сертификатите за акредитација за цел опсег; и
- Развивање на нови шеми за акредитација.

**Институционална рамка**

- Во 2015 година ќе се реализираат следните активности:
- Зајакнување на кадровските капацитети во ИАРМ за непречено спроведување на оценки за областите за кои се бара акредитација; и
- Континуирана работа на техничките/секторските комитети, која ќе одговори на специфичните барања за акредитација во различни сектори.

## 3.01.2.3 МЕТРОЛОГИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година објавени се 13 калибрациони и мерни можности на Бирото за метрологија (БМ) во базата на податоци на Меѓународното Биро за тегови и мери (KCDB BIPM)[9]. Уписот на калибрационите и мерните можности во Меѓународното Биро за тегови и мери означува нивно меѓународно признавање, што е во тесна врска со исполнување на аранжманот за меѓусебно признавање на сертификтатите и еквивалентност во мерењата (CIPM MRA). Горното се должи на успешни резултати во проекти на меѓулабораториски споредби, како и успешната презентација на системот за управување со квалитет пред ТК – Квалитет на Европската асоцијација на национални институти за метрологија (EURAMET).

Заклучно со ноември 2013 година издадени се вкупно 370 сертификати за калибрации на мерила. Во делот на законски регулираните мерила извршена е верификација на 24850 механички мерила, односно, 30 % повеќе во споредба со истиот период минатата година и на 67409 електрични мерила. Во однос на потврда на степенот на финост на предметите од скапоцени метали т.е. жигосувањето, заклучно со ноември 2013 година прегледани и жигосани се 28105 предмети, што е за 10% повеќе во споредба со истиот период од минатата година

[9] Пет (5) калибрациони и мерни можности во делот на зафатнина на течности, во опсег од 0.001mL до 5000L; една (1) калибрациона и мерна можност во делот на зафатнински проток на вода во опсег од 0.02 m3/h до 90m3/h; и седум (7) калибрациони и мерни можности во делот на маса, во опсег од 1mg до 20kg.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се реализираат следните активности:

- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи; и
- Склучување билатерални договори за соработка со метролошките институции на Република Хрватска, Република Црна Гора и Босна и Херцеговина.

**Институционална рамка**

Во 2014 година ќе се реализираат следните активности:

- Организирање на семинари, работилници и состаноци со различни целни групи (институции на државата, претставници од индустријата, лаборатории итн.) со цел зајакнување на метролошката инфраструктура во Република Македонија, поддршка на стопанството и запознавање на јавноста со регулативата во делот на метрологијата;
- Јакнење на капацитетите во областа на законската метрологија и индустриската/научната метрологија преку: (1) Зголемување на опсегот на услуги на БМ преку набавка на опрема за поддршка на законската метрологија (Лаборатории за верификација на мерила); (2) Ставање во функција на лабораториите за калибрација, проширување на опсегот на услуги на БМ преку набавка на опрема за поддршка на индустриската метрологија (калибрација на еталони и мерила) и опрема потребна за поддршка на активностите на Лабораториите за верификација на механички и електрични мерила, особено во делот за оцена на сообразност на мерила (NAWI и MID); (3) Одржување на уписите на калибрационите и мерни можности (CMC) објавени во Базата на податоци на Меѓународното Биро за тегови и мери (KCDB BIPM) и одржување на акредитацијата на лабораториите согласно ИСО/IEC 17025;
- Усовршување на знаењето на вработените преку: (1) Обуки организирани на регионално ниво во рамки на Фокус групата на ЕУРАМЕТ (EURAMET); (2) Специјализирани обуки на стручниот кадар на БМ во областа на индустриска/научна (калибрации на мерила и десеминација на мерни единици) и законска метрологија (верификација на мерила);
- Нови вработувања во делот за научна и законска метрологија и за правно и финансиско работење; и
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, работните групи на Организацијата за Европска соработка во законската метрологија (WELMEC) и Меѓународната асоцијација на институции за испитување на скапоцени метали (IAAO).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

На среден рок година ќе се реализираат следните активности:

- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи;
- Прогласување на национални еталони на мерните единици (притисок, температура) во зависност од резултатите од проектите на интеркомпарации; и
- Спроведување на меѓународниот стандард ИСО 17020 во секторот за верификација;

**Институционална рамка**

На среден рок ќе се реализираат следните активности:

- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, работните групи на Организацијата за Европска соработка во законската метрологија и Меѓународната асоцијација на институции за испитување на скапоцени метали;
- Акредитација на лаборатории (електрични големини, димензиони големини) според системот за управување со квалитет согласно ИСО 17025;
- Учество во меѓународни проекти на меѓулабораториски споредби;
- Поддршка на лабораториите за калибрација во Република Македонија, преку организација на меѓулабораториски споредби на национално ниво, каде што Бирото за метрологија ќе има својство на пилот лабораторија;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што БМ нема можности; и
- Упис на мерните и калибрационите можности на лабораториите на БМ во базата на Меѓународното Биро за тегови и мери.

### 3.01.2.4 ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Изминатиот период министерот за економија, согласно Законот за безбедност на производи донесе десет нови Решенија за овластување на правни лица за вршење на оцена на сообразност.

Согласно Законот за возила министерот за економија донесе вкупно 17 решенија за овластување, од кои 6 решенија се однесуваат на овластување на правни субјекти за вршење идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и 11 решенија за овластување на техничка служба за единечно одобрување на возилата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе следат нови овластувања на телата за оцена на сообразноста по поднесено барање од правни лица согласно утврдената постапка за овластување и Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација Договор за взаемно признавање на сертификатите за акредитација, што ќе овозможи нивно функционирање на пазарите на земјите членки на ЕУ, земјите пристапнички во ЕУ и земјите кандидат за членство во ЕУ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

На среден рок ќе следи нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија со склучување на АКА Договорот.

**Институционална рамка**

На среден рок се планира да се зајакне бројот на македонски тела за вршење на оцена на сообразност на пазарот во Република Македонија и на пазарите на земјите потписнички на Договор за взаемно признавање на сертификатите за акредитација.

### 3.01.2.5 НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

За реализација на мерките од Програмата за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2011 и 2012 година, Координативното тело за надзор на пазарот одржува редовни состаноци (најмалку еднаш месечно).

Донесена е нова двегодишна Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2013-2014 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2013), за натамошно функционирање на Координативното тело за надзор на пазарот.

Инспекциските надзори кои се вршат преку Одделението за безбедност на производи во Државниот пазарен Инспекторат (ДПИ) се во насока на:

- Известување за спречување на пуштање во слободен промет на стоки добиени од Царинската управа при увоз на производи. Ова се врши согласно обврските од Законот за надзор на пазарот и потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу членовите на Координативното тело за надзор на пазарот и Царинската Управа; и
- Координирани активности со другите државни органи за надзор на пазарот преку Координативното тело за надзор на пазарот.

Во текот на 2013 година ДПИ во 142 редовни контроли изврши проверка дали производите кои се пуштени на пазарот се во согласност со директивите во кои се пропишани безбедносните барања. Бројот на извршени надзори врз основа на известување од Царинската управа за натамошно појаснување при настанато можно сомневање за безбедност на производите е 148. Известувањето се однесува на тоа дали производот што се увезува ја има/нема соодветната документација за сообразност (Сертификат или Изјава за сообразност), производот не е соодветно означен и СЕ ознаката не е во согласност со прописот.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се подготви годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот, согласно активностите што се предложени во Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2013-2014 година.

**Институционална рамка**
Во 2014 година ќе се реализираат следниве активности:

- Спроведување на обуки за државните инспекциски органи во соработка со бизнис заедницата за соодветна примена на правилниците и Законот за безбедност на производи и Законот за градежни производи, поврзано со CE ознаката и постапката за оцена на сообразност; и
- Учество на претставници од државните инспекторати надлежни за надзор на пазарот во обуки кои се организираат и одржуваат во рамки на ИПА Регионалниот проект.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
На среден рок ќе следи:

- Подготовка на Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2015-2016 година;
- Подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот, согласно активностите што се предложени во Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2015 и 2016 година.

**Институционална рамка**
На среден рок ќе се поднесе апликација за примена на РАПЕКС (RAPEX) системот од страна на ДПИ, во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот, во рамки на Националата програма за надзор на пазарот и нивните посебни годишни програми.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот.

## 3.01.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

**МОТОРНИ ВОЗИЛА**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Заради усогласување со консолидираната верзија на Директивата бр. 2007/46/ЕЗ, во 2013 година се донесоа потребните подзаконски акти, во согласност со измените и дополнувањата на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 123/2012).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Институционална рамка**
Во 2014 година ќе се реализираат следниве активности:

- Овластување на нови заинтересирани правни лица за вршење на идентификација/оцена на техничка состојба на возила и единечно одобрување на возила; и
- Овластување на нови заинтересирани правни лица за вршење на технички преглед на возила.

**ЛЕКОВИ**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Континуирано продолжува обуката на вработените во Бирото за лекови во рамките на ИПА проектот со Европската Агенција за лекови.

Во декември 2013 се одржа TAIEX работилница за добра производствена и дистрибутивна пракса на која присуствуваа околу 250 претставници меѓу кои од индустријата, веледрогериите, научни институции и фармацевтска комора и здруженија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**

Се планира последниот ЕУ фармацевтски пакет во делот на фармаковигиланца, согласно ЕУ мерките 32012L0026 и 32012R1027, да се транспонира во Законот за лековите и медицинските помагала и да се доуреди оваа област со соодветни подзаконски акти.

**Институционална рамка**
Во април 2014 година ќе се одржи работилница на тема „Борба против фалсификување на лекови и слични кривични дела, заради заштита на јавното здравје" за земјите од Југо-источна Европа, во организација на Европскиот директорат за контрола на лекови. Се планира да учествуваат претставници од релевантните сектори - здравство, царина и полиција.

## 3.01.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Донесени се измени Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013) согласно коментарите на ЕК од 2012 година.

Согласно членовите 22 и 23 од Законот за градежните производи и член 205 од Законот за општа управна постапка, Министерот за економија донесе решенија за именување 4 тела за оцена на сообразност[10].

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**
Во 2014 година ќе се реализираат следниве активности:

- Ќе се донесе нов Закон за градежните производи согласно Регулативата 305/2011 за утврдување на усогласените услови за ставање на пазар на градежни производи и за укинување на Директивата 89/106/ЕЕЗ;
- Ќе продолжи усогласувањето на правилниците кои произлегуваат од Законот за безбедност на производи со релевантното *acquis,* согласно последните препораки од ЕК и одговорите на Министерството за економија за почитување на препораките (Правилник за преносива опрема под притисок, Правилник за електромагнетна компатибилност и Правилник за опрема под низок напон); и
- Ќе продолжи подготовката на бараните Еврокодови од бизнис заедницата за градежништво.

**Институционална рамка**
Во 2014 година се планира зајакнување на секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, кој е надлежен за слободно движење на стоки со две нови вработувања.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**
Во 2015 година ќе се реализираат следниве активности:

- Ќе се транспонира Регулативата (ЕЗ) бр. 764/2008 за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја членка на ЕУ во подзаконски акт, согласно Законот за безбедност на производи;
- Ќе се донесе нов Закон за безбедност на производите согласно новата Регулатива за безбедност на производи, која е во постапка на донесување во ЕУ;
- Ќе продолжи усогласувањето на правилниците кои произлегуваат од Законот за безбедност на производи, со релевантното *acquis,* согласно последните препораки од ЕК и одговорите на Министерството за

---

[10] **Градежен институт „Македонија" АД Скопје, Лабораторија за испитување на градежните производи**, од областа на испитување 212 Градежништво, согласно Сертификат за акредитација бр.ЛТ-014/2009 издаден од ИАРМ, а во рамките на опсегот на акредитација за: геомеханика; агрегати, камен и керамика; асфалт, битумен и изолациони материјали; бетон и бетонски префабрикати; цемент и градежна хемија; и челик; **Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје – Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје" АД Скопје, Лабораторија за испитување на градежните производи**, од областа на испитување 212 Градежништво, согласно Сертификат за акредитација бр.ЛТ-007/2010 издаден од ИАРМ, а во рамките на опсегот на акредитација за тестирање на: хемиски, физичко-хемиски и физичко-механички особини на градежните материјали од цемент, додатоци на цемент и производи од цемент и бетон; **Евро консалтинг" ДОО Скопје – Лабораторија за испитување на градежните материјали**, од областа на испитување 74/30 Техничко испитување и анализа, согласно Сертификат за акредитација бр.ЛТ-018/2010 издаден од ИАРМ, а во рамките на опсегот на акредитација за геомеханика и тестирање на хемиски, физичко-хемиски и физичко-механички особини на градежните материјали на: агрегати за бетон и асфалти; бетон, бетонски префабрикат и цемент; и асфалти и битумен; **Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје – Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, Скопје, Лабораторија за тестирање на мебел**, од областа на испитување Мебел – 9 и испитување градежна столарија и производи од дрво – 3.12, Техничко испитување и анализи, согласно Сертификат за акредитација бр.ЛТ-025/2011 издаден од ИАРМ, а во рамките на опсегот на акредитација за тестирање на физичко-механички особини на: канцелариска столица; мебел за седење за домашна употреба; елементи на извлекување; кревети и душеци; столови и маси за образовни инстуции; работни маси и бироа; маса за домашна употреба; и прозори и врати.

економија за почитување на препораките (Правилник за опрема под притисок, Правилник за едноставни садови под притисок, и Правилник за апарати на гас); и
- Ќе продолжи подготовката на бараните Еврокодови од бизнис заедницата за градежништво.

На среден рок ќе се заокружи правната рамка согласно директивите од новиот и глобалниот приод и нивна целосно спроведување, како и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

**Институционална рамка**
На среден рок се планира зајакнување на секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, кој е надлежен за слободно движење на стоки со нови вработувања.

## 3.01.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година ИСРМ изврши нотификација на 4 усвоени чисто национални македонски стандарди. Истите се нотифицираат и кон ЦЕФТА земјите. Што се однесува до усвоените европски стандарди, сите се нотифицирани во ЦЕН (CEN) и ЦЕНЕЛЕК (CENELEC).

## ОРУЖЈЕ

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**
Во 2014 година ќе продолжат активностите во насока на примена на член 4 став 1[11] од Директивата бр. 2008/51/ЕУ за изменување на Директивата 91/477/EEC за контрола и поседување на оружје, согласно измените на Законот за оружјето од 2012 година, направени заради усогласување со истата.

Министерството за внатрешни работи ќе воспостави единствен електронски регистар во кој ќе бидат регулирани обврските на правните лица кои се овластени за производство и трговија со оружје на територијата на Република Македонија, за внесување податоци, однсоно документи за секое парче произведено или продадено оружје. Воедно, ќе овозможи воспоставување онлајн конторла во секое време, ќе ги детектира и ќе има информации кога и на кого посебното парче на оружје е продадено или каде секое парче е складирано. Електронскиот регистар ќе овозможи целосен мониторинг на производството, поправка, трговија и транспорт на оружјето на територија на Република Македонија и надвор од границите.

## ЦАРИНСКА УНИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во изминатиот период Царинската управа продолжи со усогласување со барањата во областа на царината за пристапување кон конвенциите за заеднички транзит и членство во ЕУ, непосредна комуникација со бизнис заедницата за утврдување на можностите за натамошно поедноставување на увозните и извозните постапки, намалување на трошоците на економските оператори, посебно со примена на современи информатички алатки.

Изменета е Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2013) со што примената на одредбите за задолжителна употреба на електронската транзитна декларација се одложи до 01.03.2014 година, а што е директно поврзано со ставање во функција на новиот Компјутеризиран транзитен систем (НКТС) и развојот на новиот Систем за обработка на царински декларации (СОЦДАД).

Во мај 2013 година заврши четвртата фаза за унапредување на Електронскиот едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти (EXIM).

Во соработка со МЕ и Координативното тело за надзор на пазарот беа организирани обуки за царински службеници за запознавање со суштествените барањата за поедини групи на производи утврдени со подзаконски акти донесени согласно Законот за безбедност на производите.

---

[11] „Земјите членки од 31 декември 2014 година, ќе овозможат формирање и одржување на информатички систем за база на податоци, како централен систем или поединечно, кој ќе овозможи на овластените службеници пристап до системот за полнење со податоци, во кој секое лесно оружје кое е предмет на ова диркетива ќе биде евидентирано во базата. Овој систем на полнење податоци треба да се заштити и да се одржува за непомалку од 20 година за секој тип на лесно оружје, марка, модел, калибар и сериски број, како и името и адресата на снабдувачот и лицето кое го поседува оружјето“.

Се подготвува аналитичка метода за учество во меѓулабораториски тест во Групата на Европски царински лаборатории, заради акредитација на царинската лабораторија. Царинската лабораторија континуирано ги усовршува аналитичките методи а во соработка со Институтот за хемија во рамки на Природноматематичкиот факултет, работи на воведување на нови аналитички методи публикувани во релевантните Регулативи на ЕУ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се реализираат следниве активности:

- Дополнително усогласување на Царинскиот закон со царинското законодавство на ЕУ[12] и други измени во насока на остварување на неопходните законски услови за интероперабилност и интерконекции со системите на ЕУ и Конвенцијата за заеднички транзит, што е услов за воспоставување и користење на НКТС транзитниот систем, а согласно препораката од Царинските упатства (Customs Blueprints) на Европската комисија;
- Нови измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, во насока на натамошно усогласување на одредбите што се однесуваат на електронска транзитната постапка согласно одредбите на Конвенцијата за заеднички транзит; и
- Изменување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација[13] и Кодексот на шифри што се употребуваат, согласно одредбите на Конвенцијата за заеднички транзит.

**Институционална рамка**

Во 2014 година ќе се реализираат следниве активности:

- Понатамошно унапредување на Електронскиот едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти;
- Поедноставување и забрзување на царинските и даночни постапки;
- Довршување на граничниот премин Блаце (македонско - косовска граница);
- Воведување и спроведување на СОЦДАД;
- Воведување и спроведување на НКТС; и
- Воведување на Интегрирана тарифна околина (ITE), која претставува платформа на повеќе модули (TARIC, QUOTA, SMS, EBTI, ECICS) кои ќе бидат поврзани со соодветните модули на ЕУ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

На среден рок планирани се следниве активности:

- Поврзување и интероперабилност со информатичките системи на ЕУ; и
- Реализација на останатите активности кои се предуслов за акредитација на царинската лабораторија за исполнување на стандардот ИСО 17025.

---

[12] Во делот што се однесува на трошоците за анализа на земени мостри, забрана на употреба на општа гаранција за транзит со намален износ или користење на општа гаранција за транзит на стоки кои биле предмет на измами од поголем обем, дефинирање на правилата за поднесување на царинска декларација при внесување на стока во слободна зона.

[13] Со оваа измена ќе се регулира употребата на транзитните, извозните и влезните и излезните збирни декларации поднесени со употреба на техника на електронска обработка на податоци (електронски декларации) и употребата на дополнителните шифри за компјутерскиот царински систем што се употребуваат за пополнување на овие декларации.

## 3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

***РЕЗИМЕ***

*Во рамките на ова поглавје идните активности ќе се насочат, кон јакнење на капацитетите за ефективна имплементација на aquis на полето на слободно движење на работници со поддршка на проект за учество во ЕУРЕС -Мрежа на европски служби за вработување. Ќе продолжат активности за потпишување на договори за социјално осигурување со седум нови земји, како и продолжување на преговори за успешна примена на веќе потпишаните договори. Ќе се иницираат активности за потпишување на договори за користење на Европска здравствена картичка со две европски земји и ќе се унапредува веќе воспоставениот систем за електронска здравствена картичка.*

### 3.02.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАР НА ТРУД

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Се донесе Закон за дополнување на Законот за вработување и работа на странци (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2013). Со измените, Агенцијата за вработување на Република Македонија по службена должност обезбедува дел од неопходната документација за добивање дозвола за работа од другите институции. Воедно, се овозможува автоматски прекин на работниот однос со денот на престанување на валидноста на работната дозвола по службена должност.

### 3.02. 2 ЕУРЕС

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија, во соработка со Твининг партнерот ги финализираа подготовките за започнувањето на ЕУ проектот „Јакнење на капацитетите за ефективно спроведување на aquis во областа на слободно движење на работници“. Целта на проектот е да се зајакнат националните институционални и административни капацитети за координација на системите за социјално осигурување и учество во ЕУРЕС - Мрежа на европски служби за вработување.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Имплементација на проектот „Јакнење на капацитетите за ефективна имплементација на aquis во областа на слободно движење на работници“. Проектот ќе се имплементира во период од 18 месеци.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Имплементација на проектот „Јакнење на капацитетите за ефективна имплементација на aquis во областа на слободно движење на работници“. Проектот ќе се имплементира во период од 18 месеци.

### 3.02.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Република Македонија активно работи на склучување и спроведување на билатерални договори за социјално осигурување. Во изминатиот период беа реализирани следните активности:

Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за потврдување на периодите на осигурување за остварување право на пензија[14] беше потпишан на 7 февруари 2013 година во Приштина. Истиот стапи на сила на 17 ноември 2013 година.

Беа одржани трет круг на преговори за склучување на билатерален договор за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Албанија. На овие преговори се разгледаа и дискутираа сите одредби од нацрт-текстот на договорот предложен од македонска страна.

[14] (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2013)

Се одржаа преговори помеѓу македонската и словачката делегација по однос на нацрт-текстот на Договорот за социјално осигурување предложен од македонска страна. Во најголем дел одредбите од договорот се постигна усогласеност. Договорено е продолжување на преговорите и усогласување на текстот од договорот.

Беа одржаа советодавни денови, меѓу претставниците на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија (ПИОМ) и германскиот носител на социјално осигурување, за примена на Договорот за социјално осигурување склучен меѓу двете држави. На овој настан 114 граѓани преку непосредни разговори добиваа одговори во однос на остварувањето на правата од социјално осигурување преку овој договор.

Одржан е состанок меѓу претставниците на ПИОМ и холандскиот носител за социјално осигурување за примена на Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската влада и Владата на Кралството на Холандија. Во текот на состанокот беа разгледани двојазичните обрасци за примена на договорот.

На 08 и 09 октомври 2013 година се одржаа советодавни денови меѓу претставниците на ПИОМ и Германското социјално осигурување на кое околу 100 граѓани добија информации за нивните права од Договорот за социјално осигурување.

На 24 и 25 октомври 2013 година во Подгорица, Црна Гора се одржа 4-та средба на ниво на директори на фондови/заводи од поранешните југословенски републики на која се дискутираа прашања поврзани со електронската размена на податоците и проблеми и прашања при примена на билатералните договори и системите на ПИОМ.

Во декември 2013 година започнува имплементацијата на проектот „Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на правото на ЕУ во областа на слободното движење на работниците” во рамките на ИПА компонентата и истиот ќе трае 18 месеци.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2014 година се планираат следните активности:

- Потпишување и примена на Договорот за социјално осигурување и социјална сигурност меѓу Република Македонија и Унгарија
- Потпишување и примена на Договорот за социјална сигурност меѓу Република Македонија и Италија;
- Потпишување на измена и дополнување на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Словенија
- Продолжување на преговори за склучување на Договор за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Албанија
- Одржување на втор круг преговори со Република Словачка за склучување на Договор за социјално осигурување
- Почеток на преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Кралството Шведска и Француската Република, за кои веќе се доставени иницијативи со нацрт текст на договор;
- Продолжување на активностите за реализација на проектот „Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на правото на ЕУ во областа на слободното движење на работниците” во рамките на ИПА компонентата.

Во однос на применетата на Договорите за социјално осигурување со други земји предвидено е реализирање на следните настани:

- Средба со словенечкиот завод за пензиско и инвалидско осигурување;
- Одржување на средба на ниво на директори на фондови од поранешните југословенски републики;
- Одржување на советодавни денови меѓу претставниците на ПИОМ и на германски носители на социјално осигурување;
- Одржување средба со претставници на турските носители за социјално осигурување;
- Одржување средба на ниво на органи за врска со босанскиот Фонд за пензиско и инвалидско осигурување;
- Одржување средба на ниво на органи за врска со хрватскиот носител на социјално осигурување.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Склучување на Договор за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Албанија.
- Склучување на Договор за социјално осигурување со Република Словачка.

Воедно, во оваа област на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји ќе се иницираат и преговори за склучување договори за социјално осигурување со неколку земји: Велика Британија, Шпанија, Португалија, Естонија, Литванија и Летонија и Нов Зеланд.

### 3.02.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

На 1 Јануари 2013 година, стапи на сила и почна и да се применува Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување со Република Австрија, која се однесува на австриските осигурени лица кои привремено престојуваат во Република Македонија.

Во текот на јуни 2013 година во Скопје се одржаа македонско–чешките разговори за органите за врска во областа на здравственото осигурување. Двете делегации разменија искуства во врска со примената на Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување, при што македонската делегација ѝ предложи на чешката делегација неколку предлози за подобро функционирање на двојазичниот образец за упатување на лекување во Чешката Република.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во следниот период планирана е посета на Сојузна Република Германија при што ќе се разгледува примената на двојазичниот образец за лекување во странство по настапување на осигурителен случај, како и примената на европската картичка за здравствено осигурување на германските осигуреници при привремен престој во Република Македонија.

Воедно, иницирана е и средба со органите за врска од областа на здравственото осигурување на Големото Војводство Луксембург и Република Македонија.

Во зависност од стапувањето во сила на Договорите за социјално осигурување склучени со Република Унгарија и Република Италија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) планира во текот на 2014 година да потпише Договор за европска здравствена картичка со Република Унгарија и со Република Италија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

За 2015 година планирани се повеќе активности во врска со склучување на нови Договори за социјално осигурување со Република Франција, Република Словачка и Кралството Шведска, воедно и потпишување на користење на европската картичка за здравствено осигурување со горе наведените земји.

**Електронска картичка за здравствено осигурување (ЕЗК)**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во рамки на реализацијата на Акцискиот план на ФЗОМ во 2012 година за спроведување на проектот на Електронска здравствена картичка (ЕЗК) во ФЗОМ најпрво целосно е ажурирана базата на осигуреници во координација со неколку институции (ПИОМ, Агенција за вработување на Република Македонија, Управа за јавни приходи и Министерство за внатрешни работи). Притоа успешно е завршена и првата фаза од централизацијата на ИТ системот на ФЗОМ, која обезбедува централизирано евидентирање на податоците за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот за здравствено осигурување.

Преку користењето на сервисот за проверка на платен придонес за здравствено осигурување, од 1 ноември 2013 година во здравствените установи започна користењето на електронските здравствени картички односно престана издавањето на потврдите за платен придонес за здравствено осигурување (т.н. „сини картони“) за оние осигуреници на кои им е издадена ЕЗК.

Обработката на доставените барања за издавање на ЕЗК се одвива според однапред дефиниран план за целни групи, при што во почетокот се обработени барањата за издавање на ЕЗК за најголем број од здравствените работници од приватните и јавните здравствени установи со кои ФЗОМ има потпишано договор.

Во текот на 2013 година се прибрани и обработени барањата на ЕЗК од сите носители и членови на нивните семејства вработени во јавната и државната администрација, од поголемиот дел од приватниот сектор,

невработените лица и пензионерите, односно до средината на ноември 2013 година се изработени околу 1.000.000 ЕЗК.

Во функција на усовршување на системот, правната поддршка е обезбедена со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување од февруари 2012 година и општите акти со кои е регулирана цената на чинење и начинот на кој се надоместуваат трошоците за издавање на ЕЗК.

Напоредно со ЕЗК, Министерството за здравство ги воведува во употреба и електронските сервиси и системи за користење на електронски упат, електронски рецепт, електронски амбулантски дневник, систем за следење на електронска листа за закажување на прегледи во установите од примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 година, продолжува издавање картички за сите планирани категории на осигурени лица како и издавање за нови корисници и нивно преиздавање за изгубени или оштетени картички. ЕЗК да започне непречено да се користи во електронските сервиси и системи воведени од Министерството за здравство, како што се: електронскиот упат, електронскиот рецепт, електронскиот амбулантски дневник и системот за следење на електронска листа за закажување на прегледи во установите од примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Целосно спроведување и прилагодувањето на информациските здравствени системи на целата територија на државата во текот на 2015 година со користење на електронската здравствена картичка како единствена индентификациска картичка во здравствениот сектор.

## 3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ


***РЕЗИМЕ***

*Се планираат активности за воспоставување на „Единствена точка за контакт“ како обврска од Директивата за услуги. Проектот „Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори“ треба да овозможи сите потребни лиценци и дозволи за започнување и водење на бизнис да може да се обезбедат од едно место. Со донесување на Законот за услуги и со реализацијата на Акцискиот план ќе се обезбеди слободата на правото на основање и на давање на услуги по пристапувањето во ЕУ и функционирањето во единствениот пазар за услуги на ЕУ. Се преземаат активности во областа на поштенските услуги за усогласување со препораките дадени во Директивите на ЕУ, за креирање критериуми и услови за обезбедување на универзалната услуга на целата територија на Република Македонија, како услуга од јавен интерес, создавање на услови за целосна либерализација на пазарот на поштенските услуги и задоволување на правата и заштита на интересите на корисниците на услугите, согласно со обврските од Законот за поштенските услуги. Министерството за образование и наука и Меѓуресорската координативна група за признавање на професионални квалификации ќе продолжат со зајакнување на административните капацитети на сите органи вклучени во процесот на заемно признавање на професионални квалификации,преку одржување на редовни состаноци и обуки.*


### 3.03.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2013 година континуирано се спроведуваа активности за поедноставување на административните постапки за олеснување на правото на основање на компании и подобрување на квалитетот на регулативата за водење бизнис во земјата.

Со спроведувањето на мерките од втората, третата и четвртата фаза на проектот „Регулаторна гилотина“ во 2013 година се поедноставија процедурите за обезбедување на потребната документација од државните и јавните институции, се скратија роковите за добивање на градежни дозволи, се намалија трошоците и се зајакна и прошири системот за интероперабилност.

Во рамките на проектот „Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори – Електронско издавање на дозволи и лиценци“, започна со реализација пилот проектот: „Едношалтерски систем за издавање дозволи за градба“ во рамките на Министерство за транспорт и врски. Спроведувањето на пилот проектот ќе придонесе за тестирањето на електронскиот пристап за воспоставување електронски едношалтерски систем преку кој ќе се обезбедуваат електронски услуги за бизнисите.

Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем (Службен весник на РМ бр.70/2013) и Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр.70/2013) содржат одредби за: натамошно олеснување и поедноставување на административните процедури за регистрирање трговско друштво или трговец поединец, стимулирање на електронската регистрација на фирма и намалување на трошоците за електронска регистрација. Со измените се овозможува целокупната документација за регистрација на правно лице (пријавата за упис, со прилозите кон неа) во електронска форма во име на подносителот, да може да ја поднесе и посебно овластен субјект за таа намена - регистрационен агент, преку новиот Систем за е-регистрација, без дополнителни трошоци.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Ќе продолжи континуирано следење на спроведувањето на мерките дефинирани во акциските планови од Регулаторната гилотина, како и спроведување на усвоените препораки и мерки од Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа.

Спроведувањето на предвидените законодавни активности во Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги ќе продолжи, за отстранување на идентификуваните бариери и поедноставување на постапките за издавање на дозволи и одобренија.

Во 2014 година ќе продолжи ажурирањето на Акцискиот план преку натамошна анализа на постојната регулатива за идентификација, поедноставување и отстранување на неоправданите барања за правото на основање на компании во земјата.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Ќе продолжат активностите за поедноставување на административните постапки со цел олеснување на постапката за започнување и водење на бизнис во земјата.

Се планираат активности за воспоставување на „Единствена точка за контакт" како обврска од Директивата за услуги. Проектот „Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори" треба да овозможи сите потребни лиценци и дозволи за започнување и водење на бизнис да може да се обезбедат од едно место. Во рамките на проектот во наредниот среднорочен период ќе се спроведат препораките за подготовки за воспоставување на едношалтерски систем. Активностите на овој проект предвидуваат формирањето и воспоставувањето на Едношалтерскиот систем со употреба на електронски пристап во издавањето на дозволи и лиценци да се спроведува фазно. Имено, на почетокот овој систем ќе биде спроведен во институции кои издаваат најголем број дозволи и лиценци на бизнис заедницата, а потоа истиот ќе биде реплициран во други институции.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во рамките на билатералната соработка со Британската Влада, во јуни 2013 година започна нов проект „Унапредување на хармонизацијата со Директивата на ЕУ за услуги". Проектот треба да заврши во март 2014 година. Целта на Проектот е подготвување на физибилити студија за воспоставување на „Единствена точка за контакт (ЕТК)" што е обврска од Директивата и е предвидена во предлог на законот за услуги. Студијата треба да ги истакне сите неопходни чекори за воспоставување на „ЕТК" за напредок во успешното спроведување на Директивата за услуги.

## 3.03.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во согласност со целите утврдени во Стратегијата „Европа 2020" и „СЕЕ 2020" основен приоритет во услужниот сектор е да се продолжи со мерките и активностите за усогласување со Директивата на ЕУ за услуги. Во таа насока активностите во изминатиот период беа насочени кон анализа на усогласеност на законодавството со директивата со цел идентификација на неоправдани бариери за пристап и давање на услуги во земјата за правни и физички лица од земји членки на ЕУ и нивно елиминирање.

Акцискиот план за усогласување со директивата за услуги се ажурира континуирано. Министерството за економија како координатор на процесот за усогласување со Директивата за услуги ја следи реализацијата на Акцискиот план врз основа на извештаите од органите на управа надлежни за спроведување на предвидените активности.

Предлогот на Закон за услуги е во фаза на втора меѓуресорска консултација. Во Предлог законот се транспонира Директивата 32006L0123 со што ќе се создаде законска рамка за елиминирање на преостанатите бариери за пристап и вршење на услужни дејности во земјата Со законот ќе се обезбеди усогласување на регулативата во услужниот сектор во земјата со барањата на директивата, вклучително и барањето за прекугранично давање на услуги.

Предлог Законот за услуги предвидува воспоставување на „Единствена точка за контакт" (ЕТК) согласно со барањата на Директивата за услуги. Министерството за економија е надлежно за воспоставување на ЕТК.

Во соработка со TAIEX Програмата во периодот 17-18 Април, во Скопје во Министерството за економија се одржа TAIEX Експертска мисија за ревизија на Акцискиот план за усогласување со директивата за услуги и за подобрување на текстот на Предлог Законот за услуги.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Анализата на усогласеност на законодавството во услужниот сектор со Директивата 32006L0123 ќе продолжи во текот на 2014 година и врз основа на резултатите од анализата, ќе се ажурира Акцискиот план.

Се планира донесување на Законот за услуги кој ќе придонесе за олеснување на процесот на реализација на Акцискиот план за спроведување на законодавните активности за елиминација на одредбите спротивни на директивата и ќе се спречи воведувањето нови бариери при подготовка на нова регулатива во иднина во услужниот сектор.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Со спроведување на Законот за услуги и со реализацијата на Акцискиот план ќе се обезбеди слободата на правото на основање и на давање на услуги по пристапувањето во ЕУ и функционирањето во единствениот пазар за услуги на ЕУ.

## 3.03.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Усогласување на домашното законодавство со европското законодавство во делот на поштенските услуги, постигнато е со прифаќање и спроведување на третата директива на Европскиот Парламент и Советот во Законот за поштенските услуги (Службен весник на РМ бр. 158/10), како и со донесување на секундарната легислатива во насока на спроведување на обврските дефинирани во законот. Во 2013 година Агенцијата за пошти продолжи да издава општи овластувања на нови даватели на поштенски услуги, и тоа на нови 3 даватели со што се продолжи трендот на зголемување на конкуренцијата во оваа област. Зголемената конкуренција на пазарот провлекува и подинамична улога на регулаторот во делот на мониторингот и вршењето на надзорот на пазарот активност која се извршува на редовна основа како и врз основа на вонреден надзор.
Следење на квалитетот на обезбедување на универзалната услуга, инструмент кој претставува реален показател за начинот и успешноста на обезбедување на универзалната услуга, споредбено со стандардите дефинирани во законската регулатива, искажан во доставените податоци од страна на давателот на универзална услуга добиени со мерење на брзината на достава на писмоносните пратки е искажан во Извештај изготвен од страна на Агенцијата за пошти во текот на 2013 година. Воедно, заради утврдување и подобрување на степенот на задоволство на корисниците од обезбедување на поштенските услуги, Агенцијата и во 2013 година спроведе низа на активности како што се истражувања на задоволство на корисниците, кампањи и споделување на искуство со регулаторни тела и меѓународни институции во функција на создавање на услови за ефективно и квалитетно обезбедување на поштенските услуги.

***КРАТКОРОЧНИПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Со оглед дека крајот на 2013 година, истекува рокот на важење на првите издадени дозволи за обезбедување на поштенските услуги, 2014 година ќе биде исполнета со ревизија на издадените дозволи и нивно усогласување со новите законски прописиво насока на прецизирање на правата и обврските на давателите на поштенски услуги соодветно на доставените нотификации, а согласно утврдената фактичка состојба ќе следува и издавање на нови општи овластувања на давателите. Следејќи го досегашниот тренд на изразување интерес за добивање на дозвола за обезбедување на поштенски услуги, Агенцијата и во 2014 година очекува издавање на нови општи овластувања на нови даватели на поштенски услуги.
Со спроведување на утврдена програма за надзор континуирано од страна на овластени лица од Агенцијата за пошти ќе се врши надзор кај давателите на поштенските услуги со цел утврдување на степенот на исполнување на обврските од законот, а посебно кај давателот на универзална услуга, заради запазување на обврските по универзалната услуга.
Активностите поврзани со спроведување на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга, обврска дефинирана за давателот на универзалната услуга заради ефикасна регулација на цените на универзалната услуга, ќе продолжат и во текот на 2014 година, се до целосно усогласување на воспоставениот систем со пропишаните стандарди и воспоставување на систем на формирање на цени базирани на трошоци.
Со цел воведување на стандардизирани постапки за решавање на рекламациони постапки и постапките за надомест на штета, а воено и усогласување со европскиот стандард прифатен од страна на македонското законодавство, Агенцијата за пошти ќе работи во насока на исполнување на оваа обврска од страна на давателот на универзална услуга со цел ефикасно справување со овие приговори. Мониторинг и следење на квалитетот на обезбедување на универзалната услуга ќе биде исполнето и од страна на Агенцијата за пошти преку континуирано мерење на времето на пренос на писмоносните пратки, со цел поефикасно согледување на резултатите на обезбедување на услугите и навремено преземање на мерки и активности за подобрување во делот на обезбедувањето кој директно се произнесува со лоши показатели.
И во текот на 2014 година ќе продолжат активности поврзани со грижата за корисниците, и подобрување на степенот на нивното задоволство од поштенските услуги. Агенцијата ќе продолжи со спроведување на истражувањето на задоволството на корисниците, а воедно ќе воведе и едно ново истражување со цел запознавање со потребите на корисниците во поглед на поштенските услуги. Ќе бидат опфатени прашања поврзани со достапност на мрежата за достава на поштенски пратки, деновите на прием и достава на поштенски

пратки исл. Организирањето на кампањите за подигање на јавната свест за поштенските услуги ќе продолжат да бидат организирани и во 2014 година.

**Институционална рамка**
Со цел јакнење на институционалниот капацитет на Агенцијата, ќе се реализираат обуки за вработените како предуслов за јакнење на капацитетите на самата институција. Соработката со меѓународните институции и регионалните регулаторни тела ќе продолжи со цел размена на искуствата во делот на спроведување на обврските за обебзедување на поштенските услуги преземни од европското законодавство.
Агенцијата за пошти во текот на 2014 година континуирано ќе соработува со институции задолжени за европски интеграциисо цел добивање конкретни укажувања за степенот на усогласување на домашното законодавство, со добивање на понатамошни насоки за поуспешно делување во оваа област, како чекор понапред кон целосно усогласување.
Јакнење на капацитетите на Агенцијата ќе се постигне и со континуираното користење на меѓународна помош и поддршка во одредени сегменти од функционирањето на Агенцијата, посебно во делот на користењето на TAIEX програмата, со добивање на помош во точно одредени прашања поврзани со регулирање на поштенските услуги.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Создавање на услови за воведување на целосна либеразлизација на пазарот на поштенските услуги со почетокот на 2015 година преку укинување на резервираната област, односно со укинување на монополот во обезбедувањето на услугите. Овој период треба да биде искористен во насока на преземање на активности за обезбедување на транспарентни услови заобезбедувањето на услугите, во услови на згилемена конкуренција, што подоцна ќе резултира со обезбедување на подобар квалитет на услугите, а со тоа и зголемено задоволство на корисниците што претставува и основна цел на Агенцијата, а тоа е добивање на услуги ориентирани кон потребите на корисниците.

**Институционална рамка**
Постојано јакнење на капацитетите на Агенцијата во делот на стекнување на знаења и подготвеност за справување со сите предизвици во обезбедување на услугите при услови на конкуренција, од аспект на подобрен мониторинг на пазарот и евалуација на резултатите.

## 3.03.4 МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Во 2013 година, од страна на Министерството за образование и наука беа усвоени сите подзаконски акти од законот за признавање на професионални квалификации (Службен весник на бр.171/10) а преку Меѓуресорската координативна група на Владата на Република Македонија, се обезбеди поврзување на институциите вклучени во оваа активност.
Меѓуресорската координативна група за признавање на професионалните квалификации ги продолжи своите активности во рамките на проектот за „Зајакнување на административните капацитети на Министерството за образование и наука (МОН) за признавање на професионални квалификации" заедно со проектниот тим од Велика Британија.
Во рамките на оваа соработка беа изготвени следните документи:
- Првична листа на регулирани професии;
- Институционална рамка за професионални квалификации во Република Македонија;
- Методологија за начинот на водење на регистри за регулираните професии
- Акциски план за признавање на професионални квалфикации;

Во насока на обезбедување на поголема транспарентност за значењето и улогата на Меѓуресорската координативна група како и процесот на признавање на професионални квалификации, Заменик националниот координатор и членови на Меѓуресорската група, организираа работни состаноци со претставници на државните универзитети во Репубика Македонија. Средбите се одржаа со неколку факултети кои го утврдуваат и спроведуваат курикулумот и наставните планови и програми за високо образование за квалификациите за кои е предвидено автоматско признавање согласно Директивата 36/2005/ЕЗ. Овие средби беа од информативен карактер, за да се направи првична проценка за степенот на усогласеност на наставните планови и програми со

Анексите за минимум обука од Директивата, како и да се направи анализа за евентуалните потреби од до усогласување на овие планови и програми со одредбите на директивата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Одржување на состаноци на Меѓуресорската координативна група со преставници на органите надлежни за регулирање на секторските професии;
- Одржување на работни средби со преставниците на Универзитетите во однос на анализа на студиските планови и програми за секторските професии;
- Одржување на работни средби на Меѓуресорската координативна група за признавање на професионални квалификации со претставниците на коморите во Република Македонија;
- Одржување на експертска мисија во рамките на TAIEX програмата;

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Зајакнување на административните капацитети на надлежните институции вклучени во процесот на признавање на професионални квалификации во Република Македонија.

## 3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

***РЕЗИМЕ***

*Република Македонија ги исполни условите од првата фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) и натамошната либерализација е предвидена по преминувањето во втората фаза од ССА.*

*Ќе се изврши натамошно усогласување со европското законодавство во делот на платните системи и спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам.*

### 3.04.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

До крајот на 2013 г ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење за уредување на:

- постапката по која резидентните инвестициски фондови можат да издаваат удели на отворени инвестициски фондови и акции на затворени инвестициски фондови во странство и постапката по која нерезидентните отворени и затворени инвестициски фондови можат да продаваат удели, односно акции во Република Македонија. За овие активности резидентните инвестициските фондови треба да добијат согласност од Комисијата за хартии од вредност,
- вложувањето и тргувањето со инвестициско злато во Република Македонија и во странство кое ќе има третман на капитална инвестиција. Притоа, вложувањето и тргувањето со инвестициско злато во Република Македонија од страна на нерезиденти ќе се уреди со посебен закон, додека резидентите ќе можат да вложуваат и тргуваат со инвестициско злато во странство по истекот на втората етапа од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, и
- пријавувањето на внесувањето и изнесувањето на ефективни странски и домашни пари и чекови, во согласност со регулативата на Европскиот парламент за контрола на готовината која влегува и излегува во и од границите на Европската Унија кое ќе се врши на образец кој ќе биде достапен на граничните премини и на интернет страниците на Министерството за финансии и Царинската управа.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Врз основа на Законот за девизно работење, Министерството за финансии ќе донесе Правилник за образецот за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови.

Комисијата за хартии од вредност ќе ги донесе подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за девизно работење и се однесуваат на условите и начинот под кои резидентните и нерезидентните инвестициски фондови можат да добијат одобрение за издавање, односно продажба на удел и акции во странство, односно во Република Македонија.

Со влегување во втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) ќе се изврши понатамошна либерализација на движењето на капитал и исплати во согласност со одредбите од Спогодбата. Исто така, НБРМ ќе изврши и соодветно законско усогласување на подзаконските акти што се во нејзина надлежност

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Со влегување во втората фаза од ССА ќе се изврши целосна либерализација на движењето на капитал и исплати во согласност со одредбите од Спогодбата. Исто така, НБРМ ќе изврши и соодветно законско усогласување на подзаконските акти што се во нејзина надлежност.

### 3.04.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во мај 2013 г. јавно е претставена Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија за периодот 2013-2017 год. Во тек е усогласување помеѓу институциите за носителите на активностите и временската рамка за нивно спроведување во вид на Акциски план за спроведување на Стратегијата кој треба да се усвои од Националниот совет за платни системи (НСПС) до крајот на 2013 год.

Клучните стратегиски насоки за наредните пет години се однесуваат на натамошно усогласување со законодавството на ЕУ и примена на стандардите на Единствена област за плаќање во евра (СЕПА), унапредување на националната платежна статистика во согласност со методологијата за платежна статистика на Европската централна банка (ЕЦБ), унапредување на системи за плаќање, порамнување и клиринг на трансакциите во земјата и усогласување со меѓународната методологија и стандарди за работа на платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност.

Во јули 2013 г, НБРМ во соработка со централните банки на Холандија и Португалија ја организираше шестата конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност за обука на членовите на работните групи при НСПС за прашања поврзани со спроведувањето на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија за периодот 2013-2017 год.

НБРМ изработи предлог Политика за надгледување на платните системи чие усвојување се планира до крајот на 2013 г. Во Политиката се применети практики и принципи на надгледување на платните системи во согласност со оние на Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и ЕЦБ. Во завршна фаза е и изработката на информација за методологијата за проценка на усогласеноста со начелата за инфраструктурата на финансиските пазари донесени од страна на Комитетот за системи за плаќање и порамнување на хартии од вредност (ЦПСС) при Банката за меѓународни порамнувања и Меѓународната организација на Комисии за хартии од вредност (ИОСЦО) . Оваа информација заедно со соодветната регулатива на ЕЦБ ќе претставува основа за натамошно унапредување на регулативата на НБРМ за надгледување на платните системи. Исто така, во завршна фаза е и изработката на предлог на методологија за платна статистика на НБРМ во склад со методологијата на ЕСЦБ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во согласност со Националната стратегија за развој на платниот систем за периодот 2013-2017 ќе се воведе платниот инструмент **-** Директно задолжување врз основа на стандардите и правилата на СЕПА и Регулативата 260/2012 за утврдување на технички и деловни услови за кредитни трансфери и директни задолжувања во евро.

Во втората половина на 2014 г. се очекува започнување на проектот „Понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа на слободното движење на капитал и финансиски услуги-пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги", финансиран од ИПА 2010 кој ќе трае 18 месеци. Првата компонента од проектот е подготовка на нов Закон за платен промет и соодветни подзаконски прописи заради целосно транспонирање на Директивата 2007/64/ЕЗ и друго сродно законодавство на ЕУ од областа на платните услуги.

НБРМ ќе врши надзор над платните системи, согласно Законот за платен промет*.*

Во 2014 г. се планира организација на седмата меѓународна конференција за платни системи и системите за порамнување хартии од вредност во соработка со Централната банка на Холандија и Централната банка на Португалија, на која ќе се опфатат теми поврзани со платежната инфраструктура и нејзиниот развој на европско ниво.

Исто така, во текот на 2014 се предвидува завршување на методологијата за платна статистика на НБРМ во согласност со методологијата на ЕСЦБ и нејзина презентација пред банките.

Во 2014 г. се предвидува превод на Принципите за инфраструктурата на финансиските пазари донесени од ЦПСС при Банката за меѓународни порамнувања и ИОСЦО.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Донесување на нов Закон за платен промет и соодветни подзаконски акти користејќи техничка помош од ИПА 2010.

**Институционална рамка**

Во делот на платните системи, Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамки на Секторот за финансиски систем ќе се зајакнува со

нови вработувања согласно обемот на работните задачи.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Националната стратегија за развој на платниот систем за периодот 2013-2017 г. дефинира осум приоритетни стратегиски насоки за наредните пет години. Практичната реализација на стратегиските насоки ќе ја вршат работни групи составени од претставници од Министерството за финансии, НБРМ, Клириншки интербанкарски систем (КИБС), Интернационален картичен систем ( КАСИС) и комерцијалните банки, формирани од страна на НСПС. Не се предвидува посебен буџет за активностите на работните групи.

Во втората половина на 2014 г. се очекува започнување на проектот „Понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа на слободното движење на капитал и финансиски услуги-пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги“, финансиран од ИПА 2010, во износ од 1.300.000,00 ЕУР. Република Македонија учествува во финансирањето на Проектот со 130.000,00 ЕУР, додека ЕУ со средства во висина од 1.170.00000 ЕУР и тој ќе трае 18 месеци. Целта на Проектот е транспонирање на Директивата 2007/64/ЕЗ и друго сродно законодавство на ЕУ од областа на платните услуги преку подготовка на нов закон за платен промет и подзаконски акти и транспонирање на ЕУ директивите од областа на пазарот на капитал во националното законодавство.

## 3.04.3 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2012 г. влегоа во сила измените и дополнувањата на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/08, 57/10 и 35/11), за усогласување на Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам со Законот за кривична постапка и со Законот за прекршоци. Исто така, називот на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам се менува во Управа за финансиско разузнавање (УФР), со што се врши усогласување со меѓународните стандарди и практика.

Moneyval Комитетот на експерти за евалуација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам при Советот на Европа го евалуираше системот за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам на Република Македонија.
Во евалуацијата учествуваат сите надлежни институции, надзорни органи и субјекти задолжени со закон. Мисијата на лице место се спроведе од 3-8 јуни 2013 г., а УФР ги презеде сите мерки за успешна реализација на евалуацијата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

УФР континуирано ќе ги следи промените и донесувањето на нова меѓународна регулатива во сферата на спречување на перење пари и финансирање на тероризам и следствено на тоа ќе врши усогласување на домашното законодавство.

**Институционална рамка**

Се планираат постојани обуки и едукација на лицата вработени во УФР и другите надлежни органи кои ги спроведуваат мерките и дејствијата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, како и финансиските и нефинансиските институции.

Предвидено е да се запази зацртаната рамка на вработувања согласно НПАА за целосно спроведување на актот за Систематизација за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на УФР.

Република Македонија ќе учествува на Пленарниот состанок на Moneyval Комитетот кој ќе се одржи кон крајот на март или почетокот на април 2014 година. На овој Пленарен состанок на Moneyval Комитетот на експерти при Совет на Европа, Република Македонија ќе го брани Извештајот од 4-от круг на евалуација на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок, планирани се следните активности:

- Институционална надградба, одржување и унапредување на техничките капацитети на УФР,

- Унапредување на ефикасноста на системот за меѓуинституционална соработка,
- Подготовка на Национална Стратегија за проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, согласно новите ревидирани препораки на ФАТФ,
- Донесување на нов Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам усогласен со новите ревидирани 40 препораки на ФАТФ и препораките од извештајот на Moneyval Комитетот и
- Следење на директивите и конвенциите на ЕУ и усогласување на домашното законодавство со истите.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Планирана е континуирана надградба на системот за електронско прибирање на податоци, автоматска обработка и категоризација, анализа на случаи и генерирање на извештаи во Управата како дел од имплементацијата на обврските кои произлегуваат од Проектот ASK Makedonija. Унапредувањето на информатичките капацитети ќе овозможи сите задолжени субјекти, електронски, преку веб апликација да доставуваат извештаи за сомнителни трансакции/активности.

На почетокот на 2014 г. се планира да започне втората фаза од имплементацијата на проектот, односно фазата на продукција. До крајот на 2014 г. се планира новиот систем комплетно да биде ставен во употреба.

## 3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ

***РЕЗИМЕ***

*„Стратешки приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014 – 2018 год.“ ќе се реализираат, заради воспоставување на ефикасен систем на јавните набавки. Ќе продолжи спроведувањето на Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство ќе се доусогласи со Директивата бр. 2007/66/ЕЗ за правна заштита.*

### 3.05.1.ОПШТИ ПРИНЦИПИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2013 година се донесе документот „Стратешки приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014–2018“, врз снова на нацрт –стратегијата, изготвена во рамките на твининг проектот ИПА 2008 „Поддршка на системот за јавни набавки“.

Кон крајот на 2013 година се усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” бр. 148/2013) со кој се предвидуваат повеќе мерки за подобрување на конкуренцијата, олеснување на пристапот на економските оператори до пазарот на јавни набавки, стеснување на просторот за злоупотреби и друго. Некои од поважните мерки се: (1) задолжително објавување на тендерската документација во електронска форма на Електронскиот систем за јавни набавки во исто време со објавувањето на огласот; (2) се забранува наплата на надоместокот за подигање на тендерска документација; (3) се пропишува експлицитна забрана за групирање на ставки во рамките на предметот на набавка на начин со кој се ограничува конкуренцијата на само еден економски оператор; (4) се предвидува зајакнување на контролата и спречување на злоупотребата во постапката за јавни набавки. (Повеќе за мерките за спречување злоупотреби и методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика види во Поглавје 3.23 Правосудство и фундаментални права, Дел 2 антикорупциска политика).

Во 2013 година, бројот на редовно вработени во Бирото за јавни набавки (БЈН) изнесуваше 18 лица.Континуирано се обучуваат постоечкиот и новопримениот кадар. . Обучувањето се одвиваш преку учества на семинари, работилници и размена на искуства со странски експерти со кои БЈН има воспоставено соработка.

За целосно усогласување со европското законодавство во 2013 година се заокружи процесот на усогласување на секторското законодавство од областа на концесиите со одредбите на Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ“ бр.6/2012). Согласно Листата на посебни закони (15) и насоките изготвени од страна на СИГМА, до крајот на 2013 година овој процес се финализира со донесување на15 закони во надлежност на соодветните министерства.

Дел од институционалната рамка во областа на јавно приватно партнерство претставува и *Советот за јавно приватно партнерство*, основан со одлука на Владата на 16.07.2013 година („Службен весник на РМ“ бр.103/2013). Советот ќе овозможи подобра соработка меѓу јавниот и приватниот сектор и заедничко учество во креирањето на политиките во оваа област.

Исто така, во овој период се основаше Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство во електронска форма, како единствена база на податоци за склучените договори во оваа област.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2014 година ќе се продолжи со активностите за спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” бр. 148/2013), како и на документот „Стратешки приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014 – 2018“.

Приоритет во овој период ќе биде воведување на добрите практики во јавните набавки. БЈН ќе изврши анализа на Директивата за набавки во одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ во соработка со институциите што вршат ваков вид на набавки, а особено со Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

**Институционална рамка**
БЈН ќе продолжи со задолжително сертифицирање на службениците од  договорните органи согласно одредбите од Законот за јавните набавки.  .БЈН ќе го зајакне својот капацитет со нови вработувања.  Во 2014 година ќе се формира *Совет за јавни набавки* во рамките на БЈН кој согласно условите од законот, ќе решава по барања за добивање согласност пред објавување на огласот. По основањето на Советот ќе се реализираат и останатите предуслови предвидени во законот.

БЈН во текот на 2014 година, ќе ги продлабочи воспоставената соработка и размена на искуства со соодветните институции во земјите од југозападен Балкан.

Во 2014 година се планира финализирање на постапката за обезбедување на странска помош во областа на концесиите и јавното приватно партнерство (ЈПП) за реализација на обуките од страна на квалификувани експерти, за зајакнување на  капацитетите кај инволвираните страни за успешна  реализација на проекти за јавно приватно партнерство.

Во овој период се предлага  зајакнување на улогата на Советот за јавно приватно партнерство и негово поголемо учество во креирањето и реализацијата на политиките во областа на јавно приватно партнерство.

Одделението за концесии и јавно приватно партнерствово рамките на Министерството за економија ќе се доекипира со нови вработувања.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во овој период, врз основа на анализа,  ќе се транспонира Директивата бр. 2009/81/ЕЗ за набавки во одбраната и безбедноста. Исто така Законот за јавните набавки целосно ќе се доусогласи со  Директивата бр. 2007/66/ЕЗ за правна заштита.

Истовремено ќе се реализираат активностите од документот „Стратешки приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014 – 2018“ заради натамошно усогласување со европското законодавство, како и спроведување на добрите практики во јавните набавки.

**Институционална рамка**
На среден рок ќе се  обучуваат и  усовршуваат  вработените во БЈН и ќе се унапредува институционалниот капацитет.

Во среднорочниот период, по доекипирање и зајакнување на Одделението за концесии и јавно приватно партнерство, во рамките на Министерството за економија, се планира  организирање на повеќе семинари, работилници и обуки во областа на јавно приватно партнерство, за вработените во државните институции  и за вработените во  единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија и др. институции од јавниот сектор, како и за заинтересирани учесници од приватниот сектор  (економски оператори).

## 3.05.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Трендот на користењето на е-набавките ги зголеми ефикасноста и ефективноста на системот за јавни набавки во  Република Македонија. За да им помогне на договорните органи и економските оператори при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки согласно последните пообемни измени на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија'' бр.185/11), БЈН  го ажурираше Прирачникот за јавни набавки и прирачниците за начинот на користење на ЕСЈН за договорни органи и економски оператори.

Во текот на 2013 година, Бирото активно работеше на зајакнување на капацитетот на договорните органи преку спроведување на обуки: 4 работилници за 69 службеници од Државниот завод за ревизија; во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација 3 работилници за 76 лица (57 од централната власта, а 19 од локалната власт); и со Академијата за судии и јавни обвинители, 3 обуки за 69 службеници од судовите и јавните обвинителства. Бирото организираше обука за 50 обучувачи за јавни набавки, а до крајот на март месец 2013 година, 36 учесници се здобија со обновени сертификати за обучувачи. Во поглед на обврската за обновување на знаења на договорните органи, Бирото спроведе 6 обуки за лица кои претходно стекнале

потврда за положен испит по јавни набавки, а заклучно со 10.11.2013 беа обучени 107 лица. Согласно Годишната програма за едукација за јавни набавки за 2013 година, се спроведоа 17 обуки со 329 посетители на едукацијата за јавни набавки, сите од договорните органи. Согласно Планот за едукација беа одржани и 3 обуки на кои присуствуваа 39 учесници од економските оператори. Соработката со државните органи како: Државниот завод за ревизија (ДЗР), Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, беше успешна во текот на целата година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во овој период ќе се реализираат „Стратешките приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014 – 2018“.

Ќе се спроведат некои од поважните мерки кои се воведоа со последните измени и дополнувања на Законот како што се: воспоставување нова функционалност на Електронскиот систем за јавни набавки за поднесување на конечна цена, задолжително објавување на тендерската документација во електронска форма на ЕСЈН во исто време со објавувањето на огласот, како и спроведување на нови модули согласно измените од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” бр. 148/2013), со што ќе се надградува ЕСЈН.

**Институционална рамка**

Со користењето на е-набавките ќе се зголемат ефикасноста и ефективноста на системот за јавни набавки во Република Македонија. Во 2014 година ќе продолжат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена во Планот за едукација за јавните набавки.

Советот кој треба да се формира во рамките на БЈН, ќе обезбедува законитост во постапката преку согласности кои ќе ги издава во случаите кога со дефинираните технички спецификации или со критериумите за утврдување способност се ограничува значително пристапот до предметната постапка за доделување договор за јавна набавка. Повеќе за мерките за спречување злоупотреби види Поглавје3.23 Правосудство и фундаментални права, Дел 2 антикорупциска политика.

Со цел постојано да се унапредува воспоставениот систем за јавни набавки, Бирото континуирано ќе соработува со институциите кои од свој аспект на делување влијаат врз истиот како Министерството за правда, Државната комисија за жалби по јавните набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и други институции.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Главна придобивка од успешното спроведување на Стратешките приоритети ќе биде задоволување на потребите на договорните органи и интересите на економските оператори на полето на јавните набавки.

Во овој период акцент ќе биде ставен и на зголемување на бројот на постапки кои ќе се спроведуваат, а се планира да се воведат иновативни решенија на ЕСЈН кои ќе го олеснат учеството на постапките по електронски пат за економските оператори.

Исто така на среден рок ќе се изврши надградување на постоечките тендерски документи, прирачници и водичи.

## 3.05.03 ПРАВНИ ЛЕКОВИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Надлежностите на Државната комисија, вклучуваат одлучување за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање на дејствија, како и за законитоста на одлуките донесени во постапките за доделување на договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство. Со измените на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2013), на Државната комисија и се зголеми надлежноста во однос на решавање по жалби на решенија донесени од страна на Советот за јавни набавки. Како дел од последните законски измени на Законот за јавните набавки е и тоа што договорниот орган е должен да постапи по решението на Државната комисија, во спротивно ќе се смета дека не е спроведена постапка за доделување

на договор за јавна набавка. . Исто така овозможено им е правото на жалба на економските оператори по однос на објавената негативна референца во постапка на правна заштита.

Државната комисија за жалби по јавни набавки вкупно брои 15 вработени.

Повеќе во поглед на усогласеноста со директивите на Европската унија кои се однесуваат на правната заштита во постапките за доделување на договорите за јавни набавки на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2012, 15/2013, 148/2013 и 160/2013), види во дел 3.05.1.општи принципи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

За доближување на новите законски решенија до договорните органи и економските оператори за новиот систем на правна заштита согласно Законот за јавните набавки, ќе се остварат работни средби со економските оператори и со договорните органи.
Соработката ќе продолжи и на полето на заедничка работа на измените и дополнувањата на правната рамка која го регулира системот на правна заштита.

**Институционална рамка**

Ќе продолжат обуките за членовите и стручните советници на Државната комисија за жалби по јавни набавки и во 2014 година преку: учество на семинари, учество на работилници и студиски посети зазајакнување на вкупните капацитети на Државната комисија за спроведување на домашната правна рамка за јавни набавки, концесии и јавно – приватно партнерство како и соодветните директиви и практики во ЕУ.
Нови вработувања во Стручната служба на Државната комисија се планираат и во 2014 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во Европската унија и ќе се спроведат во домашната регулатива. Државната комисија и во наредниот период ќе продолжи со давање иницијативи за натамошно унапредување на правната рамка воопшто, а и посебно во делот на законските одредби за правната заштита. Државната комисија ќе се зајакне преку нови вработувања на административен персонал во стручната служба, развој и одржување на човечките ресурси, како и зголемување на Буџетските средства воопшто, а особено во насока на опремување на Државната комисија со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во наредниот период Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе ја продолжи соработката со СИГМА и другите релевантни меѓународни институции од областа на јавните набавки, концесиите и јавното – приватно партнерство, преку организирање на разни, семинари, обуки и работилници.

# 3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА


***РЕЗИМЕ***

*Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ќе донесе Правилник за критериумите за утврдување на заедничко дејствување. Се очекува објавување на ажурираните Извештаите за почитување на стандардите и кодексите за сметководство и ревизија за Република Македонија - ИПСК за сметководство и ревизија (Accounting and Auditing Reports on the Observance of Standards and Codes - A&A ROSC), од страна на Светска банка.*

*Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија ќе ги спроведува работите во негова надлежност кои произлегуваат од Законот за вршење на сметководствени работи.*

*Заради доусогласување со Директивата за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки 32006L0043 ќе се донесе Законот за измена и дополнување на Законот за ревизија.*

*Ќе се продолжи со следење и натамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.*


## 3.06.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во мај 2013 година се донесе нов Закон за преземање на акционерски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/13), со кој целосно се спроведува Директивата бр. 2004/25/ЕЗ за понуди за преземање. Со Законот се јакне заштитата на сопствениците на хартии од вредност, пред сѐ малцинските акционери во акционерските друштва кои се предмет на преземање, и се воспоставуваат јасни и транспарентни правила при преземање на акционерските друштва.

Врз основа на Законот за преземање на акционерски друштва, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги донесе следните подзаконски акти:

- Правилник за документацијата што се поднесува кон барањето за издавање дозвола за понуда за преземање („Службен весник на Република Македонија“ бр.128/13),
- Правилник за содржината на проспектот за преземање („Службен весник на Република Македонија“ бр.128/13) и
- Правилник за условите кои треба да ги исполнат хартиите од вредност за замена („Службен весник на Република Македонија“ бр.143/13).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Врз основа на Закон за преземање на акционерски друштва, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ќе донесе Правилник за критериумите за утврдување на заедничко дејствување.

## 3.06.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

### СМЕТКОВОДСТВО

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во делот на сметководството до крајот на 2013 година ќе следи натамошна операционализација на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, со цел извршување на законските надлежности на Институтот. Министерството ќе ги извршува надлежностите кои произлегуваат од Законот за вршење на сметководствени работи и се однесуваат на следење на работата на Институтот и давање согласност на актите на Институтот.

Се очекува Светска Банка да ги објави Извештаите за почитување на стандардите и кодексите за сметководство и ревизија за Република Македонија - ИПСК за сметководство и ревизија (Accounting and Auditing Reports on the Observance of Standards and Codes - A&A ROSC). Со ажурирањето на ИПСК за сметководство и ревизија ќе се оцени степенот на усогласеност на законската рамка за корпоративно финансиско известување со acquis communautaire.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**
Во текот на 2014 година Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија ќе ги донесе следните акти:

- Програма за полагање на испит за добивање уверение за сметководител односно овластен сметководител,
- Програмата за одобрување на квалификација за сметководител односно овластен сметководител стекната во странство,
- Годишна програма за континуирано професионално усовршување,
- Годишна програма за контрола на работењето на вршителот на сметководствени работи, трговецот поединец-сметководител, трговецот поединец-овластен сметководител и друштвото за вршење сметководствени работи и
- Годишна програма за работа и развој и годишен финансиски план на Институтот.

Министерството за финансии дава согласност на актите пред нивното усвојување, согласно Законот за вршење на сметководствени работи.
Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија ќе започне со спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување на членовите на Институтот, и ќе организира испит за добивање уверение за сметководител односно овластен сметководител.

Препораките содржани во ажурираниот ИПСК за сметководство и ревизија ќе започнат да се спроведуваат.

**Институционална рамка**
Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамките на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии ќе се зајакне со вработување на едно лице**.**
Ќе се изберат членовите на работните тела на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија дефинирани со Законот и Статутот на Институтот.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
На среден рок ќе се усогласува националното законодавство со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва.
Министерството за финансии ќе го следи спроведувањето на Законот за вршење на сметководствени работи.
Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија ќе ги врши работите уредени со Законот за вршење на сметководствени работи, и тоа:

- организирање на обуки за континуирано професионално усовршување,
- спроведување испит за сметководител и овластен сметковоител,
- издавање уверенија за сметководител и овластен сметководител,
- издавање лиценци за работа на трговци-поединци сметководители, трговци-поединци овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи и
- контрола на работењето на сметководители, овластени сметководители, трговци-поединци сметководители, трговци-поединци овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи.

**Институционална рамка**
Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамки на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

**РЕВИЗИЈА**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
До крајот на 2013 година Институтот на овлатени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) очекува да добие согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата (СУНР) по однос на новиот Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ и новиот Правилник за начинот и постапката на контрола на квалитет на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец. Со новите правилници се врши усогласување со одредбите од Законот за ревизија.

Советот за унапредување и надзор на ревизијата во изминатиот период ги реализира следниве активности:

- Правилник за начинот на работа на СУНР за решавање во втор степен по жалби на изречени дисциплински мерки на ИОРРМ,
- Годишен извештај за работа на СУНР за 2012 година,

- Годишна програма за работа на СУНР за 2013 година,
- Финансиски план за работа на СУНР за 2013 година,
- Тарифник за издавање лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор – трговец поединец и на овластен ревизор донесен од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата,
- Упатство за формата и содржината на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор, друштво за ревизија и овластен ревизор – трговец поединец и
- Упатство за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на лиценца за овластен ревизор и лиценца за работа за вршење на работи на ревизијата

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во делот на ревизијата во 2014 година се очекува донесување на измените и дополнувањата на Законот за ревизија. Измената на Законот е во насока на доусогласување на законот со Директивата на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија 32006L0043 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки од 17 мај 2006 година. Предложените законски решенија се во насока на подетално уредување на постапката и опфатот на контролата на квалитетот и утврдување на критериуми што треба да ги исполнуваат лицата кои вршат контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластениот ревизор трговец-поединец. Утврдување на дисциплински мерки согласно дисциплинскиот престап што Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и Советот за унапредување на ревизијата може да ги изречат спрема друштвото за ревизија, овластениот ревизор трговец-поединец и овластениот ревизор, како и дефинирање на осигурувањето од одговорност за штетен настан што друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец може да го предизвикаат на субјектот кај кого се врши ревизијата или на трети лица при вршењето на ревизијата.

Ќе се спроведуваат препораките од ажурираниот ИПСК извештај за сметководство и ревизија.

ИОРРМ ќе спроведува испити за стекнување на звањето ревизор и континуирано професионално усовршување за овластените ревизори. Исто така, како дел од редовните активности на ИОРРМ ќе се изготви и Извештај од спроведена контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2013 година, кој што ќе биде составен дел од Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2013 година, како и подготовка на Годишен план за проверки за контрола на квалитетот за 2014 година.
СУНР во текот на 2014 година ќе донесе Годишна програма за работа за 2014 година и Финансиски план за работа за 2014 година.

**Институционална рамка**

Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на ревизијата и заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови вработувања.

Во 2014 година заради подобрување на административните капацитети и ефикасно извршување на административно техничките работи поврзани со работењето на СУНР, предвидени се четири вработувања, како и одржување на обуки и работилници.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во делот на ревизијата*,* ќе се продолжи со понатамошно следење и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.

**Инстиционална рамка**

Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на ревизијата и предвидени се нови вработувања во Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија.

# 3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ


***РЕЗИМЕ***
*Клучно постигнување во ова подрачје се донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП), Законот за ратификација на Договорот за Најроби за заштита на олимпискиот симбол, скенирање на патентната документација, создавање на законска основа за бесплатно отстапување на одземени стоки што повредуваат право од интелектуална сопственост на државен орган, одржување на Регионална TAIEX работилница на тема "Криминалот во областа на интелектуалната сопственост". Клучни цели во следниот период се донесување на Стратегија за индустриска сопственост, скенирање на документацијата за трговски марки, јакнење на јавна свест и јакнење на административни капацитети.*


## 3.07.1 АВТОРСКИ ПРАВА И СРОДНИ ПРАВА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во јуни е одржана работилницата за колективно управување со авторски и сродни права, организирана од Генералниот директорат за проширување на Европската комисија во рамки на инструментот Таиекс (TAIEX).

Министерство за култура (МК), организираше јавни дебати по однос на нацрт- текстот на Законот за изменување и дополнување на ЗАПСП на кои активно учествуваа претставници на организациите за колективно управување, корисниците, како и експерти од областа.

Преземени се активности во насока на донесување на подзаконски акт со кој ќе се пропишат обликот, содржината и техничките карактеристики на системот за електронска евиденција на радиодифузното емитување на авторски дела и предмети на сродните права, предвиден со новите измени на Законот за авторското право и сродните права.

Во Секторот за авторско право и сродни права се уште има само четири државни службеници.

МК продолжи да ги спроведува обврските од Законот за процена – за спроведување на програмата за обука и на стручен испит за проценител.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Ќе се обезбеди спроведување на Законот за изменување и дополнување на ЗАПСП, со донесување на предвидените подзаконски акти и спроведување на постапката за донесување тарифа за утврдување на надомест за користење на авторски дела и предмети на сродните права.

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

МК ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на остварувањето на авторското право и сродните права (предавања, средби со претставници на организации за колективно управување, корисници, автори и носители на сродните права и слично).
Во согласност со надлежностите, ќе се продолжи со поддршката за основање на организациите за колективно управување, а работата на постојните континуирано ќе се следи и контролира.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

Континуирано ќе се следи спроведувањето на ЗАПСП.

Ќе се интензивира соработката со државните органи надлежни во областа на авторското право и сродните права во земјите од поблиското опкружување.

Ќе се организираат континуирани активности за стручно оспособување и усовршување на кадарот од Секторот за авторски права и сродни права во МК, но и на и другите државни органи.

Ќе се интензивира активната соработка со надлежните органи и институции вклучени во остварувањето и заштитата на авторското право и сродните права.

### 3.07.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Во рамките на соработката со Европската патентна организација (ЕПО), Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС), ја изготви и отпечати публикацијата, во која се дадени насоките за развојот на политиките на универзитетите во поддршка на патентната заштита и иновациите, трансферот на технологии, како и на спроведувањето на правата од индустриска сопственост.

Во тек е одобрување на проектот за донесување на Стратегија за индустриска сопственост. Со поддршка на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) изработена е првата Нацрт - Верзија на водичот за донесување на Стратегијата за индустриска сопственост.

Законот за ратификација на Договорот за Најроби за заштита на олимпискиот симбол е усвоен и објавен во Службен Весник на Република Македонија бр.165/2013. Со тоа целосно се исполнија обврските од Анексот 7 од ЦЕФТА Договорот.

Претставници од ДЗИС активно учествуваа во работата на СОИС и ЕПО. Вработените од ДЗИС учествуваа на повеќе семинари, конференции работилници и обуки во земјата и во странство.
ДЗИС по препорака на Владата на Република Македонија, одржа 2 семинари на тема “Ефективно пишување меѓународни пријави на патент” и “Практични примери за ефективно пишување на меѓународни патентни пријави”, кои имаа за цел да ги обучат застапниците од индустриска сопственост за квалитетно пишување и поднесување меѓународни пријави на патент.
Проектот за скенирање на патентната документација со кој ќе се овозможи понатамошно надградување на системите за електронско поднесување на патентни пријави (OLF online filing), (espacenet level 1) е завршен.

Материјалите за поддршка на мали и средни претпријатија во рамките на Проектот ИП4ино се преведени и за нивна промоција се одржани два семинари за претставници од мали и средни претпријатија и студенти од Правниот факултет Јустинијан Први.

Се одржа Симпозиум за предизвиците на индустриската сопственост на глобално ниво.
Во 2013 година започнаа обуки на вработените на ДЗИС за изучување на официјалните јазици на ЕПО и ќе се спроведуваат до 2015 година.
ДЗИС продолжи со активностите за подигнување на јавната свест, преку спроведување на обуки, семинари, спроведување на акции за уништување запленети производи итн.

Во насока на стимулирање и афирмирање на пронаоѓаштвото во меѓународни рамки, ДЗИС даде поддршка за учество на четири меѓународни изложби.

Во Министерството за економија преку Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2013 година (Службен весник на РМ бр. 4/13, 77/13 и 103/13), беа предвидени мерки за поддршка на патенти, за кои не беа поднесени барања од деловни субјекти.

Во текот на 2013 година, до Министерството за економија (МЕ) беа поднесени и одобрени 4 (четири) барања за издавање лиценца за Проценители на индустриска сопственост.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Ќе се донесе Стратегија за индустриска сопственост 2014-2017.

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството на општинско ниво, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Ќе започне проектот за скенирање на документација за трговски марки со кој ќе се овозможи понатамошно надградување на системите за електронско поднесување на пријави за трговски марки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

Ќе се спроведува Стратегијата за индустриска сопственост 2014-2017.

Ќе продолжат обуките на вработените во ДЗИС преку плановите за соработка со СОИС и ЕПО за заштита на правата од индустриска сопственост.

ДЗИС ќе продолжи со редовните активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Во насока на обезбедување на финансиски средства за реализација на јавната кампања за подигнување на свеста за штетните последици по здравјето од користење и употреба на фалсификувани производи, особено кај најмладата популација (децата), ЦУРМ прави напори за изнаоѓање на финансиски средства за реализација на јавната кампања.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
МЕ ќе ја подготви Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година, со која ќе се обезбеди поддршка на деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците од областа на индустриската сопственост.

Во 2014 и 2015 година ќе продолжи обуката на вработените во ДЗИС за изучување на официјалните јазици на ЕПО.

Во 2014 година ќе се спроведат 8 обуки преку Европската патентна академија во рамките на соработката со ЕПО, 5 обуки за вработени од ДЗИС и 3 за претставници од институциите задолжени за спроведување на правата од индустриска сопственост.

Во тек е одобрувањето на Плановите за соработка со СОИС и со ЕПО. Податоците и активностите ќе се доставаат дополнително по одобрувањето.

## 3.07.3 СПРОВЕДУВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Започна спроведувањето на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост.
Законот за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост е донесен и објавен во Службен весник на Република Македонија бр.69/2013.

Правилникот за изменување на Правилникот за спроведување на законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост е донесен и објавен во Службен весник на Република Македонија бр.132/2013.

Владата на Република Македонија донесе Уредба за начинот на распределба на бесплатно отстапена стока од државен орган и образец на извештај за бесплатно отстапена стока на страна државен орган.

Царинската управа на Република Македонија (ЦУРМ) ги донесе: Корисничкото упатство за работа со платформата на Светската царинска организација (СЦО) за заштитени трговски марки и повреда на права од

интелектуална сопственост, Упатството за воведување на електронски евиденции во процесите за заштита на правата од интелектуална сопственост и Упатството за спроведување на царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост.
Воведена е електронската евиденција во процесите за заштита на правата од интелектуална сопственост. Целта на воведување на истата е добивање на систематизирана и структурирана база на податоци за овозможување на пристап до привремено задржаните стоки по основ на повреда на права од интелектуална сопственост и детален преглед на заштитените трговски марки.

ЦУРМ во соработка со Реакт Балкан (React Balkan), организираше семинар – презентација за подобрување на административниот капацитет за подобрување на борбата против трговијата со фалсификувани производи.
Во рамките на континуираната обука, во текот на 2013 година заклучно со месец ноември, Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) реализираше 10 обуки посветени на различни аспекти на заштитата на правата од интелектуална сопственост.

На 30 и 31 мај 2013 година, во Скопје, се одржа Регионална таиекс работилница на тема "Криминалот во областа на интелектуалната сопственост". Целта на оваа работилница беше разгледување на проблемот со организираниот криминал во областа на интелектуалната сопственост во поширок контекст и поттикнување на соработката помеѓу надлежните институции во регионот. Посебен акцент беше ставен на следењето на каналите за фалсификување и пиратерија, справувањето со "пирамида за фалсификување", трговијата со фалсификувани лекови преку интернет, меѓународната соработка и подигнувањето на свеста на потрошувачите за нивните здравствени ризици и закани за нивната безбедност.

Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС), согласно Оперативната програма за борба против пиратеријата и фалсификувањето, спроведе вкупно четиринаесет координирани акции и две јавни акции за уништување на одземените производи по завршени судски постапки, со кои се повредуваат правата од интелектуална сопственост. КТИС и во 2013 година продолжи со промотивни активности за јакнење на јавната свест за значењето и придобивките од заштитата на правата од интелектуална сопственост преку организирање на кампања насловена "Останете здрави, користете оригинали".

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2014 година во зависност од резултатите на гап анализата која е во тек ЦУРМ ќе донесе Закон за изменување и дополнување или нов Закон за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост. Ова заради усогласување со новата регулатива на ЕУ за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, која ќе ја замени постоечката регулатива бр.1383 од 2003 и бр.1891 од 2004 година.

Градењето на системот на заштита на правата од интелектуална сопственост ќе продолжи да се остварува преку реализирање на Програмата на КТИС, со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата. Активностите на КТИС и на другите институции во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост ќе се насочат кон сузбивање на фалсификатите и пиратеријата и подигнувањето на јавната свест.

ЦУРМ во рамките на постапката на новиот софтвер за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД, има предвидено посебен модул за заштита на правата од интелектуална сопственост, евидентирање на заплени по основ на повреда на права од интелектуална сопственост и поднесените барања за преземање на царински дејствија.

Согласно Програмата за континуирана обука, во текот на 2014 година ќе продолжи специјализирана обука на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост. Предвидено е, од буџетот на Академијата, да се подготват и спроведат вкупно 5 обуки, со вкупно 150 учесници или на секоја одделна обука по 30 учесници.

Заштитата на правата од интелектуална сопственост и во наредниот период ќе биде приоритет во работењето, и ќе продолжи да се остварува врз основа на Годишната програма за работа на Државниот пазарен инспекторат за 2013 година и месечните планирани активности.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

АСЈО ќе продолжи со континуирана едукација на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост, ќе издаде Прирачник кој ќе ја олесни примената на легислативата од оваа област, наменет за

судиите и јавните обвинители, ќе воведе и развие е - модул на обуки од областа на интелектуалната сопственост, преку системот за електронско учење.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Спроведување на ИПА Проект 2011 за зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост. Главна цел на проектот е зајакнување на капацитетот на ЦУРМ за спроведување и примена на правата од интелектуална сопственост преку понатамошно усогласување на законодавството и постапките со acquis и најдобрите практики поврзани со царинското спроведување на правата од интелектуална сопственост. Проектот е во фаза на подготовка и определување на механизмите за негово спроведување во текот на 2014 година.

## 3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА


***РЕЗИМЕ***

*Беа донесени нови подзаконски акти во подрачјето антитруст вклучувајќи и спојувања и подрачјето државна помош. КЗК донесе вкупно 22 (дваесет и две) решенија во подрачјето антитруст вклучувајќи и спојувања и 5 (пет) решенија во подрачјето државна помош. Преку Твининг проект за поддршка на КЗК беа организирани обуки за сите заинтересирани страни во процесот на контрола на државна помош. Во наредниот период ќе се работи на организирање напредни обуки за вработените во КЗК. Со цел ефикасна операционализација на програмата за попустливост (leniency programme) ќе се измени член 283 од Кривичниот законик на Република Македонија.*


### 3.08.1 АНТИТРУСТ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) продолжи со усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis со донесување на Насоки за начинот на поднесување и пополнување на известување за концентрација кои се усогласени со ЕУ регулативата 32004R0802.

Во стручната служба на КЗК вработени се вкупно 23 (дваесет и тројца) државни службеници. На спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата работат 6 (шест) државни службеници. Сите 6 имаат високо образование (3 правници и 3 економисти). Во текот на 2013 година дел од нив учествуваа на повеќе обуки, работилници и конференции, вклучувајќи ги и семинарите во организација на Регионалниот центар за конкуренција со седиште во Будимпешта, Унгарија (РКЦ-ОЕЦД/ГВХ) и обуките во организација на TAIEX.

КЗК во 2013 година, заклучно со 20.12.2013 година, донесе вкупно 22 (дваесет и две) решенија од кои 2 (две) решенија за забранет договор (едно донесено во управна постапка и едно донесено во прекршочна постапка), 2 (две) решенија за злоупотреба на доминантна позиција (едно донесено во управна постапка и едно донесено во прекршочна постапка) и 18 (осумнаесет) решенија за концентрации (сите 18 донесени во управна постапка). Заклучно со 20.12.2013 година, во тек се 16 (шеснаесет) постапки пред КЗК од кои 5 (пет) за забранет договор (сите пет се прекршочни постапки), 5 (пет) за злоупотреба на доминантна позиција (сите пет се прекршочни постапки) и 6 (шест) за оцена на концентрација (управна постапка).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се измени член 283 од Кривичниот законик на Република Македонија заради поефикасно спроведување на законодавството од страна на КЗК во делот на ефикасна операционализација на програмата за попустливост (leniency programme), која се воведе со новиот Закон за заштита од конкуренција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10 и 136/11).

КЗК во 2014 година ќе ги донесе следните Насоки:

- Насоки за вертикални ограничувања, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК со CELEX бр.: 52010XC0519(04) и
- Насоки за примена на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата кај хоризонтални договори, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК со CELEX бр.: 52011XC0114(04).

**Институционална рамка**

Во насока на јакнење на административниот капацитет на КЗК за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата, ќе се реализираат TAIEX обуки, национални обуки и обуки од РКЦ-ОЕЦД/ГВХ. Република Македонија ќе биде домаќин на семинар за Картели кај јавните набавки и местење на тендери. Семинарот ќе се реализира во рамки на соработката со РКЦ-ОЕЦД/ГВХ и на истиот ќе присуствуваат претставници од конкурентските управи на државите членки на РКЦ-ОЕЦД/ГВХ (17 држави).

До крајот на 2014 година ќе се реализираат нови вработувања во КЗК. Ќе се набави IT опрема и мебел потребни за реализација на предвидените тековни активности.

КЗК ќе продолжи да остварува блиска соработка со останатите регулаторни тела во Република Македонија, а особено со Регулаторната комисија за енергетика, Агенција за електронски комуникации, Советот за радиодифузија и Бирото за јавни набавки во согласност со потпишаните меморандуми за соработка, како и соработка во рамки на Мрежата за конкуренција при Енергетската заедница.

Со цел подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор ќе се издадат брошури, организираат конференции и јавни дебати за прашања од областа на антитруст и концентрации.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во овој период ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis согласно релевантните промени на истото.

**Институционална рамка**

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и TAIEX обуки за членовите на КЗК и вработените во стручната служба на КЗК. Воедно, се планира воведување на позиција Главен економист во КЗК со цел вршење на економски анализи и прибирање економски докази и податоци во случаите на забранети договори и злоупотреба на доминантна позиција.

Исто така, ќе се реализираат активности за подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор преку издавање на брошури, организирање на конференции и јавни дебати за прашања од областа на антитруст и концентрации.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во рамки на процесот на програмирање на ИПА 2, нотирана е потребата на КЗК за иден проект со цел зајакнување на нејзините капацитети во делот на антитруст вклучувајќи и концентрации

## 3.08.2 ДРЖАВНА ПОМОШ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10) и подзаконските акти донесени врз основа на Законот.

Во 2013 година беа донесени нова Уредба за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13) и нова Уредба за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, која во себе ги содржи и условите под кои се доделува помош за услуги од општ економски интерес. Донесувањето на овие уредби е со цел продолжување на континуираното усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis во областа на државната помош, а особено во областа на регионалната помош, хоризонталната помош и помошта за услуги од општ економски интерес.

На спроведување на Законот за контрола на државната помош работат 7 (седум) државни службеници вработени во стручната служба на КЗК. Сите 7 имаат високо образование (5 економисти и 2 правници).

Во 2013 година КЗК продолжи со активностите поврзани со јакнењето на свеста за контролата на државната помош преку Твининг проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“. Имено, зајакнувањето на капацитетите на заинтересираните страни и подигнувањето на свеста за прашањата од областа на државната помош, се реализираше со континуирано организирање на работилници и семинари за судиите, органите на локалната самоуправа, бизнис заедницата и новинарите како и за давателите на државната помош. Воедно, во рамките на твининг проектот беа организирани 46 (четириесет и шест) работилници за вработените во стручната служба на КЗК, а со цел зајакнување на административниот капацитет на вработените во Секторот за контрола на државната помош.

Во 2013 година, заклучно со 20.12.2013 година КЗК донесе 5 (пет) решенија за оцена на дозволеноста на доделување на државна помош по поднесени известувања од даватели на државна помош со кои одобри идно планирано доделување на државна помош.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Со поддршка на Твининг проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“ се постигна висок степен на усогласеност на националното законодавство со барањата на ЕУ acquis за државна помош. Во 2014 година не се предвидуваат активности за транспозиција.

**Институционална рамка**
Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и обуки. Во 2014 година ќе се реализираат напредни обуки на работното место на членовите на КЗК и вработените во стручната служба на КЗК, како и обуки и за давателите на државна помош.

Со цел подигнување на свеста на државните институции, судовите и деловниот сектор КЗК во првиот квартал на 2014 година ќе издаде Прирачник за државна помош наменет за судиите и Брошура за Законот за контрола на државната помош. Истите ќе се изработат со поддршка на Твининг проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во овој период ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis согласно релевантните промени на истото.

**Институционална рамка**
Во периодот 2015-2016 година ќе се продолжи со реализација на напредни обуки на работното место на членовите на КЗК и на вработените во стручната служба на КЗК. Обуките за давателите на државна помош ќе продолжат и во овој период и ќе се изведуваат од страна на стручната служба на КЗК.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Твининг проект „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“, финансиран преку ИПА компонента 1 за 2009 година, со времетраење од април 2012 - јануари 2014 година и вкупен буџет од 1 милион евра.

# 3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

***РЕЗИМЕ***

*Ќе бидат извршени измени и дополнувања на Законот за финансиски друштва во насока на зголемување на контролната улога на Министерството за финансии над работењето на финансиските друштва со цел обезбедување на постабилен финасиски систем. Ќе биде донесен нов Закон за осигурување во кој ќе се транспонира новата ЕУ Директива 2009/138/ЕС (Solvency II). Во текот на 2015 година ќе се донесе Закон за конечно порамнување во платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност, со кој ќе се транспонира Директивата за конечно порамнување (98/26/ЕЗ). Ќе се донесат измени на Законот за инвестициски фондови, заради усогласување на домашното законодавство со пакетот Undertakings for Collective Investment in Transferable Securities (UCITS 4) и усогласување со Директивата 2011/61/ЕЗ за алтернативни инвестициски фондови. Дополнително, се планира да се донесе нов Закон за пазар на капитал кој ќе биде целосно усогласен со соодветното законодавството на ЕУ.*

## 3.09.1. БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година беа реализирани краткорочните приоритети дефинирани во Националната Програма за усвојување на европското законодавство (НПАА), при што и натаму акцентот е ставен на задржувањето на сигурноста и стабилноста на банкарскиот сектор. Народната банка продолжи со редовните квартални анализи на состојбите во банкарскиот сектор (во кои се опфатени и редовните стрес тестирања), како и годишните анализи на финансиската стабилност на земјата. Редовно се спроведува и макро стрес - тестот.
Во 2013 година беа направени следниве промени во регулативата:

- Во октомври 2013 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг, за зајакнување на контролната улога на Министерството за финансии во постапката за лиценцирање на давателите на финансиски лизинг;
- Донесена е нова регулатива за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, со која се предвидува обврска за задолжително годишно оштетување на вредноста на преземениот имот за најмалку 20% од неговата сметководствена вредност и сведување на неговата сметководствена вредност на нула, доколку средството не биде продадено до крајот на петтата година по преземањето;
- Донесена и нова Одлука за управување со кредитниот ризик;
- Во декември 2012 година, Народната банка донесе измени и дополнувања на Одлуката за управување со ризиците.

Подготовките и анализите во однос на Базел 3 тековно се одвиваат. Изготвена е Методолгијата за идентификување системски значајни банки, и утврдување на соодветно ниво на адекватност на капиталот.
Комитетот за финансиска стабилност ќе продолжи да остварува редовни средби.
Продолжува редовната соработка и размена на податоци со другите финансиски супервизорски органи во земјата, а во тек е потпишување на Меморандум за соработка меѓу овие супервизорски органи за преземање активности за подигнување на финансиската писменост на населението во Република Македонија.

Континуирано се зајакнува кадровскиот капацитет на вработените во Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност при Народната банка, преку интерни обуки и посети на семинари. Одделението за банкарски и небанкарски институции односно Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии е надлежно за подготовка на прописите кои се однесуваат на банкарскиот сектор и за хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија. Оваа организациска единица брои тројца вработени и нивниот административен капацитет постојано се зајакнува со вршење на обуки во земјата и странство.
Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, а во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија (АТТФ) од Луксембург, во Скопје се одржаа семинари на тема:

- „Спречување на перење на пари во контекст на усогласување“ („Prevention of Money Laundering in the context of compliance”)
- „Внатрешна ревизија и контрола” („Internal Audit and Control”)
- „Управување со кредитниот ризик” („Credit Risk Management”)

На сите семинари учествуваа претставници од банките во Република Македонија, Народната банка и Министерството за финансии.
Народната банка на Република Македонија е регулаторен и супервизорски орган за банките. Банкарската супервизија продолжува со активности за зајакнување на кадровскиот капацитет, преку континуирани обуки, како интерни така и преку посета на семинари. Во 2013 година, акцентот беше ставен на активностите за зајакнување на капацитетите во Народната банка за оценка и следење на процесите на банките за утврдување на интерниот капитал, преку семинар организиран од Холандската централна банка, потоа работилница преку Таиекс (Technical Assistance and Information Exchange Instrument -TAIEX) од Банката на Шпанија, а во рамки на ИПА (Instrument for Pre-Accession-IPA), во јуни започна проект чија крајна цел е развој на интерни процедури на Народната банка за оценка на процесите на банките за утврдување на интерниот капитал. Обуките за различни области ќе продолжат.
Соработката со супервизорските органи на матичните банки на домашните подружници од Грција и Словенија продолжи. Со супервизорскиот орган на матичното лице од Франција не е воспоставена соработка.
Се спроведуваат редовни теренски контроли на банките, коишто покрај контрола на системите на банките и нивните интерни политики и процедури, опфаќаат и детална контрола на поединечните кредитни досиеја на клиентите на банките, како и на другите позиции од билансите на банките.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Задржување на стабилноста на финансискиот систем и негов натамошен развој остануваат приоритети во оваа област. Овие приоритети ќе се реализираат преку следните активности:
- Во текот на 2014 година ќе се изврши изменување на Законот за финансиски друштва во насока на зголемување на контролната улога на Министерството за финансии над работењето на финансиските друштва;
- Континуирано ќе се следат регулаторните промени на меѓународно и на ниво на Европска Унија, особено во делот кој се однесува на мерките за подобрување на состојбите кај банките и формирање на т.н. привремена банка (bridge bank). По донесувањето на соодветните директиви од страна на Европскиот Парламент, Република Македонија ќе пристапи кон нивно спроведување;
- Прибирање на потребните податоци од банките за целите на пресметката на ликвидносните показатели според Базел 3 и новите директива и регулатива;
- Прибирање на потребните податоци од банките за целите на пресметката на капиталните показатели и показателот за задолженост, според Базел 3 и новите директива и регулатива;
- Пропишување на стапките од Базел 3;
- Самооценување на усогласеноста на банкарските регулатива и супервизија со унапредените базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија;
- Заокружување на интерните процедури на Народната банка за оценка на процесите на банките за утврдување на интерниот капитал.

**Институционална рамка**
Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции во Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии на краток рок ќе се зајакне со вработување на едно лице со високо образование.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
- Примена на стандардите од Базел 3 соодветно со условите во банкарскиот систем;
- Пропишување на напредните пристапи од Базел 2.

**Институционална рамка**
Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица и нивна посета на обуки во земјата и странство.

## 3.09.2 ОСИГУРУВАЊЕ И КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Осигурителниот пазар во Република Македонија се карактеризира со мало учество во финансискиот систем. Во 2012 година, средствата на друштвата за осигурување претставуваат 3,3% од вкупните средства на финансискиот сектор. Податоците за нивото на пенетрација на осигурувањето во 2012 година покажуваат дека вкупната бруто полисирана премија (БПП) во земјата учествува со 1,52% во БДП, додека степенот на густина изнесува 3.401 денари по жител, што е на нивото во земјите од Југоисточна Европа.
Во вториот квартал од 2013 година на пазарот на осигурување во Република Македонија активно работат 15 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 4 осигурување на живот. Во овој период бројот на осигурително- брокерски друштва останува непроменет односно на вкупен број 22, а исто така и бројот на друштвата за застапување е непроменет (10 друштва).
Пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување го сочинуваат две пензиски друштва кои управуваат со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски фонд. Средствата на пензиските фондови се одвоени од средствата на друштвата и се чуваат во овластени банки како чувари на имот. Контрола на работењето на овие субјекти врши Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), која истовремено го регулира со подзаконски акти вториот и третиот столб и предлага законски измени.

Основната правна рамка со која се регулира основањето, вршењето на работи на осигурување, работи на застапување и посредување во осигурување и супервизијата на осигурување во Република Македонија се Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09 и 30/2012), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на РМ“ бр. 88/05, 70/06, 81/08, 47/2011 и 135/2011), Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ“ бр. 18/01, 4/02 и 5/03) и Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/04).

Во системот на осигурување надлежна институција за изготвување на законските акти е Министерството за финансии, односно Секторот за финансиски систем, Одделението за системот на осигурување и анализа во кое моментално се вработени две лица.
Во првата половина на 2013, АСО спроведе 6 целосни теренски супервизии кои се однесуваа на работењето на 3 друштва за осигурување и 3 осигурително брокерски друштва и 5 делумни теренски супервизии кои се однесуваа на работењето на 5 друштва за осигурување во делот на вреднување на побарувањата.
Во првата половина на 2013 изречени се 33 мерки на супервизија, и тоа:

- 33 наредби за отстранување на незаконитости врз основа на спроведена теренска супервизија.
- Комисијата за посредување при АСО, спроведе постапка за посредување за 17 прекршоци. Притоа постигнати се:
- 8 спогодби за отстранување на последици од прекршок, и
- 9 спогодби за плаќање на глоба.

Имајќи во предвид дека реформи во финансискиот сектор не можат да се направат без зајакнување на супервизорските капацитети, МАПАС постојано инвестира во зајакнување на своите човечките и материјалните капацитети. МАПАС, како супервизор и регулатор на капитално финансирано пензиско осигурување и членка на Меѓународна организација на пензиски супервизори (ИОПС), постојано ги зајакнува капацитетоти улогата и препорачува и презема мерки со цел заштита на интересите на членовите на пензиските фондови.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

За спроведување на најдобрите практики на ниво на ЕУ, но пред се заради зацврстување на стабилноста на секторот осигурување, во текот на 2014 година планирано е донесување на нов Закон за осигурување во кој ќе се спроведе новата ЕУ Директива 2009/138/ЕЗ (Solvency II). Со новиот закон ќе се надминат слабостите и недоречеността на постојната регулатива, особено во делот на основањето и управувањето со осигурителните друштва, брокерските и посредничките услуги.
Во 2014 година планирано е донесување на подзаконски акти со цел унапредување на регулативата, особено во однос на управувањето со ризици, реосигурувањето, корпоративното управување како и во насока на унапредување на известувањето до АСО. Исто така, планирано е донесување на интерни акти со цел зајакнување на методологијата за спроведување на супервизијата.
Покрај воспоставување и континуирано подобрување на регулаторната рамка, АСО ќе се насочи и кон активности на понатамошно унапредување и развој на дејноста застапување и посредување во осигурување преку продолжување на активностите на спроведување континуирана обука на застапници и брокери во осигурување. Континуираната обука на застапниците и брокерите ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на пазарот на осигурителни услуги и зголемување на довербата на корисниците на осигурителни услуги.

Во периодот 2013/2014 МАПАС ќе продолжи со носење на правилници поради воведувањето на супервизија врз основа на оценка на ризик и ќе продолжи со работа на правилниците кои се однесуваа на усогласување со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци во капитално финансирано пензиско осигурување. Додека во текот на 2014 година МАПАС заедно со АСО ќе работи на подзаконски акти поврзани со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци во капитално финансирано пензиско осигурување. Во овој период од страна на Европската комисија одобрено е барањето на МАПАС за консултантска мисија преку проектот TAIEX за консултации при финализирање на подзаконската регулатива согласно Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци во капитално финансирано пензиско осигурување. Спроведување на оваа мисија се очекува да се заврши во периодот 2013/2014 година.

МАПАС како супервизор на пензиските друштва и пензиските фондови, постојано ги ревидира и подобрува пристапите за супервизија. Спроведувањето на супервизија врз основа на оценка на ризик овозможи МАПАС да развие систем на оценка на ризик во кој посебно внимание е насочено на управувањето со супервизираните ентитети и да продолжи со подобрување на надзорот за подобра оценка на ризиците во работењето на секој супервизиран ентитет. Од тој аспект, МАПАС изврши ревидирање на некои процеси поврзани со системот за управување со квалитет. Во наредниот период со цел насочување на ресурсите на МАПАС кон супервизија врз основа на оценка на ризик преку активностите на Комитетот за оценка на ризик на МАПАС редовно ќе се разгледуваат сите потенцијални ризици на пензискиот систем и ќе се предлагаат можни контролни механизми.

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за системот на осигурување, Сектор за финансиски ситем при Министерството за финансии ќе се зајакне со вработување на едно лице. Во првиот квартал од 2014 година е планирано спроведување на Проектот за осигурување од катастрофални ризици (South East Europe and Caucasus *Catastrophe Risk Insurance Facility*-SEEC CRIF) преку промоција на осигурителните производи од страна на Министерството за финансии и АСО, со цел, информирање на јавноста за значењето на осигурувањето од катастрофалните ризици.

За ефикасно спроведување на своите надлежности и активности, АСО континуирано вложува во зајакнување на човечките ресурси преку воспоставување и спроведување на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените. Во рамките на активностите за развој на овие ресурси Агенцијата спроведува редовни обуки во земјата и странство.

Исто така, АСО продолжува со следните активности:

- Планирање обуки во рамки на воспоставената соработка со Народната банка на Холандија (DNB);
- Користење на алатката Таиекс (TAIEX);
- Интензивирање на соработката со супервизорските тела од земјите членки на ЕУ со кои АСО има склучено меморандум за соработка;
- Спроведување на заеднички супервизии со регулаторите од земјите каде потекнуваат матичните друштва;
- Учество на АСО во работењето на супервизорски колеџи;
- Вклучување на АСО во програмските определби на Европскиот орган за осигурување и инвалидски пензии (*European Insurance and Occupational Pensions Authority*-EIOPA) со цел воведување на еднаквост и во земјите надвор од ЕУ во постапката на формирање и чување на професионалната тајна во осигурувањето.

Заради зајакнување на супервизорскиот капацитет на МАПАС, во текот на 2014 преку сопствени извори и преку проектите на ЕУ се планира присуство на вработени на МАПАС на работилниците организирани од Меѓународната организација на пензиски супервизори (ИОПС) за финансиска едукација, како и семинари поврзани со супервизија заснована на оценка на ризик со цел добивање на сертификати за управување со ризик. Потоа обуки на вработените во насока за развој на ИТ процеси и софтвер за супервизија врз основа на оценка на ризик, за управување со средства, градење и анализа на портфолио на пензиски фондови, за развој на електронски систем за котација на пензии и пензиски надоместоци, како и за градење на институционален капацитет и усогласување со ЕУ практиките.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

На среден рок ќе се продолжи со понатамошно усогласување и приближување кон европските директиви.

Во периодот (2014-2015) ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ *acquis* согласно релевантните промени на истото. Исто така, Агенцијата ќе работи и на воспоставување на супервизорски правила, стандарди и принципи усогласени со правилата на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС).

Агенцијата продолжува со реализација на втор циклус на обука за актуари во времетраење од две години, по чие посетување и успешно полагање на испитите, кандидатите ќе може да се здобијат со Уверение за положен Стручен испит потребено за добивање дозвола за работа како овластен актуар.
Исто така, АСО планира воведување и промоција на медијацијата како форма на мирно решавање на спорови меѓу корисниците на осигурителни производи и услуги од една страна и друштвата за осигурување од друга, како и воведување на улогата на осигурителен правобранител.
Во наредниот период МАПАС планира пријавување преку програмата Таиекс (TAIEX) за проект кој се однесува на преземање европски искуства за развој на ИТ регулатива, мониторинг процеси и ИТ супервизија во капитално финансиран пензиски систем како и за проекти за спроведување на супервизорски процеси на функцијата управување со ризици кај пензиските фондови и проект за европски искуства околу оптимално распределување на средства во портфолијата на пензиските фондови.

**Институционална рамка**
Административниот капацитет на Одделението за системот на осигурување, Сектор за финансиски систем при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.
Административните капацитети континуирано ќе се зајакнуваат преку организирање обуки и тренинзи за вработените во Агенцијата за супервизија на осигурување.
Исто така, АСО ќе ги користи сите расположливи фондови од страна на ЕУ кои се во насока на зајакнување на внатрешните капацитети како и користење на техничка помош на билатерална основа со регулаторите со кои АСО има потпишано меморандум за соработка.
Во следниот среднорочен период ќе се работи на унапредување и натамошен развој на овој систем. Унапредување на пензискиот систем, а особено реформата во капитално финансирано пензиско осигурување, односно вториот и третиот столб од пензискиот систем, е предуслов за реализација на стратешките определби за приближување кон европските стандарди и вредности.

## 3.09.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Заради натамошно минимализирање на системските ризици на учесниците во постојниот платен систем и постојниот систем за порамнување на хартиите од вредност и одржување на стабилноста на системите во текот на 2015 година ќе се донесе Закон за конечно порамнување во платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност. Со законот ќе се транспонира Директивата за конечно порамнување (98/26/ЕЗ).

## 3.09.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Во јануари 2013 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност. Со цел заживување на пазарот на капитал со измените на законот е предвидена мерка за задолжителна котација на фирмите на македонската берза. Мерката е предвидено да се применува во времетраење од пет години и се однесува за оние акционерски друштва кои не котираат на берзата, а кои ќе ги исполнат посебните услови за задолжителна котација кои се утврдени во Правилата за котација на Македонската берза. Воведувањето на задолжителна котација придонесе за заживување и развој на пазарот на капитал, зголемување на транспарентноста на акционерските друштва и развивање на свеста на друштвата за предностите од присуство на Берзата. Согласно постојниот Закон за хартии од вредност, КХВРМ во текот на 2013 година донесе/усвои повеќе подзаконски акти .
За зајакнување на супервизорската функција на КХВ, со финансиска поддршка на Европска банка за обнова и развој (ЕБРД), започна подготовката на две софтверски решенија. Првото се однесува на супервизија на инвестициски фондови и друштва за управување со инвестициски фондови, кој ќе претставува интегриран систем за мониторинг на работата на фондовите и друштвата. Второто, се однесува на следење на обврските од Законот за преземање на акционерски друштва во поглед на достигнување на контролниот, дополнителниот, односно конечниот праг на преземање од страна на имателите на акции во акционерските друштва над кои се применува законот (АД со посебни обврски за известување и оние чии акции котираат на Берза).
Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и регулаторите на 28 земји членки на Европската Унија преку Европскиот регулатор на пазари на хартии од вредност (ESMA), во првата половина на 2013 година потпишаа Меморандум за размена на податоци и информации поврзани со менаџери на алтернативни инвестициски фондови. Потпишувањето на Меморандумот ќе ја зајакне соработката меѓу регулаторите со цел

да се овозможи прекугранична супервизија на менаџери на алтернативни инвестициски фондови (AIFMs) и алтернативни инвестициски фондови (AIFs).

Во Одделението за пазар на капитал во состав на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии на Република Македонија, кое е надлежно за подготовката на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија, во моментов се вработени три лица во редовен работен однос.

Во првата половина од 2013 година со поддршка на TAIEX проектот на ЕУ, претставници на КХВ реализираа работни посети на регулаторните органи од Шпанија, Словенија и Португалија. Во текот на работните посети беа разменети искуства и стекнати знаења од областа на корпоративните финансии, транспарентноста на пазарот на хартии од вредност, постапките на преземања на компании, супервизијата на пазарните учесници и сл., кои во иднина ќе помогнат во унапредување на севкупната активност на КХВ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година се планира донесување на измени на Законот за инвестициски фондови, заради усогласување на домашното законодавство со пакетот Преземања за колективно инвестирање во преносливите акции (воведување на фондови - потхранувачи и фондови - господари, процедури за прекугранични и домашни спојувања на инвестициските фондови и обезбедување поголема информираност на инвеститорите преку воведување на документ како додаток на основниот проспект на фондот) и усогласување со Директивата бр. 2011/61/ЕЗ за алтернативни инвестициски фондови (воведување на правила и процедури за лиценцирање на друштвата за управување со приватни фондови во насока на зајакнување на заштитата на интересите на инвеститорите во приватните инвестициски фондови и одржување на стабилноста на пазарот на капитал во Република Македонија).

**Институционална рамка**

Со поддршка на TAIEX, Комисијата во наредниот период ќе реализира работни посети на релеватните регулаторни органи од земјите членки на ЕУ заради унапредување на своето работење и размена на искуства од областа на пазарот на хартии од вредност особено делот на корпоративните финансии и супервизијата на пазарни учесници.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во следниов среднорочен период, планирано е донесување на нов Закон за пазар на капитал кој ќе биде целосно усогласен со соодветното законодавството на ЕУ, а со кој ќе се обезбеди поголема заштита на малцинските акционери во акционерските друштва, поголема транспарентност на компаниите и воведување на нови финансиски инструменти. За подготовка на новиот закон беше одобрен проект преку ИПА 2010. Проектот требаше да започне со реализација на почетокот на 2013 година, но заради неуспешност на првата објава на тендерот за прибирање на понуди, заради недоволен број на пријавени кандидати, почетокот на проектот е одложен. Се очекува втората објава на тендерот за прибирање на понуди да биде во декември 2013 година. Доколку објавата биде успешна, се очекува проектот да започне со реализација во третиот квартал од 2014 година.

Континуирниот процес на хармонизација на регулативата со инкорпорирање на целите и приоритетите согласно Стратешката насока 2010-2015 (IOSCO Strategic Direction 2010-2015) ќе продолжи во наредниот период, пред сé со прифаќање на насоките и препораките за воспоставување на механизми за соработка помеѓу националните регулатори за поефикасно спроведување на супервизија и размена на податоци и информации.

Со финансиска подршка на Европската комисија, во наредниот период ќе се подготви Стратегија за развојот на пазарот на хартии од вредност за периодот2013-2018 година и акцискиот план за спроведување на истата, во кои ќе бидат утврдени приоритетите на Комисијата со цел понатамошно унапредување на пазарот на хартии од вредност. Стратегијата се планира да биде изготвена со учество на сите релевантни регулаторни институции, односно креатори на регулацијата на македонскиот пазар на хартии од вредност, како што се Министерството за финансии, Народната Банка, МАПАС, АСО и др.

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за пазар на капитал, Сектор за финансиски систем при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

## 3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ


***РЕЗИМЕ***

*По донесувањето на новиот Закон за електронски комуникации, кој ќе биде целосно усогласен со пакетот директиви на Европската Комисија од 2009 год. ќе се донесат неколку подзаконски акти. Овие подзаконски акти ќе обезбедат поголема заштита на конкуренцијата, од аспект на изградба на електронските комуникациски мрежи, ќе обезбедат големопродажна услуга за битстрим пристап особено пристап до услуги со широк опсег (броадбенд), поголема заштита на правата на крајните корисници, особено на крајните корисници со инвалидитет. Националното законодавство ќе се усогласи со Директивата за повторна употреба на податоците од јавниот сектор и ќе се преземат мерки за развој на информатичкото општество, со акцент на интернет трговија и електронско учење во јавната администрација. Во тек е усвојување на нов медиумска легислатива која ќе биде целосно усогласена со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Во 2014 ќе бидат донесени неколку подзаконски акти со кои се пропишува начинот на известување од радиодифузерите за планираната промена на нивната сопственичка структура, се обезбедува транспарентност во нивното работење и се пропишува постапката за регистрација на програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи.*


### 3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Основен закон:

- Закон за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/2010, 13/2012, 13/2012, 59/2012, 123/2012 и 23/2013). Во законот целосно е имплементиран пакетотдирективи од 2002 година на ЕУ од областа на електронските комуникации.
- Изработен е нацрт текст на нов Закон за електронските комуникации за усогласување со пакетот директиви на ЕУ од 2009 година (DIRECTIVE 2009/136/EC и DIRECTIVE 2009/140/EC). Истиот е објавен на јавна расправа на 06 ноември 2013 година за коментари од страна на засегнатите страни на пазарот на електронските комуникации. До крајот на 2013 година треба да заврши консултацискиот процес со сите засегнати страни.

Стратешки документи:

- Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии.
- Национална стратегија за развој на следна генерација на широко појасен интернет.

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за електронски комуникации.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Примарна легислатива (надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација)

- На почетокот на 2014 година финалниот текст на  Законот електронските комуникации усогласен со сите добиени коментари до засегнати страни ќе биде доставен на Владата на усвојување. Се очекува во првиот квартал на 2014 година истиот да биде усвоен и од страна на Собранието на РМ.

Секундарна легислатива(надлежност на Агенцијата за електронски комуникации).

Агенцијата за електронски комуникации во 2014 година ги предвидува следните активности поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

- Правилник за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги;
- Правилникот за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства;

- Правилник за обезбедување на услугите опфатени со универзална услуга;
- Правилник за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга.

Во зависност од промените на Законот за електронски комуникации, кој е на јавна расправа, во текот на 2014 година ќе бидат ревидирани и други подзаконски акти.
Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за спроведувањена секундарната легислатива во 2014 година се предвидуваат следните активности:

- Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA) (Согласно Директивата за универзална услуга, Директивата за интерконекција и пристап и Рамковна директива);
- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги и бришење на операторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена;
- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија;
- Следење на спроведувањето на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Анализа на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги и транспарентноста на податоците;
- Контрола на малопродажни цени преку методологија за регулирање на малопродажни цени со примена на тестови за ценовно истиснување (Price Squeeze);
- Спроведување на постапка за јавен повик за доставување барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери;
- Мониторинг со мобилни и фиксни мониторинг станици;
- Инспекциски надзор на технички параметри;
- Инсталација и употреба на софистицирана мерна опрема (инсталацијата треба да се заврши во првиот квартал на 2014 година);
- Следење на операторите определени за давател/ли на универзална услуга;
- Ажурирање на Bottom-Up LRIC модел;

**Институционална рамка**
**Министерството за информатичко општество и администрација:**

- Активно учество во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Активна соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа

**Агенција за електронски комуникации:**

- Стручна обука на постојниот кадар;
- Користење на техничка помош на надворешни консултанти. Во текот на 2014 година ќе продолжи спроведувањето на проектот „Засилување на административните капацитети на Агенцијата за електронски комуникации и Советот за радиодифузија за ефикасна регулација на новите дигитални и повеќенаменски сервиси" – EuropeAid/129857/D/SER/MK
- Изградбана мониторинг-кула на Водно - Скопје
- Користење на специјализиран софтвер и систем на сензори за ефикасен мониторинг на фреквентниот спектар на Република Македонија.
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа
- Активно учество во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Зајакнување на капацитетите на АЕК за идно користење на средства од ИПА фондови.
- Активно учество при изработкаи спроведување на примарната легислатива и стратегиите од областа на информатичкото општество и медиуми.
- Постојано следење на усогласеноста на националната легислатива со acqui на ЕУ
- Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни).

## 3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Основни закони за развој на услуги на информатичко општество:

- Закон за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/09)
- Закон за основање на македонска академска истражувачка мрежа –МАРнет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/10)
- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05, 14/2007 и 55/2007)
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/07 )
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2008)
- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001 и бр. 06/2002)
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.

Стратешки документи:

- Национална стратегија за развој на информатичко општество и Акционен План
- Национална стратегија за е-инклузија

**Институционална рамка**

- Министерството за информатичко општество и администрација е основна надлежна институција за развој на услугите на информатичко општество.
- МАРнет- Македонската научно-истражувачка мрежа – МАРнет. МАРнет е јавна институција одговорна за развој, организација и управување на единствената образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во Република Македонија, за обука и стручна помош на корисниците на телекомуникациските услуги, работење со македонски домен (.мк) и други обврски определени со закон.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

- Усогласување на националното законодавство со Директивата за повторна употреба на податоците од јавниот сектор .

МЕРКИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО

- Спроведување на анализа за пречките за интернет трговија во Република Македонија
- Усвојување на Акциски план за отворено владино партнерство 2014-2016
- Имплементација на систем за електронско учење во јавната администрација

**Институционална рамка**

Министерство за информатичко општество и администрација

- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација;
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции;
- Вработување на нови кадри во Министерството за информатичко општество и администрација;
- Користење на техничка помош на инструментот TAIEX.

## 3.10.3 АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

- Закон за радиодифузна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/2005) и измени и дополнувања на истиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2007; 103/2008; 6/2010; 145/2010; 97/2011; 13/2012 и 72/2013);

- Закон за основање на јавното претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/98) и измени и дополнувања на истиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2000 и 48/2009).
- Во 2013 година беа изработени Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со чие усвојување Законот за радиодифузна дејност се става вон сила.

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на радиодифузијата се Министерството за информатичко општество и администрација и Советот за радиодифузија на Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Примарна легислатива (надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација)

- Да се усвојат Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Собранието на Република Македонија.

Секундарна легислатива (надлежност на Совет за радиодифузија)

- Упатство со кое се пропишува формата и содржината на известувањето за планирана промена на сопственичка структура на радиодифузерите, како и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето – последен квартал во 2014 година
- Упатство за доставување податоци за сопственичката структура, изворите на финансирање, економското работење и просечната продажба односно гледаност или слушаност во претходната година на издавачите на медиуми – последен квартал во 2014 година
- Правилник за формата и содржината на пријавата и потврдата за регистрација на програмски пакети на операторите на јавни електронски комуникацискимрежи – последен квартал во 2014 година
- Изработка на подзаконски акти кои произлегуваат од новата медиумска регулатива усогласена со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги

Доколку се усвојат Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми следната година, Советот за радиодифузија во 2014 година ќе ги донесе сите подзаконски акти кои ќе произлезат од новата медиумска легислатива.

За доследна имплементација на Законот за радиодифузната дејност (ЗРД) и подзаконските акти, Советот за радиодифузија продолжува со следење на сопственичката структура, недозволената медиумска концентрација, обврските на радиодифузерите утврдени со Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти, почитувањето на авторските и сродните права, поради што во 2014 година се предвидува да се реализираат следниве активности:

- Изработка на два полугодишни извештаи за преземените активности на Советот во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање
- Истражување на ставовите и потребите на публиката за радио и телевизиските програмски аспекти од аспект на целите на регулаторната политика, утврдени со ЗРД и Стратегијата за развој на радиодифузната дејност
- Спроведување анализа на пазарот на радиодифузната дејност во 2013 година
- Изработка на анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија (според работните места, степенот на образование, пол и статус
- Изработка на анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија (според етничката припадност )
- Изработка на две еднодневни анализа за надзорот врз спроведувањето на обврските на националните терестријални комерцијални ТВ станици утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти
- Изработка на две еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на националните комерцијални радио станици утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти
- Изработка на две еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на националните сателитски комерцијални ТВ станици утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти
- Изработка на две еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на јавниот радиодифузен сервис утврдени со законот и со подзаконските акти

- Изработка на ad hoc еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на регионалните и локалните ТВ и радио станици, утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти
- Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на радиодифузерите
- Анализа на начинот на претставување и прикажување на жените и мажите во програмските концепти и содржини на радиодифузерите
- Изработка на програма за промоција на медиумската писменост
- Следење на почитувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, прописите донесени врз основа на овој Закон и условите утврдени со дозволата за вршење радиодифузна дејност - изречени мерки, упатени известувања и укажувања, поведени прекршочни постапки против радиодифузерите
- Две полугодишни анализи на сите спроведени мерки, упатени известувања и укажувања од страна на Советот за радиодифузија на РМ против радиодифузерите и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите
- Две полугодишни анализи на судските прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите
- Годишна анализа на поведените управни спорови против одлуките на Советот за радиодифузија
- Замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување заради усогласување со новата легислатива
- Проверка на исполнувањето на техничките услови на радиодифузерите
- Изработка на Правилник на нивелирање на излезниот тон на радиодифузерите
- Анализа на технологиите кои се користат за радиодифузија во Република Македонија и нивниот понатамошен развој
- Годишна анализа на надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи во однос на почитувањето на авторските и сродните права : регистрирани пакети, издадени налози за исклучување на нерегистрирани програмски сервиси, најчести прекршувања, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема операторите на јавни комуникациски мрежи
- Годишна анализа на надзорот врз обврските на радиодифузерите и другите даватели на медиумски услуги во однос на почитувањето на авторските и сродните права: договори за регулирање на авторски и сродни права за емитуваните програми, заштита на ексклузивни права на радиодифузерите, најчести прекршувања, изречени мерки, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема радиодифузерите
- Работилница со операторите на јавни комуникациски мрежи и радиодифузерите во однос на активностите за спречување на пиратеријата и заштита на авторските и сродните права

**ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Основен закон:

- Закон за филмската дејност („Службен весник на РМ“ бр.82/2013).

Со овој закон се воведува механизам кој има за цел да ги поттикне вложувањата на средства за целосна или делумна реализација на филмски, односно телевизиски проект со кои механизам домашните и странските продуценти ќе имаат право да се стекнат со право на поврат на вложените средства во висина од 20% од бруто трошоците направени во Република Македонија.

Со новата законска регулатива која стапи во сила на 13.06.2013 година, а ќе се применува од 01.01.2014 година националната установа Филмски фонд на Република Македонија престанува со работа како национална установа и продолжува со работа како Агенција за филм на Република Македонија од денот на именувањето на директорот на агенцијата. Со започнување на примена на Законот за филмската дејност престанува да важи Законот за филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.70/06, бр.92/08, бр. 36/11, 136/11 и 136/12).
Со трансформацијата, Агенцијата ја презема документацијата, архивата и другите средства за работа, просторот и опремата, како и побарувањата, обврските и долговите од НУ Филмски фонд на Република Македонија.

Институции кои имаат надлежност врз развојот на филмската дејност во Република Македонија се Министерството за култура, Агенцијата за филм на Република Македонија, Кинотека на Република Македонија и НУ Филмски центар- Вардар Филм –Македонија- Скопје.

Република Македонија го продолжува членството во Европската Аудиовизуелна опсерваторија (European Audiovisual Observatory), Eurimages (Европски фонд за ко-продукција, дистрибуција и прикажување на европските кинематографски дела), European Film Promotion и SEECN (South East European Cinema Network) – Филмска мрежа на Југоисточна Европа чие седиште е во Солун, Република Грција.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Стратешки документи:

- Стратегија за развој на филмската дејност

За утврдување на среднорочни развојни насоки за остварување на националниот интерес во филмската дејност, Владата на Република Македонија по предлог на Агенцијата за филм на Република Македонија ќе донесе стратегија за период од 4 години. Со цел развој на филмската дејност, во стратегијата ќе бидат содржани цели и приоритети; организациски, административни и финансиски мерки; активности за поттикнување и поддршка на учество на Република Македонија во програмите на ЕУ и на другите меѓународни организации и други прашања од интерес за развојот на оваадејност во Република Македонија. Стратегијата ќе содржи и акциски план за реализација со дефинирани активности, носители на активности, мерки за реализација, индикатори за евалуација, рокови за реализација и извори на буџетски и вонбуџетски средства.

За спроведување и правилна примена на Законот за филмската дејност, потребно е Министерот за култура да ги донесе следниве правни акти:

- Статут
- Правилник за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност
- Правилник за начинот на категоризација на филмот, односно облиците на акустично и визуелно прикажување на категоријата, како и временските периоди во кои можат да се прикажуваат содржините кои можат штетно да влијаат на физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите

За спроведување и правилна примена на Законот за филмската дејност, потребно е Агенцијата за филмска дејност во 2014 година да ги донесе следниве правни акти:

- Акт за внатрешна организација и за систематизација на работните места на Агенцијата за филм на Република Македонија
- Деловник за работа на управен одбор
- Деловник за работа на Комисијата за право на поврат на средства
- Интерни акти за поблиско уредување на правата и обврските, мерилата и критериумите за одлучување на телата Филмски совет, Филмски рецезенти и Финансиски советник
- Имплементација и сертификација за ИСО стандард (ISO 9001:2008).

**Институционална рамка**

Со започнување на примена на Законот за филмската дејност, вработените во НУ Филмски фонд на Република Македонија продолжуваат со работа во Агенцијата како државни службеници, а правата и обврските од работен однос ги остваруваат согласно со прописите за државните службеници, освен вработените во Агенцијата кој вршат помошни и технички работи а кои правата и обврските од работен однос ќе ги остварат согласно со општите прописи за работни односи.

## 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

*Законите врз чија основа се темели земјоделството и руралниот развој во Република Македонија, а кои придонесуваат кон прилагодување на стандардите на ЕУ се веќе донесени. Воспоставен е Интегриран административен контролен систем (ИСАК), а системите за имплементирање на програмите за финанисиска поддршка: Единствен регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), Системот за идентификацијa на земјишни парцели (СИЗП), Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) и Мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН) се функционални.*

*Донесена е Националната Програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2013-2017 година[15]. Во 2014 година, врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој ќе се донесе Национална стратегија за оперативни програми за работа на Групи на производители и Организации на производители за периодот 2014-2020 година. По добивањето на ЕК акредитација за три мерки од ИПАРД програмата 2007-2013 континуирано се работи на надградба и подобрување на системите за спроведување на ЕУ помошта за рурален развој. Во наредниот период, главни активности се акредитација на нови мерки и изготвување на новата ИПАРД Програма за период 2014-2020 која треба да обезбеди основа за користење на ЕУ средствата за рурален развој во наредниот седумгодишен финансиски период. Согласно Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017 се предвидуваат мерките за рурален развој. Во рамките на предвидените активности, до јуни 2014 година се очекува донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за квалитетот на земјоделските производи со цел хармонизација на истиот со новата ЕУ регулатива 32012R1151.*

### 3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој[16] донесена е Националната Програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2013-2017 година. Врз основа на Програмата се донесе Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година[17] и Уредба за поблиски криетериуми за директни плаќања, корисници на средствата, максимални износи и начин на директни плаќања за 2013 година [18].

Врз основа на измените на Законот за земјоделство и рурален развој, подготвен е Правилник за видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на единствениот идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР) и за промена на податоци и бришење, содржината и формата на обрасците и потребната придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и чување на податоците од единствен регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), како и содржината и формата на решението за запишување во ЕРЗС и решението за бришење од ЕРЗС. Овој правилник се очекува да биде донесен до крај на 2013 година.

Согласно Стратегијата за развој на земјоделството и руралниот развој за периодот 2007-2013 година, дефинирани се идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставувањето на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежно за програмирање на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија, како и за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за поддршка. Секторот за анализа на земјоделска политика е надлежен во делот на единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС), мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН) и анализа на земјоделската политика.

ЗПИС во тек на 2013 година е надграден согласно проектот на Владата на Република Македонија „Отворено владино партнерство” за отворена база на податоци (“Open data”), со што формата на извештаите се прилагоди во XML-формат и се зголеми употребливоста на системот.

---

[15] „Службен весник на Република Македонија“ бр.134/2012 и бр.143/2013

[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11; и 126/12; 15/13; 69/13 и 106/13

[17] „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2013

[18] „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2013

Во тек се активностите за поврзување на базата на податоци од ЕРЗС со постоечките бази водени во електронска форма, особено со базите на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) и Агенцијата за катастар на недвижности.
Врз основа на утврдениот План за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за 2013 година, прибрани се податоци од 600 земјоделски стопанства.
Во тек се активности за спроведување на проектот „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)", финансиран од ИПА – ТАИБ 2011, кој треба да започне кон крајот на 2014.
Регистрацијата на парцели на стопанствата во СИЗП во најголем дел е завршена, а таа е услов за аплицирање по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година.
Реализацијата на софтверот за ИСАК во делот на модулите наменети за иплементација на ИПАРД Програмата, продолжи во текот на 2013 година и се очекува целокупното софтверско решение да биде завршено до крајот на 2013 година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој ќе биде донесена Национална стратегија за оперативни програми за работа на Групи на производители и Организации на производители, за период 2014-2020 година.
Ќе се донесе подзаконски акт со кој ќе се уреди доделувањето на финансиска поддршка за складирање, потребна документација, корисници, висина на поддршката, услови за складирање и видот и квалитетот на земјоделските производи.
Ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска поддршка во земјоделството во 2014 година и Уредбата за поблиски криетериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2014 година.
Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) го изработи Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Беше ангажиран правен експерт преку TAIEX кој даде свој придонес во анализата на законската рамка и предложи решенија за негово менување. Законот е доставен во процедура на усвојување во текот на декември 2013 година.

**Институционална рамка**

Предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите на интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.
Во првата половина од 2014 година ќе заврши проектот „Дополнителна надградба на Системот за идентификација на земјишни парцели во рамките на Интегрираниот систем за администрација и контрола (ИСАК)" финансиран од ИПА ТАИБ 2009 и согласно ова би се извршила идна надградба на постојниот софтвер за СИЗП. Со ова е предвидено целосно функционирање на СИЗП со мерките предвидени со надградбата на системот за поквалитетно и посеопфатно имплементирање, администрирање и контрола на мерките од финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој.
Во 2014 година се планира продолжување на активностите за поврзување на базата на податоци од ЕРЗС со постоечките бази водени во електронска форма, особено со базите на АХВ и Агенцијата за катастар на недвижности.
Врз основа на ажурираната типологија на земјоделски стопанства, во 2014 година, МЗШВ и ДЗС, ќе изготват План за избор на репрезентативни земјоделски стопанства во Република Македонија за 2015 година.
Реализацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013, Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој се следи преку софтверот за ИСАК. Примарни модули на ИСАК се системот за примање и обработка на барањата, интегрираниот систем за контрола (ИСК) и системот за авторизација на исплати, а во истиот е вклучен и дополнителен модул за база на референтни цени. Конфигурацијата на софтверот е во тек и истиот е во фаза на тестирање. За потребите на ИСАК остварена е дополнителна набавка на хардвер, како и набавка на лиценци за најмалку 250 корисници.
Од аспект на процесот на внесување на податоци во софтверското решение за директните плаќања во земјоделството, кој ќе се остварува преку подрачните единици на МЗШВ, предвидено е овозможување на телекомуникациски пристап до постоечкото софтверско решение, со што ќе се овозможи внесување на податоци од надворешни локации.
АФПЗРР се соочува со зголемени надлежности и постојан одлив на кадри поради непостоење на активна политика на задржување на кадрите. Во насока на делумно ублажување на проблемот, во текот на ноември 2013 се пристапи кон постапка на вработување на 8 нови лица и унапредување на 10 од веќе вработените.

Во текот на 2013 година, извршена е промена на Правилникот за внатрешна организација, за зајакнување на системот за управување и контрола за спроведување на ИПАРД Програмата и основано е одделение за Референтна база на цени во рамките на секторот за информатичка и комуникациона технологија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Предвидено е да се подготови и реализира Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2015 и 2016 година и Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2015 и 2016 година.

**Институционална рамка**

Предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори во МЗШВ кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите во областа на интензивирање на евроинтегративниот процес.

Од 2016 година, се предвидува преку ИПА ТАИБ програмата да се обезбедат нови ортофото снимки од целата територија на Република Македонија со што би се надградил СИЗП со нови дополнителни податоци.

За потребите на ФАДН ќе се изготви План за избор на репрезентативни земјоделските стопанства за 2016 и 2017 година.

По однос на ЕРЗС во тек на 2015 и 2016 година се планираат континуирани активности во насока во ажурурање на базата и поврзување со останатите бази на податоци, како и овозможување на подготовка на разни типови на извештаи.

По однос на ЗПИС во тек на 2015 година во тек ќе биде спроведување на проектот од ИПА – ТАИБ 2011 компонентата I за „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)" и согласно со препораките на експертите ќе се дефинира потребата од правна и инстутиционална надградба на земјоделско информативниот систем.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во текот на 2013 година отпочна реализацијата на Проектот за понатамошна надградба на системот за идентификација на земјишни парцели, финансиран од ИПА – ТАИБ 2009 компонента I.

Во 2015 година се планира отпочнување на Проектот за надградба на Земјоделскиот информативен систем, во рамките на проектното фише од ИПА ТАИБ 2011, а исто така предвидена е и набавка на ИТ опрема и софтвер за потребите на проектот за надградба на Земјоделскиот информативен систем.

## 3.11.2. ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Правната рамка за уредување на пазарот на растенија и производи од растително потекло и животни и производи од животинско потекло, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој, кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ и Законот за квалитет на земјоделски производи. Покрај овие закони, следниве закони се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи: Закон за ветеринарно здравство[19], Закон за тутун и тутунски производи[20], Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој[21].

Со Законот за квалитет на земјоделски производи регулирани се земјоделските производи од растително потекло, како и производи од животинско потекло. Законот ги уредува нивните минимални или пазарни стандарди за квалитет и маркетинг (пласман на пазарот, пакување и информирање на потрошувачите), како и методите за нивна класификација, проверка, контрола и инспекција на пазарот, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните политики за Заедничкото Уредување на Пазарите (ЗУП), а првенствено со единечната Регулатива на ЕУ бр. 1234/2007.

Врз основа на Законот за квалитет на земјоделските производи, донесени се подзаконски акти за живина и јајца, овошје и зеленчук, мед и производи од пчели, подзаконски акти во делот на минимални пазарни стандарди на жита и ориз, на пазарот за млеко и млечни производи, како и подзаконски акти во однос на храна за животни и месо со кои целосно се регулира оваа област.

Голем дел од хоризонталните аспекти на ЗУП кои се релевантни за сите поединечни пазари на земјоделски производи (интервентниот откуп, помош за складирање, посебни мерки за заштита на пазарот и мерките за

[19] „Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07; 24/11; 136/11 и 123/12
[20] „Службен весник на Република Македонија" бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11 ,и 53/11, 93/13 и 99/13
[21] „Службен весник на Република Македонија" бр. 72/07 и 05/09

поттикнување на потрошувачката) се регулирани во рамките на Законот за земјоделство и рурален развој. Изработена е Уредба за финансиска поддршка за складирање на пченица која ќе биде објавена доколку настанува нарушување меѓу понудата и побарувачката на домашниот пазар со пченица.
Правната рамка за уредување на винскиот сектор и пазарот со вино е доуредена со новиот Законот за виното[22]. Покрај Законот за виното, во примена се и правилници кои дополнително ги уредуваат областите на енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино, методите за анализа, класификацијата на сорти на грозје за производство на вино, условите за производство на вино, формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата, содржината и формата на придружниот документ и влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино, како и географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области.

Надлежните сектори од МЗШВ, АХВ, ДИЗ и АФПЗРР се надлежни за спроведување на мерките од аспект на уредување на пазарите на земјоделски производи. На ниво на државата воспоставени се Национален регистар на лозови насади и Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС) за институционално зајакнување на капацитетот на надлежните органи.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на закононот за квалитет на земјоделските производи, донесен во 2013 година, кои се однесуваат на уредување на пазарот со брашно, во текот на 2014 година се планира донесување на подзаконски акти со кои ќе се доуреди пазарот со брашно.

**Институционална рамка**

Од аспект на уредување на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло и специјализирани култури, во 2014 година предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот за лозарство, винарство и овоштарство, Одделенија во рамки на Секторот земјоделство и Секторот за анализа на земјоделска политика со нови вработувања. Предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство со нови вработувања во делот на инспекцискиот надзор.
Во текот на 2014 година се планира финансирање за воспоставување на 2 нови лаборатории за испитување на суровото млеко.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Од аспект на производите од растително и животинско потекло, предвидено е донесување на подзаконски акти согласно Законот за квалитет на земјоделски производи, усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ, како и измена на Законот за тутун и тутунски производи заради потребата од усогласување со промените на ЗУП во рамките на ЕУ.

**Институционална рамка**

Предвидено е континуирано зајакнување на соодветните сектори и институции релевантни за уредување на пазарите на земјоделските производи во 2015-2016.

## 3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој е донесена Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013[23] година и Уредба за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој[24] со цел да се реализираат мерките предвидени во програмата.

За уредување на областа со која се поттикнува локален развој донесени се: Правилник за содржината и методологијата за подготовка на стратегиите за локален развој на рурални средини и начинот за нивно

---

[22] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 53/11,06/12, 23/13 и 106/13

[23] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2013
[24] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2013

одобрување[25] и Правилник за поблиски услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата[26].
Исто така се донесе и Уредба со која се уредува начинот на утврдување на неповолниот климатски настан, настаната штета, пресметување на загубата на приходот, пресметка на штетата, постапка за исплатата на помошта[27].
Со цел да се поттикне производство на квалитетен земјоделски производ и да се поттикне интегрираната употреба на пестицидите во 2013 година се објави Правилник за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина[28].
Во 2013 година донесен е Закон за земјоделски задруги[29] со кој се поддржува систем на организирање на земјоделците во земјоделски задруги како начин на подобра организираност на земјоделците и начин за поефикасно и поконкурентно производство. Врз основа на Законот донесени се три подзаконски акти за доуредување на постапката за упис во регистарот на земјоделски задруги, како дел од националното законодавство.

Изготвена е петтата редовна финансиска модификицаија на ИПАРД програмата 2007-2013. Предлогот за модификации е официјално доставен од страна на НИПАК до Генералниот директорат за земјоделство на ЕК во ноември 2013 година.
Со модификациите вклучени се финансиските средства за ИПА Компонента V за 2013 во износ од 2.157.737 EUR при што е земана во предвид и одлуката за трансфер на средства од Компонента V за 2013 во износ од 18.000.000 во ИПА компонента I, кои ќе се користат за проекти за рурални инфраструктура. Модификациите предвидуваат и измени на финансиките табели во согласност со одлука на ЕК од 2013 година за губењето на дел ЕУ средства од 2009 година, при што истите изнесуваат 2.806.118 EUR. Вкупната сума на ЕУ средства за ИПА Компонента V за периодот 2007-2013 година изнесува 60.255.459 евра. Како дел од редовните активности и обврски за управување со ИПАРД фондовите доставен е втор годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата за 2012 година до ЕК.
Како резултат на усвоените модификации на ИПАРД програмата проширен е опсегот на акредитираните мерки со воведување на нови прифатливи трошоци (земјоделска механизација), зголемување на горните и долните лимити на износите на прифатливи инвестиции, воведување на нови подмерки. Како резултат на тоа, зголемен е бројот на апликации на јавниот повик (403 апликации) и износот на побарани средства за кофинансирање (9.5 мил ЕУР).
Твининг лајт проект „Помош за Платежна Агенција за Мерката рурална инфраструктура“ финансиран од ИПА 2010 ќе започне на крајот на 2014, ќе придонесе при изработка на акредитациски пакет за воведување на Мерката рурална инфраструктура во ИПАРД програмата.
Во однос на Мерката 501- Техничка помош, во владина процедура е донесувањето на Уредбата за регулирње на меѓусебните односи на МЗШВ и АФПЗРР за добивање на национална акредитација со што ќе се финализираат подготовките за целосна имплементација на средствата од ИПАРД Програмата наменети за оваа мерка.
Изготвен е предлог текстот за мерката 301 – Рурална инфраструктура и истиот ќе се достави официјално до ЕК како шеста модификација на ИПАРД програма 2007-2013.

Во 2013 година донесена е Уредба за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента V – ИПАРД од инструментот за претпристапна помош ИПА.

Секторот за рурален развој и Секторот за управување со претпристапни фондови на ЕУ при МЗШВ се релевантни сектори за креирање и реализација на политиките за рурален развој.
Комитетот за следење на ИПАРД програмата го одржа пролетниот состанок на 29 мај, 2013 година. На состанокот, се разгледа напредокот во спроведување на ИПАРД Програмата преку извештаите за следење на ИПАРД Програмата, извештаите за публицитет и комуникација како и акционите планови за спроведување на мерката за Техничка помош за 2013 година и активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД програмата за 2013 година. Вториот (есенски) Комитет за следење на ИПАРД е закажан за 5 декември 2013 година.

Од институционален аспект, во 2013 година направени се измени на внатрешните процедури за работа на Телото за управување со ИПАРД и истите се одобрени од страна на НАО.

[25] („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2013)
[26] („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2013).

[27] Службен весник на Република Македонија“ број 43/2013 година
[28] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2013
[29] Службен весник на Република Македонија бр. 23/2013)

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2014 година, планирано е да се изготви измена и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, заради усогласување со донесената нова регулатива во европското законодавство во оваа област.

Планирано е изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за земјоделските задруги.

Во однос на остварување на функциите за управување со претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во 2014 година ќе се превземат следниве активности:

- Финализирање на шеста модификација на ИПАРД програма 2007-2013,
- Седма модификација/измени на финансиски табели на ИПАРД Програмата 2007-2013 година,
- Подготовка и усвојување на ИПАРД програма 2014-2020. Изработка на националниот акт за усвојување на ИПАРД Програмата 2014-2020 на земјоделството и руралниот развој од Европската Унија,
- Усогласување на актот за формирање на Комитетот за следење на ИПАРД со Законот за земјоделство и рурален развој и ИПАРД програма 2014-2020,
- Ревизија на мониторинг системот и системот за евалуација за усогласување со ИПАРД Програмата,
- Одржување на мисија за пренесување на правото за управување со средствата наменети за мерката 501 Техничка помош од ИПАРД Програмата,
- Подготовка на документи потребни за акредитација на Мерката 301 Рурална инфраструктура и
- Донесување на подзаконските акти за спроведување на Мерката 301 Рурална инфраструктура.

АФПЗРР ќе започне со подготовките за имплементација на мерката 301 - Подобрување и развој на руралната инфраструктура како и активностите за подготовка на пакетот процедури за имплементација на избраните агро-еколошки мерки и активности за воспоставување на неопходните системи за следење на нивната реализација.

Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2014 година ќе продолжи реализацијата на активностите за публицитет со спроведување на кампања пред секој јавен повик и на барања од крајни корисници. Кампањата ќе се одвива согласно Годишниот план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата 2014, изготвен врз основа на Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2007-2013.

Во 2014 година ќе се предвидат мерки за рурален развој, согласно Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017.

**Институционална рамка**

По донесување на Законот за земјоделските задруги планирано е формирање на Одделение за земјоделски задруги во рамки на Секторот за рурален развој, надлежно за регистрирање на земјоделските задруги и водење на предметната проблематика.

Во 2014 година предвидено е усогласување на внатрешните процедури за работа на Телото за управување со ИПАРД заради нивна усогласеност со акредитацискиот пакет за Мерката за техничка помош (501).

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно. Ќе биде изготвен Годишен извештај за имплементација на ИПАРД Програмата за 2013 кој треба да биде доставен кон средина на 2014 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Активностите ќе бидат насочени кон подготовка за акредитација на ново воведените мерки (М301 Рурална Инфраструктура и М303 Поддршка на обуки во земјоделството и М201), како и ажурирање на Листата за прифатливи трошоци согласно ИПАРД Програма 2014-2020 и спроведување на постапка за официјално усвојување од ЕК.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно во 2015 и 2016.

Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2015 и 2016.

Во однос на националното финансирање на руралниот развој ќе бидат усвоени Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2015 и 2016 година. На среден рок ќе се разгледува и потребата од измена на одредбите кои се однесуваат на политиката за рурален развој во ЗЗРР заради нивно усогласување со реформите на ЗЗП на ЕУ во наредниот програмски период 2014-2020.

**Институционална рамка**
На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за ИПАРД со вработување и обука на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци. Во контекст на активноста за воспоставување на сигурносен ИКТ систем за Телото за управување со ИПАРД се планира обезбедување наориснички пристап до базите на податоци на АФПЗРР, преку интегрирање на системите на податоци со системите на податоци на ИПАРД Агенцијата во еден систем на проток на податоци меѓу двете институции.
Воедно, се планира и утврдување на кориснички пристап до бази на податоци и регистри во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на сите поврзани активности за воспоставување на ИКТ системи поврзани со ЗИС.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
За успешно искористување на ИПАРД фондовите, од ИПА ТАИБ 2010 ќе се реализираат следниве проекти:
- Твининг лајт проект „Помош за Платежна Агенција за Мерката рурална инфраструктура" и
- Проект за услуги „Воведување на нови ИПАРД мерки и подготвителни активности за ИПАРД 2014-2020".

Од ИПА ТАИБ 2011 предвидени се следниве проекти за АФПЗРР:
- Твининг проектот „Транзиција од Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во сеопфатна платежна агенција" и
- Набавка на ИТ опрема и возила за премин на АФПЗРР во сеопфатна платежна агенција.

## 3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Националната Стратегија за органско земјоделство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, со Акционен План е доставена во Владата на Република Македонија на усвојување.
Во рамките на Програмите за финансиска поддршка на МЗШВ за 2013 година, реализирани се мерки со зголемена финансиската поддршка од околу 30% за органското производство во однос на редовното производство и дополнителна поддршка за преработка и трговија на органски производи, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

Севкупната надлежност за уредување на областа на органското земјоделско производство во Република Македонија ја има МЗШВ - Сектор земјоделство, Одделение за органско земјоделско производство.
Во реализацијата на мерките и активностите поврзани со органското земјоделско производство учествуваат и ДИЗ, АХВ, како и други институции во одредени делови од целокупниот систем на органско производство на храна: Институт за акредитација на Република Македонија (ИАРМ), Институт за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ), Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), АФПЗРР, Факултетите за земјоделство, ЈНУ Земјоделски Институти, Национален Сојуз на органски здруженија, Акредитирани и овластени тела за стручна контрола.
Во однос на системот на контрола и сертификација во органското производство во Република Македонија, МЗШВ ги има овластено „Балкан Биосерт" и „Про Церт", а во 2013 година МЗШВ го овласти и третото контролно/сертификациско тело „Агрибиоцерт".

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Заради поголема усогласеност со европската регулатива, односно интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулативата на Комисијата бр. 392/2013 за системот на контролите за органско производство, Регулативата на Комисијата бр. 1235/2008 за увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка, како и на Регулативата на Комисијата бр. 710/2009 за утврдување на детални правила за органско производство на животни од аквакултурата, започнати се подготовки за измена и дополнување на Законот за органско производство[30]. По донесување на измените и дополнувањата на законот, дополнително ќе бидат утврдени и подзаконските акти кои ќе се донесат врз основа на истиот.
Предвидено е усвојување на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2014 година, врз основа на која ќе се реализира финансиската поддршка во овој сектор.

[30] Сл. Весник на РМ, бр. 146/2009 и 53/2011

**Институционална рамка**
Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, со две нови вработувања во 2014 година, како и обуки на кадарот на институционално ниво.
Во насока на зајакнување на капацитетите на МЗШВ во април 2013 започна Твининг проектот финансиран од ИПА ТАИБ 2009 за „Органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи". Проектот ќе придонесе за понатамошно усогласување на Законот и подзаконските акти од областа на органско земјоделско производство и институционално зајакнување на засегнатите страни во органското производство.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Предвидено е подготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за органско производство како и подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2015 и 2016 година.

**Институционална рамка**
Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор за земјоделство и на ДИЗ во периодот 2015-2016 година, како и нивна обука.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Во рамките на претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента ИПА ТАИБ во април 2013 година започна реализацијата Twinning Проектот за органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи и ќе трае до мај 2014.

## 3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Со Законот за квалитетот на земјоделските производи, како и подзаконските акти кои произлегуваат од него се регулира процесот на регистрација и заштита на називот на земјоделските и прехранбените производи со географски или традиционален карактер.
Во април 2013 година започна Твининг проектот „Органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи" од ИПА ТАИБ 2009. Во рамките на предвидените активности во проектот, во изминативе месеци и во соработка со експерти, Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделските производи активно работи на ревизија на постоечката законска регулатива и предложување на нови одредби кои ќе бидат во согласност со новата ЕУ регулатива 32012R1151, која се однесува на заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.
Заклучно со јули 2013 година, изработени се нови елаборати за заштита на називите на два типични локални производи „Бело овчо сирење Бистра" и „Кашкавал Бистра" и истите се ревидираат од страна на експертите од Твининг проектот.
Согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи, се изработува подзаконскиот акт во делот на стандарди за квалитет и методи за анализа и суперанализа на храната за животни. Се очекува да биде завршен до крајот на 2013 година. Сите останати подзаконски акти од Законот, веќе се донесени.
Во рамките на Програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за 2013 година, предвидена е мерка за финансиска поддршка за воведување на повисоки стандарди за квалитет на земјоделски и прехранбени производи со максимална висина на поддршката во износ од 300.000 денари по производ.

Сите активности од аспект на квалитет, регистрација и заштита на квалитетот на земјоделските и земјоделско-прехранбените производи, како и промоцијата на истите, се во надлежност на Секторот за квалитет и маркетинг на земјоделски производи. Во рамките на секторот, Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи е надлежно за регистрација и заштита на квалитетот на земјоделските производи.
Со поддршка на Твининг проектот се одржуваат обуки и работилници за заштита на квалитетот на земјоделските производи на кои учествуваат претставници од МЗШВ, ДЗИС, АХВ, ИАРМ, овластените контролни тела, земјоделски производители и преработувачи.
Изработени се флаери и брошури за добивање на заштиени ознаки за квалитет на македонски, англиски и албански јазик.
Формирана е работна група за утврдување на потенцијалните земјоделски и прехранбени производи кои би можеле да се стекнат со заштитени ознаки за квалитет (претставници од МЗШВ, високо-научните установи од областа на земјоделските науки, АХВ, здруженија на земјоделски производители, преработувачи итн.).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во соработка со експертите од земјата твининг партнер, до јуни 2014 година се очекува донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за квалитетот на земјоделските производи со цел хармонизација на истиот со новата ЕУ регулатива 32012R1151.

Во тек на 2014 година, во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството како и Програмата за рурален развој за 2014 година, ќе се предвидат мерки за финансиска поддршка за воведување на повисоки стандарди за квалитет.

Во текот на 2014 се очекува започнување на процедурата за регистрација на изработените елаборати за „Бело овчо сирење Бистра“ и „Овчи кашкавал Бистра“.

**Институцонална рамка**

Во насока на зајакнување на институционалниот капацитет во рамките на претпристапната помош на ЕУ до мај 2014 година ќе се продолжи со реализација на Twinning проект за административна соработка помеѓу МЗШВ и Министерството за земјоделство и шумарство на Италија, за целите на правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитетот на земјоделско-прехранбените производи, како и воспоставување на евиденција на производи кои имаат заштитена ознака на потекло, заштитена географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во овој временски период предвидена е и подготовка на елаборати и реализација на заштитата на ознаки за потекло и традиционален специјалитет на земјоделски производи, како и подготовка на Потпрограма за помош за воведување на повисоки стандарди за квалитет за 2015 и 2016 година и нивна реализација.

**Институцонална рамка**

Во рамките на МЗШВ предвидено е зајакнување на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Одделение за стандарди и квалитет на земјоделски производи и Одделение за маркетинг на земјоделски производи со нови вработувања во 2015 и 2016 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитени називи за ознаки за квалитет на земјоделските и прехранбените производи и нивна промоција.

## 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

***РЕЗИМЕ***

*Владата на Република Македонија го усвои Општиот план за управување со кризи од областа на безбедноста на храната и храна за животни за период 2013-2018 година. Зајакнати се административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) со 19 вработувања на стручен кадар. Системот за внатрешнен аудит на официјалните контроли успешно се имплементира, воведен е системот за управување со квалитет, согласно ИСО 9001:2008 во рамки на АХВ. Предвидени се бројни активности во рамки на ИПА 2009, Проектот за подобрување на институционалната рамка во однос на безбедноста на храна.*

*Реализирани се повеќе законодавни активности кои се усогласени со релевантното ЕУ законодавство од понов датум. Предвидено е подобрување на транспарентноста на АХВ во областа на санитарните и фитосанитарните мерки, воспоставување на оперативен и функционален SPS enquiry point(да се внесе на македонски) во Агенцијата за храна и ветеринарство, како и подобрување на соработката помеѓу релевантните институции. Со Проектот ИПА 2010 се предвидуваат низа активности во насока на зајакнување на капацитетите на АХВ. АХВ последователно на усвоените измените и дополнувањата на европското законодавство што ги регулира областите опфатени со ветеринарната политика ќе врши усогласување на националното законодавство.*

*За целосно усогласување на соодветното ЕУ законодавство од областа правила за нус-производи од животинско потекло (регулативите 32011R0142 и 32009R1069) во текот на 2014 планирано е донесување на измени и дополнувања на Законот за нус-производи од животинско потекло како и 9 подзаконски акти. Со поддршка од ИПА предвидено е воспоставување на информативни системи и платформи за надлежните органи за безбедност на храна надградени и поврзани со операторите за храна и храна за животни, собирање на податоци за сопствена контрола, како и пријавување на жалби и поплаки од страна на засегнатите потрошувачи.*

*Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната и храната за животни, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.*

*Постигнати се резултати во однос на усогласување во делот на здравје на растенијата-фитосанирните мерки/ISPM стандарди, а во наредниот период ќе се донесе закон за фитофармацевтски производи. Подобрена е координацијата помеѓу институциите надлежни за фитосанитарна политика. ДИЗ, Секторот за Фитосанитарната инспекција е во постојан контакт и соработка со сите учесници во фитосанитарниот систем. Во 2014 планирано е реализирање на 2 нови вработувања во делот на имплементација на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја. Со цел јакнење на капацитетите на Управата за семе и саден материјал, ДФЛ и Сектор за шумарство и ловство се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување професионални обуки за вработените.*

### 3.12.1 ОПШТИ НАЧЕЛА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Владата на Република Македонија, го усвои Општиот план за управување со кризи од областа на безбедноста на храната и храна за животни за период 2013-2018 година. Планот е во согласност со релевантните одредби од Регулатива 178/2002 и е донесен врз основа на Законот за безбедност на храната. Целта на планот е да се обезбеди соодветна подготвеност на надлежните институции за ефикасно и навремено реагирање во случај на криза или закана по здравјето за луѓето, животните и животната средина, кои произлегуваат од храната, храна за животни, ветеринарно медицинските препарати и нус-производи од животинско потекло.

Воспоставен е Националниот Совет за безбедност на храна и храна за животни (НС), како организациона структура за соработка со ЕФСА и Кодекс Алиментариус во областа на процена на ризикот.

Институционалните и административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) се значително зајакнати, со 19 вработувања со стручен кадар. Системот за внатрешна ревизија на официјалните контроли на АХВ функционира, при што во текот на годината се спроведени повеќе внатрешни аудити. Во рамките на АХВ, воведен е системот за управување со квалитет, согласно ИСО 9001:2008.

Со поддршка на ГД САНКО, спроведени се обуки за јакнење на инспекциските служби на АХВ, во врска со анализа на ризик на храна. Со поддршка на УНДП, спроведена е работилница за размена на искуствата со Хрватска, во процесот на преговарање. Во рамките на претпристапната програма, со поддршка на ЕФСА, спроведени се обуки и учество на советодавниот форум.

АХВ како национална Кодекс контакт точка учествуваше во ФАО Регионална консултација на Националните Кодекс контактни точки за управување со безбедноста на храната и Меѓународната конференција за анализа на ризик.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Стратегијата за безбедност на храната за периодот 2013-2015 се очекува наскоро да се достави за разгледување и усвојување од страна на Владата на Република Макдеонија. Целта на Стратегијата е постигнување на целосна усогласеност со релевантното ЕУ законодавство, вклучувајќи ги последните предлог измени на регулативата 882/2004, како и промоција на високите стандарди на ЕУ од областа на безбедноста на храната.
Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна е во фаза на финална изработка во рамките на АХВ. Целта е целосно усогласување со законодавството на ЕУ, во врска со информираност на потрошувачите.

**Институционална рамка**

Административните капацитети на АХВ во текот на 2014 година, планирано е да се зајакнат со 10 нови вработувања за имплементација на релевантното законодавство и во одделението за внатрешна контрола и аудит.

Предвидени се бројни активности во рамки на ИПА 2009, Проектот за подобрување на институционалната рамка во однос на безбедноста на храна. Со проектот ќе се обезбеди поддршка за: зајакнување на соработката меѓу институциите од Поглавје 12, управување со човечки ресурси, управување со ризикот во однос на безбедност на храна и храна за животни, мониторинг на здравје на растенијата и производ за заштита на растенија, подготовка на инспекциските служби за акредитација согласно стандардот ИСО/ИЕЦ /IEC.
Воспоставувањето на 4 научни мрежи на АХВ ќе овозможи нејзино поврзување со институции/ организации кои работат во полето на собирање на податоци согласно надлежностите на АХВ. Со тоа ќе се овозможи прибирање и евалуација на податоци за биолошки ризици, контаминенти, резидуи и податоци за консумирање на храна.
Во текот на 2014 година, ќе отпочне имплементација на Системот за управување со квалитет (СУК), и примената на стандардот ИСО 9001: 2008.
Ќе продолжи учеството во ЕФСА програмата, со фокус на политиките на Еу и методите на работа на интегрираниот пристап за безбедноста на храната „од нива до трпеза“.

Согласно Програмата и Планот за внатрешен аудит на официјалните контроли, ќе бидат извршени внатрешни аудити на официјалните контроли на одобрени објекти за нус-производи од категорија 3, за трофеи од диви животни, одобрени објекти за складирање и извоз на кожа и складирање и извоз на волна.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Измените и дополнувањата на европското законодавство во однос на безбедноста на храната ќе бидат следени во континуитет од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и последователно ќе се транспонираат во националното законодавство.

Одделението за внатрешна контрола и аудит ќе пристапи кон анализа и подготовка на новиот 5 годишен План за внатрешен аудит на официјалните контроли 2016-2021.

**Институционална рамка**

Во рамки на Агенцијата предвидено е дополнително да се воспостават соодветни механизми за подобрување на административните капацитети. Зајакнувањето на капацитетите на АХВ од аспект на организација, управување и координација ќе овозможи понатамошно унапредување и надградба на системите во нејзина надлежност. Во тој контекст, планирани се подготовки за акредитација на инспекциските служби на АХВ во рамки на Проектот ИПА 2009 согласно Европскиот стандард – EN 45004 или друг стандард посоодветен за работењето на службите.

### 3.12.2 ВЕТЕРНАРНА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2013 година реализирани се повеќе законодавни активности со кои детално се регулираат различни области опфтени со ветеринарната политика, со што е постигнато усогласување со релевантното ЕУ законодавство од понов датум (детално известување во кварталните извештаи за напредокот на НПАА), и тоа:

- областа на барања за увоз и транзит на живи животни, производи од животинско потекло и некомерцијално движење на домашни миленици,
- областа на идентификација и регистрација на животните и нивните движења,
- областа ставање во промет на живи животни,
- областа услови за увоз и ставање во промет на водни животни и нивни производи,
- областа услови за увоз и ставање во промет на водни животни и нивни производи,
- областа ветеринарно-медицински препарати и
- областа услови за увоз на живи животни.

Од втората половина на 2013 година отпочна реализација на проектот Проектот за трговска логистика на западниот Балкан (IFC Western Balkans Trade Logistic Projects) финасиран од Европската Комисија преку Светска Банка. Целта на проектот е редуцирање на регулаторните и административните бариери во меѓу граничната трговија во регионот на земјите од Западен Балкан, со рационализирање на извозно-увозните процедури, што води кон подобрување на конкурентноста на приватниот сектор во регионот, преку поефикасен пристап до регионалните и светските пазари. Проектот е поврзан со стратегијата CEE2020.
Со цел зајакнување на административните капацитети, спроведени се низа обуки со поддшка на СТО, ГД САНКО, ТАИЕКС.

ВИС е целосно интегриран со модулите за идентификација и регистрација на животните и е оперативен од мај 2013 година. Во ВИС се применува новиот метод на организација на здравствена заштита на животните.

Процесот на акредитација на лабораториските методи континуирано се спроведува (досега вкупната бројка на акредитирани лабораториски методи е 107) објавени на web страната на Институтот за акредитација на РМ (www.iarm.gov.mk). Извршена е акредитација на лабораториската метода за испитување на беснило, и истата е признаена од ЕК.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во тек е постапка за донесување на нов Законот за заштита и благосостојба на животните со кој се врши усогласување со одредбите од: 32007L0043, 32010L0063, 32008L0119 и 32005R0001.
Планирано е донесување на подзаконски акти во однос на благосостојба на фармските животни и животните во текот на превозот, како и подзаконски акти од областа на некомерцијално движење на домашни миленици и внатрешен промет во заедницата со живи животни со цел потполно усогласување со Европското законодавство. (Повеќе детали, Прилог 1-Матрица на цели и активности за 2014-2016).
Дел од подзаконските акти од областа на идентификација и регистрација на животните ќе се усогласат со новиот Закон за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ 95/2012 од 26.07.2012). (Повеќе детали, Прилог 1-Матрица на цели и активности за 2014-2016).

**Институционална рамка**

Предвидено е подобрување на транспарентноста на АХВ во областа на санитарните и фитосанитарните мерки, воспоставување на оперативен и функционален SPS enquiry point (да се внесе на македонски) во Агенцијата за храна и ветеринарство, како и подобрување на соработката помеѓу релевантните институции кои што имаат надлежности во областа на санитарните и фитосанитарните мерки.

Со Проектот ИПА 2010 се предвидуваат низа активности во насока на зајакнување на капацитетите на АХВ, како и останатите институции вклучени во креирање и имплементирање на фитосанитарната политика. Зајакнувањето ќе се изврши преку:

- Изградба на објекти за инспекциските служби на АХВ и Државниот инспекторат за земјоделство на ГП Блаце и нивната опрема;
- Вакцинација против беснило и

- Зајакнување на институционалните капацитети на надлежните органи за спроведување на европското законодавство за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.

Таа цел се планира да се реализира со имплементација на твининг договор.

Исто така, во рамки на ИПА 2010 проектот предвидено е и спроведување на серолошки испитувања на одредени зоонози и обуки на тема ветеринарно-медицински препарати.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

АХВ последователно на усвоените измени и дополнувања на европското законодавство што ги регулира областите опфатени со ветеринарната политика ќе врши усогласување на националното законодавство.

**Институционална рамка**

Предвидени се низа обуки за ново вработените лица поточно стручниот кадар чии работни задачи се директно поврзани со различни области од ветеринарството како и континуирани обуки за надградба на знаењата на останатиот стручен кадар.

### 3.12.3. СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА, ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ И НУС-ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Усогласувањето со релевантни Европски прописи од **областа на хигиенски правила за храната** и **областа општи барања за безбедност на храната во однос на резидуи од пестициди**, донесени од понов датум се постигна со донесување на следните (да се внесат кои) правилници во текот на 2013 година. (Деталите се наведени во Кварталните извештаи за напредокот во однос на НПАА за 2013).

Заради хармонизација односно унифициран пристап во вршењето официјални контроли од страна на инспекциските служби организирани се повеќе обуки во организација на ГД САНКО на која учествуваа претставници од АХВ. Претставници од АХВ учествуваа на TAIEX настани кои беа одржани во претходниот период: работилници за животински нус-производи и контроли и проверки на животински нус-производи.

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

За целосно усогласување на соодветното ЕУ законодавство од **областа правила за нус-производи од животинско потекло** (регулативите 32011R0142 и 32009R1069) во текот на 2014 планирано е донесување на измени и дополнувања на Законот за нус-производи од животинско потекло како и 9 подзаконски акти. (Повеќе детали, Прилог 1-Матрица на цели и активности за 2014-2016).

**Институционална рамка**

Согласно Законот за безбедност на храната предвидено е да се направи исклучок за операторите со храна со мали капацитети во поглед на нивна надградба и мониторинг на нивната надградба на флексибилен начин, но при тоа да се задржат начелата предвидени со Европското законодавство со утврдување на одредби за преодни периоди и одредби за категоризација и надградба на објектите – операторите со храна. За ко-финансирање на активностите на класификација на операторите за храна и усогласување со европските стандарди обезбедени се средства во рамките на ИПАРД Програмата.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

**Институционална рамка**

Со поддршка од ИПА предвидено е воспоставување на информативни системи и платформи за надлежните органи за безбедност на храна надградени и поврзани со операторите за храна и храна за животни, собирање на податоци за сопствена контрола, како и пријавување на жалби и поплаки од страна на засегнатите потрошувачи.

Со проектот ИПА 2010 планирана е воспоставување на центар за обука на обучувачи од областа на ветеринарното јавно здравство.

Предвидена е подготовка на повеќегодишна програма со мерки и индикатори за подобрување и следење на квалитетот на млекото и воспоставување на систем за следење на квалитетот на млекото (2012-2015). За таа цел на среден рок се планира и формирање на уште 2 регионални лаборатории за јужниот и источниот дел од

Република Македонија за испитување на хигиена и квалитет на млекото. Заради успешна примена на добрата хигиенска пракса за примарното производство согласно стандардите и нормите на ЕУ во рамки на ИПА 2010 предвидена е изработка и оценка на прирачници.

### 3.12.4. ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Заради понатамошно усогласување со релевантното Европско законодавтво, во текот на 2013 година реализирани се повеќе законодавни активности донесени согласно Законот за безбедност на храната од следните области:

- производи што доаѓаат во контакт со храната,
- брзо смрзната храна,
- правила за безбедност на овошните сокови,
- нутритивни и здравствени тврдења за храната,
- додатоци што се користат во исхраната,
- храна за посебна нутритивна употреба,
- GMO храна[31] и
- адитиви што се употребуваат во производството на храна и критериуми за нивна чистота.
- (Повеќе детали се дадени во кварталните извештаи за напредокот во однос на НПАА за 2013).
- Со поддршка на ГД САНКО и ТАИЕКС спроведени се неколку настани кои имаа за цел зајакнување на административните капацитети на АХВ за ефикасна имплементација и решавање на спорни прашања поврзани со Европското законодавство. (Повеќе детали се дадени во кварталните извештаи за напредокот во однос на НПАА за 2013).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Предвидено е донесување на одреден број подзаконски акти заради усогласување со последните измени од релевантното Европско законодавство од областите: барања за безбедност на производите што доаѓаат во контакт со храната, безбедност на храна третирана со јонизирачко зрачење, означување, рекламирање и презентирање на храната, адитиви кои се употребуваат во производството на храна и критериуми за нивна чистота, храна за посебна нутритивна употреба и екстракциони растворувачи. (Повеќе детали, Прилог 1-Матрица на цели и активности за 2014-2016).

**Институционална рамка**

За успешна имплементација на законодавството во однос на контрола на храната од неживотинско потекло административните капацитети на АХВ ќе бидат зајакнати со вработување на државни инспектори за храна. (дел од предвидените 10 вработувања наведени во Подрачјето 3.12.1. Краткорочни приоритети**).** Планирана е надградба на техничките капацитети во Институтот за јавно здравје на РМ (опрема и кадар) за тестирање на широк спектар на пестициди во храната, кои се задолжителни според европската легислатива.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

**Институционална рамка**

Предвидени се соодветни обуки за државните инспектори за храна како и обуки за стручно – административниот кадар во рамки на Секторот за храна од неживотинско потекло.

### 3.12.5. ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Врз основа на Законот за храна за животни усвоено е законодавството за посебните барања за ГМО храна за животни.[32] (Повеќе детали се дадени во кварталните извештаи за напредокот во однос на НПАА за 2013).)

---

[31] Правилниците во однос на GMO храна и храна за животни кратко време по доенсуавњето се укинаа (беше постапено по заклучок на 158-ма Седница на Владата на РМ, точка 83), со што се забрани увоз на ГМО храна и храна за животни во Република Македонија.

Во насока на зајакнување на административните капацитети на АХВ, со поддршка на ГД САНКО во текот на 2013 година се одржаа неколку обуки на тема Законодавството на ЕУ за храна за животни, на кои земаа учество одреден број на претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство.

***КРАТКООРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

**Институционална рамка**

Во текот на 2014 година ќе се спроведуваат теоретски и практични обуки за стручниот кадар од Агенцијата за храна и ветеринарство кој е директно вклучен во активностите од областа безбедност на храна за животни и исхрана на животните.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната за животни, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

## 3.12.6. ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Согласно Законот за здравјето на растенијата донесени се 5 подзаконски акти во надлежност на Фитосанитарната Управа во форма наредби преку кои во националното законодавство се преземаат следните ISPM меѓународни стандарди и тоа: ISPM 33, ISPM 06, ISPM 09, ISPM 31, ISPM 02, ISPM 13 и ISPM 14. (детално известување во кварталните извештаи за напредокот на НПАА)

Донесени се три правилника, како национални решенија, за вршење на фитосанитарен мониторинг кај стратешките култури (овошје и винова лоза, меркантилен и семенски компир и градинарски култури - производство во отворен и затворен простор). Спроведувањето на фитосанитарен мониторинг е со цел да се утврди статусот на штетни организми во производните подрачја и да се подобрат условите за производство во нив, а со тоа да се обезбедат услови за непречен извоз на земјоделски производи во рамки на земјите-членки на ЕУ и останатите земји и да се спречи внесување и ширење на штетни организми на нивна територија. (Повеќе детали во кварталните извештаи за напредок во однос на НПАА за 2013).

Со поддршка на ГИЗ, спроведена е работилница за размена на искуствата со Хрватска, во процесот на преговарање за Поглавјето 12, со посебен осврт на подрачјето фитосанитарна политика.

На петтиот состанок на мрежата на ЕФСА за здравје на растенија на тема „Подготвителни мерки за партиципација во ЕФСА за земјите кандидати и потенцијални кандидати“ зема учество претставник од Фитосанитарната управа.

**Управа за семе и саден материјал**

Управата за семе и саден материјал продолжи со контрола на производството на сертифициран семенски материјал и со издавање на сертификат за конечно сертифицирано семе. Управата за семе и саден материјал продолжи со издавање на конечен сертификат и етикети за материјал за размножување и саден материјал од овошни растенија наменет за производство на овошје и за материјал за вегетативно размножување на винова лоза.

Увозот на странски сорти од земјоделски растенија кои се на листата на Европски заедничкиот каталог на сорти во Република Македонија е слободен согласно европското законодавство за слободна трговија што резултира со збогатување на асортиманот на земјоделски култури.

Склучени се договорите со јавни овластувања за правните лица за вршење стручна контрола на производство на семенски посеви и насади, пост-контрола и за испитување на видови на сорти на земјоделски растенија, како и јавни овластувања на лаборатории за испитување на семенски и саден материјал, земање и чување на дефинитивните примероци на сорти во ген банки..

---

[32] Правилниците во однос на GMO храна и храна за животни кратко време по донесувањето се укинаа (беше постапено по заклучок на 158-ма Седница на Владата на РМ, точка 83), со што се забрани увоз на ГМОхрана и храна за животниво Република Македонија.

**Државен Инспекторат за земјоделство – ДИЗ (фитосанитарна инспекција)**
Административните капацитети на ДИЗ (фитосанитарна инспекција) се значително зајакнати со 3 (три) нови вработувања на стручен високообразовен кадар. ДИЗ, Секторот за Фитосанитарната инспекција е во постојан контакт и соработка со сите учесници во фитосанитарниот систем ија следи правната легислативата од областа на фитосанитарната политика во однос на сите законски и подзаконски акти заради нејзина успешна и ефикасна имплементација.
Државниот инспекторат за земјоделство преку државните фитосанитарни инспектори започна со имплементација на мониторинг програмите и следење на штетни организми, со што ќе се започне и со собирање и евидентирање на податоци за присуство или отсуство на штетни организми, согласно изготвените програмите за фитосанитарен мониторинг донесени во 2013 г. (видете исто така тековна состојба).
Во насока на континуирано зајакнување на функционалноста на фитосанитарниот систем во Република Македонија, покрај вработувања со компетентен стручен кадар, беа одржани и соодветни обуки за државните фитосанитарни инспектори во организација на ГД САНКО, ТАИЕКС, ИФЦ Проектот за трговска логистика на западниот Балкан и Секретаријатот на ЦЕФТА како и со локални експерти.

**Државната Фитосанитарна лабораторија – ДФЛ**
Во рамки на ДФЛ досега се акредитирани 4 методи од кои 2 се однесуваат на содржината на активна супстанција во производи за заштита на растенијата - ПЗР, додека останатите 2 се за дијагностика на растителни вируси. Истите се објавени на web страната на Институтот за акредитација на РМ (www.iarm.gov.mk)..
Зголемен е обемот на работа во однос на зголемување на бројот на изработени анализи врз основа на доставени примероци за дијагностика на растителни болести и штетници. ДФЛ зема активно учество при изработување на мониторинг програмите за градинарски култури, лоза и овошни култури, како и за производи за заштита на растенија. Во тек е и постапка за зајакнување на капацитетите на ДФЛ со две (2) нови вработувања.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Се предвидува донесување на Стратегија за фитосанитарна политика. Основни принципи на кои што се темелат стратешките цели во овој документ се: утврдување на приоритетните активности од областа на здравјето на растенијата во периодот до добивање на датум за преговори со Европската Унија; унапредување на постоечките надлежни органи и зајакнување на човечките ресурси, техничка поддршка и статус, како и улогата на надлежните органи за здравје на растенијата после пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија. Со спроведување на предвидените стратешки цели во наредните 5 години ќе се создадат предуслови за обезбедување на доволна количина здрава и висококвалитетна храна, ќе се подигне свеста како на земјоделските производители, така и на сите останати учесници кои директно или индиректно влијаат врз здравјето на растенијата. На тој начин ќе се сочува животната средина и ќе се покачи стандардот и квалитетот на животот на населението.
Законодавните активности за понатамошно усогласување на националното законодавство со релевантното ЕУ законодавство од фитосанитарната област ќе продолжат и во 2014 година. Предвидено е донесување на Законот за фитофармацевтски производи (предмет на усогласување со ЕУ мерките: 32009R1107, 32009R1185, 32009L0128, 32005R0396 и 32009L0127). Паралелно со тековните активности и работите кои се врзани за Законот за ѓубриња, се работи и на изработка на нов Закон за ѓубриња кој во иднина ќе го носи насловот Закон за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата. Целта на донесувањето е усогласување со релевантното ЕУ законодавство (регулатувите 2003/0809, 2003/0810, 2006/0181, 2006/0208 и 2002/1774 на Европската Комисија).
Во текот на 2014 година ќе се донесат подзаконски акти од областа на здравјето на растенијата, надлежност на Фитосанитарната Управа, во форма на наредби за спроведување на следните ISPM меѓународни стандарди, директивата 32009L0029 и два подзаконски акти во однос на бази на податоци и информатички системи битни за ефикасно работење на фитосанитарните служби и функционирање на фитосанитарниот систем.
Со донесување на законските и подзаконските акти од областа на здравјето на растенијата и со нивно потполно усогласување со ЕУ законодавство , во Република Македонија ќе се воспостави поефикасен систем на следење и заштита на растенијата од внесување и ширење на штетни организми. На тој начин, ќе се постигне поголема конкурентност на земјоделските производи со потекло од Р.Македонија на пазарите во земјите-членки на ЕУ, како и во трети земји.
Во наредниот период доколку има потреба Фитосанитарната управа ќе биде вклучена и во изработка и усогласување на билатерални договори, спогодби и протоколи за меѓународна соработка во фитосанитарната

област. На овој начин ќе се овозможи развивање и продлабочување на трговската соработка на Република Македонија со други земји и ќе се поттикне размената на информации во однос на откривањето и ширењето на карантинските штетни организми, како и информации за преземените фитосанитарни мерки при нивна појава.

Во 2014 година ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со цел да се постигне потполно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ и со Регулативата 1598/2002/ЕЗ. (За повеќе детали, Прилог 1, Матрица на цели и активности 2014-2016).
Управата за семе и саден материјал изготви Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија кој е усогласен со ЕУ – директивите 3199L0066 и 3198L0056 и истиот е доставен во Секретаријат за законодавство за усогласување.

**Институционална рамка**
Државна фитосанитарна лабораторија
Процесот на акредитација на лабораториските методи во Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) континуирано продолжува и во 2014 година. Во 2014 година ќе се добие флексибилен опсег на акредитација за анализа на содржината на активна супстанција во производите за заштита на растенија и да ќе се акредитираат методи за дијагностика на растителни бактерии, вируси, нематоди и PCR методи за идентификација на истите. Овие акредитирани методи ќе покријат поголем дел од целните организми и производите за заштита на растенија донесени во мониторинг програмите од страна на Фитосанитарната управа. Исто така во тек е подготовка на тендерска процедура за набавка на потребните хемикалии и реагенси за спроведување на истите. Во 2014 се очекува ДФЛ да добие течен хроматограф со тандем масен детектор (LC/MS/MS) за детектирање на многу ниски концентрации на резидуи од пестициди како во примарното така и во органското растително производство.

**Управа за семе и саден материјал**
Во текот на 2014 година се предвидени 5 нови вработувања неопходни за имплементација на Законите и подзаконските акти кои произлегуваат од областа на семе и саден материјал и селекционерските права.

**Државен Инспекторат за земјоделство – ДИЗ (фитосанитарна инспекција)**
Како еден од приоритетите на ДИЗ и за 2014 година од областа фитосанитарната политика, ќе биде превземање на активности фокусирани на воспоставување и имплементација на мониторинг програмите од областа на здравјето на растенијата и монoиторинг програмите од областа на производите за заштита на растенијата.
ДИЗ зема активно учество во Проектот ИПА 2010, со кој е предвидена изградба на објекти за инспекциските служби на АХВ и Државниот инспекторат за земјоделство на ГП Блаце и нивната опрема, што би допринело до поголема ефикасност на фитосанитарните служби при контрола на пратките при увоз, извоз и транзит низ Република Македонија, според релевантното законодавство на ЕУ.

**Сектор за шумарство и ловство**
Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на 2 нови вработувања во делот на имплементација на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во текот на 2015 година ќе се донесат одреден број подзаконски акти од областа на здравје на растенијата, надлежност на Фитосанитарната Управа, во форма на наредби за спроведување на одредени ISPM стандарди: ISPM 22, 24, 26, 27:2006, 27:2010, 29, 30, 32, 16 и 18, како и подзаконски акти усогласени со директивата 32009L0029 и директивата 32007L0033. (За повеќе детали, Прилог 1, Матрица на цели и активности 2014-2016)
Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, до крајот на 2016 година ќе се донесат повеќе подзаконски акти. (За повеќе детали, Прилог 1, Матрица на цели и активности 2014-2016).

**Институционална рамка**
**Фитосанитарна Управа**
Фитосанитарниот систем во Република Македонија ќе се развива и зајакнува во континуитет преку активностите кои се насочени на:Регистрација на правните субјекти кои вршат стерилизација на дрвениот материјал за пакување, а кои ги исполнуваат условите согласно Меѓународниот стандард ISPM 15. На тој начин се спречува можноста за внесување и ширење на штетни организми во внатрешноста на државата преку дрвениот материјал

за пакување, Надградба и зголемување на бројот на запишани субјекти во Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, согласно Законот за здравјето на растенијата и Имплементација на фитосанитарниот мониторинг на здравјето на растенијата, врз основа на донесените мониторинг програми кај стратешките култури во Република Македонија.

**Управа за семе и саден материјал**
Со цел имплементација на ЕУ стандардите и процедурите, како и успешна примена на националното законодавство, предвидени се обуки за постоечките и нововработените лица. Одредени обуки се продолжителни обуки на вработените односно надградба на останатите вработени, чии задачи и обврски се продолжување на започнатите активности за евроинтеграцискиот процес.

**Сектор за шумарство и ловство**
Со цел јакнење на капацитетите на надлежниот сектор се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување професионални обуки за вработените.

## 3.13 РИБАРСТВО

***РЕЗИМЕ***

*Со оглед на тоа што Република Македонија нема излез на море, поголем дел од acquis-то од областа на рибарството не е применлив.*

*Главните активности во наредниот период се насочени во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој со доделување на концесиите за стопанисување со риби врз основа на Законот за рибарство и аквакултура и риболовните основи за риболовните води во Република Македонија, како и непречениот пласман на рибите и производите од риба на пазарот.*

*Структурните активности во делот на рибарството и аквакултурата ќе се реализираат преку планираните мерки во годишните програми.Во Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години утврдени се задачите, активностите и развојните мерки во делот на рибарството и аквакултурата и е основа за планирање на структурните мерки во годишните програми.*

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Областа на рибарството и аквакултурата е уредена со Законот за рибарство и аквакултура, („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2008 и 67/2010, 47/2011, 53/2011, 95/12 и 164) како основен закон. Врз основа на законот, изработени се и донесени 23 пратечки прописи кои се објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 53 и 54 од 2008 година и број 7 и 94 од 2009 година 93, 117 и 164 од 2010 година и 24 од 2011 година. Во 2012 година е донесена и Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години, која ги дефинира целите и го дава правецот за развој на рибарството и аквакултурата за подолг временски период.

Покрај Законот за рибарство и аквакултура, правната рамка во областа ја сочинуваат и пакет на закони од областа на ветеринарството и тоа Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12) и Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11 и 1/12).

Врз основа на овие закони, во делот на рибарството и аквaултурата во изминатиот период од аспект на ветеринарството, изработени се и донесени 8 пратечки прописи, а во 2013 година донесени се следните пратечки прописи:

- Правилник за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/13) и
- Правилник за начинот на регистрација, формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на одгледувалишта, формата и содржината на картата за идентификација на одгледувалиштето, начинот на пријавување и евидентирање на промените на одгледувалиштето и одгледувачот и како и видовите на други животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/13).

Овие правилници се транспонирани согласно Директива на Советот 2006/88/ЕЗ и Регулатива на Комисијата (ЕЗ) бр. 1251/2008.

Инспекцискиот надзор и контрола во областа на рибарството и авакултурата е уреден со Законот за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09 и 53/11) како материјален закон и донесените пратечки прописи врз основа на овој закон.

Државниот инспекторат за земјоделство во водењето на прекршочните и кривичните постапки за сторени повреди во областа на рибарството и аквакултурата, покрај материјалниот закон ја применува и законската рамка преку Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/10, 157/11 и 147/13), Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/06 и 51/11) и Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.37/96; 80/99; 4/02; 43/03; 19/04; 84/05; 60/06; 73/06; 87/07; 7/08; 139/08; 114/09; 51/11; 135/11; 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13).

Изработени се и донесени риболовните основи за три риболовни подрачја (природните езера), за деветнаесет вештачки езера, како и за сите риболовни ревири во Република Македонија со определување на рекреативни зони, објавени во Службен весник на Република Македонија бр.66/11 и 145/11.

Структурните активности се уредуваат преку годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, кои ги носи Владата на Република Македонија.

Во Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години, утврдени се задачите, активностите и развојните мерки во делот на рибарството и аквакултурата и истата е основа за планирање на структурните мерки во годишните програми. Исплатата на финансиските средства по мерки ја врши АФПЗРР.
Пазарната политика покрај Законот за рибарство и аквакултура и пратечките прописи е уредена и со законската регулатива од делот на ветеринарството кој се однесува на рибарството и аквакултурата.

Во рамки на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството. Во одделението за рибарство и аквакултура се вработени две лица. Во Одделението за рибарство и аквакултура во Сектор за земјоделство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се води:

- Регистер на одгледувачи на риби,
- Регистер на регистрираните репроцентри,
- Евиденција на производители на порибителен материјал од рибник наменет за промет, евиденција на корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води,
- Евиденција за производство на риба со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа,
- Евиденција на државната помош во рибарството и аквакултурата.

Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ), кој е орган во состав на МЗШВ преку Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со полјоделско производство, во кој постојат две одделенија и тоа Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата и Одделение за физичка заштита на риболовните води, со вкупно вработени 16 државни службеници.
Во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ за вршење на инспекцискиот надзор вработени се вкупно 12 лица, 1 Виш инспектор, 5 инспектори и 6 Референти за рибарство со аквакултура, додека во Одделението за физичка заштита на риболовните води вработено е 1 лице и тоа Виш соработник за водење на евиденција за физичка заштита на риболовни води.
ДИЗ покажа посебна активност и во поглед на преглед на риболовен алат, опрема, предмети, улов, легитимации, дозволи за стопански и рекреативен риболов, пунктови, одгледувалишта на риба, репроцентри и на водење на евиденции. Исто така се вршеа и контроли во однос на порибувањето по вид и количина во риболовните води, но и контроли на овластените јавни научни установи.

Агенцијата за храна и ветеринарство, преку Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните и Секторот за ветеринарно јавно здравство е надлежна за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на здравствената заштита на рибите, примарното производство на аквакултура, ставањето во промет на аквакултура и безбедноста на производите од аквакултура кои се пласираат на пазарот.
Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12) води Регистер на одгледувалишта на аквакултура. Регистерот се води електронски во Ветеринарниот Информативен Систем (ВИС) и секое одгледувалиште има свој единствен регистерски број на одгледувалиште (РБО). Регистерот во моментот брои вкупно 89 одгледувалишта на аквакултура.
Официјалните контроли и надзор во делот на аквакултурата во Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведуваат преку Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните, Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните кое брои 40 официјални ветеринари надлежни за спроведување на контроли во делот на здравствена заштита на животните и Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, Сектор за ветеринарно јавно здравство надлежно за контроли во однос на примарно производство, во однос на посебните хигиенски барања во примарното производство и безбедност на храната од животинско потекло кое брои 36 официјални ветеринари.
Во текот на 2013 година, официјалните ветеринари надлежни за контрола на здравствената заштита на животните и ветеринарно јавно здравство од АХВ спроведоа контроли на сите одгледувалишта на аквакултура и примарни производители на аквакултура во врска со исполнувањето на општите и посебни барања за примарно производство и посебните хигиенски барања во однос на примарното производство како и безбедност на храната од животинско потекло.
Како резултат на официјалните контроли сите одгледувачи на аквакултура заради спроведување на мерки согласно Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11,

136/11 и 123/12) и Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/13) склучија договори со овластено ветеринарно друштво по нивен избор. Во текот на 2013 година се спроведе и регистрација на сите постоечки одгледувалишта на аквакултура согласно Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во областа на рибарството во непосредна иднина, освен извесни дополнувања неопходни за следење на евро-интегративниот процес, не е предвидено донесување на акти од оваа област.

Пратечките прописи кои се донесени се однесуваат на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството,*** а ги допрецизираат одредбите околу искористувањето на природните ресурси (рибите) преку доуредување на начинот на вршење на стопанскиот и организирање на рекреативниот риболов. Во ова подрачје, тековно се анализираат состојбите и доколку постои потреба тековно се прават измени и дополнувања на подзаконските акти.

Во првиот квартал на 2014 година, во областа на ***структурните активности*** предвидено е донесување на годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2014 година, со начин/упатство за реализација на истите.

Во делот на пазарната политика, Агенцијата за храна и ветеринарство, согласно Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/13), во 2014 година ќе започне со одобрување на објектите за производство на аквакултура и објектите за преработка на аквакултура со единствен број на одобрение.

**Институционална рамка**

За зајакнување на административниот капацитет во тек на 2014 година во Одделението за рибарство и аквакултура предвидено е вработување на две лица, со оглед на проширување на обемот на работа во областа, а за зајакнување на инспекциската контрола и вршењето на инспекциски надзор во областа, во Одделението за инспекциски надзор на рибараството и аквакултурата при ДИЗ во 2014 година треба да се вработат уште неколку инспектори.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2015 и 2016 година.

Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12) и Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/13), во 2014 година со цел следење на евро-интегративниот процес предвидува донесување на предлог Програма за надзор на болести кај аквакултурата. Со програмата ќе се спроведува надзор на одредени болести кај рибите на одгледувалиштата со риби во одреден временски период (2 години), со што ќе се обезбедат докази за одредување и добивање на статусот на одгледувалиштето во однос на тие болести, а со тоа и потврдување на тој статус на територијата на цела држава. Ново стекнатиот статус во однос на болестите е во насока на заштита на сопствениот пазарот од увоз од земји кои имаат поинаков статус во однос на тие одредени болести кај аквакултурата.

**Институционална рамка**

Заради проширување на обемот на активностите во областа и зајакнување на административниот капацитет, на среден рок во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на повеќе лица, а во Одделението за инспекциски надзор на рибараството и аквакултурата при ДИЗ вработување на дополнителен број на инспектори.

## 3.14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

***РЕЗИМЕ***

*Во областа на транспортна политика се продолжува со имплементацијата и спроведувањето на националното законодавството усогласено со законодавството на ЕУ во оваа област за сите модели на транспорт. Се спроведуваат инспекциските надлежности, зајакнувањето на административниот и оперативниот капацитет на институциите, техничка опременост, обуки како и формирање на нови субјекти. Мерките предвидени во оваа НПАА опфаќаат креирање на нови политики, стратегии, потпишување на меѓународни акти со цел генерално подобрување на внатрешниот и меѓународниот сообраќај како и подобрување на енергетската ефикасност во транспортот, отстранување на пречки за слободно движење на патници и стоки и генерално либерализирање на транспортниот пазар. Во иднина се планира и учество во развојните и технолошките програми на ЕУ како пример се наведува Програмата Сателитска навигација - ГАЛИЛЕО. Тоа ќе значи развивање на стратешките и правните основи за користење на современата технологија во транспортот и транспортната инфраструктура.*

### 3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Пристап на пазарот**

Со Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13 и 120/13) се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Во Законот за превоз во патниот сообраќај се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Регулатива бр. 1071/09/ЕЦ, Регулатива бр. 1072/09, Регулатива 1073/09, Директива 96/96/ЕЦ, Директива 2009/40/ЕЗ, Директива 2000/30/ЕЦ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЦ, Директива 94/06/ЕЦ.

**Опасни материи**

Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007; 147/2008; 161/2009; 17/2011, 54/2011 и 13/13) во кој се уредени условите и начинот на вршење на превоз на опасни материи во внатрешниот и меѓународниот патен и железнички сообраќај, условите кои треба да ги исполнуват амбалажата и превозните средства, должностите на лицата кои учествуваат во превозот на опасни материи, назначување на советник за безбедност, оспособување на лицата кои учествуваат во превозот на опасни материи, надлежностите на државните органи и надзор над спроведување на закон. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, транспонирана е дел од директивата 94/63/ЕЗ кој се однесува на спецификациите за возилата цистерни. Исто така Законот предвидува примена на одредбите од АДР, која што континуирано се ревидира согласно најновото законодавство на ЕУ, од што произлегува дека и националното законодавство континуирано се усогласува со законодавството на ЕУ.

**Безбедносни прашања**

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12 и 70/13), се регулира испитувањето на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него.

Со Националната стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 се предвидуваат долгорочните потреби на државата за превземање на плански мерки и активности во делот на безбедност на сообраќајот и покажува спремност на државата за решавање на проблемите во овој сегмент. А

постои и Акцискиот план за спроведување на стратегијата, врз основа на кој се мерат индикатори за сголемување на безбедноста на сообраќајот.

**Министерство за транспорт и врски**

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура и во 2013 година, согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, континуирано се вршеше издавање на сертификати за професионална компетентност на управителите на транспортните фирми, сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, додека на фирмите кои вршат одделни видови превоз во патниот сообраќај им се издаваа лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај, како и лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај. Детален преглед за бројот на издадени сертификати и лиценци е даден во кварталните извештаи за реализација на активностите од НПАА за 2013 година.

Почнувајќи од месец февруари 2013 година отпочна издавањето на новите АДР сертификати за стручна оспособеност на возачи на моторни возила за превоз на опасни материи, согласно моделот предвиден во точката 8.2.2.8.5 од АДР Спогодбата.

Исто така, Министерството за транспорт и врски во изминатата година вршеше и континуирано издавање на сертификати за советници за безбедност при превоз на опасни материи, сертификати за стручно оспособување на возачи на моторни возила за превоз на опасни материи, како и одобренија за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај согласно Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај. Детален преглед за бројот на издадени сертификати и одобренија е даден во кварталните извештаи за реализација на активностите од НПАА за 2013 година.

Овластениот издавач на мемориски картички за дигитални тахографи во 2013 година продолжи со издавањето на мемориски картички за тахографи, а детален преглед за бројот на издадени мемориски картички е даден во кварталните извештаи за реализација на активностите од НПАА за 2013 година.

**Државен инспекторат за транспорт**

Во 2013 година државните инспектори за патишта и државните инспектори за патен сообраќај продолжија со спроведување на инспекциските контроли односно имплементација на законската регулатива во делот кој се однесува на патниот сообраќај. Детален преглед за бројот и видот на спроведените контроли е даден во кварталните извештаи за реализација на активностите од НПАА за 2013 година.

Имено Државниот инспекторат за транспорт во 2013 година се опреми со нова опрема за вршење на контроли и надзор над тахографи на патиштата и во просториите на претпријатијата. Секој инспектор има добиено преносен лаптоп компјутер, инспекциски клуч со вграден софтвер за анализа на податоците од дигиталните тахографи, скенери за ленти од аналогни тахографи и матрични печатачи за печатење на карбонизирана хартија. ДИТ отпочна со примена на Законот за тахографи од април 2013 година и во тек се активности за целосна имплементација на Законот. Исто така од страна на овластениот издавач на мемориски картички за дигитални тахографи на ДИТ им се издадени и контролни картички.

Од јануари 2013 година официјално отпочна реализацијата на Проектот за Зајакнување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт за ефикасно спроведување на легислативата во патниот транспорт, што воедно ќе значи и зголемување на бројот на извршени инспекции. Проектот ќе трае 18 месеци односно до јули 2014 година. Во досегашниот период изработен е Стратешки Развоен План и на 05.11.2013 година усвоена е од страна на Владата на Република Македонија Информацијата за изработениот Стратешки Развоен План, а во тек е и подготовката на Акцискиот план за негова реализација. Исто така досега се одржани и три работилници за инспекторите од Државниот Транспортен Инспекторат за презентација на подготвениот Стратешки развоен план.

**ЈП за државни патишта**

За вршење на работите од јавен интерес, како планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта, како и за управување со државните патишта, Владата на Република Македонија го основа ЈП за државни патишта, со што на 02.01.2013 година престана да постои Агенцијата за државни патишта, а вработените од АДП ги превзема новото ЈП за државни патишта. Во ЈП за државни патишта функционираат 1 самостоен сектор и 3 самостојни одделенија како и 4 сектори, а вкупниот број на вработени изнесува 310 лица.

Во текот на 2013 година надополнета е вертикалната сигнализација на клучка Штип, а обновена на клучка Градско, обновена е вертикалната и хоризонтална сигнализација на клучка Велес, а на патниот правец Тетово – Гостивар се променуваат катадиоптри и насочници и се очекува да завршат до крајот на ноември 2013 година. Променети се 40 рампи на сите патарини, освен на наплатните станици: Желино Гостивар и Тетово (истите ќе бидат заменети со некои од рампите кои се во добра состојба, а кои беа заменети со нови), а променети се и

половина од рампите на наплатна станица Градско. Исто така, во текот на 2013 година со цел поголема прегледност и безбедност во сообраќајот се постави осветлување на клучките Градско, Велес, Маврово, превој Стража, патен правец Лозово и патен правец Сарамзалино, додека во тек на осветлување кое ќе заврши декември 2013-јануари 2014 година се клучките Петровец, Штип и Гевгелија.
Во врска со I-та фаза од проектот за модернизација на наплатните станици и воведувањето на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот 10, финансиран преку кредит од ЕБОР, која опфаќа проширување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици и изградба на 1 нова наплатна станица, заврши евалуацијата на понудите по однос на општата објава за набавка на градежни работи за изградба и инсталација на наплата на патарина на Коридор 10, а ЕБОР даде одобрување на извештајот. Во последниот квартал од 2013 година ќе се одржи clarification meeting каде понудувачите ќе бидат повикани на разговор за појаснување на понудите, а потоа ќе следи вториот дел од тендерот каде по доставување на финансиски понуди и евалуација ќе се изврши избор на изведувач на градежни работи.
Во однос на инвестициите за градба на патиштата како активности се превземени следните:

- Комплетно беше изграден магистралниот патен правец Радовиш-Струмица, со вкупна должина од 10км
- Во фаза на изведба е новото автопатско решение на делницата Демир Капија – Смоквица со должина од 28км, како дел од Коридорот 10, а рокот за завршување на градежните активности е крај на 2016 година.
- По Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална мрежа во износ од 70 милиони евра финансирани преку Светска Банка во текот на 2013 година беа рехабилитирани 13 локални патишта со должина од 30,6 км.
- По Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во износ од 50 милиони евра финансирани преку ЕБОР во текот на 2013 година беа рехабилитирани 3 регионални патишта: Ангелци-Вељуса-Водоча-Баница, Струга-Дебар, Кавадарци-Мушов гроб, а во фаза на изведба се Радовиш-Конче-Лубница и Велес-Штип (кај место Кадрифаково-1 фаза) кои се очекува да завршат до крајот на првиот квартал од 2014 година. Додека за локални патишта, преку овој проект во текот на 2013 година беа рехабилитирани 47 локални патишта со должина од 57км.
- Исто така во тек на рехабилитација се и регионалните патни правци Тетово-Јажинце и Липково-Арачиново.

**Министерство за внатрешни работи**
Во текот на 2013 година претставниците на Министерството за внатрешни работи од делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата реализираа повеќе кампањи и активности меѓу кои:

- медиумска застапеност на униформираните полициски службеници по електронските и печатените медиуми на локални и на национални медиуми, (тековно)
- организирање и спроведување на сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќајни незгоди, (тековно)
- организирање и спроведување на воспитни едукативни акции за младите учесници во сообраќајот за ученици од прво до четврто одделение "Безбедно од дома до училиште" со помош на авто-сообраќајни мобилни полигони (тековно)
- кампања за ограничување на брзината, (тековно)
- кампања за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции, (тековно)
- спроведена е акцијата "Детски семафор" во соработка со РСБСП, (тековно)
- Министерството за внатрешни работи ги организираше и ги спроведе акциите "Основи на сообраќајни правила и прописи" и "Сообраќајна етика" во сите државни средни училишта на територија на Република Македонија.
- Во областа на превенцијата се истакнува проектот: „Запознавање со основите на сообраќајната безбедност и сообраќајната култура во средните училишта", чија главна цел беше подигањето на нивото на знаењата од областа на сообраќајот кај учениците од средните училишта, нивно запознавање со последиците од непочитувањето на сообраќајните правила и прописи, а преку тоа и постигнување на ефикасно и ефективно спречување на причините и појавните облици на сообраќајната деликвенција кај оваа целна група.

Во текот на своето работење во 2013 година МВР има спроведено 41 селективни контроли на републичко ниво со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, а спроведените контроли се за:

- Општи контроли, (пет републички селективни контроли),
- Управување на моторно возило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанции, (шест републички селективни контроли),
- Престигнување спротивно на правилата на сообраќајот на патиштата, (пет републички селективни контроли),

- Управување на моторно возило со неприлагодена брзина според условите на патот (шест републички селективни контроли),
- Контрола на пешаците како учесници во сообраќајот, (четири републички селективни контроли),
- Контрола над возач на велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл и лицата кои се превезуваат (пет републички селективни контроли),
- Контрола на техничката исправност на такси – возила и автобуси, (пет републички селективни контроли),
- Непочитување на правилата во сообраќајот во однос на недавање на првенство на минување, (пет републички селективни контроли).

Бројот на сообраќајни незгоди со потешки последици, бројот на настрадани лица во сообраќајни незгоди и загинати лица во сообраќајни незгоди во првото полугодие од 2013 година компаративно со истиот период во изминатите три години е даден во следните табели:

| Прво полугодие | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| *Сооб. незгоди со потешки последици* | **1859** | **1973** | **1781** | **1894** |

| Прво полугодие | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| *Настрадани лица во сооб. незгоди* | **2868** | **3111** | **2721** | **3049** |

| Прво полугодие | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| *Загинати лица во сооб. незгоди* | **69** | **67** | **51** | **87** |

Министерството за внатрешни работи преку кампањите за почитување на ограничувањето на брзината, за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции и за користење на заштитен шлем од страна на возачите кои управуваат велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл, како и лицата кои се превезуваат, работи на подигање на јавната свест, со цел подобрување на безбедносната состојба на патиштата.
Министерството за внатрешни работи во текот на 2013 година собира и врши анализа на податоци со цел откривање на делници од патиштата со голем ризик, според бројот на настанати сообраќајни незгоди со цел да преземе мерки во соработка со другите надлежни институции за нивно санирање и отстранување.
Министерството за внатрешни работи има активно учество во изготвување и спроведување на голем број на кампањи чија цел е зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку снимање и емитување на спотови кои се застапени во печатените и електронските медиуми во Република Македонија.
Исто така функционира Координативно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата, чија цел е следење на напредокот во однос на реализацијата на Националната стратегија, во кое свои претставници имаат сите институции и правни лица кои имаат надлежност во било кој сегмент од безбедноста во сообраќајот на патиштата.

**Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**
Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ги реализираше акциониот план и програмата за работа за 2013 година со следните активности:

- Координативното тело на Владата и во 2013 година ги следеше активностите на различните субјекти надлежни за безбедноста на сообраќајот на патиштата
- Беше формирана работна група и во тек се активности за изработка на "Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020". Изготвен е акционен план со цел непосреден контакт со надлежните институции во однос на досегашната реализација на обврските од Националната стратегија 2009-2014, како и утврдување на новите приоритети и цели за Националната стратегија 2015-2020
- Беа потпишани меморандуми за соработка со Министерството за образование и наука и со Заедницата на единиците за локална самоуправа (ЗЕЛС) за поинтензивна соработка во областа на превентивно едукативните активности, како и со општината Центар и со ЈП Паркинзи за општината Центар, за подигнување на јавната свест за правилно користење на јавните паркинзи и катните гаражи
- Беше спроведена кампања „Гледај, види и биди виден", со поделување на 2000 флуоресцентни елечиња за најмладите и формирање на училишни патроли составени од возрасни ученици, наставници и родители волонтери за помош во безбедното доаѓање и одење од училиште, како и кампања за подобрување на безбедноста за време на матурските прослави, со помасовно користење на такси возилата и јавен градски превоз за да се избегне употреба на автомобилите во еуфорична и славеничка (сообраќајно поопасна) атмосвера за матурантите.

- Беше одбележана “Втората глобална недела на ООН за безбедност на пешаците” во чии рамки беше организирана тркалезна маса на тема: „Улогата на медиумите во одбележувањето на втората глобална недела на ОН за безбедност на пешаците на патиштата“, беа донирани сообраќални знаци “СТОП” и обучени училишните сообраќајни единици кои за првпат профункционираа во основните училишта во општината, беа донирани пешачки семафори на град Скопје за поголема безбедност на пешаците, како и советување на тема: „Користење на Катните гаражи и зонското паркирање услов за проодност на возилата и безбедност на пешаците“
- Координирани беа државните натпревари Детски семафор и сообраќајно техничка култура на младите, а беше организирана и кампања за подигање на јавната свест кај возачите на моторни возила за опасностите во сообраќајот во текот на летото, насловена како : “Летна кампања-2013 во чии рамки беа поделени 3 000 000 флаери и плакати на гранични премини, населени места, наплатни рампи, бензиски станици и од страна на сообраќајната полиција.
- РСБСП учествуваше на Светскиот конгрес на ПРИ (PRI) во Киев-Украина, на кој беше потврдена одлуката РСБСП - Република Македонија да бидат коорганизатори и домаќини на наредниот Конгрес на ПРИ и на меѓународната Конференција за безбедност на патиштата која ќе се одржи од 20 до 24 Мај 2014 година во Скопје.
- Беше одржано советување на тема: “Улогата на осигурителните компании во градење на културата и етиката во сообраќајот и зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата”, на кое со свое излагање се вклучи и д-р Алан Рос, советник за безбедност на патиштата на ООН.
- Беше спроведена и акција “100 Пешачки премини за подобра безбедност на 10 000 учесници” со обновување и дополнување на пешачките премини во близина на училишта и градинки во општина Кисела Вода, со доделување флуоросцентни портокалови елечиња и активирање на училишните сообраќајни патроли во општината.
- Беше отпочнат проектот “Да ги заштитиме децата во сообраќајот”, при што беа опфатени сите основни училшта и децата од прво и второ одделение со објаснување за основните правила од безбедноста на сообраќајот
- Од почетокот на месец октомври беше прикажан Сообраќајниот буквар број 2, кои содржи нови 10 ситуации и грешки кои децата ги прават во сообраќајот, и тоа во сите основни училишта на децата од прво до петто одделение, како и во детските градинки на децата во големите групи, на територијата на целата држава.
- Беа формирани и 24 Општински совети за безбедност на сообракајот на патиштата во локалните задници во Република Македонија
- Во четвртиот квартал од 2013 година исто така ќе биде одбележан Светскиот ден за сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи на патиштата со тркалезна маса: “Како до помалку сообраќајни несреќи со фатални последици” и со дистрибуција на флаери и Сообраќаен буквар 2, а ќе бидат организирани и кампањите за користење на зимски гуми и за употреба на сигурносни појаси и детски седишта. Исто така предвидено е одржување на традиционална годишна средба со медиумите со цел размена на искуства за потребите од поинтензивно вклучување на сите медиуми во подигнување на јавната свест за поуки и информации во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира продолжување на активностите околу склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба.

**Институционална рамка**

**Министерство за транспорт и врски**

Континуирано се издаваат сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, сертификати за професионална компетентност на управители или овластени лица за вршење превоз во транспортните компании.

Континуирано се издаваат сертификати за превоз на опасни материи за возачите, како и сертификати за советници за безбедност при превоз на опасни материи.

Координативното тело за безбедност на сообраќајот на патиштата до Владата на РМ ќе доставува полугодишни извештаи за реализирани активности од „Акциониот план за спроведување на Стратегијата за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и индикаторите од надлежните институции за спроведените активности“.

Министерството за транспорт и врски ќе достави барање и се очекува во втората половина на 2014 година да се одржи TAIEX експертска мисија со цел усогласување на националното законодавство во делот кој се однесува на безбедноста на патиштата со законодавството на ЕУ, а потоа согласно направената анализа предвидување на понатамошни следни чекори и активности.

**Државен инспекторат за транспорт**

Се очекува до крајот на месец јули 2014 година да заврши Проектот за Зајакнување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт за ефикасно спроведување на легислативата во патниот транспорт и во преостанатиот период да се спроведат следните активности: Акциски план во согласност со Стратешкиот развоен план, прирачник за работа на инспекторите, проектна задача за ангажирање на техничка помош за изработка на софтвер кој треба да ги поврзе релевантните институции со цел олеснување на вршењето на инспекциски надзор на патиштата во Република Македонија, подготовка на проценка за потреба од обуки на вработените во ДИТ и обука на 60 лица (претставници од релевантни институции: Државниот инспекторат за транспорт, Министерство за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи-Сектор за сообраќајни работи, Царинската управа, ЈП за државни патишта, вклучувајќи Пограничната полиција и Централниот регистар) за ефективно извршување на нивните обврски кои произлегуваат од законодавството на ЕУ во областа на превоз на стоки, превоз на патници, вработување и работни услови, како и безбедност на патот.

На секои 3 месеци ќе се доставуваат извештаи до Владата на Република Македонија за бројот на извршени контроли од страна на инспекторите, а исто така преку соопштенија за медиумите ќе се информира и јавноста за извршените контроли и изречените казни, со што превентивно ќе се влијае врз граѓаните во иднина да не сторуваат прекршоци и индиректно ќе се влијае на подобрување на безбедноста во сообраќајот.

**ЈП за државни патишта**

Согласно Програмата на ЈП за државни патишта за 2014 година е предвидено поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација долж патната мрежа во Република Македонија.
Во текот на првиот квартал од 2014 година се очекува да заврши осветлувањето на клучките Петровец, Штип и Гевгелија.

Во врска со модернизацијата на наплатните станици и воведувањето на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот 10 во првиот квартал на 2014 година се очекува да се избере изведувач на градежни работи за изградба и инсталација на наплата на патарина на Коридор 10 и да отпочне проширување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици и изградба на 1 нова наплатна станица. Се очекува реализацијата на 1 фаза да заврши во рок од 18 месеци од денот на потпишување на договор со најповолниот понудувач.

Се очекува во првата половина од 2014 година да отпочнат активности за изградба на автопатот Миладиновци-Штип, со должина од 53 километри и ширина од 29 метри, со по две коловозни ленти во двата правци и една дополнителна лента за застанување. Изведувачот ќе биде задолжен да ги обезбеди сите потребни дозволи и сертификати согласно прописите за градење, просторно планирање, безбедност, животна средина, заштита на културно наследство и други прописи кои ќе имаат влијание за започнување на градежните активности. Рокот за градба ќе изнесува 3 години од отпочнување со градежните работи.

Во рамките на активностите за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа се очекува:

- до крајот на првиот квартал од 2014 година да завршат со рехабилитација преку ЕБОР регионалните патни правци Радовиш-Конче-Лубница и Велес-Штип (кај место Кадрифаково-1 фаза)
- до крајот на првиот квартал од 2014 да завршат со рехабилитација регионалните патни правци Тетово-Јажинце и Липково-Арачиново
- во текот на 2014 година да се објави тендер за рехабилитација и реконструкција на патниот правец Велес-Штип (кај место Кадрифаково) фаза 2 и 3 по проектот финансиран преку ЕБОР
- во текот на 2014 година да се објави 7ми тендер за локални патишта по проектот финансиран преку СБ

**Министерство за внатрешни работи**

Континуирано во текот на 2014 година претставниците на Министерството за внатрешни работи од делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата ќе реализираат повеќе кампањи и активности меѓу кои:

- медиумска застапеност на униформираните полициски службеници по електронските и печатените медиуми на локални и на национални медиуми,

- организирање и спроведување на сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќај,
- организирање и спроведување на воспитни едукативни акции за младите учесници во сообраќајот за ученици од прво до четврто одделение “Безбедно од дома до училиште“ со помош на авто-сообраќајни мобилни полигони
- кампања за ограничување на брзината,
- кампања за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции,

а ќе спроведуваат и контроли на републичко ниво со цел превенција и зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**
И во текот на 2014 година РСБСП ќе продолжи со реализација на активностите и кампањите согласно Програмата за работа за 2014 година и Националната стратегија за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата со акциониот план за 2014 година, а координативното тело на Владата ќе ги следи активностите на различните субјекти надлежни за безбедноста на сообраќајот на патиштата, особено активностите поврзани со декадата на безбедноста 2011-2020 прогласена од Обединетите нации.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 31.12..2016 година.
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2016 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 31.12.2016 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 31.12.2016 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.12.2016 година,

**Институционална рамка**

**ЈП за државни патишта**
До крајот на јануари 2015 година се очекува да заврши изградбата на регионалниот патен правец Скопје-Сончев град, чиј договор за изведба беше потпишан во март 2013 година.

До крајот на првиот квартал од 2015 година се очекува да завршат со реконструкција и рехабилитација 63 локални патишта преку ЕБОР со вкупна должина од 101км и 35 локални патишта преку СБ со вкупна должина од 59,7км.

Се очекува до крајот на месец октомври 2015 година да се реализира I-та фаза од Проектот за модернизација на наплатните станици и воведувањето на електронски систем за наплата на патарина односно да се прошират и адаптираат 5 постоечки наплатни станици и да се изгради една нова наплатна станица.

Се очекува во прва половина од 2017 година да заврши изградбата на автопатот Миладиновци-Штип, со должина од 53 километри и ширина од 29 метри, со по две коловозни ленти во двата правци и една дополнителна лента за застанување.

## 3.14.2. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за одобрени типови на железнички возила кои за прв пат се одобрени и имаат потврда за одобрен тип на возила усогласен со Анекс II од Одлуката за спроведување на Комисијата од 4 октомври 2011 година за Европскиот регистар на одобрени типови на железнички возила –заведен како документ број C (2011) 6974 (Текст со важност за ЕЕО) (2011/665/ЕУ) („Службен весник на Република Македонија“ број 3/2013).

Правилник за формата и содржината, како и начинот на водење на регистарот на железничката инфраструктура, усогласен со табела 1 од Анексот на Одлуката за спроведување на Комисијата од 1 октомври 2011 година за

Општи спецификации на регистарот за железничка инфраструктура –заведен како документ број C (2011) 6383 (Текст со важност за ЕЕО) (2011/633/ЕУ) („Службен весник на Република Македонија“ број 3/2013).

Правилник за формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на сертификат на субјектот задолжен за одржување на железничките возила, формата и содржината на сертификатот за одржување на железничките возила како и формата и содржината на регистарот на издадените сертификати усогласен со Регулативата (ЕУ) број 445/2011 на Комисијата од 10 мај 2011 година за систем за сертификација на субјектите задолжени за одржување на товарни вагони и за изменување на Регулативата (ЕЗ) број 653/2007, CELEX бр. 32011R0445 („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2013).

Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ број 04/2013, 138/13 и 147/13) со која се релизираат средства во висина од 314.370.000,00 денари, наменети за одржување на железничките пруги.

Врз основа на Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници за период 2011-2013 година („Службен весник на Република Македонија“ број 07/2011) е склучен Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2011-2013 меѓу Министерот за транспорт и врски и Генералниот Директор на МЖ Транспорт АД-Скопје. За 2013 година се предвидени да се реализираат средства во висина од 210.000.000,00 денари.Компензирањето се однесува за покривање на надоместокот за користење на железничката инфраструктура.

Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2012 година управителот на железничката инфраструктура преку Министерството за транспорт и врски (МТВ) го доставува до Владата на Република Македонија. Во 2012 година од вкупно обезбедените средства во Буџетот на (МТВ) во износ од 202.000.000,00, управителот на железничката инфраструктура реализираше 201.938.851,50 денари или изразено во проценти: 99,97%.

Извештајот за реализација на Буџетските средства од 2012 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга согласно возен ред 2011/2012 се доставува до Владата на Република Македонија. Во 2012 година од вкупно обезбедените средства во Буџетот на (МТВ) во износ од 213.700.000 денари, се реализирани 213,588,603.00 денари, или изразено во проценти: 99,95% .

Министерство за транспорт и врски–Сектор за железници е надлежен за спроведување на политиката за развојот на железниците. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Секторот има две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура и Одделение за железнички транспорт. Во Секторот вкупно се вработени 7 државни службеници, вклучувајќи го и раководителот на сектор.

Агенција за регулирање на железничкиот сектор (АРЖС) обезбедува транспарентно и недискриминаторно работење на управителот на инфраструктура, превозниците, телата и институциите поврзани со работењето на железницата како и други учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз.

Управа за сигурност во железничкиот систем (УСЖС) согласно надлежностите има издадено:

- Издадено 1(едно) овластување за обучувач за вршење на обука на машиновозачи за општа професионална способност за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура и едно овластување за испитувач за вршење на обука на машиновозачи за општа професионална способност за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура.
- Издадено е овластување за правно лице-Центар за обука за вршење на обука на машиновозачи за општа професионална способност истата е одобрена.
- Издадено е и одобрен сертификат за одржување на железнички возила.
- Издадени се дополнителна потврда за пуштање во употреба на железничко возило издадени се 10(десет) дополни потврди.
- Издадено е 1(едно) барање за добивање дозвола за машиновозач и
- Континуирано врши инспекциски надзор.

Комитет за водење на истраги при случена сериозна несреќа, несреќа и инцидент ќе се формира во Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

За Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2014 година предвидени се средства во висина од 363.000.000,00 денари.

Извештај за реализација на Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2013 година, управителот на железничката инфраструктура преку (МТВ) доставува Извештај до Владата на Република Македонија.

Извештајот за реализација на Буџетските средства од 2013 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга согласно возен ред 2012/2013 се доставува до Владата на Република Македонија.

Спогодбата за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу Република Србија и Република Македонија ќе се потпише во тек на 2014 година

Во врска со Спогодбата за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу Република Грција и Република Македонија, доставен е предлог текстот од страна на МТВ преку Министерството за надворешни работи (МНР) до Министерството за транспорт во Грција.

Ќе се склучи Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2014-2016 меѓу Министерот за транспорт и врски и Генералниот Директор на МЖ Транспорт АД-Скопје.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор (АРЖС).**

Агенцијата ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од сите учесници на пазарот на железнички услуги и ќе се грижи за почитување на правата на патниците кои ја користат железницата како превозно средство.

**Управа за сигурност во железничкиот систем (УСЖС)**

За наредната 2014 година Управата ќе ја донесе годишната Програма за вршење на работите на инспекцискиот надзор. Во план е изработка на Упатствата за оценување на сообразноста на поднесените барања за добивање на Сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз и Одобрение за сигурност за управување со железничка инфраструктура.

**Институционална рамка**

Министерство за транспорт и врски планира за 2014 година да реализира техничка опременост и обуки на вработените во секторот за железници и (УСЖС).

(АРЖС) во 2014 година планира да реализира обуки потребни за вработените.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2015 и 2016 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви на Европската унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на Република Македонија во делот на железницата. Исто така ќе се иницира побрзо имплементирање и заживување на комбинираниот превоз по мрежата на железницата во Република Македонија.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело)**

Агенцијата ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник. Агенцијата активно ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од сите учесници на пазарот на железнички услуги како и ќе се грижи за почитување на правата на патниците кои ја користат железницата како превозно средство.

**Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС (орган за сигурност)**

УСЖС ќе предлага изработка на нови подзаконски акти од областа на сигурноста во железничкиот систем и ќе овозможи транспарентен пристап до законската и подзаконската регулатива на сите учесници во секторот.

**Институцонална рамка**

**Министерство за транспорт и врски:** Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку техничка опременост и организирање на обуки на вработените

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (регулаторно тело):** Предвидена е техничка опременост и организирање на обуки на вработените.

**Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС (орган за сигурност):** Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку техничка опременост и организирање на обуки на вработените.

## 3. 14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Правилник за техничките правила за утврдување способност за пловидба на чамец и баждарење. Изготвен е Предлогот на правилникот за техничките правила за утврдување способност за пловидба на чамец и баждарење. Во тек е постапка за негово донесување.
Со техничките правила се врши имплементирање на одредбите од Директива 94/25/ЕС и Директива 2003/44/ЕС, која ја дополнува Директивата 94/25/ЕС. Со пропишувањето на техничките барања за утврдување способност за пловидба на чамец ќе се обезбеди: 1. безбедност на животот на луѓето, пловните објекти и имотот, 2. заштита на животната средина од загадување од штетни материи отпадни води и смет и 3. обезбедување услови на пловниот објект за превоз на патници.

Заради безбедно впловување и исопловување на пловни објекти во/од пристаништата во Охрид и Св.Наум, во текот на 2013 година се презедоа активности за чистење и продлабочување на дното на двете пристаништа. Во текот на месец јуни 2013 година, со цел остварување постојана комуникација помеѓу Капетанијата на пристаништата и пловните објекти кои пловат на Охридско Езеро е воспоставена радио врска.

Согласно годишниот план за надзор над законитоста на спроведувањето на Законот за внатрешната пловидба за 2013 година и оперативен план за спроведување на истиот, од страна на инспекторите за безбедност во внатрешната пловидба при Капетанијата на пристаништата – Охрид, се вршени редовни контроли над способноста за пловидба пловните објекти, бројот, составот и стручната оспособеност членовите на екипаж на пловните објекти, превозот на патници и товар во поглед на заштитата на животите на лугето и имотот и заштита од загадување од пловните објекти. Во периодот април - ноември 2013 година вкупно се извршени 107 контроли.
Со цел заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на имотот, а согласно со Законот за инспекциски надзор, инспекторите за безбедност во внатрешната пловидба организираа средби со: субјекти кои вршат дејност превоз на патници и субјекти на кои на користење со договори за концесија им се дадени плажи и кои непосредно учествуваат во обележувањето и опремувањето на истите.

Изработка и дистрибуција на информативен материјал: Заради остварување безбедност во пловидбата на внатрешните води, заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита на животната средина и заштита на имотот, како и превенција и подобрување на безбедноста во внатрешниот воден сообраќај, е изработен и дистрибуиран информативен материјал. Преку ваквата активност, учесниците во пловидбата, се запознаени со нивните права и обврски, пропишани со Законот за внатрешната пловидба и други позитивни прописи од областа на пловидбата.

Активности за воспоставување меѓудржавна пловидба на Охридско Езеро: Во тек е договарање средба меѓу работни групи од Република Македонија и Република Албанија, со цел заокружување на активностите за воспоставување патничка бродска линија на Охридско Езеро.

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста во внатрешната пловидба се Министерството за транспорт и врски и Капетанијата на пристаништата – орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Реконструкција на пристаништето во Охрид, со изведба на градежно - санациони работи на оперативниот дел од пристаништето.

Проектот за реконструкција и санација на оперативниот дел од градското пристаниште во Охрид е подготвен за реализација. Целта е остварување безбедност во пловидбата, пристанувањето на пловните објекти и нивното спуштање/извлекување во/од вода, обезбедување услови во поглед на капацитетот и опременоста на пристаништето.
Продлабочување на дното на пристаништата во Охрид и Св.Наум. Заради безбедно впловување и испловување на пловни објекти во/од пристаништата во Охрид и Св.Наум, и во текот на 2014 година ќе продолжат активностите за чистење и продлабочување на дното на двете пристаништа.

Согласно Законот за внатрешната пловидба, Законот за инспекциски надзор, Годишниот план за работа на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба, од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба, во текот на 2014 година ќе бидат вршени контроли и надзор над: 1. способноста за пловидба на пловните објекти, 2. пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и плажи, 3. бројот, составот и стручната оспособеност на членовите на екипажот на пловните објекти, превозот на патници и товар во поглед на заштитата на животите на лугето и имотот и 5. заштита од загадување од пловни објекти.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Следење на барањата на европското законодавство во делот на внатрешниот воден сообраќај
Надлежните институции се фокусирани на определувње на барањата на европското законодавство во делот на внатрешен воден сообраќај согласно потребите на Македонија и природниот потенцијал за користење на овие ресурси.
Заокружување на активностите за воспоставување меѓудржавна бродска линија на Охридско Езеро меѓу Република Македонија и Република Албанија.

## 3.14.4. КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Изработката на студијата беше отпочната на 04.05.2012 година, и се очекува да заврши до 15.12.2013 година. Врз основа на мултикритериумската анализа како најповолни локации за изградба на мултимодални јазли, со секторската физибилити студија се селектирани 4 локации за кои треба да се подготови кост-бенефит анализа. .
Во Националната транспортна стратегија, се предвидува да се создадат услови за превоз на патници и стоки преку два или повеќе вида на транспорт, односно создавање на мултимодална транспортна мрежа, која се планира да се постигне со промовирањето на интермодалните и мултимодалните транспортни системи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Интегрирање на издавање билети и услуги за багаж помеѓу различни видови на транспорт

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Целосната законска рамка со која се лиценцираат мултимодалните транспортни оператори, ќе биде предизвик за во блиска иднина.
Согласно Националната Транспортна Стратегија во Република Македонија ќе се промовира :

- најнови достигнувања во ЕУ во однос на стандардизација и хармонизација на товарните мултимодални единици,
- образование и обука кои ќе се фокусираат во насока на оперативни, маркетиншки, финансиски, економски и конкурентни односи помеѓу транспортните видови и нивна примена во мултимодалниот транспорт.

**Заклучоци**

Во врска со реализираните проценки во горенаведената физибилити студија, местоположбата на идните мутимодални јазли во Република Македонија може да се :

- 1 Голем или 2 помали Мултимодални јазли во Скопскиот регион.
- 1 Мултимодален јазол во источен или југоисточен регионот, на или во близина на коридор X.
- Можни мали Мултимодални јазли во западниот или југо-западниот регионот долж Коридорот VIII.

Конечниот избор на најповолните локации (5 максимум) за изградба на Мултимодални јазли ќе биде направено преку мултикритериумската анализа во наредниот период.

На мултикритериумската анализа ќе бидат подложни 11 локации:

- Скопски регион: 6 Можни локации:
- Источна југоисточниот регион, на или во близина на Коридорот X: 3 можни локации:
- Западна или југозападниот регион долж Коридорот VIII: 2 можни локации:

### 3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Правна рамка**

Во текот на 2013 година беше донесен пречистен текст на Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр.68/13).

**Билатерални спогодби**

На 05.07.2013 година влезе во сила Спогодбата за воздушен сообраќај помеѓу Република Македонија и Соединетите Американски држави („Службен весник на Република Македонија" бр.154/12). На 26.09.2013 година во Монтреал беше утврден текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Канада за воздушен сообраќај и истата беше парафирана. Инцирана е постапка за парафирање на Спогодбата за воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Чиле. Текстот на Спогодбата за воздушен сообраќај е доставен на мислење до Владата на Република Македонија. Исто така, Владата на Чиле ја прифати иницијативата за постапка за парафирање на Спогодбата за воздушен сообраќај. Разменети се нацрт - текстови за спогодби за редовен воздушен сообраќај со следните држави: Египет, Малезија и Саудиска Арабија и истите се во фаза на обработка.

**Подзаконски акти на Законот за воздухопловство**

Во текот на 2013 година донесени се следниве подзаконски акти:

- Правилник за критериумите и постапката за одобрување на договори за закуп, односно лизинг на воздухоплови („Службен весник на Република Македонија" бр.62/13). *Со овој Правилник се транспонирани ЕУ Регулативи со ЕПП број 2012.0200.6816 и 2012.0200.6816.*
- Уредба за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање („Службен весник на Република Македонија" бр.38/13). *Со оваа Уредба се транспонира Глава III од ЕУ Регулативата 1008/2008.*
- Правилник за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за работа за вршење на воздушен превоз за сопствени потреби („Службен весник на Република Македонија" бр.80/13). *Со оваа Уредба се транспонира ICAO Doc.8335-AH/879 и AGM, Section Four, operations, Part 2 на JAA.*
- Правилник за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверение за работа за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов („Службен весник на Република Македонија" бр.51/13)
- Уредба за начинот, организацијата и субјектите на потрага и спасување на воздухоплов („Службен весник на Република Македонија" бр.36/13). *Со оваа Уредба се транспонира Анекс 12 на ИКАО, ИАКО Док.9731.*
- Правилник за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контролата на летање („Службен весник на Република Македонија" бр.60/13)
- Правилник за стручно оспособување, проверки, дозволи и властувања на воздухопловно-техничкиот персонал за одржување на воздухоплови („Службен весник на Република Македонија" бр.21/13). *Со оваа Уредба се транспонира ЕУ Регулативата 2042/2003 и ЕУ Регулативата 216/2008, AMC и GM на EASA.*
- Правилник за стручно оспособување на друг стручен персонал („Службен весник на Република Македонија" бр.60/13). *Со оваа Уредба се транспонира Doc.9137-AN/898, Part 1, Ch.14 и Annex 14 на ICAO.*
- Уредба за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр.36/13)
- Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува инспектор (Службен весник на Република Македонија" бр.163/13)
- На 10.12.2013 година доставен е „Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши инспекциска надозр на јавен воздушен превоз" до Секретаријаот за законодавство на објавување. Со овој правилник се

транспонира JAA Administrative and Guidance Material, Section Four: Operations, Part Two: Procedures (JAR-OPS), Appendix 5.

- Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија Владата на Република Македонија ја усвои Националната стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија за периодот 2013-2018, како оперативен документ.

Изработка на анализа за реорганизација на воздушниот простор и формирање на функционални воздушни блокови.
На 29-30.04.2013 во Сараево, БиХ, се одржа „Regional JSPA Conference on strengthening air traffic regional cooperation in SEE“, организирана од страна на Regional Cooperation Council Secretariat и Агенцијата за цивилно воздухопловство на Црна Гора. На конференцијата земаа учество претставници на следните држави-членки представувани од директорите на давателите на услуги/ANSP и директорите на Агенциите за цивилно воздухопловство/CAA на: Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово, Унгарија и Македонија. На конференцијата беше потпишан меморандумот за разбирање за JSPA (Joint Service Provision Area) иницијативата. На 7 Јуни 2012 година во Брисел се одржа на работилница организирана од ISIS- workshop on FAB Implementation. На работилницата беа презентирани новините во SES регулативите – втор пакет, беа дадени податоци за напредокот во креирањето на фабовите во Европа и насоки за приклучување на балканските земји во ФАБ иницијативи. Под покровителство на JSPA иницијативата на 10 и 11 октомври 2013 година во Подгорица, Црна Гора, одржан е семинар „Стратегија за имплементирање на PBN навигација“.
На 20.11.2013 година се одржа состанок со RCC и ЕС во Брисел каде беше разгледана можноста за доделување на средства од фондовите на ЕС за изработка на физибилити студија за понатамошното функционирање на иницијативата односно прераснување во иницијатива на ниво на ФАБ или слично дефинирање на воздушниот простор над земјите потписнички на оваа иницијатива.

**Отворање на горниот воздушен простор со Република Косово**
Советот на НАТО во април 2012 година донесе Одлука со која на Р.Унгарија и ги делегира услугите за воздухопловна навигација на горниот воздушен простор над Косово и на нејзината контрола на летање Hungarocontrol.
На 11.07.2013 во Седиштето на НАТО во Брисел се одржа 18-тиот состанок во рамките на Процесот за нормализација на односите во областа на воздухопловството на Балканот (BANM).
Во јули 2013 година беше потпишан Договор помеѓу KFOR и Hungarocontrol за имплементација на Одлуката на Советот на НАТО. По потпишување на овој договор, под водство на НАТО и Еуроконтрол, активностите на сите инволвирани субјекти се насочени кон реализација на процесот за отварање на горниот воздушен простор над Косово, со датум на реализација 03.04.2014 година.
Еуроконтрол, НАТО, КФОР и Hungarocontrol во акциониот план за обезбедување на услугите, ја потенцираа потребата за соработка од страна на сите земји во регионот, додека М-НАВ е идентификуван како еден од најнеопходните партнери.
Во рамките на соработка помеѓу М-НАВ и Hungarocontrol реализирани се неколку средби на кои е преговарано за сите области во кои е потребно да се дефинираат заедничките активности и условите за реализација на соработка. Усогласен е текстот на драфт верзијата на Договорот за соработка (Letter of agreement) помеѓу М-НАВ и Hungarocontrol како две соседни единици на контрола на летање и истиот е планирано да биде официјализиран до крајот на 2013 година.
Во септември 2013 година, од страна на Hungarocontrol е доставено писмо за намера за соработка во кое се прецизирани поединостите во врска со нивните потреби за техничка асистенција во обезбедувањето на радарски сервис.

**Институционална рамка**

**Министерство за транспорт и врски**
Секторот за воздухопловство е надлежен за работите од областа на воздухопловство, ја подготвува националната стратегија за развој на воздухопловството, ја спроведува политиката при доделување на концесии од областа на воздухопловството.

**Агенција за цивилно воздухопловство**
Агенцијата е независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со Законот за воздухопловство.

**Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти**

Владата на Република Македонија донесе Одлуката за формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/12). Комитетот се состои од тројца истражители именувани од Владата на Република Македонија, од кои еден именуван за претседател на Комитетот. Министерството за финансии обезбеди финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за 2013 година за комитетот.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Закон за ратификација на Анексот за изменување на Анекс I на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и мисијата на Обединетите нации за привремена Администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област. Откако, заедничкиот комитет на ECAA ќе донесе одлука за ревизија на Анекс 1 на  Спогодбата за ЕЗВО („Службен весник на РМ“ бр.27/07 и 98/2009), ќе се започне постапка за донесување на Закон за ратификација на Анексот за изменување на Анекс 1 на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, кој претставува правна основа за транспонирање на европските прописи во македонскиот правен поредок.

**Отворање на горниот воздушен простор со Република Косово**

АД „М-НАВ“ Скопје превзема активности поврзани со изработка на документи Letter of Agreement со соседните држави и Hungarocontrol. Исто така активно ќе работи на договори, процедурии, услови за давање на одредени сервиси на Hungarocontrol за потребите на отворање на горниот воздушен простор над Косово.

Изработка на анализа за реорганизација на воздушниот простор и формирање на функционални воздушни блокови.
М-НАВ активно учествува во проектот JSPA. Во 2014 година се предвидени неколку работилници и состаноци од страна на JSPA. Во јануари 2014 година во Подгорица ќе се одржи состанок на тема Multilateration.
Состојбата со ФАБ иницијативите е дека моментално и покрај сите заложби од страна на ЕК ФАБ-овите да профункционираат до крајот на 31.12.2012 година е дека нема некој поголем напредок кон ФАБ иницијативите. М-НАВ ги следи сите активности и движења и по изработката на физибилити студијата би можело да се согледа кон која ФАБ иницијатива би се приклучила Република Македонија.

## 3.14.8 САТЕЛИТСКА НАВИГАЦИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Од аспект на иницијалното поставување на системот за сателитска навигација и позиционирање, во Република Македонија сеуште нема експлицитна законска рамка која го тангира прашањето во врска со сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, што значи дека условите и начинот на користењето и примената на сателитската навигација и сателитското позиционирање во транспортниот сектор на Република Македонија сеуште не се регулирани.

Во однос на поедините области од транспортот во Република Македонија, сателитската навигација има примена во:

**Патен сообраќај**

Во делот на патниот сообраќај, е транспонирана Директивата 2004/52/ЕС од 29.04.2004 година на Европскиот Парламент и на Советот за интероперабилност на електронските системи за патарина, со која се регулираат условите кои треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на електронските системи на наплата на патиштата во Заедницата. Всушност, оваа Директива не го регулира експлицитно прашањето за користење на системите за сателитска навигација при наплата на патарините, туку само дава опција за користење на истата во системот за наплата на патарини во Земјите-членки. Другите опции се електронската наплата на патарини со користење на стандардот GSM-GPRS за мобилни комуникации и микробрановата технологија на 5.8 GHz. Во таа насока во Република Македонија, во почетна фаза е имплементацијата на електронскиот систем за наплата на патарини.

**Железнички сообраќај**
Во делот на железничкиот сообраќај, се транспонирани: Директивата 2001/16/ЕС од 19.03.2001 година на Европскиот Парламент и на Советот за интероперабилност на транс-Европскиот конвенционален железнички систем, со која се регулираат условите кои треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на железничката конвенционална мрежа; Одлуката на Комисијата 2004/446/ЕС за буката, товарните вагони и телематските апликации за товарните технички спецификации за интероперабилност на кои се однесува Директивата 2001/16/ЕС. Наведените акти веќе се транспонирани во Законот за сигурност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2010).
Во контекст на безбедноста и интероперабилноста на железничкиот систем на Република Македонија, се имплементира European Rail Traffic Management System – ERTMS, односно неговиот под-систем Global System for Mobile Communications – Railway (GSM-R), кој всушност преставува меѓународен стандард за железничка комуникација и апликации. Намената на системот е „real-time“ комуникација меѓу возовите и железничките контролни центри. Системот се базира врз GSM и EIRENE – MORANE спецификациите кои ги гарантираат потребните перфоманси на системот при брзини до 500 km/h, без загуба на комуникационите потреби. Респектирајки ги евентуалните потреби за целосна имплементација на технологиите за сателитската навигација во желзничкиот сектор на Република Македонија, треба да се напомене дека ERTMS/GSM-R системот може модуларно да се надгради до систем кој ќе ги користи технологиите за сателитската навигација.

**Воздушен сообраќај**
Во делот на воздушниот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација веќе е транспонирана: Регулативата на Советот 219/2007 од 27.02.2007 година („Службен весник на Европска Унија“, L 64, 02.03.2007) за преземање на заеднички активности за развој на новата генерација на Европскиот систем за управување со авио-сообраќајот (SESAR), со која се поставуваат основите за развој на овој систем. Оваа Регулатива е транспонирана во: Уредбата за правилата и условите за заемна оперативност на системите, нивните составни делови и поврзаните процедури за давање на услугите на воздухопловната навигација со Европската АТМ мрежа („Службен весник на Република Македонија“ број 121/2011).
Во контекст на предметната Регулатува, во делот на воздушниот сообраќај треба да се имплементира и PBN (Perfomance Based Navigation) концептот, согласно правилата на ICAO.

**Внатрешен воден сообраќај**
Во делот на внатрешниот воден сообраќај во одредбите кои го регулираат внатрешниот воден сообраќај не се транспонирани: Регулативата 2371/2002 („Службен весник на Европска Унија“, L 358, 31.12.2002), која наведува дека на рибарските бродови им е забрането вршат активности на риболов ако не се инсталирани уреди со кои истите ќе бидат детектирани и лоцирани и Регулативата 2244/2003 од 18.12.2003 („Службен весник на Европска Унија“, L 333, 20.12.2003) со која се поставуваат детализираните одредби за Бродскиот Систем за Мониторинг.

Обемот на примената на Регулативата 2244/2003 е пропишан во членот 2. Се однесува на рибарски бродови над 15 метри должина. Со оглед дека на природните и вештачки езера во Република Македонија, рибарењето се одвива исклучиво со чамци со максимална должина на чамец до 8,00 м истата е неприменлива, за да биде транспонирана во националното законодавство. Исто така во точка 2 од членот 2 е наведено дека регулативата не се применува на рибарски бродови кои оперираат само во границите на земјата членка. Со резолуцијата MSC.202(81) од 19 Мај 2006, поглавието V од Меѓународната конвенција за безбедност на животи на море SOLAS е изменето и со Регулатива 19-1 се обврзуваат сите влади што имаат склучено договор со IMO да го користат системот за следење на бродови на големо растојание LRIT. Ова подразбира обврска за користење на системот од страна на сите патнички бродови и брзи пловни објекти, кои пловат во меѓудржавна или меѓународна пловидба. Во моментов ваква пловидба не се реализира во Република Македонија.

Имајки во предвид што нема законска рамка со која ќе се уреди и регулира сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, и со тоа не е утврдена и институционалната рамка за спроведување на сателитската навигација во Република Македонија. Што се однесува до законската рамка на ниво на Европската Унија, може да се каже дека Европската Унија нема донесено конвенционална законска рамка (Директиви и Регулативи, како и други регулаторни акти), кои директно, експлицитно ја уредуваат Сателитската навигација. Во тој контекст, Европската Унија, има донесено корпус на регулаторни акти кои тангираат само извесни аспекти на Сателитската навигација, односно наредниот европски сателитски систем-GALILEO.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На ниво на Европската Унија, регулирањето на апликациите за Сателитска навигација, се очекува во периодот 2013-2014 година, со цел запазување на крајниот рок за воспоставување на IOC (Initial Orbital Capabilities), што од практична страна значи лансирање на 18 оперативни сателити.
Република Македонија, врз основа на анализа која ќе следи во наредниот период, ќе пристапи кон креирање на услови за користење на Сателитската Навигација. Истовремено, со создавањето на овие услови треба да се создат насоки за правно и институционално уредување на оваа материја.

Во насока на реализирање на краткорочните приоритети во Република Македонија во периодот 19-23.11.2012 се спроведе TAIEX Експертска Мисија за Сателитска Навигација во Транспортниот Сектор на Република Македонија. Од формална страна како резултат на оваа Мисија следеше Извештај со број Event Nr. ETT/IND EXP 47161 (со консеквентните наоди и препораки за натамошно постапување).

Постапувајки по препораките од претходно наведениот документ (Event Nr. ETT/IND EXP 47161), во периодот 14-18.10.2013, се спроведе Студиска Посета на Мадрид, Кралство Шпанија. Целта на оваа посета беше стекнување на подлабоки сознанија за начините за унапредување на развојот на апликациите засновани на Европските Сателитски Системи (EGNOS и наредниот сателитски систем - GALILEO), непосреден увид во функционирањето на системот за Сателитска Навигација на Шпанија,

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Среднорочните приоритети ќе се детерминираат после извршената анализа и дефинирање на следните чекори.

## 3.15 ЕНЕРГЕТИКА

***РЕЗИМЕ***

*Во делот на енергетиката во наредниот период се очекува да се спроведуваат мерки и активности кои ќе придонесат за обезбедување на сигурност во снабдувањето со сите видови на енергија и енергенси на потрошувачите во Република Македонија. Едновремено ќе се спроведуваат активности за модернизација на постојната енергетска инфраструктура и изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и системи за пренос и дистрибуција на енергија и енергенси. Во оваа насока се очекува да се намали узвозната зависност на земјата од поедини видови енергија и енергенси.*

*Во делот на внатрешниот пазар на електрична енергија и природен гас се очекува да се спроведат утврдените чекори за либерализација на овие пазари обезбедувајќи можност сите потрошувачи да можат да изберат свој снабдувач на енергија. Почнувајќи од 1 јануари 2015 година сите потрошувачи, вклучувајќи ги и домаќинствата, ќе станат квалификувани потрошувачи со можност за избор на свој снабдувач. Во наредниот период се очекува транспонирање и имплементација на Третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија при што ќе се обезбеди поголема независност на операторите на преносните системи, ќе се зајакне улогата на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се воведат конкретни мерки за дефинирање на концептот на ранливи потрошувачи и поддршка на истите. Со ова се овозможува да се обезбеди поголема конкуренција во енергетскиот сектор преку зголемување на бројот на учесници на пазарите на енергија.*

*Во делот на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија ќе се спроведуваат мерки и активности за постигнување на стратешките цели за заштеди на енергија и учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија. За постигнување на ова ќе се допрецизираат законските одредби во делот на енергетската ефикасност и ќе почнат да се спроведуваат енергетски контроли, како и ќе се утврдат механизми за финансиска поддршка за примена на енергетската ефикасност во секторот на јавни згради. Во делот на обновливите извори на енергија ќе се обезбеди поедноставување на административните постапки за изградба на електроцентрали кои користат обновливи извори на енергија.*

*Во областа на радијациона сигурност и нуклеарна безбедност и понатаму ќе се врши усогласување на националното законодавство со новото законодавство на ЕУ со цел да се обезбеди поголема контрола на изворите на јонизирачко зрачење, заштита на населението и животната средина од изворите на јонизирачко зрачење.*

### 3.15.1 СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Приоритетите на Владата на Република Македонија во енергетскиот сектор, се поврзани со националните цели за сигурност и развој, и вклучуваат: сигурно снабдување со енергија; одржлив економски развој и конкурентност на економијата. Во изминатиот период се обезбеди сигурност во снабдувањето и се планира и во наредниот период преку преземање на конкретни мерки и активности да нема пречки во снабдувањето на потрошувачите со различни видови на енергија. Во оваа насока се утврдуваат обврзувачки акти за носителите на лиценци поврзани со сигурноста во снабдувањето, како и активности за модернизација на постоечката енергетска инфраструктура и изградба на нова што е во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија до 2030 година, како и со Регионалната стратегија за енергетика на Енергетската заедница и Стартегијата за ЈИЕ 2020 во рамки на Регионалниот совет за соработка.

Согласно постоечката законска регулатива задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се формираат постепено, при што вкупните количини на задолжителните резерви треба да достигнат покриеност на остварена просечна дневна потрошувачка за период од најмалку 90 дена. Се вложуваат напори за усогласување на националното законодавство со ЕУ Директивата 2009/119/ЕК.

Во март 2013 година беше донесена Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година. Со Програмата се утврдуваат мерките и активностите за реализација на

Стратегијата за развој на енергетиката, како и потребните финансиски средства за реализација на мерките и носители на активностите.
Во насока на сигурно снабдување на потрошувачите со природен гас, Владата на Република Македонија донесе Уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во снабдувањето со природен гас, начинот на снабдување со природен гас во овие услови, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности. Со Уредбата се регулира снабдувањето на потрошувачите во Република Македонија при настанување на криза во снабдувањето со природен гас, степените на исклучување на потрошувачите и заштитените потрошувачи на кои не може да им се прекине испораката на природен гас.

Во текот на 2013 година до Секретаријатот на енергетската заедница, согласно член 29 од Договорот за основање на енергетската заедница, се достави Изјавата за сигурност за снабдување со енергија во која беа опфатени електричната енергија, природниот гас и нафтените деривати.

Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (во натамошниот текст: ДЗРННД) согласно Годишната програма со финансиски план и Годишниот план за јавни набавки за 2013 година, успешно спроведе и реализира неколку постапки за јавни набавки (со меѓународна објава) на Еуродизел БС и Еуросупер БС 95 за задолжителните резерви на Република Македонија. Како резултат на овие набавки, заклучно со 31.12.2013 година просечното ниво на пополнетост на задолжителните резерви изнесува 57 дена[33].

Во однос на процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, изготвен е нов предлог Закон за задолжителни нафтени резерви во кој се транспонирани одредбите од Директивата 2009/119/ЕУ. Во текот на 2013 година, предлог законот беше разгледан од претставници од различни државни институции и од страна на претставниците на Секретаријатот на Енергетската заедница во рамки на експертска мисија спроведена од 28.10–1.11.2013 година. Предлог - законот е преработен во насока на усогласување со забелешките на експертите од Енергетската заедница. На 13.11.2013 година предлог законот беше повторно доставен на мислење до надлежните институции. По изработка на финален предлог закон истиот ќе биде проследен до Секретаријатот на енергетската заедница и Европската комисија како обврска од Поткомитетот за транспорт, енергетика, животна средина и регионален развој 2013 година.

Во тек се активности за изградба на неколку производствени капацитети со заеми од финансиски институции со кои значително ќе се подобри сигурноста во снабдувањето со електрична енергија во Република Македонија и тоа: ХЕЦ Чебрен (333 MW), ХЕЦ Бошков мост (70 MW), Ветерен парк Богданци (36,8 MW), Акумулација Луково поле, изградба на нова термоелектрана топлана во Скопје, рехабилитација и ревитализација на постојните хидроелектрани и термоелектрани итн.

Во текот на 2013 година претставници од Министерството за економија активно учествуваа во работата на работните групи на Секретаријатот на енергетската заедница посебно во делот на евалуација на проекти кои би биле од интерес на Енергетската заедница.

Претставници од ДЗРННД учествуваа на 5-от нафтен форум одржан на 10-11 октомври 2013 година во Белград, Република Србија, организиран од страна на Секретаријатот на енергетика заедница.

Во текот на 2013 година, во ДЗРННД реализирани се четири вработувања на помлади соработници во: Секторот за комерција, развој и контрола, Секторот за финансиски прашања, Одделението за човечки ресурси и во Кабинетот на директорот (преведувач – англиски јазик), со што се зајакнати административните капацитети на Дирекцијата.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се изработи Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој ќе се утврди степенот на реализација на овој документ.

---

[33] Врз основа на просечната дневна потрошувачка на нафтени деривати во земјата реализирана во 2012 година.

Согласно Договорот за основање на Енергетска заедница, ќе се изработи Изјава за сигурност во снабдувањето со природен гас. Изјавата ќе опфати податоци за тековната потрошувачка на природен гас, планираните потреби од природен гас за наредниот период, начинот на обезбедување, преземање на мерки за одржување на системите и друго, и е во насока на известување во рамките на Директивата 55/2003/ЕЗ за заедничките правила за внатрешен пазар на природен гас и Директивата 67/2004/ЕЗ за мерките за обезбедување на сигурност во снабдувањето.

До крајот на првиот квартал од 2014 година се очекува да биде донесен новиот Закон за задолжителни нафтени резерви во кој се транспонирани одредбите од Директивата 2009/119/ЕУ од страна на Владата, додека до крајот на вториот квартал 2014 година и од страна на Собранието. По донесувањето на законот ќе бидат преземени активности во насока на изработка и донесување на соодветни подзаконски акти од истиот.

Примарни активности на ДЗРННД во рамките на Буџетот за 2014 година се: Донесување на Годишна програма за 2014 година и Годишниот план за јавни набавки за 2014 година, во согласност со ревидираната Среднорочна програма; спроведување на тендерски постапки за набавка на нафтени деривати; обезбедување на резервоарски капацитети за складирање на задолжителните резерви; спроведување контрола (квалитативна и квантитативна) на задолжителните резерви складирани кај трговските друштва – складиштари, како и контрола на докуменатција и евиденција на задолжителниот надоместок кај учесниците во правниот промет.

Во 2014 година се планира да се донесе Уредба за квалитет на течните горива усогласена со Директивата 1999/32/ЕК, согласно обврските од Договорот за основање на Енергетската заедница. Со истата, покрај веќе утврдениот квалитет на течните горива, ќе се обезбеди зајакнат мониторинг на пазарот на нафтени деривати.

**Институционална рамка**

Во делот на темите поврзани со сигурноста во снабдувањето и планирањето, во Секторот за енергетика, Министерство за економија, потребно е да се обезбеди обука на постојниот кадар како и да се вработи едно ново стручно лице. Во рамките на проектите кои се спроведуваат со USAID (Bilateral Strategic Energy Planning) се очекува да се обучат дел од вработените во Секторот за енергетика за долгорочно стратешко планирање.

Во текот на 2014 година, во ДЗРННД потребни се нови вработувања со цел да се реализира неопходната кадровската екипираност што ќе овозможи квалитетно и благовремено извршување на законските обврски.

Со цел спроведување на предлог Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, од страна на ДЗРННД утврдена е потреба за користење на TAIEX – експертска мисија за изработка на подзаконски акти во текот на 2014 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2015 година ќе се изработи нова Изјава за сигурност во снабдувањето со електрична енергија и природен гас и нафтени деривати согласно обврските за известување од Третиот пакет на законодавство на Европската унија за внатрешен пазар на енергија и како обврска на Договорот за основање на енергетската заедница.

Во 2015 година во насока на сигурност во снабдувањето, односно изградба на нови енергетски објекти, се планира да се изработи методологија и критериуми за приоритизација на проектите како и критериуми и постапки за овластување за изградба на енергетски објекти.

Во овој период се предвидува и изработка и донесување на нова Стратегија за развој на енергетиката со цел да се утврди долгорочниот развој во енергетскиот сектор, за период од најмалку 20 години.

Утврдувањето на среднорочните приоритети на ДЗРННД за периодот 2015-2016 година е во директна зависност од предложената временска рамка за донесување на новиот Закон за задолжителни нафтени резерви и релевантните подзаконски акти, како и од форматот на законскиот текст. Имено, новиот предлог закон предвидува формирањето, чувањето и обновувањето на задолжителните резерви да се врши врз основа на други прописи како: Акциски план за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Годишна програма со Финансиски план за тековната година и Одлука за количината и структурата на задолжителните резерви за тековната година. Акциски план за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во кој рамковно се уредува динамиката на формирање на задолжителните резерви до 31

декември 2022 година и Одлука за количината и структурата на задолжителните резерви за тековната година треба да бидат донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Во текот на 2015 година Министерството за економија ќе изработи Уредба за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати. Со Уредбата ќе се знае под кои услови и кога ќе може државните резерви на нафта и нафтени деривати да бидат пуштени на пазарот во Република Македонија.

**Институционална рамка**
Во овој период се очекува да се обучат вработените во оваа област во делот на стратешкото планирање како дел од обуките во рамките на ИПА Проектот при Секторот за енергетика во Министерство за економија.
Во периодот 2015–2016 година се очекува да се заокружи кадровското доекипирање на ДЗРННД.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Во периодот 2013–2015 година се спроведува ИПА проектот за зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика, Министерство за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија на Република Македонија за што подетално е опишано во подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар.

## 3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Една од основните цел во енергетика е поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари со почитување на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, како и интегрирање на енергетските пазари на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори како што е и Договорот за основање на енергетската заедница. Главната цел на спроведување на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија е понатамошна либерализација на пазарот на енергија кон остварување на сигурно функционирање на пазарот на енергија и создавање на услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со енергија на потрошувачите во Република Македонија. Ова е во согласност со Стратегијата на Европската унија 2020, Стартегијата на ЈИЕ 2020 како и регионалната Стратегија за енергетика на енергетската заедница.

Во текот на 2013 година продолжија активностите за отворање на пазарите на електрична енергија и природен гас преку активности во регулаторната рамка со цел да се обезбеди навремено и координирано отворање на истите. Во Република Македонија во текот на 2013 година количините на електричаната енергија за покривање на загубите во електропреносниот системи и електродистрибутивните системи се набавуваа на отворен пазар на електрична енергија. Со ова, во Република Македонија, најголем процент од вкупната потрошена електрична енергија (околу 40%) се обезбедуваше на отворениот пазар во споредба со останатите земји потписнички на Договорот за основање на Енергетската заедница.

Подзаконските акти потребни за понатамошна либерализација на пазарите на електрична енергија и природен гас се донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, во кои се транспонирани мерките од Директивите 2003/54/ЕЗ и 2003/55/ЕЗ и обврските од Договорот за основање на Енергетската заедница. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија донесе Акционен план за либерализација на пазарот на електрична енергија во Република Македонија, со кој се утврди датумот за отпочнување на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи на електрична енергија, освен домаќинствата, да биде 01.04.2014 година. Датум за отпочнување на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи на електрична енергија, вклучувајќи ги и домаќинствата да биде 01.01.2015 година. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија е во постапка на донесување на Правила за пазар на природен гас со кои се утврди организацијата на пазарот на природен гас, како и условите што треба да ги исполнат учесниците на пазарот на природен гас.

Во насока на поддршка на либерализацијата на пазарот на електрична енергија и природен гас, во текот на 2013 година се спроведе Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2013 година.

Во Секторот за енергетика при Министерство за економија, заклучно со 31.12.2013 година, вработени се дванаесет редовно вработени и еден на привремено, кои ги покриваат обврските согласно подрачјата од поглавјето 3.15 Енергетика.

Во Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија заклучно со 31.12.2013 година вкупниот број на вработени изнесува 30 лица (5 членови на РКЕ и 25 извршители).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

До крајот на 2014 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, во кој ќе се транспонира Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската Унија. Целта на измените се во насока на создавање на поконкурентни услови на пазарите на електрична енергија и природен гас преку независност на операторите на преносните системи, зајакнување на позицијата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, заштита на потрошувачите и друго.

Во 2014 година ќе се изработи Акционен план за либерализација на пазарот на електрична енергија и природен гас во кој ќе се дефинираат сите обврски и рокови на надлежните институции и учесници на пазарот со цел да се спроведат целите на новите законски решенија со кои се спроведува Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската унија.

Во текот на 2014 година Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ќе ги одобри соодветните Мрежни правила за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, кои треба да бидат претходно изработени од соодветните оператори на системите, со кои ќе се уредат техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на преносните и дистрибутивните системи на електрична енергија и природен гас, и ќе се транспонираат одредени мерки од Директивите 2003/54/ЕЗ и 2003/55/ЕЗ. Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај, согласно постојниот Закон за енергетика, кој транспонира делови од Директивата 32003L0055, ќе биде одобрен од страна на Регулаторна комисија за енергетика во првиот квартал за 2014 година.

Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија 2014, финансирана преку буџетски средства обезбедува дел од финансиските средства за потребите од енергија (електрична енергија, топлинска енергија, дрва и друго) на примателите на социјална помош ќе биде донесена на почетокот на 2014 година и истата ќе биде спроведена во тековната година.

**Институционална рамка**

Во 2014 година ќе започнат активностите за обука на вработените во Секторот за енергетика и Агенцијата за енергетика на Република Македонија во рамки на ИПА Проектот и при тоа се предвидени обуки при изработка на ГАП анализата во насока на усогласување на Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија, обука во делот на соработка со надлежните институции и заинтересирани страни при изменување на законските решенија, спроведување на јавни дебати и друго.

Со Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2014 година се предвидува вработување на две лица, со што вкупниот број на вработени во РКЕ треба да изнесува 32 лица (5 членови на РКЕ и 27 извршители) во 2014 година. Воедно во 2014 година ќе се продолжи со спроведувањето на проектот „Поддршка на Регулаторната комисија за енергетика за воведување на ЕУ законодавството за ефикасен пазар на енергија во Република Македонија“, поддржан од страна на Кралството Норвешка.

Потребно е да се обезбеди обука на постојните вработени во Секторот за енергетика при Министерството за економија кои работат на оваа проблематика и да се обезбеди вработување на еден нов вработен.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2015-2016 година ќе се спроведува Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика во кој ќе бидат транспонирани одредбите од Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на ЕУ. Односно ќе бидат изработени и донесени подзаконски акти за спроведување на предметниот закон.

Во периодот 2015-2016 година Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ќе продолжи со активностите за имплементација на Третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија и следење на пазарите на енергија во Република Македонија.

Во текот на 2015 година ќе се изработи Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија. Истата ќе опфати различни категории на потрошувачи кои ќе влезат во дефиницијата на ранливи потрошувачи. Законскиот основ за донесување на оваа програма ќе биде утврден во Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика, во кој ќе бидат транспонирани одредбите од Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на ЕУ.

**Институционална рамка**
Во август 2015 година се предвидува да заврши спроведувањето на ИПА „Проектот за зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика (МЕ) и Агенција за енергетика" и се очекува вработените од Секторот за енергетика и АЕРМ да имаат подобри познавања за Третиот пакет за енергетика на ЕУ и насоки за понатамошното развивање на пазарите на електрична енергија и природен гас, поедноставени комуникации помеѓу инволвираните институции во процесот на консултација по одредени документи итн.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ќе се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за извршување на следење на пазарите на енергија, при што се предвидени две вработувања за 2015 година и две вработувања за 2016 година.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Во август 2013 година започна ИПА *Проектот за зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија на Република Македонија* кој ќе се спроведува наредните две години (2013 - 2015). Целта на овој проект е да се зајакнат институционалните капацитети на овие институции за развој, следење и оцена на реформите во енергетскиот сектор кои се неопходни за усогласување со законодавството на Европската Унија и другите обврските на пристапувањето кон Европската Унија. Преку ова ќе се реализира и основната цел на проектот, а тоа е да се постигне поконкурентен пазар на енергија и негова интеграција во регионалниот пазар на енергија. Вредноста на проектот изнесува 1.674.000 евра од кои 167.400 евра се обезбедени како сопствено финансирање. За 2014 година се предвидени 662.000 евра и за 2015 година се предвидени 662.000 евра.

Од 15 декември 2011 година во Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија се спроведува проектот „Поддршка на Регулаторната комисија за енергетика за воведување на ЕУ законодавството за ефикасен пазар на енергија во Република Македонија", со времетраење од три години. За проектот се обезбедени средства од 950.000 ЕУР од страна на Кралството Норвешка и 200.000 ЕУР од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Целта на овој проект е да се подобри регулаторната рамка за конкурентни, транспарентни и недискриминаторни пазари на енергија.

## 3.15.4 ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Искористувањето на обновливите извори на енергија (ОИЕ) е еден од приоритетите на Владата на Република Македонија во енергетскиот сектор што стратешки е утврден во Стратегијата за искористувањето на ОИЕ на Република Македонија до 2020 година. Во изминатиот период се донесоа бројни подзаконски акти со цел да се олесни развојот на ОИЕ и да се постигне целното учество на истите во финалната потрошувачка на енергија. Учеството на ОИЕ во финалната потрошувачка на енергија е во согласност со целите утврдени во Стратегијата на Европската унија 2020 и Стратегијата на ЈИЕ 2020 во рамките на Регионалниот совет за соработка. Во наредниот период следат клучни активности во поглед на поедноставување на административниот процес за инвестирање во обновливите извори на енергија.

Владата во 2013 година донесе нова Уредба за повластени тарифи за електрична енергија, согласно која повластените тарифи за термоелектроцентралите на биомаса се зголемени на 15 (€¢/kWh), а кај термоелектроцентралите на биогас на 18 (€¢/kWh). Со ова се очекува привлекување и зголемување инвестициите во овој сектор, а искористувањето на биомасата и биогасот значително да се подобри. Исто така Владата во 2013 година донесе нова Одлука со која се пропишува вкупната инсталирана моќност на повластените производители за сите одделни ОИЕ, согласно која се зголеми ограничувањето на капацитетот за фоотонапонски електроцентрали, и наместо ограничување од 10 MW на ниво на држава сега се утврдува 18 MW. Со ова се зголеми можноста за изградба на фотонапонски електроцентрали кои би се стекнале со статус на повластен производител.

Во тек на 2013 година се изработуваше Акциониот план за обновливи извори на енергија во согласност со одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница за имплементација на Директивата 2009/28 и дополнување на член 20 од Договорот за основање на Енергетска заедница од 18 Октомври 2012 година(2012/04/EnMC). Во Акциониот план се разгледуваат три сценарија за вклучување на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка во 2020 година и тоа 21,1%, 24,32% и 28,01%.
Согласно Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2013 година донесе вкупно 125 привремени решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од ОИЕ за мали хидроелектроцентрали, фотонапонски електроцентрали, ветерна електроцентрала и термоцентрала на биогас, како и 24 решенија за стекнување на статус на повластен производител и 24 одлуки за користење на повластени тарифи за мали хидроелектроцентрали и фотонапонски електроцентрали.

Заклучно со 15.11.2013 година:

- вкупниот инсталиран капацитет на 23 повластени производители на електрична енергија од мали хидроелектроцентрали изнесува 13,5 MW, а 44 мали хидроелектроцентрали со моќност од 51,1 MW се во фаза на изградба и се очекува истите да бидат пуштени во употреба во периодот од 2013-2015 година;
- вкупниот инсталиран капацитет на 30 повластени производители на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали изнесува 7,1 MW, а 77 фотонапонски електроцентрали со моќност од 10,4 MW се во фаза на изградба и се очекува истите да бидат пуштени во употреба најдоцна до крајот на 2014 година;
- 1 ветерна електроцентрала е во фаза на изградба со моќност од 36,8 MW и се очекува да биде пуштена во употреба најдоцна до 2015 година;
- 1 термоелектроцентрала на биогас е во фаза на изградба со моќност од 0,999 MW и се очекува да пуштена во употреба најдоцна до 2015 година.

Агенцијата за енергетика на Република Македонија на Република Македонија во текот на 2013 година издаде 22 потврди за постројки кои се изградени и ги исполнуват специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со Уредбата за повластени тарифи за електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и Одлука за вкупна инсталирана моќност на повластени производители.

Во текот на 2013 година, евидентирани се 29 постројки кои користат обновливи извори на енергија во Регистарот на електроцентрали кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија, во согласност со одредбите од Правилник за обновливи извори на енергија. Врз основа на истиот правилник, Агенцијата за енергетика на Република Македонија во 2013 година издаде 2 одобренија за мерење на потенцијалот на ветерната енергија, со што вкупниот број на издадени одобренија изнесува 6.

Во 2013 година, Агенцијата за енергетика на Република Македонија во Република Македонија продолжи со спроведување на активностите поврзани со Инфоцентарот за енергетика во Скопје кој се финансира преку донација од Министерство за животна средина, земја и море на Република Македонија.

Во јануари 2013 година Владата на Република Македонија донесе Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2013 година со финансиска поддршка од Буџетот на Република Македонија во износ од 6.000.000 денари (100.000 евра). Со оваа стимулативна мерка на купувачите на соларни колектори кои ги имаат вградено во своите домови им се обезбеди поврат на дел од потрошените средства за обезбедување на сончеви термални колекторски системи до 30 %, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност по домаќинство. Во рамките на оваа програма се субвенционираа вкупно 514 домаќинства. Реализацијата на програмата овозможува заштеда на електрична енергија за топла вода, промција на обновливите извори на енергија, подигнување на јавната свест и заштита на животната средина.

Законскиот основ за постапката за доделување на концесиите за користење на вода за производство на електрична енергија е даден во Законот за водите[34], додека надлежна институција е Министерството за животна средина и просторно планирање, Секторот за води. Согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство[35] пред започнување на постапките за доделување на концесија на добра од општ интерес се спроведуваат подготвителни активности кои вклучуваат: формирање на комисија за спроведување на постапка

[34] „Службен Весник на Република Македонија" бр. 87/09, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12 и 23/13
[35] „Службен Весник на Република Македонија" бр. 6/12

за доделување на концесија на добра од општ интерес; изработка на физибилити студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство; процена на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство и др.

Согласно горенаведените барања во 2013 година беше изработена Физибилити студија за оправданост на доделување на концесии за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на мали хидро електрични централи за 80 локации. Исто така се правеа дополнителни анализи за поедноставување на постапките за доделување на концесиите за користење на вода за производство на електрична енергија преку групирање на одредени локации со цел истите да бидат поатрактивни за идните концесионери. Паралелно со изработка на Фзибилити студијата, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството заекономија и IFC (International Finance Corporation), работеа на усогласување на тенедерската документација и на модел договор со обврските од Законот за водите и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Во Секторот за енергетика, Министерство за економија, потребна е обука на постојните вработени како и вработување на 1 лице со цел да може квалитетно и навремено да се одговори на предизвиците во оваа област на енергетиката.

Во моментот во Агенцијата за енергетика на Република Македонија вработени се директор и 6 лица на неопределено време.
За повеќе информации во однос на институционалната рамка на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија види Подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар, Институционална рамка за 2013 година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за енергетика во насока на целосно доусогласување со Директивата 28/2009/ЕС за промоција на обновливите извор на енергија во делот на користењето на обновливите извори на енергија за греење и ладење, реализација на заеднички проекти, статистички трансфер на податоци за користење на обновливите извор на енергија и друго.

Во 2014 година се планира донесување на прв Закон за биогорива во Република Македонија во кој ќе се транспонира делот на Директивата 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извор на енергија кој се однесува на биогоривата во насока на нивно сертифицирање, производство и друго.По изготвувањето на Законот за биогорива се планира да се донесе Акционен план за биогорива.

Во 2014 година Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ќе продолжи со своите активности за издавање на привремени Решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, Решенија за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа, како и да го води регистарот на повластени производители од обновливи извори на енергија.

Агенцијата за енергетика на Република Македонија (АЕРМ) во текот на 2014 година ќе овозможи непречено издавање на одобренија за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија; водење на регистар на постројки кои користат обновливи извори на енергија; издавање, пренесување и одземање на гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија како и водење на регистар на истите; издавање, пренесување и одземање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки; основање, одржување и обновување на регистар на високоефикасни комбинирани постројки; издавање потврда по барање на Регулаторната комисија за енергетика дека постројката е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност. АЕРМ ќе учествува во подготовката на вториот акционен план за енергетска ефикасност; издавање на мислења по тригодишни предлог-програми за енергетска ефикасност; изготвување на извештај за усогласеноста на тригодишните програми за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа и организирање на обуки и полагање на испити за енергетски контролори и обуки за усовршување на контролорите врз основ на програми за обука и полагање на испити изготвени од Агенцијата за енергетика на Република Македонија , а одобрени од Министерството за економија.

Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2014 ќе се спроведува во текот на 2014 година за што се обезбедени средства во предлог буџетот на Министерството за економија во висина од 6.000.000 денари (100.000 евра).

Во однос на малите хидроелектрични централи во првиот квартал на 2014 година се планира објавување на нов шести меѓународен тендер за доделување на концесии за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на мали хидро централи за 80 локации, по претходно донесување на Одлука од страна на Владата. Постапката за доделување на концесиите за вода за производство на електрична енергија ќе биде спроведена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Институционална рамка**
Во рамки на ИПА проектот, вработените во Сектор за енергетика, Министерство за економија и АЕРМ, ќе бидат дополнително обучени во однос на Директивата 28/2009/ЕС за промоција на обновливите извор на енергија.
Во АЕРМ за 2014 година, утврдена е потреба од нови вработувања со цел зајакнување на капацитетите на истата.
За повеќе информации во однос на институционалната рамка на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија види подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во текот на 2015 година се планира да се донесе нова Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија за наредниот десетгодишен период која ќе започне да се изработува во 2014 година. Со стратегијата ќе се дефинира потенцијалот на обновливите извори на енергија и негови технички можности за искористување во енергетски цели.

Во периодот 2015-2016 година ќе се изработат и донесат подзаконски акти во насока на имплементација на измените на Законот за енергетика и Законот за биогорива чија основа е Директивата 28/2009/ЕС.

Во 2015-2016 година, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ќе продолжи со своите активности за издавање на привремени Решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, Решенија за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа, како и да го води регистарот на повластени производители од обновливи извори на енергија.

Во 2015 година се планира да се изработи Упатство за инвеститорите за постапките за изградба на електроцентрали кои користат различни технологии на обновливи извори на енергија. Со овие упатства ќе се овозможи навремено запознавање на потенцијалните инвеститори со постапките за изградба и ќе се поедностави целиот процес.

**Институционална рамка**
За повеќе информации во однос на институционалната рамка на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија види подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Во рамките на Меморандумот за соработка помеѓу International Finance Corporation (IFC), Министерството за економија и Министерството за животна средина и просторно планирање, се работи на утврдување на образец на Договор за концесија за мали хидроелектрични централи, образец за Договор за откуп на произведената електрична енергија од мали хидроелектрични централи и договор за приклучок на електродистрибутивната мрежа.
Во рамките на спроведувањето на Проектот на УСАИД за иневстирање во чисти технологии посебен фокус се става на анализите за поедноставување на административните процедури за инвестирање во обновливи извори на енергија, создавање на отворен дијалог со инвеститорите, како и се работи на анализа на искористувањето на биомасата за енергетски цели.

„Проект за формирање на база на податоци за ветерна енергија“ ќе продолжи да се реализира преку кампањата на мерење на потенцијалот на ветерната енергија на 5 мерни места за што во 2013 година е потпишан

трогодишен договор со ФЕИТ-Факултетот за електротехнички и информатички технологии во износ од 40.000 евра обезбедени од донација на италијанското Министерство за животна средина ,земја и море.

### 3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во делот на енергетската ефикасност се вложуваат напори за создавање на средина за инвестирање во енергетската ефикасност преку донесување на законска и подзаконска регулатива, стратешки документи и акциони планови со цел да се постигне заштита на енергија во износ од 9 % од просечната потрошувачка на енергија[36]. Ова е во насока на исполнување на целите утврдени во Стратегијата на Европската унија 2020 и Стратегијата на ЈИЕ 2020 во рамките на Регионалниот совет за соработка.

Со техничка поддршка од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и УСАИД во 2013 година изработен е нацрт вториот Акционен план за енергетска ефикасност (Втор АПЕЕ). Изработката на истиот произлегува од постојниот Законот за енергетика, но претставува и обврска кон Енергетската заедница, заради имплементирањето на Директива 2006/32/ЕЗ.
Министерството за економија во јуни 2013 година го донесе Правилникот за енергетски карактеристики на зградите со кој се прави дополнително транспонирање на одредбите од Директивата 2010/31/ЕУ за енергетски карактеристики на зградите. Исто така во јуни 2013 се донесе Правилникот за енергетска контрола со кој се прави дополнително транспонирање на Директивата 2006/32/ЕЗ за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергетски услуги.
Во однос на Програмите за енергетска ефикасност на единиците на локалните самоуправи, во текот на 2013 година, 25 општини доставија на мислење програми за ЕЕ до Агенцијата за енергетика на Република Македонија (АЕРМ). По однос на доставените предлог програми, АЕРМ се произнесе за нивната усогласеност со Националната стратегијата за енерегетска ефикасност. Агенцијата за енергетика на Република Македонија од разгледаните предлог програми издаде: 17 позитивни мислења, 3 се вратени на дополнување и 1 на усогласување.
Програмата за обука и полагање на испити на енергетски контролори беше изработена и донесена од страна на АЕРМ во ноември 2013 година. Во 2013 година АЕРМ ги подготви и Тарифниците за надомест на услуги, кои беа одобрени од страна на Владата на Република Македонија. Со Тарифникот за максималната висина на надоместокот за обука и полагање на испит како и усовршување на енергетските контролори се утврдени надоместоците. Исто така донесен е и Тарифникот за максималната висина на надоместокот за вршење на општата енергетската контрола и деталната енергетска контрола. Се планира до крајот на 2013 година, АЕРМ да објави јавен повик за избор на правни лица за спроведување на обуки и полагање на испит за енергетски контролори, и во најкраток временски период се очекува да започне пријавувањето на првите потенцијални кандидати за енергетски контролори.

Во текот на 2013 година беа одржани три состаноци на Група за координација за енергетска ефикасност - ГКЕЕ (Energy Efficiency Coordination Group) при Енергетската заедница. Главни точки од програмата за работа на РГЕЕ за 2013 година беа: следење на изработка на вториот Акционен план за енергетска ефикасност; следење на имплементирањето на Директивата за енергетски карактеристики на зградите во одделните земји и на Директивата за означување (2010/30/ЕУ); анализа и препораки за усвојување на новата Директива за енергетска ефикасност (2012/27/ЕУ); следење на активностите на тековните и планирани активности за поддршка на донаторската заедница за 2013 година и понатаму.

Платформата за енергетска ефикасност е заедничка активност на Министерството за економија и АД ЕВН Македонија со цел подигање на јавната свест за енергетска ефикасност. Во рамките на Платформата за енергетска ефикасност, која започна да се реализира во октомври 2012 година, во текот на 2013 година беа емитувани повеќе едукативни емисии. На 12.09.2013 година беше одржана Работилница за унапредување на енергетската ефикасност кај претпријатијата.

На 23 и 24 април 2013 година, во Виена, Република Австрија, во организација на Институтот на Светска банка, се одржа регионална работилница за енергетска ефикасност и финансирање на климатските промени во Југоисточна Европа. На 25 и 26 април 2013 година, во Виена, Република Австрија беше одржана Регионална Работилница за финансиските можности за спроведување на Акционите планови за енергетска ефикасност во земјите од Западен Балкан. На 8 октомври 2013 година во Скопје, во организација на Канцеларијата за

---

[36] *во периодот 2002-2006 година*

координација на меѓународните финансиски институции при ЕУ (IFI Coordination Office), Секретаријатот на Енергетската заедница и Министерството за економија, беше одржана Работилница за можностите за финансирање на спроведувањето на Акциониот план за енергетска ефикасност.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија вработени се директор и 6 лица на неопределено време, заклучно со 31.12.2013 година.

Во однос на административни капацитети на Секторот енергетика, Министерство за економија и Агенција за енергетика на Република Македонија, во текот на 2013 година беа спроведени активности за нивно зајакнување во вид на обуки и тренинзи во оваа област во рамки на Енергетската заедница и тековните проекти.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во првиот квартал од 2014 година се планира да се заврши постапката за донесување на втор Акционен план за енергетска ефикасност (АПЕЕ) на Република Македонија од страна на Владата.

По изборот на правни лица за вршење на обуки и полагање на испити за енергетски контролори, во првата половина на 2014 година, ќе се отпочне со спроведување на првите обуки и полагање на испити, со што ќе се овозможи издавање на овластувања за енергетски контролори и издавање на лиценци за вршење на енергетски контроли. Истото ќе овозможи спроведување на обврските од Законот за енергетика, односно спроведување на енергетски контроли кај лицата од јавниот сектор, издавање на сертификати за енергетски карактеристики на зградите и останати обврски.

**Институционална рамка**

Во текот на 2014 година, Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите во областа на енергетската ефикасност согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за енергетика. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходно е едно ново вработување во 2014 година.

Во текот на 2014 година, АЕРМ има утврдена потреба од зајакнување на капацитетите со нови вработувања и спроведување на обука и тренинг на вработените.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Согласно обврските од Законот за енергетика и обврските кон Договорот за основање на Енергетската заедница, до 30.06.2016 година ќе се изработи третиот Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија.

Доколку произлезат нови потреби за транспонирање на евентуални нови регулативи на Европската Унија, ќе се преземат активности за измена и дополнување на националното законодавство.

Во 2015 и 2015 година ќе продолжат обуките и полагањето на испити за енергетски контролори, што ќе овозможи спроведување на обврските од Законот за енергетика, односно спроведување на енергетски контроли кај лицата од јавниот сектор, издавање на сертификати за енергетски карактеристики на зградите и останати обврски.

**Институционална рамка**

Во текот на 2015-2016 година, Министерството за економија, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите во областа на енергетската ефикасност согласно надлежостите кои произлегуваат од Законот за енергетика. За спроведување на активностите во Секторот енергетика неопходни се едно ново вработување во 2015 година и едно ново вработување во 2016 година.

На среднорочен план, а со цел ефикасно и ефективно спроведување на обврските согласно Законот за енергетика, АЕРМ утврдува потреба од вработувања на нови лица и понатамошно зајакнување на капацитетите преку обуки и тренинзи.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во рамките на ГЕФ Проектот за одржлива енергија и со експертска помош од Институтот на Светската банка беше изработена *финалната нацрт Национална програма за енергетска ефикасност на згради во јавниот сектор во Република Македонија до 2020 година* (Фаза 1). Предметната Програма предвидува реализација на мерки за подобрување на енергетската ефикасност на 2235 згради, по што се предвидува дека ќе се остварат заштеди на енергија од околу 13,6 ktoe/годишно и заштеди во парични средства од околу 13,97 милиони евра/годишно. Проценето е дека потребните финансиски средства за спроведување на инвестициите ќе изнесуваат околу 95,2 милиони евра, додека трошоците за управување со програмата, создавање на капацитети

за реализација и трошоците за вршење на енергетски контроли се проценети на околу 12,2 милиони евра. Финансирањето на реализацијата на предвидените мерки од Националната програма е предвидено да се обезбеди од еден од следните три механизми, и тоа: Фонд за енергетска ефикасност; Наменска кредитна линија за енергетска ефикасност; или Програма за подобрување на енергетската ефикасност во општините. Врз основа на анализите од Националната програма и консултациите со надлежните институции и останатите релевантни субјекти, се препорачува Фондот за енергетска ефикасност како најсоодветна можност за финансирање на спроведувањето на Националната програма. Се предвидува дека предметната Програма ќе биде усвоена и ќе започне да се спроведува во текот на 2014 година.

*„ГЕФ Проект за одржлива енергија“* беше финансиран од Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ), а управуван од Светската банка, кој имаше за цел да промовира инвестиции во енергетска ефикасност и обновливи извори со поддршка на создавање на рамка, институционални капацитети и неопходни финансиски механизми. Истиот претставуваше грант за Република Македонија во износ од 5,5 милиони американски долари (4,06 милиони евра) и се спроведуваше од страна на Министерството за економија, преку Единицата за спроведување на проектот. Реализацијата на проектот беше завршена на 31.03.2013 година, додека грејс периодот заврши на 30.09.2013 година. Во текот на 2013 година беа завршени следните активности:

- Спроведена втората фаза од проектот за потребите од подобрување на енергетската ефикасност на згради на училишта и градинки, во следните општини: Чаир, Конче, Валандово, Желино, Петровец, Кавадарци и Пехчево. Притоа, мерки за подобрување на енергетската ефикасност беа спроведени во згради на 7 градинки и 17 училишта. Втората фаза од проектот се реализираше врз основа на ко-финансирање, при што 50% од трошоците за спроведување на мерките се обезбедуваат од страна на општините, а останатите 50% од страна на Проектот;
- Изработена финалната нацрт Национална програма за енергетска ефикасност на згради во јавниот сектор во Република Македонија до 2020 година (прва фаза);
- Одржана Работилница за енергетска ефикасност на 25.01.2013 година, наменета за претставниците од општините. На работилницата беа претставени активностите и инвестициите за подобрување на енергетската ефикасност во јавни згради (училишта и градинки) во рамки на ГЕФ Проектот за одржлива енергија, придобивките и практичните аспекти на проектите за енергетска ефикасност, како и за перспективите и модалитетите за идните активности на Министерството за економија и Светската банка во областа на енергетска ефикасност;

*Проект за Регионална размена за воспоставување на платформа за следење на енергетска ефикасност:* На 11.04.2013 година беше одржана воведна работилница на која што беше промовирано отпочнувањето на спроведувањето на регионалниот проект на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), преку Отворениот регионален фонд за енергетска ефикасност (ГИЗ ОРФ-ЕЕ). Проектот, кој е финансиран од ГИЗ ОРФ-ЕЕ е наменет за државите потписнички на Договорот за основање на Енергетска заедница. Главна цел на проектот е воспоставување на систем за следење и проверка на спроведувањето на Акциониот план за енергетска ефикасност, заснован на пропораките на Европската комисија. Спроведувачи и главни корисници на проектот се Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Министерството за економија. Истиот ќе се спроведува во период од две години, т.е. до 31.12.2014 година.

*Проект за „Градење на капацитети во градежниот сектор МК“ – „Build up Skills MK“:* Агенцијата за енергетика на Република Македонија, заедно со Стопанска комора на Македонија како координатор, невладината организација „Креација“, Факултетот за електротехника и информациски технологии и Градежниот институт на Македонија во 2013 година го заврши спроведувањето на проектот. Истиот беше финансиран од страна на Европската комисија претставувана од Извршната агенција за конкурентност и иновација – EACI и е дел на програмата Intelligent Europe, за кој се предвидуваат 200.000 евра, од кои 6.600 евра се предвидени за активности спроведени од страна на Агенцијата за енергетика на Република Македонија . Со проектот се констатира потребата од работници за спроведување на мерките за енергетска ефикасност на национално ниво, а во втората фаза на проектот, доколку апликацијата биде одобрена, ќе се врши конкретна обука на лица кои ќе бидат вклучени во спроведувањето на градежните работи при воведување на мерки за енергетска ефикасност.

*Проект „Утврдување на општите придобивки за животната средина кои ќе се создадат преку спроведување на проектот GEF-UNIDO-Катализирање на трансформација на пазарот за енергетска ефикасност во индустријата и забрзување на инвестиции во најдобри практики и технологии во Република Македонија“:* За спроведување на проектот беше потпишан Договор за грант бр. 03-803/1 меѓу Организацијата за индустриски

развој на Обединетите Нации–UNIDO и Агенцијата за енергетика на Република Македонија во износ од 6.135 евра, на 13.09.2013 година.

*„Проект за енергетска ефикасност во секторот домување“:* Како резултат од успешното спроведување на *Проектот за енергетска ефикасност во згради во кои живеат семејства со ниски приходи***,** УСАИД, во соработка со невладината организација Хабитат Македонија, обезбедува техничка и финансиска поддршка за продолжување и проширување на овој проект во дополнителни општини. Покрај останатите активности, со Проектот се планира реконструкција со цел подобрување на енергетската ефикасност на 26-30 згради за домување во седум општини. Активностите од овој проект се отпочнати во текот на 2012 година и се планира да бидат спроведени за период од три години.

*„Проект за индустриско управување финансиран од УСАИД“*, започна да се спроведува во 2013 година и е предвидено да заврши  во 2015 година. Целите на овој проект се зголемување на конкурентноста на индустриските компании, преку намалување на трошоците за енергија како дел од вкупните производни трошоци, намалување на потрошувачката на енергија и намалување на емисијата на стакленички гасови на долгорочна основа. Активностите од овој проект ќе бидат од клучно значење со оглед на претстојните напори за понатамошна либерализација на пазарот за електрична енергија кога малите и средните претпијатија ќе треба да ја набавуваат електричната енергија на отворен пазар.

*Проект за инвестирање во чиста енергија финансиран од УСАИД*, започна да се спроведува во 2013 година и е предвидено да заврши со спроведување во 2015 година. Истиот, покрај останатото, вклучува активности во областа на енергетската ефикасност, како што се изработката на вториот Акционен план за енергетска ефикасност и изработка на Програмата за обука и полагање на испити за енергетски контролори на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

## 3.15.7 РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ И НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Подрачјето на радијациона сигурност и нуклеарна безбедност е уредено со Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, кој  е широко усогласено со законодавството на ЕУ од оваа област. Истиот има за цел контрола на изворите за јонизирачко зрачење, заштита на населението и животната средина од изворите на јонизирачко зрачење. Во следниот период се предвидува анализа на новото законодавство на ЕУ во оваа област и нејзино транспаринање во националното законодавство. Дирекцијата за радијациона сигурност активно учествува во работните тела на Меѓународната агенција за атомска енергија, ги исполнува обврските превземени со потпишување на меѓународните договори, протоколи од оваа област и активно е вклучена во регионалната соработка на полето на радијационата сигурност и нуклеарна безбедност. Дирекција за радијациона сигурност (ДРС) е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење. Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, статусот на Дирекцијата за радијациона сигурност е дефиниран како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.
Согласно обврските од Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје[37], во текот на 2013 година Дирекцијата за радијациона сигурност поднесе квартални и годишни извештаи.
Поднесени се *квартални анализи на ризик*, од доменот на работа на Дирекцијата за радијациона сигурност за потребите на интегрираното гранично управување до Националниот координативен центар за гранично управување.
Изработен е *Стратешки план за 2014-2016 година на Дирекцијата за радијациона сигурност* во текот на 2013 година. Донесувањето на овој стратешки план претставува петти циклус на стратешко планирање од страна на Дирекцијата, во кој јасно се претставени нејзините насоки и цели и во чија основа се наоѓаат стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО. Истовремено Стратешкиот план претставува водич кон реално остварување на поставените цели и приоритети на Дирекцијата на среднорочен период, при што неговото доследно спроведување ќе придонесе во зголемувањето на оперативноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на надлежностите на Дирекцијата.

[37]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/07

Поднесен е *национален извештај за имплементацијата на* „Кодексот за однесување за сигурноста и безбедноста на радиоактивните извори“ во Република Македонија. Во извештајот е даден краток преглед на имплементација на одредбите содржани во Кодексот од страна на Република Македонија. Исто така е дадена кратка анализа на позитивното законодавство и подзаконски акти во Република Македонија во однос на прашањата кои се регулираат со одредбите од Кодексот, како и преглед на националната регулаторна инфраструктура во однос на радијационата сигурност и нуклеарната безбедност.
Во текот на 2013 година, Дирекцијата за радијациона сигурност продолжи со континуираната активност на издавање на *дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.*, како и со континуираната активност на вршење на *инспекциски надзор* над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот преку инспектори за радијациона сигурност.
*Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење*, кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност, се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.
Од страна на Дирекцијата е номинирано контакт лице за *Меѓународната скала за нуклеарни и радиолошки настани* со цел одржување на информираноста на населението во однос на појавата и последиците од пријавените нуклеарни и радијациони инциденти и несреќи.
Претставниците од Дирекцијата за радијациона сигурност континуирано учествуваа на обуки организирани од Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), како:
Вежбата *„ConvEx-2b“* од 11-12 јуни 2013 година, за тестирање на националните системи и институции за информирање и реакција во случај на радијационен вонреден настан во рамките на воспоставениот систем за информирање во случај на вонредни настани од Центарот за вонредни настани во рамките на МААЕ учеставувше и Дирекцијата за радијациона сигурност.
Вежбата *„Convex 3“* од 20 - 21 ноември 2013 година, за тестирање на националните системи за координација и комуникација во случај на радијационен вонреден настан, во кој покрај претставниците на ДРС учествуваа и претставници на Центарот за управување со кризи, Управа за хидрометеоролошки работи и Институт за јавно здравје.
Од 8-12 јули 2013 година се реализираше *Експертска мисија за подршка на регулаторната контрола за сигурно управување со искористени радиоактивни извори* со експерти од МААЕ. Целта на мисијата беше преглед на постоечката состојба во Република Македонија во однос на управувањето со искористени радиоактивни извори, (законодавната и регулаторна рамка, програмата во однос на искористените радиоактивни извори, националните ресурси, програмата во однос на напуштени извори, програмата за мониторинг) и обезбедување на препораки од страна на експертите со цел евентуално подобрување на истата. Од експертската мисија произлезе потреба за утврдување на националната политика за оваа област како и подготовка на национална стратегија.
Во периодот 25-28 ноември 2013 година во Скопје се одржа национална работилница за кондиционирање и складирање на искористени радиоактивни извори (National training course on Disused Sealed Radioactive Source Characterization and Storage). Работилницата беше реализирана во рамките на меѓународниот проект на МААЕ за „Зајакнување на контролата на радиоактивните извори во медитеранскиот регион од создавање до одлагање“ ("Strengthening Cradle-to-grave control of radioactive sources in the Mediterranean Region", INT/9/176). На работилницата учество зедоа 20 учесници од различни институции во Македонија кои користат радиоактивни извори или на некој начин се инволвирани во управувањето со искористени радиоактивни извори.
Административните капацитети на ДРС беа зајакнати со едно ново вработување со преземање во 2013 година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во полето на нуклеарна сигурност беше усвоена нова Директива на ЕУ за воспоставување на правна рамка на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации (CELEX 32009L0071). Исто така, во тек се активности за донесвување на нова Директива на Европската комисија која ќе ги обедини сите постеочки директиви од обласата за нуклеарна сигурност и заштита од зрачење во една единствена. Имајќи го истото предвид, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе направи Анализа на влијанието на новото законодавство на Европската Унија од оваа област во постоечкото законодавство (вклучувајќи ја и директивата 32009L0071), по што ќе се процени дали има потреба од измена на постојното национално законодавство.

Согласно Законот[38] за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2014 година ќе донесе *Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење при вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење*, со кој ќе се направи дополнително транспонирње на Директивата 1996/29/ЕК.

Со оглед дека предуслов за сигурно управување со радиоактивен отпад е усвојувањето на јасна национална политика и утврдување на конзистентна стратегија за спроведување на утврдената политика, Дирекцијата ќе пристапи кон изработка на Анализа на национална политика во однос на радијационата сигурност и можноста за подготовка на стратегија за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори. Во предвид ќе биде земена препораката од Експертската мисија на МААЕ од јули 2013 година.

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе продолжи со континуираните активности на издавање на *дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење*, како и со континуираното спроведување на *инспекциски надзор* над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот.

*Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење***,** кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

**Институционална рамка**
Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, Дирекцијата во 2014 година предвидува обуки во областа на радијациона заштита и сигурност на правни лица што користат извори на јонизирачко зрачење.
Во текот на 2014 година, предвидени се обуки на претставнцците од ДРС од страна на МААЕ во оваа област.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Доколку при анализата на влијанието на новото законодавство на ES во оваа област (вклучувајќи ја и Директивата 32009L0071), произлезе потреба за изменување и дополување на постоечкото законодавство во областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита, Дирекцијата за радијациона сигурност во 2016 година ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Во текот на 2015 година се предвидува потпишување на *Меморандуми за соработка* со регулаторните тела на Република Албанија и Република Србија со цел воспоставување на соработка во полето на нуклеарната сигурност и радијационата заштита со соседните земји. Истото ќе придонесе и за подобра регионална соработка во оваа област.
**Институционална рамка**
Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, Дирекцијата во 2015 година предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност за правни лица што користат извори на јонизирачко зрачење.
Исто така, административните капацитети на ДРС ќе бидат зајакнувани во континуитет преку обуки спроведени од МААЕ во периодот 2015-2016 година.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Во рамки на програмата за билатерална соработка за 2013 година на Кралството Белгија, а врз основа на предлозите доставени од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност, на Република Македонија преку Дирекцијата за радијациона сигурност ќе и биде донирана опрема за воспоставување на систем за мониторинг на амбиенталното зрачење од радиоактивен јод **-** 131.

[38] „Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07

## 3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ

***РЕЗИМЕ***

*Министерството за финансии на полето на директните и индиректните даноци ќе продолжи континуирано да ги проучува и анализира сите релевантни ЕУ акти и истите соодветно ке ги вгради во домашното законодавство, со цел на среднорочен план да се постигне целосна усогласеност и да се овозможи непречена имплементација на истите.*

*Управата за јавни приходи е насочена кон обезбедување на висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки, преку воведување на системи за управување со квилитет, спроведување на програми за едукација и овозможување на брз и лесен пристап до даночните информации, намалување на времето и трошоците на даночните постапки, воведување на нови и развој на постојните електронски даночни услуги и зголемување на степенот на нивното користење.*

### 3.16.1. ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

**ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данок на додадена вредност[39](ДДВ) , во кој во најголем дел се транспонирани барањата од законодавството на ЕУ за ДДВ и тоа на :

- Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388 за усогласување на законодавството на земјите-членки за даноците на промет – Заеднички систем на ДДВ: единствена основа на пресметување, и
- Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите - членки за даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на ДДВ на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на Заедницата.

Постигната е усогласеност во делот на даночниот третман на инвестициските добра кај кои преку примена на механизмот на одбивка на претходниот данок, се овозможува да нема даночно оптоварување во претприемачкиот домен, туку да се оптовари единствено крајната потрошувачка, која е целта на ДДВ.

При изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, се имаат предвид одредбите од Директивата 32006L0112 (со сите нејзини измени и дополнувања) која ја заменува Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388. Законот е во голем дел усогласен со наведените директиви во однос на структурата и содржината (предмет на оданочување, место на промет, даночен настан, даночна основа, даночни стапки, ослободување, обврски на даночните обврзници и сл.) доколку не се земат предвид одредбите кои се однесуваат на внатрешниот пазар.

За да се постигне поголема усогласеност со законодавството на ЕУ, и во текот на 2013 г. се работеше на проучување на даночните акти, како и креирање на нацрт акти кои се однесуваат на ДДВ со експертска помош во рамки на петгодишниот проект - Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ поддржан од страна на GIZ, кој по двете продолженија завршува заклучно со 2013 г.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 г.ќе продолжи анализата на постојните законски решенија кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и нивната усогласеност со Директива 32006L0112 и останатите даночни прописи на Европската Унија, кои се однесуваат на оваа материја.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во периодот од 2015-2016 г. ќе следи постојан и интензивен процес на проучување и усогласување на законодавството со соодветното законодавство на ЕУ за утврдување на потребата од донесување на закон со кој ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за ДДВ или пак ќе резултира со донесување на нов

---

[39]„ Службен весник на Република Макдонија“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006 , 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011 и 135/2011

Закон за ДДВ соодветни под-законски акти. Процесот на усогласување особено ќе оди во насока на примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во Заедницата.

**АКЦИЗИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законот за акцизите [40] е основен правен акт за уредување на акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.

Законот за акцизите е делумно хармонизиран со новата Системска директива на Европската Унија и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи, и тоа со:

- Директива 2008/118/ЕЗ на Советот од 16 декември 2008 г..во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директива 92/12/ЕЕЗ,
- Директива 2003/96/ЕЗ на Советот од 27 октомври 2003 г. за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија,
- Директива 2010/12/ЕУ на Советот од 16 февруари, 2010 г. на амандмани на директивите 92/79/ЕЕЗ, 92/80/ЕЕЗ и 95/59/ЕЗ за структурата и стапките на акциза примени на преработен тутун и Директива 2008/118/ЕЗ,
- Регулатива (ЕЗ) бр. 684/2009 на Комисијата од 24 јули 2009 г. за применување на Директива 2008/118/ЕЗ на Советот за компјутеризираните постапки за движење на акцизни стоки под режим на одложено плаќање на акцизни давачки

Во јуни 2013 г. се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Сл.весник на РМ“ бр.82/2013) со кој се изврши обединување на акцизата и надоместоците на тутунски производи во комбинирана акциза. Истовремено, се укинаа надоместоците на тутунски производи во Законот за тутун и тутунски производи („Сл.весник на РМ, бр.99/2013), во Законот за животна средина („Сл. весник на РМ“ бр.93/2013) и во Законот за здравствена заштита („Сл.весник на РМ“, бр.87/2013).

Измената на Законот за акцизите се направи заради подобрување на акцизната политика во повеќе сегменти. Во Законот за акцизите е пропишано постепено зголемување на акцизата на тутунските производи во Република Македонија и тоа во период од 1 јули 2014 заклучно со 1 јули 2023 г.,со цел да се подигне нивото на акцизите за постепено достигнување на нивото на акцизи согласно директивите на Европската унија. Последново е од причина што во моментот не постојат социо-економски услови за пристапување кон директно усогласување со директивите и оттаму, со цел заштита на животниот стандард на населението се пристапи кон умерено зголемување на акцизниот товар.

Зголемувањата на износот на акциза на цигарите и другите тутунски добра и акцизата на пивото и алкохолните пијалоци е исто така заради намалување на потрошувачката на овие производи и заштита на здравјето на населението во земјата.

Сегашните стапки за неколку акцизни производи сеуште се пониски од минималните барања на acquis. Република Македонија ќе има потреба од преоден период за примена на минималните стапки предвидени со acquis, првенствено заради ублажување на ценовниот удар врз населението и прилагодување на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување во заедничкиот пазар на ЕУ.

Според Законот за акцизите, надлежни институции за негово спроведување се Министерството за финансии и Царинската управа.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 г. ќе продолжи континуирано проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на акцизите.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во периодот од 2015-2016 г. ќе следи интензивен процес на усогласување со директивите на ЕУ, кои се однесуваат на системот за акцизите. Ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите од Директива 2008/118/ЕЗ на Советот од 16 декември 2008 г. за општите аранжмани за акцизи и укинување на Директива

[40](Службен весник на РМ, број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008,105/2009, 34/2010, 24/2011, 55/2011,135/2011, 82/2013 и 98/2013)

92/12ЕЕЗ. Овој процес ќе биде подржан преку подпроектот “Хармонизација на законодавството и постапките со законодавството и добрата политика на ЕУ во областа на акцизите” (предвиден и во поглавје 3.29 Царинска унија).
Истовремено, ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласување на стапките на акциза на тутунските добра  и алкохолните пијалаци со минималното ниво на акцизите кое е пропишано со директивите. Бидејќи вградувањето на одредбите од овие директиви ќе има значителни импликации врз малопродажните цени на енергетските производи и електричната енергија и на цигарите, веројатно ќе биде потребен преоден период заради ублажување на ценовниот удар врз населението.
Новиот  Закон за акцизите кој ќе биде усогласен со новата системска директива, нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи и останатите релевантни акти, ќе се имплементира со влезот на РМ во ЕУ.

## 3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

### ДАНОК НА ДОБИВКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законот за данок на добивка[41] го уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија.
Со цел да се поттикне инвестиционата активност и економскиот развој на земјата, нераспределената добивка на компаниите е ослободена од оданочување со данокот на добивка. Имено, компаниите ќе имаат обврска да плаќаат данок на добивка, но само доколку одлучат истата да ја распределат за дивиденди и други распределби од добивката во моментот на исплатата, со исклучок за дивиденди кои се исплатуваат на правни лица – резиденти на Република Македонија. На износот на непризнаените расходи за даночни цели компаниите исто така имаат обврска да платат данок.
Врз основа на член 11 став 2 од Законот за данок на добивка се донесе Правилникот за нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели.
Надлежни институции за имплементација на Законот за данокот на добивка се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 г. ќе продолжи проучувањето на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот за данокот на добивка.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во периодот од 2015-2016 г. и понатаму ќе се усогласува Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ, особено со одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји-членки (31990L0434 - 32009L0133), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји-членки (31990L0435), наплатата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании (31969L0335-32008L0007) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји-членки (32003L0049).

### ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законот за персоналниот данок на доход[42]  го уредува начинот на оданочување на  доходот на физичките лица остварен во текот на годината како збир од следните видови приходи: лични примања, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходите на кои

---
[41] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05,139/06,160/07,159/08, 85/10, 47/2011  135/2011 и 79/2013
[42] (“Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 139/09, 171/2010 и 135/2011)

се плаќа данок, законот ги уредува и приходите кои се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, даночната стапка и начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход.
Во собраниска процедура е Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход со кој се предлага бришење на постојното ослободување од оданочување на приходите остварени од продажба на користен цврст отпад. Исто така се предлага поедноставување на системот на оданочување на даночните обврзници - вршители на самостојна дејност и трговци поединци преку воведување на концептот на самооданочување. Со воведувањето на овој концепт, годишниот данок на доход ќе го пресметуваат самите даночни обврзници во даночниот биланс, врз основа на податоците од годишниот даночен биланс за претходната година. Со Предлог законот се вршат измени и дополнувања на постојниот закон, во насока на понатамошно допрецизирање, појаснување и разработка на одредбите на Законот во однос на примената и спроведување на договорите за одбегнување на двојното оданочување. Овој Предлог закон содржи и измена во делот кој се однесува на оданочувањето на добивките од игри на среќа, така што се предлага намалување на постојниот праг од 10.000 денари на 5000 денари, до кој лицата кои остваруваат добивки од општите игри на среќа ќе бидат ослободени од плаќање на данок по овој основ, додека за посебните игри на среќа (игри на среќа во казино, автомат клуб и обложувалници) се предлага да нема праг на ослободување од оданочувањето на добивките, односно секоја исплатена добивка да подлежи на оданочување со персонален данок на доход. Донесувањето на предложените измени и дополнувања на Законот за персоналниот данок на доход ќе придонесе за намалување на административниот товар на УЈП при изготвување на даночни решенија, побрза и поефикасна наплата на приходите од персоналниот данок на доход, појаснување на постојните одредби од законот и спроведување на договорите за одбегнување на двојното оданочување кои се склучени од страна на Република Македонија со други земји.
Надлежни институции за имплементација на Законот за персоналниот данок на доход се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 г. ќе продолжи проучувањето на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во периодот 2015-2016 г. ќе продолжи усогласувањето на Законот за персоналниот данок на доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби, делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки (31990L0434-32009L0133), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, како и на Препораката за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка (31994H0079) и Препораката за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби се однесуваат на физичките лица - вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход (31994H0390) , како и сите останати релевентни акти на ЕУ.

## 3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Усогласувањето на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 31979L1070 од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите-членки на ЕУ.
Република Македонија има склучено вкупно 43 Договори за одбегнување на двојното оданочување, и тоа со: Австрија, Азербејџан, Албанија Белгија, Белорусија, Бугарија, Данска, Египет, Естонија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Казахстан, Косово, Кувајт, Латвија, Литванија, Луксембург, Молдова, Мароко, Народна Република Кина, Норвешка, Обединето Кралство на Велика Бријатнија и Република Ирска, Полска, Република Кина - Тајван, Романија, Русија, Словачка Република, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка Република, Швајцарија, Шведска и Шпанија. До влегување во сила на договорот склучен помеѓу Република Македонија и Белгија ќе се применува договорот склучен помеѓу СФРЈ и Белгија. Од вкупниот број на 43 договори, 24 се со земјите-членки на ЕУ.
Регулативата 32003R1798 директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ.

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите-членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување на економската соработка помеѓу државите договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги така и во доменот на заедничките вложувања.
Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.
Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.
Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за обегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).
Како земја кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на взаемна размена на информации согласно Регулативата 32003R1798.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Краткорочни приоритети се забрзување на процесот на потпишување на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Виетнам, Индија, Израел и Сингапур, ратификација на договорот со Босна и Херцеговина. Како приоритет секако останува склучувањето на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји-членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.
Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок во однос на размената на податоци согласно член 26 од ОЕЦД моделот на даночна конвенција за данок на доход и данок на капитал се:

- Ажурирање и комплетирање на регистарот на овластени лица за размена на информации со овластените лица од сите земји со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување и
- Воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Да продолжат преговорите за склучување на договори за одбегнување на двојното оданочување со земји-членки на ЕУ како и други воневропски држави, како и воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите-членки на ЕУ и со други земји.

## 3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во согласност со Стратешките приоритети на Управата за јавни приходи (УЈП) во периодот 2014-2016 г. УЈП ќе продолжи со зајакнување на административниот капацитет и со подигнување на квалитативните стандарди на работењето потпомогнато со висок степен на компјутеризација на работните процеси, со давањето услуги на даночните обврзници и со систематска и современа едукација на вработените,со цел приближување кон практиките и стандардите на Европската унија.
Документот е усогласен со:

- Програмата на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 г.;
- Препораките наведени во извештајот изготвен по завршување на Проектот за реформа на даночната администрација спроведуван со Одделот за фискални работи на ММФ;
- Стратешкиот план на Управата за јавни приходи за периодот 2014-2016 година.

Правната рамка за работењето на УЈП, општото даночно право и даночната управна постапка се дефинирани во два акт – Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка.
Законот за Управата за јавни приходи, кој се донесе во септември 2005 г., претставува правна рамка која го одредува делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на УЈП. Со измените и дополнувањата на Законот од јули 2008 г. се создаде правна рамка за новата организација на УЈП по функционален модел и за промена на статусот на вработените во „даночни службеници“.
Со Законот за даночна постапка, кој се донесе во јануари 2006 г. и со измените и дополнувањата во следните години, на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по жалба, водењето на прекршочната постапка и прекршочните одредби.

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Со состојба на 18.11.2013 г., бројот на вработените лица во УЈП изнесува 1,245 лица.

Поаѓајќи од мисијата - да се обезбеди висок квалитет на услуги за даночните обврзници, активностите на Управата за јавни приходи се насочени пред се кон поедноставување на даночните процедури и постапките за водење на бизнис, намалување на времето и трошоците за пријавување и плаќање на данок, како и зголемување на доброволното и законско исполнување на даночните обврски од страна на обврзниците, истовремено промовирајќи ги трендовите на електронска комуникација преку воведување на нови и развој на постојните Е-услуги.

Управата за јавни приходи, исто така, посветува особено внимание на континуираната едукација на даночните обврзници, како и обезбедување на брз и лесен пристап до даночните информации, со цел навремено и транспарентно известување, преку користење на достапните и развивање на нови канали за комуникација.

Во УЈП се посветува големо внимание и на едукацијата на вработените за да стекнат способности и вештини за ефикасно и ефективно управување со деловните процеси и да одговорат на предизвиците кои ги носат промените. Рамката, дизајнот, целите и спроведувањето на обуките и вложувањето во човечките ресурси е усогласено со организациската стратегија и стратегијата за човечки ресурси на УЈП. Програмата за едукација на Даночната академија се проширува во согласност со потребите на други заинтересирани корисници - даночни советници, финансиски институции, вработени во државните и јавните институции и т.н.

Административните капацитети на УЈП се подобрени преку организациски, кадровски и технички развој на Инспекторатот за специјални контроли, ИТ Форензичката лабораторијата како негов составен дел чија цел е откривање на високо софистицираните форми на даночно затајување со примена на информатичко-техничка методологија и опрема за прибирање, прегледување и анализирање на податоците од уредите на даночниот обврзник кои содржат медиум за меморирање, складирање и чување на дигиталните податоци, како и Инспекторатот за следење на уплатите и исплатите кај приредувачите на игри на среќа во реално време - онлајн преку Надзорниот информациски систем (НИС), со цел реално искажување и следење на трансакциите кај приредувачите на игри на среќа и справување со даночните затајувања од оваа област. Форензичката лабораторија е официјално промовирана на 12.11.2013 г., се набави потребната опрема, се изврши систематизација со што се формираше тим на инспектори. Во тек е обучување на овие инспектори, кои до крај на годината ќе добијат сертификати за работа во областа. Обуките за овој тим ќе се одвиваат континуирано и во иднина.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности ќе се фокусира на подигнување и реорганизација на квалитативните стандарди на работењето и деловните процеси. Предвидено е исполнување на следните краткорочни приоритети:

- организирање на центар за утврдување и наплата на Радио – дифузна такса,
- организирање на центар за интегрирана наплата на бруто плата,
- воведување на Интегриран автоматски систем за постојана електронска комуникација на даночните обврзници со УЈП за автоматско пренесување на податоците од фискалната опрема со инсталирање на системот (ГПРС),
- спроведување на постапката за регистрација на УЈП во единствената околина за размена на податоци и документи во електронска форма.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Воведување на систем на управување со квалитет, интегрирање на даночните евиденции и автоматизација на даночните процедури кои ќе резултираат со дополнително намалување на времето и трошоците на даночните процедури, се заложбите на УЈП кои ќе се постигнат со исполнување на следните среднорочни приоритети:

- формирање на електронско досие за сите даночни обврзници,
- портал Е – учење – воведување на електронски систем за управување со знаењето (LMS),
- воведување и усогласување на работните процеси во УЈП според ИСО 9001:2008 – систем за управување со квалитет,
- размена на податоци и поврзување на системот на УЈП со други институции,
- воведување на управување со усогласеност (управување со ризик),
- проширување на услугите за регистрација на даночните обврзници во системот за е- Даноци,
- воведување на контроли за е- Трговија во рамки на Инспекторатот за специјални контроли.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Во рамки на секторско фише ИПА 2012-2013 – Развој на приватниот сектор, МФ (Сектор за даночна и царинска политика) се јавува како корисник на операција – Понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ
- Учество на МФ (Сектор за даночна и царинска политика) во:
  Проект: Јакнење на капацитетите на Царинската управа за имплементација на царинското и акцизното законодавство ИПА 2010 - Потпроект: Хармонизација на законодавството и постапките со закодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите
- „Подобрување на услугите на УЈП за даночните обврзници“ (2014-2015 г.) – ИПА 2010/ТАИБ I – На 5.12.2013 г. се заврши евалуацијата на пристигнатите понуди и избор на твининг партнер за Твининг проектно фише „Подобрување на услугите на УЈП за даночните обврзници“
- ППФ – „Подготвување на студија за ИТ системот на УЈП“ (2014 г.) – ИПА 2009/ТАИБ I – Евалуацијата на пристигнатите понуди се заврши на 2.12.2013 година
- ППФ – „Развој на надворешниот домен на ИТ системот на УЈП за размена на податоци преку Системт за интерперабилност“ ИПА 2011/ТАИБ I – Управата за јавни приходи, во согласност со Т29 од 127 Седница на Влада на Република Македонија на 17.4.2013 достави барање и пополнет Анекс до СЕП за обезбедување средства преку ППФ. СЕП го одобри барањето на 25.9.2013 година. Бидејќи роковите за реализација на ТАИБ 2009 г. истекуваат на 21 декември 2013 г., а ДЕУ се уште не го одобри проектот, Управата за јавни приходи на 13.11.2013 г. достави барање до НИПАК за обезбедување на средства за овој проект преку ППФ 2011 г..
- ППФ – „Поддршка на даночниот инспекторат за форензичка контрола и контрола на е-Трговија“ (2014 г.) ИПА 2011/ТАИБ I – Во текот на 2013 г. имаше две неуспешни објави за доставување на понуди за Твининг проектот „Поддршка на даночниот инспекторат за форензичка контрола и контрола на е-Трговија“ на кои не пристигна ниту една понуда. Според препораките на ДЕУ, во тек е разгледување на можноста за реализација на овој проект со договор за услуги или реализација на планираните активности преку инструментот ТАИЕКС.

## 3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА (ЕМУ)

***РЕЗИМЕ***

*НБРМ ќе продолжи да ја прилагодува оперативната рамка на монетарната политика во согласност со пазарните движења и со регулативата на ЕЦБ. Воедно, ќе продолжи и усогласувањето на статистиката кон новите меѓународни стандарди и стандардите на ЕЦБ и прилагодувањето на системот на финансиско сметководство кон стандардите за сметководствено известување на ЕЦБ. Република Македонија се вбројува меѓу земјите со најниско ниво на државен долг споредено со земјите - членки на ЕУ и во следниот период движењето на државниот долг е планирано да се задржи во проектираните рамки, односно да има умерен раст кој нема да ја загрози одржливоста на јавните финансии.*

### 3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2013 г., Народна банка на Република Македонија (НБРМ) продолжи со релаксирањето на монетарната политика, преку понатамошно намалување на основната каматна стапка за кумулативни 0,5 п.п., на ниво од 3,25%. Соодветно во 2013 г. НБРМ ги намали и каматните стапки на депозитите преку ноќ од 1% на 0,75% (Одлука за расположливите депозити, „Сл. весник на РМ 18/2013“) и на расположливите депозити на 7 дена, од 2,00% на 1,75%. Донесени се и измени во поставеноста на инструментот задолжителна резерва (Одлука за изменување на Одлуката за задолжителна резерва, „Сл.весник на РМ 98/2013“) за натамошна поддршка на растот на штедењето во домашна валута и поддршка на зголемувањето на долгорочните приливи на странски капитал во домашната економија.

Во областа на статистиката, НБРМ работеше на понатамошно усогласување со меѓународните и стандардите на ЕУ. Во рамките на активностите на НБРМ за воспоставување на статистика на останати финансиски институции, се започна со редовно квартално објавување на податоци за состојбата на финансиските средства и обврските на останатите финансиски институции (билансот и прегледот на останатите финансиски институции и консолидираниот преглед на финансиските институции). Натамошно прилагодување на статистиката на каматни стапки е постигнато со донесувањето на новите подзаконски акти за известување за пондерираните каматни стапки на примените депозити и одобрените кредити. Во областа на екстерните статистики, се воведоа новите годишни прашалници за капиталните вложувања во и од земјата, а во рамки на активностите за воспоставување на статистика на хартии од вредност се утврди опфатот и видот на потребните податоци за тргувањето на резидентите со хартии од вредност на странските пазари. Во текот на 2013 г. за прв пат беше извршена трансмисија на податоците од областа на екстерните статистики до Евростат и во согласност со Календарот за објавување на податоците НБРМ воспостави постапка за нивно редовно доставување. Кај статистика на финансиски сметки се изврши прецизирање на обврските на НБРМ, Државниот завод за статистика и Министерството за финансии, преку утврдување на обемот, периодичноста и динамиката на размената на потребните податоци. Дополнително, спроведени се две анкети за подобрување на процесот на комуникација на статистиката во НБРМ и врз основа на добиените одговори се изврши анализа и се подготви акциски план за унапредување на комуникацијата со корисниците и известувачите. Во октомври 2013 г., НБРМ, во соработка со Европската централна банка (ЕЦБ), организираше регионален меѓународен семинар за статистика.

Во доменот на финансиско сметководство во текот на 2013 г. продолжија активностите за спроведување на интегрираниот сметководствен систем.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Во 2014 г., НБРМ ќе продолжи да ја прилагодува оперативната рамка на монетарната политика во согласност со пазарните движења, како и со регулативата на ЕЦБ. Во таа насока, ќе бидат ревидирани коефициентите на покритие, коишто се користат како обезбедување кај монетарните операции. Исто така, ќе се разгледа можноста за дополнување на постојната регулатива за кредит во крајна инстанца, преку проширување на инструментите коишто служат како обезбедување за овој кредит.

Во 2014 г. НБРМ ќе продолжи со реализација на активностите поврзани со воспоставување на правна и оперативна рамка за склучување трансакции со деривативни инструменти (фјучерс договори) при управувањето со девизните резерви. Истовремено, ќе се анализираат можностите за поголема флексибилност при управувањето и натамошна диверзификација на инвестирањето на девизните резерви во повисоко приносни инструменти.

*Статистика*
На полето на статистиката до крајот на 2014 г. ќе се реализираат следните активности:

- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе се применуваат од 2014 г.;
- Унапредување на процесот за редовен пренос на податоци за екстерните статистики до европските институции од страна на НБРМ;
- Натамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата на регулативите на ЕУ од оваа област;
- Развој на статистика на финансиски сметки;
- Подобрување на комуникацијата на статистиката во НБРМ, преку спроведување на акцискиот план за унапредување на комуникацијата со корисниците и известувачите.

*Финансиско сметководство*
Во текот на 2014 г. ќе продолжи примената на новиот сметководствен систем. Неговата фактичка примена ќе започне на почетокот на 2015 г.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*
**Правна рамка**
*Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс*
На среден рок, НБРМ ќе продолжи да ја разгледува можноста за прилагодување на монетарниот инструментариум во согласност со поставеноста и трендовите во евро-зоната, понапредните транзициски економии и економиите кои спроведуваат слична монетарна стратегија. Динамиката на прилагодување ќе зависи од условите кои преовладуваат на финансиските пазари и ликвидноста во банкарскиот систем.
Во делот на управувањето со девизните резерви, активностите на НБРМ во најголем дел ќе бидат фокусирани кон натамошно јакнење на капацитетот за управување со девизните резерви.

*Статистика*
Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (делот којшто е во доменот на НБРМ) кон барањата на ЕЦБ, во наредниот период НБРМ ќе врши прилагодувања како што следува:

- НБРМ ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, по валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци;
- Унапредување на процесот за редовен пренос на податоци за екстерните статистики до европските институции;
- Развој на статистиката на финансиски сметки.

*Финансиско сметководство*
Согледувајќи ја идната потреба, НБРМ како членка на Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и Европската централна банка (ЕЦБ) да известува според Насоката на Европската централна банка за сметководствена правна рамка (Guideline of European Central Bank on the Legal Framework for Accounting), во текот на 2015 и 2016 г. ќе продолжи анализата на разликите кои произлегуваат од примената на Меѓународните стандарди за финансиско известување (ИФРС) и стандардите на ЕЦБ за сметководствено известување. Имено, врз основа на сознанијата и искуствата ќе се подготват нови документи за сметководствени политики и известување на НБРМ и план и динамика на активности за усогласување на апликативните решенија.

## 3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА
*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*
**Макроекономија**
Подготвен е предлог Закон за финансиска дисциплина за уредување на прашањата за навремено исполнување на паричните обврски помеѓу субјекти од приватниот сектор и субјекти од приватниот и јавниот сектор во случаите кога јавниот сектор се јавува како должник.
Макроекономската политика на Република Македонија е во функција на остварување на стратешките определби на земјата за долгорочен и одржлив економски раст.

Продолжи реализацијата на Твининг проектот за зајакнување на капацитетите на МФ за макроекономски анализи и креирање политики. Осмата Претпристапна економска програма за периодот 2014-2016 г. е во тек на изработка. При подготовката се земаат предвид забелешките од Извештајот за напредокот на Република Македонија.
Активностите на претставниците од Министерство за финансии и ДЗС во врска со фискалните нотификации, се во координација со развојот на статистиката на национални сметки (во надлежност на ДЗС) и развојот на статистиката на финансиска сметка (во надлежност на НБРМ) и истите се дел од НПАА програмата. Како дел од одговорностите во согласност со Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските и финансиските статистики дефиниран е начинот на размена на податоците помеѓу МФ, НБРМ и ДЗС и во согласност со истиот, МФ до ДЗС ја достави базата на податоци за Секторот Држава за 2012 г.

**Јавен долг**
Законската регулатива која го регулира задолжувањето на јавниот сектор во Република Македонија е во согласност со Законот за јавен долг, како и неговите подзаконски акти, Законот за буџети, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Фискалната стратегија.
Владата на Република Македонија ја донесе Фискалната стратегија за периодот 2014-2016 г. во која се одредува политиката на управување со јавен долг.
Основни цели во управување со јавниот долг, во согласност со Законот за јавен долг, се: Стабилно финансирање на потребите на државата со минимални трошоци, на среден и долг рок, како и со прифатливо ниво на ризик и развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар.
При секое задолжување и при издавање на државни гаранции потребна е претходна согласност од МФ. Доколку се работи за задолжување или издавање на државна гаранција од странство потребно е донесување на закон за задолжување/издавање на државна гаранција од страна на Собранието на Република Македонија. Доколку пак станува збор за задолжување кај домашни кредитори или пак издавање на хартии од вредност на домашниот пазар на капитал, потребна е согласност од Владата на Република Македонија.
Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг е составен од 7 одделенија и брои 21 вработено лице.
Република Македонија се вбројува меѓу земјите со најниско ниво на државен долг споредено со земјите - членки на ЕУ. Во 2013 г. реномираната агенција за кредитен рејтинг „Фич“ ја потврди фискалната стабилност на Македонија и го задржа кредитниот рејтинг на земјата на стабилен „ББ+“.Рангирањето, според кредитната агенција, е резултат на подобрените проекции за економски раст на земјата, умерениот буџетски дефицит и државен долг, стабилната валута и стабилниот банкарски сектор.
Во текот на 2013 г., Република Македонија успешно ги обезбеди проектираните средства за финансирање на буџетски дефицит и финансирање на тековните проекти од надворешни и од домашни извори.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Макроекономска политика**
Во согласност со прогнозите за зајакнување на глобалниот економски раст и позитивните стапки на раст во Еврозоната, како и врз основа на активната економска политика, се предвидува интензивирање на економскиот раст во Република Македонија, кој во 2014 г. се очекува да изнесува 3,2%. Фискалната политика е во функција на зачувување на макроекономската стабилност и фискалната одржливост, како и поддршка на растот на македонската економија. Приоритетите се во согласност со Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 и тоа со елементите на столбот Интегриран раст, како што се креирање на конкурентна економска средина и интеграција во глобалната економија.
На краток рок, како континуирана активност се планира да се реализираат повеќе обуки кои ќе ги зајакнат капацитетите на Секторот за макроекономска политика за макроекономски анализи и проекции, што е во насока на остварување на Паметен раст (еден од столбовите на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020), кој вклучува развој на човечкиот капитал.
Во текот на 2014 г. ќе продолжи и реализацијата на Твининг проектот за зајакнување на капацитетите на МФ за макроекономски анализи и креирање политики, финансиран во рамки на ИПА 2009 - Компонента 1. Целта на овој проект е подобрување капацитетите за економски анализи и проекции во насока на креирање на кохерентна среднорочна и долгорочна макро-фискална рамка, преку реализација на три компоненти, и тоа: подобрување на процесот на креирање на политики преку подобра оценка на ефектот од планираните владини политики и мерки, подобрување на фискалната рамка и зајакнување на капацитетите за економско моделирање.

**Јавен долг**

Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг заклучно со ноември 2013 г. брои 21 вработено лице. Во согласност со потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања во текот на 2014 во неколку одделенија во рамки на секторот.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Јавен долг**

Според политиката на управување со јавен долг која е дел од Фискалната стратегија за период 2014-2016 г. се предвидува рамка на надворешно и домашно задолжување во период од 3 години, како и насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија.

Врз основа на определбите за финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок на среден и долг рок, одржливо ниво на ризик и ниско ниво на државен долг, како и реализацијата на планираните инфраструктурни инвестиции, движењето на државниот долг е планирано да се задржи во проектираните рамки, односно да има умерен раст кој нема да ја загрози оддржливоста на јавните финансии, па оттука се очекува државниот долг да не надмине ниво од 37,6% од БДП на крајот од 2016 г., а вкупниот јавен долг се очекува да не надмине 50% од БДП на крајот од 2016 г. За да се намали ризикот од промена на девизниот курс, а со тоа и ризикот од промена на каматните стапки, се утврди оптималната валутна структура на портфолиото на државен долг во странска валута, при што учеството на долгот во евра во структура на портфолиото на долгот во странска валута да не биде под ниво од 70%. Исто така, во 2014 г. нивото на државниот долг со фиксна каматна стапка е проектирано да изнесува најмалку 50%.

Во согласност со среднорочната фискална стратегија, МФ продолжува со постојано издавање на државните хартии од вредност (ДХВ) и во наредниот период. Целта е со редовна застапеност на ДХВ да се овозможи поефикасно финансирање на буџетските потреби на краток и на долг рок, намалување на трошоците за финансирање, како и поттикнување на натамошниот развој на финансиските пазари во Република Македонија. Во таа насока, посебен акцент ќе се стави на продолжување на рочноста на постојното портфолио на ДХВ, кое се состои од 2, 3 и 5 годишни државни обврзници, со издавање на 7 и 10 годишни државни обврзници. Особен интерес за вложување во долгорочните хартии од вредност издадени од Република Македонија се очекува од пензиските друштва, како и од комерцијалните банки и осигурителните компании. Исто така, за да се подобри ликвидноста на домашниот пазар на ДХВ, во следниот среднорочен период ќе се продолжи со мерките и активностите кои се однесуваат на постепеното намалување на учеството на државните хартии од вредност со девизна клаузула во вкупно издадените ДХВ, таргетирање на позитивно годишно нето задолжување и повторно отворање на веќе одржаните аукции на ДХВ. Во насока на унапредување и понатамошен развој на пазарот на ДХВ, ќе се продолжи со активностите за проширување на базата на инвеститори преку разгледување на можноста за воведување на нови финансиски инструменти соодветни на потребите на пазарните учесници, спроведување на маркетинг кампања пред различни целни групи на инвеститори и одржување на редовен дијалог со сите учесници на пазарот на државни хартии од вредност.

**Макроекономска политика**

Макроекономската политика е во согласност со Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 и тоа со елементите на столбот Интегриран раст и Паметен раст. Насочена е кон задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението, преку унапредување на деловното окружување, водење на даночна и царинска политика во функција на поддршка на развојот на економските субјекти, поттикнување на инвестициска активност и привлекување на странски директни инвестиции, развој на човечкиот капитал и економската инфраструктура на земјата.

Република Македонија ќе продолжи да води прудентна фискална политика која подразбира разумни и недисторзивни стапки на буџетски дефицит и државен долг, зголемување на квалитетот на јавните финансии, пред се преку зголемување на капиталните расходи за подобрување на инфраструктурата, притоа водејќи сметка за одржливоста на државниот долг и зачувување на стабилниот курс на денарот.

Во поглед на институционалните капацитети, на среден рок се очекува подобрување на капацитетите за макроекономските проекции и креирање на кохерентна среднорочна и долгорочна макро-фискална рамка, што ќе придонесе подобрување на квалитетот на информации кои се обезбедуваат на креаторите на политиките и со тоа понатамошно унапредување на процесот на носење на одлуките поврзани со економските политики.

**Јавен долг**

Во согласност со потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања од вкупно 3 извршители во текот на 2014 г., 2 извршители во 2015 г. и 2 извршители во 2016 г. распоредени во сите одделенија во рамките на секторот.

По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

**Макроекономска политика**

Се планира да продолжи реализацијата на Твининг проектот за зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии за макроекономски анализи и креирање политики, финансиран во рамки на ИПА 2009 - Компонента 1. Целта на овој проект е подобрување на аналитичките капацитети на Министерството за финансии за макроекономски анализи и дизајнирање на кохерентна среднорочна и долгорочна макро-фискална рамка.

## 3.18 СТАТИСТИКА

***РЕЗИМЕ***

*Од основно значење е обезбедувањето на квалитетни податоци за сите области од економскиот и социјалниот живот на општеството. За обезбедување на својата улога на координатор на статистичкиот систем на земјата, Државниот завод за статистика (ДЗС), со носителите на статистички истражувања, се ангажира во создавање на правни и програмски рамки со кои податоците се произведуваат во согласност со европските и методологиите и стандардите на другите мегународни организации во областа на статистиката. Покрај квалитет и постигнување на поголем обем на расположливи податоци на корисниците, ДЗС особено се ангажира за обезбедување на статистичката доверливост на податоците, за обезбедување на повеќе податоци од административни извори, но и обезбедување на поголем фонд на податоци за потребите на научната јавност преку пристапот до микроподатоците со подобрување на техничката поддршка на процесите. ДЗС и Народната банка превземаат континуирани активности со цел унапредување на процесот на пренос на податоците до Евростат во согласност со барањата на регулативите на ЕУ.*

*ДЗС е посветен на обезбедувањето услуги за висококвалитетни статистички информации во согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки. Прв приоритет во остварувањето на оваа цел е постојаното работење на усогласувањето на националната правна рамка за статистика со законодавството на ЕУ, со што директно се поддржува политиката на Владата за европска интеграција на државата. Во намерата за зголемување на квалитетот на податоците посебно внимание се посветува на развојот на метаинформациските ситеми, заштитата на податоците од разоткривање, техничката поддршка за ефикасни процеси на статистичка продукција, олеснување на известувањето, подобрување на квалитетот на комуникација со известувачите и корисниците, и намалување на товарот на извештајните единици*

*Во процесот на усогласување со европските стандарди за класификации и номенклатури, од исклучително значење е следење на нивната промена и навремена примена во националниот систем на класификации и номеклатури кои треба да бидат стандард што ке се применува од страна на сите институции кои произведуваат статистички податоци. Постоењето и одржувањето на статистичките регистри е основа за спроведување на квалитетни статистички истражувања*

*ДЗС како надлежна институција за донесување на меѓународни стандарди за статистичко следење на масовните појави во општествениот и економскиот живот во земјата го иницира и процесот на усогласување на статистиката на системот за образование во Република Македонија со Меѓународната стандардна класификација на образованието (МСКОБ) 2011 г., втора ревизија. ДЗС со претставници од Министерството за образование и наука го подготви предлогот за сведување на податоците од националниот образовен систем со Меѓународната стандардна класификација на образованието МСКОБ 2011 г.*

*Составувањето на годишните нефинансиски секторски сметки во процесот на примената на Европскиот систем на сметки (ЕСС) 95 е еден од приоритетите со оглед дека националните сметки се конзистентен систем на макроекономски индикатори, кои обезбедуваат целосна слика на економските состојби и се користат за економски анализи и предвидувања, а со цел носење на соодветни економски мерки и политики. Примената на методологијата на Европскиот систем на сметки, ЕСС 2010, публикувана во Службен весник на ЕУ на 26 јуни 2013 како најнова меѓународно споредлива ЕУ сметководствена рамка за систематски и детален опис на економијата, ќе биде голем предизвик за Државниот завод за статистика да ги подготви клучните табели со податоци за главните агрегати според ЕСС 2010 до септември 2014 г. кога за прв пат ќе започне испраќање на податоците до Евростат. Подобрувањето на кварталните податоци и податоците за регионалниот БДП се особено приоритетни во ДЗС.*

*Во областа на социјалните статистики според Стратегијата за ЈИЕ 2020 од особено значење е унапредувањето на статистиките од областа на културата, здравствените статистики како и статистиките за пазарот на трудот. Во наредниот период внимание ќе се посвети и на развојот на статистиките од областа на иновациите и социјалната заштита. ДЗС е посветен на обезбедување на податоци за животната средина преку континуирано воведување на се повеке модули во согласност со европската регулатива за животна средина ЕУ регулатива бр. 691/2011 од 6 јули 2011 и на статистиката за иновации.*

*ДЗС континуирано ги следи и имплементира европските регулативи за произведување на статистики кои ќе бидат соодветни за донесување на одлуки и планирања на земјоделството и руралниот развој во државата.*
*Стратешка определба на НБРМ во областа на статистиката е воведување нови, усогласување на постојните статистики во надлежност на НБРМ со меѓународните стандарди , зголемување на обемот и деталноста на податоците .*
*Од особено значење е постојаното натамошно воспоставување на статистика на финансиски сметки и статистика на хартии од вредност*
*Усогласувањето на статистиката за надворешна трговската размена продолжува и понатаму со воведување на Модулот за трговска размена според економските карактеристики на претприајатијата.*

## 3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНСФРАСТРУКТУРА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

На 22 јули 2013 г., Собранието на Република Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за државна статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/2013). Измените се однесуваат на зајакнување на координативната улога на ДЗС во статистичкиот систем на Република Македонија, создавање предуслови за зголемување на опфатот и квалитетот на статистичките податоци кои се добиваат од извештајните единици, условите за користење на статистички податоци од страна на научната заедница итн.
Вкупниот број на вработени во ДЗС, на крајот на ноември 2013 г., изнесува 298 лица.
Својата работа ДЗС ја унапредува преку спроведување на самооценување (третото е спроведено во 2012 г.) и со процес на интерни обуки (28 интерни обуки во периодот јануари – ноември 2013 г. на кои просечно учествувале по 18 вработени).
Со цел поинтензивно користење на податоци од административни извори и зајакнување на довербата на корисниците ДЗС потпиша меморандуми за соработка со Стопанската комора на Македонија, со Управата за јавни приходи (УЈП), Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (ФПИОМ) и Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ).
Потпишан е и анекс на меморандумот за соработка со Управата за јавни приходи, кој се однесува на податоците за плати. Се потпиша Анексот 2 кон Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските и финансиските статистики, како и Договорот за размена на податоци за потребите на статистиката на финансиски сметки, со кој се изврши прецизирање на обврските на НБРМ, ДЗС и Министерството за финансии, преку утврдување на обемот, периодичноста и динамиката на размената на потребните податоци.
Во текот на 2013 г. интензивно се работеше на дизајн, изработка и тестирање на ИТ систем за електронско прибирање на податоци. Во системот за електронско прибирање на податоци се создаде модул за прибирање на метаподатоци кои се соодветни за процесот на автоматско креирање на прашалници.
Во областа на дисеминација во ДЗС се работеше на развивање на методи за одржување на редовна комуникација со корисниците, осовременување на начинот на дисеминирање на статистичките податоци што опфаќа спроведување на Анкета за мерење на задоволството на корисниците, понатамошно развивање на корисничко ориентирани алатки на веб страницата, зголемена присутност во социјалните медиуми и продолжување со воведување на нови публикации и особено на подобрување на навременоста за дисеминирање на податоците.
Со цел подобрување на процесот на комуникација на статистиката во НБРМ, се спроведоа две анкети: Анкета за задоволството на корисниците и Анкета за задоволството на известувачите. Врз основа на добиените одговори, се изврши анализа и се подготви акциски план за унапредување на комуникацијата со корисниците и известувачите.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 г., ќе продолжи зајакнувањето на административните капацитети на ДЗС, преку ангажирање на потребниот работен потенцијал за поддршка на ДЗС во спроведувањето на европското законодавство.
Во однос на намалување на товарот на извештајните единици, ќе се користи поголем фонд на податоци од административни извори за статистички цели.
Во однос на зголемувањето на ефикасноста на процесот на стратешко планирање, буџетирање и менаџментот со човечки ресурси, предвидени се следните активности:

- Дефинирање на индикатори за следење на ефикасноста на користење на ресурсите (продолжува во среднорочен приоритет);
- Примена на политиката за ревизија на статистичките податоци (продолжува во среднорочен приоритет).

## Поддршка на статистичките аутпути, техничка инфраструктура

### Оценка и управување со квалитет

Во однос на развивањето на системот за управување со квалитетот на статистичките податоци и процеси, предвидени се следните активности:

- Подготовка на упатства, процедури и темплејти за остварување на политиката за квалитет (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Подготовка на документ за следење на квалитетот на процесите (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Подготовка на прирачници и процедури за собирање, контрола, шифрирање, внесување и обработка на податоци (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Сертификација на ДЗС за усогласеност со стандардот за квалитет ИСО-9001 (продолжува и во среднорочните приоритети).

### ИТ инфраструктура и услуги

Во однос на осовременувањето на ИТ опкружувањето во ДЗС, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација, се предвидува:

- Ставање во функција на системот за прибирање на податоци преку веб форми и модификации во согласност со искуството од терен (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Воведување на електронско прибирање на податоци за селектирани статистички истражувања (продолжува и во среднорочните приоритети).

### ИТ нормализација и колаборативна инфраструктура за европскиот статистички систем (ЕСС)

Користењето на единствена влезна точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Евростат, ќе се зајакне преку:

- Зголемување на дата-сетовите доставени до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Изградба на единствен статистички склад на податоци (за складирање, анализа и трансмисија на податоците) како предуслов за целосно усогласување со барањата од ЕУ од аспект на можности за дезагрегација по земји, дејности, сектори, инструменти. Доставување на податоци до Евростат во согласност со барањата на Vademecum 2014 (продолжува и во среднорочни приоритети).

### Референтни податоци и метадата складишта

Развојот на систем на метаподатоци во ДЗС ќе се реализира преку:

- Имплементација на Стратегија за развој на метаинформацискиот систем на ДЗС (продолжува во среднорочните приоритети);
- Опис на статистичките варијабли и почеток на процес на нивно регистрирање (продолжува во среднорочните приоритети).

### Истражувања во статистиката и методологии

Подобрувањето на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од неавторизиран пристап до податоци ќе се реализира преку:

- Набавка и ставање во функција на хардвер и софтвер за централизирано архивирање и бекапирање (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Подготовка на дополнителни упатства, процедури и темплејти за подобрување на информатичката безбедност (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Подготовка на прирачник и кодекс за управување со информатичката безбедност.
- Во однос на спроведувањето на европската регулатива за статистичка доверливост (Регулатива (ЕЗ) бр. 223/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2009 г.) ќе се реализираат следните активности:
  - Подготовка на заштитени микро датотеки за научно истражувачки цели;
  - Спроведување на контрола од статистичко разоткривање во различни статистички области со прилагодување на расположливите софтвери во ЕЕЗ (продолжува во среднорочните приоритети);
  - Дефинирање на листа на истражувања за кои се дозволува пристап (продолжува во среднорочните приоритети.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО*

Четврто самооценување според заедничката рамка за оценување (ЦАФ).

**Дисеминација**

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Државен завод за статистика**

Во однос на одржувањето на редовна комуникација со корисниците, во текот на 2014 г. ќе се спроведе Анкета за мерење на задоволството на корисниците.

Осовременување на начинот на дисеминирање на статистичките податоци ќе се реализира преку:

- Понатамошно развивање на кориснички ориентираните алатки на веб-страницата на ДЗС (продолжува во среднорочните приоритети);
- Преземање на активности за зголемена присутност на статистичките податоци во социјалните медиуми (продолжува во среднорочните приоритети).

Во однос на редизајнот на статистичките публикации, ќе се воведат нови статистички публикации (продолжува во среднорочните приоритети).

**Народна Банка**

Подобрување на комуникацијата на статистиката во НБРМ, врз основа на донесениот акциски план за задоволство на корисници и известувачи:

- Во делот на комуникација со корисниците: зајакнување на корисничката поддршка, збогатување на содржината и деталноста на податоците достапни на интернет, збогатување на содржината на интернет-страницата во делот на методолошките објаснувања;
- Во делот на комуникација со известувачите: олеснување на известувањето и подобрување на квалитетот на комуникација со известувачите.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Одржување на редовна комуникација со корисниците преку анализа за имиџот на ДЗС.

## 3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ

**Класификации**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Меѓународната стандардна класификација на образованието МСКОБ 2011 г. ќе започне да се применува од 1.1.2014 година. Во текот на 2013 г. ДЗС ги направи потребните подготовки за нејзино спроведување. Сведувањето на националниот образовен систем во однос на Меѓународната стандардна класификација на образованието МСКОБ 2011 г. е во процес на донесување од страна на Владата на Република Македонија.
Националната номенклатура за индустриски производ (ННИП) се усогласува со промените во европската класификација и Владата на РМ ја усвои истата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на статистички стандарди:

- Следење на промените во економските класификации (НКД Рев.2, КПД, ННИП, Царинската номенклатура) (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Примена на МСКОБ 2011 г. - Меѓународна стандардна класификација за образование (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Подготвување на интерен план и именување на работни групи кои ќе работат на идентификување на разликите и можностите за примена на статистичките класификации во обласа земјоделство.

**Регистри**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Статистички деловен регистар (СДР)** - Постојано се работи на развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на групи на претпријатија и демографија на претпријатија).
**Статистички регистар на земјоделски стопанства (СРЗС)** – Постојано се работи на развивање на методолошките основи, процедурите за ажурирање.

**Статистички регистар на население (СРН)** – Се работи на подготовка на концепт за ажурирање на СРН со податоци од административниот регистар на населението што ќе се користи по воспоставување на административен регистар на население.
**Статистички територијален регистар (СРПЕ)** - Подготвени се измените на Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) во согласност со измените во територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Развивање на Статистичкиот деловен регистар (СДР) преку понатамошно развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Водење и ажурирање на Статистичкиот регистар на населението (СРН), при што се планира подготовка на концепт за ажурирање на Статистичкиот регистар на населението со податоци од административниот регистар на населението (примена по воспоставување на административен регистар на население)(продолжува и во среднорочните приоритети);
- Развој на статистичкиот Регистар на земјоделски стопанства, преку спроведување и воведување на нови постапки за ажурирање на статистичкиот Регистар на земјоделски стопанства (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Понатамошно развивање на Статистичкиот територијален регистар (продолжува и во среднорочните приоритети);

- Во однос на подготовката на Складиште за земјоделски статистики се планира дизајн, изработка, тестирање и ставање во експлоатација на складиште за земјоделски статистики (продолжува и во среднорочните приоритети).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО***

- Во однос на подготовката на Складиште за национални сметки се планира дизајн, изработка, тестирање и ставање во експлоатација на складиште за национални сметки и вклучени поедини деловни статистики.

## 3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

**Демографска, социјална статистика**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Истражување за иновации**
ДЗС во областа на науката и иновациите го реализираше истражувањето за иновациите во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 995/2012. Со истражувањето ќе се обезбедат податоци за иновациите кои ги воведуваат деловните субјекти, како во процесот на производството на самите производи, така и во процесот на организацијата на работењето и маркетингот.
**Статистика на социјалната заштита**
Во текот на 2013 г. врз основа на подготвената Информација за активностите реализирани и кои треба да се реализираат во процесот на воспоставување на Европскиот систем за статистика на интегрирана социјална заштита – ЕССПРОС, се подготви предлог текст за меморандумите за соработка меѓу Државниот завод за статистика и релевантните институции кои треба да обезбедуваат податоците за ЕССПРОС.
**Статистики од областа на културата**
ДЗС во рамки на Твининг проектот од ИПА 2009, Национална програма за Поддршка на Државниот завод за статистика за градење на капацитетите и подобрување на усогласеноста на статистиките со стандардите на ЕУ презема активности за натамошно унапредување на статистиките од областа на културата преку евалуација на сегашните статистички истражувања од оваа област и утврдување на индикаторите кои треба да се обезбедуваат во согласност со ЕУ индикаторите. Целта на овој проект е воедно и да се утврдат можностите за обезбедување на потребните индикатори од постојните истражувања како и кои подобрувања треба да се воведат со цел добивање на податоци во согласност со современите текови во област на културата.
**Здравствени статистики**
Во областа на здравствените статистики, Заводот ги реализира статистиките на морталитет, додека Институтот за јавно здравје се грижи за здравствена заштита на населението преку следење, истражување и проучување на здравствената состојба, причините за појава и ширење на заразните и незаразните болести од социјално-

медицинско значење, влијанието на еколошките фактори и преземање мерки заради заштита и унапредување на здравјето на луѓето.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Обезбедување на податоци за иновациите во Република Македонија преку производство на соодветни статистички податоци за иновации.

Примена на методологијата за трошоци на социјалната заштита - ESSPROS преку:

- Потпишување на меморандуми за соработка меѓу ДЗС и соодветните институции кои треба да обезбедуваат податоци за ЕССПРОС;
- Подготовка на квантитативни податоци од страна на надлежните институции со референтни податоци за други години за општиот модул и модулот за број на пензиски корисници (продолжува и во среднорочните приоритети).

Унапредување на статистиките од областа на културата преку дефинирање на индикатори од областа на културата споредливи со ЕУ индикаторите (продолжува и во среднорочните приоритети).

Натамошно унапредување на статистиките од областа на здравството преку унапредување на индикаторите за следење на здравствениот систем во земјата во согласност со ЕУ индикаторите (продолжува и во среднорочните приоритети).

**Статистика на животната средина**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2013 г., во областа на статистиката на животната средина се спроведе пилот истражување за трошоци во животната средина.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Регулатива бр 691/2011 на ЕУ од 6 јули 2011 г. преку пподготовка и спроведување на пилот истражување за трошоци за животна средина - понатамошно развивање на сите модули (продолжува и во среднорочните приоритети).

**Макроекономска статистика**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2013 година продолжи работата на секторските сметки, а со цел спроведување на Регулатива (ЕЗ) бр. 2223/96 на Советот на Европа во согласност со ЕСС 1995. Во 2013 г. се подготвија и објавија табелите за понуда и за употреба за 2010 г. по тековни цени, со спроведување на подобрувањата направени во рамките на ИПА 2009 и тие се доставени до Евростат.

Во текот на 2013 г. ДЗС во рамките на проектот ИПА 2009, Национална програма ИПА 2009 - Поддршка на Државниот завод за статистика за градење на капацитетите и подобрување на усогласеноста на статистиките со стандардите на ЕУ подготви податоци за бруто-домашен производ за серија 2000-2008 г. според Националната класификацијата на дејности, НКД Рев. 2. Во врска со активностите за пресметка на додадената вредност по региони направено е подобрување на концептот за пресметка на додадената вредност по региони со примена на комбиниран метод.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Составување на економските сметки по институционални сектори и интегриран систем на економски сметки според ЕСС 95

- Составување на годишните нефинансиски сметки.

Примена на НКД РЕВ 2, Примена на Систем на национални сметки (СНС) 2008 и ЕСС 2010:

- Интегрирање на изворните податоци, (продолжува и во среднорочни приоритети);
- Подготвување на податоци за бруто-домашен производ по постојани цени според НКД Рев. 2;
- Подготвување на податоци за бруто-домашен производ на тримесечно ниво според НКД Рев. 2;
- Подготовка на податоци за клучните табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за праќање на податоци (табели со главни агрегати и табели по гранки агрегирани на сектор, годишни и тримесечни );

- Подготовка на податоци за табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за праќање на податоци и тоа: главни агрегати за сектор држава, годишни нефинансиски сметки по сектори (продолжува и во среднорочни приоритети).

Подготвување на податоците за бруто-домашен производ на тримесечно ниво
- Подобрување на категориите на бруто-домашен производ и пресметка на додадената вредност на тримесечно ниво.

Подготовка на податоци за нотификациски табели на Процедурата за прекумерен дефицит (ЕДП)
- Подготовка на податоци за пилот нотификациони табели според ЕДП, Регулатива на ЕУ бр. 679/2009, користејќи методологија за дефицит и долг на Евростат.

Подобрување на квалитетот на податоците во инпут-аутпут табелите за доставување до Евростат
- Составување на табелите на понуда и на употреба по постојани цени, (продолжува и во среднорочни приоритети).

Обезбедување на индикаторите за одржлив развој
- Унапредување на воспоставениот сет на индикатори за одржлив развој (продолжува и во среднорочни приоритети).

Усогласување на структурни деловни статистики во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр.250/2009 од 11 март 2009 г. на Европската комисија
- Обезбедување на податоци за деловните услуги (продолжува и во среднорочни приоритети);
- Подобрување на сетот на белези за деловните субјекти (продолжува и во среднорочни приоритети).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Примена на СНС 2008 и ЕСС 2010:
- Подготовка на податоци за табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за праќање на податоци и тоа: трошоци за лична потрошувачка по намена, годишни сметки за сектор домаќинства, табели за даноци и социјални придонеси по видови, табели по гранки агрегирани по оддели на НКД.

Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво:
- Подготовка на податоци врз основа на ревидиран бруто-домашен производ во согласност со примената на ЕСС 2010.

**Деловни статистики**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Постојано се усогласуваат статистиките од областа на енергијата, транспортот и трговијата со регулативите на ЕУ. Во 2013 г. се спроведе пилот истражувањето за патничка мобилност.
Се песметаа индексите на цените на индустриските производители на странски пазар и на домашен пазар (вкупен индекс). Се промени базната година за краткорочните статистики во согласност со Регулативата за краткорочни статистики (1165/98).
Во 2013 г. се промени базната година за краткорочните статистики во согласност со Регулативата за краткорочни статистики (1165/98).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Обезбедување на краткорочни статистички податоци во согласност со регулативата на СТС 1165/98
- Обезбедување на нови индикатори за краткорочните статистики (продолжува и во среднорочни приоритети);

Обезбедување на краткорочни статистички податоци во туризмот, угостителството и транспортот
- Усогласување со европските регулативи за патничка мобилност.

**Статистика на земјоделството**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Во периодот од 1 до 20 јуни 2013 г., ДЗС го спроведе второто примерочно структурно истражување за земјоделските стопанства. Структурното истражување за земјоделските стопанства имаше за цел да се добијат структурни податоци за стопанствата во периодот меѓу два пописа во земјоделството. Овие податоци ќе послужат за утврдување на тековната состојбата на македонското земјоделство, следење на промените во

структурата на стопанствата, како и за ажурирање на податоците во Статистичкиот регистар на земјоделски стопанства.
Исто така, во 2013 г. беше спроведено и пилот истражување за органско производство.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Обезбедување соодветни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ преку:
- Развивање на структурното истражување во согласност со европската Регулатива 11166/2008;
- Дефинирање на соодветни индикатори за управување со шумскиот фонд во РМ.

Обезбедување на соодветни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството преку:
- Понатамошен развој на економските сметки во земјоделството.

**Монетарна, финансиска, трговска статистика и статистика на платниот биланс**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Во областа на статистиката, НБРМ работеше на понатамошно усогласување со меѓународните и стандардите на ЕУ. Во рамките на активностите на НБРМ за воспоставување на статистика на останати финансиски институции, се започна со редовно квартално објавување на податоци за состојбата на финансиските средства и обврски на останатите финансиски институции (билансот и прегледот на останатите финансиски институции и консолидираниот преглед на финансиските институции). Натамошно прилагодување на статистиката на каматни стапки е постигнато со донесувањето на новите подзаконски акти за известување за пондерираните каматни стапки на примените депозити и одобрените кредити. Во областа на екстерните статистики, воведени се новите годишни прашалници за капиталните вложувања во и од земјата, а во рамки на активностите за воспоставување на статистика на хартии од вредност утврден е опфатот и видот на потребните податоци за тргувањето на резидентите со хартии од вредност на странските пазари.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе се применуваат од 2014 година:
- Изработка и објавување на податоците за екстерните статистики за 2014 г., на нови стандардни табели (платен биланс, бруто надворешен долг и надворешни побарувања, директни инвестиции и меѓународна инвестициска позиција), во согласност со новиот Прирачник за платен биланс и меѓународна инвестициона позиција на ММФ (VI издание) и Прирачникот за надворешен долг. Изработка на нови мета податоци за потребите на СДДС;
- Воспоставување на систем на редовно известување за тргувањето на резиденти со хартии од вредност на странските пазари. Прием на првичните податоци за состојбата и тргувањата со хартии од вредност на странските пазари. Подготвување на апликативно решение за обработка на податоците за тргувањето на резидентите на странски пазари. Подготовка на агрегирани податоци за портфолио инвестициите за потребите на екстерните статистики;
- Методолошки усогласувања и прилагодувања на изворите на податоци за екстерните статистики кон барањата на новиот Прирачник за меѓународна инвестициска позиција и платен биланс на ММФ (продолжува во среднорочни приоритети).

Натамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата на регулативите на ЕУ од оваа област:
- Прибирање на податоци за каматни стапки на новите прашалници; анализа на квалитетот на добиените податоци и подготвување на извештаи за пондерирани каматни стапки на примени депозити и дадени кредити, согласно најновите барања на ЕЦБ;
- Збогатување на сетот на расположливи податоци за каматните стапки - објавување на податоците од новите извештаи;
- Подобрен опфат на монетарна статистика и статистика на финансиски сметки, преку вклучување на лизинг компаниите и финансиските друштва во системот за редовно известување ОФИ - прибирање на податоци од новите известувачи и анализа на квалитетот на добиените податоци;
- Вклучување на новите податоци од лизинг компаниите и финансиските друштва кон монетарните извештаи: биланс и преглед на останати финансиски институции и преглед на финансиските институции (продолжува во среднорочен приоритет);

- Анализа на можноста за воведување на нов концепт за производство на збирот од монетарни податоци во согласност со барањата на ЕЦБ, како и на можноста за воведување на нови извештајни форми за состојбата и прометот на средствата и обврските на банките и штедилниците. Дополнителни анализи на искуствата на централните банки на земјите-членки на ЕУ кои спровеле коренити измени во известувањето. Подготвување на акциски план. Координирани активности со Секторот за супервизија при НБРМ.

Развој на статистика на финансиски сметки:

- Активности за подготвување на податоци за состојби на финансиски средства и обврски во согласност со СНА 2008 и ЕСА 2010. Паралелно натамошно унапредување на матрицата на паричните текови на националната економија. Подготовка на мост табели помеѓу извештаите за одделните макроекономски статистики и кодовите од ЕСА 2010 за финансиски инструменти и институционални сектори (продолжува и во среднорочни приоритети);
- Активности за воспоставување на статистика за хартии од вредност тргувани на домашни пазари по сектори издавачи и иматели (продолжува и во среднорочни приоритети).
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија
- Воведување на редовно статистичко истражување за реални увозно-извозни цени;
- Следење на надворешно-трговската размена според економските карактеристики на деловните субјекти учеснички во надворешно-трговската размена , анализа на надворешно-трговската размена според видот на транспорт.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на ЕВРОСТАТ:

- Усовршување на постојните извори на податоци за екстерните и монетарната статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти.

## 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ


***РЕЗИМЕ***

*Во областа на социјална политика и вработување продолжува спроведувањето на активности за унапредување на законската регулатива и нејзино практично спроведување и подобрување на грижата и состојбата на ранливите категории на граѓани, унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, како и понатамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти. Планирано е значително зајакнување на човечките капацитети во Државниот инспекторат за труд, со цел подобрување на инспекцискиот надзор над спроведувањето на законската регулатива во делот на работните односи и безбедност и здравје при работа, а посебно ќе се посвети внимание на поддршка и јакнење на капацитетите на надлежните институции и социјални партнери во справувањето со непријавената работа. Продолжуваат активностите за понатамошно унапредување и зголемување на ефикасноста на социјалниот дијалог на сите нивоа и јакнење на капацитетите на социјалните партнери.*

*И понатаму интензивно ќе е спроведуваат политики и активни програми и мерки насочени кон зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност, како и понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување. Во однос на подготовките за учество во Европскиот социјален фонд продолжува спроведувањето на активностите за програмирање на преостанатите алокации од Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“, подготовката на проекти и спроведување на постапките за набавка, вршењето на мониторинг на спроведувањето на проектите, како и понатамошно унапредување на институционалниот капацитет за управување и апсорпција на претпристапната помош и подготовка за новиот инструмент за претпристапна помош за периодот 2014-2020 (ИПА 2).*

*Имплементација на програми и мерки за поттикнување на социјалното вклучување и подобрување на состојбата, услугите и грижата за ранливите категории на граѓани и континуирано јакнење на релевантните субјекти на национално и на локално ниво за планирање, реализација и мониторинг на политики и проекти од оваа област и мерки за обезбедување на поголема социјална заштита и социјална сигурност на семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик. Продолжува имплементација на активностите во согласност со стратешките и оперативни документи од областа на еднаквост и недискриминација.*

*За остварување на приоритетите во овие области и во наредниот период, покрај планираните национални ресурси, ќе продолжи да се обезбедува поддршка и преку повеќето проекти што се имплементираат во рамките на ИПА Компонентата 4.*


### 3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Се донесоа измени на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/13 и 25/13). Измените се во насока на подобрување на законското уредување на забраната за дискриминацијата на жените работнички поради бременост, раѓање и родителство, а се зајакна и заштитата на жените во однос на времетраењето и видот на работниот однос, пристапот до вработување, условите за работа, откажувањето на договорот за вработување. Дополнително се регулирани прашањата во врска со сезонската работа, како и зајакнување на надлежностите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ).

Се донесоа измени и дополнувања на Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/13), во делот на условите и начинот на основањето и работењето на агенциите за привремени вработувања и нивното лиценцирање, по што се издадени 14 лиценци на агенции за привремени вработувања и 8 лиценци на Агенции за посредување при вработување во земјата и странство со наплата.

Беше усвоен Законот за заштита од вознемирување на работното место („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/13).

Во изминатиот период ратификувани се неколку конвенции на Меѓународната организација на трудот (МОТ) и тоа Конвенција за колективното договарање 1981 (С154), Конвенција за трудова администрација 1978 (С150) и

Конвенцијата за работни односи (во јавните служби) 1978 (C151). Воедно, поднесени се извештаи за имплементацијата на тринаесет конвенции на МОТ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во наредниот период ќе продолжи следењето на законската регулатива од аспект на нејзината усогласеност со законодавството на Европската унија во оваа област и нејзината практична примена и спроведување.

Ќе се работи на понатамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти, размена на искуства за актуелни прашања поврзани со имплементацијата на трудовото право и подобрување на ефикасноста на меѓусебната соработка помеѓу надлежните институции.
Исто така значително ќе се зајакнат и човечките капацитети преку нови вработувања во Државниот инспекторат за труд, со цел подобрување на инспекцискиот надзор над спроведувањето на законската регулатива во делот на работните односи и безбедност и здравје при работа.

Ќе се подготват и достават редовни извештаи за имплементацијата на конвенциите (20 ратификувани конвенции) на Меѓународната организација на трудот.

Ќе се имплементираат активности насочени кон поддршка и јакнење на капацитетите на надлежните институции и други субјекти во справувањето со непријавената работа во Република Македонија. На почетокот на 2014 година ќе започне имплементацијата на двогодишен проект, во рамките на ИПА Компонентата 4 „Поддршка на борбата против непријавената работа“, кој ќе има за цел да ги зајакне капацитетите на ДИТ и на другите надлежни институции и социјални партнери, за координирано справување со непријавената работа. Во рамки на проектот предвидени се поголем број на активности, меѓу кои спроведување на анкета за непријавената работа во Република Македонија и подготовка на препораки за конкретни мерки во Акциониот план за справување со сивата економија; јакнење на капацитетите на ДИТ и на другите релевантни национални субјекти и партнери (организирање на обуки и поддршка на конкретни иницијативи за вклучување на социјалните партнери за редуцирање на бројот на луѓе ангажирани во непријавена работа, набавка на потребна опрема и возила за подобрување на условите за работа и ефикасноста на трудовите инспектори итн).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

## 3.19.2 БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Донесен е Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените на рибарски бродови („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2013)[43]

Во текот на годината беа усвоени две измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија”, бр.23/2013 и бр.25/2013), со кои се изврши попрецизно регулирање на трошоците кои паѓаат на товар на работодавачите за услугите кои ги даваат стручните лица овластени за вршење на стручни работи од областа на безбедност при работа, се изврши подобрување на транспарентноста на нивната работа, подобрување на регулацијата на континуираната обука и стручното усовршување, квалитетот на здравствените услуги поврзани со здравјето и безбедноста при работа на овластените установи за медицина на трудот.

Беа реализирани активности за понатамошно јакнење на капацитетите и знаењето на инспекторите од областа на безбедност и здравје при работа за примената на прописите во оваа област. Се организираа семинари и работилници со учество на домашни и меѓународни експерти и се разменија искуства во практичната примена на специфични правилници (изложување на ризици од хемиски супстанции, изложување на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем).

Се реализираа семинари на кои се презентирани и дискутирани измените на Законот за безбедност и здравје при работа, обуки за трудовите инспектори на тема инспекциски надзор од областа на трудот, како и меѓународни конференции за национални стратегии за безбедност и здравје при работа и за безбедносен инженеринг во функција на подобрување на условите за работа.

---

[43] Усогласен со Директива на Советот 93/103/ЕС од 23 ноември 1993 година, за минималните барања за безбедност и здравје при работа на рибарски бродови (13-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС)

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во претстојниот период ќе продолжи имплементацијата на активности кои имаат за цел понатамошно јакнење на капацитетите на ДИТ во областа безбедност и здравје при работа, зајакнување на инспекцискиот надзор и подобрување на практичната примена и спроведувањето легислативата во овој дел. Во оваа насока, значително ќе се зајакнат и човечките капацитети преку нови вработувања во Државниот инспекторат за труд, со цел подобрување на инспекцискиот надзор над спроведувањето на законската регулатива во делот на работните односи и безбедност и здравје при работа.

Во претстојниот период ќе продолжи подготовката на потребните подзаконски акти (правилници) во функција на обезбедување на ефикасна примена на Законот за безбедност и здравје при работа, пред сé во делот на стручното усовршување и услугите кои ги даваат стручните лица за безбедност при работа

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Ќе продолжи процесот на континуирана реализација на активности за понатамошно зајакнување на административните капацитети на ДИТ, подобрување и унапредување на спроведувањето на постојната регулатива во делот на безбедност и здравје при работа, како и активното вклучување на социјалните партнери во подготвувањето на регулативата од оваа област и во нејзината практична имплементација.

## 3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Економско-социјалниот совет (ЕСС) одржа 4 седници на кои беа разгледани повеќе законски прописи и информации за одделни прашања поврзани со работните односи. Согласно своите надлежности ЕСС даде мислење за висината на минималната плата за 2013 година. На посебна конференција одржана во октомври 2013 година, се разгледаа првичните влијанија од воведување на минималната плата во Република Македонија.

На локално ниво формирани се Економско-социјални совети во неколку општини (Штип, Гостивар, Битола, Прилеп, Тетово, Струмица и Општина Гази Баба - Скопје), а се реализираа и дополнителни активности за промоција, поддршка и развој на Економско-социјалните совети на локално ниво, вклучително и посебна Конференција посветена токму на предизвиците и неопходноста од ефикасно функционирање на локалниот економско-социјален дијалог.

Во март 2013 година во Брисел се одржа седмиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија (ЗКК), на кој беа дискутирани состојбите со образованието и младите во ЕУ и во Република Македонија. Ова тело во октомври 2013 година го одржа осмиот состанок на кој се разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2013 година, а се дискутираа и прашања во врска со слободата на изразување и предизвиците во врска со вработувањето на младите.

Продолжи процесот на бипартитниот социјален дијалог, при што во овој период, во Регистарот на Министерството за труд и социјална политика запишан е Колективен договор за хемиска индустрија, Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија и две спогодби за изменување и дополнување на колективните договори и тоа спогодбата за кожарската и чевларската индустрија и спогодба за изменување и дополнување на колективниот договор на текстилната индустрија. Регистрирани се и девет колективни договори на ниво на работодавач.

Поради истекот на важноста на издадените решенија за репрезентативност (3 години) започната е постапка на утврдување на репрезентативноста на синдикатите и работодавачите на национално и на гранско ниво, при што донесени се решенија за утврдување на репрезентативноста на 12 синдикати.

Во континуитет се работеше на подобрување на капацитетите на социјалните партнери и тоа во однос на мониторинг и евалуација и долгорочно планирање на политиките за вработување, имплементација на политики за вработување финансирани од Европската унија и сл.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во следниот период ќе се преземаат активности за понатамошно унапредување и зголемување на ефикасноста на работата на ЕСС и водење на активен дијалог со социјалните партнери за политиките од областа на

економската и социјална сфера, а ќе се преземаат и мерки и активности за зголемено учество на социјалните партнери во целокупниот процес на развој и имплементација на политиките, нивно поголемо учество во креирањето и имплементацијата на законите од областа на трудот, земајќи ги притоа во предвид и меѓународните искуства во оваа област.
Исто така, ќе продолжат да се реализираат и активности за понатамошна промоција, поддршка, формирање и развој на Економско-социјалните совети на локално ниво.

Преку работата на Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската унија и Република Македонија, социјалните партнери во континуитет ќе имаат можност да бидат запознаени, да расправаат и да даваат свои мислења и препораки за различни области, релевантни за процесот на евроинтеграција на Република Македонија.
Истовремено ќе се поттикнува бипартитниот социјален дијалог преку колективното договарање на ниво на гранка и на ниво на претпријатие.
Особено внимание ќе се посвети на понатамошно подобрување и јакнење на капацитетите на социјалните партнери, со цел да се овозможи нивно поголемо влијание во развојот и имплементација на социјалните политики и политиките за вработување, прашањата на законодавството од областа на трудот, политиките на плати и сл.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Како еден од приоритетите во наредниот период останува континуираната поддршка на механизмите за ефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за нивна активна партиципација во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера и учество во подготовката на законската регулатива.

## 3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
**Политика на вработување**
Во однос на состојбите на пазарот на труд во Република Македонија, во овој период се забележуваат следниве основни статистички показатели :

| | **2010** | **2011** | **2012 (Q2)** | **2013 (Q2)** |
|---|---|---|---|---|
| **Стапка на невработеност** (15-74) | 32.0 | 31.4 | 31.4 | 28.9 |
| **Стапка на активност** (15-64) | 64.2 | 64.1 | 63.8 | 64.8 |
| **Стапка на вработеност** (15-64) | 43.5 | 43.9 | 43.7 | 46.7 |

Извор: Државен завод за статистика

Во текот на годината согласно утврдената динамика, продолжи интензивната имплементација на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување (ОП). Планираниот опфат со ОП за 2013 година е 9,226 невработени лица, за што од Буџетот на РМ, се определени 593,083,950 денари (околу 9.6 милиони евра). Дел од програмите се веќе завршени, а дел од нив ќе завршат до крајот на 2013 година.

Продолжија со имплементација и активностите содржани во Акцискиот план за вработување на млади 2015 година, а се направи и првична оценка на реализацијата на планираните активности, по што ќе следи постапка на ревидирање на Планот.

Исто така се продолжи со имплементација на активностите содржани во Акцискиот план за намалување на сивата економија за 2013 година за што беше изготвен и полугодишен извештај. Беа спроведени обуки наменети за средношколците од техничките училишта за запознавање со негативните страни од сивата економија.

Во периодот од август до октомври 2013 година се имплементираше Проектот „Форуми со работодавачи", во соработка помеѓу Агенцијата за вработување на Република Македонија, работодавачите и единиците за локална самоуправа за прилагодување на националните политики за вработување кон потребите на работодавачите. Беа одржани трибини во 28 општини, на кои присуствуваа 451 работодавачи.

Се реализираа посебни мотивациони обуки за долгорочно невработените лица (повеќе од 10 години), при што заклучно со 30.09.2013, со овие обуки беа опфатени 5,390 лица.

Во периодот од септември 2011 до јули 2013 година се имплементираше Твининг проектот за „Поддршка на националните политики за вработување“ (ИПА Компонента 4), во рамки на кој изработен е модел за долгорочно предвидување на пазарот на трудот во Република Македонија и направени се првични проекции со негова примена. Се организираа серија обуки за вработените во одделението за пазар на труд во Министерството за труд и социјална политика, за економетриско моделирање. Се разработија елементите на системот за мониторинг и евалуација на политиките за вработување, и индикатори за мерките од Националниот акциски план за вработување 2011-2013 година. Спроведени се обуки на вработените во МТСП, Министерството за образование и наука и други институции за пресметка на индикаторите од Националниот акциски план за вработување и за оценка на политиките.

Се имплементираа активности за јакнење на капацитетите и за модернизација на работата на Агенцијата за вработување на Република Македонија. Преку проектот „Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување“ (ИПА Компонента 4), се разработи методологија и процедури за воведување на стандардни услуги за невработените лица и за работодавачите во сите центри за вработување. Изработени се предлози за поедноставување на дел од процесите во Агенцијата и за подобрување на начинот на планирање, следење и известување на активностите на Агенцијата. Поголем дел од препораките веќе се интегрирани во секојдневното работење на Агенцијата за вработување. Капацитетите на вработените во Агенцијата и локалните центри за вработување беа значително подобрени преку одржаните обуки.

Постојано се подобруваше и дополнуваше и софтверската апликација за целокупното работење на Агенцијата за вработување, во согласност со потребите.
Се зајакнуваа капацитетите на Агенцијата за вработување за планирање и имплементирање на проекти финансирани од ЕУ и друга странска помош.

**Европски Социјален Фонд**
За преостанатите алокации од Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ во висина од околу 37 милиони евра, во периодот март-ноември 2013 година, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука подготвија програмски документи врз основа на проектните идеи предложени од релевантните институции, граѓанските организации и социјалните партнери. Врз основа на предложените проекти, во соработка со Стратешкиот координатор, Министерството за финансии и Делегацијата на ЕУ се утврди т.н. долга листа на проекти што би се имплементирале до завршувањето на Оперативната програма во 2017 година. За усогласените проекти се подготвуваат обрасци за идентификување на операции.
Се спроведоа постапките за јавна набавка за веќе одобрените проекти кофинансирани од ИПА компонента IV. Исто така, заврши имплементацијата на најголем дел од започнатите проекти за зајакнување на капацитетите и за поддршка на политиките за вработување, образование и социјално вклучување. Реализираните активности и постигнатите резултати се презентирани во рамки на соодветните подрачја од ова поглавје.

Во текот на годината редовно се спроведуваше мониторинг на имплементацијата на тековните проекти, финансирани во рамки на „Оперативната програма за развој на човечки ресурси“ (ИПА компонента 4).
Преземени се и активности за понатамошно зајакнување на административните капацитети за спроведување на ИПА. Така, во Министерството за труд и социјална политика беа дополнително ангажирани 4 лица во одделенијата за ИПА.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Политика на вработување**
Во наредниот период ќе се продолжи со имплементација на политики насочени кон зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност, преку мерки за зголемување на учеството на пазарот на трудот и намалување на структурната невработеност, кои меѓу другото ќе бидат дефинирани и во Националниот акционен план за вработување 2014-2015, кој ќе се подготви во текот на првиот квартал од годината.
Ќе се имплементираат активни политики за вработување кои стимулираат побарувачка на пазарот на трудот, усогласување на понудата и побарувачката на работната сила, зголемување на вработливоста на невработените лица, меѓу другото преку имплементација на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, како и на Проектот за самовработување со кредитирање.

Ќе се преземат мерки за промоција на можностите за вработување кај младите невработени лица и лицата во завршните години од образованието, како би се подобрила информираноста на младите лица за можностите за вработување и нивната мотивираност за барање на работа и (до)школување.
Во текот на годината ќе се спроведува и посебна програма за субвенционирано вработување на лица од социјално загрозените домаќинства, т.е. корисници на социјална парична помош.

И во наредниот период тековно и континуирано ќе се следи имплементацијата на програмите за вработување, а планирано е да се направи и евалуација на програмата за обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот, при што врз основа на резултатите од евалуацијата ќе се согледаат ефектите од досегашната реализација на оваа програма и ќе се дадат насоки за поголема ефикасност во иднина, врз основа на квантитативен аналитички пристап.
Исто така, до крајот на годината ќе се направи анализа на пазарот на трудот во пет сектори (земјоделие, индустрија, градежништво, пазарни и непазарни услуги), во однос на влијанието на макроекономските индикатори врз вработувањето, користејќи го ХЕРМАК моделот.

И во претстојниот период ќе се продолжи со понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување.
Во 2014 година ќе започне имплементацијата на проектот „Поддршка на Агенцијата за вработување во имплементацијата на активни мерки и услуги за вработување“, во рамките на IPA Компонента 4, кој ќе обезбеди континуитет во поддршката за јакнењето на капацитетите и модернизацијата на Агенцијата. Проектот ќе се фокусира на подобрување на капацитетите на Агенцијата за имплементација на активните мерки за вработување, преку евалуација на досегашните мерки, развој на алатки за евалуација и обука на АВРМ за континуирано евалуирање на мерките, дизајнирање и пилотирање на нови мерки во избрани центри за вработување, поддршка на Агенцијата за имплементација на проекти финансирани од ЕУ итн.
Дополнително предвидена е и набавка на IT опрема и мебел за сите центри за вработување, како и адаптација и модернизација на постојната инфраструктура на 12 центри за вработување.

Ќе продолжи имплементацијата на активности за континуиран развој на информатичкиот систем на Агенцијата за вработување на РМ (надградба, унапредување на посточките on line услуги за барателите на работа и работодавачите, воведување на нова услуга со која преку Интернет ќе биде обезбеден пристап до системот на Агенцијата за приватните агенции за посредување при вработување).

**Европски Социјален Фонд**
За усогласените проекти од преостанатите алокации од Оперативната програма, во претстојниот период ќе продолжи разработката на Обрасци за идентификување на операции (OIS) и потребната тендерска документација.
Во однос на градењето на капацитетите на институциите, новите проекти се насочени кон :

- унапредување на дијалогот со Европската унија во делот на социјалната политика и политиката за вработување (подготовка и имплементација на т.н. реформска програма за вработување и социјална политика);
- зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд и останатите организации во областа на здравјето и безбедноста при работа, како и за подобрување на борбата против непријавената работа;
- унапредување на трипартитниот и би-партитниот социјален дијалог;
- воведување на стандардизирани услуги за професионална рехабилитација на лицата со хендикеп и други ранливи категории и за персонална асистенција;
- подобрување на системот за имплементација на националната рамка за квалификации, како и модернизација на системот за стручно образование и обука и за доживотно учење.

Во однос на поддршка на работната сила за интеграцијата на пазарот на трудот се планира :

- имплементација на активни мерки за вработување;
- промовирање на пофлексибилни и подостапни облици на згрижување на децата, како клучен фактор за активно вклучување на родителите на пазарот на трудот;
- заживување на социјалното претприемништво, како и воспоставување на одржлив модел за ко-финасирање на обуките за вработените во приватниот сектор;
- развој на пакет на различни услуги за успешно интегрирање на Ромите на пазарот на трудот, со посебен акцент на социјалното вклучување на економските мигранти, лицата без документи, жените Ромки.

И понатаму ќе се унапредува институционалниот капацитет за управување и апсорпција на претпристапната помош, преку оптимизација на структурите и натамошно подобрување на кадровските капацитети и процедури, особено во контекст на новиот програмски период.
Во 2014 година, во соработка со твининг партнери од Литванија ќе се имплементира твининг проектот за „Поддршка на Оперативната структура за мониторинг и контрола на проекти“, кофинансиран од Европската унија. Проектот има за цел натамошно подобрување на капацитетите на Оперативната структура за мониторинг на ниво на проекти и програма. Ќе се имплементираат активности за подобрување на процедурите за мониторинг на проекти, обуки и поддршка за вработените, препораки за системско подобрување на воспоставениот систем на мониторинг и евалуација.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Политика на вработување**

Ќе се продолжи со активности за натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во предвидувањето на пазарот на трудот, планирањето, креирањето и имплементацијата на политиките за вработување, унапредување на процесот на мониторингот и евалуација, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за подобрување на успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници, обезбедување на активна вклученост на социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките за вработување.

Планираните активности за зголемување на вработеноста ќе се реализираат со континуирано и ефикасно користење на средствата за активни политики за вработување, со зголемување на бројот на лицата опфатени со активните програми и мерки за вработување, согласно потребите на пазарот на трудот. Политиките ќе бидат насочени кон поттикнување и поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот (млади, долгорочно невработени лица, жени, лица со хендикеп и др.), користејќи ги индивидуалните акциски планови за вработување, со цел зголемување на нивната вработливост и конкурентноста на пазарот на трудот, како и намалување на сивата економија.
Ќе се имплементира ХЕРМАК моделот за среднорочно планирање на пазарот на трудот.
И понатаму ќе продолжи имплементацијата на проекти со кои ќе се јакнат капацитетите и ќе се подобрува работата и давањето на услуги од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Европски Социјален Фонд**

На среден рок, приоритет останува ефективната и ефикасна имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ сé до нејзиното завршување и стекнување на искуство за успешно спроведување на политики и мерки во областа на развој на човечките ресурси, финансирани со претпристапната помош.
Ќе продолжи имплементацијата на започнатите проекти и ќе започне реализацијата на нова група на проекти. Ќе започнат и активности за затворање на програмата.

Ќе продолжи и имплементацијата на подготвителни активности за ИПА програмскиот период по 2014 година за секторот „Вработување и конкурентност“.

## 3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година ревидирана е Националната стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија 2010-2020, при што е извршено нејзино усогласување со Стратегијата за раст и развој на Европската унија - Европа 2020. Воедно усвоен е и Оперативниот план за 2013 година за имплементација на стратегијата.

Во насока на реализирање на Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита продолжија, во текот на 2013 година, обезбедена е одржливост и функционирањето на двете служби за поддршка на домувањето во заедницата (во Неготино и во Скопје) со 14 станбени единици за организирано живеење со поддршка во кои се сместени 66 корисници со попреченост во менталниот развој над 18-годишна возраст отворена е и трета служба за организирано живеење со поддршка во Неготино со две нови станбени единици, во кои се деинституционализирани 10 лица со попреченост во менталниот развој.

Во рамки на мерките за заштита и унапредување на квалитетот на живот на лицата со попреченост, објавен е јавен оглас за вработување на 300 лица со инвалидност во јавниот сектор.

Со поддршка преку проектот за „Поттикнување на социјална инклузија и инклузивен пазар на трудот" (ИПА Компонента 4), беа зајакнати капацитетите на 325 стручни лица, а успешно беше спроведен и пилот проект преку кој беше тестиран постојниот систем за вработување на инвалидни лица.

Исто така, преку втората фаза од проектот за Зајакнување на релевантните актери за социјална инклузија на локално ниво" (ИПА Компонента 4), се работеше на дополнително зајакнување на капацитетите и организирање на обуки за околу 220 стручни лица и претставници од сите релевантни субјекти на локално ниво.
Во делот за унапредување на детските права, донесен е Законот за правда на децата („Службен весник на Република. Македонија", бр.148/2013). Континуирано се спроведуваа активности за зајакнување на институционалните и човечките капацитети задолжени за негова имплементација.
Во општината Кавадарци се отвори мал групен дом за деца во ризик, а во тек е постапката за отворање на пријатни простории за деца во ризик во рамки на Центрите за социјална работа во две општини.

Во текот на 2013 година, се имплементираше и програмата за обезбедување на бесплатен зимски и летен одмор за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, при што услугата - летен одмор беше обезбедена за 2,000 деца, а за 1,000 деца од социјално загрозени семејства беше обезбедена услуга за зимски одмор.
Беше подготвен Акциски план за заштита на децата од улица 2013-2015, со акцент на социјалната и здравствената заштита на овие деца и нивното вклучување во образовниот систем. Се спроведе и кампања за подигнување на јавната свест насочена кон граѓаните, за спречување на финансиската стимулација на децата на улица како општествено негативна појава.

Се реализираат активности за преадаптација на простории од основни училишта во детски градинки во руралните средини и досега целосно е завршена преадаптацијата и опремувањето на 11 градинки во рурални средини низ државата, кои се веќе отворени и започнати со работа.

Во делот на подобрување на грижата за старите лица, отворен е Дневен центар за стари лица во општината Вевчани, а во подготовка е Дневен центар за стари лица во Општина Неготино и Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови во Општина Гази Баба - Скопје. Се имплементираше и програмата за бањско-климатска рекреација за корисници на пензија и во текот на годината оваа услуга ја искористиле вкупно 5,076 корисници на пензија и нивни придружници.

Формирано е Национално координативно тело за имплементација на Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015.

Во насока на поефикасно управување со случаите на семејно насилство, спроведена е сеопфатна проценка на судските постапки во случаите на семејно насилство и изготвен е извештај за спроведување кој треба да биде усвоен од страна на Академија на судии. Се работи и на методологијата и на модули за обука на судии и јавни обвинители за спроведување на судските постапки во случаи на семејно насилство.

Се продолжи соработката со граѓанскиот сектор. Избрани се и поддржани 7 здруженија на граѓани кои имплементираат проекти од областа на социјалната заштита и социјалната инклузија со вкупен буџет од 2,000,000 денари. Се организираа обуки за околу 150 стручни кадри за рано препознавање на семејно насилство кај деца од предучилишните установи, советувалишна работа со родители, со вкупен буџет од 1.5 милион денари, а се изврши и пренамена на дополнителни 1.5 милиони денари, од кои 1 милион за инклузивно игралиште за деца со пречки во развојот, кое ќе го реализира Сојузот на телесни инвалиди, 300,000 денари за Сојузот на слепи за набавка на тифлотехнички помагала и 200,000 денари за Сојузот на глуви за обуки на фармацевти за знаковен јазик.

Во согласност со Декадата и Стратегијата за Роми, реализирани се повеќе проекти и активности:

- Реализација на проектот за инклузија на деца Роми во предучилишното образование, кој континуирано се спроведува веќе осма година по ред во 18 општини и во рамки на кој во изминатите седум години (заклучно со јуни 2013) вклучени се 2,259 деца Роми на возраст од 3.8 до 5.7 години. Од септември 2013 година повторно започна спроведување на проектот во 18-те општини, со вклученост на 477 деца Роми, за учебната 2013-2014 година;

- Вклучување на Ромите како целна група во програми и мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, кои се имплементираа во текот на 2013 година;
- Активности за подобрување на пристапот на Ромите до здравствени услуги и опфатот на ромското население во системот на здравствена заштита и реализација на програмата за Ромски здравствени медијатори во 8 општини;
- Проект за стипендирање и менторство на средношколци Роми. Проектните активности се спроведуваа во три фази и тоа стипендирање (716 средношколци Роми за учебната 2013/14 година), менторство со предметни наставници од сите јавни и приватни средни училишта во Македонија и туторство;
- Отворен е нов Ромски информативен центар во Општината Берово, со што на територијата на државата функционираат вкупно 12 Ромски информативни центри, кои активно работеа на подобрувањето на степенот на интегрираноста на Ромите, нивно информирање, застапување и давање на поддршка за полесно решавање на проблемите со кои се соочува ромското население, одржување на информативно-консултативните средби, лобирање, учество во форуми во заедниците и други активности;
- Идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги;
- Организирање и одржување на редовните полугодишни работни средби за следење на Акцискиот план за инклузија на Роми и Роми бегалци;
- Реализација на активностите во рамки на проектот за обезбедување на бесплатна правна помош на ромската заедница преку мобилни правни канцеларии.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Ќе се подготви Оперативен план за 2014 година за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2012-2020 година, по што ќе се започне со негова реализација, а за унапредување на состојбата и на квалитетот на услугите наменети за лицата кои се социјално исклучени, планирана е подготовка на Програма за социјално вклучување.

Во насока на понатамошна плурализација на услугите од социјална заштита и социјална инклузија, поттикнување на социјалното вклучување на лицата во неповолна положба и континуирано јакнење на локалните субјекти за планирање и реализација на проекти на локално ниво, во наредниот период планирано е да се реализираат бројни активности меѓу кои спроведување на грантова програма за реализација на проекти за поттикнување на социјалното вклучување на маргинализирани лица, активности за интеграција на немнозински етнички заедници на пазар на труд со посебен фокус на жените, зајакнување на капацитетите на релевантните актери во областа на социјална инклузија (претставници на граѓански организации, центри за социјална работа, јавни установи за социјална заштита, единиците на локалната самоуправа, социјални партнери и останати субјекти на локално ниво).
Исто така и во наредниот период ќе продолжи обезбедувањето на финансиска поддршка за реализација на проекти од областа на социјалната заштита и инклузија од страна на граѓанските организации.
Ќе се одржи проектен саем за промоција на проекти за социјална инклузија, со цел сензибилизирање на релевантните субјекти и обезбедување на поддршка на вакви проекти под мотото „Општествена одговорност за социјална акција“, на кој е планирано да учествуваат претставници од различни институции, организации, невладин сектор, социјални партнери, потенцијални донатори од приватниот сектор и останати субјекти.
Ќе продолжи спроведувањето на отпочнатата акција „Се грижиме за топол дом“ со која се обезбедува помош и поддршка на социјално загрозените семејства, преку донации за задоволување на основните потреби на овие граѓани од покуќнина, мебел, бела техника, електрични апарати, апарати за домаќинство, опрема за деца, велосипеди и друго.

Во насока на превенција од социјално исклучување ќе се продолжи со обезбедување на услугата за бесплатна бањско-климатска рекреација за пензионери, како и услугата за бесплатен летен и зимски одмор за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Во однос на заштитата и превенција од појавата за деца на улица, во континуитет ќе се спроведува донесениот Акционен план за заштита на децата од улица 2013-2015, со засилен акцент на социјалната и здравствената заштита на овие деца и нивно вклучување во образовниот систем, а планирано е и да се прошири и мрежата на дневни центри за деца на улица, со отворањето на ваков дневен центар во Општина Прилеп.
Ќе продолжат активностите за отворање на нови објекти за детски градинки во рурални средини, како и за преадаптација на простории од основни училишта во детски градинки во руралните средини, со цел да се зголеми опфатот, згрижувањето, едукацијата и социјализацијата на најмладата популација од овие области.

Продолжува и обезбедувањето на поволности и спроведувањето на мерки за поттикнување на изградба и отворање на приватни детски градинки во Република Македонија.

Во текот на наредната година планирано е подигнување на грижата за лицата со пречки во развојот и проширување на мрежата на центри за вонинституционална заштита на овие лица, преку отворање на дневен центар за деца со аутизам, дополнителни дневни центри за деца со интелектуална попреченост, дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години.
За наредната година планирано е интензивно да се реализира иницијативата за изградба на специјализирани инклузивни детски игралишта на територијата на Република Македонија, за подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидитет и овозможување на поттикнувачка средина за правилен раст и развој.

Во насока на успешна реализација на процесот на деинституционализација во системот за социјална заштита во Република Македонија, ќе продолжи обезбедувањето на одржливост на воспоставените служби за домување, а планирано е и проширување на мрежата на станбени единици за самостојно живеење со поддршка за лица со попреченост во интелектуален развој над 18 години. Исто така, планирано е да продолжи и процесот на деинституционализација на децата без родителска грижа, сместени во Детскиот дом „11 Октомври" во Скопје, преку алтернативни форми на вонинституционална заштита најблиски до семејното опкружување.

Подготовка и реализација на Оперативен план за 2014 година за имплементација на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, како и проширување на мрежата на дневни центри за оваа категорија на граѓани, со отворање на нови дневни центри за стари лица во две општини.
Ќе продолжи и обезбедувањето на поволности и спроведувањето на мерки за поттикнување на инвестиции, т.е. изградба и отворање на домови за стари лица и нивна промоција.

Во рамки на правната и институционална рамка за справување со сите видови на семејно насилство и обезбедување на поефикасно управување со случаите на семејно насилство, во текот на 2014 година планирано е донесување на нов Закон за превенција и заштита од семејно насилство со кој ќе се унапреди системот за спречување и заштита од семејно насилство, постапувањето и меѓусебната соработка помеѓу надлежните институции. Исто така планирано е организирање на кампања за подигнување на јавната свест за борбата против семејното насилство, како и одржување на обуки наменети за судии и јавни обвинители, согласно донесената методологија и развиените модули за обука.

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму ќе се продолжи со имплементација на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.
И во текот на 2014 ќе продолжи континуирано спроведување на Проектот Инклузија на деца Роми во предучилишното образование во соработка со Ромскиот едукативен фонд, општините и јавните предшколски установи. Ќе продолжи имплементација на програмата за ромски здравствени медијатори, програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование, поддршката на функционирањето на воспоставените 12 Ромски информативни центри на територијата на Република Македонија, ќе продолжи поддршката за вработување на Роми, како целна група согласно мерките од Оперативен план за активности мерки и програми за вработување за 2014 година, како и активностите во рамки на координираната акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
На среден рок интензивно ќе продолжи имплементацијата на активности насочени кон подобрување на состојбите во делот на социјалната инклузија и борбата против сиромаштијата, при што приоритет ќе претставува континуираната и доследна реализација на целите кои се зацртани во усвоените стратешки документи - Националната стратегија за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување, Стратегијата за деинституционализација, Стратегијата за заштита од семејно насилство, Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност, Националната стратегијата за заштита на старите лица.

Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, планирано е проширување на мрежата со отворање на дополнителен Дневен центар за оваа категорија на деца, а во насока на имплементација на стратегијата за деинситуционализација, ќе продолжи обезбедувањето на одржливост на постоечките служби за домување со поддршка во заедницата за лица со попреченост во интелектуалниот развој, како и проширување на мрежата на станбени единици.

Планирано е да се преземат активности за воведување на психосоцијална поддршка на ранливите групи пред влезот на пазарот на трудот, со што ќе се зголемат капацитетите и можностите за вработување на оваа целна група, но и ќе се промени пристапот во оценувањето на работните способности на ранливите групи, по принципот на фокусирање и утврдување на работите и задачите кои лицето може да ги извршува, а не на недостатоците и на она што не може.

Ќе се поддржува развојот на социјалното претприемништво, кое треба да ја подигне свеста за можностите што ги нуди развојот на овој сектор, пред сé во делот на намалување на невработеноста, особено кај лицата кои се тешко вработливи на пазарот на трудот.

Согласно ревидираната Национална Стратегија за Ромите, во согласност со Агендата за социјално вклучување на Ромите со насоките на ЕУ 2020 и Националните Акциони планови, ќе продолжи имплементацијата на планираните активности за унапредување и подобрување на состојбата и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија.

## 3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Покрај редовното законско усогласување на пензиите кое се врши два пати годишно согласно порастот на платите и трошоците за живот, почнувајќи од март 2013 година се изврши и дополнително зголемување на пензијата за 5%. Средствата за пензиите за февруари 2013 година се зголемија за 5% и така добиениот износ се подели со вкупниот број на корисници на пензија, односно 286,110 корисници (број на пензионери за март 2013 год.).

Со измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2013) и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.13/2013), се изврши засилување на принципите на добро корпоративно управување, внатрешната ревизија и воведување на фидуцијарната должност, со цел подигнување на нивото на управувањето со пензиските друштва и пензиските фондови и заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, а извршено е и намалување на надоместоците, т.е. постепено намалување на висината на двата вида надоместоци до 2020 година. Надоместокот од придонеси постепено се намалува од 4% до 2%, додека надоместокот од средства постепено се намалува до 0.03% на месечна основа.

Во 2013 година спроведено е истражување на јавното мислење за реформираниот пензиски систем во Република Македонија, преку кое се добиени податоци за информираноста на јавноста за пензискиот систем, особено на лицата кои се вработени по прв пат по 2003 година и се задолжителни членови во вториот столб. Со цел да се подобри состојбата во однос на познавањето на јавноста за состојбите во вториот и третиот пензиски столб, Министерството за труд и социјална политика, МАПАС и двете пензиски друштва започнаа активности за подобрување на информираноста за своето работење и излегување во пресрет на интересите на членовите. Финансиската едукација се одвива во рамките на наставата во државните средни училишта, со посебен акцент на средните стручни училишта, како и студентите на високо образовните институции.

Во делот на социјалната заштита, обезбедена е поголема социјална сигурност за корисниците на социјалната заштита со покачување на висината на социјалните надоместоци за социјалната парична помош и постојана парична помош за 5%, сметано од март 2013 година. Превземени се дополнителни мерки за социјално инклузија на лицата кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа, преку поттикнување на нивно вклучување во повисок степен на образование, а со тоа и со создавање на поголеми можности за нивно вработување.
Се изврши подобрување во делот на згрижување на деца, возрасни инвалидни лица и стари лица во згрижувачко семејство, преку воведување на повеќе форми на згрижување и тоа во вид на општо, специјализирано, интервентно и привремено згрижувачко семејство, а се воведе и ново право на парична помош за згрижувач, со цел да се обезбеди социјалната сигурност за овие лица кои по престанокот на згрижувањето на лица во своето семејство, не се вработени и не оствариле право на пензија.
Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2013 година и Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебните 2012/2013 и 2013/2014 години, непречено се имплементираа во текот на годината.

Се воспостави систем за обезбедување на потребната документација за корисниците на правата на парична помош од социјалната заштита преку размена на информации по службена должност помеѓу институциите кои водат вакви бази на податоци.

Преку процесот на лиценцирање, на 680 стручни лица во установите за социјална заштита им се издадени лиценци за работа. Се спроведе и Програмата за обуки и континуиран професионален развој за стручните лица во системот на социјална заштита, со која 432 стручни лица добија континуирани обуки за зајакнување на нивните капацитети и знаења, во рамки на постапката за продолжување на лиценцата за работа на стручните лица во установите за социјална заштита.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во делот на пензискиот систем, Министерството за труд и социјална политика, МАПАС и двете пензиски друштва и во текот на 2014 година ќе продолжат со реализирање на финансиската едукација на јавноста. Со оваа програма, покрај средните училишта и високо образовните институции, ќе се опфатат и други целни групи како што се синдикати, работодавачи на централно и локално ниво.
Во наредната година ќе се изврши усогласување на пензиите за 5%, сметано од 1 март 2014 година.

Во однос на социјалната заштита се продолжува со креирање на мерки за обезбедување на поголема социјална сигурност на семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик, по основ на материјална необезбеденост. Се предвидува зголемување на висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош за 5%, сметано од март 2014 година.

Ќе се изврши подобрување на социјалната заштита на потполно глувите лица, кои што се со потполно згасната слушна перцепција, со воведување на право на додаток за глувост, како и со воведување на категоријата лица со квадриплегија во остварувањето на правото на додаток за мобилност или слепило. Се предвидува остварување на право на парична помош од страна на самохран родител кој што се грижел за своe дете со пречки во развојот, како социјална сигурност на родителот, доколку со навршување на одредени години на старост не остварува средства по основ на плата или пензија.

Ќе се продолжи со спроведување на мерките за поддршка на најзагрозените категории на корисници во намалувањето на трошоците за потрошена енергија за домаќинството, преку донесување на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2014 година. Дополнителна поддршка на домаќинствата на корисниците на социјална парична помош, за редовно средно образование на нивните деца, ќе продолжи да се обезбедува со донесување на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2014/2015 година.
Ќе продолжи и спроведувањето на програмата за вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа.

Во претстојниот период ќе отпочнат интензивни активности за подобрување на условите за работа и давањето на услуги во Центрите за социјална работа во Република Македонија, преку нивно реновирање, модернизација и адаптација, како и набавка на неопходна опрема.

Ќе продолжи и спроведувањето на програмата за „Отворени денови за социјална заштита во рурални средини“, преку која со соработка помеѓу центрите за социјална работа и општините ќе се обебеди поголемо приближување на социјалната заштита до жителите во руралните средини и обезбедување на неопходните информации за правата и услугите од социјалната заштита во местото на живеење на граѓаните.

Во наредниот период ќе продолжи континуирана обука за сите лиценцирани стручни работници во системот на социјална заштита во траење од 20 часа на годишно ниво, согласно Програмата за континуирана едукација за 2014 год. Ќе се спроведе и мониторинг на примената на стручното знаење во праксата и на почитувањето на одредбите од Кодексот на стручните работници во системот на социјална заштита.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе се координира и следи преку годишните оперативни планови донесени од страна на Координативното тело за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита.

И понатаму во наредниот период ќе продолжи обезбедувањето на поддршка на најзагрозените категории на граѓани, преку обезбедување на дополнителни парични надоместоци.

## 3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во првиот квартал од годината подготвени и усвоени се Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, Национален акциски план за родова еднаквост 2013-2016 и Оперативниот план за 2013 година, Националниот акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жената, мирот и безбедноста на Советот за безбедност на ОН, 2013-2015. Исто така, по усвојувањето на Стратегијата за родово одговорно буџетирање, беше подготвен и годишниот Оперативниот план за 2013 година за нејзина имплементација, по што се пристапи кон реализација на предвидените активности во овој дел.

Во рамки на активностите во областа на родово-одговорното буџетирање, беа реализирани неколку обуки за службениците од државните институции, единиците на локална самоуправа и граѓанскиот сектор, се подготви методологија за родово одговорно буџетирање, се одржаа работилници за анализирање на буџетски програми и развивање на родово-буџетски индикатори за одредени програми, се подготови, и дисеминираше приручник за родово одговорно буџетирање.

Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, Владата на Република Македонија формираше Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите. Во рамки на интересорската група има и две подгрупи кои ќе ја следат имплементацијата на Стратегијата за родово одговорно буџетирање и Националниот план за имплементација на Резолуцијата 1325.
Кон крајот на 2013 година заврши имплементацијата на проектот за „Зајакнување на капацитетите за интеграција на маргинализираните жени на пазарот на трудот, со посебен фокус на жените од етничките немнозински заедници“, во рамките на ИПА Компонентата IV. Проектот обезбеди поддршка на маргинализираните жени, особено жените од етничките малцинства во подобрување на нивните потенцијали за вработување и активно вклучување на пазарот на трудот, како и придонесе кон зајакнување на капацитетите и меѓусебната соработка на сите релевантни субјекти за интеграцијата на маргинализираните жени. Се подготви анализа за состојбата на жените на пазарот на трудот, анализа на потребите од обука и се реализираа 11 обуки со кои се обучија околу 250 претставници од локална самоуправа, центрите за социјална работа, невладиниот сектор, центрите за вработување итн.

Се имплементираа и седумте конкретни проекти во рамки на програмата за доделување грантови за „Зголемување на потенцијалите за вработување на жените на пазарот на трудот” (ИПА Компонента 4). Грантовите се во вкупен износ од 1.73 милиони евра и имаат за цел да им овозможат на маргинализираните жени да ги подобрат своите потенцијали за вработување на пазарот на трудот. Проектите се насочени кон зголемување на вработеноста на жените од немнозинските групи (Ромки, Албанки, Турчинки, Бошњачки) преку подобрување на нивните способности и вештини, кон развој и олеснување на пристапот до специфични услуги за вработување и зајакнување на капацитетите и соработка помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор. Секој од проектите таргетира одреден регион во Република Македонија, при што дадена е поддршка за вработување на преку 1,200 припаднички од немнозинските етнички заедници.

Во април 2013 година, започна имплементацијата и на едногодишниот проект „Од легислатива до пракса“, што се финансира со средства од Програмата PROGRESS на Европската унија. Проектот е фокусиран на подигнување на свеста на широката јавност и на клучните чинители во општеството за почитувањето на еднаквоста, препознавањето и разбирањето на дискриминацијата, поттикнување на борбата против дискриминацијата и запознавање со инструментите и механизмите за заштита од дискриминација.

Во текот на годината, во соработка со Британскиот Совет се реализираа активности за зајакнување на капацитетите (обуки) за концептот на еднакви можности и недискриминација. Реализирани се 18 обуки во повеќе градови низ Македонија со цел да придонесат кон ефикасно спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација и Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во текот на годината се реализираа и повеќе активности за промовирање на работата на Комисијата за заштита од дискриминација и за јакнење на нејзините капацитети. Реализирани се неколку дебати за различни основи на

дискриминација, тркалезни маси и обуки за различни целни групи, организирани се 10 информативни работилници со Ромското население и Ромските невладини организации за приближување на Комисијата до Ромското население, промовирање на работата на Комисијата и запознавање со начинот на поднесување на претставки, подготовка, печатење и дисеминација на промотивен материјал, а снимен е и промотивен спот за Комисијата кој се емитува на телевизија и на интернет, реализирана е медиумска кампања за промовирање на Комисијата, во тек е подготовка на прирачник за работата на Комисијата за заштита од дискриминација итн.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на годината ќе се спроведуваат активности кои се планирани во Стратегијата и Национален акциски план за родова еднаквост. Ќе се работи на имплементација на Резолуцијата 1325 за жената, мирот и безбедноста, Стратегијата за родово буџетирање и акциските планови во рамки на Стратегијата за еднаквост и недискриминација.

На почетокот на годината ќе се подготват годишните оперативни планови за 2014 година за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и за имплементација на Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2012-2017, по што ќе се пристапи кон нивно спроведување.

Ќе продолжи реализација на информативни средби со Единиците на локална самоуправа и Комисиите за еднакви можности на локално ниво за унапредување на соработката и размена на предлози и иницијативи за активности во делот на еднаквите можности и недискриминацијата.
И понатаму ќе се реализираат активности за зајакнување на капацитетите и за подигнување на свеста за прашања од областа на родовата еднаквост, родовото одговорно буџетирање, како и за концептот на еднаквост и заштитата од дискриминација.

Во наредната година, ќе продолжи имплементацијата на започнатите проекти „Зголемување на потенцијалите за вработување на жените на пазарот на трудот“ (ИПА Компонента 4) и „Од легислатива до пракса“ (PROGRESS) за подигнување на јавната свест и капацитетите за прашањата поврзани со почитувањето на еднаквоста, препознавањето и борбата против дискриминацијата и запознавање со инструментите и механизмите за заштита од дискриминација.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во континуитет ќе се спроведуваат активностите во согласност со стратешките документи и акциските планови од областа на еднаквост и недискриминација и родова рамноправност и во функција на понатамошно јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност и заштита и спречување на дискриминација.

## 3. 20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***РЕЗИМЕ***

*Принципите на политиката на претпријатија во Република Македонија се реализираат преку постојано подобрување на деловната клима и дијалогот за создавање и водење бизнис, отстранување на административните бариери - регулаторната гилотина (РИА), едношалтерски систем, како и преку водење политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентноста на економијата базирана на знаење, иновации, привлекување странски инвестиции, развој на претприемништвото, соработка и извозна ориентација.*

*Од аспект на инструментите за создавање конкурентна економија базирана на знаење и иновации, процесот е утврден во повеќе стратешки документи кои се усвоени, а во тек е нивно спроведување преку програми и мерки кои се финансираат од буџет или донатори. Значајни се активностите на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) за пристап до финансии, како и можноста која се нуди преку Програмите на Заедницата, особено ЦИП и ФП7, а од следната година КОСМЕ и ХОРИЗОНТ 2020.*

*Порталот КОНКУРЕНТНОСТ.МК и порталот за промоција на извозот, ги промовираат мерките и инструментите за поддршка и подобрено информирање на бизнис заедницата.*

*Преку секторските политики се обезбедува таргетирана анализа на конкурентноста на одредени сектори и промовирање на специфични иницијативи за развој на дадениот сектор преку законски решенија, стратегии, студии, програми, форум за дијалог и иницијативи за вмрежување.*

### 3.20.1. ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

За намалување на бирократските процедури и олеснување на водењето бизнис, како и поедноставување на голем дел од постапките и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис, се продолжи со Регулаторната реформа преку развивање на методологија и реализирање на мерките од втора, трета и четврта фаза на Регулаторната гилотина и Проценката на влијанието на регулативата (ПВР-РИА) Единствниот национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР бележи евидентен тренд на раст во бројот на посети на овој портал, каде покрај постојните прописи во Република Македонија се содржат и предлог законите на министерствата во фаза на подготовка, заедно со Извештаите од спроведените ПВР. Системот е надграден со поголеми технички функционалности, овозможувајќи им на засегнатите страни да достават коментари и предлози директно до надлежните институции во врска со предлог регулативата.

Се реализираше обука на обучувачи за ПВР за државните службеници во министерствата, заради тековно јакнење на капацитетите на државните службеници за ПВР, и непречено користење на ЕНЕР.

Во 2013 г. продолжија активностите за развој на ефикасен трипартитен дијалог преку Националниот Совет за претприемништво и конкурентност (НСПК), како и други форми на дијалог со бизнис заедницата преку конференции, трибини и директна посета на фирми. Поефикасна информираност на бизнис заедницата за мерките и активностите за поттикнување на конкурентноста, едукативни материјали и релевантни информации се реализираат преку порталот КОНКУРЕНТНОСТ.МК, кој постојано се ажурира, а исто така беа реализирани повеќе настани за негова промоција.

Продолжи креирањето на политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентноста на економијата базирана на знаење, иновации, соработка и извозна ориентација преку имплементација на повеќе стратешки документи: Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 г. , заснована на принципите на Актот за мали бизниси, Програмата за поттикнување инвестиции во Република Македонија 2011-2014 г., насочена кон отстранување на разни пречки за инвестиции, имплементација на акцискиот план од Стратегијата за извозната промоција, Стратегија за иновации, мерки за поддршка на кластерско здружување и слично.

Сите документи кои се подготвуваат ги следат препораките и поврзаните комуникации од Стратегијата ЕУ 2020, Стратегијата за ЈИЕ 2020 и други соодветни регионални иницијативи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Создавањето на поволна деловна клима и поттикнувањето на конкурентноста на македонската индустрија се дел од клучните приоритети на политиките на Владата.

За понатамошно унапредување на деловната клима и продолжување со Регулаторната реформа, во следниот период ќе продолжи континуирано следење на спроведувањето на мерките дефинирани во акциските планови од Регулаторна гилотина, како и спроведување на усвоените препораки и мерки од Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа.
Во текот на 2014 година ќе се изврши усовршување на порталот ЕНЕР и оптимизација на процесот на консултирање на јавноста.

Владата во следниот период ќе продолжи со активностите на градење функционален НСПК и подобрување на неговата функција, капацитети и негова само одржливост, како и понатамошно спроведување на проектот "Учиме од бизнис–заедницата" и други форми на дијалог.

Краткорочен приоритет за понатамошна поддршка и поттикнување на конкурентноста е успешното спроведување на донесените стратешки документи кои ги потврдуваат приниципите за создавање на поволна и атрактивна деловна клима и конкурентна економија: Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, базирана на принципите на Актот за мали бизниси, Програмата за поттикнување инвестиции во Република Македонија 2011-2014 г., насочена кон отстранување на разни пречки за инвестиции, Стратегијата за извозната промоција, Стратегијата за иновации, мерки за поддршка на кластерско здружување и слично.

Во рамките на Компонента 1 од ИПА, се одобри проект "*Зајакнување на капацитетите за имплементација на индустриската политика",* кој се очекува да почне во текот на 2014 г. Преку овој проект ќе биде поддржан развојот на институционалниот капацитет за спроведување на индустриската политика, ќе се ревидираат и ќе се развијат повеќе стратешки документи, ревизија на индустриска политика и развој на нова стратегија за развој на МСП, а ќе бидат промовирани и спроведени повеќе мерки кои се дел од стратешките документи за поттикнување на конкурентноста преку директна соработка со бизнис заедницата. Се очекува овој проект да има позитивни ефекти врз сите засегнати страни.

Водени од Актот за мали бизниси на ЕУ, политиките и активностите за поддршка и развој на МСП, ќе бидат преточени во нова Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2014-2020, Стратегија за развој на занаетчиство 2012-2020 г., годишните програми за МСП и сл.
Програмата за поттикнување на инвестиции во Република Македонија 2011-2014 г. преку натамошно спроведување нуди мерки за создавање поволна деловна клима за инвестиции кои ќе доведат до привлекување на повеќе и поквалитетни инвестиции, подинамичен економски раст и развој на земјата.

Во 2014 г. година се планира изготвување на нова среднорочна Агенда за општествена одговорност на претпријатијата за Република Македонија, со двегодишен Акциски план.

**Институционална рамка**

Начелата се дефинираат во стратешките документи усвоени од Владата. Консултацијата на највисоко ниво се реализира преку Комитетот за претприемништво и иновации кој го води Премиерот, а постојат и други сродни комитети. Дијалогот со бизнис заедницата најфункционално се реализира преку НСПК.

Институционалната поддршка на претпријатијата се одвива преку програми и мерки кои се спроведуаат од страна на Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, повеќе деловни и регионални центри. Особено важни се и разните форми на партнерства, кластерите и други организациони форми поддржани од разни донатори.
Во 2014 г. , се планира да почне со работа и Фондот за иновации и технолошки развој кој ќе понуди директна поддршка на бизнис секторот за иновации.

За следење на конкурентноста на македонската економија регуларно се следат рангирањата на Република Македонија во извештаите на Светскиот Економски Форум – Глобален индекс на конкурентноста, Дуинг бизнис,

Глобалниот иновациски индекс, Индексот на политики за МСП, Иновациската матрица и други, кои претставуваат основа за дискусија на НСПК од кои произлегуваат и нови мерки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

На среден рок ќе се работи на тековно подобрување на деловната клима, привлекување Странски директни инвестиции (СДИ), зголемен извоз, зголемување на конкурентноста заснована на знаење и иновации, развој на претприемништвото, иновативноста, поттикнување и развој на занаетчиството преку имплементација на стратешките документи, зајакнување на институционалниот капацитет и континуиран дијалог со бизнис заедницата.

**Институционална рамка**

Понатамошен развој на институционалниот капацитет за креирање, спроведување и мониторинг и евалуација на политиките за претпријатија и индустриската политика на национално и регионално ниво, применувајќи ги европските принципи на политиките на претпријатија и индустриска политика, како и активно вклучување во регионални инцијативи .

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во текот на 2014 г., Компонента 1 од ИПА, се очекува да отпочне проектот "*Зајакнување на капацитетите за имплементација на индустриската политика",* кој ќе има директна поддршка на институционалниот капацитет за креирање и имплементирање проактивни економски политики.

За одржлив економски развој ќе следи ефикасно користење на структурните фондови и регионални проекти кои се спроведуваат во насока на реализација на активностите дефинирани со националните стратешки документи и Стратегијата за ЈИЕ 2020 за создавање на конкурентна економија.

## 3.20.2. ИНСТРУМЕНТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Повеќе програмски документи ги дефинираат инструментите кои се користат за спроведување на политиките на претпријатија и индустриската политика за поттикнување на конкурентноста на Република Македонија. Во 2013 г. Министерството за економија од своите програми за индустриска политика, МСП и кластери ги интегрираше во една именувана Програма за конкурентност, иновации и претприемништво. Тековно се спроведуваат програми и проекти и преку други институции како Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ), Агенција за странски инвестиции и привлекување инвестиции(АСИПИ), Министерството за образование и наука (МОН), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ), директно од страна на Владата, а се во насока на поддршка на претприемништвото, извозот, иновациите, развојот, привлекување СДИ и др.

За поддршка на развојот на економијата базиран на иновации и знаење, Владата во 2012 усвои Стратегија за иновации и Акциски план. Во 2013 г. се донесе Законот за иновациска дејност кој ја регулира оваа област и ја дефинира институционалната рамка за поддршка преку формирање на Фондот за иновации и технолошки развој. Водечка улога во креирање и спроведување на Иновациската стратегија, има МОН и Кабинетот на заменик претседател на Влада на Република Македонија (КЗПВРМ), а дел од мерките се спроведуваат и преку МЕ, АППРМ, и др.

Во рамки на Програма за конкурентност, иновации и претприемништво, која се реализира преку Министерството за економија во делот на индустриската политика, се поддржуваат фирмите во развивање нов и подобрување на постојниот производ, развој на пазарот преку кофинансирање на анализа на пазарот, развојот на бренд, градење маркетинг стратегија, еко етикетирање, развој на патенти и сл. За поддршка на кластерите во рамките на Програмата се изготви Национален атлас за кластерите, кој содржи податоци за мапирање на кластерите по региони, начини на создавање на кластерски мрежи, потенцијалите на 8-те плански региони во Република Македонија, како и претставување на постојните кластерски здруженија. Во рамките на Програмата поддржани се 6 проекти на кластерските здруженија насочени кон:

- поддршка на заеднички проекти за поврзување на кластерите со универзитетите
- поддршка за развој на иновативноста и развој на брендирани производи
- поддршка на кластерите за секторска извозна промоција,
- поддршка за организирање тематски саеми и

- поддршка за развивање на стандарди за квалитет и прилагодување на барањата на пазарите на ЕУ.

Поддршката на МСП се реализира преку мерки од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво од страна на МЕ и Програмата на АППРМ.
МЕ во делот на МСП обезбеди поддршка на претпријатијата за спроведување на стандарди за квалитет, женското претприемништво, занаетчиите, занаетчиските комори и младите претприемачи.

АППРМ реализираше бројни активности за поддршка на претприемништвото во Република Македонија како обуки за подобрување на конкурентноста на МСП, локалните консултанти, обуки за подготовка на проектни апликации, женско претприемништво, промоција на претприемништвото и доживотно учење, подготовка на бизнис план, обуки за наставници , професори и студенти за претприемништво и бизнис. Воедно, Агенцијата учествуваше и на Европскиот ден на претприемачот и Европската недела на МСП. Агенцијата континуирано го реализира проектот "Инфо пулт", во соработка со регионалните инфо центри, како и Ваучерскиот систем за субвенционирано советување. Исто така, Агенцијата е вклучена и во програмата на Владата на Република Македонија за Активни политики за вработување за 2013 г. – поддршка за самовработување со грант и кредитирање. Активностите на Агенцијата се зајакнати и преку учеството како партнер институција во "Механизам за поттикнување на иновативноста во ЈИЕ" – Програма од ИПА за транснационална соработка на ЕУ за ЈИЕ; Проектот "Регионална Програма за докторски студии за претприемништво и менаџмент во земјите на Западен Балкан„ - во рамките на Програмата TEMPUS; Проект "Европска мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија"– ЦИП Програма, Проект "Иницијатива за поврзување на странски инвеститори со иновативни компании од Балканот„ .
За подобрување на пристапот до финансии, во 2013 г. се реализирани повеќе мерки преку МБПР и тоа:

- реализација на кредитна линија од ЕИБ од 100 милиони евра (трета фаза) за поддршка на МСП и приоритетни проекти. Станува збор за една од најголемите и најповолните кредитни линии особено имајки предвид дека каматната стапка е фиксирана на 5,5% годишно (истата е субвенционирана од страна на државата).
- Реализација на кредитна линија за поддршка на МСП со гарантна шема
- МБПР во име и за сметка на Владата на Република Македонија управува со средствата од компензациони фондови од странска помош за одобрување на кредити за: (1) преработка на земјоделски производи; (2) извоз на примарни земјоделски производи и нивни преработки со каматна стапка 3%.
- започна директна поддршка на извозните компании покрај осигурувањето на извозните побарувања, со цел намалување на ризиците на компаниите воведено е и осигурување на домашни побарувања. Притоа, и кај двата вида на осигурувања, МБПР гарантира наплата од најмалку 90% од вредноста на побарувањето,
- се воведе е и осигурување на побарувањата на подружниците на македонските компании во странство, и воведено е осигурување од политички ризик.
- отпочнување со осигурување за извоз пред испорака (покривање на случаи кога специфична стока е нарачана, истата е произведена и во последен момент купувачот поради стечај не е во можност да ја плати нарачаната стока).

Висок приоритет во владините политики имаат: привлекување странски инвестиции, создавање поволна инвестициска клима и грижа за инвеститорите, силна промоција на Република Македонија како инвестициска дестинација преку кампањи и активностите на промоторите. Процесот на создавање и промоција на нови технолошки индустриски развојни зони, продолжува а Селекцијата на нови промотори е во тек.

Агенцијата за странски инвестиции и промиција на извозот, задолжена за промоција на извозот преку поддршка од буџетот и од разни донатори, се фокусира на образование на извозниците, нивно подобрено известување, вмрежување, поддршка во настап на саеми и поефикасна промоција. Се формираше портал за промоција на извозот во рамки на порталот www.investinmacedonia.mk, каде фирмите може да подготват свои профили за промоција.Значајна улога има мрежата на промотори за добивање информации, воспоставување врски и промоција. Во моментот се ангажирани 30 економски промотери кои вршат активна промоција на инвестициските можности и извозниот потенцијал на Република Македонија во САД, Канада, Бразил, повеќе европски земји, земји од регионот, Русија, Катар, Кина, Малезија и Јапонија.
Во првата половина на 2013-та година привливот на странските директни инвестиции бележи раст споредено со истиот период минатата година. АСИПИРМ е во напредна фаза на преговори со повеќе компании од автомобилската индустрија, медицинската технологија, ИТ секторот, кои се очекува да се реализираат до крајот на оваа или почетокот на следната година. Овој тренд на зголемување на СДИ се очекува да продолжи и во наредниот период. Во 2013-та година АСИПИРМ изработи база на податоци за локации и готови објекти кои се

нудат за продажба, заедничко вложување или под закуп, која е достапна во склоп на веб-страницата на агенцијата. На странските потенцијални инвеститори сега им се обезбедува директен, лесен и брз пристап до повеќе локации.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Спроведувањето на инструментите на политиките за претпријатија и индустриска политика ќе се реализира преку годишни владини програми кои ќе се реализираат преку повеќе министерства и институции.

Од аспект на поддршка на развојот на економијата базиран на иновации и знаење, ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за иновации и Акциски план, спроведувањето на Законот за иновациска дејност кој ја регулира оваа област и ја дефинира институционалната рамка за поддршка преку формирање на Фондот за иновации и технолошки развој.

**Институционална рамка**

Во 2014 г. Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ќе ги спроведе активностите предвидени во годишната Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСПво 2014 г. Во неа се предвидени и ваучерскиот систем за советување, Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри, Европска недела на МСП, обуки за женско претприемништво, обуки за локални консултанти, МСП.

Планирани активности на МБПР за понатамошно подобрување на пристапот до финансиски средства во 2014 се:

- реализација на кредитната линија од ЕИБ – четврта фаза.
- засилено промовирање на факторингот, особено во однос на извозните побарувањата кои се осигурани во МБПР при што значајно би се подобрила ликвидноста на компаниите.
- воведување на среднорочно и долгорочно осигурување, односно осигурувања на побарувања кои се со рок на завршување подолг од една година. Тука пред се, се мисли на осигурување на побарувања кои произлегуваат од извоз на капитални добра.
- воведување на нови производи од областа на кредитното осигурување пред се воведување на следниве два инструменти: (1) осигурување на кредити за подготовка на извозни аранжмани; (2) осигурување на тендерски гаранции за извозници кои учествуваат на тендери надвор од Република Македонија.

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија ќе биде активна во напорите за привлекување на приватни инвеститори преку презентација на земјата на повеќе меѓународни саеми, како и преку организација на т.н. роуд-шоуа предводени од високи владини функционери (вклучувајќи ги премиерот и вице премиерите, како и повеќе министри) во однапред таргетирани земји, притоа директно обраќајќи им се на приватните инвеститори. На овие настани се презентираат реформите, кои се направени за да се подобри деловната климата во земјата, како и поволностите за инвестирање во Технолошко индустриски развојни зони (ТИРЗ), кои ги нуди Владата на Република Македонија.

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (АСИПИРМ) ќе продолжи со маркетинг кампањите по меѓународни телевизиски канали и печатени медиуми со цел зголемување на имиџот на земјата како атрактивна локација за инвестирање со одлични услови за водење бизнис. Паралелно со овој процес ќе продолжи интензивниот ангажман на тимот на економски промотори, со цел поефективна директна презентација на земјата на странски компании кои се заинтересирани за експанзија и релокација на нивните бизнис- активности во други земји.

Исто така Агенцијата ќе продолжи со мерки за организирање на бизнис средби и учество на саеми како дел од мерките за извозна промоција, во соработка со МЗШВ (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство) и АППТ ( Агенција за поддршка и промоција на туризмот).
Согласно со Стратегијата за промоција за извоз АСИПРИМ планира за 2014 да организира:

- (пет) настани за бизнис средби од кои: 1 (еден) во Скопје, - регионален Б2Б со таргет сектор – прехрана; останати 4 (четири) во земјите каде има економски промотер, од област ИКТ (1) -скандинавска земја,Текстил (2) и Прехрана (1) Белгија или Германија.
- 4 (четири) саеми за учество на наши компании на:
    - ВИН , Хановер, Германија ( Автомобилиски компоненти и прецизна механика )

- Тирана, Албанија, ( прехрана, производи со потенцијал за извоз во Косови и Албанија - мини саем ) во организација и поддршка на АСИПИРМ
- Нови Сад, Србија ( агробизнис ) со поддршка за учество од ИДЕАС – УСАИД
- Саем во Измир, Турција – повеќе сектори со поддршка на АСИПИРМ и стопанските комори

Агенцијата започна со изработка на база на реализирани инвестициски проекти, со цел да се оствари блиска соработка со странските инвеститори кои веќе се присутни во земјата, при што ќе се идентификуваат главните предизвици и проблеми со кои се срећаваат во секојдневното водење на својот бизнис. Понатаму, АСИПИРМ ќе ги извести релевантните институции за да се намалат и отстранат непотребните пречки за водење бизнис. Реализацијата на оваа база ќе се спроведува континуирано и во наредната година.

За уште покомплетна и поквалитетна услуга на потенцијалните странски инвеститори во сите фази на инвестицискиот процес (фазата на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање), во следниот период Агенцијата ќе изработи и база на податоци за добавувачи, како и ќе се преземат активности за поврзување на локални добавувачи со странски инвестиции.

Се очекува сите преземени активности да придонесат за зголемување наприливот на СДИ во наредниот период што ќе значи зголемување на економскиот раст и нови работни места.

Во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемнишво, ќе продолжи поддршката на индустријата во развој на нов производ и развој на пазарот а во делот за поддршка на кластерите, предвидени се мерки за поддршка и развој на кластерското здружување, каде се предвидени активности за подобра промоција на можностите кои што ги нудат кластерите, обука и унапредување на управувањето на кластерите, подобрување на поврзувањето (вмрежувањето) на кластерите, како и средства за формирање на нови кластери. Кластерската форма на здружување ќе овозможи развој на нови, иновативни производи, со што ќе се овозможи диверзификација на производните програми на индустријата.

Во наредниот период ќе продолжи поддршката на кластерските здруженија во согласност со нивниот степен на развој. Владината поддршка, која треба да се реализира преку јавно-приватниот дијалог, ќе придонесе за создавање на нови кластерски иницијативи, како и самоодржливост на кластерите, базирани на иновации.

Во горенаведената програма за 2014 година исто така се предвидуваат неколку активности за поддршка на претпримништвото и конкурентоста на МСП и на институциите за поддршка на МСП. Како на пример: поддршка на бизнис инкубаторите, поддршка на проекти на бизнис центрите, на имплементацијата на стандардите за квалитет-ИСО, ХАСАП, ХАЛАЛ, поддршка на женското претприемништво, промоцијата на занаетчиството, поддршка на автентичните македонски ракотворби, субвенционирање на претпријатија во сопственост и управувани од млади (до 30 години) преку финансиска поддршка за започнување на бизнис и кофинансирање на направени трошоци за работење и други.
Република Македонија ќе преземе активности за нејзино вклучување и активно партиципирање во новите европски програми ХОРИЗОНТ 2020 и КОСМЕ.
Исто така, Република Македонија активно ќе се вклучи во спроведувањето на Стратегијата за ЈИЕ 2020, преку реализација на повеќе регионални проекти.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

На среден рок се планира да се работи на развој на нови инструменти за политиките на претпријатија и индустриската политика, со зголемена поддршка на развојот на приватниот сектор преку валдини програми и проекти, како и користење на фондовите од ИПА .

**Институционална рамка**

На среден рок се очекува да се продолжи со развивање на инструменти за поддршка на претпријатијата и создавање поволна и атрактивна деловна клима за развој.
Генерално во периодот 2014-2015 активностите на Агенцијата за поддршка на претприемништво ќе бидат насочени во проширување и подобрување на ваучерскиот систем на советување и проектот Инфо Пулт, како и поддршка на иновативноста и конкурентноста на МСП.

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот ќе продолжи преку мрежата на економски промотери да дистрибуира конкретни лидови и побарувања од странски компании кои се заинтересирани да отпочнат соработка со македонски претпријатија. Исто така, во соработка со партнерските институции благовремено ќе се обезбедуваат пазарни информации за трендовите на одделни европски пазари кои што ќе го олеснат процесот на деловно одлучување на тековните и потенцијалните извозници во земјата и кои ќе бидат јавно достапни за сите компании.

Се очекува Фондот за иновации и технолошки развој да претставува значајна институција која ќе понуди поддршка на бизнис секторот за развој на иновациите во Република Македонија, поврзување на науката со бизнисот и сл.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

ИПА Компонента 1, проект *"Зајакнување на капацитетите за имплементација на индустриската политика",* кој се очекува да отпочне во текот на 2014 година.
Во насока на одржлив економски развој ќе следи ефикасно користење на структурните фондови и регионални проекти кои се спроведуваат во насока на реализација на активностите дефинирани со Стратегијата за ЈИЕ 2020 за создавње на конкурентна економија.
Активно вклучување во ЕДИФ, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ 2020 и други европски и регионални проекти и иницијативи.

## 3.20.3. ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

За секторот туризам, главен документ е Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013) и Ревидираната Стратегија за развој на туризмот со акциски план за спроведување во периодот 2011-2015 г., и Стратегијата за развој на руралниот туризам 2012-2017 г. И годишните програми.
Постојат две годишни програми и тоа: Програма за развој на туризмот и Програма за промоција и поддршка на туризмот кои се спроведуваат преку МЕ и Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот.
Со цел поефикасен развој и промоција на туризмот и развој на инфраструктурата за туризмот, донесен е Законот за формирање на слободни туристички зони.

Комитетот за туризам со кој претседава Претседателот на Владата на Република Македонија, редовно заседава еднаш месечно каде се следи имплементацијата на стратешките документи и програми.

Отпочнатиот проект „Македонско село„, како виртуелна туристичка атракција, се очекува да заврши во 2013 г., а главна цел на проектот е запознавање со традицијата, македонската традиционална архитектура од 12 различни региони, како и заживување на старите занаети.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во рамките на Министерството за економија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, ќе се спроведат Програмата за развој на туризмот за 2014 г. и Програмата за промоција на туризмот за 2014 г.

Програмата за развој на туризмот на Министерството за економија, Сектор за туризам и угостителство вклучува голем број на активности во делот на развојот на туризмот, поддршка на туристички проекти, ревидирање на законската регулатива, студии и анализи од областа на туризмот, поддршка и кофинансирање на разни туристички манифестации и форуми, субвенционирање на странски организираниот туристички промет и меѓународни односи со организации од областа на туризмот (СТО, ЕТЦ, ЦЕИ, и др), како и финансирање на капиталниот објект, туристичката атракција Македонско село.

Програма за промоција и поддршка на туризмот, која се реализира преку Агенцијата за промоција на туризмот, е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија за 2014 г.,односно за промотивни активности и активности на поддршка на туризмот и тоа:

- За конвенционални промотивни активности во кои што спаѓаат:
    - подготвување, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал;

- учество на следните туристички саеми: Утрехт, Виена, Истанбул, Варшава, Брисел, Милано, Софија, Белград, Берлин, Москва, Гетеборг, Познањ, Измир, Токио;
- организирање на презентации пред и средби со странски туроператори;
- организација на посети на Република Македонија за туроператори, новинари и славни личности;
- билборд кампањи;
- реклами во принтани медиуми;
- соработка со Генерален Секретаријат и Агенција за странски инвестиции и промоција на извоз во однос на детерминирање на ТВ кампањи;

- За активности на електронска промоција во кои што спаѓаат:
  - активно користење на веб портал и веб страница и
  - користење на интернет социјални мрежи и промоција на веб пребарувачи;

- За специфична промотивна активност насочена кон транзитните патници - организација на делење на флаери на гранични премини и креирање на додатна понуда по должина на главни патни правци

- За активности за поддршка на туризмот во кои што спаѓаат:
  - дореализација на постојниот проект за потикнување и организација на мапирање и обележување на планинарски патеки, креирање на мапи како и комплетен водич и е-водич со планинарски патеки;
  - реализација и организација, мапирање и обележување на велосипедски патеки, креирање на мапи како и комплетен водич и е-водич со велосипедски патеки;
  - финансирање на изработка на соодветна урбанистичко-планска документација заради формирање на автокампови на земјишта во доминантна сопственост на Република Македонија, поддршка на развојот и промоција на авто камповите;
  - изработка на стратегии за развој на туризмот на даден локации;
  - поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации со меѓународен карактер а со значење за туристичката понуда во Република Македонија;
  - реализирање на проект за создавање на берза за туристички работници во Република Македонија;
  - вмрежување на приватни етно збирки во Република Македонија;
  - остварување на соработка со општини и плански региони;
  - организирање на директни средби со национални туристички организации со цел поттикнување на понудата за регионални тури за подалечни пазари како и за заеднички настап на истите;
  - остварување на меѓународна соработка со разни меѓународни организации и граѓанскиот сектор, вклучување во заеднички проекти за промоција и развој на туризмот;
  - остварување на законските обврски по однос на туристичките развојни зони и
  - други проекти за поддршка на туризмот;

**Институционална рамка**

Поддршката на туризмот ќе продолжи да се реализира преку Министерството за економија и Агенцијата за промоција на туризмот, а на највисоко ниво консултацијата ќе продолжи да се спроведува преку Комитетот за туризам.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Понатамошна имплементација на Стратегијата за развој на туризмот и Стратегијата за развој на рурален туризам. Понатамошно усогласување и подобрување на законската рамка согласно ЕУ директиви и стандарди.

**Институционална рамка**

Поддршката на туризмот ќе продолжи да се реализира преку Министерството за економија и Агенцијата за промоција на туризмот, а на највисоко ниво консултацијата ќе продолжи да се спроведува преку Комитетот за туризам. Ќе продолжат активности за формирање на слободни туристички зони во Република Македонија.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Проект со УНИДО за 2014-2015 за обуки на човечките ресурси во туризмот и угостителство. На регионално ниво се очекува да се реализира проектот од Стратегијата ЈИЕ 2020, каде ќе се спроведе анализа на потенцијалите за соработка, бариерите за соработка и понатамошни иницијативи за поврзување на капацитетите од регионот и заедничка понуда и промоција.

## 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ


***РЕЗИМЕ***

*Постигнат е напредок во однос на развојот на транспортните и енергетските мрежи во Република Македонија. Во континуитет се гради и обновува патната и железничката инфраструктура во земјата долж Коридор VIII и X (Xd), која претставува дел од мрежата на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО). Исто така, Република Македонија ја поддржува иницијативата за интегрирање на СЕЕТО мрежата во Трансевропските транспортни мрежи. Во однос на енергетски мрежи, изградбата на интерконеконективни врски со соседните земји продолжува во континуитет, што ќе придонесе за поголема сигурност во снабдувањето со електрична енергија во регионот на долгорочен план. Земјата континуирано учествува во работните тела на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО), Енергетската заедница и Европска асоцијација на електропреносните систем оператори (ENTSO-E) итн.*


### 3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Постигнат е напредок во имплементација на проектите за изградбата, односно подготовка на документацијата за градба, во однос на патните и железничките делници долж Коридор VIII и X(Xd), кои се дел од мрежите на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО).Согласно приоритетите од Пристапното партнерство на Република Македонија со Европската комисија, Република Македонија продолжува со имплементацијата на Меморандумот за разбирање за развој на главната транспортна регионална мрежа на југоисточна Европа и активно учествува во регионалните иницијативи и соработка во рамките на СЕЕТО. Повеќегодишниот план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа (СЕЕТО) 2014 ќе се фокусира на имплементацијата на проектите за развој на СЕЕТО мрежата и средствата за потребни за реализација на истите, како и на јасна приоритизација на инвестициските проекти. Во однос на Договорот за транспортна заедница, датумот за потпишување на Договорот за транспортна заедница се уште не е прецизиран од страна на Европската Комисија.

Во однос на **патната инфраструктура**, **долж Коридорот X**, во тек е изградба на последната делница *Демир Капија – Смоквица.* Изградбата на автопатската делница во дожина од 28 км, се реализира со средства од ИПА Компонента за Регионален развој, Европска банка за обнова и развој и Европска инвестициона банка, како и буџетски средства. Градежните работи се започнати во 2012 година и истите продолжија во текот на цела 2013 година. Во октомври 2013 година беа завршени 30 % од градежните работи. Изградбата на делница Демир Капија – Смоквица е предвидена за 2016 година, по што ќе биде исполнета целта за комплетирање на патниот Коридотот X на ниво на автопат.

Во однос на проектот за рехабилитација на автопатската делницита *Велес-Катланово*, кофинансиран преку ИПА Компонента за регионален развој, започната е тендерска постапка во септември 2013 година. Времетрањето на градежните работи е предвидено да биде 12 месеци. по потпишување на договорот. Во 2014 година планирано е да започнат и градежните работи. Овој проект беше рангиран во приоритетни проекти подобни за финансирање во Повеќегодишен План на СЕЕТО (МАП) за 2013 година, но со оглед на тоа дека беа обезбедени средства за негова реализација, истиот веќе не е на приоритетната листа на проекти од МАП 2014.

Во однос на *Проектот за подготовка на студија и акциски план за подобрување на безбедноста по СЕЕТО мрежата (коридор X, X-d, VIII, рута 6 и рута VIII)* одобрен е Образец за идентификација на проектот (ОИС) на 04.X.2013 година од страна на Делегација на Европската Унија во Република Македонија (ДЕУ). Времетрање на договор е предвидено да биде 12 месеци по потпишувањето.

*Рехабилитација на мостови со грант од НАТО*: Цел на овој проектот е зајакнување на 13 мостовски конструкции на северната лента од државниот пат А1, делница: Катланово - Велес. На 13.09.2013 година потпишан е договор за изведување градежни работи со фирма од Франција. На 06.11.2013 година, беше официјално промовирано започнувањето на градежните активности. До крај на 2013 год. се планира да се рехабилитираат два помали моста.

Во однос на **патен Коридор VIII,** на 12.11.2013 година помеѓу претставници на Владата на РМ и овластениот претставник на кинеската компанија, потпишан е договор за изградба на *патната делница Кичево-Охрид.* Автопатот од Кичево до Охрид е во должина од 56.7 километри со широчина од 25.5 метри, со две автопатски ленти, дополнителна линија за запирање и зелен појас.

Во однос на **железничка инфраструктура**, во текот на 2013 година се работеше на подобрување на железничкиот транспорт и инфраструктура преку проекти за *рехабилитација на железниката линија долж Коридор X и кракот X-d и изградба на Коридор VIII*, железничкото поврзување со Република Бугарија. Проектот за изградба на железницчката делницата од *Куманово до Крива Паланка* е рангиран во приоритетни проекти подобни за финансирање во Повеќегодишен План на СЕЕТО 2014. Исто така и проектот за изградба на *железничката делница Кичево – граница со Република Албанија* е проектот кој е рангиран во приоритетни проекти подобни за финансирање во Повеќегодишен План на СЕЕТО 2014)[44].
Во текот на 2013 година, се завршија градежните работи за ремонт на *железнички делници од Куманово до Табановце и Миравци до Смоквица* и истите се водат како тековни проекти за кои се веќе обезбедени финансиски средства во Повеќегодишен План на СЕЕТО 2014. На 15.11.2013 година, Министерот за транспорт и врски издаде Одобрение за пуштање во употреба на делницата од Куманово до Табановце во должина од 11 км, а на 06.09.2013 година го издаде Одобрението за пуштање во употреба на делницата од Миравци до Смоквица во должина од 12 км. Со овој ремонт на двете делници направена е модернизација на делницата, зголемена е сигурноста и брзината на движење во железничкиот сообраќај на 120км/ч.
*Рехабилитација и надградба на Железничка станица Скопје според најдобрите ЕУ практики*: На 04.07.2013 е објавен тендерот за градежни работи. Времетрањето на договорот од моментот на потпишување е 11 месеци.
Тендерот за *Набавка и инсталација на опрема за автоматска регулација на брзините на возовите (ETCS) и опрема за радио диспечер (GSMR) по должина на Коридорот X Табановце-Гевгелија* е објавен на 05.02.2013 година.

Во рамките на Министерството за транспорт и врски, Секторот за европска унија се состои од три одделенија: Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА фондови, и Одделение за други меѓународни инвестиции. Во Секторот за европска унија има 14 вработени од кои сите се во постојан работен однос. Надлежни институции за спроведување на проектите од трансевропските мрежи се Министерство за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта, МЖ Инфраструктура, Министерство за финансии и Секторот за железници од МТВ. За претставниците на Одделението за ИПА фондови (ипа структурата), на годишно ниво се проценува потребата од обуки и истата се доставуваат до ЦФЦД-Министерство за финансии. За останатата институционалната рамка види Поглавје 3.14 Транспортна политика.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Во однос на *Националната Транспортна стратегија* (2007-2017) во април 2014 година планирано е петтото ажурирање. Ажурирањето се врши на секои две години, а има за цел следење на спроведување на активностите предвидени во Националната транспортна стратегија 2007–2017, како и подготовката на Информацијата за степенот на реализација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија (од 2007 до 2017 год.).

Со Управниот комитет на СЕЕТО во текот на 2014 година ќе претседава државниот советник од Министерството за транспорт и врски на Република Македонија. Главна цел е проектот за изработка на Регионална транспортна студија која треба да ја дефинира главната СЕЕТО мрежа, како и анализа на проширувањето на Трансевропската транспортна мрежа.

**Модернизација на патен Коридор X**
Во однос на патната инфраструктура, продолжува изградбата на последната патна делница *Демир Капија – Смоквица,* долж Коридорот X, во временскиот период од 2012 – 2016 година.
Основниот проект и соодветните студии за *делниците од патниот Коридор X-d, Клучка Дреново - Клучка Градско и Мост Раец - Клучка Дреново* се финализираа во 2013 година. Потоа следи реализација т.е. градба на овие делници со средства од ИПА од следниот плански период 2014-2020 и со средства од меѓународните финансиски институции.
Во однос на патната делница *Битола-Ресен-Охрид-Подмоље,* се планираат активности за изработка на проектна документација во рамки на Оперативна програма за регионален развој 2007-2013 год.
Во однос на проектот за рехабилитација на автопатната делница *Велес - Катланово,* како дел од Коридорот X планирано е градежните работи да започнат во 2014 година.

*Рехабилитација и надградба на автопатната делница Смоквица - Гевгелија, како дел од Коридорот X* е планиран проект за 2014 година. Комплетирана на тендерска документација за градба и надзор. Времетрањето

[44] проекти подобни за финансирање се проекти за кои не се обезбедени финансиски средства и затоа се наоѓаат на приоритетната листа на МАП 2014.

на градежните работи по потпишување на договор е 18 месеци. Се очекува тендерската постапка за избор на изведувач на градежни работи да започне во почеток на 2014 година.

*Во однос на проектот за подготовка на студија и акциски план за подобрување на безбедноста по СЕЕТО мрежата (коридор X, X-d, VIII, рута 6 и рута VIII)* се очекува консултантите да започнат со подготовката на Студијата и Акцискиот план во првата половина на 2014 година.

*Рехабилитација на мостови со грант од НАТО*: Работите од Договорот за рехабилитација треба да се завршат до септември 2015 година.

Во однос на **патен Коридор VIII,** градежните активности се очекува да започнат во првата половина на 2014 година.

**Модернизација на железнички Коридор X**
*Ремонт на Коридор X финансиран со заем од ЕБОР:* До крајот на 2014 година, согласно договорената динамика на изведување на градежните работи, треба да заврши ремонтот на *делницата Ногаевци-Неготино* во должина од 30,9 км, а со тоа и реализација на кредитот од Европската банка за обнова и развој.

За делницата *Куманово – Дељадровце од железничкиот Коридор X* во тек е подготовка на основен проект за брзина од 120 км/час кој во 2014 година треба да се биде завршен и ревидиран.

За делницата *Битола - Кременица од железничкиот Коридор Xd од Коридорот X,* во ноември 2013 година е доставена ИПА апликација до Европската Комисија. Се очекува до крајот на 2014 година да се започне со градба на оваа делница. Овој проект беше рангиран во приоритетни проекти подобни за финансирање во Повеќегодишен План на СЕЕТО за 2013 година, но со оглед на тоа дека беа обезбедени средства за негова реализација преку ИПА, истиот веќе не е на приоритетната листа на проекти од МАП 2014.

*Во однос на проектот за Рехабилитација и надградба на Железничка станица Скопје според најдобрите ЕУ практики* се очекува градежните работи да започнат во првата половина од 2014 година.

*Рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот X и кракот Xd според најдобрите практики во ЕУ*: Во текот на 2014 година планирано е да започне рехабилитацијата на железничките станици. Проектот се очекува да заврши крајот на 2015 година.

*Набавка и инсталација на опрема за автоматска регулација на брзините на возовите (ETCS) и опрема за радио диспечер (GSMR) по должина на Коридорот X Табановце-Гевгелија:* Се очекува проектот да започне во првата половна од 2014 година и да заврши крајот на 2016 година.

**Комплетирање на железнички Коридор VIII**
*Во однос на обезбедувањето на финансиски средства за градба и надзор на делницата од Бељаковце до Крива Паланка*, во текот на вториот квартал од 2014 година се планира да започнат и да се водат преговорите за затварање на финансиската конструкција за градба на оваа делница од страна на Министерството за финансии, по пат на заем.

*Проектирањето на делницата од Кичево (Македонија) до Лин (Албанија)* ќе биде во рамки на проект фиансиран од Европската Унија, за кој во 2013 година беше започната тендерка постапка.

**Правна рамка**
Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика. Види Поглавје 3.14

**Институционална рамка**
Во 2014 година се планира вработување на едно стручно лице во Секторот за европска унија при Министерството за транспорт и врски.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Модернизација на патен Коридор X**

Реализација на *проектот Демир Капија-Смоквица*. Проектот во дожина од 28.3 км се реализира со средства од ИПА Компонента за регионален развој, Владата на Република Македонија, Европска банка за обнова и равој и Европска инвестициона банка. Делницата треба да биде изградена до септември 2016 година.
На среднорочен план во однос на *делниците од патниот Кориодор X-d, Клучка Дреново - Клучка Градско и Мост Раец - Клучка Дреново* се предвидува нивна изградба.
Активности за изработка на проектна документација за *делница Битола-Ресен-Охрид-Подмоље* се планираат со Оперативна програма за регионален развој 2007-2013 во овој период.
Градежните работи за *рехабилитација на автопатната делница Велес - Катланово, како дел од Коридорот X* ќе продолжат и во 2015 година.

Градежните работи за *рехабилитација и надградба на автопатната делница Смоквица - Гевгелија, како дел од Коридорот X,* по успешно завршување на тендерските постапки, се очекува да се изведуваат и во 2015 -2016 година.

*Подготовка на студија и акциски план за подобрување на безбедноста по СЕЕТО мрежата (коридор X, X-d, VIII, рута 6 и рута VIII*

Градежните работи од проектот за *Рехабилитација на мостови со грант од НАТО*, согласно Договорот, треба да се завршат до септември 2015 година.

**Модернизација на патен Коридор VIII**
На среднорочен план, во однос на *патната делница Кичево-Охрид*, се очекува реализација на градежните работи.

**Модернизација на железнички Коридор X**
*Ремонт на коридор X финансиран со заем од ЕБОР:* До крајот на 2014 година, согласно договорената динамика на изведување на градежните работи, треба да заврши ремонтот на *делницата Ногаевци-Неготино* во должина од 30,9 км, а со тоа и реализација на кредитот од Европската банка за обнова и развој.

За делницата *Куманово – Дељадровце од железничкиот Коридор X* основен проект за брзина од 120 км/час кој во 2014 година се очекува да се биде завршен и ревидиран.

Се очекува градежните работи *за рехабилитација и надградба на Железничка станица Скопје според најдобрите ЕУ практики* да започнат во првата половина од 2014 година и да траат до крајот на 2015 година.

*Ремонт со реконструкција на делницата (железничка пруга) Битола - Кременица (граница со Р. Грција) како дел од крак Xd и Коридорот X:* До крајот на 2014 година треба да започне градбата на оваа делни и да се заврши 1VIII месеци по потпишување на Договорот. Односно, градбата на делницата ќе биде во периодот 2015 - 2017 година.

Во текот на 2014 година планирано е да започне *рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот X и кракот Xd според најдобрите практики во ЕУ*. Проектот се очекува да заврши крајот на 2015 година.

*Изработка на проектна документација (Физибилити студија, идеен проект, кост - бенефит анализа, студија за влијание врз животната средина и основен проект) и тендерско досие за градежни работи и надзор над градежните работи за рехабилитација и реконструкција железничката делница Велес - Битола како дел од кракот Xd од Коридор X:* Времетрањето на Договорот е планирано да биде 24 месеци по потпишување. Се очекува проектот да започне во првата половина од 2015 година.

*Набавка и инсталација на опрема за автоматска регулација на брзините на возовите (ETCS) и опрема за радио диспечер (GSMR) по должина на Коридорот X Табановце-Гевгелија:* Се очекува проектот да започне во првата половина на 2014 година и да заврши до крајот на 2016 година.

**Комплетирање на железнички Коридор VIII**

*Рехабилитација на делницата Куманово-Бељаковце:* Во 2014 година ќе започнат се реализираат градежните работи на рехабилитацијата на делницата од Куманово до Бељаковце и истите се планираат да завршат во рок од 30 месеци (2016 година).

*Изработка на основна техничка документација за градба за делницата од Бељаковце до Крива Паланка:* Во текот на 2014 година, консултантот ќе работи на изработка на основните проекти. Паралено со изработката на проектите, на среднорочен план предвидена е ревизија на проектите.

*Изградба на нова и рехабилитација на постојната пруга на делница Бељаковце до Крива Паланка:* Во 2016 година се планира да започне градбата на оваа делница и во рок од 48 месеци истата да биде звршена.

*Подготовка на основен проект и тендер за градба и надзор за нова делница од Крива Паланка до граница со Бугарија како дел од железничкиот коридор VIII:* Времетраењето на Договорот е 24 месеци по потпишувањето и планирано е да биде финансиран од ИПА. Тендерската постапка за оваа делница треба да започне во 2014 година.

*Делница од Кичево до граница со Република Албанија:* Во 2014 година се очекува консултантот да започне со работа, и основниот проект да заврши во рок од 22 месеци (2016 година да заврши).

**Институционална рамка**
На среднорочен план се планираат нови вработувања во Секторот за европска унија при Министерството за транспорт и врски, како и обука за вработените согласно нивните потреби.

## 3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Развојот на електропреносната мрежа кон соседните земји се одвива во континуитет согласно приоритетите утврдени во националната Стратегија за развој на енерегетиката на Република Македонија, Регионалната Стратегија за развој на енергетиката на Енергетската заедница како и новата регионална Стратегија на југоисточна Европа 2020. Претставниците на државните институции, регулаторното тело, како и на операторотите на преносните мрежите во Република Македонија, на регионално и европско ниво активно учествуваат во работните групи на Енергетската заедница, ENTSO-E (Европска асоцијација на електропреносните-систем оператори) и други иницијативи. Република Македонија вложува напори во гасификација на земјата, со што ќе се обезбеди поголема достапност на природниот гас на потрошувачите и ќе се придонесе за побрз и поголем економски развој на земјата.

Операторот на преносната мрежа за електрична енергија, АД (МЕПСО), активно се вклучи во постапката за предлагање и утврдување на проекти од интерес на Енергетската заедница (Projects of Energy Community Interest - PECI), по што беа доставени два предлог проекти. По спроведената постапка, проектот 400 kV интерконективна врска Битола (Република Македонија) – Елбасан (Република Албанија) беше прворангиран проект во групата на проекти за електроенергетска инфраструктура.
АД МЕПСО активно работи во рамките на Енергетската заедница и во формирањето на Канцеларија за доделување на прекугранични преносни капацитети. Во 2013 година беа одобрени аукциските правила во рамки на Регулаторниот борд на Енергетската заедница.
АД МЕПСО е полноправен член на ENTSO-E и во рамките на оваа организација активно учествува во изработката на TYNDP 2014 и Регионалниот план – RgIP2014, кои опфаќаат планирачки хоризонт до 2030 година.
Во рамки на *Програмата SECI*[45] (Southeast European Cooperation Initiatve) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (Transmission System Planning - TSP). Продолжува изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2020, 2025 и 2030 година. Изработена е регионалната Студијата за доверливост на преносната мрежа во регионот на југоисточна Европа (Reliability Assessment of Southeast Europe Transmission Network). Во тек е изработка на Студија за верификација на регионалниот динамички модел на Електроенергетскиот систем (ЕЕС) и Студија за оптимизација на преносните капацитети во ЈИЕ.

---
[45] Започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (United States Energy Association).

**Електропреносна инфраструктура**

*400 kV интерконеконективна врска Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија)* за овој проект предвидени се средства за реализација 19,2 милиони евра од кои 11 милиони евра се заем од Светска Банка, а останатите 8,2 милиони евра се сопствени средства на АД МЕПСО. 95% од експропријацијата е завршена. На 7 февруари 2013 година е потпишан Договор за изградба. Рокот за изградба е 17 месеци. Пред завршување целосно на постапката за експропријација, се предвидува АД МЕПСО да аплицира во Министерството за транспорт и врски (МТВ) за добивање на Одобрение за градба.

*400 kV интерконеконективна врска Скопје (Република Македонија) – Република Косово (Ново Косово)* е пријавен во листата за квалификација на проекти од интерес на Енергетската заедница (PECI проекти) во Секретаријатот на енергетската заедница и истиот не е евалуаиран од причина што реализацијата на истиот би била после 2022 година што е утврдено во TYNDP 2014 на ENTSO-е.

*400 kV интерконеконективна врска Битола (Република Македонија) – Елбасан (Република Албанија)* е прворангира проект од страна на Енергетската заедница и истиот е во контекст на исполнување на приоритетите утврдени во Стратегијата за равој на енергетиката на Република Македонија и регионалната Статегијата на ЈИ Европа 2020. Во рамките на првиот грант од Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF), доставени се забелешките на финалните документи од Фисибилити студијата и Студијата за оцена на влијанието врз животната и социјалната средина (ОВЖСС). Консултантите ги спроведуваа забелешките и одговорија на коментарите по втората ревизија на првичните финални документи. Усвоени се финалните Фисибилити и ОВЖСС од страна на МЕПСО и OST - албанскиот преносен систем оператор. Фисибилити студијата и ОВЖСС се испечатени и доставени до МЕПСО. ОВЖСС на македонски јазик е прилагодена согласно националната регулатива и е дадена на печатење пред да се достави до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на јавен увид. Во рамките на вториот грант од WBIF за овој проект, започната е постапката за избор на проектант за изработка на главен проект, врз база на Фисибилити студијата.

Во тек е реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи со *Проектот „Изградба на објекти од електрична мрежа“*[46] со што се подобруваат перформансите на електропреносниот систем на Република Македонија и се обезбедува доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите. За реализација на трафостаница (ТС) Петровец, АД МЕПСО потпиша Договори како за изградба на 110 кV РП во ТС 110/35/10 кV Петровец така и за изградба на 110 кV приклучниот ДВ за трафостаницата ТС 110/35/10 кV Петровец. Изградбата на трафостаницата е во тек и се очекува истата да биде завршена до декември 2013. За приклучниот далековод (ДВ) на ТС 110/35/10 кV Петровец на преносна мрежа изработен е и одобрен проектот за инфратструктура од страна на МТВ. Во тек е експропријацијата на земјиштето на столбните места и по завршување на постапката за експропријација ќе следи аплицирање во МТВ за добивање на Одобрение за градба за приклучокот. Во врска со изградбата на ДВ 2х110 кV ХЕЦ Вруток-ТС Тетово, за време на зимскиот период, времено е стопирана изградбата на далекуводот.

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за развој на регионалниот енергетски пазар влезен е *„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“*. Проектот е комплексен со 5 компоненти од кои во тек се следните компонети:

*Компонента 2: Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи.* Во рамките на оваа компонента планирана е изградбата на 2х110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4 за кој се очекува скоро добивање на парцијална дозвола за градба за делот од проектот кој се однесува на далекуводот. За приклучокот на далекуводот во постојните трафостаници, комплетно се завршени работите во ТС Битола 4 додека во тек се градежните и електромонтажните работи во ТС Битола 3. Како дел од овој проект пуштен е во работа вториот систем од 2х110 kV ДВ ТС Битола 2- ТС Битола 3 на кој ќе биде приклучен новиот 2х 110kV ДВ ТС Битила3 - ТС Битола 4.

Во рамките на оваа компонента планирана е реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 за кој експропријацијата е во тек и истата е 50% завршена. Одобрен е Проект за инфраструктура од страна на МТВ. На 7 февруари е потпишан Договор за изградба. Рокот за изградба е 13 месеци и истиот станува ефективен по добивање на Одобрение за градба од страна на МТВ. По завршување на постапката за експропријација, се предвидува АД МЕПСО да аплицира во МТВ за добивање на Одобрение за градба.

*Компонента 4: Надградба и реконструкција на постојните 110/х kV трафостаници* За Пакет 10, Лот 2[47]: Досега се реализирани следните активности: Изработка и ревизија на Проектната документација; Фабрички приемни испитувања и испорака и складирање на целокупната опремата во електроенергетските објекти и инсталациски работи. Направени се прилагодувања и Site Acceptance Tests во следните објекти: ТС Македонска Каменица, ТС Делчево, ТС Виница, ТС Велес 1, ТС Велес 2, ТС Ресен, ТС Битола 4, ТС Полог , ТС Самоков, ТС Осломеј, ТС Кичево, ТС Југохром. Извршени се прилагодувања, инсталација и тестирање на опремата за

---

[46] Започнат во 2004 година и е финансиран од Европската банка за инвестиции (EIB) со кофинансирање од страна на АД МЕПСО.

[47] Договорот е потпишан на 14.09.2011 год. со рок на реализација на сите активности од три години.

заштита и надзор и управување во ТС Југохром, ТС Осломеј, ТС Охрид 1. Преостанува да се реализираат активностите во ТС Берово, ТС Валандово и ТС Струга како и отстранување на забелешките од приемните испитувања во дел од објектите. Активностите во овие објекти се поврзани со изградба на командно-контролни објекти во наведените трафостаници.

*Компонента 5: Поддршка на институционалниот развој.* Имплементацијата на договорот со консултанти за проектот за набавка на деловен информациски систем (ДИС) и договорот за набавка на опрема за ДИС се во тек. Поради дополнителни потребни тестирања на инсталираната опрема, завршувањето на имплементација на Договорот за набавка на опрема за ДИС, како и Договорот со консултантите за проектот за набавка на ДИС се продолжени.

*Проектот Четири трафостаници 400/110 kV* за реконструкција на постојната опрема за управување и заштита во четири трафостаници од 400/110 kV, односно Скопје 1, Скопје 4, Битола 2 и Дуброво е тековен и истиот се реализира со средства преостанати од кредитот на ЕБОР за 400 kV интерконекција ТС Штип (Макеоднија) – ТС Червена Могила (Бугарија). Опремата во ТС Скопје 4 и ТС Дуброво е инсталирана. Инсталација на опремата продолжува во ТС Скопје 1 и ТС Битола 2.

*Проектот НОВА SCADA/EMS* ќе овозможи поквалитетен надзор и управување со електроенергетски систем (ЕЕС) на Република Македонија во реално и проширено време со висока доверливост, сигурност и расположивост согласно со ENTSO-E регулативата и стандардите. Проектот се реализира во два пакети:

*Пакет 1 - Испорака и инсталација на нов SCADA/EMS за национален диспечерски центар (НДЦ) и резервниот НДЦ.* По евалуација на понудите од тендерот, од страна на банката е прифатен евалуацискиот извештај. Со најповолниот понудувач потпишан е договор на 14.10.2013. Одржан е првиот иницијален состанок.

*Пакет 2 - Испорака и инсталација SACS за 9 трафостаници.* По евалуација на понудите од тендерот, банката го прифати евалуацискиот извештај и се потпиша договор со најповолниот понудувач на 28.05.2013 год. Рок на реализација на договорот е една година. Динамиката на реализација е поврзана со реалните можности на добивање на исклучувања на поодделни изводи согласно состојбите во ЕЕС. Специфицирани се ordering code за опремата, а во фаза на изработка е и проектната документација.

Новиот *Проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа* е составен од четири компоненти: ревитализација на 110 kV далекуводи, примарна опрема, комплетно затварање на оптичкиот прстен со поставување оптички кабел во преносната мрежа и далечинско следење, видео надзор и управување со трафостаници. Проектот е финансиран од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР).

АД МЕПСО ги достави взаемно прифатените и потпишани документи Term Sheet и Letter of Information до ЕБОР, кои претходат на потпишувањето на Договор за заем. Преговорите помеѓу АД МЕПСО и Банката за потпишување на Договорот за Заем заврши ја. Започната е процедурата за усвојување на Законот за задолжување за овој проект. По потпишување на Договорот за заем, АД МЕСПО ќе започне со имплементација на проектот, согласно процедурите на Банката. Во тек се подготовки на објава на намера за ангажирање на консултант.

**Гасоводна инфраструктура**

Врз основа на изработените идејни проекти од физибилити студијата за гасификација, изработени се основни проекти за 5 делници и тоа: Клечовце-Штип-Неготино (Кавадарци), Кавадрци-Прилеп-Битола, Штип-Радовиш-Хамзали, Хамзали-Струмица-Богданци-Граница Грција и Скопје-Тетово-Гостивар со можност за поврзување со Кичево. „Македонски енергетски ресурси АД Скопје" води разговори за склучување на Договор со руската компанија која треба да гради делница од магистралниот гасовод со средства од рускиот долг. Согласно барањата на ЕБОР за добивање заем, изработен е Проектот „Анализа на процената за недостатоците во Студијата за социјалното влијание и влијанието на животната средина на националниот гасификационен систем на Република Македонија" со грант средства од WBIF.

**Институционална рамка**

Во однос на зајакнување на административните капацитети за Секторот енергетика во Министерството за економија (МЕ) предвидени се обуки преку ИПА проект, за повеќе детали види поглавје 3.15 Енергетика.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Електропреносна инфраструктура**

Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на АД МЕПСО се заснова на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година и Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година. Стратегијата предвидува поврзување на електроенергетскиот систем на Република Македонија со 400

kVинтерконективни далноводи: Република Македонија – Република Србија, Република Македонија - Република Албанија и Република Македонија - Република Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем.
Во 2014 година за *400 kV интерконеконективна врска Штип (Република Македонија) – Ниш ( Република Србија)* се очекува да се добие одобрението за градба и да започне интензивно да се гради далекуводоот.
*За 400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Република Косово (Ново Косово)* во 2014 година се очекува МЕПСО и КОСТТ (Косовскиот електропреносен систем оператор) да започнат соработка на ниво на стратешко планирање и развојни анализи.
*За 400 kV интерконеконективна врска (Република Македонија) – (Република Албанија)* во 2014 година се очекува да бидат завршени јавните расправи и да се добие одобрение за ОВЖСС од страна на МЖСПП. Во рамките на вториот грант од WBIF за овој проект, ќе продолжат активностите околу изработката на целокупната техничка документација за интерконективниот далекувод и 400/110 kV ТС Охрид.
Во фаза на реализација се втората и третата делница од двосистемскиот далекувод. Активностите во проектот *„Изградба на објекти од електрична мрежа“*, поточно за изградбата на ТС Петровец и приклучниот далекувод се очекува во 2014 година да бидат завршени.
Во рамки на *„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“* во *Компонента 2* за 2x110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4, во 2014 година се очекува работите во ТС Битола 4 да бидат комплетирани и да започне изградбата на далекуводот по добивање на одобрението за градба. Во текот на 2014 година се очекува далекуводото да биде изграден. За реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 се очекува во 2014 година да заврши експропријацијата, да се добие Одобрение за градба и да започне изградбата на далекуводот. _*Компонента 4* и *Компонента 5* се очекува да завршат во 2014 година.
Реализација на *Проектот Четири трафостаници 400/110 kV* се очекува да заврши во 2014 година.
*Во проектот Нов SCADA/EMS систем,* Пакет 1 - Испорака и инсталација на нов SCADA/EMS за НДЦ и резервниот НДЦ, се очекува да биде реализиран во 2014 година. Пакет 2 - Испорака и инсталација SACS за 9 трафостаници, согласно Договорот, се очекува да биде реализиран до декември 2014 година.
За новиот *проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа,* составен од четири компоненти, во 2014 година се очекува да се изработат техничките документации и да започне реализацијата на компонентите.

**Гасоводна инфраструктура**
Со средства обезбедени од *„Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за регулирање на обврската на поранешниот СССР по пресметките сврзани со стоковната размена меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ“* ќе се гради делницата Клечовце-Неготино. Се планира изградбата да започне во 2014 година и да трае две години (до 2016 година).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Електропреносна инфраструктура**
Реализацијата на проектот *400 kV интерконеконективна врска Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија)* се очекува да заврши во 2015 год.
Во однос на *400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косово (Косово Ц),* на среднорочен план предвидено е изработка на фисибилити студија и техничка документација.
Во однос на *400 kV интерконеконективна врска: 400 kV далековод Република Македонија – Република Албанија,* во рамките на вториот грант од WBIF за овој проект, се очекува да биде комплетирана техничката документација и започната постапката за експропријација како и постапката за добивање заем, тендерската постапка и добивањето на Одобрението за градба.
За новиот *проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа* по одобрување на заемот, во 2015 и 2016 година се очекува да почне реализација на компонентите од преоктот.

**Гасоводна инфраструктура**
Изградба на трасите ТЕЦ Неготино-Кавадарци-Прилеп-Битола и РЕК Битола-Кременица-граница со Република Грција, Штип-Хамзали-Стојаково-Република Грција и Скопје-Тетово-Гостивар ќе се финансира со заем од ЕБОР, како прва фаза. Изградбата се планира да започне 2015 година и да заврши до крај на 2018 година.
Како втора фаза од заемот ЕБОР/ЕИБ ќе се финансираат делниците Гостивар-ТЕЦ Осломеј-Кичево, Хамзали-Ново Село-граница со Република Бугарија и преостанатиот дел на магистралните гасоводи од Националниот гасоводен систем во Република Македонија. Овие делници се планираат да започнат во 2017 година и да завршат до крајот на 2022 година.

## 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

***РЕЗИМЕ***

*Имајќи предвид дека ефикасното користење на претпристапната помош на Република Македонија значи поддршка при исполнувањето на критериумите за пристапување на патот кон полноправно членство во ЕУ, фокусот останува да биде врз максимална апсорпција на средствата од ИПА, обезбедување соодветна, ефективна и ефикасна имплементација на проектите финансирани од ИПА, истовремено почитувајќи ги принципите на стабилно финансиско управување и соодветни контроли. Воедно, особен акцент ќе се стави на воведувањето на целосно децентрализирано управување на ИПА без ex-ante контроли.*

*Во текот на 2014 година, во согласност со Програмата за работа, Владата на Република Македонија ќе продолжи да се залага за унапредување на развојот на сите региони во земјата. Рамномерниот регионален развој треба да помогне во создавањето на еднакви можности во сите региони во земјата со цел истите да можат да се интегрираат во економијата, подобрувајќи ја на тој начин нивната инфраструктура. Владата на Република Македонија ќе продолжи да ги следи промените во европското законодавство со цел утврдување на потребите од понатамошни измени во постоечката релевантна правна рамка во областа на регионалниот развој. Во следниот период, ќе продолжи следењето на Акциските планови со цел воведување на децентрализирано управување со ИПА Компонентите 3 и 4 без ex-ante одобрување од страна на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија. Во периодот 2014-2016 акцентот ќе биде ставен на натамошно јакнење на административниот капацитет со цел да се гарантира целосна и ефективна употреба на ИПА помошта за Македонија. Посебен акцент ќе се стави на постигнување целосна децентрализација на ИПА без (ex-ante контроли). Во однос на програмирањето во фокусот останува да биде остварување на висока стапка на искористеност на средствата од преостанатите алокации за ИПА Компонентите 3 и 4. При програмирањето на преостанатите алокации од ИПА и новите алокации од ИПА II, ќе се имаат во предвид начелата од Стратегијата за одржлив раст и работни места, позната како „Европа 2020“ и Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 на Советот за регионална соработка. Во следниот период, во однос на мониторинг и оценувањето на проектите, во фокусот останува да биде континуирано јакнење на системот за следење и контрола на имплементацијата на Оперативните програми. Во фокусот останува да биде сигурното финансиско управување со цел да се обезбеди навремена и непречена имплементација на проектите финансирани од ИПА.*

### 3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Како основа за воспоставување на потребните структури и надлежни органи во Република Македонија за управување со ИПА помошта при децентрализирано управување, Рамковната спогодба е основниот правен акт во кој се пропишани принципите за соработка помеѓу Република Македонија и Европската комисија во однос на имплементацијата на ИПА.

Поглавјето 22 кое ја покрива регионалната политика и координацијата на структурните инструменти вклучува координација и соработка со повеќе институции во земјата. Министерството за локална самоуправа во соработка со Бирото за регионален развој донесоа неколку акти во областа на регионалниот развој. Во тој правец, треба да споменеме дека Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Македонија бр.63/07) е основата за развој на регионите, додека Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за периодот 2009-2019 и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2013-2015 се документи кои го сочинуваат планот за интервенции во поддршката на регионалниот развој. Во 2013 година Владата ја донесе Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност за период од 2013-2017(Службен весник на Република Македонија бр.88/2013) и Одлука за изменување на одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони (Службен весник на Република Македонија бр.88/2013). Регионалниот развој во Република Македонија е ориентиран во насока на подигање на нивото на развој на планските региони до нивото на најразвиените региони во Европа. За да може да ја оствари оваа цел системот за поддршка на регионалниот развој е

координиран помеѓу повеќе министерства и владини институции и во себе вклучува елементи на поттикнување на соработка со невладиниот и бизнис секторот во планските региони.

Приоритетните мерки во Акцискиот план за регионален развој за периодот 2013-2015 година се поделени на две основни групи, од кои првата група на приоритетни мерки опфаќа поттикнување на економскиот раст во планските региони, развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони и препознавање и искористување на иновативните потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони. Втората група приоритетни мерки опфаќа оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони, градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони и зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите.

Во 2013 година во буџетот на Министерството за локална самоуправа се планирани околу 780 илјади евра за спроведување на мерките за поттикнување рамномерен регионален развој. Распределбата на планираните средства ќе се спроведе во согласност со Програмата на рамномерен регионален развој во 2013 година, која ја донесе Владата на Република Македонија. Во Бирото за регионален развој, по Програмата за регионален развој се планирани околу 850 илјади евра за реализација на проекти за поттикнување на рамномерен регионален развој.

ИПА, како дел од пакетот на надворешни акции на ЕУ ќе продолжи да функционира и во периодот 2014-2016 година. Новиот Инструмент е пошироко познат под името ИПА II. Процесот за поставување на структурата и на принципите ИПА II започна во декември 2010 година. Конференцијата одржана во Брисел, симболично го означи почетокот на консултациите за ИПА II, по што следеа широки консултации со различните засегнати страни во текот на 2011, 2012 и 2013 година. Врз основа на консултациите, научените лекции и стекнатото искуство од тековната ИПА, беа подготвени основните документи и беа утврдени општите принципи за натамошното користење на ИПА II. Нацртот на Регулативата за ИПА II и работниот документ за Правилата за спроведување (Регулатива за спроведување) се уште се преговараат во рамки на институциите на ЕУ. Истите предвидуваат одредени новини што ќе имаат влијание на програмирањето, воведувајќи сеопфатен и стратешки пристап кон претпристапната помош.Компонентите се заменети со „области на дејствување“ и секторски пристап во управување со помошта. Новиот Инструмент цели кон постојаност на дејствувањето и поттикнување на поблиска соработка помеѓу четирите генерални директорати во Европската комисија, во одредување на една заедничка стратегија за секоја посебна земја. Целокупната координација на ИПА II му се доделува на Генералниот директорат за проширување, со исклучок на поддршката за земјоделството и руралниот развој, која што останува во надлежност на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој.За разлика од тековната ИПА статусот на земјите корисници на помошта нема да влијае на типот и јачината на интервенциите, вклучувајќи го и пристапот до средствата расположливи за различните „области на дејствување“. Тоа ќе биде приспособено на потребите и капацитетите на секој посебен корисник.Како и сите други документи за надворешно дејствување на Европската унија, ИПА II ќе биде повеќе ориентирана кон резултати. Потребно е да се осигури дека претпристапната помош има долгорочно влијание, ќе ја подобри ситуацијата во земјите-корисници и ќе го помогне унапредувањето во процесот на пристапување. Резултатите ќе се мерат на основа на јасно поставени цели, како и врз база на реални показатели за мерење на постигнувањата. Новитет во ИПА II е и елементот на успешност, што подразбира дополнителни средства за оние земји кои што ќе покажат добри резултати, како и поголема флексибилност во пренамената на средствата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2014 година, фокусот ќе биде ставен наспроведувањето на активностите од Акцискиот план спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2013-2015 година. За обезбедување на рамномерниот регионален развој, континуирано ќе се јакне улогата на Советот за рамномерен регионален развој. Во рамките на Советот ќе се координира искористувањето на средствата од сите секторски програми наменети за регионите/општините.

Исто така, во текот на 2014 година, по усвојувањето на новата регулатива за ИПА II, Владата на Република Македонија ќе го оцени нејзиното влијание врз националното законодавство и согласно тоа, ќе преземе чекори кон усогласување на новата регулатива со националното законодавство како би се поставила основата за искористување на ИПА II.

Во текот на 2014 година ќе биде Ратификубана Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош II (2014-2020).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Во однос на приоритетите на среден рок, акцентот ќе биде ставен на утврдување на потребите од понатамошни измени во постоечката релевантна правна рамка согласно европското законодавство, а во рамки на Акциските планови  со цел воведување на децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4 без ex-ante одобрување од страна на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

Понатаму, инструментите предвидени во Стратегијата за рамномерен регионален развој треба да ги насочат планските региони и единиците на локалната самоуправа да започнат со подготовка на проекти за развој, да овозможат транспарентност во претставувањето на развојниот пристап и политика и да ја информираат општата јавност кои се главните прашања во регионалниот развој во блиска иднина.

## 3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Владата на Република Македонија го воспостави системот за децентрализирано управување со ИПА (ДИС) за имплементација на ИПА компонентите 1, 3 и 4 во согласност со акредитациските критериуми утврдени во Анексот на Регулативата на ЕК бр.718/2007 (ИПА Регулативата за имплементација). По воспоставувањето на потребните структури во рамките на државната администрација, Република Македонија доби акредитација од Европската комисија за воспоставениот систем за децентрализирано управување, при што националните институции се одговорни за програмирање, како и за правилно и ефикасно користење на добиените средства во рамките на четири од вкупно пет ИПА Компоненти (освен за втората ИПА Компонента за прекугранична соработка која се уште се спроведува централизирано, односно од страна на ДЕУ.
Во рамки на Оперативната структура за 1, 3 и 4 компонента, акредитирани се вкупно 32 институции, што укажува дека се работи за доста сложен систем на управување со средствата од ИПА, кој подразбира голем број на проверки и контроли со цел да се осигури правилна имплементација на проектите и адекватно користење на финансиската помош од ЕУ. Притоа, значајно е да се истакне дека задачите поврзани со програмирањето, техничката имплементација и следењето на реализацијата на поединечните договори се делегирани на надлежните ресорни министерства/институции-кориснички преку оперативен договор потпишан од страна на Раководителот на Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) при Министерството за финансии и Вишите програмски службеници/ИПА координатори. ЦФЦД врши мониторинг на целокупната имплементација на сите проекти и обезбедува правилно и ефективно спроведување на  финансиската поддршка од ЕУ преку 1, 3 и 4компонента од ИПА.
Одлуката за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со ИПА за имплементација на определена компонента/програма содржи листа на сите ex-ante проверки (вкупно 49) кои се вршат од страна на Делегацијата на ЕУ во Скопје, а се поврзани со спроведувањето на тендерските постапки, објавувањата на јавните повици за доставување понуди, како и доделувањето на грантовите и договорите. Ex-ante контролите ќе се применуваат во зависност од компонентата, односно програмата, до моментот кога Европската комисија ќе даде дозвола за управувањето да биде вршено без примена на ex-ante контрола согласно член 18 од Регулативата на Комисијата (ЕК) бр. 718/2007.
Во рамки на системот за децентрализирано управување со средствата од ИПА, воспоставено е и Ревизорското тело кое е одговорно за вршење на ревизија на ИПА и е функционално независно од сите учесници во системот за управување и контрола. Ревизорското тело е одговорно за верификација на ефективното и на стабилното функционирање на системите за управување и за контрола во рамки на системот за децентрализирано управување со ИПА. Во текот на месец февруари и март 2013 година, од страна на Ревизорското тело беше спроведена системска ревизија за верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола во ЦФЦД во Министерството за финансии, Оперативната структура  за ИПА Компонентите 3 и 4.
Согласно измените и дополнувањата на Законот за јавните патишта (Службен весник на РМ бр.168/2012 од 27.12.2012 година), и Одлуката за основање на Јавно претпријатие за државни патишта донесена од страна на Владата на Република Македонија на 28.12.2012 година (Службен весник на РМ бр.1/2013 од 02.01.2013 година), со што Агенцијата за државни патишта беше избришана од Централниот регистар на Република Македонија и на нејзино место беше регистрирано  Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Притоа, согласно

Одлуката, постојните административни и структурни капацитети на Агенцијата за државни патишта во целост му се отстапуваат на ЈПДП. Соодветно, во јуни 2013 година беше изменет и дополнет Договорот за субделегирање на задачи за ИПА Компонентата за регионален развој – Приоритетна оска 1 – Проект за доизградба на Коридор 10, делница Демир Капија – Смоквица на ниво на автопат и Приоритетна оска 2 – дел: проекти од областа на патната инфраструктура во рамки на Оперативната програма за регионален развој.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Почитувајќи го правилото за доставување на Годишна изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА средствата на годишно ниво, Годишна изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА средствата за претстојната 2014 година, исто така, се очекува да биде доставена од Националниот координатор за авторизација (НАО) на крајот од месец февруари, 2014 година.

Во текот на 2014 година, планирано е спроведување на системска ревизија од страна на Ревизорско тело согласно планираните системски ревизии за ИПА за Компонента 3 и 4 соодветно. Воедно, ќе се подготви и Анализа на научени лекции за 2013 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
На среден рок, акцентот е ставен на подготовка и доставување на акредитациски пакет за ИПА Компонента 2 (Прекугранична соработка) до ЕУ и добивање одлука за пренос на надлежностите за децентрализирано спроведување на втората ИПА Компонента од ЕУ на националните структури во Република Македонија. Во текот на 2012 и 2013 година се превземаа мерки за доекипирање на Секторот за европски интеграции (СЕИ) при Министерство за локална самоуправа, како и доекипирање на заедничките технички тела (во Битола и Ќустендил) како и нивно зајакнување. Овој процес е во тек и се очекува негово финализирање до првата половина на 2014 година кога се очекува реализирање на најмалку 4 нови вработувања. Со заокружување на овој процес ќе се создадат услови за продолжување со постапката за акредитација на системот.

Во следниот среднорочен период, акцентот ќе биде ставен на утврдување на потребите од понатамошни измени во постоечката релевантна правна рамка согласно европското законодавство, а во рамки на Акциските планови со цел воведување на децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4 без ex-ante одобрување од страна на Делегацијата на ЕУ.

## 3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Во рамки на ИПА структурите во Република Македонија работат вкупно околу 350 луѓе. Преку тоа се искажува јасната заложба на Владата на Република Македонија за соодветно спроведување на ИПА помошта. Ова е само бројка на луѓе кои исклучиво се занимаваат со ИПА, но тој број е многу поголем ако се знае дека во подготовката на проектите сите институции ја вложуваат целата техничка експертиза со која располагаат.
Согласно акредитацискиот критериум 1 од Анекс Iод Регулативата за спроведување на ИПА 718/2007 и воспоставената Процедура за Постапки за контрола во рамки на системот за децентрализирано управување со ИПА (ДИС), на редовна основа се собираат сите потребни информации во однос на бројот на нови вработувања, потребите за обуки, како и информации за реализираните обуки на вработените лица во рамки на Оперативните структури за ИПА Компонентите 2, 3 и 4.
Подготвени се Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2014 година од страна на ЦФЦД и сите ресорни министерства/институции кориснички кои се дел од Оперативните структури за децентрализирано спроведување на ИПА средствата за Компонента 4 – Развој на човечки ресурси заклучно со 14.11.2013 година. Во врска со ИПА Компонента 3 – Регионален развој, подготвени се Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за ЦФЦД и Министерство за животна средина, а поради промената на обемот на активности согласно ревидираната верзија на Договорот за субделегирање во моментов во тек е изработката на Анализите за обем на работа и Плановите за вработување на ИПА структурата во Министерството за транспорт и врски и ЈПДП.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Во текот на 2014 година, фокусот ќе биде ставен на понатамошно јакнење на административниот капацитет на Националниот фонд и институциите кои се дел од Оперативните структури за ИПА Компонентите 2, 3 и 4 за

управување и контрола на претпристапните средства од ЕУ, како подготовка за спроведување на Кохезиската политика на ЕУ.Јакнење на капацитетите е од исклучителна важност за одржување на стапката на одбивање на тендерски документи од страна на ДЕУ на ниско ниво. Воедно, во текот на 2014 година ќе се спроведе анализа на квалитетот на тендерските документи, утврдување на најголемите слабости при подготовка на тендерските документи и давање на соодветни инструкции за надминување на утврдените слабости.
Во однос на обуките за вработените лица во рамки на Оперативните структури за ИПА, во согласност со Процедурата за работа на НИПАК секретаријатот во месец декември 2013 за прв пат ќе се спроведе Анализа на потреба од обуки за сите ИПА компоненти и согласно истата ќе се подготви План за обуки за 2014 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
На среден рок,ќе се продолжи соконтинуирано зајакнување на административните капацитети на Оперативните структури преку вработувања и интензивни обуки на структурите за управување со средствата од претпристапната помош од ЕУ, со цел да се постигнат оптимален број на вработени во ИПА структурите даден во Анализите за обем на работа, а со тоа и оптимална распределба на работните обврски и квалитетна работа на истите. Исто така, фокусот ќе продолжи да биде врз одржување на стапката на одбивање на тендерски документи на ниско ниво за Компонентите 3 и 4 соодветно.

## 3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
За периодот 2007-2013 година, од ИПА Компонентата за Регионален развој, Република Македонија има на располагање средства од 199,9 милиони евра за инфраструктурни проекти во секторите транспорт и животна средина.
Во моментот, во тек на реализација се 12 проекти кои се финансираат преку оваа Оперативна програма, главно во секторот транспорт, и тоа патниот и железничкиот транспорт во Република Македонија. Овие проекти ќе придонесат за модернизирање на патниот и железничкиот сообраќај во Република Македонија. Другиот значаен аспект на најголем број од операциите кои се финансираат, како во секторот Транспорт, така и во секторот Животна средина, е дека истите претставуваат активности кои придонесуваат за созревање и подготовка на идните инфраструктурни активности во овие две области. Ова придонесува за понатамошно градење на портфолиото на приоритетни проекти кои Република Македонија ќе ги финансира во пристапниот период преку ИПА, и во иднина преку структурните инструменти по пристапувањето во Унијата. Во претстојниот период, предвидено е тендерирање и имплементација на повеќе проекти (Табела 1).

**Табела 1.** Проекти кои треба да се финансираат во рамки на Компонента 3 во претстојниот период

| Подобрување на железничката инфраструктура долж главната регионална мрежа во ЈИЕ | |
|---|---|
| 1 | Реконструкција на железничката секција Битола- Кременица, како дел од делницата XD од Коридорот X |
| 2 | Рехабилитација, надградба и реконструкција на железничките станици на Пан-Европскиот коридор X, вклучувајќи ја и делницата XD. |
| 3 | Набавка и инсталација на опрема за мобилни комуникации и контрола на возови (GSM-R и ETCS ниво 1) на Коридор X (Табановце – Гевгелија) |
| 4 | Подготовка на основен проект за изградба на нова железничка делница Кичево-граница со Република Албанија, како дел од Коридорот VIII |
| 5 | Рехабилитација на патната делница Велес-Катланово, како дел од Коридор X |
| 6 | Подготовка на проектна документација за рехабилитација и реконструкција и тендерско досие за градежни работи и надзор за железничката делница Велес – Битола како дел од делницата Xd од Коридор X |
| 7 | Подготовка на основен проект и тендерска документација за изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до границата со Р.Бугарија како дел од Коридор VIII |
| Подобрување на патната структура долж главната регионална мрежа во ЈИЕ | |

| | |
|---|---|
| 8 | Подготовка на Студија и Акциски план за подобрување на безбедноста на патиштата на мрежата СЕЕТО |
| 9 | Рехабилитација и надградба на автопатната делницата Смоквица-Гевгелија, дел од патниот Коридор 10 |
| Собирање и третман на отпадни води во согласност со стандардите на ЕУ | |
| 10 | Изработка на проектна документација за подобрување на собирањето и третман на отпадните води во општините Струмица, Битола, Тетово, Гостивар, Кавадарци и Дебар и градот Скопје. |
| 11 | Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општината Прилеп (II фаза) |
| 12 | Реформа на системот за водоснабдување, собирање и третман на локално ниво |
| 13 | Подготовка на проектна документација, основен проект и тендерско досие за изградба на пречистителна станица за третман на отпадни води во Општините Радовиш, Кичево Берово и Куманово |
| Поставување на интегриран и финансиски одржлив систем за управување со отпад | |
| 14 | Подготовка на проектни студии и детален дизајн за воспоставување на систем на интегрирано управување со отпад во Источниот и североисточниот регион |
| 15 | Подготовка на планови за регионално управување со отпадот и оцена на влијанието врз животната средина за Пелагонискиот, Југозападниот и Скопскиот регион |
| Трошоци поврзани со спроведувањето на Оперативната програма | |
| 16 | Техничка ревизија за големите проект - Изградба на нова автопатната делницата Демир Капија - СмоквицадолжПан-Европскиот Коридор X и Подобрување на собирањето и третманот на отпадни води во општина Прилеп |
| Подготовка на инвестициски проекти и програми | |
| 17 | Развој на национална студија за води |
| 18 | Кампања за зголемување на свесноста за заштита на животната средина |

*Извор:* Министерство за финансии

За периодот 2007-2013 од ИПА Компонентата за Развој на човечки ресурси, Република Македонија има на располагање средства од 64,03 милиони евра за проекти наменети за поддршка на политики за вработување, социјална вклученост и образование и обука.
Активностите кои се во тек и кои ќе се финансираат во следните неколку години во рамките на оваа Програма, пред сесе насочени кон пазарот на трудот и главните институции кои дејствуваат во овој и тоа во насока на преструктуирање и реформирање на нивното работење се со цел да се создаде можност за поефикасно справување со невработеноста. Овие мерки за институционално преструктуирање се комбинирани со финансирање на активности кои се директно насочени кон невработените, и тоа оние од ризичните групи, како млади невработени, долгорочно невработени и невработени жени од немнозинските заедници.
Од друга страна, ИПА средствата се насочени и кон секторот образование и обука – и тоа, меѓудругото и кон два многу значајни под сектори - стручно образование и обука, како и образование на возрасни, кои што во контекст на доживотното учење имаат специфично влијание врз пазарот на труд и креирањето на конкурента работна сила. Дополнително, забележителни се и активностите во однос на обезбедување на еднаков пристап до квалитетно образование за сите.
Во моментот, во тек на реализација се 21 проект кои се финансираат преку оваа Оперативна програма, додека во претстојниот период, предвидено е тендерирање и имплементација повеќе проекти (Табела 2) чија вкупна вредност е околу 20 милиони евра. Помошта ќе биде насочена кон веќе постојните области –образование, вработување, социјална инклузија, како и за активните мерки за вработување. Исто така, се предвидува доделување на директни грантови на меѓународни организации за поддршка на самовработувањето, промовирање на социјалниот дијалог, како и за обезбедување поддршка на реформите на системот за предучилишно и училишно образование со посебен фокус на маргинализираните групи.

**Табела 2.** Проекти кои треба да се финансираат во рамки на Компонента 4 во претстојниот период

| | |
|---|---|
| Понатамошен развој на АВРМ и подобрување на условите за вработување | |
| 1 | Поддршка за АВРМ за спроведување на активните мерки за вработување |
| Од неформално во формално | |
| 2 | Поддршка на борбата против непријавена работа |

| | |
|---|---|
| Овозможување пристап до квалитетно образование за етничките заедници | |
| 3 | Постигнување на квалитетно образование преку обезбедување на интеркултурна средина за учење за сите етнички заедници |
| Поттикнување на социјално вклучување на лица со посебни потреби | |
| 4 | Модернизација и адаптација на Центрите за социјална работа |
| 5 | Грантова шема од алокациите за мерките 3.1, 3.2 и 3.3 |
| Зајакнување на релевантните актери | |
| 6 | Зајакнување на релевантните актери за социјална инклузија на локално ниво (фаза 2) |
| Поддршка на имплементацијата на Оперативната програма за развој на човечки ресурси (2007 – 2013) | |
| 7 | Поддршка во подготвување и следење на проекти |
| 8 | Техничка помош за подготовка на тендерска документација за набавка на Опрема за настава на стручно образование |
| 9 | Евалуација на инвестициите и препораки за идниот развој на доживотното учење и особено стручно образование и обука и образование на возрасни |
| 10 | Евалуација на поддршката во областа на еднаков пристап до квалитетно образование со препораки за идна помош и развој |

*Извор:* Министерство за финансии

Во текот на септември 2013 година се формираше работна група за финализирање на програмскиот процес. која реализираше серија од работни состаноци на кои што се дискутираа сите преостанати алокации од Оперативната програма. Како резултат на тоа беше договорено да се подготви поширока листа на планирани проекти која ќе користи за максимално искористување на преостанатите алокации од периодот 2007-2013 година, согласно правилото н+3. По изготвувањето на пошироката листа на проекти, се одржаа два консултативни настани, од кои еден со граѓанските организации и еден со донаторската заедница. Искажаните сугестии и коментари од овие настани ќе бидат соодветно земени во предвид при изготвувањето на финалната Листа на проекти за финансиските алокации 2012-2013. Истовремено, за проектите кои се доволно зрели, ќе бидат подготвени Обрасци за идентификација на операции.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во рамки на Компонентата 3 – Регионален развој, во текот на 2014 фокусот ќе биде ставен на програмирање на финансиските алокации за 2012 и 2013 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Регионален развој.

Во рамки на Компонентата 4, во текот на 2014 акцентот ќе биде ставен на подготовка на Обрасци за идентификација на операции за проектите од преостанатите алокации од Оперативната програма за човечки ресурси и тоа:

- Промовирање алтернативни услуги за нега на децата;
- Поттикнување социјално претприемништво;
- Развој на човечки ресурси во приватниот сектор;
- Техничка помош за поддршка на управувањето и мониторинг на имплементацијата на грантовата шема за вработување, социјална инклузија и поддршка на Ромите;
- Социјална инклузија и вработување на локално ниво, како и поддршка за Ромите;
- Промовирање на услугите за социјална инклузија;
- Подобрување и поддршка на системот за имплементација на националната рамка за квалификации;
- Управување и квалитет на функционирањето на образовните институции;
- Развивање на соработка помеѓу институциите од високото образование;
- Поддршка и модернизација на пост-средното образование, и
- Опрема за интеграција на деца со посебни потреби.

Покрај програмирањето на финансиските алокации за 2012 и 2013 година, акцент ќе биде ставен и на програмирањата на приоритетите поставени во новиот инструмент за ИПА II, кој што се очекува да се донесе во втората половина на 2014 година од страна на Европската комисија. Програмирањата за ИПА II се очекува да започнат уште во првиот квартал на 2014 година.

При програмирањето на средствата ќе се имаат во предвид начелата од Стратегијата за одржлив раст и работни места, позната како „Европа 2020". Стратегијата „Европа 2020" е усвоена од страна на Европскиот совет и Европскиот парламент и мерките предвидени во оваа стратегија претставуваат еден вид насока, односно обврска за земјите-членки на ЕУ во кој правец да ги конципираат програмите и политиките со цел да се обезбеди одржлива и инклузивна европска економија која ќе испорача високо ниво на вработеност, продуктивност и социјална кохезија. Имајќи предвид дека Република Македонија како земја-кандидат за членство во ЕУ, постепено се подготвува за интеграција во ЕУ во контекст на Стратегијата „Европа 2020" и има обврска да ја следи препораката на Европската комисија да ја следи Стратегијата „Европа 2020"при носењето на различни мерки и активности, посебно внимание при програмирањето на средствата ќе се посвети на тоа постигнување на утврдените индикатори во Стратегијата „Европа 2020" преку имплементација на помошта. Воедно, при процесот на програмирање, ќе се имаат во предвид и начелата од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 на Советот за регионална соработка (RCC – RegionalCooperationCouncil), со најважна цел на стратегијата „ Работа и просперитет во европската перспектива". ЕУ во истата утврди пет амбициозни цели – за вработување, иновации, образование, социјална вклученост и клима/енергија – кои треба да се остварат заклучно со 2020 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во следниот среднорочен период, акцентот ќе биде ставен на остварување на висока стапка на искористеност на средствата од преостанатите алокации за ИПА Компонентите 3 и 4 и висока стапка на исплатени средства од ИПА Компонентите 3 и 4. Исто така, во фокусот ќе биде и избегнување или одржување на минимално ниво на стапката на изгубени средства заради „н+3" правилото на спроведување на ИПА Компонентите 3 и 4. Воедно, во следниот среднорочен период, акцентот ќе биде ставен на подготовка на Обрасци за идентификација на операции за определени финансиски алокации согласно новата поставеност и структура на ИПА II (2014-2020).

## 3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Со средствата од ИПА средствата се финансираат проекти кои се од голема важност за Република Македонија, во насока на нејзино приближување кон ЕУ, но и проекти од кои корист имаат пред се граѓаните. Заклучно со 15.11.2013 година, склучени се вкупно 77 договори од кои 37 се во рамки на првата компонента од ИПА, 17 во рамки на ИПА Компонента 3и 23 договори во рамки на ИПА Компонента 4.

Годишните извештаи за имплементација на Оперативната програма за регионален развој и за Оперативната програма за развој на човечки ресурси за 2013 година беа подготвени од страна на Оперативните структури за ИПА Компонентите 3 и 4 и по претходно разгледување на текстот на Извештаите од страна на релевантните Секторски комитети за следење, на 30.06.2013 истите беа доставени до ЕК, Националниот ИПА Координатор, Стратешкиот координатор и Националниот службеник за авторизација.

Со цел навремено известување за статусот на планирањето на програмите и проектите, навремено известување за имплементацијата на проектите споредено со планот за имплементација и навремено известување на сите нивоа за ефикасноста на внатрешните контроли воспоставен е Менаџмент информациски систем (МИС). Системот ќе обезбеди систематски пристап и прибирање на податоци од оперативнитеструктура во рамки системот за децентрализирано управување со ИПА фондовите.

Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси и Оперативната програма за регионален развој се одржуваат редовно два пати во годината.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 година, фокусот останува да биде континуирано подобрување на процесот на мониторинг и евалуација преку редовно известување до Европската комисија за искористувањето на средствата од ИПА, со цел подобрување на ефективноста.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во следниот среднорочен период се предвидува континуирано јакнење на системот за следење и контрола на имплементацијата на Оперативните програми.

## 3.22.6 ФИНАСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Користењето на средствата достапни во рамки на ИПА се обезбедува преку Буџетските потпрограми за секоја ИПА компонента во рамките на Буџетот на Република Македонија. Имено, има четири ИПА потпрограми за првите четири ИПА Компоненти, во рамки на владината програма за ЕУ интеграции. Овие буџетски потпрограми се дел од развојната програма на Буџетот на РМ, кои ги вклучуваат достапните ЕУ средства во рамките на специфичните ИПА компоненти, како и националното кофинансирање кое е потребно да биде обезбедено од националниот буџет. Земајќи во предвид дека овие потпрограми се повеќегодишни, средствата алоцирани за овие потпрограми се планираат на повеќегодишна основа, односно среднорочно.

Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, на 28.02.2013 година, НАО/НФ достави до релевантните служби на Европската комисија План за користење на алоцираните ИПА средства за 2013и 2014година за Компонентите 3и 4.

Во текот на имплементацијата на Оперативната програма за регионален развој испратени се вкупно четири Апликации за плаќање (за меѓу плаќање) до Европска комисија со кои се сертифицирани сите прифатливи трошоци кои се настанати до 12.12.2012 година во рамките на оваа оперативна програма. До крајот на 2013 година се очекува да се достави и петтата Апликација за плаќање до ЕК за оваа програма, со која ќе се сертифицираат сите прифтатливи трошоци настанати во текот на 2013 година.
Согласно реализираните плаќања во текот на 2013 година и доставувањето на петтата Апликација за плаќање до ЕК, а врз основа на правилото н+3 за трошење на ИПА средствата, целосно е надминат ризикот за губење на ИПА средствата од оваа компонента за 2013 година.

Согласно Финансискиот договор помеѓу ЕК и Република Македонија во однос на Компонента 4, НАО ја испрати шестата Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) до ЕКна 31.10.2013 година заедно со изјавата за трошоци за сите прифатливи трошоци кои се настанати до 18.10.2013 година во рамките на Компонента 4. Следната Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) за ова Програма се очекува да се достави до крај на декември 2013 година.

Согласно одговорностите на НАО, кој има целосна и крајна одговорност за финансиското управување со ЕУ фондовите и за ефективно и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола со ИПА, Националниот фонд во 2013 година спроведе две верификациски посети во ЦФЦД во рамки на ИПА Компонента 3 и 4, со цел да се потврди и осигура ефективно и ефикасно функционирање на системите на финансиско управување и контрола.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 година, акцентот ќе биде ставен на јакнење на капацитетите за подобрување на системот за сигурно финансиско управување и контрола со цел да се обезбеди навремена и непречена имплементација на проектите финансирани од ИПА. Воедно, фокусот ќе биде ставен на поефективно трошење на средствата од ЕУ и зголемување на апсорпциските капацитети на Република Македонија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок, акцентот ќе биде ставен на унапредување и сеопфатен мониторинг на проектите финансирани од ИПА преку зајакнати контроли, проверки на лице место, како и зголемување на бројот на внатрешни и надворешни ревизии, со цел спречување на неправилно трошење на средствата со кои се финансираат Оперативните програми.

## 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

***РЕЗИМЕ***

*Започна примената на одредбите согласно кои судиите во основните судови се избираат само од редот на кандидатите-дипломци на Академијата за судии и јавни обвинители и за новите професионални услови за избор на судии во повисоките судови. Судскиот совет изврши избор на вкупно 24 судии, а Советот на јавните обвинители избра 20 јавни обвинители. Методологијата за судска статистика е функционална. Активностите во делот на реформата правосудството ќе се насочат кон спроведување на Рамката за понатамошен развој на правосудството и подготовка на анализи за подобрување на системот за оценување и дисциплинска одговорност на судиите. Судиите ќе се избираат согласно новите критериуми. Академијата за судии и јавни обвинители ќе ја започне теоретската обука за 5-та генерација кандидати, а паралелно ќе работи и на привлекување на нови кандидати. За имплементација на новиот Закон за кривична постапка ќе продолжи процесот на усогласување на законодавството и спроведувањето на континуирани обуки. Капацитетите на јавните обвинителства ќе се зајакнат со вработување на нови стручни соработници и избор на јавни обвинители.*

*Се воспостави ефикасна Методологија за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика во поедноставена форма. ДКСК континуирано ги проверуваше изјавите за судир на интереси и анкетните листови и преземаше мерки за надминување констатираните прекршувања на законските одредби. ДКСК ќе продолжи со проверка на податоците во изјавите за судир на интереси и проверка на анкетните листови. Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата предвидува воведување на систем на интегритет и заштита на лицата кои пријавуваат корупција т.н. сигнализатори. Државниот завод за ревизија ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, како и ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за претстојните претседателски избори, а ќе се зајакнат човечките капацитети на ДЗР.*

*Во рамките на затворската реформа предвидени се дополнителни вработувања на нов кадар и активности за градење на капацитетите на институциите кои го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица.*

*Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за заштита на децата од улица и нивно вклучување во образовниот систем. Предвидени се измени на Законот за семејство во делот на злоупотреба и грубо занемарување на вршењето на родителските должности, а ќе биде донесен и Закон за превенција и заштита од семејно насилство. Ќе се реализираат 4 партиципативни форуми во насока на продлабочување на дијалогот за прашањата кои се однесуваат на припадниците на заедниците.*

*Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за интегрирано образование преку реформи во предучилишното, основното и средното образование за обезбедување на инклузивност и интеркултурна средина за учење на сите деца. И во идниот период ќе се работи на подобрување на правичната застапеност на помалите заедници, особено кај Ромите и Турците, со посебен акцент на правична застапеност на високо ниво. Ќе се усвои нова Национална Стратегија за Ромите.*

### 3.23.1 СУДСТВО *(види и во делот I- Политички критериуми, 1.01. Демократија и владеење на право)*

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Од 1.01.2013 година започна примената на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите[48], согласно кои судиите во основните судови се избираат само од редот на кандидатите-дипломци на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Додека од 01.07.2013 година започнаа да се применуваат одредбите кои се однесуваат на новите професионални услови за избор на судии во повисоките судови.

За понатамошно унапредување на независноста на судството, како и обезбедување ефикасен правосуден систем се подготви и усвои Рамка за натамошно спроведување на реформата на правосудството 2014-2017. Рамката ги дефинира идните приоритети за зајакнување на независноста, непристрасноста и ефикасноста во правосудството, подобрување на управното право, понатамошни реформи во кривичниот систем, развој на граѓанско-правниот систем, алтернативно решавање на спорови (медијација), пристап до правдата и унапредување на заштита на човековите права.

---

[48] „Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10.

Во однос на V-та генерација слушатели на почетна обука во АСЈО, се усвои нова Програма за почетна обука-теоретска настава во која е вграден концептот кој се базира на практичниот пристап со примена на современи наставни методи и техники и комбинација на теоретски предавања и практични вежби, симулации и следење на судењата во судовите, како и нов Правилник за почетна обука-теоретска настава во АСЈО.

Судскиот совет изврши избор на вкупно 24 судии: 12 судии во основните судови (1 од III генерација кандидати од АСЈО), 8 судии во Апелационите судови, 2 судии во Управниот суд и 2 судии во Врховниот суд, и нема поведено ниту една дисциплинска или постапка за разрешување на судија.Судскиот совет ја оцени работата за 2012 год. на вкупно 618 судии и 30 претседатели на судови [49]. Со цел обезбедување на начелото на транспарентност, Судскиот совет одржа 10 јавни седници на кои се разгледани околу 776 претставки и поплаки поднесени од граѓаните.

Советот на јавните обвинители избра 20 јавни обвинители ( 6 се од кандидатите од АСЈО[50]). Досега избрани се вкупно 71 кандидат (37 судии и 34 јавни обвинители) од 80 кандидати од I, II, III и IV генерација од АСЈО. Во однос на V-та генерација слушатели на почетна обука во Академијата во 2013 година беа преземени чекори за привлекување на квалификувани кандидати**.** Почетната обука за петата генерација кандидати која ќе ја следат 13 кандидати, започна на 10.12.2013 година.

АСЈО спроведе вкупно 188 континуирани обуки за 4.608 учесници[51], 3 специјализирани обуки за 74 новоизбрани судии и 26 новоизбрани јавни обвинители и 11 специјализирани обуки за судиите и советниците од Управниот суд и Вишиот управен суд.

Во Судскиот совет, Врховниот суд и четирите апелациони судови почна да се применува Методологијата за судска статистика, која ќе овозможи генерирање и анализа на релевантни статистички показатели за работата на судовите, како на пример времетраењето на постапките.

Од предвидените 132- извршителски места[52] избрани се вкупно 98 извршители.

Во рамки на МАТРА Проектот "Поддршка за унапредувањето на спроведувањето на медијацијата во Република Македонија" се подготви Акциски план, за развој на медијацијата, се спроведоа обуки, а дополнително се подготви нов Закон за медијација.

Новиот Закон за кривична постапка стапи во сила на 01.12.2013 година. За таа цел континуирано се спроведуваат обуки преку АСЈО при што спроведени се 25 напредни обуки за судии, обвинители, претставници од правосудната полиција и адвокати.

За подобрување на инфраструктурата и опремата на Јавното обвинителство, на 11.10.2013 пуштена е во употреба новата зграда на Јавното Обвинителство на Република Македонија[53]. Од септември 2013 година започна имплементација на ИПА Проектот 2009 „Поддршка во имплементација на реформата на кривично правниот систем", кој ќе придонесе за зајакнување на капацитетите на јавните обвинители и другите релевантни институции вклучени во спроведување на реформираното кривично законодавство.
На 13.11.2013 год. одржан е состанок на Советот за судски реформи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

За натамошно зајакнување на независноста и непристрасноста на судството во текот на 2014 година, ќе се продолжи со следење на примената правната рамка во однос на изборот на судии и јавни обвинители, следење и оценување на судиите, примената на нови услови, системот на кариера во напредувањето на судиите, како и

---

[49] 411 судии или 66,50% оценка многу добар, 143 судии или 23,14% со оценка добар, 47 судии или 7,61% со оценка задоволува и 17 судии или 2,75 % со оценка незадоволува. Исто така,3 претседатели на судови се оценети со оценка многу добар, 21 со оценка добар и 6 со оценка задоволува.

[50] 3 од втората генерација и 3 од третата генерација

[51] 2.931 судии, 810 јавни обвинители, 579 судски и јавно-обвинителски службеници и 288 учесници од релевантни институции

[52] согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на бројот на извршители,

[53] објект во кој ќе бидат сместени Основното и Вишото јавно обвинителство Скопје и Јавното обвинителство на Република Македонија. Зградата располага со по четири соби за препознавање и за сослушување, две конференциски сали, место во кое адвокатите ќе може да имаат средби со клиентите

со континуирано следење на постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и дисциплинска одговорност.

Согласно Рамката за натамошен развој на правосудството ќе се развие Акциски план со активности и буџетски импликации за реализација на приоритетите опфатени со Рамката, а неговата реализација ќе се следи преку подготовка на Извештаи за статусот на реализација на приоритетите опфатени со Рамката за натамошен развој на правосудството.

До крајот на првото полугодие од 2014 година ќе се изготви Анализа за унапредување на системот за утврдување на дисциплинска одговорност на судиите согласно меѓународните стандарди и праксата на ЕСЧП од аспект на поставеноста и надлежноста на судскиот систем согласно Уставот на РМ, како и Анализа на тековниот систем на оценување на судиите согласно меѓународните стандарди и праксата на ЕСЧП од аспект на поставеноста и надлежноста на судскиот систем согласно Уставот на РМ, како и директната врска меѓу оценувањето и разрешувањето на судиите. Во насока на усогласување на законодавството со новиот Закон за кривична постапка ќе се донесат следните закони и подзаконски акти:

- Закон за измени и дополнување на Законот за јавно обвинителство;
- Закон за измени и дополнување на Законот за судовите;
- Правилник за уредување, начин на водење и чување на казнена евиденција.

Со цел за уредување на правата, обврските и одговорностите на вработените во јавните обвинителства, во третиот квартал од 2014 година ќе се донесе:

- Закон за јавнообвинителска служба**.**

**Институционална рамка**

Судскиот совет континуирано ќе известува за активностите во однос на изборот, разрешувањето на судиите, за постапките за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност, како и за јавните седници за расправање по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите. Воедно, ќе изготви Извештај за следење и оценување на работата судиите и претседателите на судовите за 2013 година.

Советот на јавни обвинители, континуирано ќе известува за активностите во однос на изборот, разрешувањето на јавни обвинители, а во соработка со ЈОРМ континуирано ќе известува за постапки за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност.

Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители ќе продолжат со избор на судии и јавни обвинители од кандидатите од АСЈО, Исто така, во ССРМ ќе се реализираат нови вработувања во стручната служба.
АСЈО ќе ја спроведе теоретска обука на 5-тата генерација слушатели на почетна обука.,Покрај тоа ќе се интензивираат и активностите за привлекување на нови квалификувани кандидати, вклучувајќи засилени информативни кампањи, соработка со универзитетите во Република Македонија, како и објавување на нов јавен повик за аплицирање. Исто така, ќе се реализираат нови вработувања во стручната служба.

АСЈО ќе продолжи со спроведување на континуирани обуки за судиите, советниците и судските службеници во Управниот суд и Вишиот Управен суд.

Во 2014 год. согласно Методологијата за водење на унифицирана судска статистика ќе се собираат, обработуваат и анализираат статистичките податоци. за работата на судовите и за заостатокот на предмети. Судскиот Совет на РМ во соработка со Врховниот суд, ќе доставува месечни извештаи за евентуалниот заостаток на предмети во судовите и ќе дава предлози за намалување на заостатокот на предмети.

Во 2014 година ќе се продолжи со унапредување на медијацијата во при што согласно член 27 од Законот за медијација во третиот квартал од 2014 година ќе се донесе Програма за развој на медијацијата за период 2014-2017 со мерки за унапредување и обезбедување на ефикасна медијација.

Од аспект на унапредување на транспарентноста на судскиот систем, Врховниот суд ќе изготвува Извештаи за работата на Канцелариите за односи со јавноста.

### 3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА (*види и во делот I- Политички критериуми, 1.01. Демократија и владеење на право)*

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Државната комисија за спречување на корупција донесе план и динамика за проверка на изјавите на интереси поднесени од службени лица од судството и локалната власт за 2013 година. Дополнително се зајакнати човечките капацитети на ДКСК со вработување на нови службеници.

Согласно планот во првиот, вториот и третиот квартал извршени се проверки на вкупно 356 изјави на интереси на судиите од Врховен суд, Апелационите судови, дел од основните судови, Управниот суд , Вишиот управен суд и Уставниот суд. Покренати се 20 прекршочни постапки поради неподнесена изјава за интерес, додека кај 2 предмети утврден е судир на интереси и поведена е постапка за надминување на состојбата на судир која е во тек.

Исто така извршена е проверка на поднесените изјави за интереси од ново избраните претставници на локалната власт при што ДКСК кај 181 службено лице констатира постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување судир на интереси од кои 100 лица ја отстраниле констатираната повреда согласно Законот за спречување судир на интереси.

До ДКСК доставени се вкупно 1856 анкетни листови од избрани и именувани лица, 1376 анкетни листови се поднесени по избор на функција, 403 анкетни листови по престанок на функција, 69 анкетни листови се поднесени за престанок на функција и повторен избор и 8 за промена на функција. Во наведениот период доставени се 142 известувања за промена на имот и имотната состојба. Заклучно со октомври 2013 година објавени се вкупно 3783 анкетни листови.

Активностите од проектот: „Поддршка за развој на системот пријавувачи на корупција“ (whistleblowers protection) се спроведуваа континуирано. Проектот се реализира во соработка со Британската Амбасада, а има за цел да се подобри заштитата на лицата кои пријавуваат корупција и злоупотреби во институцијата во која се вработени.

ДКСК ја усвои физибилити студијата "Патоказ за имплементирање на системот на пријавувачи во Македонија". ДКСК во соработка со ОБСЕ изработи апликација за бази на податоци за следење на изјавите за интереси.

Државниот завод за ревизија согласно Законот за финансирање на политичките партии изврши ревизија на работењето на 40 политички партии, додека согласно одредбите на Изборниот законик Државниот завод за ревизија изврши финансиска ревизија со ревизија на усогласеност на организаторите на изборните кампањи за Локалните избори од 2013 година кај 4 политички партии (ВМРО-ДПМНЕ, Социјалдемократки сојуз на Македонија, Демократска унија за интеграција и Демократската партија на Албанците) и изготви 9 ревизорски извештаи.

ДЗР спроведе постапка за вработување на 5 помлади ревизори, при што се вработени тројца, а за двајца постапката е во тек.

АСЈО спроведе 6 обуки за корупција и судир на интереси како и за етика на судиите и јавните обвинители со вкупно 68 судии, 67 јавни обвинители, 3 стручни соработници од судовите/обвинителствата, 3 претставници од ДКСК и други учесници.

Во рамките на четвртиот круг на евалуација на Република Македонија, ГРЕКО, спроведе експертска мисија, врз основа на која се подготви Извештајот за евалуација за Република Македонија.,Извештајот ќе се разгледа и усвои на седницата на ГРЕКО закажана за почетокот на декември 2013 година.

Усвоен е Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки. Една од поважните мерки кои се воведуваат е задолжително објавување на тендерската документација во електронска форма на Електронскиот систем за јавни набавки во исто време со објавувањето на огласот. Исто така во рамките на Бирото за јавни набавки ќе се формира Совет чии членови се именуваат од владата по пат на јавен конкурс за период од четири години со право на повторен избор.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Активностите за имплементација на правната рамка за натамошно зајакнување на превенцијата и сузбивање на корупцијата, намалување на судирот на интереси, унапредување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, ќе продолжат и во 2014 година. Исто така ќе се следи реализацијата на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015, следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на свеста на јавноста за системот на заштита на сигнализаторите во Република Македонија, и ќ се зајакнува на меѓу - институционалната соработка.

**Правна рамка**
Се подготвува Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата со кој се воведува систем на интегритет и заштита на лицата кои пријавуваат корупција т.н. сигнализатори.

**Институционална рамка**
ДКСК ќе продолжи да ја следи реализацијата на активностите предвидени во Акциониот план на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015, и до крајот на Февруари 2014 година ќе изготви Извештај за степенот на реализирани активности.

ДКСК ќе продолжи со проверка на податоците во изјавите за судир на интереси, преку подготовка и доставување на табеларен статистички преглед за проверка на изјавите за интереси согласно воспоставениот систем од страна на Европската комисија. Исто така ДКСК ќе доставува полугодишни извештаи кои ќе содржат информација за внесените податоци и ажурирањето на базата на податоци за изјави на интереси на избрани и именувани лица.

ДКСК во соработка со УЈП ќе изготвуваат и доставуваат табеларен статистички преглед за проверки на анкетни листови т.н. досие на случаи со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции за утврдени неправилности, како и испитување на имот и имотна состојба со податоци за поведени постапки, изречени мерки и санкции согласно табелите доставени од Европската комисија.

ДКСК полугодишно ќе информира за спроведувањето на активностите утврдени во Стратегијата за јакнење на свеста на јавноста за системот на заштита на сигнализатори (whistleblowers protection) во Република Македонија, како и за имплементација на проектот „Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ во сите основни училишта во Република Македонија.

Во текот на второто тромесечје на 2014 година е предвидено да започне имплементацијата на Твининг проектот ИПА 2010 – „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“. Проектот ќе овозможи подобрување на спроведувањето на националната законодавна рамка за борба против корупција, јакнење на националните механизми за превенција и борба против корупцијата, зајакната соработка меѓу ДКСК, правосудните органи, надлежните органи за спроведување на законот и останатите релевантни институции во областа на откривање, превенција и санкционирање на коруптивните кривични дела.

ДКСК, АСЈО, Министерството за информатичко општество и администрација ќе спроведуваат континуирани обуки за ризици од корупција, превентивни мерки и подигнување на јавната свест како и обуки за конфискација, противправно стекнување на имот и злоупотреба на јавните набавки,,

Согласно Законот за финансирање на политичките партии Државниот завод за ревизија до крај на месец јуни 2014 година ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, како и ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за претстојните претседателски избори, согласно Изборниот законик. Државниот завод за ревизија ќе континуирано ќе ги објавува извештаите за добиените донации на политичките партии, како и извештаите за изборната кампања од претстојните претседателски избори. Воедно ДЗР ќе продолжи со примената на законските прописи за оние политички партии и организатори на изборна кампања кои нема да ги завршат обврските предвидени со Законот за финансирање на политичките партии и Изборниот законик.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки ќе се формира Совет за јавни набавки во рамки на Бирото за јавни набавки. Советот ќе обезбедува законитост во постапката преку согласности кои се предвидени да ги издава во случаите кога со дефинираните технички спецификации или со

критериумите за утврдување способност се ограничува значително пристапот до предметната постапка за доделување договор за јавна набавка. Во случај кога Советот ќе одлучи да не даде согласност на договорниот орган, пропишано право на жалба во Законот за јавните набавки. Во спротивно, односно, доколку не се преземат сите дејствија согласно барањата од законот, предвидена е кривична одговорност за оној кој ќе објави оглас без дадена согласност, како и за останатите учесници во постапката за издавање согласност на огласот за доделување на договор за јавна набавка.

Министерството за правда, ќе продолжи со имплементацијата на Методологијата за статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика во поедноставена форма и во соработка со судовите, јавните обвинителства и МВР, ќе подготвува квартални статистички извештаи за случаи на типична корупција и висок профил на корупција.

Агенцијата за управување со конфискуван имот, во соработка со судовите и јавните обвинителства во ќе изготвува и доставува табеларен преглед на реализирани конфискации на имот и имотна корист со податоци за видот, вредноста и износот на извршена наплата.

Во 2014 година ќе се продолжи да се постапува согласно препораките од извештајот на ГРЕКО Четврт круг на евалуација на тема “Превенција на корупцијата кај пратениците, судиите и обвинителите“.
Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер (КОМСПИ) ќе подготвува извештаи за имателите на информации од јавен карактер, за поднесените и одобрени барања за пристап и за спроведените постапки по жалби.
По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види *Поглавје 3.05. Јавни набавки.*

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2015 и 2016 год. ќе се продолжи со реализација на активностите за натамошно зајакнување на превенцијата и сузбивање на корупцијата, намалување на судирот на интереси, унапредување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, зајакнување на меѓу-инситуционалната соработка како и следење на реализацијата на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015.

Ќе се продолжи со активностите за имплементација на Законот за јавните набавки како и со „Стратешките приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки во Република Македонија 2014-2018“

**Институционална рамка**

ДКСК на среден рок, ќе продолжи со следење на реализацијата на активностите утврдени со Акциските планови на Државна програма за превенција и репресија на корупција и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси, за што ќе доставува известувања за степенот на реализација на Акциските планови.

ДКСК ќе продолжи со реализација на активностите утврдени во Стратешкиот план за односи со јавност.

Активностите од „Твининг проектот ИПА 2010 - „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“ ќе се спроведуваат континуирано.
ДКСК ќе продолжи со преземање на чекори за развој и зајакнување на системот на заштита на сигнализаторите во Република Македонија.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

„Твининг проектот ИПА 2010 - „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“.

## 3.23.3 ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА (види и во делот I- Политички критериуми, 1.02. Човекови права и заштита на малцинствата)

### 3.23.3.1 Почитување на меѓународно право за човекови права

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година во насока почитување на меѓународните инструменти за човекови права се ратификуваа Ревидираната европска социјална повелба и Конвенциите на Меѓународната организација на трудот за трудова администрација, за работни односи во јавните служби и за колективно договарање.

Меѓуресорското тело за човекови права редовно одржуваше состаноци, а дополнително се прошири опсегот на прашањата кои се разгледуваат. Телото вложи напори за обезбедување успешна кандидатура на Република Македонија за членство во Советот за човекови права на ОН за периодот 2014-2016.

Во текот на 2013 година континуирано се одвиваше комуникацијата помеѓу Владата на Република Македонија и Европскиот суд на човекови права.

Меѓуресорската комисија за извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП во текот на 2013 одржа 3 состаноци, на кои беше дискутирано извршувањето на 17 различни пресуди на ЕСЧП донесени во предмети против Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе се работи на анализа на постојаната легислатива и ревидирање на постојните законски решенија со цел да се надминат констатираните повреди на ЕКЧП во кривичната сфера и превенција на нови системски повреди на Конвенцијата.

**Институционална рамка**

Ќе биде подготвен Годишен извештај за работењето на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП. Врховниот суд континуирано ќе известува за бројот на предмети од Одделот за судење во разумен рок. Ќе биде подготвен Акционен план за групата од 50 предмети за кои ЕСЧП има донесено пресуди во кои е констатирана повреда на должината на домашната постапка. Се очекува Комитетот на министри да донесе конечна резолуција за затворање на оваа група на предмети како резултат на сите превземени законски измени во насока на забрзување на домашните постапки од граѓанската, кривичната и управната сфера.

Ќе се обезбеди пристап за сите судии и други релевантни институции до повеќе од 1.200 преведени пресуди од ЕСЧП во рамките на регионалниот проект за подготовка на мини-худок база (HUDOC).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

Ќе започне спроведувањето на ИПА 2011 твининг проектот за јакнење на националниот систем за навремено и ефективно извршување на одлуките на ЕСЧП.

**1.23.3.2. Граѓански и политички права**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС) континуирано постапуваше по поднесоци за наводна употребена физичка сила или средство за присилба од страна на полициски службеници. Се спроведуваа активности за градење на капацитети на институциите кои го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица во насока на унапредување на почитувањето на човековите права од страна на полицијата и казнено-поправните установи во согласност со европските стандарди.

Со цел јакнење на соработката помеѓу СВКПС, Народниот правобранител и ЈО се одржуваа полугодишни координативни средби, а се спроведуваа и заеднички ненајавени контроли во полициските станици од општа надлежност од страна на СВКПС и НПМ заради увид во просториите за задржување и евиденциите за приведени и задржани лица.

Континуирано се реализираа активности во рамки на започнатата реформа на затворскиот систем. Целосно беше завршена изградбата на Затвор Куманово, а започна изградбата на КПД Идризово.

Во насока на воспоставувањето на посебна пробациската служба во Република Македонија беше усвоена Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Македонија (2013-2016).

Беа преземени активности за изработка на Националната Стратегија за развој на затворскиот систем.

Континуирано се спроведуваше Стратегијата за здравствена заштита во пенитенцијарните установи, а стапија во сила и подзаконските акти предвидени во истата.

Континуирано се спроведуваа обуки за вработените во рамки на Програмата за задолжителна почетна и континуирана обука за вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Во 2013 година, 31 малолетно лице е офатено со образование и обуки за време на издржување на воспитната мерка во Воспитно-поправен дом.
Во делот на слобода на медиуми/слобода на изразување континуирано се спроведуваше Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, а дополнително отпочна усогласувањето на законодавството во областа на медиумите. Судиите и јавните обвинители континуирано се обучуваа во врска со јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права.
Континуирано се одвиваше спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош. Како даватели на претходна правна помош во регистарот се запишани 8 овластени здруженија додека бројот на регистрирани адвокати за давање на правна помош во управни и судски постапки изнесува 247.
Во делот на слободата на религија, уверување и вероисповед, беше одржана III Светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог**.** Беше подготвен Проект кој има за цел негување на соживотот и меѓусебното разбирање на луѓето од различна верска и етничка припадност.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе бидат изменети подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за полиција поради измените кои ги претрпе истиот во насока на усогласување со Законот за кривична постапка и тоа:
Правилникот за начинот на вршење на полициските работи,
Стандардните оперативни процедури за задржување и постапка со задржани лица.

Согласно Стратегијата за здравствена заштита во затворскиот систем ќе бидат изработени три Протоколи за работа на здравствениот сектор, и тоа:

- Протокол за здравствена заштита на осудени лица со ХИВ/СИДА/ТБ/ХепЦ/СПИ;
- Протокол за дистрибуција на кондоми во затвор;
- Протокол за вклучување и поделба на супституциона терапија во затвор.

Во насока на унапредување на постоечката легислатива од областа на медиумите за 2013 година ќе бидат усвоени Законот за медиуми како и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Институционална рамка**

Ќе се усвои Програма за работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди за 2014 година.
Активностите во рамките на Проектот за градење на капацитетите на институции кои што го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица ќе се спроведуваат тековно. Ќе се подобруваат условите во просториите за задржување во полициските станици во ПС Струга, ПС Велес и ПС Кочани.
Континуирано ќе се спроведуваат обуки за подигнување на свеста на припадниците на безбедносните служби во однос на заштита на човековите слободи и права.
Ќе биде изготвен Концепт за човековите права за полицијата, како и Извештај за оценка на рамката за спречување на неправилно постапување и системот на претставки против полицијата.
Во однос на реформата на затворскиот систем, во текот на 2014 година ќе се продолжи со натамошно подобрување на капацитетите на затворскиот систем. Изградбата на Воспитно-поправниот дом Тетово ќе започне во првата половина од 2014 година, додека изградбата на Затвор Скопје ќе започне во втората половина на 2014 година. Кон крајот на 2014 година ќе се усвои Национална стратегија за развој на затворскиот систем.
Во насока на јакнење на административните капацитети ќе се спроведуваат континуирани обуки на затворскиот персонал, а предвидени се и дополнителни вработувања на нов кадар.
Во делот на слобода на медиуми ќе продолжи праксата за спроведување на обуки за судиите надлежни за случаите на клевета за примена на принципите на ЕСЧП во судовите. Во 2014 година ќе се спроведат 4 обуки за примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Ќе продолжи водењето на евиденција на практичната имплементација од страна на судиите за членот 10 од ЕКЧП во нивните пресуди. Ќе продолжи праксата на превод и објавување на пресудите од ЕСЧП за членот 10 од Конвенцијата.
Министерството за информатичко општество и администрација ќе одржува редовни средби со здруженијата на новинари во насока на следење и стимулирање на воспоставување на саморегулаторно тело за медиуми. Советот за радиодифузија континуирано ќе го следи усогласувањето на радиодифузерите со членот 11 од Законот за радиодифузната дејност. Ќе продолжат активностите за промоција на медиумски плурализам во земјата и промоција на недискриминаторски и транспарентен пристап од страна на Советот за радиодифузија.

Во насока на натамошна примена на Законот за бесплатна правна помош ќе се одржуваат денови на бесплатен правен совет на квартално ниво.
Во делот на слободата на мисла, уверување и религија ќе продолжи спроведувањето на Проектот „Караван: Да живееме едни со други, не едни покрај други“, во рамките на кој во 2014 година ќе бидат посетени училиштата во општините со мешани етнички средини (Чаир, Бутел, Шуто Оризари, Лабуништа, Струга, Тетово, Гостивар, Дебар, Куманово).
Исто така, ќе се спроведе Проект за недискриминација во вероисповедта и верската слобода во рамките на кој ќе се истражи проблемот на верската толеранција во еднаквиот третман на граѓаните. Дополнително, ќе се спроведе Проект за европските религии во рамките на кој ќе се разгледа правната положба и организација на црквите, верските заедници и религиозните групи во европското законодавство. Ќе биде разгледано и прашањето за основање на верските објекти во организации и институции (старечки домови, болници).
Комисијата за односи со верските заедници ќе започне со месечни информативни емисии на кои ќе се информира за различните религии присутни во Република Македонија, а ќе биде публикуван и Прирачник за верска слобода.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

Континуирано ќе се работи на реновирање и реконструкција на просториите за задржување на лица во полициските станици од општа надлежност.
Ќе продолжат активностите во рамките на затворската реформа. Во насока на јакнење на професионалните капацитети ќе се спроведуваат континуирани обуки на затворскиот персонал.
Во делот на слободата на мисла, уверување и религија, предвидени се активности за улогата на граѓанскиот сектор, медиумите и локалната самоуправа во јакнење на меѓурелигискиот живот во Република Македонија, а дополнително се предвидува и кампања за подигнување свест за меѓурелигиска толеранција и почитување на другите религиски вредности во која ќе бидат вклучени млади луѓе кои посетуваат етика на религиите во основните училишта.
Во текот на 2016 година ќе се спроведува Проект „Верски културен туризам“ кој ќе придонесе за регионалниот развој, и подобрување на меѓуверскиот и социо-културниот живот во Македонија преку посета на свети места на религиите.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- ИПА 2009 Проект - Градење на капацитети на институциите кои го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица;
- Проект - Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија;
- УНЕСКО Проект -Караван: Да живееме едни со други, не едни покрај други;
- Проект - Недискриминација во вероисповедта и верската слобода;
- Проект - Европските религии и Европската Унија;
- Проект - Верски културен туризам.

**3.23.3.3. Економски и социјални права (да се види и Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување)**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законот за социјалната заштита се измени со цел да се имплементираат одредби од ратификуваната Конвенција за правата на лицата со попреченост на ООН.
Во сферата на заштита на правата на децата се усвои нов Закон за правда за децата.
Се усвои и Програма за обесштетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство.
Комисијата за заштита од дискриминација континуирано постапуваше по пристигнати претставки.
За јакнење на улогата на Комисијата и подигнување на јавната свест за концептот на недискриминација, започна емитување на медиумска кампања. Изработена е Стратегија за комуникација на Комисијата која ги опфаќа сите фази и сегменти на комуницирање со релевантните тела и граѓаните.
Во делот на еднаквите можности, континуирано се спроведува Национална стратегија за еднаквост и недискриминација по основ на пол, етничка припадност, возраст и ментална и телесна попреченост како и Стратегијата за родова еднаквост.
Се усвои Националне план за акција за спроведување на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста.

Со цел континуитет на воспоставениот систем за семејно насилство, продолжи спроведувањето на Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство.
Во овој период се работеше на јакнење на соработката помеѓу релевантните актери во оваа област[54].
Континуирано се спроведуваа активности од Стратегијата за заштита на децата од улица. Во текот на 2012 и 2013 година, во редовниот образовен систем вклучени се 86 деца од улица.
Во делот на заштита на децата од злоупотреба и занемарување, континуирано се спроведуваа активности од АП за спречување на злоупотреба на деца и педофилија.
Воспоставен е унифициран систем за електронско собирање на податоци за следење на спроведување на Законот за малолетничка правда.
Реализирани се активности од Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво за сензибилизирање и зголемување на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво со што се придонесе кон афирмирање и потенцирање на улогата на Државниот совет.
Се одржаа специјализирани обуки за судии и јавни обвинители за интервјуирање на деца жртви и сведоци.
Во полициските станици Кисела Вода, Тетово, Струмица и Велес направени се простории за разговор со деца, а беа спроведени и обуки за полициски службеници, кои работат или доаѓаат во контакт со деца и малолетници.
Во општина Кавадарци се отвори мал групен дом за деца во ризик.
Продолжи процесот на деинституционализација. Беа отворени две нови станбени единици во кои се деинституционализирани 10 лица, а се работеше и на јакнење на капацитетите на стручните лица за поддршка на корисниците. Се развија алтернативни форми на вонинституционална заштита на децата без родителска грижа.
Продолжи спроведувањето на активности од приоритетните области на Стратегијата и Декадата за инклузија на Роми и за истото и покрај економската криза не беа скратени буџетските средства.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе бидат усвоени измени на Законот за семејство заради дополнително прецизирање на одредбите кои се однесуваат на злоупотреба и грубо занемарување на вршењето на родителските должности.
Исто така ќе се усвои Закон за превенција и заштита од семејно насилство заради унапредување на системот за спречување и заштита од семејно насилство, постапувањето и меѓусебната соработка помеѓу надлежните институции.

**Институционална рамка**

Континуирано ќе се работи на јакнење на меѓуинституционална соработката на телата надлежни за заштита од дискриминација. Комисијата ќе спроведе обуки за недискриминација за социјалните и здравствените работници, претставници од трудова инспекција, судии и јавни обвинители. Континуирано ќе се спроведува Стратегијата за родова еднаквост и Стратегијата за еднаквост и недискриминација.
Во делот на трговија со луѓе ќе биде изработена Програма за ресоцијализација и реинтеграција на жртви на трговија со луѓе/ деца. Ќе продолжи функционирањето на Центарот за лица - жртви на трговија согласно меѓународните стандарди за заштита на жртвите од трговија со луѓе.
Согласно новините на Законот за правда на децата ќе се работи на организирање на слободното време во училиштата, работилници со малолетните престапници и нивните родители, интерактивни предавања од едукативен карактер како и заживување на формите на згрижувачки семејства за малолетни лица во судир со законот. Ќе се отворат пријатни простории за работа со деца во ЦСР во општините Кавадарци и Гостивар, а ќе бидат опремени простории за разговор со деца во полициските станици Гостивар, Гевгелија, Кочани и Битола.
Во насока на подигнување на грижата за децата со пречки во развојот, вклучувајќи ги и децата со аутизам, ќе биде отворен Дневен центар за деца со аутизам во Штип. Ќе се подготви Анализа за проценка на законската и подзаконската регулатива за заштита на децата од злоупотреба и занемарување. Ќе продолжи кампањата за сензибилизирање и подигање на јавната свест за проблемот со злоупотреба и занемарување на деца. Во насока на подобрување на положбата на децата од улица ќе се отвори Дневен центар за деца на улица во Прилеп.
Ќе се донесе Програма за обесштетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2014 година, а ќе се достави и Извештај за реализацијата на оваа Програма за 2013 година. Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво, ќе донесе Акциски план за работата за 2014 година и Годишниот извештај за состојбите во областа на правата на детето и малолетничкото престапништво во 2013 година.

[54] Собраниската комисија за еднакви можности на жените и мажите, комисиите за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа, координаторите за еднакви можности на жените и мажите во ресорните министерства и државни институции, научни институции и граѓански организации

Во насока на подобрување на интеграцијата на лицата со посебни потреби, ќе биде финализиран огласот за вработување на 300 лица со попреченост согласно одредбите во ОН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност за можност за заработка за живот и создавање на работна средина отворена и прифатлива за лицата со попреченост. Во делот на спречување и заштита од семејно насилство ќе бидат развиени модули за обука на судии и јавни обвинители.

Процесот на деинституционализација во ЈУ Специјален завод Демир Капија ќе продолжи, како и мониторингот и евалуацијата на квалитетот на услугите во Службите за поддршка на домувањето. Ќе продолжи имплементацијата на Акциониот план за изградба на пристапни рампи за лица со телесна попреченост во објекти од јавен карактер.

Националното координативно тело за имплементација на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во Република Македонија континуирано ќе ја следи имплементацијата на Конвенцијатата и ќе подготви Извештај.

Се предвидува отворање на Дневни центри за деца со пречки во менталниот развој до 18 години во Валандово, Липково и Охрид, а за лица со интелектуална попреченост над 18 години ќе биде отворен Дневен центар на територијата на град Скопје.

Во насока на натамошна инклузија на Ромите, ќе продолжи инклузијата на децата Роми во предучилишното образование. Во учебната 2013/2014 ќе бидат опфатени 477 деца-Роми во 18 општини.

Се предвидува стипендирање на 716 ученици за учебната 2013/14 година, менторирање по селектирани предмети во сите јавни и приватни средни училишта и туторство за успешно полагање на државна матура на ученици од IV година. Во делот на здравствена заштита, ќе продолжат со работа постојните 16 Ромски здравствени медијатори. Во текот на 2014 година ќе се одржуваат обуки за медијатори наменети за претставниците од локалните самоуправи, со цел да се подобри комуникацијата и информирањето во ромските заедници. Ќе продолжи функционирањето на Ромските информативни центри. Согласно воспоставената пракса, ќе се продолжи со редовно квартално состанување на Национално координативно тело за спроведување на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите 2005 -2015. Во текот на 2014 година, ќе продолжи акцијата за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги. Ќе се усвои нова Национална стратегија за Ромите во согласност со Агендата на ЕУ за социјално вклучување на Ромите и Стратегијата ЕУ 2020. Ќе продолжи спроведувањето на проектот за регионална поддршка за постигнување на реален напредок во вклучувањето на Ромите во општеството. Исто така ќе се спроведе проект за помош на хуманитарна и правна помош жртвите од холокаустот.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Институционална рамка**

Ќе продолжи јакнењето на капацитетите на механизмите за заштита од дискриминација. Ќе се преземат активности за професионализација на стручното тело во рамките на Комисијата за заштита од дискриминација. Во континуитет ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност.

Согласно Акцискиот план за борба против трговија со луѓе 2013-2016 ќе се спроведат активности кои ќе придонесат кон превенција од трговија со луѓе и заштита на жртвите од трговија со луѓе, како и кон јакнење на капацитетите на националниот механизам за упатување на жртвите на трговија со луѓе.

Во делот на детските права, ќе се работи на развивање на едукативни центри за третман на родителите и малолетниците, согласно тековните потреби кои произлегуваат од новите појавни облици на асоцијално и деликвентно поведение на децата. Ќе продолжи унапредувањето на заштитата на децата на улица преку зајакнување на професионалните капацитети на стручните лица кои работат со појавата на деца на улица.

Континуирано ќе се унапредува заштитата на жртви на семејно насилство, преку зајакнување на стручните капацитети на вработените во центрите за социјална работа и преку проширување на мрежата на советувалишта.

Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, ќе се отвори Дневен центар во општина Кочани.

Ќе продолжи спроведувањето на активности за унапредување и подобрување на состојбата и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија.

### *ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ*

- Проект - Зајакнување на капацитетите за концептот на еднакви можности и недискриминација;
- ПРОГРЕС Проект - Од норма до пракса;
- Проект - Правда за децата;
- Проект - Градење на превентивна политика на малолетничкото престапништво;
- Проект - Инклузија на децата Роми во предучилишното образование;

- Проект -Стипендирање и менторство на средношколци Роми;
- Проект - Правна помош на ромската заедница;
- Проект - Регионална поддршка за постигнување на реален напредок во вклучувањето на Ромите во општество;
- Проект - Помош на хуманитарна и правна помош жртвите од холокаустот.

### 3.23.3.4 Почитување и заштита на малцинствата, културни права

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Агенцијата за остварување на правата на заедниците ја усвои Програмата за финансирање на граѓански организации како и Правилникот за мониторинг и евалуација на програмата и истите се доставени во владина процедура на усвојување.

Се усвои Извештајот за спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор (недискриминација, образование, правична застапеност, употреба на јазиците и децентрализација). Буџетот за 2014 година предвидува 6.000.000, 00 МКД за спроведување на препораките содржани во истиот. На Извештајот му претходеа конференции на кои беа дефинирани областите каде во следната декада од спроверувањето на ОРД треба да се посветува посебно внимание[55].
Се усвои Програмата за вработување на припадниците на заедниците за 2013 година, која предвиде 450 вработувања.
Продолжи организирањето на работни средби за следење на АП за инклузија на Роми и Роми бегалци.
Континуирано се имплементираше Стратегијата за интегрирано образование.
Во насока на спречување на инциденти во средните училишта, во 2013 година се работеше на едукација и анимирање на слободното време на учениците во рамки на проектите „Безбедни училишта" и „Полицијата и учениците се дружат".
Агенцијата за остварување на правата на заедниците го подготви Стратешкиот план за 2014-2016 година.
Беа реализирани 4 партиципативни форуми во насока на продлабочување на дијалогот по однос на прашањата кои се однесуваат на припадниците на заедниците.
Во овој период започна и заедничката кампања на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во рамките на кој се промовира правото на децата, припадници на етничките заедници да се образуваат на својот мајчин јазик.
Изработена беше Анализата за состојбите со ефективната партиципација на припадниците на заедниците во културниот живот во Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

Ќе се донесе Програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2014 година, со цел промовирање на меѓуетничките односи.
Ќе се реализираат активности во насока на имплементација на препораките содржани во Извештајот за анализа и разгледување на состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор.
Во текот на 2014 година ќе се работи на зајакнување на капацитетот на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор и Агенцијата за остварување на правата на заедниците со посебен фокус на стратешко планирање и запазување на стандардите за внатрешна контрола.
Ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за интегрирано образование.
Во 2014 година, ќе започне спроведувањето на проект кој има за цел да поддржи реформи во предучилишното, основното и средното образование преку обезбедување на инклузивност и интеркултурна средина за учење на сите деца, со фокус на најранливите групи. Дополнително, ќе отпочне спроведување на проект за евалуација на поддршката во областа на еднаков пристап до квалитетно образование за сите, со препораки за идна помош и развој.

---

[55] Распределба на финансиските јавни средства (распределба на јавните фондови и буџетот), Зајакнување на механизмите за соодветен надзор над законските одредби за употреба на јазиците и знамињата, Ресоцијализација и помирување на припадниците кои учествувале во конфликтот во 2001 год и Соодветна и правична застапеност на некои институции кои се наведени како критични , посебни на раководни позиции во администрација.

Исто така ќе продолжат активностите насочени кон учениците, во насока на превенција на насилствата меѓу нив во рамките на Проектите „Безбедност во училиштата“ и „Полицијата и учениците се дружат“.
И во идниот период ќе се работи на подобрување на правичната застапеност на помалите заедници, особено кај Ромите и Турците, со посебен акцент на правична застапеност на високо ниво.
Ќе продолжи воспоставениот дијалог за дискусија на прашањата за инклузија на Роми и Роми бегалци. Во текот на 2014 година ќе бидат одржани 2 средби за следење на АП за инклузија на Роми и Роми бегалци.
Исто така ќе продолжат заложбите за зголемување на државниот буџет наменет за Стратегијата/Декадата за Роми.
Во текот на 2014 година, Агенцијата за остварување на правата на заедниците ќе реализира 4 партиципативни форуми со сите засегнати страни на тема унапредување и заштита на правата на заедниците.Ќе се спроведе евалуација на постојната законска рамка во областа на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците со посебен осврт на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците застапени со помалку од 20%.
Во насока на јакнење на административните капацитети, ќе се спроведат обуки за обучувачи за малцински права за вработените во Агенцијата. Предвидено е одржување на обуки за малцински права од страна на обучените лица во општините каде се формирани Комисии за односи меѓу заедниците. Во насока на јакнење на капацитетите на граѓанските организации од заедниците предвидени се обуки за истите како и финансиска поддршка на мали проекти. Кон крајот на годината ќе се одржи културна манифестација за промоција на културата на припадниците на заедниците.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
На среден рок Агенцијата за остварување на правата на заедниците ќе продолжи со следење на националното законодавство и европските регулативи на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците.

**Институционална рамка**
На среден рок Агенцијата за остварување на правата на заедниците, ќе продолжи со спроведување на комуникациската стратегија на Агенцијата, континуирано обучување на вработените како и кадровско доекипирање на истата.

Ќе се работи на зголемување на јавната свест за потребата од унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
- Проект - Постигнување на квалитетно образование преку обезбедување инклузивност и интеркултурна средина за учење;
- Проект -Евалуација на поддршката во областа на еднаков пристап до квалитетно образование за сите, со препораки за идна помош и развој.
- Проект - Безбедни училишта;
- Проект - Полицијата и учениците се дружат;

**3.23.3.5. Заштита на личните податоци**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Континуирано се спроведува Стратегијата за заштита на лични податоци, а се спроведуваа и активности за подигање на јавна свест за правото на заштита на лични податоци. Се реализираа инспекциски надзори согласно Годишната програма за инспекциски надзор, а со помош на софтверот за инспекциски надзор започна генерирањето на сеопфатни извештаи за состојбата со надзорите.

Се направи анализа на потребата за отворање на инфо центри за заштита на личните податоци во Република Македонија. Дирекцијата во соработка со Бирото за развој на образованието, реализираа активности во насока на создавање одржлив систем за континуирана едукација во основно и средно образование за начелата на заштитата на личните податоци. Во тек е постапка за ISO сертификација согласно барањата на меѓународниот стандард EN ISO 9001:2008. Дирекцијата во вршењето на своите активности континуирано соработува со Народниот правобранител и Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер. Дирекцијата има

24 вработени, за кои континуирано се обезбедуваат генерички и специјализирани обуки за заштитата на личните податоци за специфични области.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за заштита од лични податоци со цел негово усогласување со новините на Закон за прекршоци, понатамошно уредување на одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, како и нормирање на ревизијата на заштита на лични податоци.

**Институционална рамка**

Со цел ефективна имплементација на предвидените стратешки цели ќе бидат отворени инфо центри за заштита на лични податоци во Република Македонија. Ќе се спроведуваат кампањи за подигање на јавна свест и нивото на соработка со контролори и обработувачи и подготовка на прирачници по сектори. Ќе се продолжи со зголемување на бројот на спроведени обуки на контролори/обработувачи. Ќе се практикува систематско следење на состојбата од утврдени повреди од инспекциски надзор и изречени прекршочни санкции или изречени глоби.

Ќе се работи на воспоставувањето на одржлив систем за континуирана едукација на ученици и наставници/ професори за начелата и принципите на ЗЛП од основното и средното образование. Се предвидуваат обуки на инспектори и вградување на најдобри ЕУ пракси за on-line инспекциски надзор. Ќе биде финализиран процесот на сертификација од акредитирано сертификациско тело.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Модернизацијата на Конвенцијата 108 на Советот на Европа и Директивата 95/46/ЕЗ и нивното стапување во сила кое се очекува за 2016 година, ќе водат кон потребата за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци. Исто така се предвидува воведување правен основ за on-line инспекција и практично спроведување на истата. Ќе продолжи усогласувањето на легислативата од различни сектори со прописите за заштита на лични податоци.

**Институционална рамка**

Среднорочните приоритети на Дирекцијата ќе бидат насочени кон следење и зголемување на степенот на извршување на изречените глоби од сторени прекршоци. Се предвидува воведување на правото на приватност и заштита на лични податоци во основно, средно и високо образование како дел од наставна материја. Ќе се работи на имплементација на нов механизам за нотификација/регистрирање согласно новата регулатива на ЕУ како и подобрување на информатичко комуникациската технологија во вршење на надлежноста, особено за инспекциски надзор.

Ќе биде воспоставен секторски приод при превенирање и санкционирање на имплементацијата на законот за заштита наличните податоци во дел од сектори со посебен фокус во судство и медиуми. Ќе продолжат обуките на вработените во Дирекцијата за имплементација на новините во легислативата за заштита на лични податоци. Активностите на среден рок ќе бидат планирани и согласно обврските што се налагаат од членството на Република Македонија во Совет за човекови права на ОН.

### *ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ*

- Национален проект со осигурителни друштва;
- Национален проект со ЕВН, БЕГ, водовод;
- ИПА 2008 -Проект за поддршка на ДЗЛП;
- ИПА 2009 -Одржлив систем за континуирана едукација за начелата за заштита на личните податоци во основното и средното образование";
- Норвешки грант за институционално јакнење на Дирекцијата за заштита на личните податоци- „Техничка помош за зајакнување на организациските и институционалните капацитети за заштита на личните податоци";
- Имплементација на проект согласно секторското фише 2012- мерка 6 каде што ДЗЛП е корисник на поддршка за пристап кон правото за заштита на лични податоци.

## 3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

***РЕЗИМЕ***

*Генерално, активностите во оваа поглавје континуирано бележат напредок. Активностите во ова поглавје ќе бидат насочени кон усогласување на националното законодавство со релевантното ЕУ acquis.*

*Владата на Република Македонија донесе Одлука за изменување на Одлуката за формирање на меѓуресорска група за креирање на миграциската политика на Република Македонија со цел јакнење на капацитетот на актуелната меѓуресорска група. Воспоставувањето на Интегрираната база за странци е во завршна фаза. Обврските преземени со Спогодбата за реадмисија помеѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица со незаконски престој континуирано ќе се исполнуваат.*

*Одделението за азил започна со издавање на документи за идентификација на барателите на азил. Целта е скратување на рокот за издавање на тие документи. Се организираат обуки за спроведување на Законот за азил и привремена заштита. Во текот на 2013 година забележан е тренд на зголемен број на поднесени барања за признавања на правото на азил[56]. За најголем дел од барањата донесен е заклучок за запирање на постапката поради тоа што барателите на азил самоволно го напуштаат Прифатниот центар пред донесување на финална одлука. Се планираат активности за вклучување на Одделението за азил во програмите на некоја од постојните мрежи на преведувачи во одредени земји-членки. Се предвидува материјално и техничко опремување, како и кадровско зајакнување на Прифатниот центар за баратели на азил.*

*Континуирано се реализира регионалната соработка на граничната полиција, како и соработката во активностите во организација на Фронтекс. Континуирано се спроведувани напредните и специјалистичките обуки за граничната полиција. Се продолжи со континуирано техничко опремување на граничната полиција, како со средствата обезбедени од буџетот на МВР, така и со странски донации. Завршена е втората фаза на проектот „Тетра" и е започна спроведувањето на третата фаза. Подготвена е техничката спецификација за ИТ- поврзување на преостанатите полициски станици (ПС) за граничен надзор и е извршена проценка на потребните финансиски средства за завршување на оваа активност. Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ) презема активности за кадровско зајакнување со цел операционализација на ИТ системот за размена на информации и работи на подготовка на новата Стратегија за интегрирано гранично управување (ИГУ) заедно со соодветен акциски план.*

*Во првиот квартал на 2014 година се планирано е отпочнување на Проектот во рамки на ИПА 2010 „Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал". Предвидено е и донесување на сеопфатна стратегија за развој на граничната полиција со акциски план, со цел ефективно среднорочно планирање на развојот на граничната полиција.*

*Во изминатиот период континуирано се ратификуваа договори за судска соработка во граѓанска и кривична материја и истото ќе продолжи и во следниот период. Стапи во сила Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, чија имплементација ќе се следи во текот на 2014 година. На краток рок ќе се воспостави софтвер за водење евиденција на предметите за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја.*

*Во делот на полициската соработка и борбата против организираниот криминал, Република Македонија е добро напредната во исполнување на обврските од европското законодавство. Согласно статистичките показатели за 2013 година зголемен е бројот на откриени случаи во делот на борбата против организираниот криминал. Добиено е меѓународно признание за достигнувањата во борбата против компјутерскиот криминал. Склучени се меморандуми за полициска соработка со Албанија, Хрватска, Србија, Косово, Руската федерација и Молдавија. Зајакнати се капацитетите за борба против трговија со луѓе преку формирањето на локални комисии и мобилни тимови за поддршка на жртвите на трговија со луѓе. Ќе биде назначен офицер за врска со ЕВРОПОЛ, а воедно ќе се зајакнат и капацитетите на Одделението за ЕВРОПОЛ со 2 извршители. Ќе се финализира процесот на усогласување на правната рамка со Законот за кривична постапка,[57] а ќе се донесе и Стратегија за компјутерска безбедност. Напорите ќе бидат насочени и кон воспоставување на Националниот координативниот центар за борба против организиран криминал.*

---

[56] Во периодот од 01.01.2013 до 28.10.2013 година во Одделението за азил се поднесени 1220 барања за признавање на право на азил, за разлика од 2012 година кога се поднесени 527 барања.

[57] Види и дел за борба против корупција, во поглавје 23, Правосудство и човекови права.

*На среден рок се предвидува зајакнување на органите со посебни овластувања, пред сé Одделот за сузбивање на сериозен и организиран криминал, како и Управата за финансиска полиција.*
*Република Македонија е добро напредната во исполнување на обврските од Acquis во делот на борбата против тероризмот. Заради натамошно унапредување на работата на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) во текот на 2014 година ќе се донесе Правилник за нејзината работа. Ќе се одржува редовна соработка меѓу Управата и Агенцијата за разузнавање, како и соработка на билатерално и меѓународно ниво. Обуката на вработените во УБК, исто така, продолжува. Заклучно со 2015 година ќе продолжи спроведувањето на Националната стратегија за борба против тероризам.*
*Република Македонија е добро напредната во исполнување на обврските од Acquis во делот на борбата против дрогата. Во претходниот период законодавството од оваа област во голема мера беше усогласено со релевантните ЕУ-мерки. Имајќи го предвид порастот на новите видови на психотропни супстанции, во наредниот период, по усвојување на соодветните регулативи од оваа област на европско ниво, ќе се пристапи кон измени и на националното законодавство. Во согласност со Стратегијата на ЕУ за борба против дрога (2013-2020) ќе биде донесена Национална стратегија за борба против дрога со соодветни акциски планови за нејзино спроведување. Ќе се работи и на јакнење на капацитетите на Секторот за недозволена трговија со дрога.*
*На среден рок ќе се работи на пристапување кон Конвенцијата за употреба на информациска технологија за царински цели и ќе се продолжи со активностите за пристапување кон Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските служби со соодветните акти.*

## 3.24.1 МИГРАЦИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Донесен е Закон за дополнување на Законот за странците[58]. Измените се направени во насока на издавање дозвола за привремен престој на странец-резидент на држава-членка на Европската унија и на Организацијата за економска соработка и развој, кој се стекнал со право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија под услови утврдени со закон.
Потпишан е Протокол за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија. Истиот е на сила од 26 август 2013 година.
Донесен е миграциски профил на Република Македонија за 2011 година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во текот на 2014 година се предвидува да се донесе нов Закон за странци со кој ќе се изврши понатамошно усогласување со клучните ЕУ мерки во областа миграција[59] .

Ќе се направи евалуација на Резолуцијата за миграциската политика, 2009-2014. Ќе се донесе нова Резолуција на миграциската политика до крајот на 2014 година. Исто така, ќе продолжат преговорите за склучување на договори за реадмисија со Турција и Косово и преговори за потпишување протоколи за спроведување на Спогодбата за реадмисија со ЕЗ со Грција, Латвија, Литванија и Словачка.
Ќе се донесе стратешка анализа на ризик за илегална миграција, како и миграцискиот профил за 2012 година**.**

**Институционална рамка**
Проектот „Интегрирана база на податоци за странци, која вклучува податоци од областа на азил, миграции и визи„ се очекува да биде комплетиран во јуни 2014 година и со тоа истата комплетно да се стави во функција.

Ќе продолжи спроведувањето на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план на Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија, 2009-2014 година, со зајакнат мониторинг над реализацијата на предвидените мерки и активности.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

[58] „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/13.
[59] Директива 2003/86/ЕЗ на Советот од 22 септември 2003 година за правото на семејно обединување; Директива 2003/109/ЕЗ на Советот од 25 ноември 2003 за статусот на државјани на трети земји, изменета со Директивата 2011/51/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 11 мај 2011 година; Директива 2004/114/ЕЗ на Советот од 13 декември 2004, за условите за прифаќање на државјани на трети земји за целите на студии, размена на ученици, обука без надомест или волонтерски сервис.

**Правна рамка**
Со претстојната измена на Законот за странци се наметнува потребата од соодветно изменување на Правилникот за странци.

Ќе се донесе Закон за административен регистар на население на Република Македонија.
Ќе се изврши ревизија на проектот „Нови лични документи" со цел вклучување на медиум за складирање во дозволите за престој, идентичен со медиумот за складирање наведен во Анексот кон Регулатива бр. 1030/2002/ЕЗ на Советот од 13 јуни 2002 година за утврдување на еднообразен формат на дозволи за престој за државјани на трети земји.

**Институционална рамка**
Ќе се воспостави административниот регистар на населението во Република Македонија.

## 3.24.2 АЗИЛ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Донесен е нов Закон за заштита на децата[60] заради обезбедување на поголеми права на лицата со статус на признаен бегалец и лицата со признаено право на азил поради супсидијарна заштита. Во насока на спроведување на Законот за азил и привремена заштита донесени се повеќе подзаконски акти .[61]

Од буџетот на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) во првите три квартали на 2013 година исплатени се вкупно 16.070.630,00 денари за остварување на правата на лицата со статус на признаен бегалец и лицата со признаено право на азил поради супсидијарна заштита.

Започнати се активности за изградба на еден објект со 20 станови за сместување на барателите на азил, како донација на УНХЦР.

Преку Центарот за интеграција на бегалци и странци заклучно со октомври 2013 година, издадени се 25 работни дозволи за лица под супсидијарна заштита и 7 деца на лицата со статус на признат бегалец и лицата со признато право на азил поради супсидијарна заштита, се запишани во градинка.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
МТСП ќе изврши еваулација на степенот на реализација на мерките и активностите содржани во Националниот акциски план на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008-2015.

**Институционална рамка**
МТСП ќе донесе Програма за интеграција на лицата на кои им е признато правото на азил во Република Македонија за 2014 година.

Во рамки на програмата ИПА 2013 ќе започне изградба на 100 станбени единици за признатите бегалци и лицата со признато право на супсидијарна заштита.

Ќе продолжат активностите за вклучување на Одделението за азил во постојната мрежа на преведувачи во некои земји-членки со цел да се надминат постојните проблеми за обезбедување на превод на јазиците на кои зборуваат барателите на азил.

Со поддршка на УНХЦР ќе продолжи организирањето на обуки за вработените во Прифатниот центар за баратели на азил, Одделението за азил, миграции и хуманитарна помош при МТСП, Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи и судиите од Управниот суд и Вишиот управен суд.

---

[60] „Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013
[61] Прирачник за постапките за спроведување на Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија.
Методологија за утврдување на концептот „безбедна трета земја".
Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2013 година.

Со поддршка на УНХЦР ќе се спроведат обуки за вработените во Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи (МВР) за зајакнување на административниот капацитет за водење на постапката по барања за азил, безбедност на лицата кои што ја спроведуваат постапката со барателите на азил и прифаќањето на барателите на азил. Одделението за азил ќе спроведе обуки за полициски службеници во полициските станици за граничен надзор и полициските станици од општа надлежност. Исто така, ќе се спроведат обуки на вработените во Одделението за азил при МВР и во МТСП за користење на апликациите од Интегрираната база за странци, која вклучува податоци за азил, миграции и визи.

Се планира вработување на кореспондент во Одделението за азил при МВР.

Со поддршка на УНХЦР, ќе се набави нова машина за дактилоскопирање на барателите на азил. Ќе продолжи на соработката меѓу МВР и УНХЦР. Ќе се изврши материјално, техничко и кадровско зајакнување на Прифатниот центар за баратели на азил.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе се донесе нов Закон за азил и привремена заштита со кој што ќе се изврши усогласување со следните ЕУ-прописи:

- Директива 2001/55/ЕЗ на Советот за определување минимални стандарди во постапката за давање привремена заштита во случај на масовен прилив на раселени лица и за мерките за воспоставување рамнотежа меѓу активностите на земјите членки при прием на раселени лица, како и при поднесувањето на последиците од таквите активности;
- Директива 2011/95/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на стандардите за лица од трети земји или лица без државјанство кои се корисници на меѓународна заштита, за воедначен статус на бегалците или лица кои се под супсидијарна заштита, и за содржината на доделената заштита;
- Директива 2003/86/ЕЗ, за семејно обединување;

со што законските акти на ЕУ би се отсликале во правната легислатива во Република Македонија.

**Институционална рамка**

Ќе се донесе Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија (2015-2025).

Ќе започне издавање на машинскочитливи (биометриски) () лични карти за лицата со признат статус на бегалец и за лицата под супсидијарна заштита.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

ИПА 2013 - Во рамки на Националната програма на ИПА-компонентата 1 (ТАИБ) за 2011 година, планирано е спроведување на проект за локална интеграција на бегалци и внатрешно раселени лица, во рамките на кој ќе се изградат 100 станбени единици за лицата со признато право на супсидијарна заштита и признатите бегалци. Во тек се подготвителните активности за реализација на планираниот проект поврзани со подготовка на тендерска документација. Со одлука на Владата на Република Македонија, МТСП обезбеди градежно земјиште во општина Сарај во трајна сопственост, а со намена за проектот. Спроведувањето на градбата се очекува да започне во текот на 2014 година.

На годишно ниво се реализира потпроектот „Оперативна поддршка на Министерството за труд и социјална политика од страна на УНХЦР".

## 3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Визниот режим на Република Македонија целосно е усогласен со т.н позитивна шенген листа додека со негативната шенген листа усогласен е во голема мера освен со 4 земји (Косово, Турција, Куба и Боцвана). Континуирано се спроведуваат активностите за непречено спроведување на визната либерализација со земјите-членки на ЕУ/Шенген. Донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на издавање на визи за странци, продолжување, скратување на нивната важност, отповикување и поништување на

визи, како и за образецот за визи и за водење на евиденција[62]. Со истото се овозможи барањата за издавање визи да може да се поднесуваат во кое било дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија. Дипломатско-конзуларниот персонал пред заминување на работа во странство ги завршува потребните обуки.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Во рамки на донесување на новиот Закон за странци, ќе се изврши делумно усогласување со Визниот кодекс на ЕУ.

**Институционална рамка**

Ќе продолжи со работа координативното тело за следење на спроведувањето на визната либерализација со цел нејзино сроведување. Континуирано ќе се преземаат мерки за информирање на граѓаните за значењето на визната либерализација и за одвраќање на потенцијалните баратели на азил во европските земји.

Ќе се операционализира интегрирана база на податоци за странци вклучувајќи азил, визи и миграции, каде што ќе биде вклучен и Националниот визен информативен систем (Н-ВИС).

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

По завршување на постапката за донесување на Законот за странци ќе следи изменување и дополнување на Правилникот за начинот на издавање, поништување, отповикување на визи, скратување и продолжување на нивната важност, начинот на водење на евиденција за издадени, поништени и отповикани визи, во насока на нивно усогласување со Визниот кодекс.

**Институционална рамка**

Континуирано ќе се спроведуваат обуки на дипломатско конзуларниот персонал (вклучително и обуки за откривање на фалсификувани документи) пред заминување на работа во странство.

Ќе започнат активности за набавка на софтвер за воведување на електронска апликација за визи.

Ќе се надгради Визниот центар при Министерството за надворешни работи (МНР) согласно потребите и законските измени.

## 3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН ЗОНАТА

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Донесена е Стратешката анализа на ризик од областа на илегална миграција за 2012 година, изработена согласно методологијата содржана во Прирачникот за единиците на анализа на ризик на Фронтекс-2010, како и Стратешката анализа на ризици и опасности за 2012 од аспект на интегрираното гранично управување.

Соработката со граничните полиции на регионално ниво се одвиваше преку учество во 4 заеднички операции под покровителство на Демократската контрола на вооружени сили (ДЦАФ). Во текот на годината континуирано се изведуваат мешани патроли на државната граница, со сите соседни држави, освен Република Грција. На граничниот премин (ГП) „Ќафасан", отворен е Заеднички контакт-центар за полициска соработка меѓу македонската и албанската полиција. На локалниот ГП „Џепиште-Требиште", граничните служби започнаа да функционираат на една заедничка точка во однос на проверка на патните документи на патниците. Потпишана е спогодба за отворање на нов заеднички македонско-косовски граничен премин „Белановце-Станчиќ". Континуирано се врши размена на податоци со Фронтекс, како и учество во заедничките операции на Фронтекс (4 во 2013 година). Во текот на годината, континуирано се спроведуваа обуки за припадниците на граничната полиција, согласно Планот за континуирана, специјална обука и обука за самостојно вршење на работите во Граничната полиција[63].

---

[62] Службен весник на РМ бр. 103/2013 од 22.07.2013 година.

[63] Во периодот јануари-октомври спроведени се 112 обуки од различен вид, со 5863 учесници.

Продолжено е со јакнење на капацитетите на Мобилната единица, како и со вкупните оперативни капацитети за надзор на државната граница согласно Проектот за набљудување и контрола на северната граница[64] . Континуирано се врши набавка на средства и опрема за потребите на граничната полиција, како од средствата на буџетот така и од странските донации[65].

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Со цел усогласување на националното законодавство со Шенгенскиот граничен кодекс (ШГК), во однос на условите за влез и одбивање на влез, ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за странци, како и измени и дополнувања на Правилникот за странците особено во делот на пропишување на образец-решение за одбивање на влез согласно Анекс 5 од ШГК.

До крајот на 2014 година ќе се извршат измени и дополнувања на Законот за гранична контрола со цел негово усогласување со ШГК. Ќе биде донесена нова Уредба за категоризација на граничните премини, работното време и обемот на користење на граничните премини. Донесување на Уредба за минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување според категоризација на граничните премини.

До крајот на првата половина на 2014 година, ќе се донесе нова Стратегија за развој на интегрирано гранично управување (2014-2019) заедно со акциски план за нејзиното спроведување.

**Институционална рамка**

Во завршна фаза се подготовките за операционализација на заедничките контакт-центри со Република Србија и со Република Косово.

Ќе продолжи материјално-техничко опремување на граничната полиција согласно Елаборатот за минимум/оптимум-стандарди за техничко опремување на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор.

Ќе продолжи кадровско доекипирање и опремување на Мобилната единица за прекуграничен криминал. За опремувањето на единицата се проценува потреба од околу 50.000,00 евра.

Истот така, ќе продолжи со учество во регионалната соработка под покровителство на DCAF, продолжување на соработката со Фронтекс (учество во обуки, заеднички операции и размена на информации).

Врз основа на подготвената техничка спецификација, ќе се изврши информатичко поврзување на преостанатите 6 ПСи за граничен надзор. Извршена е проценка на потребните финансиски средства за завршување на оваа активност и е оценето дека се потребни околу 200.000,00 евра.

Планирано е спроведување на обуки на припадниците на граничната полиција согласно Наставната програма за напредни и специјални обуки за 2014 година.

Ќе се изврши операционализација на ИТ системот во НКЦГУ.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Планирано е:

- изменување и дополнување на подзаконските прописи што произлегуваат од Законот за гранична контрола преку: Правилник за начинот на извршување на гранични проверки и граничен надзор (усогласување со Анексите 2, 6 и 7 кон ШГК), Правилник за начинот на преминување на внатрешната

[64] Вкупните средства за спроведување на овој проект во износ од 12.100.000,00 евра, во целост се обезбедуваат од буџетот на МВР.

[65] Од буџетските средства извршена е набавка на 4 патнички моторни возила (ПМВ) кои се дадени на користење на четирите регионални центри за гранични работи, два VSC уреда (Вкупна вредност од околу 50.000 евра) наменети за контрола на исправност на патни документи (по што граничната полиција има вкупно 13 такви висикософистицирани уреди, распоредени на различни гранични премини) и 5 компјутери. Во два наврата добиена е донација од  Амбасадата на САД во Рпублика Македонија, во форма на различна опрема за потребите на граничната полиција.

граница, Правилник за формата и содржината на штембилот за влез и излез од Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба (усогласување со Анекс 4 кон ШГК) и Правилник за обликот, содржината и начинот на поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација (усогласување со Анекс 3 кон ШГК);

- донесување на нов Практичен прирачник „Стандардни оперативни процедури за гранична контрола со цел усогласување со препораките и најдобрата пракса за гранично работење пропишана со Шенгенскиот прирачник(C(2006)5186 final)".

**Институционална рамка**
Планирано е континуирано надградување на постојната база на податоци за специмени и фалсификувани документи.

***ПРОГРАМИ У ПРОЕКТИ***
Стратешки план на МВР 2014-2016 – Спроведување на потпрограма „Гранични работи и миграции" во функција на програмата „Јавна безбедност", што има за цел создавање модернизирана, малубројна и ефикасна гранична полиција, оспособена за работа согласно стандардите на Европската унија и развој на прекугранична полициска соработка со соседните држави. Очекуваните резултати на оваа потпрограма кореспондираат со активностите на НПАА ревизија 2014.

Национална стратегија за развој на интегрираното гранично управување за период 2014-2019 - Стратегијата има за цел воспоставување на квалитетен баланс помеѓу слободното движење на луѓе со максимално почитување на основните човекови права и слободното движење на материјални добра преку границите на Република Македонија и предизвикот за спречување на нелегална миграција, откривање и спречување организиран криминал, спречување на лица - сторители на кривични дела и сите видови на нелегална трговија преку граничните премини, како и контрола при спречувањето на преносувањето на материи и заразни болести што ги загрозуваат луѓето и стоките.

Донесување на Стратегија за развој на граничната полиција, со цел ефективно среднорочно планирање на развојот на граничната полиција во поглед на усогласување со законодавството и стандардите на ЕУ од аспект на хармонизирање на националното законодавство, управување со персоналот, спроведување на обуките, модернизирање на опремата и натамошен развој на меѓународната и меѓуресорската соработка.

Со цел правилно и ефикасно спроведување на стандардите за граничното работење, предвидени со Шенгенскиот граничен кодекс, планирано е спроведување на Проектот во рамки на ИПА 2010– „Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борбата против организираниот криминал", со кој што се предвидува зајакнување на оперативните капацитети на граничната полиција за борба против трговија со луѓе, усвојување на антикорупциската програма, вршење проценка за потребниот број на полициските станици, оптимален број на полициските службеници и опрема, развивање на нов концепт и методологија за управување со ризици и усвојување на наставната програма за обука на граничната полиција. Во рамки на овој проект предвидено е набавка на опрема во вредност од 1.250.000.000 евра. Во рамки на Проектот се предвидува донесување на сеопфатна стратегија за развој на граничната полиција со акциски план за спроведување. Проектот се очекува да започне во првиот квартал на 2014 година. За подготовка на техничка спецификација изготвени се технички задачи за спроведување рамковен проект, спроведена е тендерска постапка и извршен е избор на најповолен понудувач. Се очекува да отпочне спроведување на рамковниот проект, како подготвителна фаза пред започнување на главниот проект.
Во тек е спроведување на проектот "Техничка помош за имплементација на ТЕТРА фаза 3", кој ќе се реализира преку ИПА-програмата, 2009 година. Спроведувањето на Проектот започна на 25.03.2013 година, а ќе заврши на 24.03.2015 година, со што ќе се обезбеди оптимална национална покриеност (95%), интеграција и целосна оперативност на дигиталниот полициски радио-систем.

## 3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Со Република Србија се ратификуваа Договорот за заемно извршување на судски одлуки во кривичната материја и Договорот за правна помош во граѓански и кривични предмети и истите се стапени во сила. Се утврдија нацрт–текстовите на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Црна Гора за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја како и Договорот за меѓусебно признавање и извршување на судски одлуки за кривична материја. Во тек е постапката за парафирање на договорите. Со Република Босна и Херцеговина ратификувани се измените и дополнувањета на Договорот за екстрадиција и Договорот за реципрочно извршување на судски одлуки во кривичната материја. Договорот за измени и дополнување на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓанските и кривични предмети е во постапка на ратификација.
На 1 декември 2013 година, со почнувањето на примената на новиот Закон за кривична постапка, започна да се применува и Законот за меѓународна соработка во кривичната материја.

Во текот на 2013 година се зема учество во повеќе регионални конференции и работилници од областа на меѓународна соработка во борбата против организираниот криминал.
Во овој период примени се вкупно 112 екстрадиции, додека во однос на трансфер на осудени лица примени се вкупно 17 барања за трансфер.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се ратификуваат измените и дополнувањета на Договорот меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина за правна помош во граѓански и кривични предмети. Ќе се потпишат и ратификуваат договорите меѓу Република Македонија и Црна Гора за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и за меѓусебно признавање и извршување на судски одлуки за кривична материја. Во јануари 2014 година ќе се одржи првата фаза од преговорите меѓу експертските тимови на министерствата за правда на Република Македонија и Република Италија во насока на потпишување на дополнителен договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година и Европската конвенција за екстрадиција од 13.12.1957 година. Ќе продолжат преговорите за склучување на Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Република Словачка и Договор за меѓусебна правна помош во граѓанската област меѓу Република Македонија и Република Чешка.

**Институционална рамка**

Ќе продолжи спроведувањето на обуки за судиите во областа на судската соработка во граѓанска и кривична материја организирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) како и соработката со ЕВРОПРАВДА.

Ќе се воспостави софтвер за водење на евиденција на предметите за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и генерирање на статистички извештаи.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе се покрене иницијатива за потпишување на Договор за меѓусебна правна помош во граѓанска област помеѓу Република Македонија и Руската Федерација. Ќе започне постапката за потпишување на четвртиот дополнителен протокол на Конвенцијата за екстрадиција на Советот на Европа. Со Република Косово ќе се ратификува Договор во граѓанската област.

**Институционална рамка**

Ќе продолжи соработката со ЕВРОПРАВДА, исто така и преку организација на обуки, семинари и работилници за судиите во областа на судската соработка со граѓанска и кривична материја.

## 3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година, МВР склучи 5 меѓународни акти со кои се унапредува меѓународната соработка[66].

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита**.**

Формирани се локални комисии за борба против трговија со луѓе во Битола и Тетово. Во Гостивар, Битола и Куманово се формирани мобилни тимови за поддршка, услуги и идентификација на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи на локално ниво.

Во 2013 година е зголемена откривачката функција на Министерството за внатрешни работи (МВР) во областа на борбата против организираниот криминал. Утврдено е зголемување по сите основи: поднесени кривични пријави - 34,6%, откриени кривични дела - 48%, пријавени сторители - 76% и физички лица 60%. Управата за финансиска полиција до надлежните јавни обвинителства во Република Македонија поднесе вкупно 55 кривични пријави против 156 лица, за сторена вкупна штета од 310.350.433,00 денари.

Во 2013 година се реализирани 14 меѓународни истраги во различни облици на криминал и тоа со Британската агенција за сериозен криминал (СОКА) и Службата за борба против дрога на САД (ДЕА), како и со Центарот за спроведување на европското законодавство во ЈИЕ (СЕЛЕК), Европол и Интерпол. Реализирани се 7 заеднички истраги помеѓу МВР и Царинската управа, како и 1 заедничка акција помеѓу МВР и Финансиската управа.

По склучувањето на Договорот за оперативна и стратешка соработка меѓу Република Македонија и Европол, како и договорите за учество во работните досиеја за анализа на Европол, Министерството од 1 април 2013 година учествува во работата на **Terminal (**работно досие за измами со платежни картички) и **Checkpoint (**работно досие за посредување при вршење илегална миграција).

Во рамките на Програмата за наградување на институциите надлежни за спроведување на законот (LEAP) на VISA, Министерството доби сертификат за признавање на достигнувањата во 2013 година.

Започнати се активностите за воспоставување на Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал (НКЦ). Изготвени се нацрт-стандардни оперативни процедури за организација, надлежност и функционирање на НКЦ нацрт-меморандум за начинот на остварување на соработка во НКЦ и нацрт-одлука за формирање на НКЦ.

Во октомври 2013 година, е извршена обука од страна на експерти од Европол, по што СИЕНА- апликацијата за безбедна размена на информации со Европол стана оперативна.

Во соработка со Службата за криминалистичко разузнавање на Австрија, во февруари 2013 година започна реализацијата на проектот „Зајакнување на правните принципи и доброто владеење во Југоисточна Европа (ILECUs III)„ и истиот е предвидено да се реализира во рок од 30 месеци. Целта на проектот е проширување на мрежата на ILECUs со нови земји, како и подобрување на националната, регионалната и меѓународната соработка во борбата против прекуграничниот организиран криминал.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Планирано е:

- донесување на Стратегија за компјутерска безбедност,
- донесување на Закон за финансиска полиција, со цел усогласување со Законот за кривична постапка, како и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот,
- донесување на стандардни оперативни процедури за организација, надлежност и функционирање на НКЦ за борба против организираниот криминал,
- донесување на Меморандум за начинот на остварување на соработка во НКЦ за борба против организираниот криминал. и

---

[66] Меморандум за соработка со Република Албанија; Протокол за соработка во текот на туристичката сезона со Република Хрватска; Протокол за размена на полициски офицери за време на туристичката сезона со Република Србија; План за заеднички активности со Федералната служба за контрола на движење на наркотици на Руската Федерација во периодот 2013-2015; Спогодба со Република Косово за отворање на нов заеднички граничен премин наменет за меѓународен патен сообраќај; Договор со Република Молдавија за полициска соработка.

- донесување на одлука за формирање на НКЦ за борба против организираниот криминал.

**Институционална рамка**
Планирано е:
- назначување на офицер за врска со Европол, со седиште во Хаг, Холандија,
- зајакнување на капацитетите на Одделението за Европол, со двајца извршители, и
- воспоставување национална контакт-точка за спортски натпревари од меѓународна димензија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Институционална рамка**
Планирано е:
- кадровско зајакнување на Управата за финансиска полиција со 15 нови вработувања за 2015 и 10 нови вработувања за 2016 година, и
- кадровско зајакнување на Одделот за сузбивање на сериозен и организиран криминал, согласно новиот Акт за систематизација на Бирото за јавна безбедност.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
- Во рамките на ИПА 2009 програмата, во септември 2012 година започна со реализација проектот "Поддршка на реформата на полицијата и кривичното право", чии активности се предвидени за рок од 15 месеци, односно до крајот на 2013 година. Во рамките на истиот изготвени се повеќе интерни акти (стандардни оперативни процедури, правилници и упатства), а реализирани се и специјалистички обуки за обучувачи.
- Регионален проект "Зајакнување на капацитетите за изработка на стратешка анализа во Република Македонија, Република Србија и Република Црна Гора", во организација на мисијата на ОБСЕ во Србија, а под покровителство на Владата на Швајцарија. Целта на проектот е во рок од две години почнувајќи од 01.01.2014 година од страна на земјите-учеснички да се изготви заедничка проценка на закани од сериозен и организиран криминал (СОКТА – Serious and Organised Crime Treat Assessment). Соодветни аналитичари од трите држави ќе учествуваат во изработката на СОКТА-извештајот, а истовремено ќе бидат обучени да изготват и национални проценки на закани од организиран и сериозен криминал.
- Проект врз основа на билатералната соработка со Кралството Холандија за обука на аналитичари за изработка на стратешка анализа, реализиран преку две работилници кои ќе се одржат во декември 2013 и февруари 2014 година.
- Рамковен проект „Изготвување студија на изводливост и техничка спецификација за набавка на опрема„ чии крајни корисници се Одделот за организиран криминал и Секторот за гранични работи и миграции. Проектот започна на 11 ноември 2013 и е со времетраење од 6 месеци.

## 3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
УБК при МВР континуирано ги извршува внатрешните работи поврзани со безбедноста и контраразузнавањето (контраразузнавачка активност, спротивставување и заштита од тероризам, заштита од насилно уривање на демократски институции, како и потешки форми на организиран криминал насочен кон истите) согласно Уставот на Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во текот на 2014 година е планирано донесување на Правилник за вршење на работите на Управата за безбедност и контраразузнавање.

**Институционална рамка**
Редовно ќе се одржуваат состаноци и работни средби помеѓу претставници на Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР, Агенцијата за разузнавање (АР) и Сектор-службата за воена безбедност и разузнавање, а по потреба и други релевантни органи на државната управа, со цел размена на податоци и информации, координирање и усогласување на безбедносната политика, како и утврдување на активности и мерки за борба против тероризмот во сите негови облици.

Планирано е:

- спроведување вежбовни активности и тестови за зајакнување на безбедноста на објектите од витално значење за Република Македонија,
- зајакнување на капацитетите на Одделението за обука во рамките на Управата за безбедност и контраразузнавање, како и на Управата во целина,
- продолжување со активностите за размена на информации на билатерален, мултилатерален и институционален план,
- продлабочување на соработката со НАТО, односно со НОС (НАТО-канцеларија за безбедност). ИЛУ (Разузнавачка единица за врски) и ТТИУ (Разузнавачка единица за терористички закани); Комитетот за борба против тероризмот на Советот за безбедност на ОН формиран со Резолуција 1373 (2001) донесена непосредно по терористичките напади на САД од 11 септември 2001 година и ЕВРОПОЛ, ЕВРОПРАВДА, СЕЦИ, ИНТЕРПОЛ,
- активно учество во рамки на Конференцијата на разузнавачките служби на ЈИЕ (СЕЕИК) и Средноевропската конференција (МЕК),
- продолжување на процесот на обука на работниците на УБК, во соработка со меѓународните организации во Република Македонија, како и со странските разузнавачки служби, и
- продолжување на спроведувањето на активностите утврдени во Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот 2012-2015 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

Планирани се континуирани обуки на вработените во УБК при МВР, како и континуирана евалуација на Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот, 2013-1015.

## 3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Согласно новиот Акт за систематизација на работните места во Бирото за јавна безбедност, Секторот за дрога е поделен на две организациски единици: Одделение за сузбивање на дрога на локално и национално ниво и Одделение за сузбивање на дрога на регионално и меѓународно ниво.

Во 2013 година продолжија активностите во рамките на меѓународниот договор за формирање на заеднички истражни тимови во делот на недозволена трговија со дрога, склучен меѓу Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција - Скопје, Република Македонија и Сојузна Република Германија, Република Австрија и Кралството Холандија.

Споредбено со 2011, 2012 и 2013 година е зголемена заплената на марихуана која потекнува од Република Албанија за 88%.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Заради усогласување на националното законодавство со Одлука 2005/387/JHA на Советот, за размена на информации, анализа на ризик и контрола на психотропни супстанци во 2014 година, планирано е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на дрога и психотропни супстанции. Во измените, соодветно, ќе бидат земени предвид и новите ЕУ-мерки кои се во тек на донесување и на ниво на ЕУ. Во согласност со Европската стратегија за борба против дрога (2013-2020), планирано е донесување и Национална стратегија за дроги, која ќе го покрива периодот од 2014-2020 година.

**Институционална рамка**

За спроведување на Националната стратегија предвидено е донесување на соодветни акциски планови за периодот од 2014-2016 година и 2016-2020 година. Ќе се работи и на јакнење на капацитетите на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал од Секторот за недозволена трговија со дрога.

## 3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Основни прописи со кои се регулира царинската соработка во казнените одредби се: Царинскиот закон[67] и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон[68]. Во врска со Конвенцијата за меѓусебна соработка и помош на царинските служби, правен основ за царинска соработка помеѓу Република Македонија и државите-членки на ЕУ е Протоколот 5 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините држави-членки.

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Институционална рамка**
Ќе се работи на подобрување на институционалната структура за спроведување на Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските служби со соодветните акти (Неапол 2), како и Конвенцијата за употреба на информациска технологија за царински цели. Царинската управа ќе ја прифати резолуцијата на Советот за иднината на царинската соработка во областа на спроведувањето на законите (Резолуција на Советот од 13 декември 2011 година) .

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*
**Правна рамка**
Ќе се пристапи кон Конвенцијата за употреба на информациска технологија за царински цели и ќе се продолжи со активностите за пристапување кон Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските служби со соодветните акти.

## 3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРО

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*
Донесено е Упатство за користење на базата за фалсификувани пари. Извршена е длабинска анализа на следните акти на Европската Унија:

- Рамковна одлука на Советот од 6 декември 2001 со која се изменува Рамковната одлука 2000/383/JHA за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување поврзано со воведувањето на еврото;
- Одлука на Советот од 6 декември 2001 година за заштита на еврото од фалсификување (2001/887/JHA).

Централната канцеларија за превенција на фалсификувани пари, воспоставена во Одделот за организиран криминал – Сектор за финансиски криминал, континуирано соработува и учествува во заедничките активности на Европол.
Во рамките на Министерството за внатрешни работи воспоставена е електронска база на податоци за фалсификувани пари.

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*
**ПРАВНА РАМКА**
Подготовка на анализа за кривичното дело „фалсификување пари“ од аспект на усогласување со Рамковната одлука на Советот (200/383/JHA) од 29 мај 2000 година за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување поврзано со воведувањето на еврото.

---

[67]„Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11 и 11/12
[68] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2005 73/2006, 40/2007, 62/2007, 42/2009, 38/2010, 46/2010 и 61/2010

## 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

### 3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

***РЕЗИМЕ***

*Во рамки на политиката на истражување приоритети ќе бидат донесување и спроведување на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2014-2018 година, како и имплементацијата на Стратегијата за иновации 2012 – 2020. Република Македонија активно ќе ги имплементира мерките предвидени во Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан. Интензивно ќе продолжат подготовките за полноправно учество Република Македонија во новата програма за истражување и иновации Хоризонт 2020.*

*Република Македонија ќе продолжи со активности за интегрирање во Европската истражувачка област (ЕРА)прек соработка со Здружениот истражувачки центар на ЕУ, високите работни тела на ЕРА, развивање на билатерална и мултилатерална соработка и активности за поттикнување на мобилноста на истражувачите.*

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Обезбедување на стратешка и законодавна рамка за развој на истражувачката политика**

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/13 и 147/13).

Донесен е Законот за иновациска дејност („Службен весник на РМ“ бр.79/13). Законот е легислативен инструмент преку кој се имплементира иновациската политика, се поттикнува техно - претприемништвото и трансфер на знаења и технологии во стопанството. Со законот се регулира функционирањето на Фондот за иновации и технолошки развој, преку кој ќе се доделуваат грантови за иновации, ќе се обезбедува техничка помош за компаниите и полесен пристап до регионалните фондови, ќе се обезбедуваат условени заеми, акциски („еквити“) инвестиции, финансиска помош за истражување и развој и слично. Една од задачите на Фондот ќе биде и обезбедување финансиска поддршка за формирање на универзитетски „спин оф“ компании. Веќе е именуван директор и четири члена на Управниот одбор.

Подготвена е нацрт-верзијата на Националната програма за научно-истражувачка дејност на Република Македонија 2013-2017 година. Согласно измените на Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за високо образование, се наметна потреба од донесување на нова Национална програма за високо образование и научно-истражувачка дејност (2014-2018). Програмата е во фаза на изработка. Со истата ќе се утврдат целите, содржината и обемот на задачите во областа на високото образование и науката, потребната истражувачка инфраструктура, начинот на финансирање на научно-истражувачката дејност, човечките ресурси во областа на науката и високото образование, како и показателите на успешност на научно-истражувачката дејност.

Во текот на 2013 година, Министерството за образование и наука (МОН) на Република Македонија учествуваше во подготовка на Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан. Целта на Стратегијата е да ги зајакне иновативните капацитети на земјите од Западен Балкан и да го зголеми влијанието на истражувањето и иновациите за економски раст и креирање на работни места. Во Загреб, Хрватска, во октомври 2013 година, министрите надлежни за политиките за истражување и развој ја потпишаа Декларацијата за Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации на Западен Балкан.

**Реализација на повеќегодишни проекти**

Во рамки на проектот “Превод на 1000 стручни книги и учебници од кои се учи на најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија”, досега се одржани 50 промоции на преведени книги. Преведените изданија се од областа на: економијата, архитектурата и градежништвото, земјоделството и ветерината, правото, биотехничките, природно математичките, филолошките и филозофските науки, дипломатијата, политиката, правото и внатрешната безбедност, туризмот и бизнис логистиката, како и од областа на машинските и електротехничките науки. Вкупниот број на преведени наслови достапни за јавноста изнесува 845.

Продолжи реализација на проектот „Опремување на лаборатории за научно-истражувачка и апликативна дејност“ од обласа на медицинските, биотехничките, општествените, хуманистичките, техничко-технолошките и природно-математичките науки, информатиката и безбедноста. Главна цел на проектот е опремување и зајакнување на универзитетите и другите државни образовни институции со најмодерна техничка опрема за реализација на истражувачки проекти, организирање практична настава за студентите, развивање соработката со приватниот сектор и остварување дополнителни приходи за самата институција. Со тоа ќе се гарантира самооддржливост на лабораториите. Во тек е постапка за акредитација на дел од лабораториите.

**Финансиска поддршка на младиот научно-истражувачки кадар**
МОН објави Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор циклус во странство за академската 2013/2014 година и додели 29 целосни стипендии.

Се објави Конкурс и се додели 1 стипендија за студии од прв и втор циклус на Академијата за филмска и ТВ уметност (ФАМУ), Прага, Република Чешка за академската 2013/2014 година.

Се објави Конкурс и беа доделени 6 стипендии за академски студии од втор циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција, драмската уметност и музиката уметност за учебната 2013/2014 година.

МОН објави Конкурс за доделување стипендии за трет циклус на академски (докторски) студии во странство за 2013/2014 година и додели 2 стипендии.

Се објави Конкурс за доделување на 5 целосни стипендии и 10 стипендии во износ од 50% од школарината за студентите кои ќе се запишат на студии од втор циклус од научното подрачје бизнис и администрација на Франклин универзитетот од Охајо, САД, чија што наставна програма се реализира во просториите на Економскиот факултет во Прилеп. Доделени беа 5 целосни и 6 стипендии во износ од 50%.

Во соработка со СИТИ („CITY“) колеџот во Солун, на Универзитетот Шефилд од Велика Британија, се објави Конкурс за доделување стипендии “Борис Трајковски” за академската 2013/2014 година. Доделени се 20 стипендии за вонредни двегодишни студии од II (втор) циклус за бизнис администрација МБА.

**Развивање и зајакнување на капацитетите на научно-истражувачкиот кадар**

МОН објави Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2012 година. Пријавени се вкупно 208 трудови, од кои 179 трудови се прифатени за финансирање во висина од 30.000,00 денари ( 500 евра) по труд.
Се објави Конкурс за доделување на еднократни финансиски средства наменети за творечките дејности реализирани во 2012 година од наставници и соработници на високообразовни, односно научни установи од областа на ликовната уметност, архитектурата, драмската уметност, музичката уметност, филм и книжевност. Од 24 доставени апликации, Комисијата констатира дека 14 ги исполнуваат критериумите предвидени со конкурсот.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Да се донесе Национална програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2014-2018. Со оваа програма ќе се создадат можности за развој на партнерска соработка помеѓу научно-истражувачките институции и приватниот сектор.
- Да се спроведуваат активностите зацртани во Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност
- Да се утврдат критериуми за прогласување на Центри за извонредност.
- Да се доделат еднократни финансиски средства за објавен труд во списанија со фактор на влијание
- Да се доделат еднократни финансиски средства наменети за творечките дејности

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Да се продолжи реализација на мерките и активностите предвидени со Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност

- Да се продолжи реализација на активностите од Проектот за „Набавка на наставно научна и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети " и да се продолжи со доопремување на институциите со останатите лаборатории
- Да се продолжи реализација на активности предвидени во рамки на Проект за „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија"
- Да се спроведуваат мерките и активностите предвидени со Стратегијата за иновации 2012 - 2020
- Да се спроведуваат мерките и активностите предвидени со Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.

### 3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Република Македонија во периодот од 2007 до 2013 година, успешно го спроведе Меморандумот за разбирање за Седмата рамковна програма за истражување и развој на Европската комисија.

Министерството за образование и наука (МОН) во соработка со Националните контакт лица (НКЛ) реализира 63 информативни денови за Програмата со кои беа опфатени 4700 учесници. Се одржаа 900 индивидуални консултативни работни состаноци за поддршка на потенцијални учесници во програмата и 12 медиумски презентирања.

НКЛ учествуваа во околу 60 меѓународни конференции и форуми во рамки на ФП7. Воедно, на 200 претставници од академската и бизнис средина им се овозможи учество на обуки, семинари, студиски посети, настани за посредничка соработка и настани за вмрежување. Овие активности резултираа со успешен биланс за Република Македонија и според официјалната статистика на ЕУ базата Е-КОРДА реализирани се 94 проекти со буџет од 11.7 милиони евра. Бизнис секторот се повеќе се вклучува во користење на можностите на европските програми, со што во ФП7 се реализирани 12 проекти од страна на мали и средни претпријатија.

Со цел активно интегрирање придонес во Европската истражувачка област, Република Македонија изрази интерес за учество во новата Рамковна програма за истражување и иновации Хоризонт 2020 за периодот 2014–2020 година. Министерството за образование и наука формира мрежа од 26 национални контакт лица кои ќе покриваат 21 приоритетна област согласно структурата на Хоризонт 2020. Во мрежата се вклучени 7 НКЛ кои работат во рамки на Секторот за наука во МОН, а останатите 14 се од универзитетите. Во функција на поквалитетно работење на мрежата на национални контакт-лица Министерството за образование и наука ја координира и следи нивната активност.

МОН оствари соработка со мрежата на Европскиот информативен и иновативен центар во Република Македонија (мрежа на бизнис можности) со цел преку размена на информации и пронаоѓање на партнери, заеднички настапи на инфо денови, работилници, обуки.

Во рамки на подготвителните активности за успешно учество во новата Рамковна програма за истражување и иновации ХОРИЗОНТ 2020, се реализира ТАИЕКС проект за студиска посета на Националната канцеларија за иновации на Република Унгарија и се разменија искуства за поставеноста и подготовката на националниот координативен систем на Унгарија за Хоризонт 2020.

МОН изработи предлог проект за „Зајакнување на капацитетите за учество во рамковната програма за истражување и иновации Хоризонт 2020" кој што е одобрен за финансирање од ИПА 2011 ТАИБ компонента.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Реализација на активности за информирање на научно-истражувачката и бизнис-заедница за Рамковната програма „Хоризонт 2020" (инфо настани, институционални и индивидуални информативни и консултативни средби).
- Координација на работата на Националните контакт лица.
- Реализација на ТАИЕКС проект „Работилница за успешно пишување на предлог-проекти за програмата Хоризонт 2020" со кој ќе бидат опфатени претставници од научно- истражувачката и иновациска дејност во Република Македонија.

- Реализација на активности предвидени со ИПА 1 Проект „ Зајакнување на капацитетите за учество во рамковната програма за истражување и иновации Хоризонт 2020“

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Реализација на активности за подигање на свеста за можностите кои ги нуди Рамковната програма Хоризонт 2020 и степенот на подготвеност и обученост на научната и бизнис средина за учество
- Активности за зголемување на учеството во Рамковната програма Хоризонт 2020 , во однос на бројот на апликации и на одобрени проекти.
- Континуирана соработка со мрежата на Европскиот информативен и иновативен центар во Република Македонија (мрежа на бизнис можности) – ЕИИЦМ.

Горенаведените приоритети ќе се реализираат преку организирање семинари, инфо денови, обуки и презентации со кои ќе бидат опфатени државните и приватните универзитети, јавните и приватните научни установи, малите и средни претпријатија, самостојните истражувачи и локалната самоуправа.

**3.25.3 ЕВРОПСКА ИСТРАЖУВАЧКА ОБЛАСТ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Република Македонија преку номинираните претставници во високите тела на ЕРА и Програмските комитети на ФП7 приоритетните области, даде активен придонес во работата на истите.

ЕУРАКСЕС европската мрежа за мобилност на истражувачи успешно ги реализира активностите за промовирање на мобилноста.

**Соработка со Здружениот истражувачки центар на ЕУ (ЗИЦ)**

Република Македонија успешно ги реализира активностите предвидени со Меморандумот за соработка со ЗИЦ- Заеднички центар за истражување на ЕУ. Во рамки на 55-те отворени позиции за национални експерти наменети за земјите од проширувањето, 5 експерти од Република Македонија добија привремени работни позиции во институтите на ЗИЦ.
Се реализираа 3 студиски посети на институтите во Испра и една на институтот за енергија во Петен, Холандија.
14 млади истражувачи од Република Македонија активно учествуваа на работилниците и семинарите во организација на ЗИЦ институтите.
Во рамки на регионалната соработка со ЗИЦ, Република Македонија поднесе 35 иницијативи за институционална соработка и дополнителни 12 активности за регионална соработка.

**Европска соработка во науката и технологијата (КОСТ) и Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ)**

Во рамки на КОСТ програмата во текот на 2013 година, македонски истражувачи учествуваа во 102 активни акции. Потпишана е Процедура за полноправно членство на Република Македонија во КОСТ.

Во рамки на соработката со Меѓународната агенција за атомска енергија, реализирани се проектните активности на 3 Национални проекти одобрени од страна на Агенцијата од проектниот циклус 2012-2013.

Заврши втората фаза од процесот на одобрување на Националните проекти за проектен циклус 2014-2015 и Бордот на гувернери на МААЕ одобри 2 проекти.

Продолжи реализацијата на Националниот проект за формирање на центар за PET-Scan дијагностика, како и обуки на кандидати во рамки на регионалните проекти со Агенцијата.

Република Македонија во тековниот проектен циклус 2012-2013 учествува во 27 регионални проекти.

**Билатерална соработка**

Се имплементираат активности во рамки на билатералната соработка врз основа на постоечките договори со Република Словенија, Република Хрватска и Црна Гора.

Република Македонија достави Предлог-спогодба за соработка во областа на науката и технологијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија, до Република Србија.

Во тек е потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово.

Потпишан е Договор меѓу Владата на Федеративна Република Бразил и Владата на Република Македонија за соработка во областа на образованието.

Потпишана е Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за соработка во областа на образованието, науката, културата, мас-медиумите, младите и спортот .

Потпишана е Спогодба меѓу Министерот за високо образование и наука на Република Полска и Министерството за образование и наука на Република Македонија во областа на науката и високото образование.

Во тек е подготовка на Меморандум за соработка во областа на образованието и науката меѓу Министерството за образование на Република Азербејџан и Министерство за образование и наука на Република Македонија. Во врска со ова, поведена е внатрешно правна постапка се очекува потпишување во наредниот период.

Во тек е усогласување на текстот на Меморандумот за разбирање во областа на образованието и науката меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерство за образование на Република Молдавија.

Во тек е подготовка на Договор за соработка во областа на науката и технологијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Во тек е подготовка на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за образование и наука и Федералното Министерство за образование на Федерална Република Нигерија за соработка во областа на образованието и науката.

Во тек е подготовка на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно признавање на документите за образование и за научните звања.

Во тек е подготовка на Спогодба за соработка во образованието и културата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави.

Во тек е усогласување на текстот на Предлог-спогодбата за соработка во областа на образованието и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Спроведување на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничкиот центар за истражување на ЕК
- Дисеминација на информации за отворените можности на Заедничкиот центар за истражување на ЕК за научно истражувачката заедница на Република Македонија
- Продолжување со активности и динамика на учество во програмите КОСТ и МААЕ
- Потпишување на Работна програма за образовна и научна соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за 2013, 2014 и 2015 година
- Потпишување на Протокол за соработка меѓу Министерството за образование и наука на РМ и Министерството за истражување, млади и спорт на Романија за период 2014-2019 година
- Потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово
- Потпишување на Програма меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование, наука и спорт на Република Хрватска за соработка во областа на образованието и науката.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Продолжување на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничкиот центар за истражување
- Продолжување со активности и динамика на учество во наведените програми КОСТ и МААЕ, со можност за нивно зголемување
- Потпишување на Спогодба за соработка со Република Србија во областа на наука и технологија
- Изготвување на Програма за соработка во областа на образованието меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција
- Изготвување на Извршна програма за научна и технолошка соработка помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Советот за научни и технички истражувања на Турција (ТУБИТАК) за периодот 2013-2016 година
- Потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдавија во областа на образованието, науката и иновациите меѓу двете страни. Потпишување на Спогодбата за соработка во областа на образованието и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија
- Потпишување Меморандум за соработка во областа на образованието и науката меѓу Министерството за образование на Република Азербејџан и Министерство за образование и наука на Република Македонија
- Потпишување Меморандум за разбирање во областа на образованието и науката меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерство за образование на Република Молдавија
- Поттикнување на мобилноста на истражувачите преку ЕУРАКСЕС мрежата за мобилност на истражувачи

## 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА


***РЕЗИМЕ***

*Реформите во образованието, обуката и младите се насочени кон зголемување на вклученоста на децата во предучилишно образование, намалување на осипувањето и раното напуштање на образованието и зголемување на бројот на високообразовните кадри преку подобрување на квалитетот на формалното, неформалното и неформалното образование и обука. За постигнување на реформските цели, активностите ќе се насочуваат кон: зголемување на опфатот на децата во предучилишно образование, со фокус на руралните подрачја; натамошен развој и спроведување на Национална рамка на квалификации, што ќе придонесува кон зголемена вработливост и мобилност на работната сила; спроведување на Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013–2020, Стратегијата за претприемачко образование 2014-2020, Националната програма за високо образование и научно – истражувачка дејност 2014–2018 и др. Земјата ќе ги продолжи активностите за развој на креативните индустрии. Ќе продолжи спроведувањето на ИПА проектите во областа на заштита на културното наследство. Ефикасното вклучување во ЕУ програмите „Еразмус+“, „Европа за граѓаните“ и „Креативна Европа“ ќе овозможи поддршка на реформите со европска и поширока меѓународна соработка и мобилност. Регионалната соработка ќе придонесе за постигнување на одредниците за човечките ресурси и за културна соработка поставени со Стратегијата ЈИЕ 2020.*


### 3.26.1. ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИ

#### ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Се изготви посебна програма за воспитно-образовна работа во јавните детски градинки за подготвителната година за деца на возраст од 5-6 години. Се изготвува нова програма за рано учење и развој, базирана врз Стандардите за рано учење и развој во јавните градинки (за деца од 0-6 години).

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Да се усвојат новите програми од страна на Министерството за труд и социјална политика
- Да се воведат новите програми во воспитно-образовната работа во градинките
- Да се преадаптираат простории на основни училишта во детски градинки во рурални средини, со цел зголемување на опфатот, згрижување, едукација, и социјализација на најмладата популација.

#### ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

***Легислатива/концепции/курикулуми***

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Направени се измени и дополнувања на Законот за основното образование и на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2013).

Во учебната 2013/14 година, две основни училишта од Скопје во одделенската настава ја воведоа Програмата за основните години од образовната програма Меѓународен бакалауреат (ИБ). Се применуваат иновираните наставни програми по хемија, физика, математика, биологија, информатика и ликовно образование за VIII и IX одделение на основното образование.

Се реализира предметот претприемаштво во средното образование. Се изготвува Национална стратегија за претприемачко образование, поддржана од Европската фондација за обука (ЕТФ).

Министерството за образование и наука (МОН) потпиша Меморандум за разбирање со Швајцарија за завршната фаза од проектот Образование за животната средина во македонскиот образовен систем (2013-2015).

Се поддржуваат регионални проекти за јакнење на капацитетите на наставниците и училиштата во целост, за претприемништво, интегрирано образование, образование за одржлив развој и социјална инклузија. Продолжува учеството на училиштата во регионални проекти: „aces“ (АЦЕС- Академија на Централно-европските училишта), проекти поддржани од Европската фондација за обука (ЕТФ), Културконтакт (KulturKontact) Австрија и др.

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

- Да се усвои Стратегија за развој на претприемачко образование 2014-2020, со Акциски план за нејзино спроведување

**Институционална рамка**

- Да се развиваат и унапредуваат континуирано наставните планови и програми
- Да се воведе претприемачко учење во наставните планови и програми во основно и средно образование
- Да се зајакнат капацитетите за обезбедување поддршка на ЕМИС, подобрување на статистиките и нивно користење за планирање, управување и мониторинг на основното и средното образование
- Да јакне регионалната соработка во рамките на Платформата за образование и обука на Западен Балкан и Иницијативата за образовни реформи во Југоисточна Европа (ERI SEE) во насока на постигнување на целите од Стратегијата ЈИЕ 2020 и

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Да се прилагодуваат наставните програми по математика и природни науки од прво до трето одделение во основното образование во соработка со Меѓународниот центар за наставни програми од Кембриџ (Велика Британија)
- Да се продолжи спроведувањето на ИБ програмата во основните училишта
- Да се спроведува Програмата „Интеграција на еколошката во македонскиот образовен систем“ во основното и средното образование
- Да продолжи вмрежувањето на училиштата во рамките на aces проектот и КултурКонтакт.

***Обезбедување на квалитет во основно и средно образование***

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Унапредена е легислативата за квалитет во основното и средното образование: измена на Законот за државен испитен центар; измена на Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование; измена на Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите од училишната матура во средното уметничко образование; правилници за екстерно оценување на знаењата на учениците; процедури за тајност на подготовката, печатењето, дистрибуцијата, чувањето и оценувањето на испитниот материјал.

Во рамки на активностите на БРО за континуирано образование и обука на наставниците, се реализираа неколку видови специјализирани обуки.

Во рамки на активностите на Државниот испитен центар (ДИЦ) реализирани се следниве активности: спроведена е државната матура 2013; одржани се обуки и испити на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта; реализирано е екстерно проверување на знаењата на 200.000 ученици од основно и средно образование; публикуван е национален извештај за спроведената меѓународната студија ТИМСС 2011. Течат подготовките за меѓународната студија ПИСА 2015; воведени се ИСО 9001 (ISO 9001) стандарди во работата на ДИЦ. Донесена е нова Концепција за матура и завршен испит во средното образование.

Државниот просветен инспекторат (ДПИ) вршеше надзор на квалитетот на образовниот процес и ефективноста преку евалуација на работата на установите од сите нивоа на образование, ученички и студентски домови и отворени граѓански универзитети. Надзорите опфатија и примена на интерактивна настава, користење на компјутери и е-содржини во наставата, примена на дидактички упатства за подготовка и задавање на домашни задачи на учениците, како и водење на е-дневник. Спроведени се 122 интегрални евалуации на основни и средни училишта.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Ќе продолжи спроведувањето на активности за обезбедување квалитет во основното и средното образование согласно европските трендови:

**Институционална рамка**
- Бирото за развој на образованието продолжува со спроведување различни обуки за наставници, вклучувајќи и обуки за клучни компетенции
- Воведување на е-матура и трет екстерен предмет во државната матура 2014 од страна на ДИЦ, подготовка и спроведување на двата испитни рока и анализа на резултатите од истата; обуки и испити на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта; екстерно оценување на постигањата на учениците во основното образование (од IV до VIII) и средно образование (од I до III година); континуиран развој и унапредување на испитните програми за матурата и завршниот испит
- Реализација на 130 интегрални евалуации во основни и средни училишта од страна на ДПИ; ревидирање на индикаторите, со посебен акцент на индикатори за средно стручно образование како и ревидирање на индикаторите за отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Индикаторите ќе опфатат и меѓуетничка интеграција во образовниот процес; реализација на акционен и оперативен план за надзори по основ на примена на: активна настава; е-дневник; примена на ИКТ во наставата и задавање на домашни задачи.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
- Спроведување на пробно ПИСА (PISA) тестирање на примерок од 1000 ученици.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Институционална рамка**
- Бирото за развој на образованието продолжува со спроведување различни обуки за наставници
- Активности на ДИЦ: спроведување на државна матура; спроведување екстерно проверување на постигнувањата на учениците во основните и јавните средни училишта; издавање прирачници за полагање на испити од државната матура; континуиран развој и унапредување на испитните програми за матурата и завршниот испит
- Активности на ДПИ: по втор пат извршена интегрална евалуација во основни и средни училишта; целосна примена на ИКТ во воспитно образовните-установи; целосно спроведување на Проектот информиран родител, е-дневник; примена на активна настава интерактивно учење во воспитно образовните установи; училиштата планираат и реализираат активности за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
Спроведување на меѓународната програма ПИСА (PISA) 2015 на 6000 ученици од основното и средното образование.

***Социјална кохезија, инклузија и еднаквост***

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
За поголема социјална инклузија, кохезија и еднаквост во образованието се преземени значајни активности.

По ратификацијата, заради усогласување со Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност се врши анализа на сите закони и правилници и нивни измени и дополнувања.

Започна спроведување на 60 нови наставни програми за шесто одделение во посебните училишта за ученици со оштетен вид, оштетен слух, аутизам, мултихендикеп и ученици со пречки во психичкиот развој.

Продолжи обезбедувањето финансиска поддршка од Буџетот на Република Македонија за бесплатни учебници за основно и средно образование, бесплатен превоз на ученици од основно и средно образование, бесплатно сместување во ученички домови, како и стипендии за ученици со посебни потреби, талентирани ученици, ученици со послаба материјална состојба и на деца без родители.

Во рамките на регионалниот проект координиран од ЕТФ, Република Македонија е дел од регионалната мрежа за политики од областа на образованието и обуката на наставници за инклузивно образование.

Заврши ИПА твининг проектот „Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем“.

Се доделија 716 стипендии за ученици Роми од сите јавни и приватни средни училишта.

Се преземаат бројни активности за спроведување на Стратегијата за интегрирано образование во координација со Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор (СОРД).

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

- Да се обезбедат бесплатни учебници за основно и средно образование, бесплатен превоз за ученици од основно и средно образование, бесплатно сместување во ученички домови и стипендирање на различни категории ученици
- Да се развиваат активности за холистички пристап за социјална инклузија низ образование на учениците со посебни образовни потреби (деца со хендикеп, деца на улица/улични деца, Роми, ученици од рурални средини и други ранливи категории) преку образование и обука, вклучувајќи и дополнителни афирмативни мерки за нивна поддршка
- Да продолжи спроведувањето на Стратегијата за интегрирано образование од аспект на синергија помеѓу проектите: ИПА проекти; проект поддржан од УСАИД и др.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Да се реализира евалуација на поддршката во областа на еднаквиот пристап до квалитетно образование со препораки за идна помош и развој, при што дел од нив ќе се имплементираат со ИПА проектот „Овозможување на квалитетно образование преку обезбедување на инклузивна и интеркултурална средина за учење”
- Да продолжи спроведувањето на Програмата за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми.
- Да се имплементира Програма за медијатори за учениците Роми во основното образование.

***Инвестициски проекти и децентрализација***

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година реализирани се следните активности: заврши изградбата на 4 и реконструкцијата на 8 основни училишта; заврши доградбата на 2 и реконструкцијата на 4 средни училишта; заврши реконструкцијата на 1 студентски дом. Со завршувањето на изградбата на 2 училишни спортски сали во октомври 2013, вкупниот број на изградени училишни спортски сали изнесува 35.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Согласно препораките од Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2013 година, унапредувањето на образовната инфраструктура ќе биде насочено кон поголемо урамнотежување на регионалните разлики во инфраструктурата:

- Да продолжи унапредувањето на образовната инфраструктура во основното образование: продолжување со изградба/доградба на 5 училишта; отпочнување со изградба/доградба на 3 основни училишта и реконструкција на одреден број училишта
- Да продолжи унапредувањето на образовната инфраструктура во средното образование: продолжување со изградба на 2 училишта; отпочнување со градба/доградба на 3 училишта и реконструкција на одреден број средни училишта
- Да се реши инфраструктурата на 1 студентски дом и да продолжи реконструкцијата на студентски домови
- Да продолжи изградбата на училишни спортски сали и реконструкцијата на училишта со средства од заемот од Банката на Советот на Европа.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Да продолжат започнатите градби и за започнат нови инвестициони проекти во зависност од обезбедените буџетски средства
- Да продолжи изградбата на училишни спортски сали и реконструкцијата на училишта со средства од заемот од Банката за развој при Советот на Европа.

**СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Со измените и дополнувањата на Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр.24/13 и бр.137/13) се прецизира: донесувањето на стандарди на занимања, со вклученост на МТСП, МОН, Советот за стручно образование и обука и Центарот за стручно образование и обука – ЦСОО; донесувањето концепции за сите видови стручно образование и обука и испитни програми за завршен испит и државна матура, како и водењето на регистар на ученици што склучиле договори за практична обука од страна на коморите.

Усвоена е Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013 – 2020 со Акциски план, поддржана од Европската фондација за обука (ЕТФ).

Заврши ИПА твининг проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука" кој беше одржан на 23 мај 2013. Новите наставни планови и програми се воведоа во 19 училишта за средно стручно образование.

Поддршка на ЦСОО во спроведување на две компоненти (А4 и В3.7) од Акцискиот план на Стратегијата за стручно образование и обука 2013 - 2020: Изработка на Методологија и инструменти за анализа за усогласеноста на мрежата на стручните училишта со потребите на локалните бизниси на национално ниво и Инклузијата на учениците со посебни образовни потреби во стручното образование**.**

Со цел развој на човечки ресурси и промоција на одржлив економски развој и социјална кохезија согласно Стратегиите Европа 2020 и ЈИЕ 2020, започна со реализација проектот ФРАМЕ (FRAME), со поддршка од ЕТФ. Проектот овозможува: предвидување на потребните вештини, проценка на институционалните капацитети, мониторинг и регионална соработка.

Дефинирана е компонентата од проектот со Светска банка Вештини за развој и иновации, во делот на развојот на стручното образование и обука во Република Македонија.

Потпишан е Меморандум за соработка меѓу Занаетчиската комора на Република Македонија, регионалните занаетчиски комори и стручните училишта од Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

- Да се реализира Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2014-2020
- Да се изготвуваат стандарди за занимања, наставни планови и програми и други програмски документи согласно потребите на пазарот на трудот
- Да се изготвуваат стандарди на занимања и програмски документи за пост-средно образование
- За се зајакнуваат капацитетите на Центарот за стручното образование и обука.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Да се изврши евалуација на обезбедената финансиска поддршка за реформи во доживотното учење, посебно стручното образование и обука и образование на возрасни (ИПА проект)
- Да се реализираат активностите во рамките на проектот со Британскиот Совет Поддршка на ЦСОО во спроведување на две компоненти (А4 и В3.7) од Акцискиот план на Стратегијата за стручно образование и обука 2013 – 2020: Изработка на Методологија и инструменти за изработка на анализа за усогласеноста на мрежата на стручните училишта со потребите на локалните бизниси на национално ниво и Инклузијата на учениците со посебни образовни потреби во стручното образование
- Да се реализира набавката на наставна опрема за дво- и три-годишното стручно образование и обука (ИПА проект)
- Да започне реализацијата на проектот со Светска банка „Вештини за развој и иновации", од компонентата за развој на стручното образование и обука во Република Македонија.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Институционална рамка**

- Да се реализираат активности од Акциониот план за спроведување на Стратегијата за развој на стручното образование во Република Македонија 2013-2020 година
- Да продолжат реформите во стручното образование во делот на подготовка на стандарди на занимања и програмски документи согласно потребите на пазарот на трудот

*ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ*

- Да продолжи реализацијата на активности од проектот со Светска банка „Вештини за развој и иновации", од компонентата за развој на стручното образование и обука.

**ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ**

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Донесен е Правилник за начинот на верификација на институции или установи кои реализираат програми за образование на возрасни („Службен весник на Република Македонија" бр.115/13).

Се зголеми интензитетот на верификација на посебни програми за образование на возрасни – програми за неформално образование на возрасните. Програмите верификувани од Центарот за образование на возрасни (ЦОВ) се внесуваат во Каталогот на верификувани програми, кој е достапен на веб-страницата на ЦОВ.

Во ЦОВ се вработија 6 лица, со што значително се зголемени неговите капацитети. Во тек е и преземање на уште две лица од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

Заврши спроведувањето на ИПА Твиниг проектот „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица".

ЦОВ континуирано ја реализира програмата за оформување на средно стручно образование за возрасни лица со завршено основно образование во општините: Арачиново, Прилеп, Чаир и Теарце.

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Институционална рамка**

- Да се подготви и усвои акционен план за понатамошно спроведување на Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015 за 2014 и 2015 година
- Да се подготви Концепција за неформално образование, која ќе го дефинира системот за неформалното образование на возрасните
- Да се подготови Концепција за основно образование на возрасните
- Да продолжи наставата за средно стручно образование за возрасни во општините Арачиново, Прилеп, Чаир, Теарце и други општини, согласно потребите на пазарот на труд
- Да продолжи кампањата за подигнување на свеста на населението за можностите за образование на возрасните.

*ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ*

- Да продолжи учеството во мерката Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот, која има за цел зголемување на вработливоста на евидентирани невработените лица со стекнување на вештини за побарувани занимања, како дел од Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување на ВРМ.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Институционална рамка**

- Да се развие информатичко-статистички систем за следење на образовната мобилност на возрасните.

**ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ**

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Продолжија активностите во согласност со Болоњскиот процес. Продолжи признавањето на високообразовни квалификации стекнати на странски високообразовни установи. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ја имплементира донесената Стратегија.

Прифатени се критериуми за второто рангирање на универзитетите и високообразовните установи запишани во регистарот на високообразовните установи во 2013 година, што го врши Институтот за високо образование при Универзитетот „Џио Тонг“ од Шангај - Кина. За рангирање се користат 21 индикатор за три области: предавање и учење, истражување и социјални услуги.

Продолжи проектот „Високо образование за возрасни 35/45“ за запишување студенти во прва година за жени над 35 години и мажи со над 45 години. Со новите 127 студенти, од академската 2013/14 година, вкупно има околу 1130 студенти.

Продолжија активностите во рамките на ЦЕЕПУС (CEEPUS) програмата за регионална соработка во областа на високото образование (мобилност на студенти и академски кадри и мрежни проекти).

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

- Да се донесе Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на високообразовни квалификации
- Да се донесе Правилник за начинот на потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со европската рамка на високообразовни квалификации.

**Институционална рамка**

- Донесување и спроведување на Националната програма за високо образование и научно–истражувачка дејност 2014–2018. Натамошна спроведување на Болоњскиот процес (квалитет на високото образование, признавање на квалификации стекнати на странски високообразовни установи и др.)
- Изготвување на регистар на високообразовни квалификации.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Продолжување на проектот „Високо образование за возрасни (30/35)“
- Мобилност на студенти од прв, втор и трет циклус, визитинг професори од Република Македонија кон земји членки на ЦЕЕПУС (CEEPUS) мрежата и обратно.

## РАЗВИВАЊЕ НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ (НРК)

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Се донесоа Појдовните основи на Македонската рамка на квалификации и се усвои Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/2013).

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Согласно препораките од Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2013 година, развојот на НРК ќе продолжи со поддршка од Европскта фондација за обука и Британскиот совет:

**Правна рамка**

- Во 2015 година да започне примената на Законот за Националната рамка на квалификации.

**Институционална рамка**

- Да продолжи развојот и спроведувањето  НРК во контекст на доживотното учење.
- Да се подготви Извештај за референцирање на НРК со ЕРК.

## МЛАДИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Продолжи спроведувањето на Акциониот план за реализација на Националната стратегија за млади.

Во приоритетната област Локална младинска работа, се работи на креирање локални младински стратегии во три општини, со што вкупниот број на локални младински стратегии е 13. Во приоритетната област Младинска партиципација, воспоставен е механизам во осум општини  за зголемено младинско учество во процесот на донесување на одлуки.

Во приоритетната област Здравство спроведени се едукативни работилници за борба против пороците во 4 општини.

Во приоритетната област Квалитет на живеење: од проектот Изградба на 35 спортски сали завршени се 32; од проектот Изградба на 50 помошни фудбалски терени, пуштени се во употреба  планираните 50 помошни фудбалски игралишта; од проектот Изградба на 100 тениски терени, до крајот на 2013 се пушти во употреба 31 терен; од Проектот изградба на 100 повеќенаменски игралишта, до крајот на 2013 година се пуштени во употреба 32 терени.

Доделени се 500 спортски стипендии за млади талентирани спортисти - Спортска надеж.

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

- Да се изработат локални младински стратегии
- Да се формираат локални совети на млади
- Да се изработи нова Национална стратегија за млади 2015-2025
- Да продолжи доделувањето стипендии за млади талентирани спортисти.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Да продолжат капиталните инвестиции за подобрување на спортската инфраструктура.

**УЧЕСТВО ВО ЕУ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИ**

***Доживотно учење и Млади во акција***

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ) успешно ја помина подготвителната фаза 2012/13 на спроведување на програмите Доживотно учење и Млади во акција. Во соработка со ГД Образование и култура и МОН, преземени се сите неопходни мерки со цел успешно вклучување во новата ЕУ програма Еразмус+ (2014-2020).

Согласно договорите за грант помеѓу НАЕОПМ и Извршната агенција за образование, култура и аудиовизуелни политики за спроведување на ЕУРОПАС и Евридика во Република Македонија, НАЕОПМ основа и ги извршува активностите на Национален Еуропас Центар. Исто така, НАЕОПМ основа Национална канцеларија за Евридика.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

*Министерство за образование и наука:*

- Да се потпише Меморандум за разбирање со Европската комисија, за учество во програмата „Еразмус+" (2014-2020)
- Да се одобри Годишната работна програма на НАЕОПМ за 2014.

*Национална агенција за европски образовни програми и мобилност:*

- За програмата „Еразмус+", за 2014 година да изготви работна програма и да се потпише договор за Еразмус+ за 2014 година со Генералниот директорат за образование и култура на Европската комисија;
- Да се организираат 6 инфо-денови за програмата Еразмус+, во Скопје и по региони.

**Институционална рамка**

*Министерство за образование и наука:*

- Да се вршат второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ, вклучувајќи и набљудување за време на второстепени контроли на крајни корисници на НАЕОПМ.

*Национална агенција за европски образовни програми и мобилност:*
- Да се менаџира циклусот на пилот проектите од двете програми Доживотно учење и Млади во акција од 2013 година
- Да продолжат обуките за вработените и зајакнување на капацитетите на НАЕОПМ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

*Министерство за образование и наука:*
- Да ги одобрува годишните работни програми на НАЕОПМ

*Национална агенција за европски образовни програми и мобилност:*
- Да изготвува работни програми и да потпишува договори за Еразмус+ за 2015 и 2016 година со Генералниот директорат за образование и култура на Европската комисија.

**Институционална рамка**

*Министерство за образование и наука:*
- Да продолжат второстепените контроли на работењето на НАЕОПМ, вклучувајќи и набљудување за време на второстепени контроли на крајни корисници на НАЕОПМ.

*Национална агенција за европски образовни програми и мобилност:*
- Да врши дисеминација и експлоатација на резултатите од реализираните проекти
- Република Македонија да се вклучи во мрежата Еурогајденс.

***Програма „Европа за граѓаните“ 2014 - 2020***

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Одржани се работни состаноци и извршени се консултации со претставници на локалната самоуправа и со невладини организации заинтересирани за аплицирање на повиците од програмата „Европа за граѓаните“ (2007-2013). Продолжи учеството на општините, невладините организации и други засегнати страни во сите типови акции на Програмата. Република Македонија бележи успешно учество во програмата „Европа за граѓаните“ (2007-2013), со над 60 одобрени проекти во износ од 3.611.108 евра.

***КРАТКОРОЧНИ/СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**
- Да се потпише Меморандум за разбирање со Европската комисија, за учество во новата програма „Европа за граѓаните“ (2014-2020);

**Институционална рамка**
- Да се промовира новата програма „Европа за граѓаните“ (2014-2020).

## 3.26.2. КУЛТУРА

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Развој на Креативни индустрии**

Министерството за култура ќе ја продолжи соработката со Британскиот совет во рамки на која ќе се одржуваат обуки за културен менаџмент. Во тек е подготовка на "Методологија и инструменти за следење на креативните индустрии" во Република Македонија. Ќе се ангажира експерт кој ќе дава насоки за работа на работната група што ќе се формира за реализација на задачата.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

**Регионална програма за културно наследство на Југоисточна Европа; Пилот-проект за локален развој на регионот Дебар и Река**

Проектот го реализира Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство во соработка со Советот на Европа. Пилот-проектот има цел долгорочно да го зајакне потенцијалот на териториите со вредно културно и природно наследство за проектирање среднорочни и долгорочни регионални развојни стратегии. Се предвидува промоција на заштитата и конзервацијата на културното и природното наследство како социјален и

економски фактор; активна поддршка и вклучување на локалното население во мониторингот на јавните активности; интегративен приод во развојниот процес. Во 2014 година се предвидува изработка на Развојна стратегија, Оперативна програма, спроведување на комуникациската стратегија, работа на управувачките структури. Активностите ги имплементира Единицата за спроведување на проектот.

**„Љубљански процес II – рехабилитација на нашето заедничко наследство“**
Со овој процес континуирано продолжува проектот Заеднички рехабилитационен проект план/Процена на архитектонското и археолошкото наследство на Југоисточна Европа (Љубљански процес), како заедничка активност на Советот на Европа и Европската комисија. Проектот се спроведува со финансиски средства од повеќекорисничката ИПА програма и е координиран од Советот за регионална соработка. Целта е нов приод на заштита, ревитализација и рехабилитација на културното наследство преку искористување на неговите општествени, економски и развојни потенцијали. Со Акцискиот план предвидени се повеќе активности, а како клучни (краткорочни) се издвојуваат: мониторинг на спроведувањето на Акцискиот план од Извештајот за проценка на состојбата на културното наследство; изработка на бизнис планови за Аквадуктот и археолошкиот локалитет Стоби; реализација на грант за геомеханички, хемиски, минералошки истражувања, како и анализи на статиката и динамиката на Аквадуктот во Скопје и изработка на конзерваториски проект; организирање на работилници за деловно планирање на културно наследство и обезбедување финансии, промотивни активности и изготвување апликации за грантова помош за локалитетите и спомениците од Листата на приоритетни интервенции.

**Проект „Зајакнување на културното наследство преку планирање на животната средина и менаџмент- Шерплан”.**

Во рамките на проектот за 2014 година предвидена е промоција на Студија за ревитализација на Старата чаршија во Битола, конзервација и реставрација на фасада на објектот во Старата чаршија во Битола и партерно уредување на просторот пред објектот. Се предвидува изработка на ГИС мапи за педесет објекти од Старата чаршија во Битола, како помошна алатка за промоција и запознавање со Чаршијата и значењето на културното наследство. Во февруари 2014 во Скопје ќе се организира Министерска конференција на тема “Пристапот за планирање на животната средина”, со присуство на сите проектни партнери. Министрите за култура на Република Македонија, Црна Гора и Албанија ќе потпишат Меморандум за соработка и разбирање.

**ИПА проектот од ТАИБ 2009 „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорѓи - Старо Нагоричане“**

Во тек се подготвителните активности. Консултантите обезбедија документација за отпочнување на градежните активности. Се формира проектниот тим за спроведување на проектот, како и обезбедување на дозволи за вршење конзерваторски работи. Потпишан е Директен грант договор со Европската комисија. Се планира отпочнување на конзерваторско – реставраторските работи на делови од црквата „Св. Ѓорѓи”, кои ќе траат до средината на 2014 година. Во текот на спроведувањето планирани повеќе состаноци меѓу партнерите вклучени во проектот, како и тековни состаноци со ЦФЦД – Министерство за финансии. Во натамошниот период, ќе се имплементираат промотивни активности за културно-туристичкото место „Св. Ѓорѓи” – Старо Нагоричани. Се очекува да се потпише Договорот за градежни работи. Тендерското досие за рамковниот договор за супервизија на градежните активности е подготвено и се очекува негова официјална публикација од страна на Делегацијата на Европската Унија.

**ИПА проект од ТАИБ 2010 „Ревитализација и адаптација на Шенѓул (Ѓулшен) амам во културен-инфо центар“ ќе се реализира преку 4 договори**

Во текот на 2014 година се очекува склучување на договорите за реализација на овој проект. Рамковниот договор за подготовка на техничка документација се очекува да се потпише во јуни. Договорот за грант ќе биде потпишан во март 2015, Договорот за градба ќе биде потпишан во јануари 2015 година, како и Договорот за супервизија на Договорот за градба, по што ќе уследи изготвување Барање за финансиски средства преку ППФ процедурата и нејзино доставување до Секретаријатот за Европски прашања (во март 2014).

**Програма Креативна Европа**

Потпрограма „Култура“ и потпрограма „Медиа“ 2014-2016

Целта на програмата е учество на што поголем број културни оператори од Република Македонија - организации од културните и креативните сектори и аудиовизуелниот сектор, во европските копродукциски проекти на Креативна Европа, кои ќе овозможат институционална и професионална надградба, согласно европските стандарди и критериуми, европската и меѓународната културна соработка и промоција и сл. Се очекува потпишување на Меморандум за разбирање за учество во програмата Креативна Европа во периодот јануари - февруари 2014. Ќе следи редефинирање на канцеларијата за Креативна Европа.

Канцеларијата за Креативна Европа ќе ги извршува следниве активности:

Се планира спроведување на годишни работни програми на канцеларијата за Креативна Европа согласно оперативни грант договори од 2014-2016 година и тоа:

- Реализирање на соработката со Генералниот директорат за образование и култура на ЕК и Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура на ЕК (учество на обуки, конференции и сл);
- Соработка со канцелариите на Креативна Европа во земјите вклучени во програмата;
- Соработка со културните и креативните сектори и аудиовизуелниот сектор во земјата и пошироко, како и соработка со останатите потенцијални партнери/организации кои можат да придонесат во промоција и успешна спроведување на програмата;
- Се планира спроведување на програмата Креативна Европа согласно улогата на овие канцеларии, преку реализација на јавни настани (инфо-денови/семинари/работилници) на национално, национално–регионално, локално, регионално и европско ниво;
- Техничка помош на операторите при подготовка на проектните апликации;
- Подготовка на промотивен материјал за програмата и успешните проекти;
- Креирање веб страна на канцеларијата за Креативна Европа и база на податоци за операторите во Република Македонија и нивно одржување и ажурирање.

## 3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

***РЕЗИМЕ***

*Ќе се изработи Национална Стратегија за животна средина и климатски промени со која ќе се дефинираат целите кои ќе треба да се постигнат во период од 2014-2020 година во областа на животната средина и клима.*

*Ќе се спроведуваат активности за зајакнување на капацитетите за спроведување на законодавството од животна средина на централно и локално ниво, како и активности за подобрување на мониторингот во животната средина.*

*Во однос на климатските пормени, ќе се работи на вградување на политиките за намалување на климатските промени во останатите секторски политики и прилагодување на најранливите сектори кон истите .Ќе се направи проценка на потенцијалот (со усвојување на политички документ) за ублажување на климатските промени доследни на оние од ЕУ и нејзините земји-членки.*

*Република Македонија вложува напори да ја подобри состојбата со квалитетот на воздухот. Ќе биде донесен Закон за контрола на емисии на испарливи органски соединенија.*

*Ќе продолжат активностите во насока на воспоставување на интегриран регионален систем за управување со отпад.*

*Продолжува понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на управувањето со отпадот преку донесување на подзаконски акти во ова област.*

*Ќе продолжи понатамошното усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија во делот на квалитетот на водата. Ќе биде донесен сет на подзаконски акти кои ќе ги транспонираат релевантните ЕУ мерки. Ќе биде донесен „Закон за ратификација на Конвенција за заштита и употреба на прекугранични води и меѓународни езера“. Акцентот ќе биде ставен на изградба на системи за третман на отпадни води,како и изработка на плански документи за управување со води.*

*Во наредниот период треба да се донесе „Закон за спречување и контрола на индустриското загадување“ согласно новата директива за инсуртиски емисии, и ќе се продолжи со постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи.*

*И во наредниот период ќе продолжи усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската Унија во обаста на хемикалиите.Ќе продолжи надградувањето на интегрираниот регистар на хемикалии.Долгорочно ќе се развиваат активности за вмрежување со регионалните информативни точки за регистрација, оценување, одобрување и ограничување на хемиските супстанции.*

*Целосна заштита од бучавата во животната средина ќе се постигне со воспоставување на систем на изработка и спроведување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава. Со овие документи ќе се добие целосен приказ за нивото на бучава во животната средина како и мерките кои треба да се превземат на местата каде е зголемено нивото на бучавата се со цел намалување на нивото на бучава а со тоа намалување на штетните ефекти кои произлегуваат од истата за здравјето на човекот и за целата животна средина воопшто.*

*Во областа шумарство, во наредниот период ќе се спроведат активности за одржлив развој на животната средина и шумарството преку зголемување на шумскиот фонд со пошумување на голини и ерозивни земјишта, одгледување на шумите, мелиорација и заштита на шумите од биотски и абиотски фактори.*

### 3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 се финализираше 8-от Прогрес мониторинг (ПМ) во областа на животната средина со кој се оценува степенот на приближување на националното законодавство на Република Македонија кон законодавството на Европската Унија, како и степенот на неговото спроведување. Прогрес мониторингот се водеше во рамките на Регионалната мрежа за животната средина за пристапување кон ЕУ (РЕНА) во соработка со Европската комисија – Генерален Директорат за животна средина. Надлежен орган за негово спроведување е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). Прогрес Мониторингот за 2013 година опфати 71 ЕУ мерки. За таа цел Заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања донесе одлука со која се определуваат одговорните лица за пополнување на табелите за усогласување и имплементационите прашалници за секоја ЕУ мерка одделно.

Се донесе „Закон за ратификација на Протоколот за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.120 /2013 ).

Се донесе „Закон за изменување и дополнувања на Законот за животната средина“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 93/13) со кој се изврши дополнувања во делот на климатските промени кои претставуваат подготвителна активност за институционализација на процесот на инвентаризација на стакленичките гасови.
Владата на Република Македонија ја усвои „ Програмата за инвестирање во животната средина за 2013“ („Службен весник на Република Македонија" бр 4/2013), со финансиски средства во висина од 122.500.000 денари (2 милиона евра) за финансирање и кофинансирање на проекти од областа на животната средина. Конкурсот за распределување на средства за оваа програма е објавен во „Службен весник на Република Македонија бр.5/2013“, а додека резултатите од конкурсот, со кој се определни проектите кои ќе се финансираат се објавени во „ Службен весник на Република Македонија бр.15/2013“. Во тек е реализација на проектите кои се финансираат од страна на оваа Програма.
Во Септември 2013 година започна со реализација Проектот „Управување на пристапувањето кон ЕУ“, финанскиски поддржан од Британската амбасада во Скопје. Во рамките на проектот се одржа семинар за „Подготовка за преговори на поглавјето 27: одредници“, во организација на МЖСПП и Меѓународна менаџмент група. На семинарот присуствуваа претставници од засегнатите министерства, членови на НПАА Работна група 27 и невладиниот сектор. На семинарот беше презентирана методологијата за утврдување на одредниците за поглавјето 27 и првичната анализа на недостатоците за пет директиви. Во декември 2013 година се одржа втората работилница на која се презентираше методологијата на утврдување на недостатоците и определување на акции заради постигнување на барањата на ЕУ законодавтвото.
МЖСПП редовно врши собирање, обработување и известување на податоци и информации добиени преку мониторинг мрежата за медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад. Редовно се доставува 75% од вкупно бараните податоци до Европската агенцијата за животна средина (ЕЕА) каде Република Македонија има статус на земја соработник и е дел од работните групи на Агенцијата.
Изработени се „Статистики за животна средина 2013“. Согласно одредбите од „Законот за животната средина“ продолжува работата за изработка на „Листа на показатели за животната средина“. МЖСПП реализираше активности за воспоставување на „Регистар на испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ“), притоа беше изработена бета верзија од интернет порталот за Регистарот на загадувачи и загадувачки материи (ПРТР), кој овозможува пристап на јавноста со информации и податоци за емисиите во медиумите во животната средина.
Во текот на 2013 година реализирани се низа активности за подигање на свеста на јавноста преку одбележување на денови од еколошкиот календар, промоции, презентации, работилници, консултативни средби и емитување ТВ емисии со еколошки теми.

***Климатски промени***
Се реализира првата препорака од „Патоказот за спроведување на Директивата за трговија со емисии на ЕУ и Одлуката за мониторинг, известување и верификација“ (врзана со зајакнување на капацитетот на МЖСПП за воведување на оваа шема) и се одреди одговорна единица за спроведување. Во насока на одговор кон препораката за преземање на долгорочните цели за лимитирање на емисиите на стакленичките гасови во атмосферата, се процени потенцијалот за ублажување на климатските промени во секторот транспорт. Проценката на резултатите и мерките за ублажување беше направена во однос на нивната еколошка и економска ефективност, и истите беа рангирани и приоритизирани. Се изработи инвентарот на стакленички гасови за периодот 2003-2009 во кој се додадоа повеќе податоци, посебно во секторите земјоделство, користење на земјиштето и шумарство. За прв пат се пресметаа емисиите од авијација и се потпиша меморандум за соработка и размена на податоци со МЖСПП и со давателот на навигациски услуги на Република Македонија. Се изработи софтвер за прибирање на податоци од индустриите за известување по три директиви. Се потпиша проектниот договор за започнување на Проектот за Изработка на првиот двогодишен ажуриран извештај со поддршка на УНДП. Целта на извештајот е ревизија на инвентарите кои се подготвени и доставени во рамките на претходните национални извештаи, подготовка на инвентари на емисии на стакленички гасови до 2012 година, развивање на механизми за мерење, известување и верификација и зајакнување на националните капацитети за анализи на потенцијалот на ублажување на емисии од стакленички гасови, имајќи ги предвид потенцијалните цели за ограничување на емисиите. Се дефинираа секторите со потенцијал за ниско-емисионен јаглероден раст.

***Управа за хидрометеоролошки работи (УХМР)***
На почетокот на 2013 година беше усвоена „Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2013“ („Службен Весник на Република Македонија“ бр.12/13).

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**

Во првиот квартал од 2014 година ќе биде донесен Закон за Национална инфраструктура за просторни податоци, согласо ЕУ мерката 32007L0002. Во почетокот на 2014 година предвидено е да започне 9-от Прогрес мониторинг во областа на животната средина, кој ќе се спроведува во рамките на "Регионалната мрежа за пристапување во областа на животната средина и климатските промени" (ЕКРАН).
Со цел ажурирање на субјектите кои ги поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина предвидено е донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за објавување и одржување на Листа на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина, согласно ЕУ мерката 32003D0004.
Национална стратегија за животна средина и климатски промени ќе биде изработена до крајот на 2014 година, која особено ќе се осврне на ИПА програмскиот период 2014 - 2020 Целта на стратегијата ќе биде да се предложат активности кои ќе бидат насочени кон зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за спроведување на законодавството од животната средина, исполнување на барањата на ЕУ законодавството, како и за подобрување на мониторингот во животната средина.
МЖСПП во соработка со УХМР ќе започне со изработка на Националниот план за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши. Изработката на планот е обврска која е пропишана во Законот за животната средина, како и е обврска од Конвенцијата на Организацијата на обединетите нации (ООН) за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или со опустинување, особено во Африка од 2002 година.
Во 2014 година предвидено е донесување на План за управен надзор над работата на Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за 2014 и негово реализирање. Со Планот ќе се определат областите во кои ќе се изврши управен надзор во периодот за 2014 година.

***Климатски промени***

Ќе се направат анализи на разлики за изработка на подзаконски акти кои произлегуваат од „Законот за животна средина" во делот на национален систем на инвентризација на стакленички гасови.

**Институционална рамка**

Во 2014 година ќе се ажурираат и дополнат Индикаторите за животна средина на Република Македонија за 2014 година.

На почеток во 2014 година ќе се изработи извештај за статусот на спроведување на ПРТР протоколот од страна на МЖСПП и истиот ќе се прати до Економската комисија за Европа при Обединети нации (ЕКЕОН). Ќе се организираат обуки за спроведување на електронски -ПРТР и моделирање со податоци, користење на софтверска апликација од ПРТР; обуки за информатичка технологија; обука на операторие за користење на БУБЕ софтвер, ќе се врши набавка на опрема за мониторинг, моделирање и за национален информативен систем. Ќе се усвоие Извештајот за инспекциски надзор за 2013 година, а истовремено ќе се донесе „Програма за вршење на инспекциски надзор за 2014 година за Државниот инспекторат за животна средина и овластените инспектори за животна средина".,
Во 2014 година се очекува да започне твининг проектот од ИПА компонента 1 со што ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите за инспекциски надзор на државните и локалните инспектори за животна средина, како и на капацитетите на ЕЛС, како и ќе започне проектот за „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за спроведување на законодавството од областа на животната средина".
Во наредниот период ќе продолжи поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишната „Програма за инвестирање во животната средина за 2014 година" и преку буџетите на МЖСПП и Министерството за транспорт и врски (МТВ).
Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, ќе продолжат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на квалитетот на вода, воздух и нивото на бучава во животната средина.
И во овој период ќе се спроведуваат испити со цел избор на експерти во Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина, а ќе продолжи спроведување на прекршочни постапка, постапка за посредување и постапки на инспекциски надзор.
Континуирано ќе се реализираат кампањи за подигнување на јавната свест во животната средина, како и ќе се поттикнуваат образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Во овој период ќе продолжи соработката со Европската агенција за животна средина, преку доставување на релевантни податоци.
Ќе продолжи да се реализира Проектот „Управување на пристапувањето кон ЕУ“ во кој ќе сенаправи анализа на постојните разлики во спроведувањето на законодавството на ЕУ во областа на животната средина и ќе се предвидат акции за надминување на разликите.

***Климатски промени***
Ќе биде изработена проектна задача за проект кој ќе ја направи долгорочната стратегија за клима и „Закон за климатска акција“. Ќе се направи ревизија на сценаријата за ограничување на емисиите на стакленички гасови.
Ќе се работи на спроведување на препораките на Комуникациската стратегија за клима, преку засилени акции за подигнување на свеста и знаењата за климатски промени. Ќе се организира Конференција со учество на бизнис заедницата за нивно подетално запознавање со Европската шема за тргување со емисии на национално ниво, ќе започнат со спроведување активностите кои произлегуваат од ЕКРАН.

***Управа за хидрометеоролошки работи (УХМР)***
Во текот на 2014 година ќе се спроведува Проектот "Изградба на отпорност на катастрофи во Западен Балкан и Турција", поддржан од ЕК Директорат за проширување во рамките на IPA програмата. Ќе продолжи да се спроведува проектот за структурна мрежа за климатските значења во одлуките и територијалното планирање.
Развој и надградба на оперативниот нумерички прогностички нехидростатички модел кој ќе користи почетни полиња и гранични услови од Европскиот Центар.
Ќе се зајакнат капацитетите на УХМР со вршење специјализирани обуки од метеорологијата и применета метеорологија (агрометеорологија, климатологија, прогноза, биометеорологија, модификација на времето, рагарска и сателитска метеорологија), хидрологија, екологија, информатика и други обуки кои се во одреден дел поддржани од Светската метеоролошка организација. Ќе продолжи автоматизацијата на метеоролошките станици и нивно мрежно поврзување, воспоставување сервисни информации преку мобилна телефонија; развивање и примена на хидролошко моделирање за потребите на хидрологијата, најава на поплавни бранови и слично. Ќе се имплементира Систем за управување со квалитет односно воведување на ИСО 9001 стандарди во сите домени на работењето на Управата за хидрометеоролошки работи. Ќе се врши подобрување на кадровската состојба, согласно потребата од специјализирани кадри со посебен акцент на хидролози, информатичари, метеоролози, хемичари и технолози.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во овој период ќе се донесат повеќе документи, како упатства, методологии и планови со кои ќе се обезбеди подобро спроведување на надлежностите во управувањето со животната средина на локално ниво. Активностите ќе се рализраат во рамките на ИПА проектот за „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за спроведување на законодавството од областа на животната средина“.
Во 2015 година ќе се донесе „Национален план за справување со опустинување и ублажување на ефектите од суши'.
Исто така, ќе се донесе „Извештај за состојбата со животната средина“. Во периодот од 2015 - 2016 година, одделно за секоја година ќе се подготви и донесе нов план за управен надзор за оние области од областа на животната средина и општини кои не се опфатени со претходно донесениот план од 2013 и 2014 година.

***Климатски промени***
Ќе се изготват нацртите на подзаконските акти кои произлегуваат од „Законот за животна средина“ во делот на допрецизирање на одредбата за Националниот систем за инвентаризација на емисиите на стакленички гасови.

**Институционална рамка**
Во овој период ќе се изработат Статистики за животна средина 2015 година, како и ќе се спроведуваат активности од GLOBE Програмата
Во овој период ќе се спроведат повеќе обуки за вработените во ЕЛС во однос на управувањето со животната средина. Воедно ќе се спроведат и обуки за инспекторатите, како на централно така и на локално ниво. Активностите ќе се спроведат преку проектот од рамките на ИПА компонента 1.
Во наредниот период ќе продолжат активностите за зајакнување на капацитетите на секторите и органите во состав на МЖСПП и тоа: Управата за животна средина (МЖСПП_УЖС), Државниот инспекторат за животна средина (МЖСПП_ДИЖС) и Службата за Просторно информативниот систем, органи во состав на МЖСПП,

преку нови вработувања, набавка на опрема и обуки во однос на спроведување на прописите од областа на животна средина.
Ќе се врши континуирана надградба и ажурирање на воспоставениот Регистар за испуштање и пренос на загадувачи и ПРТР веб порталот.
Посебно внимание ќе се посвети на обуки во насока на зајакнување на капацитетите за спроведување на прописите за одговорност за штета во животна средина; обуки за имплементација на Е-ПРТР и моделирање со податоци, користење на софтверска апликација од ПРТР; обуки за информатичка технологија; набавка на опрема за мониторинг, моделирање и за национален информативен систем.
Истовремено планирано е да се продолжи со зајакнувањето на капацитетите на ЕЛС за управување со животната средина на локално ниво, преку обезбедување на: нови вработувања; техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции на локално ниво за спроведување на законските обврски што произлегуваат од областа на животната средина. Активностите ќе се спроведат и преку проектот од рамките на ИПА компонента 1.
Воедно ќе продолжи со поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишните програми за инвестирање во животната средина, преку буџетот на МЖСПП и МТВ, како и преку ЕУ фондовите и другите билатерални и мултилатерални средства.
Ќе се изврши надградување на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.
Во овој период ќе продолжи доставувањето податоци и соработката со Европската агенција за животна средина (ЕЕА) и ќе се настојува да се обезбеди поголем процент на доставување на релевантни податоци.

***Климатски промени***
Во овој период се очекува започнување со спроведување на проектот за изработка на долгорочна стратегија за клима и Закон за климатска акција во рамките на ИПА ТАИБ2012-2014-дел за клима. Како среднорочни активности се очекуваат резултати од двегодишниот надграден извештај (BUR). Ќе се изработи политички документ (policy paper) за позицијата на Република Македонија во пресрет на Самитот во Париз во 2015г. Се очекуваат усвоени процедури за институнализација на процесот на изработка, следење и верифкување на инвентарите на стакленички гасови и улогата на институциите и другите субјекти кои се извори на стакленички гасови.

***Управа за хидрометеоролошки работи (УХМР)***
Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на УХМР за спроведување на нивните активности преку нови вработувања и обуки, при тоа ќе се продолжи со автоматизирање на метеоролошките инструменти и размената на метеоролошките информации. Ќе започне процесот на користење на упатствата од Светската метеоролошка организација за утврдување на критериуми за формирање и воспоставување и начин на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на станици и за изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа на станици. Ќе се преземат активности за обновување и модернизација на мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води и опремување на истите со софистицирана опрема; обнова на телекомуникацискиот систем, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци, акредитација на лабораторија за детерминирање на загадувачки материи и супстанции во водите, воздухот и почвата, набавка на теренски возила за оперативни активности, набавка на автоматски метеоролошки станици, како и техничко опремување на Управата (административно-техничко и информатичко опремување).

## 3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2013 година се донесоа следните подзаконски акти и упатства за примена на правилниците:

- Упатствата за примена на Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот
- Упатство за примена на Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори.
- Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 169/2013)

  Во текот на 2013 година Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух во рамките на МЖСПП функционираше со 45% од вкупниот број на инструментите од автоматските мониторинг

станици. Беше донесена Програмата за работа на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух за 2014 година, кој е управуван од МЖСПП. Беше финализиран „CORINAIR“ инвентарот со податоци за 2011 година и истиот беше испратен до CLRTAP и до Европската агенција за животна средина.

Се реализраше обука финасирана од инструментот ТАЕКС во врска со спроведување на ЕУ мерката 32001L0081.

Претставници од Одделението за аналитика и известување во областа на квалитетот и емисиите во воздухот и Одделението за мониторинг на квалитетот на воздухот од МИЦЖС учествуваа на повеќе работилници и семинари за транспонирање и спроведување на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во почетокот на 2014 година ќе продолжи усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.

Ќе се донесе „Закон за контрола на емисии на испарливи органски соединенија од користењето на бензините„ во кој се транспонираат одредби од ЕУ мерките 31994L0063 и 32009L0126 и пет подзаконски акти кои произлегуваат од горенаведениот Закон:

- Правилник за технички барања на инсталациите за складирање кај терминалите
- Правилник за технички барања на опремата за полнење и празнење на мобилни контејнери, како и случаите кога истите нема да се применуваат
- Правилник за форма и содржина на образецот за водење на евиденцијата за исполнетост на техничките барања во поглед на опремата со систем за враќање на бензинските пареи за време на полнење на моторните возила која може да се користи во бензинските станици
- Правилник за форма, содржина и потребна документација, како и начин на доставување на барањето за регистрација, формата и содржината на потврдата за упис, како и форма, содржина и начин на водење на регистарот
- Правилник за форма, содржина и начин на доставување на Предлог планот за постигнување на техничките барања

Исто така, ќе се подготват следните подзаконски акти, како и измени и дополнувања на постоечките подзаконските акти:

- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на краткорочните акциони планови согласно мерката 32008L0050.
- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за количините на горните граници-плафони на емисиите на загадувачките супстанци со цел утврдување на проекциите за одреден временски период кои се однесуваат на намалување на количините на емисиите на загадувачките супстанци на годишно ниво. Дополнувањата се однесуваат во врска со мерката 32001L0081 и Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за намалување на закиселувањето, еутрофикација и приемниот озон (32003D0507)
- Правилник за измени и дополнувања на Правилник за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанци во отпадни гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот. Истите се во согласност со мерките 32001L0080, 31999L0013, 32008L0001,32010L075, како и БРЕФ документите и упатствата
- Уредба за измени и дополнувања на Уредбата за определување на согорувачките капацитети кои треба да преземат мерки за заштита на амбиентниот воздух од загадување, во согласнот со ЕУ мерката 32001L0080.
- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на планот за квалитет на воздух, согласно ЕУ мерката 32008L0050.

**Институционална рамка**

Ќе биде изготвена Програма за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух за 2015 година. Во овој период ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки. Се планира да се обезбедат предусловите за започнување на акредитација на Калибрационата лабораторија.

Како континуирана активност на МЖСПП ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг мрежата за воздух со која управува МЖСПП.

Во текот на 2014 година ќе се имплементираат предвидените мерки за намалување на загадувањето дадени во „Националната програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија“ и проекциите за количините на загадувачките супстанции во воздухот за

период 2012-2020 година. Во предвид ќе бидат земени и поедини мерки за заштита на воздухот дадени во „Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија“. Ќе се подготви краткорочен акционен план за заштита на амбиентниот воздух за град Скопје, и ќе се отпочне со подготовката на Планот за квалитет на воздух за град Скопје.
„CORINAIR“ инвентарот со податоци за 2012 година ќе се подготви и во првата половина на февруари 2014 год. податоците ќе се достават до Европската агенција за животна средина и до CLRTAP.
Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, преку подготовка на брошури и промотивни материјали за квалитет на воздух.
Во текот на 2014 година се планира реализација на обуката за инвентаризација на емисии во воздухот, како и обука за новиот начин на електронско известување за квалитет на воздух согласно одлуката 2011/850/ЕЗ со користење на финансиски средства од инструментот ТАЕКС
Согласно „Законот за безбедност на производи“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006 и 63/2007) ќе се спроведува годишниот план за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија кој ќе претставува основа за подготвување на месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат во Република Македонија. Извештаите ќе бидат доставувени до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.
Во 2014 година се планира да започне Твининг проект „Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на легислативата од областа на квалитетот на воздухот“, во рамките на програмата ИПА ТАИБ 2012 година, со планиран буџет 1.100.000 ЕУР, од кои 1.050.000 ЕУР се средства од ИПА а 50.000 ЕУР национална контрибуција.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2015 година, ќе се подготви „Закон за измени и дополнувања на Законот за квалитет на воздух“ со кој ќе се регулираат активности кои ќе произлезат од понатамошно транспонирање на ЕУ мерката од областа на воздухот.
Во текот на периодот 2015–2016 година ќе се продолжи со донесување на нови и измена на постојните подзаконските акти за воздухот. Ќе бидат донесени:

- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за методологијата за инвентаризација и утврдување на нивоата на загадувачките супстанци во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности како и други податоци за утврдување на програмата за мониторинг на воздухот во Европа (ЕМЕП) согласно Конвенцијата и Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП) и
- Правилник за измени и дополнувања на Правилник за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори, согласно ЦЕН и ИСО стандарди.

Во овој период треба да се донесат пет подзаконски акти кои произлегуваат од „Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија кои произлегуваат од користењето на бензините“, со што ќе се изврши целосно транспонирање на ЕУ мерката 31994L0063:

- Правилник за технички барања на порталните кранови кај терминалите за полнење на мобилни контејнери, како и случаите кога истите нема да се применуваат
- Правилник за опрема со систем за враќањето на бензинските пареи за време на полнење на моторните возила со бензин која може да се користи во бензинските станици
- Правилник за техничките барања кои треба да ги исполни системот за мониторинг, начинот на доставување на информациите и податоците од мониторингот на испарливи органски соединенија во терминалите и во бензинските станици
- Правилник за програма за постепено постигнување на техничките барања за спречување на емисиите од испарливи органски соединенија од бензини
- Правилник за технички барања на мобилните контејнери кои превезуваат бензин

**Институционална рамка**

Зајакнувањето на капацитетите на администрацијата со цел подобрување во управувањето со квалитетот на воздухот ќе биде една од активностите на кои ќе се посвети особено внимание и во овој период. Во овие активности се опфатени нови вработувања и обука на вработените во МЖСПП во Одделението за мониторинг на квалитет на воздух при МИЦЖС. Се планираат обуки за извршување на активностите за преземање на мерки за

подобрување на квалитетот на воздухот, за спроведување на мониторингот.
Дел од обуките ќе се спроведат во рамките на твининг проектот и во нив ќе бидат опфатени и ЕЛС. Согласно донесените плански документи во областа на воздухот (Национален план за заштита на амбиентен воздух, Национална програма за редукција на емисиите вовоздухот и плановите за квалитет на воздух подговени од ЕЛС), ќе се обезбеди институционално зајакнување на УЖС со цел следење на имплементацијата на истите.
Во рамките на твининг проектот се планира ревизија на „Националната програма за постепена редукција на емисиите до 2020 година“, подготовка на „План за квалитет на воздух за источна зона“, како и „Оценка на квалитетот на воздухот за Република Македонија“.
Ќе се финализира планот за квалитет на воздух за град Скопје и ќе се започне со имплементација на некои од мерките дефинирани во планот.
Ќе се продолжи со надградување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станиции и проширување на мрежата со воспоставување на нови автоматски мониторинг станици.
Ќе се подготви Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на животната средина во која ќе биде опфатена мрежата за Квалитет на воздух. По завршување на сите потребни документи за контрола и обезбедување на квалитет на процедурите за мониторинг на квалитет на воздух се планира акредитација на лабораторијата за калибрација на инструментите од Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на воздух за 2015 година.
Во овој период ќе се изврши акредитација на лабораторијата на Царинската управа на Република Македонија за анализа на нафтени деривати и горива која е сместена во Институтот за хемија при Природно –математичкиот факултет.

### 3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во овој период се изврши понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на посебните текови на отпад со изготвување и донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од „Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема“ и тоа:

- Листата на опрема на која не се однесуваат мерките за забрана и ограничувања, како и максималните вредности за концентрациите на опасни супстанции, роковите до кои е дозволено присуството на одредени опасни супстанции во опремата нејзините составни делови и материјали усогласен со ЕУ-мерка 32010D0571 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 02/13 );
- Правилник за минималните барања за одвоен третман на отпадната опрема, материјали и деловите на отпадната опрема, како и минималните технички услови за складирање и третман на отпадната опрема Усогласен со ЕУ мерка 32002L096 (Анекс 2 и 3) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 09/13 );
- Правилник за формата и содржината на образецот за евиденција за количините по категорија и вид на опрема која производителот ја пушта на пазар во Република Македонија усогласен со ЕУ мерка 32005D0369. ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.127/13 ).

Исто така, во рамките на управување со посебните текови на отпад, се донесе и „Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата којашто содржи ПХБ“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/13
Во рамките на управувањето со пакувањето и отпадот од пакувањето донесени се два нови подзаконски акти, со кои не се транспонира ЕУ мерка:

- Правилник за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за транспорт на стоки, начинот на пуштање и употреба на биоразградливите кеси за транспорт на стоки на пазар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/13) и
- Правилник за формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/13.).

Во 2013 се направи измена и дополнување на „Законот за управување со отпад“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/13) со што се изврши измена во Дозволите за вршење на трговска дејсност со отпад.
Исто така, согласно „Законот за управување со отпадот“ се донесе и „Методологија за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/13).

Започна да се реализира проектот „Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад“ во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален

развој (ОПРР) 2007-2009 преку изработката на регионални планови за управување со отпад и студии за стратешка оценка на влијанието врз животната средина за Источниот и Североисточниот регион.
Се заокружи процесот на формирање на регионалните тела за управување со отпад во планските региони (освен Полошки и Југоисточен) со донесување на „Одлуки за склучување на спогодба за здружување за вопоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво“, „Одлуки за избор на оперативни (технички) лица во Стручните служби на Меѓуопштинските одбори за управување со отпад“ и „Одлуки за избор на претседавачи на Меѓуопштинските одбори за управување со отпад“.
Донесени се: „Програма за затворање на нелегалните депонии и инспекција“, „Оценка на состојбата со отпадните батерии и акумулатори во Република Македонија“ , „Програма за управување со отпадна електрична и електронска оопрема“, како и „Студија за изводливост за елиминација на опасен отпад од депониите во РЕК Осломеј и РЕК Битола“.

Одржани се четири работилници на тема управување со опасен отпад и воспоставување на колективни системи за постапување со отпад од батерии и акумулатори и отпад од електрична и електронска опрема. Работилниците беа наменети за преставници од локалната власт, невладиниот сектор и бизнис заедницата.

Постапката за доделување на концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионални депонии за комунален цврст отпад во Полошкиот и Југоисточниот плански регион се во последна фаза на одлучување за избор на најдобриот понудувач.
Привременото складиште за опрема контаминирана со ПХБе ставено во функција.
Административните капацитети на секторот за управување со отпад беа зајакнати со низа активности на кои активно учествуваа претставници од МЖСПП.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се изврши усогласување со ЕУ мерката 32006R1013 и тоа:

- Правилник со кој ќе се утврдат видовите на отпад, условите за извоз, увоз и транзит на отпад поодделни видови на отпад, методите на надзор над извозот, увозот и транзитот на отпадот, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад;
- Правилник со кој ќе се изврши определување на висината на изност на финансиските гаранции и висината и видот на осигурувањето врз основа на видовите и количините на отпад со кои управува правното или физичкото лице и видот на постапување со отпад, висината на износот на финасиската гаранција или осигурувањето согласно со одделни видови на отпад и количините со кои се управува и видот на постапувањето, времетраењето, како и начинот на нивната наплата.

**Институционална рамка**

До крајот на Октомври 2014 година ќе се донесат регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион, придружени со постапки за стратегиска оценка врз животната средина на овие плански документи.
Во 2014 година ќе започне постапката за изградба на регионални депонии во Полошкиот и Југоисточниот регион.
Ќе се комплетира ажурирањето и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад. Контролата и издавањето на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања и состојбата на терен ќе продолжи и во овој период. Исто така ќе продолжи и регистрацијата на производители кои пуштаат на пазарот на Република Македонија батерии и акумулатории.
Ќе продолжи поддршката на ЕЛС преку обуки за управување со отпад на регионално ниво и имплементација на законската регулатива, особено во врска со имплементирање на „Законот за управување со пакување и отпад од пакување“, „Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори“ и „Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема“.
Ќе биде подготвено тендерско досие за проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за Вардарски, Пелагониски, Скопски и Југозападен регион“.
Воедно, ќе се продолжи со организирање на работилници за засегнатите страни во делот на законските обврски кои произлегуваат од „Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема“ и „Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори“.
До јуни 2014 година ќе се изработи Физибилити студија за основање на депонија за опасен отпад.

Континуирано ќе се работи на зајакнување на капацитетите на Секторот за отпад во МЖСПП со нови вработувања и обуки во областа на управувањето со отпадот.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

До крајот на 2015 година, ќе се изготви нов „Закон за управување со отпадот' кој ќе ја транспонира ЕУ мерката 32008L098.

**Институционална рамка**

Во јануари 2015 година ќе започне спроведување на проектот „Подготовка на проектни студии , оценки за влијанието врз животната средина , анализи на трошоци и добивки, основен проект и помош при подготовка на тендерска документација за изградба на трансфер станици и депонии согласно ЕУ стандардите во Источниот и Североисточниот регион„ финасиран преку мерка 3.2 компонента 1 од ИПА програмата.
На почетокот од 2015 година ќе започне спроведување на проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување на интегиран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за Вардарски, Пелагониски, Скопски и Југозападен регион“ во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009.
Во 2015 година ќе се формира регулаторно тело за комунални работи.
Ќе се започне со воспоставување на систем за управување со медицински отпад на централно ниво.
До крајот на 2015 година ќе се воспостави базата за податоци за видови и количини на отпад по типови отпад и софтверското решение за пополнување на истата.

## 3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2013 година беше донесен „Закон за изменување и дополнување на Законот за води“ („Службен весник на Република Македонија бр.23/13“) со кој се воведоа измени во критериумите за издавање на дозвола за користење на вода. Се донесе „Правилник за формата и содржината на регистарот на заштитни зони на областите определени како заштитено природно наследство каде одржувањето и подобрувањето на состојбата на водите е значаен фактор“ („Службен весник на Република Македонија “ бр. 25/13).
Донесена е „Уредба за составот, начинот на учество, како и начинот на номинирање на претставниците во Советите за управување со подрачја на речните сливови и Советот за управување со делови од подрачјето на речен слив, како и начинот на работа “ ( Службен весник на Република Македонија бр. 106/13)
Врз основа на донесената Уредба, МЖСПП ги формираше Советите за управување по речни сливови и тоа: Совет за управување со слив на река Вардар, Совет за управување со слив на Црн Дрим, Совет за управување со речен слив Струмица; Совет за управување со подрачје на река Брегалница и Совет за управување на дел од релниот слив Црна Дрима за подрачје на Преспанско езеро.
Во овој период продолжија активностите за изработка на Планови за управување со речните сливови во Република Македонија
Во 2013 година продолжија проектите за изградба на пречистителна станица Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп“, пречистителна станица во населено место Волково, општина Ѓорче Петров и пречистителните во Глумово и Шишево.
Во рамките на проектот Имплементација на Проектот за заштита на Преспанското езеро кој е финансиран од Швајцарската влада, а имплементиран од УНДП со цел спроведувањето на мониторинг на водите во Преспанското езеро, во јули 2013 година се воведе во работа мониторинг брод за Преспанското езеро. со што е воспоставена мониторинг станица на брегот на Преспанското Езеро, заедно со службата за одржување и заштита на езерото.
Проектот за подготовка на планот за управување со речниот слив Брегалница , продолжи да се спроведеува.. Овој проект е финансиран од Швајцарската Влада, и истиот ќе се имплементира до средината на 2016 година.
Во овој период се продолжи со прокетот „Развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на води “ финансиран од ИПА.
До Европската агенција за животна средина (ЕЕА) испратени се годишни податоци за квалитет на реките, езерата и подземните води во Република Македонија и податоци за количина и користењето на водите и квалитетот на отпадните води.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**
Ќе биде донесен Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита и користење на прекугранични води и меѓународните езера.
Во 2014 година ќе продолжат предвидените активностите за изработката на Планот за управување со речен слив на реката Вардар, План за управување со речен слив на реката Црн Дрим и План за управување со речен слив на реката Струмица. Во овој период ќе продолжи донесувањето на подзаконски акти кои произлегуваат од „Законот за водите" со што ќе се обезбеди понатамошно усогласување со релевантните ЕУ правни акти во областа на водите.
Имено во текот на 2014 година ќе се донесат подзаконските акти со кои ќе се уредат условите, начинот и постапката за определување на заштитните зони за вода наменета за консумирање од страна на човекот кои ќе бидат прикажани на картографскиот приказ. Исто така ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат посебните услови за индиректно и директно испуштање на отпадните води, ќе се пропишат критериумите за определување на зоните чувствителни на нитрати, како и критериуми за утврдување на зони чувствителни на испуштање на урбани отпадни води, како и начинот на означување и на користење на зоните за капење.
Со правилниците ќе се регулираат методологијата и референтните методи, условите, начинот и постапката на мониторинг, како и параметри на квалитет за вода за капење, ќе се регулира, начинот и постапка за пренос на податоците од мониторингот за квалитетот на водата за капење и консумирање од страна на човекот.
Ќе се утврди методологијата и начинот на определување на референтите мерни методи и параметри и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела прогласени за чувствителни зони во однос на испуштените урбани отпадни води, како и на водни тела кои се подрачја заштитени како природно наследство.Со подзаконските акти ќе се транспонираат барањата од ЕУ мерките 32000L0060, 31991L0271, 31991L0676 и 32003L0007.

**Институционална рамка**
Во текот на наредниот период ќе се продолжи со имплементација на Проектот за реализација на Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро, финансиран од Швајцарската Влада преку спроведување на мерки за заштита од ерозија во сливот на Преспанското Езеро (опсежни пошумувања и регулација на поројни водотеци), спроведување на детални хидрогеолошки истражувања и реставрација на делтата на Голема Река заради заштита од поплави и подобрување на пречистувањето на отпадните води пред влезот во Преспанското Езеро. Ќе започне спроведувањето на Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за приближување и спроведување на законодавство во областа на управување со водите" – ИПА 2009 компонента 1. Со овој проект ќе се воспостави регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар и ќе се подготви предлог програма за мониторинг на водите на сливот на реката Вардар. Во рамките на „Проектот за развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на водите" ќе се изработи „Националниот тарифен систем за води во Македонија" и ќе се воспостат услови за формирање на Регулаторно тело за води.
Ќе бидат финализирани активностите предвидени во проектот „Изградба на колекторски системи и пречистителна станица Ѓорче Петров- Волково".
Во 2014 година ќе започне Проектот за Реформа во системот за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води на локално ниво,
Во овој период ќе се комплетираат активностит за спроведување на ИПА Проект - Техничка помош за изработка Национална студија за води со дефинирање на агломерации и чувствителни зони на урбани отпадни води, дефинирање на агломерации за водоснабување и заштитни зони на вода наменета за пиење, како и подготовка на национален план за управување со мил.
Ќе продолжат активностите за изградба на пречистителна станица во Прилеп за отпадни води и ќе се продолжи со реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп која се финансира од ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3.
Ќе завршат активностите за доизградба на системот за водоснабдување Желино и изградба на пречистителна станица во Гевгелија.
Во овој период се планира да продолжат предвидените активности од втората и третата фаза на проектот за изградба на Хидросистемот Злетовица.
Ќе започнат проектите за изградба на пречистителни станици за градовите Струмица, Радовиш и Кичево, како и проширување и рехабилитација на канализационата мрежа за Берово и Куманово, во рамките на ИПА компонента 3.
Ќе продолжат да се реконструираат и да градат пречистителни станици и други објекти финансирани со програмите на буџетот на МЖСПП, МТВ и МЛС (Биро за регионален развој). Ќе се преземат активности со цел

изработка на техничка документација за системи за третман на отпадни води за неколку подрачја, финансиски и економски анализи, студии за ОВЖС и главни проекти.
Во рамките на ИПА компонента 3 ќе започнат активности за изработка на техничка документација за изградба на пречистителни станици и проширување на канализациона мрежа за градовите Кавадарци, Битола, Тетово, Гостварт и Дебар.
Ќе завршат активностите предвидени во проектот "Изградба на каскадни прегради на река Вардар".
Ќе се продолжи со континуирано годишно доставување на обработени податоци за квалитет на водите во Република Македонија до ЕЕА и ќе почнат да се имплементираат обврските преземени со потпишување на Протоколот за вода и здравје.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Ќе продолжи процесот на подготовка на подзаконски акти со кои ќе бидат транспонирани барањата на ЕУ законодавството од областа на водите.
Ќе се донесе „Програма на мерки за постигнување на целите за животната средина, воспоставување на регистар за заштитни подрачја за речниот слив на реката Вардар".
Ќе се воспостави Регионално тело за утврдување на цената на водата во Република Македонија.

**Институционална рамка**

Во овој период ќе заврши изградбата на пречистителната станица во Прилеп.
Во рамките на Проектот „Техничка помош за подготовка на Национална студија за води" ќе се дефинираат агломерации и чувствителни зони на урбани отпадни води, агломерации за водоснабување и заштитни зони за вода наменетаза пиење, а ќе биде изработен и предлог на Национален план за управување со мил.
Ќе продолжи со реализацијата на изградбата на пречистителни станици за градовите Струмица, Радовиш и Кичево, како и проширување и рехабилитација на канализационата мрежа за Берово и Куманово, во рамките на ИПА компонента 3. Воедно, ќе продолжат и активности за изработка на техничка документација за изградба на пречистителни станици и проширување на канализациона мрежа за градовите Кавадарци, Битола, Тетово, Гостварт и Дебар.
Ќе продолжи спроведувањето на Проектот за реализација на Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро, финансиран од Швајцарската Влада.
Ќе заврши Проектот за управување со речниот слив Брегалница и согласно проектната задача ќе се подготви предлог План за управување со сливот на реката Брегалница.
Ќе заврши втората и третата фаза на проектот за изградба на Хидросистемот Злетовица.
Ќе се заокружи Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за приближување и спроведување на законодавство во областа на управување со водите – ИПА 2009 компонента 1. Со овој проект ќе се воспостави регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар и ќе се подготви предлог програма за мониторинг на водите на сливот на реката Вардар.
Ќе продолжи редовното доставување на обработени податоци за квалитетот на водите во Република Македонија до ЕЕА и ќе почнат да се имплементираат обврските преземени со потпишување на Протоколот за вода и здравје.

## 3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во 2013 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија бр.13/13) со кој се врши понатамошно транспонирање на одредби од Директивата за зачувување на дивите птици (2009/147/ЕЗ) и Директивата за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (92/43/ЕЕЗ).

Продолжија активностите за прогласување на заштитени подрачја, така што Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк („Службен весник на Република Македонија" бр.81/13). МЖСПП во соработка со Јавната установа Национален парк Маврово во јуни 2013 година одржа јавна расправа по однос на предлогот за повторно прогласување на Маврово за национален парк.

Со цел поефикасно спроведување на Законот за заштита на природа во делот на обезбедување финансиски средства од наплата на надоместоци во националните паркови во Република Македонија, Јавните установи Национален парк Пелистер, Галичица и Маврово, донесоа одлуки за определување на висината на надоместоците во национален парк.
Претставниците од Секторот за природа присуствуваа на голем број на обуки и работилници од областа на ЕУ политиките, при што беа зајакнати административните капацитетите на Секторот.
Со цел развој и усогласување на националните идникатори за биодиверзитет со Европските индикаторите за преструктуирање на биодиверзитетот (СЕБИ), преставници од Секторот за природа учествуваа на две регионални експертски работилници за индикатори за биолошка разновидност, Тирана, Р. Албанија и Дубровник, Хрватска, кои беа во организација на Европскиот центар за заштита на природата (ЕЦНЦ), Европскиот центар за биодиверзитет (ЕТЦ/БД) и Еропската агенција за животна средина (ЕЕА).
Претставник од Секторот за природа учествуваше на 5[-от] состанок на Експертска работна група (ЕРГ) за биодиверзитет, заштитени подрачја и еколошки мрежи при Постојаниот Комитет на Бернската Конвенција за заштита на дивите видови и природните живеачишта .
Одбележан е меѓународниот Ден за биодиверзитетот 22 Мај, од страна на МЖСПП во соработка со општина Ресен, ГИС проектната канцеларија во Скопје во рамките на проектот: „Заштита и одржливо користење на биодиверзитетот на Преспанско, Охридско и Скадарско Езеро“.
Во рамки на Проктот: Поддршка на Република Македонија за ревизија Националната стратегија за биолошка разновидност со Акционен План и изработка на Петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност започнаа активности за изготвување на наведената стратегија при што се одржаа две работилници на кои беа дефинирани националните цели, принципи и приоритети на Стратегијата за биолошка разновидност.
Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МЖСПП и Швајцарската амбасада во Скопје за отпочнување на проектот „Програма за зачувување на природата во Македонија“. Во рамките на овој проект започнати се иницијални активности за изготвување на Националната стратегија за заштита на природата, односно изготвена е проектна задача за изработка на стратегијата.
Во рамки на проектот за заштита на Преспанското Езеро изготвена е Студија за ревалоризација на природните вредности и Нацрт-План за управување на споменикот на природата Преспанско Езеро.

Во текот на 2013 година се зајакна соработката на МЖСПП со Јавните установи „ Национален парк Пелистер“, „Национален парк Маврово“ и „Национален парк Галичица“ и останатите субјекти за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, останатите засегнати страни (фармери, сопстварениците на земијште, ловци и риболовци), невладин сектор инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци и обуки.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Согласно обврските кои произлегуваат од „Законот за заштита на природата“ ќе продолжи процесот на прогласување на заштитени подрачја.
Ќе се продолжи со изработката на Националнатата стратегија за биолошка разновидност со Акционен план“ и ќе се изготви Петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

**Институционална рамка**

Во 2014 година ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП, Јавните Установи Национален парк Пелистер“, „Национален парк Маврово“ и „Национален парк Галичица“ и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување обуки и работилници. Секторот за природа при УЖС ќе се зајакне со нови вработувања.
Ќе се спроведат обуки за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000 и за спроведување на ЕУ мерки од областа на заштитата на природата.
Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, останатите засегнати страни, невладин сектор инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци и обуки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

На среден рок ќе се работи на подготовка на измени и дополнувања на „Законот за заштита на природата“ , кој ќе бидат донесени во 2016 година. Ќе се донесат „Националната стратегија за заштита на природата“ и

„Националнатата стратегија за биолошка разновидност“, согласно препораките на Конвенцијата за биолошка разновидност со Акционен план.
Во предвидениот период ќе се донесат подзаконските акти во кои ќе се транспонираат ЕУ мерки од оваа област. Ќе се утврди Националната еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори, системот на заштитени подрачја и предложени подрачја за заштита и еколошки значајните подрачја за ЕУ-Натура 2000 при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147; 31992L0043 и 31997D0266. Во овој период ќе се изготват подзаконски акти со кои ќе се утврдат типовите на живеалишта, вклучувајќи го видот и степенот на нивната загрозеност и значајност, како и начинот на нивно означување, начинот на изготвување, одржување и означување на типовите живеалишта на карта, начинот за определување на степеност на загрозеност, начинот на вршење на процената на состојбата и загрозеноста на типовите живеалишта, како и типови живеалишта за чиешто зачувување е неопходно одредување на посебни подрачја за зачувување и мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност, во кои ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L0043.

**Институционална рамка**
Ќе се подобрат капацитетите на Секторот за природа преку вработување на нов стручен кадар. Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

Во рамки на ИПА проект (ТАИБ 2011) - Зајакнување на централните и локалните административни капацитети за имплементација на Натура 2000 ќе се започне со идентификација на типовите живеалишта и на дивите видови од европско значење, согласно Директивата за заштита на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (31992L0043) заради изготвување на Листа со предложени подрачја од интерес на ЕУ, како и со идентификацијата на посебно заштитените области, согласно Директивата за диви птици (2009/147/ЕЗ).
Во овој период ќе започне спроведувањет на ИПА проект (ТАИБ 2012-2013) за зајакнување на административните капацитети на Сектор за природа, во рамите на кој ќе се изготват нацрт-верзии на Планови за управување за три пилот заштитени подрачја и ќе се изработат акциони планови за клучните типови на хабитати и видови.
Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, невладин сектор и останатите засегнати страни инволвирани во заштита на природата преку организирање на состаноци и обуки.

## 3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Согласно временскиот распоред за поднесување на барање за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, во текот на 2013 година во МЖСПП се доставени вкупно 8 нови барања за добивање А дозвола за усогласување со оперативен план (ДУОП) и 2 барања за добивање Б - ДУОП, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 130. Со ова се комплетира процесот за поднесување на барања за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план од страна на инсталациите.
Во 2013 се издадени 9 А - ДУОП, 2 А – интегриранани еколошки дозволи, 2 - Измени на А – ДУОП, , 2 - Измени на А – интегриранани еколошки дозволи, и 2 - Б – ДУОП.
Изготвени се 6 Нацрт А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план, во фаза на дополнување се 10 Нацрт А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план. Во фаза на разгледување се 50 барања за добивање на А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање на интегрирана еколошка дозвола. Со цел изготвување на база на издадени дозволи, се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план.
Во текот на 2013 работеше Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники (НДТ) составена од истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина. Во рамки на Научно техничка комисија за НДТ изготвени се и објавени на интернет страната на МЖСПП, Технички упатства за НДТ за Интензивно одгледување на живина и Технички упатства за НДТ за Производство на цемент и вар.
Континуирано се одржуваaа јавни расправи по однос на издавање на А -интегрирани еколошки дозволи или дозволи за усогласување со оперативен план.

Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции донесени се Правилник за содржината на извештајот за мерките за безбедност („Службен Весник на Република Македонија“ број 57/13), со што се транспонира Анекс II на СЕВЕСО II Директивата (31996L0082 и 32003L0105) и Правилник за содржината на политиката за спречување од хаварии („Службен Весник на Република Македонија“ број 60/13), со што се транспонира член 7 и Анекс III на СЕВЕСО II Директивата (31996L0082 и 32003L0105).
Во однос на активностите во делот на еко – етикетирање, се реализираа активности за информирање на јавноста за значењето на еколошкото означување со објавување на информации преку електронските медиуми, како и на интернет страната на МЖСПП. Воедно, МЖСПП учествуваше на повеќе работилници и конференции кои имаа за цел поттикнување на зелената потрошувачка.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе се изготват односно ревидираат Националните референтни документи (упаства) за НДТ за минерална нафта и гас, за ковачници и ливници, за управување со отпад и отпад од рудници и за големи согорувачки постројки.
Во овој период ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт дозволи за истите. Истовремено ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план, особено во делот за учество на јавноста во издавањето на дозволите.
Ќе се донесе измена на Уредбата за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава дозвола за усогласување со оперативен план.
Во рамките на проектот со Норск Енерги ќе се даде техничка подршка за ревизија на 2 - А – дозволи за усогласување со оперативен план.
Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции ќе се направат измени и дополни на Правилникот за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна, со што ќе се прилагоди постоечкиот правилник на Анекс I на СЕВЕСО III Директива 32012L0018, и донесат Стандардни оперативни процедури за рано предупредување, известување за прекугранични последици од индустриски несреќи и заемна помош согласно со „Конвенцијата за прекугранични последици од индустриски несреќи“.
Во областа на еколошко етикетирање ќе се врши промоција на производи или вршители на услуги на кои им е доделена еколошка ознака. Ќе се донесе Правилник за критериумите кои што треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за цврсти подни облоги, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0607 и Правилник за критериумите кои што треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за услуги на туристички кампови, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0578.
Поврзано со ова, во овој период предвидено е започнување на активностите за спроведување на проект за еколошко означување на најмалку 10 капацитети за туристичко сместување и проект за воведување на најмалку 10 еколошко означени производи и услуги.

**Институционална рамка**

Во текот на 2014 година ќе заврши подготовката на Водич за изработка на извештај за мерките за безбедност и Прашалник за оцена на извештај за мерки за безбедност. Овие документи ќе се рапределат до институциите инволвирани во оцената на извештајот и ќе бидат достапни на интернет страната на МЖСПП. Заради олеснување на процесот на оценување на извештајот за мерки за безбедност ќе биде формирано меѓуресорско тело за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции.

Ќе се продолжи со зајакување на капацитетите на Одделението за индустриско спречување и контрола на загадувањето и Одделението за управување со ризик и хемикалии во УЖС. Зајакнувањето ќе се врши со нови вработувања, како и со посета на работилници и студиски посети во рамките на постојните проекти, како и организирани настани во рамките на ТАЕКС.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во овој период ќе се направи анализа на промените во ЕУ законодавството поврзано со интегрираното спречување и контрола на загадувањето, со цел негово транспонирање во законодавството на Република

Македонија. Особено ќе се земат предвид обврските што произлегуваат од новата директива на ЕУ поврзана со спречување на индустриското загадување. Во овој период, во рамките на проект од ИПА компонента 1 за ТАИБ 2011 ќе се донесе Закон за спречување и контрола на индустриското загадување кој ќе ја транспонира оваа нова директива.

Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции ќе биде донесен Правилник за поблиски критериумите врз основа на кои се определува во кои случаи се смета дека одредена несреќа е хаварија со што ќе се транспонира одредби на СЕВЕСО II Директивата (31996L0082 и 32003L0105). Воедно, ќе продолжи изработката и ревидирањето на национални референтни документи (упаства) за НДТ, кои ќе преставуваат упатства за применување на НДТ во А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.
Во зависност од одобрените финансиски ссредства, предвидено е продолжување на активностите во однос на проектите за еколошко означување.

**Институционална рамка**
Во областа на интегрирана спречување и контрола на загадувањето ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи. Континуирано ќе се реализира постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативен план, која ќе треба да се заокружи во овој период.
Во делот на индустриски несреќи постоечката база на податоци ќе биде прилагодена кон барањата за Регистар за системите во кои се присутни опасни супстанции согласно член 152 од „Законот за животна средина". Како континуирана активност на МЖСПП ќе се спроведува редовно ажурирање на Регистарот за системите во кои се присутни опасни супстанции (согласно барањата на ЕУ мерката 31996L0082). Исто така, ќе биде дефинирана прелиминарна листа на оператори каде евентуална хаварија со присуство на опасни супстанции може да има прекугранични последици.

## 3.27.7 ХЕМИКАЛИИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во текот на 2013 година врз основа на „Законот за хемикалии", се донесе „Упатство за начинот на изготвување на безбедносниот лист" и „Правилник за својствата на супстанцијата за која може да се употреби алтернативното хемиско име, како и содржината на барањето за употреба на алтернативното хемиско име" во кои се интегрираат барањата од Регулативата на ЕУ за регистрација, оценување, одобрување и ограничување на хемиските супстанции. Беа донесени два правилници кои ја транспонираат ЕУ мерката 32008R1272.
Во областа на управувањето со супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка донесени се следниве подзаконски акти кои се усогласуваат со ЕУ мерката 32009R1005:

- „Правилник за супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка како производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка", („Службен Весник на Република Македонија" бр. 85/13);
- „Правилник за формата и содржината и начинот на доставување на извештајот за увезени и/или извезени супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка, како и за производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка", („Службен Весник на Република Македонија" бр. 85/13);
- „Правилник за начинот на собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка", („Службен Весник на Република Македонија" бр. 85/13), и
- „Наредба за забрана на прометот на средства за ладење во цилиндри за еднократна употреба." „

Бирото за лекови при Министерството за здравство води регистар на правни лица кои работат со хемикалии регистрирани во Република Македонија. Во моментов вкупно се регистрирани 232 правни лица, додека во регистарот на правни лица кои работат со прекурзори регистрирани се 92 правни лица, а во листата на биоцидини производи кои се ставени во промет во Република Македонија 152. Целта на водење вакви регистри е воспоставување контрола на употребата на хемикалиите по нивната класа на опасност во државата.

Националниот центар за контрола и информирање за труење од хемикалии има воспоставено систем за пријавување на намерни и случајни труења од хемикалии. Во 2013 година пријавени се 495 труења.

Одржани се серија обуки за добра пракса при управувањето и ракувањето со HCFC разладните средства и уреди за 174 сервисери на разладни уреди, во Скопје, Битола и Охрид.
Поради олеснување на обуката и обезбедување на одржливост на процедурите за контрола на увозот/извозот на HCFC и опремата која содржи HCFC на граничните премини подготвен е Прирачник за цариници „Контрола

на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка". Во периодот ноември-декември 2013 година спроведена е обука на цариници за контрола на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка во царинските испостави на територијата на Република Македонија.

Во врска со активноста за обезбедување и дистрибуција на опрема за извлекување и рециклирање на разладни флуид подготвена е тендерска документација, објавен е тендер за набавка на опрема за извлекување и рециклирање на разладни флуиди и избрана е најдобрата понуда од страна на UNIDO, Виена (агенција за имплементација на проектот финансиран од Мултилатералниот фонд на Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка).
Во рамките на имплементацијата на проектот за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs направени се инвентарите на старите и новите POPs кои се употребуваат во Република Македонија, како и на опремата која ги содржи истите. Во април 2013 година одржана е работилница за дефинирање на национални приоритети во управувањето со POPs. На работилницата учествуваа претставници од институциите и компании кои учествувааат во управувањето со POPs. Направена е листа на приоритети и подготвени се акциони планови за редукција и елиминација на перзистентните органски загадува

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ законодавството во областа на хемикалиите во националното законодавство со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии а со кои ќе се изврши усогласување со ЕУ мерката 32006R1907 и тоа :

- Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост);
- Листата на забрани и ограничувања за употреба на хемикалии.

Во областа на управувањето на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка ќе се донесат следните подзаконски акти кои се усогласуваат со ЕУ мерката 32009R1005:

- Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на годишен извештај за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните супстанции, како и со производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка;
- Правилник за формата и содржината на програма за обука за правилно ракување, сервисирање, собирање, обновување и рециклирање на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка;

**Институционална рамка**
Во 2014 година ќе продолжи регистрацијата на сите правни лица кои работат со хемикалии.
Националниот Центар за информирање и следење на труењата од хемикалии ќе продолжи со собирање на податоци и репортирање.
За целите на размена на податоците и интегрирано управување со хемикалиите во Бирото за лекови ќе се воспостави Интегралниот регистар за хемикалии кои се ставени во промет и се состои од Регистар на хемикалии во кој се внесуваат хемикалиите кои се произведуваат или увезуваат на територијата на Република Македонија и Регистар на биоцидни производи како и и податоци за препаратите за заштита на растенијата. Со помош на овој Регистар на хемикалии и ќе се води евиденција за количините на увезени хемикалии на годишно ниво.
Системот на информирање на сите засегнати страни во делот на управувањето со хемикалиите преку одржување на едукативни настани ќе продолжат да се спроведува како неопходен и одржлив начин на размена на информациите нагоре и надолу по синџирот на движењето на хемикалијата.
И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања во Секторот за хемикалии во Бирото за лекови и спроведување на обуки на вработените и на инспекторите одговорни за имплементацијата на одредбите од Законот за хемикалии.

Во првата половина на 2014 година планирано е Нацрт-националниот имплементационен план за редукција и елиминација на POPs да биде усвоен од страна на Владата на Република Македонија.
Со проектот „Зајакнување на националните капацитети за координирана имплементација на Базелската, Ротердамската и Стокхолмската конвенција во Република Македонија" ќе се спроведат следните активности:

- Процена на институционалната и правната рамка за имплементацијата на Базелската, Ротердамската и Стокхолмската конвенција;

- Идентификација на приоритети за координирана имплементација на Базелската, Ротердамската и Стокхолмската конвенција и
- Дефинирање на акционен план за координирана имплементација на Базелската, Ротердамската и Стокхолмската конвенција.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ мерките во националното законодавство во делот на хемикалиите при што ќе се донесат следниве подажзаконски акти:

- Правилник за начинот на постапување со перзистентните органски загадувачки супстанции, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32004R0850;
- Правилник за формата и содржината на уверението за завршена обука за постапување со супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или со производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32009R1005 ;
- Правилник за начинот на постапување со жива, согласно ЕУ мерката 32008R1102.

Во овој прериод ќе започне постапката за донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за контрола на емисиите од индустријата.

**Институционална рамка**

Во овој период фокусот ќе биде насочен кон имплементација на одредбите од „Законот за хемикалии" преку вршење на инспекциски надзори на контролата на забранети хемикалии во производите, подобрување на соработката помеѓу институциите за спроведувањето на Законот за хемикалии, Министерството за здравство, МЖСПП, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија.

Во рамките на имплементацијата на Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) планирана е конверзија од HCFC-141b во HFCs во производството на полиуретански пени за комерцијални единици за ладење, сендвич-панели и изолирани врати.

## 3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Согласно „Законот за генетски модифицирани организми" („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008) во 2013 година продолжи усогласувањето на националното законодавство со европското законодавство преку донесување на „Правилникот за информациите и податоците што се доставуваат во прилог на нотификацијата за извоз на ГМО или ГМО производ и нивните карактеристики " ("Службен весник на Република Македонија "бр. бр.18/13) согласно ЕУ мерката 32001L0018.

Врз основа на „Законот за безбедност на храна "(„Службен весник на Република Македонија" бр. 157/2010, 53/2011 и 1/12), Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за издавање на одобренија за производство на храна од ГМО (за повеќе детали види поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика).

Согласно Законот за ГМО, Управата за животна средина како орган во состав на МЖСПП во чиј состав е Секторот за природа, Одделение за ГМО и Државниот инспекторат за животна средина се одговорни органи на национално ниво за ГМО во животната средина.

Надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

МЖСПП како надлежен државен орган за спроведување на Картагенскиот Протоколот за биосигурност, („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/05) во рамки на УНЕП / ГЕФ Проектот "Поддршка за имплементација на Националната рамка за биосигурност на Република Македонија" (започнат јануари 2012) одржа пет средби на Управниот Комитет на Проектот како советодавно тело одговорно за реализација на проектните активности, кој го сочинуваат претставници на надлежните институции и органи кои согласно своите надлежности го покриваат подрачјето ГМО во Република Македонија.

Исто така реализирана е Студиска посета во Република Чешка на која учествуваа преставници на институциите кои работат во областа на ГМО. Целта на Студиската посета беше запознавање на членовите на Националниот Координативен Комитет при Проектот со целокупниот систем за биосигурност во Република Чешка, вклучително

и барањата и постапките за живи модифицирани организми кои се користат при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина и пуштање на пазар на ГМО.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Во 2014 година ќе се пристапи кон измена и дополнување на „Законот за генетски модифицирани организми" („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008) согласно ЕУ мерките 3200L0018 и 32009LO041.

Во текот на 2014 година ќе бидат донесени следниве подзаконски акти:

- Правилник за содржина на информациите за пуштање на ГМО производ на пазарот (согласно ЕУ мерката 32001L0018);
- Правилник за содржината и начинот на изготвување на извештајот за процена од ГМО производ ( согласно ЕУ мерката 32001L0018);
- Правилник за информациите кои можат да изостанат од нотификација за пуштање на ГМО призвод на пазар (согласно ЕУ мерката 3200L0018);
- Правилник за методологијата и елементи на процената, параметрите, минимум критериумите и барањата коишто треба да бидат земени предвид при вршење на процената, постапката за вршење на процената, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и другите технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување заштита на здравјето на луѓето и животната средина, согласно со видот на организмот, средината и просториите во која се има намера да се користи ГМО (согласно ЕУ мерката 32009LO041);
- Правилникот за начинот и постапката за размена на информации веднаш за настанатата несреќа давајќи и детали за околностите под кои се случила несреќата, идентитетот и количината на ГМО, превземените мерки и нивната ефикасност и анализа на несреќата, вклучувајќи и препораки за ограничување на ефектите и избегнување на слични несреќи во иднина и
- Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на ГМО (согласно ЕУ мерката 32004DO204).

**Институционална рамка**

Во 2014 ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП и останатите релевантни чинители за управување со генетски модифицираните организми преку одржување на следните обуки:

- Обука за „Управување со ГМО- спроведување на процедури за нотификација наменета за зајакнување на капацитетите на засегнатите страни кои се вклучени во подрачјето генетски модифицирани организми;
- Обука за претставници од владини институции,организации и невладиниот сектор на тема: Биосигурноста и правилници за имплементација на Законот за ГМО и
- Обука за процена и управување со ризикот,тестирање и мониторинг, правниот аспект и административните процедури како и контрола врз прекуграничното движење на ГМО;

Истите се дел од планираните активности во рамки на УНЕП / ГЕФ Проект "Поддршка за имплементација на националната рамка за биосигурност на Република Македонија".

Како предуслов за ефикасно следење и спроведување на законодавството за ГМО неопходно е да се зајакне новото одделение за ГМО во рамки на Управта за животна средина (формирано 2010) да се вработат и обучат лица кои ќе бидат одговорни за следење на состојбата со ГМО при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина, пуштање на пазар итн.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Во овој период ќе се изготват прирачници, методологии и водичи за мониторинг на ГМО во животната средина, со кои ќе се обезбеди подобро спроведување на надлежностите во управувањето со ГМО во животната средина.

**Институционална рамка**

Ќе се воспостави и води Регистарот за ГМО, односно воспоставување на национална информативна база на податоци за регистри, досиеа, опити, намерни ослободувања, пуштање на пазар, увоз-извоз и сите останати информации кои се бараат според Картагенскиот Протоколот за биосигурност /КПБ со соодветен механизам за размена на информации.

Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО согласно измената и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми ќе бидат ставени во функција.

Во рамки на УНЕП / ГЕФ Проект „Поддршка за имплементација на националната рамка за биосигурност на Република Македонија" планирано е да се реализираат следните обуки:

- Обука за обучувачи – промотори одговорни за подигање на јавната свест,едукација во врска со начинот на промовирање на директни целни групи при употреба на производи на модерната биотехнологија од аспект на безбедноста, јавни расправи и консултативни состаноци со јавноста за Законот за ГМО и процедурите за воведување на ГМО за претставници од владиниот и приватниот сектор и
- Обука за експертите од лаборатории за мониторинг и инспекциски процедури за ГМО.

Исто така планирано е набавка на опрема за детекција на ГМО во животната средина и олеснување на процесот на акредитација на методите за детекција на ГМО во животната средина.
Ќе се реализираат јавни кампањи за подигнување на јавната свест за употребата на ГМО и за зголемување на одговорноста на правните лица кои ќе бидат вклучени во постапувањето со ГМО и ГМО производи .
Ќе биде изготвен национален документ за имплементирање на Национална рамка за биосигурност на Република Македонија.

### 3.27.9 БУЧАВА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Донесен е Правилник за поблиските видови и условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава („Службен Весник на Република Македонија“ број 142/13). Со донесувањето на овој правилник се постигна целосна усогласеност со ЕУ мерката 2000/14/ЕЗ која се однесува на бучавата од опрема која се користи на отворен простор.
Беше реализирана ТАЕКС студиско патување во земја членка на ЕУ со цел запознавање со барањата и имплементирањето на Директивата 2000/14/ЕЗ. На овој настан учествуваа тројца претставници од МЖСПП.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2014 година ќе се донесе „Правилник за поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на стандардите за заштита од бучава“. Со донесување на овој правилник ќе се уреди следењето и мерењето на бучавата од апаратите кои се користат во домаќинството а кои создаваат бучава, со ќе се постигне усогласување со директивата за бучава од воздухот емитувана од апарати за домаќинство (86/594/ЕЗ).

**Институционална рамка**

Надлежен орган за подрачјето заштита од бучава во животната средина, особено за спроведување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007, 124/2010 и 47/2011) и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП. Во рамките на УЖС во Секторот за животна средина има Одделение за заштита од бучава во животната средина каде што се предвидени работни места со работни задачи поврзани со заштита од бучавата, изработување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава и собирање и анализа на податоци за бучава при вршење мониторинг.
Со оглед на тоа што во ова одделение моментално нема вработени лица, планирано е во текот на 2014 година да се вработат нови или да се превземат од други одделенија, сектори или органи најмалку 2 вработени. Инспекциски надзор на примената на законот и прописите донесени врз основа на законот врши Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на МЖСПП, како и овластените инспектори за животна средина на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС). Се планира зајакнување н а капацитетите на ЕЛС за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања и спроведување на обуки кои се однесуваат првенствено за спроведување на законодавството од областа на бучавата во животната средина на централно и локално ново. Предвидено е спроведување на обуки на вработените во МЖСПП и ЕЛС заради подобрување на капацитетите при управување со податоци за бучавата и мониторинг на мрежата за бучава, како и обуки за ракување со инструменти за мерење на бучава.
Одделни надлежности во управувањето со бучавата имаат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство во однос на контрола на бучавата од здравствен аспект, Министерството за економија во однос на контрола на бучавата која се создава од производи и ЕЛС во однос на бучавата која се создава од угостителски, занаетчиски и туристички дејности.
Во однос на мониторингот на бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10 Центри за јавно здравје, од кои само 3 центри (Битола и Куманово, Кичево) собираат и обработуваат податоци, како и мерењата извршени од други

лабораторении, а кои се однесуваат на бучавата создадена од различни категории на создавачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитети и други активности).
Воспоставена е државната мрежа за мониторинг на бучава во животна средина со донесувањето на Одлуката за формирање на државна мрежа за мониторинг на животната средина.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Во овој период се очекува да бидат донесени подзаконските акти со кои ќе се заокружи правната рамка во подрачјето бучава и ќе се обезбеди целосно усогласување со законодавството на Европската Унија..
Имено, со подзаконски акти ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, со кои ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020.

**Институционална рамка**

До крајот на 2015 година ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата во животната средина се со цел целосно спроведување на барањата од ИНСПИРЕ Директивата која обезбедува законска рамка за имплементација на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина (СЕЕИС).

До крајот на 2016 година ќе се спроведуваат активности во врска со изработка на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава, со што ќе се добие целосна слика за нивото на бучава во животната средина како и мерките кои ќе бидат превземени со цел намалување на нивото на бучава а со тоа намалување на штетните ефекти кои произлегуваат од истата.
Во овој период ќе се започнат активности за воспоставување на Информативниот систем за состојбата на бучавата во животната средина, како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од мониторингот на бучавата, стратешките карти и акционите планови и други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава. Ќе започнат активности за воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средина. Воедно, се планира набавка на инструменти за бучава со кои ќе се овозможи воспоставување на мониторинг на бучавата како и интегрирање на податоците на стратешка карта за бучава. Во овој период ќе се започне со набавка на апликативен софтвер кој ќе овозможи документирање на база на податоци и единствен комуникациски пренос на податоците во МЖСПП.

## 3.27.10 ШУМАРСТВО

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Согласно „Законот за шумите" („Службен весник на Република Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13 и 147/13) донесена е „Програма за проширена репродукција на шумите за 2013 година" („Службен весник на Република Македонија" бр.4/13 и 95/13). Со Програмата се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на повеќе активности, како што се: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, обезбедување на шумски садници за приватно пошумување и заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.
Целосно е имплементиран проектот „Зајакнување на подготвеноста за справување со шумски пожари", изменет е „Законот за шумите" во делот на заштитата на шумите од пожари, со цел спроведување и реализација на мерките и активностите од проектот.
Воедно, Владата на Република Македонија го усвои „Извештајот за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2012 година' и „Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2012 година".
До крајот на 2013 година се пошумија 75 ха голини и ерозивно земјиште, се изврши нега со прореди на шуми и шумски култури на површина од 45 ха и се обезбедија 30.000 садници за пошумување на земјиште во приватна сопственост. Во Ноември 2013 се спроведе акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина", при што беа засадени 5.000.000 садници на површина од околу 1150 ха.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Како еден од инструментите за креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија ќе се донесе „Програма за проширена репродукција на шумите за 2014 година" и истата ќе се спроведува до крајот на 2014 година.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) -Сектор шумарство и ловство на годишно ниво изработува Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2013 година и Информација за здравствената состојба на шумите за 2013 година.

**Институционална рамка**
Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети врз основа на систематизацијата на МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство и на ДИШЛ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во овој период ќе се воспостави Шумарски информативен систем на Република Македонија , согласно Законот за шумите и Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ.

Во овој период ќе продолжи имплементацијата на Законот за шумите и на подзаконски акти со кои се уредува мониторингот над шумските екосистеми и мониторингот над шумските пожари.
Исто така, ќе се воспостават мерки за имплементација на Регулативата ЕУ/995/2010 за обврските на операторите кои пласираат дрво и производи од дрво на пазарот од надлежните институции, а во координација со компетентна/и институции.

**Институционална рамка**
Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените.
Во овој период ќе се изврши набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.) во Државниот инспекторат за шумарство и ловство.
МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство на годишно ниво изработува Програма за проширена репродукција на шумите, Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за претходната година и Информација за здравствената состојба на шумите за претходната година, со предлог мерки.

## 3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

*Политиката на заштита на потрошувачите има за цел градење на законодавна рамка за заштита на потрошувачите и незина ефективна примена во заштитата на правата на потрошувачите.*
*Приоритети во областа на јавното здравство се подигање на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа, јакнење на примарната здравствена заштита и превентивата и воспоставување стабилен систем за финансирање на здравствената заштита за сите граѓани. Министерството за здравство е посебно фокусирано на зајакнување на човечкиот потенцијал во здравството преку стручната доедукација на здравствениот кадар во јавните здравствени установи, имплементација на специјализации и на стручни обуки во странство. Исто така, во континуитет се спроведува осовременување на медицинската опрема како и комплетната реконструкција на јавните здравствени установи.*

### 3. 28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

За реализација на Законот за заштита на потрошувачите, Министерството за економија иницираше активности со стопанските комори, здруженијата и групации за поттикнување на бизнис секторот за донесување на Кодекси за добра пракса со цел фер конкуренција и заштита на потрошувачите на пазарот. Потпишани се 12 кодекси и тоа во областа на банкарството, комуналните дејности, хемискатата индустрија, фармацевтската дејност, текстилната индустрија и конфекција, трговијата на тутун и производи од тутун, земјоделство и прехранбената индустрија, угостителството и туризмот, осигурувањето, хартија и целулоза, графичка индустрија и издавачка дејност и импортери на моторни возила.

За реализација на **Програмата за заштита на потрошувачите за период 2013-2014 година, во 2013 година Министерството за економија** одржа регионални семинари, промотивни кампањи во повеќе општини, отпечати брошури, оствари соработка со општинските совети за заштита на потрошувачите. Програмата се реализираше во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите.
**Агенцијата за храна и ветеринарство** отпечати и дистрибуира низ малопродажната мрежа 18.000 информативно-едукативни летоци на различни теми, промовирани медиумски и на трибини во 10 градови.
**Државен санитарен и здравствен инспекторат** одржа работилници за имплементација на новиот Закон за здравствена заштита и Закон за заштита на правата на пациентите и TAIEX работилница.
**Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието** реализира стручно-консултативни и советодавни посети, предавања и дебати со наставници и ученици во основни училишта во Скопје за новите законски регулативи за заштита на правата на потрошувачите – ученици, електронско купување, заштита на лични податоци, користење на услуги и др.

***Надзор над пазарот***

**Државниот пазарен инспекторат** (ДПИ) во надзорот над примената на Законот за заштита на потрошувачите во период 01.01 до 30.09.2013 година изврши 2342 редовни, 345 контролни и 433 вонредни инспекциски надзори.
Претставките кои се доставуваат до Државниот пазарен инспекторат најчесто се однесуваат на одреден материјален недостаток во однос на квалитетот на производот или пак за неквалитетно извршена сервисна услуга и сл. Во овој период, во ДПИ се примени вкупно 798 претставки од потрошувачи и по истите е постапено.
**Државниот санитарен и здравствен инспекторат** - Одделение за граничен инспекциски надзор има земено вкупно 2624 мостри за лабараториско испитување за утврдување на здравствената безбедност на производите. По извршени прегледи (разгледување на пропратна документација, електронско проследување, органолептички преглед на пратката, земање мостри за лабораториско испитување) одобрен е увоз на 87.601.047 кг. производи.
Согласно Законот за заштитата на правата на пациентите во периодот јануари-јуни 2013 година извршен е редовен надзор на 516 Здравени установи – болнички и 565 Здравствени установи во кои не се сместени пациенти. Донесени се 45 решенија и 1 пријава која се однесува на здравствените установи – болнички и 46 решенија и 3 пријави за здравствените установи во кои не се сместени пациенти.
Во **Министерството за економија,** во Одделението за заштита на потрошувачите работат две (2) лица.
Во **Агенција за храна и ветеринарство,** во одделението за заштита на потрошувачи работи едно лице. Вработувања во инспекциските служби, види Поглавје 3.12

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Реализација на **Програмата за заштита на потрошувачите 2013-2014 година, во 2014 година** од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите.

**Министерство за економија**

Одржување на регионални семинари и други промотивни активности во пооделни општини за:

- информирање на компаниите и потрошувачите за безбедноста на производите и услугите,
- заштита на правата на потрошувачите при електронска трговија,
- финансиските услуги кои се нудат на пазарот, можноста за решавање на потрошувачките спорови по пат на медијација, како и за донесените закони од овие области,
- јакнење на капацитетите на невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите за процесирање на поплаките на потрошувачите,
- соработка со формираните Совети за заштита на потрошувачите во пооделни општини и градот Скопје и
- соработка помеѓу институциите и навладините организации од областа на заштитата на потрошувачите.
- Програмата во делот на МЕ ке се реализира во соработка со невладиниот сектор.

**Агенција за храна и ветеринарство**

По однос на усогласување на законодавството, види Поглавје 3.12

- изготвување на информативни материјали, брошури, и нивна медиумска промоција.
- изготвување на стратегија и програма за комуникација со јавноста,

**Државен санитарен и здравствен инспекторат:** Промотивни активности за поефикасна имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите, одржување на регионални работни средби, обуки, со цел формирање на Комисии за заштита на правата на пациентите во општините каде не се формирани.

**Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието:** Едукација на наставници и ученици во основни училишта и некои од училиштата за средно образование и ревидирање на постојните дидактички материјали во Прирачникот за заштита на ученикот потрошувач за основното образование. Во 2014 година, се планира да се се изготви Програма за заштита на потрошувачите за период 2015-2016 година и во декември ќе се достави до Владата на Република Македонија на усвојување.

Во **Министерството за економија, во** Одделението за заштита на потрошувачите**,** се планира 2 ( две) нови вработувања. Во **Агенција за храна и ветеринарство** се планира вработувања во инспекциските служби и обуки, види Поглавје 3.12.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРЕОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Се планира изготвување на нов Закон за заштита на потрошувачите во кој ке бидат имплементирани новите директиви од областа на заштитата на потрошувачите и усогласување со европското законодавство (октомври 2015 година).

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Реализација на активностите од **Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2015-2016 година, во 2015** година.

**Агенцијата храна и ветеринарство** планира да ја имплементира Стратегијата и Програмата на Агенцијата за комуникација со јавноста. По однос на усогласување на законодавството, види Поглавје 3.12.

**Институционална рамка**

Во **Министерството за економија, во** Одделението за заштита на потрошувачите се планира 2 (две) нови вработувања. Во **Агенцијата за храна и ветеринарство** се планира 1 (едно) вработување во одделението за заштита на потрошувачи Вработувања во инспекциските служби и обуки, види Поглавје 3.12.

**ИПА проект за заштита на потрошувачите**

Во септември 2014 година ќе отпочне реализација на ИПА проект ,,Хармонизација на законодавството и јакнење на капацитетот на полето на заштита на потрошувачите, а ќе трае две години.

Целта на проектот е да се зајакне заштитата на потрошувачите со натамошно градење на законската регулатива за заштита на потрошувачите и јакнење на капацитетот на владините и невладините институции вклучени во овој процес.
Проектот се состои од две компоненти, Првата компонента опфаќа натамошна хармонизација на потрошувачкото законодавство со цел приближно иста заштита на потрошувачите како во ЕУ, и доградување на капацитетот на владините и невладините институции за натамошно поуспешно креирање и водење на политиката на заштита на потрошувачите. Се планира подготовка и донесување на нов Закон за заштита на потрошувачите во октомври 2015 година.
Втората компонента од проектот опфаќа директна финансиска поддршка на невладините организации (НВО) од областа на заштита на потрошувачите. Од НВО се очекува да придонесат во образованието, информирањето и советувањето на потрошувачите, во однос на нивните права и обврски, како и подигнување на нивната свест.

### 3.28.2.ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Согласно Законот за здравствена заштита, усвоени се 20 јавно здравствени програми, а средствата за реализација на активностите од овие програми се континуирано високи и за 2013 година изнесуваа околу 54 милиони евра.
Донесена е Програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија за 2013 година, со која се обезбедуваат средства за државјаните на Република Македонија кои немаат ниту еден основ за здравствено осигурување, а со посебна програма се обезбедуваат и средства за болничко лекување на пензионери чија пензија е пониска од просечната пензија во Република Македонија.

Министерството за здравство (МЗ), покрај едукациите кои се спроведуваат согласно јавно здравствените програми, донесе Програма за едукација на лекари и медицински персонал за стручно усовршување. Согласно оваа програма, во периодот од јануари до ноември 2013 година околу 400 доктори, медицински сестри, радиолошки техничари и др. медицински персонал се упатени на обука во траење од 1-6 месеци. Со програмата се обезбедува подигнување на нивото на стручно знаење на здравствените работници и унапредување на квалитетот на здравствените услуги во сите области на здравствена заштита во секојдневната пракса**.** Се овозможи и максимална искористеност на новата медицинска опрема (магнетна резонанса, компјутеризирана томографија, дигитални и аналогни мамографи, ултразвук и сл.) за воведување на посложени интервенции, кои во моментот недоволно се работат во Република Македонија или за кои пациентите се упатуваат надвор од Република Македонија во соодветни референтни центри. Министерството за здравство склучи 22 Меморандуми за соработка со врвни медицински установи во Европа и надвор од неа.
Со цел укажување на квалитетни здравствени услуги, продолжи објавувањето на клинички упатства за практикување на медицина заснована на докази и досега се адаптирани и ажурирани околу 800 клинички упатства.

Центарот за семејна медицина при Медицински Факултет во Скопје, во тек на 2013 година организираше 3 меѓународни работилници за ментори и едукатори. Во мај 2013 година е потпишан Меморандум за соработка меѓу Медицинските Факултети од Скопје и Загреб. За афирмација на семејната медицина меѓу студентите по медицина Центарот соработува со Европската Медицинска студентска Асоцијација (ЕМСА) и организираше 10 работилници наменети за студенти по медицина од 2 до 6 година на студиите. Во тек на 2013 година, Центарот за семејна медицина организираше 80 работилници за матичните доктори за четири области кои се од интерес (Рационално пропишување на антибиотици, Депресија, Хипертензија и кардиоваскуларен ризик, Астма и хронична опструктивна белодробна болест од аспект на примарна здравствена заштита).
Набавена е дополнителна опрема за ГОБ „8 Септември“ вредна околу 3 милиони евра, а во фаза на набавка се акцелератори за Клиниката за онкологија и за Клиничката болница Битола, како и на опрема вредна 0,5 милиони евра, за новиот Медицински симулациски центар.
Започна имплементација на проектот за Позитронска емисиона томографија-ПЕТ Центар во Република Македонија чија вредност е околу 62 милиони евра, обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а рокот за завршување на работите е 16 месеци.
Изработени и дистрибуирани се 930 000 електронски здравствени картички за осигуреници во Република Македонија.
Во текот на 2013 година, електронскиот систем за следење на листите на закажување прегледи во клиниките системот се усоврши и се користи во сите ЈЗУ каде е применлив овој начин на закажување на прегледи, преку веб апликација www.mojtermin.mk - електронски систем за следење на листите на чекање во клиниките. Започна

и спроведувањето на системот „Национален систем за електронска евиденција во здравството“ и тоа во делот на електронско упатување со закажување и Е-рецепт.

**КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ**

Донесени се измени и дополнувања на Законот за заштита од пушењето. Со измените се проширува опфатот на инспекциските служби кои ќе може да казнуваат за пушење на недозволени места. Согласно новите измени инспекциски надзор ќе вршат и Управата за јавни приходи (УЈП) и Министерството за внатрешни работи (МВР). Тие при вршењето на редовните надзори од својата област, ќе можат да вршат и надзор над спроведување на одредбите од овој закон во сите објекти и простории.
Согласно Законот за заштита од пушењето, ДСЗИ континуирано врши надзор во јавни и приватни здравствени установи, социјални установи, објекти во кои се врши воспитно-згрижувачка дејност и превозни средства во меѓународен сообраќај. Во Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза продолжува да функционира Советувалиште за одвикнување од пушење кое работи со пациентите на Институтот.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Во текот на 2013 година, продолжи имплементацијата на планираните активности за превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените програми.
Продолжија активностите за реализација на Акциониот план за превенција од вектор преносливи заболувања, со посебен акцент на спроведување на превентивна дезинсекција на територијата на РМ.
Во текот на 2013 година, согласно претходно изработен Оперативен План, се реализираа акционите планови за превенција од West Nile вирусот на локално и регионално ниво. Во текот на 2013 година, евидентирани се само два случаи на инфекција со West Nile вирус.
Во контекст на појавата на новиот корона вирус -MERS-CoV подготвена е брошура со информации и ревидирана е дефиницијата на случај, истите се доставени до ЦЈЗ за понатамошна дистрибуција до матичните лекари, како и до патниците на аџилак во 2013 година.
Вакциналниот опфат со вакцините кои задолжително се даваат на сите деца до 18-годишна возраст, согласно важечката законска регулатива во континуитет се одржува на високото ниво, освен опфатот со задолжителна имунизација против ХПВ инфекциите која во текот на 2013 бележи низок опфат.
Подготвен е Акциски план за усогласување и имплементирање на Меѓународниот здравствен правилник, а во тек е мулти-секторска подготовка на анализа на капацитетите за справување со јавно здравствените ризици поврзани со Меѓународниот здравствен правилник (МЗП).
Во текот на 2013 година, одржани се семинари за едукација и обновување на знаењата на здравствени работници инволвирани во спроведувањето и контролата над спроведувањето на активностите предвидени со јавно-здравствените програми, а во врска со заразните болести и имунизацијата (здравствени работници од превентивните тимови при Здравствените домови, епидемиолозите од Центрите за јавно здравје, претставници од ДСЗИ, матични лекари, ветеринарни работници и др.).
Подготвена е работна верзија на нов Оперативен план за справување со појава на пандемиски грип во РМ. Инспекторите од ДСЗИ посетуваа работилници за пријавување, следење и известување за антимикробна резистенција, како на TAIEX работилница на тема „Превенција и контрола на заразни болести“.
Република Македонија се приклучи кон мрежата CAESAR (Central Asian and Eastern European Surveillance of Antibiotic Resistance) -заедничка иницијатива на Европското здружение за клиничка микробиологија и инфективни болести (ESCMID), Холандскиот национален институт за јавно здравје (RIVM) и СЗО, со цел да се следи развојот на антимикробната резистенција во одреден број на земји во Европскиот регион на СЗО кои не се дел од Европската мрежа за следење на антимикробната резистенција(EARS-NET) која функционира во рамките на ECDC. Одржана е работилница за 40 здравствени работници од микробиолошките лаборатории во Република Македонија од јавниот и приватниот сектор, инспектори од ДСЗИ и епидемиолози, членовите на мултисекторската комисија за АМР, како и претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство за примена на CAESAR прирачникот. По препорака на Европскиот центар за контрола на болести во тек се активности за имплементација на EUCAST методологијата во микробиолошките лаборатории во Република Македонија, за што е одржана работилница.

<u>ХИВ/СИДА</u>

Во 2013 година се продолжи со имплементација на активностите согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Р. Македонија и Националната Стратегија за ХИВ /СИДА за периодот 2012- 2016 година, како и во рамки на проектните активности финансирани преку грантот на ГФАТМ.

<u>ТУБЕРКУЛОЗА</u>

Усвоена е Националната стратегија за борба против туберкулоза 2013-2017.
Во септември 2013 година потпишана е екстензија на договорот за грант од ГФАТМ за ТБ за Фаза 2 од проектот насловен "Обезбедување на високо квалитетни и одржливи ДОТС интервенции во Република Македонија.
Во рамките на активностите финансирани од страна на ГФ, воведени се нови молекуларни тестови за дијагностика на туберкулоза и тестирање на осетливост на лекови, целосно е реконструирана Националната референтна лабораторија и одделение за лекување на пациенти со мултирезистентна туберкулоза со специјали услови за контрола на инфекција, континуирано се набавуваат реагенси и опрема потребна за дијагностика, на 250 пациенти со низок социо-економски статус им се дистрибуираат прехранбени и хигиенски пакети, како и покривање на патните трошоци.

**НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**
За прв пат беше донесена Програма за превенција од кардиоваскуларни заболувања, преку која се спроведуваат обуки за интервентна кардиологија и е подготвен формулар за Проценка на ризик фактори за КВЗ кој ќе го применуваат сите матични лекари за пациентите под ризик.
ИЈЗ издаде брошура „Како да го намалиме крвниот притисок" и одржа 4 трибини за превенција на физичка неактивност и улогата на спортот во развојот на децата како активности за превенција на КВБ.
Континуирано се врши имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства, како и на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ во рамки на која се врши и тироиден скрининг на новородени деца, Здравје за сите и Систематски прегледи, годишната Програма за рана детекција на малигни заболувања во РМ.

**Малигни неоплазми**
Врз основа на информација подготвена од Министерството за здравство, Владата на Република Македонија усвои сеопфатни предлог мерки за намалување на ризик факторите за малигни заболувања. Мерките опфаќаат засилен мониторинг на присутни штетни агенси во почва, воздух и вода, засилен мониторинг на индустриски загадувачи, отстранување на диви комунални депонии, засилен надзор над увоз, промет и употреба на пестициди и вештачки ѓубрива, едукација на земјоделците, засилена контрола на безбедност ан храна од аспект на присуство на афлатоксини, тешки метали, пестициди, диоксин и др. во храната, едукативни кампањи за населението за превенција на малигни заболувања и др.
Формиран е Комитет за животна средина и здравје како меѓуресорско тело предводено од претседателот на Владата на РМ. Комитетот одржува редовни состаноци на кои се разгледуваат можните ризик фактори за настанувањето и порастот на бројот на малигните заболувања и се предлагаат мерки за нивно намалување.
<u>Канцер на дојка:</u> Согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања, а кои се однесуваат на рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во РМ во 2013 година, спроведени се подготовки за организиран скрининг на рак на дојка, согласно Европскиот водич за рано откривање на рак на дојка, како и едукација на 19 лица (доктори и радиолошки технолози) преку ЕУ програмата Леонардо да Винчи. Во тек е обезбедување на мобилен мамомат и подготовка на Нацрт АП за сите активности за рано откривање на рак на дојка.
<u>Канцер на дебело црево:</u> Согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања континуирано се одвива скринингот на колоректален канцер. Одржани се околу 50 работилници за едукација на матичните лекари за спроведување на рана детекција на карцином на дебелото црево со кои се опфатени над 550 матични лекари.
<u>Канцер на репродуктивни органи кај жената:</u> Во април 2012 година започна организиран скрининг, со покана на домашна адреса на жени на возраст од 24-35 години како најприоритетна и ризична група. Скринингот е со интервал од 3 години и секоја жена еднаш на 3 години има можност да направи бесплатен гинеколошки преглед со ПАП тест. Подготвени се специјални покани со едукативен текст и доставени по пошта на жените, од страна на матичните гинеколози. До септември месец од поканети 21.000 жени на бесплатен гинеколошки преглед со ПАП тест се јавиле околу 8.000 жени, а позитивни резултати се откриени кај 7, 5 % жени, од кои најголем број ХПВ инфекции.
Матичните гинеколози се стимулирани и од страна на ФЗОМ, во рамките на превентивните цели да ги повикуваат жените и да прават гинеколошки преглед со ПАП тест. Институтот за јавно здравје спроведе Кампања за подигање на свеста на населението за потребата за превентивни прегледи.

<u>**Сексуално и репродуктивно здравје**</u>

Во рамки на имплементацијата на ОРИО проектот за „Модернизација на системот –мајка - дете", завршена е проценка на родилиштата, имунизационите и патронажните поливалентни служби каде ќе се врши реконструкција, опремување и обука на персоналот.
Спроведено е истражување и подготовка на Извештај за работата на советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје при ИЈЗ за задоволството на младите луѓе од услугите на центрите. 85% од испитаниците искажале задоволство од работата и услугите на советувалиштата.
Согласно Националната годишна програма за јавно здравје, во 2013 година, ИЈЗ и Центрите за јавно здравје одржале 15 трибини и над 770 предавања за сексуално преносливи болести и ХИВ/СИДА за околу 7200 ученици од основните и средните училишта во Република Македонија

**Зависности**

Дроги:

Третманот на лицата зависни од дроги е расположлив во целата земја, преку 10- те служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги. Средствата за обезбедување на супституциона терапија (метадон и бупренорфин) се обезбедуваат преку Годишната програма за ХИВ/СИДА. Во 2013 година обезбедени се средства за лекување на околу 1400 зависници.
Во текот на 2013 година, во рамки на соработката со УНОДЦ (регионална програма за ЈИЕ), 30 здравствени работници од центрите за лекување на зависности посетуваа обука за психосоцијален третман, а околу 30 теренски работници посетуваа обука за предозирање.
Во рамки на активностите на Помпиду групата, учесници од Република Македонија учествуваа во подготовка на програма за едукација и тренинг, како и на обуки за работа во оваа област со емигранти и со осуденици. Претставници од центрите како и од надлежните органи учествуваа и на TAIEX регионална работилница за зајакнување на координацијата за политиката за дроги, на работилница за прекурзори и др.

Злоупотреба на алкохолот:

Донесени се измени на Законот за здравствена заштита, со кои се предвидува средствата за годишните јавно здравствени програми кои се носат секоја година да бидат обезбедени преку акцизата за пиво и алкохол, наместо од давачките за тутун и тутунски производи. Преку програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависност, се обезбедуваат средства за лекување на пациенти во дневните болници и средства за болничко лекување на лица со зависност од алкохол.

**Повреди и насилство**

Во 2013 година, континуирано се имплементираат активностите предвидени со Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство, како и Декадата за акција за безбедност на сообраќајот на патиштата 2011-2020. Подготвени се софтверските апликации за новите обрасци за индивидуалните евиденции за насилство, повреда во сообраќај, повреда во домот и несреќа-повреда на работа, согласно Законот за евиденции во областа на здравството, а во рамките на интегрален здравствен информативен систем.
Во соработка со СЗО, завршен е проект за собирање податоци за насилство за подготовка на Глобалниот извештај за превенција на насилството во 2013 година. Институтот за јавно здравје и Министерството за здравство активно се вклучија во одбележувањето на Втората недела на Обединетите нации за глобалната безбедност на патиштата 06-12 мај 2013, преку организирање на работилница „Национален дијалог за политиките за безбедност на пешаците во сообраќајот", и другите активности организирани од сите партнери за промоција на безбедноста во сообраќајот на патиштата, конкретно безбедноста на пешаците.

**Ментално здравје**

Програмата за здравствена заштита на лица со душевни болести се подготвува секоја година и со неа се обезбедува финансиска достапност на здравствени услуги за лица со ментални заболувања. Подготвена е анализа на резултатите од Стратегијата за ментално здравје и во тек е подготовка на нова стратегија за периодот до 2020 година со АП. Во рамки на проектот за доградба и реконструкција на ЈЗУ во РМ завршена е реконструкцијата на Психијатриската болница Негорци и два павиљона во Психијатриската болница Скопје.

**Здравје и животна средина**

Согласно Стратегијата за адаптација на здравствениот сектор на климатски промени усвоен е акциски план за превенирање на последиците од топлотни бранови врз здравјето на населението. Подготвен и издаден е Прирачник за поврзаноста на климатските промени и инфективните заболувања и одржан е семинар со епидемиолози и инфектолози за примена на прирачникот. Публикуван е и Извештај за влијанието на

климатските промени на поленска микрофлора и зачестеноста на респираторните алергиски болести кај возрасната популација на подрачјето на Скопје. Во интерес на подигањето на свесноста и знаењето на менаџерите во здравствениот сектор во РМ, како и на здравствените работници за значењето на енергетската ефикасност во здравствените установи и можноста за користење на обновливи извори на енергија, подготвен е и објавен е Прирачник со препораки за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во здравствениот сектор. Изработена е посебна веб страна посветена на влијанието на климатските промени врз здравјето на луѓето.(www.toplotni branovi.mk) Подготвен е Извештај за ранливоста на здравјето од климатските промени. Подготвена е финална верзија на предлог Акционен план за намалување на последиците од студеното време, кој предвидува мерки и активности за заштита на здравјето на населението од штетните ефекти на студеното време и екстремно ниските температури.

**Храна и исхрана**

Вториот акциски план за храна и исхрана (2009-2014) се имплементира преку активностите утврдени во Националната годишна програма за јавно здравје, во чии рамки во 2013 година спроведени се антропометриски мерења на нутритивниот статус на деца кои учат во прво одделение во основните училишта во РМ. Активноста има за цел да се добијат меѓународно споредливи податоци преку кои РМ ќе биде претставена во Иницијативата за следење на дебелината кај децата во Европскиот регион на СЗО (COSI), во чие спроведување учествува од 2010 година. ИЈЗ континуирано ја спроведува и годишната проценка на нутритивниот статус на децата од градинки други возрасти од интерес, како и процената на биолошкиот квалитет на храната кај популации од интерес.  Преку поддршка од TAIEX инструментот на ЕУ, професионалци од ИЈЗ остварија студиска посета на Универзитетот во Хелсинки, Финска, поврзана со анализа на специфични микронутриенси (фолати) во храна, како и со насоки за креирање на препораки за исхрана. Во јуни 2013 година, професионалци од ИЈЗ учествуваа на работилница на Заедничкиот истражувачки центар на ЕУ (JRC) за ризикот од присуство на транс-масни киселини во исхраната и нивно правно регулирање. Во соработка со инспекциските служби на Агенцијата за храна и ветеринарство, во ИЈЗРМ континуирано се следи безбедноста на додатоците на исхрана и храната за посебна нутритивна употреба присутна на пазарот во РМ.

**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ**

Започна имплементацијата на ИПА Проектот за зајакнување на системот за безбедност на крв. Склучен е договорот на набавка на услуги, а во тек се активностите за набавка на медицинска опрема наменета за Институтот за трансфузиона медицина. Континуирано се имплементира годишната програма за унапредување на крводарителството.

**ТКИВА И КЛЕТКИ**

Усвоени се измени на Законот за земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување и донесени се подзаконските акти кои произлегуваат од законот, неопходни за негова имплементација. Назначен е и Национален координатор за трансплантација. Лекарската комора на Македонија, во интерес на подобрување на системот за трансплантација, формира Комисија за трансплантација на ткива и органи. Целта на комисијата е да ја подигне свеста за трансплантацијата, потребите и позитивните ефекти од неа, како и советодавна улога во развојот на кадровските медицински и организациони капацитети за развој на кадаверична трансплантација.
Национални експерти учествуваа на работилница на тема „Утврдување на мозочна смрт“, организирана во јули 2013 од Регионалниот развоен центар на ЗМЈИЕ за трансплантација во Загреб, Хрватска. Започна кампањата под мотото „Кога животот ќе заврши подари живот“,што се организира во соработка со Здружението на нефролози при МЛД и Универзитетската клиника за нефрологија. Ќе се подготват и флаери и постери со кои ќе се промовираат донорството и неговото значење.

**СОЦИО ЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО**

Согласно Стратегијата за безбедност и здравје при работа  подготвен е  АП за имплементација на Стратегија. Активностите од АП се имплементираат преку Националната програма за јавно здравје каде се предвидени активности поврзани со безбедноста и здравјето на работа за невработените и земјоделците (оценка на здравствена и работна способност, превентивни прегледи, едукативни активности, проценка на влијанието на претходните работни места во однос на  професионални заболувања и заболувањата во врска со работата, проценка на факторите кои влијаат на здравствената состојба и  работоспособноста, должината на невработеност, животниот стил, социоекономските фактори, хроничниот стрес, и др. фактори).
Донесени се измени на Правилникот за ортопедски помагала со кои се зголемуваат правата за  осигурениците кои ги користат ортопедските помагала .

Министерството за здравство и невладиниот сектор продолжија со имплементацијата на проектот Ромски здравствени медијатори. Преку Програмата за лекување на ретки болести се обезбедуваат средства за терапија и лекови за најчестите ретки болести во Република Македонија

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Согласно Законот за здравствена заштита во 2014 година ќе се донесат 21 јавно здравствена програма. Ќе продолжи реализацијата на проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ во РМ.

Се планира во 2014 година да заврши издавањето на електронски здравствени картички и да се започне со воведување на електронски дневник, електронски здравствен картон, односно, целокупната евиденција кај матичните лекари да се води електронски.

Во 2014 година заради поголема достапност до здравствени услуги на пациентите од руралните подрачја се предвидуваат дополнителни стимулирања на лекарите кои даваат здравствени услуги во руралните средини.

**ТУТУН**

Се планира зајакнување на активностите на ИЈЗ за промоција на здрави животни стилови преку активности за едукација против пушењето. Ќе продолжи работата на Советувалиштето за одвикнување од пушење при Институтот за белодробни заболувања и ТБ.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Ќе продолжи имплементацијата на годишните превентивни програми. Во тек се активности за имплементација на Меѓународниот здравствен правилник (2005).

По донесувањето на Национална Стратегија за контрола на антимикробната резистенција 2012-2016 и Акциониот План во 2013 година ќе се отпочне со имплементација на поедини активности од оваа Стратегија, со динамика во согласност со Акциониот План и расположливите финансиски средства, главно обезбедени со Националната годишна програма за јавно здравје. Националната Мултисекторска Комисија за антимикробна резистенција даде поддршка на започнувањето со рутинско следење на потрошувачката на антимикробни средства во РМ и добивање на индикатори со кои ќе можеме да се споредуваме со другите Европски земји, кои ќе започнат да се спроведуваат етапно во 2013 година.

Се планира отпочнување со активностите за изготвување на Регистер за имунизација, согласно Стратегијата за имунизација, Националната годишна програма за јавно здравје и буџетски планираните средства за оваа активност.

Согласно Програмата за ерадикација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитални инфекции 2010-2015 година планирано е одржување на 5 семинари за здравствени работници на сите нивоа, кои се инволвирани во активностите согласно Програмата, а се планира обука на 150 здравствени работници.

**ХИВ/СИДА**

Континуирано ќе се имплементираат активностите од Програмата за ХИВ/СИДА финансирана од буџетот на РМ, како и активностите од Програмата за ХИВ/СИДА поддржани со грант од ГФАТМ.

**Туберкулоза**

Во рамки на проектот финансиран од Глобален фонд, во 2014 година предвидена е ревизија на Протоколот за скрининг на осуденици пред извршување на затворска казна, со цел истиот да стане задолжителен. Ќе биде извршена и ревизија на формуларите за регистрирање и известување, заради нивно усогласување со препораките и измените направени од страна на СЗО. Ќе се имплементираат активностите од Програмата за превенција и контрола на ТБ финансирана од буџетот на РМ.

**НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

Ќе се спроведат активности за подготовка на Национален оперативен план за здравје до 2020 година, како и на развивање Стратегија за незаразни болести до 2020 година, со силни мониторинг рамки за следење и проценка на имплементацијата и влијанието на активностите што овие два клучни документа ќе ги содржат. Согласно програмата за превенција на кардиоваскуларни заболувања ќе продолжи спроведувањето обуки за интервентна кардиологија.

ФЗОМ планира да спроведе кампања за промоција на здравјето во соработка со сите чинители на здравствениот систем и со невладините организации. Кампањата за промоцијата на здравје ќе има за цел подигнување на јавната свест за определени добри навики како што се правилната исхрана, физичката активност, здравиот стил на живеење, но и ќе укаже на определени штетни навики и влијанието од истите врз здравјето на сите, како што се пушењето, прекумерната тежина, нередовните контроли кај лекарите и друго.

**Малигни неоплазми**
Континуирано ќе се спроведува Програмата за рано откривање на малигни неоплазми.

**Сексуално и репродуктивно здравје**
Во рамки на имплементацијата на ОРИО проектот за "Модернизација на системот –мајка-дете",ќе се изврши набавка на медицинска и немедицинска опрема, возила и ќе започне реконструкција на избраните објекти.Во рамки на ОРИО програмата се планира да започне спроведување на активностите за ревитализација на породилиштата и да се спроведе проценка на потребите за обука на гинеколози, акушерки, неонатолози и друг кадар по што ќе се подготви план за обуки.

**Зависности**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите за имплементација на Програмата за лекување на лица со болести на зависност, како и поддршката на владиниот сектор за активностите на НВО во областа. Во текот на 2014 година планирано е да продолжи едукацијата за персоналот од центрите за третман на зависности, за теренските работници, за целната група и за други стручни лица.

**Повреди и насилство**
Ќе продолжи имплементација на активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство.

**Ментално здравје**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите од Програмата за лекување на лицата со душевни болести. Во 2014 година, се планира отворање на уште еден центар за ментално здравје во заедницата. Во Програмата за душевни растројства се планира посебен дел со активности за превенција од депресии и суициди (медиумска кампања,скрининг преку прашалник на ученици, студенти, обука на психолози, матични лекари за рано препознавање на лица со депресија, отворен телефон и други активности). Министерството за здравство планира да подржи едукација на неколку лекари во Клиниката Нирнберг – Германија, како и други признати светски центри.

**Здравје и животна средина**
Ќе продолжи спроведувањето на активностите од Стратегијата за адаптација на здравствениот сектор од климатски промени, активности од АП за превенција од топлотни бранови и АП за превенција на населението од студено време и студени бранови.

**Храна и исхрана**
За 2014 година се планира да се продолжи со обуки за спроведување и одржување на HACCP системот и на тој начин да се унапреди состојбата со компании кои не го имплементирале HACCP систем. Се планира да продолжат активностите во спроведувањето на Вториот акционен план за храна и исхрана. Во соработка со Министерството за здравство, се планира да се подготви Национален водич за исхрана. Ќе се спроведуваат активностите на НГПЈЗ во делот на исхрана и нутритивен статус.

**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**
Се очекува завршување на имплементацијата на ИПА проектот „Зајакнување на системот за безбедноста на крвта", во вредност од околу 1 милион евра: подготовка на Водичи за безбедност на крвта и Протоколи/Стандардни оперативни постапки за работа на вработените во различни сегменти на обезбедувањето на безбедна крв, обука на 150 квалификувани здравствени работници во повеќе области од добрата клиничка пракса за употреба на крв и крвни компоненти, како и специјализирани обуки за 30 лица во областа на имплементацијата на стандардите за квалитет и стандардните оперативни постапки. Се планира и да се спроведе стандардизација на установата според ИСО критериумите за квалитет.

**ТКИВА И КЛЕТКИ**
Ќе се донесе посебна Национална програма за трансплантација финансирана од Буџетот на РМ. Ќе продолжи соработка со Агенцијата за биомедицина на Франција. Се планира назначување на национални и болнички координатори за трансплантација, набавка на специфична медицинска опрема во неврохируршката кома единица, формирање на листа за кадаверична трансплантација, како и создавање на услови за европска акредитација на лабораторијата за типизација на ткива.

**СОЦИО ЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО**
Ќе продолжат активностите од проектот Ромски здравствени медијатори. Во интерес на обезбедување на поголема достапност до здравствената заштита, ќе се донесат Програма за целосно здравствено осигурување и здравствена заштита, Програма за обезбедување на партиципација за осигурени лица при лекување на одредени болести и Програма за болничко лекување без наплата на партиципација за корисници на пензија со пензија чиј износ е понизок од просечната пензија во РМ. Во рамки на Програмата за јавно здравје ќе се спроведуваат здравствени прегледи за невработени, земјоделци и работници.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Во 2015 година во здравствениот систем во Македонија се планира да се воведат семејните лекари, каде пациентите ќе добијат повеќе здравствени услуги како: мерење шеќер во крв, стрес-тест, мерење капацитет на бели дробови, неколку услуги од дејноста општа хирургија и др. Се очекува од 2020 година сите матични лекари да прераснат во семејни лекари. Се планира да продолжи обуката на здравствениот кадар на светски познатите универзитети, како и склучувањето на меморандуми за соработка со реномирани универзитетски клиники и институти. Се планира започнување со работа на ПЕТ центарот, како и да се започне со воведување на телемедицина.

**КОНТРОЛА НА ТУТУН**
Се планира продолжување и зајакнување на активностите на ИЈЗ за промоција на здрави животни стилови преку активности за едукација против пушењето, како и континуиран надзор на имплементацијата на Законот за заштита од пушењето.

**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите од областа на превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените годишни Програми, кои се финансираат од буџетот на РМ. Согласно Стратегијата за имунизација се планира воведување на петтовалентна и шествалентна вакцина. Се планира отпочнување на активности за воведување на софтверски решенија за водење на евиденција за спроведувањето на задолжителната имунизација.
Исто така, ќе се работи на подобрување на постоечкиот софтвер за евиденција и анализа на заразните болести, а ќе се евалуира и можноста за електронско поврзување на ИЈЗ со ЦЈЗ низ РМ.
Во 2015 година се очекува завршување на реализација на ОРИО програмата со која се планира да се спроведе ревитализација на системот за имунизација и на системот за патронажната служба .
Се планира во континуитет да се спроведуваат активности согласно Стратегијата и Акциониот План за контрола на антимикробната резистенција и активности.

**ХИВ/СИДА**
Континуирано ќе се имплементираат активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА финансирана од буџетот на РМ, во согласност со предвидените активности во новата Стратегија за ХИВ/СИДА за периодот 2012-2016. Исто така, ќе се остваруваат и планираните проектни активности поддржани со Грантот на ГФАТМ, кој ќе ги помага превентивните активности согласно годишната Програма, со акцент на спречување на ХИВ-трансмисија, пружање на грижа и психосоцијална помош на ХИВ позитивните и заболени од СИДА до 2016 година.

**Туберкулоза**
Ќе продолжи имплементацијата наактивностите од Програмата за заштита на населението од ТБ финансирана од буџетот на РМ, Исто така, ќе се имплементираат и планираните проектни активности поддржани со Грантот на ГФАТМ,

**НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**
Се планира спроведување на мерки и активности во превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ), согласно усвоената Програма за превенција и контрола на КВБ. Се планира да се заврши создавањето на Кардиолошка мрежа за третман на акутен срцев инфаркт во јавното здравство, преку опремување на регионалните болници со модерна и софистицирана опрема и обука на кадарот за почетниот третман кој е најважен за спасување на животот.

**Малигни неоплазми**

Се планира продолжување на активностите согласно Програмата за рано откривање на малигни неоплазми: отпочнување на активности за организиран скрининг на сите лица од 50-74 годишна возраст; продолжување со организираниот скрининг за карцином на грло на матка во следните години и едукација на поголем број на цитоскринери, и лекари патолози-цитолози.
Во рамки на имплементацијата на ОРИО проектот за "Модернизација на системот –мајка-дете", ќе се продолжи со набавка на медицинска и немедицисннка опрема, како и со реконструкција на избраните објекти.Се планира да започне и обуката на медицинскиот персонал во родилиштата и во службите за имунизација и поливалентата патронажна служба.

**Зависности**
Континуирано ќе продолжи спроведувањето на активностите од програмата за лекување на лица со болести на зависност.

**Повреди и насилство**
Ќе продолжат активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство, и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство.

**Ментално здравје**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишната програма за лекување на лица со душевни болести**.** Планирано е проширување на програмата со неколку едукативни активности на повеќе целни групи (ПЗЗ, други здравствени институции и авторитети, полиција, образовни институции, како на образовниот персонал и родителите). Се планира континуирано да се организира скрининг за депресивни растројства во сите образовни институции кај сите возрасни групи на деца, млади и адолесценти. Во план е и припрема и издавање на прирачник наменет за општата популација , а во врска со депресивните растројства и превенција од суицид.

**Здравје и животна средина**
Ќе продолжи спроведувањето на активностите од Стратегијата за адаптација на здравствениот сектор од климатски промени, активности од АП за превенција од топлотни бранови, и АП за превенција на населението од студено време и студени бранови.

**Храна и исхрана**
Се планира прилагодување на националните политики во исхраната со новите насоки содржани во меѓународните документи како Декларацијата од Виена за исхрана и незаразни болести во контекст на Здравје 2020 или иницијативи како Платформата на ЕУ за акција поврзана со исхрана, физичка активност и здравје.

### БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ
Се планира да продолжи работата на системот за безбедна крв според стандарди и услови за работење во интегрираниот систем на функционирање, и да се обезбеди мрежно информатичка поврзаност на службата и обуки за усогласување со Европското законодавство за инспекциски систем на крв (ЕУБИС).

### ТКИВА И КЛЕТКИ
Се планира целосно заокружување на системот за трансплантација во РМ.

### СОЦИО ЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО
Континуирано ќе се спроведуваат активностите за здравствени прегледи согласно националната програма за јавно здравје.
Се планира и ревитализација на старите и напуштени амбуланти во руралните средини , како и реконструкција и санација на постојните стари објекти.

## 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

***РЕЗИМЕ***

*Царинската управа на Република Македонија ќе продолжи со спроведување на основните обврски: зачувување на финансиските интереси на Република Македонија, заштита на здравјето и животот на луѓето, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент и реализација на економските политики на Владата на Република Македонија. Со преземените активности ќе се постигне усогласеност со законодавството на ЕУ и поедноставување, олеснување и забрзување на царинските постапки, остварување на неопходните услови за интероперабилност и интерконекции со царинските ИТ системи на ЕУ, како и одржување и унапредување на воспоставените системи. Стратешки приоритети претставуваат инвестирањето во вработените, поедноставување и забрзување на економските активности, унапредување на капацитетите за контрола на примената на законите, унапредување на административната и логистичката поддршка.*

### 3.29.1. ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Царинската управа на Република Македонија во 2013 година продолжи со усогласување на царинското законодавство со Acquis Communautaire.

Во тек е постапка за изменување и дополнување на Царинскиот закон („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12 и 171/12) за натамошно усогласување со царинското законодавство на ЕУ. Со измените ќе се обезбедат сите предуслови за спроведување на заедничката транзитна постапка во согласност со Конвенцијата за заеднички транзит, усогласување на одредбите кои се однесуваат на трошоците за анализа и преглед на земените мостри, одредбите за царинско дозволено постапување или употреба на стока во слободни зони и слободни складови. Истовремено ќе се изврши и допрецизирање на одредени одредби од законот за да се овозможи изедначување на употребата на вообичаената терминологија која се користи во Царинскиот законик на Заедницата.

Исто така, изменета е Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, со цел усогласување со измените што се извршени во Царинскиот закон и допрецизирање на одредени одредби од Уредбата. Ова ќе овозможи изедначување на употребата на вообичаената терминологија која се користи во Уредбата за спроведување на Царинскиот законик на Заедницата.

Во 2013 г. извршени се две измени на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри што се употребуваат („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 83/2013 и 145/2013), со што се додадени нови шифри за: вид на декларација, за ослободување од плаќање на увозни давачки, пресметка на давачки и царинска испостава.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа („Сл. весник на Република Македонија" бр. 23/2003, 69/2004,10/2008, 160/2008, 35/2010, 11/2012 и 93/2013), каде е внесена автономната мерка за намалување на царинските стапки на необработени благородни метали.

Во тек е донесување на Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2014 г., која ќе се усогласи со Комбинираната номенклатура за 2014 г., донесена како Регулатива од Комисијата (ЕЕЗ) бр.1001 на ЕУ од 4.10.2013 година, за дополнување на Анекс 1 од Регулатива бр.2658/87 на Комисијата (ЕЕЗ) на тарифната и статистичката номенклатура и Заедничката царинска тарифа бр. 32013R1001.

Постојано се спроведува усвојување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура кои се донесени во тековната година, со дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура и истите се објавуваат на интернет страницата на Царинската управа.

Се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 69/2013), во кој се предвидува можност за бесплатно отстапување на одземени стоки кои повредуваат право од интелектуална сопственост на државен орган или хуманитарна институција и пропишување на прекршочна одговорност за лицата (правни и физички) кои ќе внесат или изнесат или ќе се обидат да внесат или изнесат во и од царинското подрачје стока која повредува права на иста трговска марка што од нив веќе еднаш била одземена поради повреда на право од интелектуална сопственост.

Се донесе Правилник за измена на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Сл. весник на Република Македонија“ бр.132/2013), кој го замени образецот на Барањето за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост, во кој се наведуваат информации што ќе се користат при откривање на фалсификувана стока и во кој е предвидена обврската на носителите на право за доставување на поголем број податоци кои се однесуваат на оригиналните стоки.
Во октомври 2013 г. се донесе Уредба за начинот и распределба на бесплатно отстапена стока од државен орган и образец на извештај за бесплатно отстапена стока од страна на државен орган („Сл. весник на Република Македонија“ бр.143/13), во која се пропишува начинот на распределба на бесплатно отстапена стока за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост од страна на државен орган, по претходна согласност од носителот на правото и издадена потврда од надлежен орган дека предметната стока не е во спротивност со прописите за безбедност на производите. Со Уредбата се пропишува и образецот на Извештајот за бесплатно отстапената стока од страна на државен орган што се доставува до Владата на Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 г. дополнително ќе се усогласи Царинскиот закон и Законот за Царинска тарифа со царинското законодавство на ЕУ, во делот на одредбите што се однесуваат на воведување на Интегрирана тарифна околина во Република Македонија.
Ќе се донесе Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, со што ќе се имплементираат одредби за спроведување на увозната постапка со поднесување на царински декларации изготвени со употреба на техника на електронска обработка на декларации.
Ќе се донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинска декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат, со што ќе се додадат одредби со кои ќе се пропише употребата на извозни декларации и употребата на влезни и излезни збирни декларации, преку размена на стандардни пораки преку електронска размена на податоци (ЕРП). Спроведувањето на одредбите за влезните и излезните декларации е во согласност со Регулативата 2454/1993 на ЕУ.
Во 2014 г., во зависност од резултатите од гап анализата која е во тек, ќе се донесе Закон за изменување или нов Закон за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, во согласност со новата Регулатива 608/2013 на ЕУ, со што ќе се изврши целосна усогласеност со промените во оваа област во законодавството на ЕУ.

**Институционална рамка**

По донесувањето на измените на законската регулатива поврзана со заштита на интелектуална сопственост, ќе следуваат измени и дополнувања на Упатството за примена на Законот за царински мерки за заштита на право од интелектуална сопственост.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе се работи на воведување на Новиот царински законик на Унијата (ЦЗУ) и на Уредбата за спроведување на новиот Царински законик на Унијата. Со измените на царинското законодавство ќе започне постапка за целосно воведување на одредбите од ЦЗУ и активности за негова целосна примена и практично спроведување, во согласност со препораката од царинските упатства (Customs Blueprints), која меѓу другото посебно ја потенцира потребата за усогласување во доменот на доставување на информации пред пристигнување и пред тргнување на пратките и воведување на системи за анализа на ризик и натамошно промовирање на концептот за Овластен економски оператор.
И понатау ќе продолжи усогласувањето на законодавството за финализирање на подготовките за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на трговијата со стоки.
За понатамошно приближување на националното законодавство кон законодавството и добрата пракса на ЕУ, Царинската управа ќе учествува во подготовката и ревизијата на акцизното законодавство.

**Институционална рамка**

Ќе се изврши дополнително усогласување на царинското законодавство и постапките со *Acquis*, како и зајакнување на административниот и оперативниот капацитет на Царинската управа, со цел да се спроведе царинското и акцизното законодавство и да се финализираат подготовките за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на трговијата со стоки, како и да се обезбеди

ефикасно спроведување на акцизното законодавство, да се подобри организацијата на Царинската управа и управувањето и нејзиниот оперативен капацитет, за да се олесни трговијата и да се обезбеди меѓународниот синџир на снабдување, поддржани од страна на соодветни механизми за контрола и ИТ системи.
За целосна примена на новиот Систем за обработка на царински и акцизни документи ќе се донесат низа упатства и оперативни инструкции за негова примена.

## 3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Се воспоставија одржливи системи за контрола на коруптивните и девијантни појави и нивно навремено спречување, континуирана непосредна контрола на профилирани ризици со постојано надградување на сопствените институционални и административни капацитети. Се подготви Листа на ризични точки во царинското работење подложни на корупција и истата се достави до организациските единици на Царинската управа за примена во вршењето на интерните контроли. Исто така, се подготвија и листи на Индикатори за оцена на нивото на изложеност на злоупотреба на службените должности и појава на коруптивни активности во Царинската управа, врз основа на кои може да се мери успешноста за спречување на злоупотребите на службените должности и обврски и коруптивните активности.
Со активно учество на номинираните лица од Царинската управа во реализацијата на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика се зацврстува стратешката определба за бескомпромисна борба против корупцијата.
За целосно спроведување на Кодексот на однесување постојано се спроведуваат обуки, работилници и презентации со теми што се однесуваат на борбата против корупцијата, царинската етика и јакнење на интегритетот.
Секторот за контрола и истраги е реструктуиран и зајакнат. Воспоставени се системи за анализа на ризик на ниво на царинарници и сите царински испостави, што функционираат по хоризонтална и вертикална поврзаност. Опфаќајќи ги елементите на процесот на управување со ризик, Одделението за управување со ризици користи аналитички и статистички методи за утврдување на ризици, како и статистички и разузнавачки податоци акумулирани во базите, применувајќи ги сите информатички алатки во процесот на селективни методи. Подобрени се оперативните капацитети за царински контроли и борба против преку-граничниот криминал. Во Рамката на стандарди на Светската царинска организација веќе се применува стандардизирана проценка на ризик (поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување на незаконска трговија и за олеснување на трговијата, водење на статистика на увоз, извоз и транзит, нивна анализа и предлози за превземање на мерки).
Систематската електронска размена на податоци со земјите од Западен Балкан - СЕЕД (Systematic Electronic Exchange of Data in the Western Balkans) – SEED апликацијата е во функција и е во фаза на одржување за поддршка на активностите за спроведување на систем за размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Македонија и царинските управи на Косово, Србија и Албанија, што успешно се применува за царинска стока и празни товарни возила упатени кон Република Македонија и обратно, упатени кон соседните држави. Процесот на размена на информации се одвива континуирано и двострано.
Размената на податоци за пренос на пари и хартии од вредност со соседните држави се остварува по потреба електронски, како и врз основа на посебни барања, додека со Република Албанија е воспоставена размена на податоци на месечно ниво.
Централизирањето на дигиталните слики создаде база на податоци за дигитална библиотека во која можат да се прават пребарувања и која ќе содржи слики од сите заплени и скривалишта. Постигната е целосна интеграција со веќе воспоставените бази што содржат фотографии со скривалишта и запленета стока. Употребата на модулот ќе придонесе за посеопфатно типизирање на скривалиштата и стоката што е предмет на криумчарење и ќе заземе значајно место во процесот на изучување на тековните трендови во криумчарење.
Донесени се Стратегија за спречување на нелегална трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето и Стратегија за спречување на нелегална трговија со оружје. Во согласност со законските одредби, Царинската управа ја интензивираше соработката со приватниот сектор врз основа на потпишани нови меморандуми со меѓународни компании за производство и промет на цигари - Меморандум за разбирање со Империал тобако - ТКС и Меморандум за разбирање со Japan Tobacco International. Се потпиша Меморандум со Македонски пошти, Македонски железници, ТАВ - Скопје, МЕПСО и ЛУКОИЛ.
Од почетокот на 2013 г. се воведе електронската евиденција во процесите за заштита на правата од интелектуална сопственост. Целта на воведување на истата е добивање на систематизирана и структуирана

база на податоци за овозможување на пристап кон привремено задржаните стоки по основ на повреда на права од интелектуална сопственост и детален преглед на заштитените трговски марки.
Во октомври 2013 г.,, на предлог на Царинска управа, Владата на Република Македонија усвои Уредба за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини. Со уредбата се определуваат три категории на гранични премини (I, II и III категорија) за сите видови на сообраќај, се уредува работното време на сите институции кои се присутни на граничните премини и режимот на движење на патници и возила на граничните премини.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Царинската управа, во насока на остварување на неопходните услови за интероперабилност и интерконекции со системите на ЕУ, во периодот 2012-2014 г. продолжува со реализација на проектот за имплементација на нов Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) - решение кое во рамки на царинските и акцизните постапки ќе и обезбеди на Царинската управа управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, прифаќање, евидентирање, обработка, архивирање), контрола на движењето на акцизните стоки и размена на електронски пораки во рамки на автоматско вршење на операции, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговијата преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на Европската унија и Светската царинска организација. Предвидена е фазна испорака на проектот, при што ќе се испорачаат системите за транзит, за увоз и контрола на увоз, за извоз и контрола на извоз, за управување со акцизи, заштита на интелектуална сопственост и царинска лабораторија, како и нивна интеграција. Во рамките на имплементацијата на СОЦДАД се предвидува интерконекција со Новиот компјутеризиран транзитен систем – НКТС (NCTS-) и системите од Интегрираното тарифно опкружување –ИТО (ITE) на ЕУ.

Се реализираа подготовките и инсталацијата на неопходните сервери и бази на податоци. Се предвидува подготовката на хардверската околина и целосно инсталирање и конфигурирање да продолжи во претстојниот период. Подготвена е тест-околината и инсталирани се поодделните модули. Во тек е (одделно) тестирање на инсталираните модули (5).

Во рамки на Проектот за интероперабилност на ИТ системите на Царинската управа на Република Македонија со ИТ царинските системи на ЕУ – НКТС и Заедничката комуникациска мрежа/Заедничкиот систем за поврзување - ЦЦН/ЦСИ (Common communication network/common system interface - CCN/CSI ) (ИПА Програмата 2008), во последниот квартал на 2013 г.-прв квартал на 2014 г., на развојната околина во Царинската управа се очекува да бидат инсталирани нови подобрени верзии на апликацијата НКТС и нивно тестирање. По инсталирањето на апликацијата во продукциска околина ќе следуваат активности за конечно тестирање, проверка и обуки во пилот царинска испостава и отпочнување со користење на апликацијата.

Со цел овозможување на функционална интерконекција со европските системи, во периодот на потпишување на Конвенцијата за заеднички транзит на Европската унија, потребно е поставување на ЦЦН/ЦСИ јазол. Тоа се однесува на поставување на комуникациска опрема со европските системи – ЦЦН/ЦСИ преку следните активности: воспоставување на тим за реализација на интерконекцијата, набавка на опремата, интеграција на ЦЦН/ЦСИ инфраструктурата и НКТС системот и инсталација на ЦЦН/ЦСИ хардвер и софтвер, задолжителни тестови за интерконекција за ЦЦН/ЦСИ и оперативни обуки за користење, ЦЦН/ЦСИ одржување и функционалности од централен хелп деск.

Во рамки на проектот Имплементација на интегриран тарифен систем на Европската заедница (ЦИТЕ) (Community Integrated Tariff Environment – CITE), ќе се реализираат следниве активности (финансирани со помош од ИПА Програмата 2009): техничка помош во управувањето со имплементацијата на Интегрирана тарифна околина (ИТО), имплементација на системите од ИТО и набавка на потребната опрема. Во рамките на проектот за развој на софтвер, во крајна фаза на реализација е изработката и испораката на апликативното решение. Системот ќе биде поставен на опрема која е во фаза на набавка, како посебна проектна компонента, која се очекува да се реализира во првиот квартал на 2014 г. Во рамките на проектот, преку компонентата за Поддршка со управувањето, се реализираат активности за тестирање и контрола на квалитетот, обуки, подготовка и усогласување на законодавството кое се однесува на тарифата, со крајна цел воспоставување на системот од ИТО во Царинската управа.

Во унапредувањето на капацитетот за вршење на контрола заснована на анализа на ризик, акцент ќе се стави на усогласување на законодавството со Царинскиот законик на Унијата и регулативата за спроведување на истиот, преку ефективна и соодветна заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост, во согласност со европските и меѓународните барања и проектните активности кои особено ќе придонесат кон понатамошно усогласување со законодавството и постапките на ЕУ и најдоброто практично спроведување. Активностите на тој план ќе опфатат: нов Правилник за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, методологија за собирање на статистички податоци за заштита на правата од интелектуална сопственост на надлежни институции во Република Македонија што спроведуваат заштита на права од интелектуална сопственост, институционализирање на процесот на идентификување и утврдување на минималните критериуми за анализа на ризик, понатамошно засилување на оперативните капацитети за развој на стратегија за спроведување на истраги за можно присуство на криминал, примена на методологии и техники за присилно спроведување на законодавството, засилување на оперативните капацитети за спроведување на Стратегијата за спречување на нелегалната трговија со наркотични средства, средства што го загрозуваат здравјето на луѓето и Стратегијата за спречување на нелегалната трговија со оружје и воспоставување на подобрена анализа на ризик и систем за управување со ризикот во оваа област.

За унапредување на капацитетот на царинското разузнавање, според европските стандарди, во рамките на Одделението за разузнавање ќе се изврши консолидирање на постоечката Разузнавачка база на податоци, на апликацијата База за евидентирање на предмети во Одделение за разузнавање и апликацијата ТРИПС (, во нова разузнавачка база на податоци, која ќе овозможи консолидирање на сите податоци на едно место, со што ќе се добие една квалитетна база во која ќе бидат сублимирани сите разузнавачки податоци.
За унапредување на оперативните и институционалните капацитети ќе се користат придобивките од Програмата на ЕУ - Царина 2020 финансирана преку Програмата ИПА.

**Институционална рамка**
Во рамките на активноста за пополнување на образецот за самооценка предвидена е реализација на 4 активности: организирање на почетна работилница со учество на сите соодветни институции надлежни за доставување на податоци, невладиниот и приватниот сектор, прибирање на податоците, анализа и подготвување на нацрт извештај и завршна работилница за проверка и финализирање на предвидениот извештај.

Во рамките на одржувањето на последниот состанок на Работната група за Твининг проектот што е во рамките на ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“ – Компонента 1 - „Зајакнување на ефикасноста на анти – корупциските институции и политики за имплементација и мониторинг на спроведувањето на политиките на полето на борбата против корупцијата“, предвидени се активности што се однесуваат на систем на критериуми со индикатори за мониторинг, мерење и оцена на ефективноста на политиките за превенција на корупцијата, натамошен развој на методологијата за собирање и обработка на статистички податоци релевантни за анти-корупциската политика. Проектното фише се финализира при што во голем дел се опфатени препораките содржани во последниот извештај на Европската комисија. Се очекува твинингот да започне со реализација во 2014 г.

Во првата половина на 2014 г. ќе бидат финализирани активностите за осовременување на граничниот премин Блаце-промет на патници (преостанати градежни и градежно занаетчиски работи).

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Институционална рамка**
Активностите за модернизирање на граничните премини на среднорочен план ќе опфатат реконструкција на капацитетите на царинските и инспекциските служби на граничниот премин Богородица (Проект-Развој на граничната инфраструктура помеѓу Република Македонија и Република Грција –БОРДЕР ИН (BORDER IN), во рамки на ИПА програма за прекугранична соработка Грција-Република Македонија 2007-2013 г., кофинансиран од Европската унија и националните фондови на државите учеснички) и надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце (проект финасисран со средства од ИПА 2012), со цел да се обезбеди дополнително олеснување на граничните формалности, подобри услуги за економските оператори и натамошно унпаредување на безбедноста на државата.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Проект: Јакнење на капацитетите на Царинската управа – Воведување на Интегрирана тарифна околина на ЕУ во Република Македонија - ИПА 2009 (период на реализација: септември 2012 – септември 2014)

Подпроекти:

- Подршка во управувањето со системите за Интегрираното тарифно опкружување (ИТО) во Република Македонија
- Развој на системите за Интегрираното тарифно опкружување (ИТО)
- Набавка на опрема за системите за Интегрирано тарифно опкружување

*Проект:* Развој на граничната инфраструктура помеѓу Република Македонија и Република Грција - БОРДЕР ИН (Реконструкција на капацитетите на царинските и инспекциските служби на граничниот премин Богородица), кофинансиран од Европската унија и националните фондови на државите учеснички (ИПА програма за прекугранична соработка Грција-Република Македонија 2007-2013 г.)

Планирани проекти

*Проект:* Јакнење на  капацитетите на Царинската управа  за имплементација на царинското и акцизното законодавство ИПА 2010

Потпроекти:

- Хармонизација на законодавството и постапките со закодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите *(види и во 3.16 Оданочување);*
- Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока

*Проект:* Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост (во соработка со Државниот завод за индустриска сопсвеност) - ИПА 2011

*Проект:* Надградба на објектите за царинење на Граничниот премин за патен промет Табановце - ИПА 2012

## 3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ


***РЕЗИМЕ***

*Севкупно, активностите во Поглавјето 30 се насочени кон зголемување на институционалните капацитети во насока на успешно учество на РМ во развојната, хуманитарната и трговската политика на ЕУ.*

*Во областа на заедничката трговска политика во 2014 г. РМ ке претседава со ЦЕФТА . РМ како приоритети во претседавањето ги има определено: креирање на слободна трговска област со натамошна либерализација на трговијата со земјоделски производи, креирање на конкурента економска средина и интегрирање во глобалната економија преку подобрување на пристапот на пазарот со финализирање на единствена зона на дијагонална кумулација во рамки на Регионалната Конвенција за пан-еуро медитеранската кумулација (РЕМ) и иницијатива за основање на инвестициски концепт за зајакнето учество во регионалниот ланец на набавки и глобалната мрежа на набавки.*

*Во областа на билатералните договори со трети земји, РМ ќе продолжи со активностите за анализирање и имплементација на договорите за трговска и економска соработка кои се веќе потпишани и влезени во сила, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ.*

*Од аспект на развојната политика, во 2014 година се предвидува донесување и ратификација на Закон за спроведување на развојната политика, усогласен со законодавството на ЕУ од оваа област.*

*Во областа на хуманитарната помош, предвидено е донесување на Националната стратегија за заштита и спасување за периодот 2014 -2018 и нов Закон за заштита и спасување согласно усвоената методологија за донесување на нова регулатива.*


### 3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија во 2013 г. продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (САА), Договорот за слободна трговија на земјите од Централна Европа (ЦЕФТА )и другите спогодби за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Исто така, продолжи доставувањето на извстувања во СТО за мерките кои беа преземени во областа на трговската политика за спроведување на обврските кои произлегуваат од мултилатералните спогодби за трговија со стоки. За преземените привремени мерки од областа на трговската политика, се известија и надлежните служби на Европската комисија во согласност со САА.

Во текот на 2013 г. продолжија активностите во согласност со Програмата на Претседавачот на ЦЕФТА, Босна и Херцеговина.

Во 2013 г. Република Македонија претседаваше со Поткомитетот за нетарифни и технички бариери во трговијата на ЦЕФТА и со Поткомитетот за царини и правила за потекло. Поткомитетот за нетарифните и технички бариери во трговијата одржа три состаноци, а во рамки на претседавањето со овој Поткомитет, претседаваше и со Работната група за технички бариери во трговијата. Поткомитетот за нетарифните и технички бариери во трговијата изработи и презентираше извештај по одделни фази за различните видови на бариери. Во завршна фаза се Преговорите за Договорот за утврдување на сообразноста за олеснување на пристапот на индустриски производи на пазарите на други страни на ЦЕФТА.

Состанокот на замениците министри за економија/трговија се одржа во јуни на кој се усвоија неколку одлуки за: Република Албанија да биде времен депозитар, по влегувањето на Република Хрватска во ЕУ, претходна нотификација на трговските заштитни мерки пред нивното усвојување. Поткомитетот за царини и правила за потекло одржа два состаноци, се подготви и усвои оодлука за да се овозможи поврзаноста помеќу ЦЕФТА и Пан-евро-мед (ПЕМ) Конвенцијата.

Во ноември се одржа состанок на Мешовитиот комитет на кој беа донесени одлуки за мандат на Секретаријатот на ЦЕФТА за предвремена нотификација, за делот за царини и правила за потекло и препорака за

ребалансирачки мерки. На состанокот се презентираа приоритетите за македонското претседавање со ЦЕФТА во 2014 г.: идна либерализација на трговијата со земјоделски производи и трговија со услугите; продлабочување на спроведувањето на ЦЕФТА за идно олеснување на трговијата; промовирање на регионалната соработка во политиката на конкуренцијата, правата на интелектуалната сопственост и јавните набавки и одржување на синергијата помеѓу имплементацијата на ЦЕФТА и Стратегијата на Југоисточна Европа (ЈИЕ) 2020.

Во 2013 г. продолжија преговорите за измена и ревизија на делот на потеклото на стоките кои се водат во рамки на Пан–евро-мед работната група составена од претставници на членките на ЦЕФТА, ЕФТА, ЕУ, Република Турција и медитеранските земји а по иницијатива и супервизија на Европската комисија.

Во 2013 г. започнаа активности за изменување на протоколите за потекло на стоките, во договорите за слободна трговија со ЕУ, земјите од ЕФТА и со Република Турција, со цел да се создаде можност за понатамошно проширување на системот на дијагонална кумулација на потекло со стоки со земјите членки на ЕФТА, како и со медитеранските земји (Египет, Мароко, Алжир, Тунис и Израел). Примената на изменетите протоколи за потекло на стоките се планира да почне од 1 април 2014 г.

Се потпиша Протоколот за проширување кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, со пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ, со кој се ревидираат постојните концесии за земјоделско- прехранбените производи и за рибите.

Во 2013 г. успешно се применуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба и се донесе Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба, која е во согласност со Анекс I кон Регулатива на Советот (ЕЗ) број 388/12.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2014 г. Република Македонија ќе претседава со ЦЕФТА. Во тие рамки се изготвија приоритети за претседавањето како и Акциски план. Исто така, Република Македонија ќе претседава со Поткомитетот за земјоделие, санитарни и фитосанитарни мерки и со Работната група за услугите.

Во рамки на претседавањето се предвидува еден Вонреден мешовит комитет во јануари за решавање на мандатот на Секретаријатот на ЦЕФТА во случај на пријавени бариери. Акцискиот план предвидува и други вонредни состаноци на Мешовитиот комитет по барање од членките. Покрај овие, се предвидува Стратегиски состанок на ЦЕФТА, состанок на заменици министри за економија/трговија во јуни, состанок на редовниот Мешовит комитет и денови на ЦЕФТА неделата во ноември.

Република Македонија како приоритети во претседавањето ги определи:

- слободна трговска област со натамошна либерализација на трговијата со земјоделски производи и трговијата со услуги, отстранување на нетарифни бариери и непотребните технички бариери во трговијата, и олеснување на трговијата со вклучување на транспарентни алатки и поедноставување на трговските процедури,
- конкурента економска средина: преку промовирање на регионалната соработка во областите на политика на конкуренција, правата на интелектуална сопственост и јавните набавки,
- интегрирање во глобалната економија преку *Подобрување на пристапот на пазарот со финализирање на единствена зона на дијагонална кумулација во рамки на Регионалната конвенција за пан-еуро медитеранската кумулација (PEM) ; иницијатива за основање на инвестициски концепт за зајакнето учество во регионалниот ланец на набавки и глобалната мрежа на набавки.*

Во рамки на своето претседавање, Република Македонија активно ке се вклучи во спроведувањето на целите на Стратегијата на ЈИЕ 2020 и тоа во делот на Столбот за интегриран раст.

Во 2014 г. ќе се потпише Анекс на ЦЕФТА за натамошна либерализација на трговијата со земјоделски производи меѓу Република Македонија и Република Молдавија, со што целосно ќе се укине реципрочната квота за вино.

Во рамките на ЦЕФТА во 2014 г. ќе започнат преговори за натамошна либерализација на услугите преку утврдување на заеднички приоритетни услужни сектори кои имаат потенцијал за либерализација како и временска рамка, опфат, формат и фактори кои треба да се земат предвид во процесот на либерализација**.**

Во првата половина на 2014 г. се предвидува започнување на консултации за листата на производи и групи на производи кои ќе бидат вклучени во анексите на Договорот за утврдување на сообразеноста за олеснување на пристапот на индустриски производи на пазарите на други страни на ЦЕФТА.

**Институционална рамка**
Секторот за меѓународна трговска соработка при Министерството за економија е надлежен за претседавањето на Република Македонија со ЦЕФТА во 2014 г., а Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за претседавањето со Поткомитетот за земјоделие, санитарни и фитосанитарни мерки.
Со цел јакнење на административните капацитети, во 2014 г. вработените од Министерството за економија од Секторот за меѓународна трговска соработка кои работат во делот на ЦЕФТА и другите мултилатерални договори треба да учествуваат на обуки организирани од меѓународни организации утврдени врз основа на анкетни прашалници .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во наредниот период Република Македонија ќе се вклучи во имплементација на ЦЕФТА 2006 од аспект на обврските на земјите членки во согласност со процесот на пристапување кон ЕУ и Стратегијата ЈИЕ 2020 .

Примена на изменетите протоколи за потекло на стоките, во договорите за слободна трговија со ЕУ, ЕФТА земјите и со Република Турција и користење на можноста за дијагонална кумулација на потекло на стоката.

**Институционална рамка**
Со цел јакнење на административните капацитети, до 2017 г. вработените од Министерството за економија од Секторот за меѓународна трговска соработка кои работат во делот на ЦЕФТА и другите мултилатерални договори да продолжат да учествуваат на обуки организирани од меѓународни организации.

## 3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Република Македонија досега има потпишано 39 билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции. Од потпишаните договори, 35 договори стапија во сила, додека 4 договори се ратификувани од Собранието на Република Македонија и се чека известување од соодветните договорни страни дека интерните процедури за ратификација во нивните земји се завршени, како би можеле и овие договори да стапат во сила. Од вкупниот број потпишани договори, 16 договори се потпишани со земји членки на Европската унија и сите 16 договори се стапени во сила. Во текот на 2013 г. беше ратификуван и стапи во сила Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Азербејџан („Службен весник на Република Македонија" бр.107/2013) и Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Иран („Службен весник на Република Македонија" бр.07/2002). До крајот на 2013 г. се очекува потпишување на договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Израел и Република Македонија и Косово.

Во делот на усогласување со законодавството на ЕУ во 2013 г. се потпиша Договорот за изменување и дополнување на Договорот за трговија и стопанска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска. Исто така се усогласи текстот на Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Виетнам.

Министерството за економија, Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, се надлежни за усогласување и парафирање на билатералните договори со трети земји.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Република Македонија ќе продолжи со активностите за анализирање и спроведување на договорите за трговска и економска соработка кои се веќе потпишани и влезени во сила, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди временска рамка на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.

Во 2014 г. ќе се парафира текстот на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Кралството Бахреин.

## 3.30.3 РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2013 г. не е регистрирана развојна помош на Република Македонија спрема трети земји. Во 2013 г. Одделението за развојна и хуманитарна помош во рамките на Министерството за надворешни работи нема реализирано активности за доделување на хуманитарна помош за трети земји.

Одделението за развојна и хуманитарна помош, во Секторот за економски мултилатерални односи, Директорат за економска дипломатија во Министерството за надворешни работи е надлежно за следење и креирање на политиката во делот на развојната и хуманитарната помош.

Во делот на развојната политика во 2013 г. изготвен е Законот за спроведување на развојната политика и истиот е објавен на Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР) за коментари од сите заинтересирани страни. Усвојувањето на Законот за спроведување на развојната политика од страна на Собранието на Република Македонија е планирано до крајот на септември 2014 г.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во 2014 г. се предвидува донесување и ратификација на Закон за спроведување на развојната политика, усогласен со законодавството на ЕУ од оваа област.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Покрај донесувањето на Законот за спроведување на развојната политика, треба да се дефинираат јасни критериуми за определување на потесен круг на земји со кои Република Македонија би воспоставила долгорочна соработка. Дополнително, во 2015 г. ќе се утврди и донесе методологија за пресметување на дадената помош, а ќе се воведе и механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош. Воедно, се планира да се воспостави соработка на невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

Во делот на хуманитарната помош предвидено е прифаќање на Регулатива 31996R1257 за хуманитарна помош. Исто така се планира усогласување со Европскиот консензус за хуманитарна помош 52007DC0317.

Се зајакнување на постоечките административни капацитети со нови вработувања во Одделението за развојна и хуманитарна помош во Министерството за надворешни работи.

## 3.30.4 ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Започна процесот на донесување на новата Национална стратегија за заштита и спасување за 2014 – 2018 г. која ја усвојува Собранието на Република Македонија. Во согласност со програмата на Владата на Република Македонија за 2013 г. се предвидува носење на нов Закон за заштита и спасување. Започна процес за Проценка на влијанието на регулативата која треба да ги даде насоките за содржината на новиот Закон за заштита и спасување.

Во поглед на склучувањето на билатералните договори за меѓусебна соработка во случај на катастрофи со земјите од регионот и пошироко, во 2013 г. се потпиша Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Македонија, Дирекција за заштита и спасување и Претседателството со Советот на Министри на Република Италија, Оддел за цивилна заштита за соработка во областа на цивилната заштита, помош и соработка во итни ситуации. Во овј период продолжија преговорите околу текстот на Спогодбата со Руската Федерација и Република Србија. Во зависност од исходот на овие разговори се очекува и потпишување на истите во 2014 г. Во однос на Спогодбата за соработка во случај на катастрофи со Република Бугарија, текстот на истата е усвоен од Владата на Република Македонија и се чека утврдување на термин за потпишување.

Се продолжи со активно учество во рамките не Механизмот за цивилна заштита на ЕУ.

Во рамките на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи за ЈИЕ, Владата на Република Македонија го усвои новиот текст на Меморандумот за разбирање за институционалната рамка на Иницијативата со што се овозможи континуитет во функционирањето. Во 2013 г. се продолжи и соработката со Кралството Данска. Во таа насока започна циклус на семинари со претставниците на критичната инфраструктура

од јавниот и приватниот сектор и зајакнување на нивните капацитети во поглед на изработка на процена на ризици од природни непогоди и други несреќи.

Во мај 2013 г. се потпиша и Меморандум за разбирање со Операција Флоријан од Велика Британија со кој започна проект за зајакнување на капацитетите на службите за заштита и спасување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Правна рамка**

Донесување на Националната стратегија за заштита и спасување за периодот 2014 -2018 г. и нов Закон за заштита и спасување согласно усвоената методологија за донесување на нова регулатива.

**Институционална рамка**

Зајакнување на институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита и спасување преку учество во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ, Иницијативата за превенција и подготвеност од катастрофи на ЈИЕ и воспоставената соработка со Кралството Данска.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Правна рамка**

Усовршувањето на постоечката законска и подзаконска регулатива ќе продолжи, а ќе се работи и на донесување на нови прописи од делот на заштитата и спасувањето.

**Институционална рамка**

Набавката на опрема и спроведување обуки за потребите на тимовите за брз одговор, Републичките сили за заштита и спасување ќе продолжат, а ќе се обезбеди и учество на претставници на Дирекцијата за заштита и спасување на меѓународни вежби, семинари и обуки.

## 3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

***РЕЗИМЕ***
*Република Македонија има добар напредок во областа на надворешна, безбедносна и одбранбена политика. Државата декларира сили како потенцијален придонес кон операциите на ЕУ кои ќе бидат прикажани во додатокот на Каталогот на сили на ЕУ 2013. Исто така, продолжи со учеството во EUFOR ALTHEA и се вклучи во Борбената група на ЕУ, ЕУ БГ 2014-2. Земјата редовно се придружуваше кон декларациите и одлуките на ЕУ за воведување рестриктивни мерки, и ќе се придружува кон документите на ЕУ и во наредниот период.*
*Република Македонија во 2013 година стана членка на Советот за човекови права за периодот 2014-2016 година. Како дел од подготовките за учество во ЕУ БГ 2014-2, земјата ќе учествува на бројни подготвителни обуки; ќе го продолжи учеството во EUFOR ALTHEA, како и придружувањето кон декларациите и спроведувањето на рестриктивните мерки воведени од страна на ЕУ.*
*Република Македонија е избрана за членка на Советот за човекови права за периодот 2014-2016 година, и ќе продолжи со активностите за членство во Аранжманот Васенар.*

### 3.31.1 ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА (ЗНБП)

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Законот за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема е донесен[69]. Република Македонија одржува редовен политички дијалог со ЕУ во рамките на ССА, неформалните министерски состаноци на ЕУ со земјите-кандидати, а учествува и на експертските консултации на земјите-кандидати во Европската служба за надворешни работи (ЕСНР) за прашања поврзани со човековите права и со агендата на Обединетите нации.
Придружувањето кон одлуките на Советот, декларации и изјави на ЕУ е редовно, врз основа на добиена покана од ЕУ, но и унилатерално. Донесените одлуки и списокот на придружени декларации и изјави се објавуваат во "Службан весник на Република Македонија".

Република Македонија е членка на ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и други меѓународни организации и е активен учесник во регионалните иницијативи.

На 12 ноември 2013 година Република Македонија стана членка на Советот за човекови права за периодот 2014-2016 година.

Во однос на контролата на оружјето, Република Македонија редовно подготвува национални извештаи за имплементација на Заедничката позиција на Советот 2008/944/ЗНБП од 8.12.2008 година за заедничките правила за контролата на извозот на воена технологија и опрема, како и за спроведување на Акциониот план на ОН за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија на мало и лесно оружје во сите негови аспекти.

Национална комисија за мало и лесно оружје продолжува со извршување на своите активности за планирање, следење и анализирање на состојбата со контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции.

Националното координативно тело (НКТ) за хемиско, биолошко радиационо и нуклеарно оружје со свој претседавач од Министерството за надворешни работи, редовно ги извршува своите активности.
Република Македонија редовно се придружува кон одлуките на ЕУ, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. По донесување на одлука од страна на владата, спроведувањето на рестриктивните мерки се реализира од страна на надлежните министерства и институции, согласно нивните надлежности, а врз основа на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

---
[69] „Службен весник на Република Македонија" бр. 119/2013 од 29.08.2013 година.

Координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки редовно одржува состаноци. Регистарот на одлуки за воведување на меѓународни рестриктивни мерки, кој е објавен на веб страната на Министерството за надворешни работи, редовно се ажурира.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2014 година, ќе бидат преземени активности поврзани со покренатата иницијатива за потпишување Меморандум за соработка со Европската агенција за одбрана.

**Институционална рамка**

Како резултат од обврските што произлегуваат од Законот за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, Владата на Република Македонија ќе ја формира Комисијата за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење на извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет.

Во текот на 2014 се планира да биде усвоен Националниот акциски план за спроведување на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1540 од страна на Владата на Република Македонија.

Ќе продолжат активностите за обука на државните службеници во доменот на ЗНБП. Приоритет ќе биде ставен на обука на извршителите задолжени за имплементација на меѓународните рестриктивни мерки и контрола на оружјето.

Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ. И во 2014 година ќе продолжи со придружување/прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП.

Во однос на соработката со меѓународни организации, Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.).

Исто така, Република Македонија ќе продолжи да ги спроведува рестриктивните мерки воведени од страна на Советот на ЕУ. Во насока на подобрување на механизмот за имплементација на рестриктивните мерки, ќе биде спроведена анализа на препораките од експертите на MONEYVAL Комитетот.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Ќе се продолжи со напорите за изнаоѓање решение за укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на Билатералниот договор со САД за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со Водечките принципи на ЕУ.

Во насока на преземање активности за зајакнување на непролиферацијата, Република Македонија ќе продолжи со активностите за зачленување во Аранжманот Васенар.

**Институционална рамка**

Ќе се спроведува континуирана обука за ЗНБП на извршителите во министерствата и институциите вклучени во имплементацијата на оваа политика на ЕУ. Во ова насока се планираат организирање на обуки и студиски посети во земји членки на ЕУ со цел размена на искуства во однос на ефикасна имплементација на меѓународни рестриктивни мерки.

Ќе биде обезбедена континуирана едукација на корисниците на класифицирани информации во државните органи и институции и во јавните и приватните правни лица.

Ќе продолжат активностите за издавање безбедносни сертификати на физички и правни лица.

## 3.31.2. ЗАЕДНИЧКА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА (ЗБОП)

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Република Македонија продолжува со учеството во операцијата на ЕУФОР во БиХ, Алтеа придонесувајќи со медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир и воен правник, помошник правен советник во Командата на ЕУФОР, БиХ со вкупно учество на 11 лица.

Со цел зајакнување на институционалните капацитети, во 2013 година се одржаа бројни обуки од областа на ЗБОП.

Со цел спроведување на Партнерската цел G3781 - Стабилизација и реконструкција – меѓуресорска координација, Република Македонија е посветена на зајакнување на институционалните капацитети за регрутација и обучување на соодветен персонал. Со истото се создава компоненти за перманентна цивилна поддршка за стабилизациските и реконструкциските делови на мисиите предводени од НАТО и други меѓународни организации.

Република Македонија, на покана на ЕУ, учествува на следните состаноци за политички дијалог на ЕУ со земјите-кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ: неформалните состаноци за политички дијалог на Високиот Претставник на ЕУ со министрите за одбрана, неформалните состаноци на министрите за одбрана на ЕУ, состаноците на Политичко безбедносниот комитет (ПБК) на ЕУ, состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ. Исто така, Република Македонија учествува и на состаноците на Комитетот на контрибутори во операцијата на ЕУ во БиХ, АЛТЕА, како и на Координативните конференции за Борбените групи на ЕУ.

Во рамките на учеството во мисии/операции за управување со кризи, Република Македонија декларираше сили како потенцијален придонес кон операциите на ЕУ кои ќе бидат прикажани во додатокот на Каталогот на сили на ЕУ 2013. Декларираниот потенцијален придонес на АРМ се состои од механизирана пешадиска чета; вод на воена полиција; медицински тим на Ниво 1.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети, релевантните министерства и институции вклучени во ЗБОП ќе остваруваат соработка со релевантни институции на ЕУ и земјите-членки.

Претставници на институциите на Република Македонија ќе продолжат да учествуваат на обуки од областа на ЗБОП, со цел зајакнување на институционалните капацитети во оваа област.

Во рамки на подготовките на АРМ за учество во борбената група ЕУ БГ 2014-2, каде водечка земја е Белгија, а во која учествуваат и Холандија, Германија, Луксембург и Шпанија, предвидена е национална обука за силите на АРМ во Република Македонија како и меѓународна обука согласно календарот на обуки на ЕУ БГ 2014-2. Согласно заедничката обука на ЕУ БГ 2014-2 предвидено е одржување на неколку меѓународни активности, а завршното сертифицирање на силите на ЕУ БГ 2014-2 ќе се изврши преку учество на Меѓународната жива вежба (MN LIVEX) „Quick Lion (QL)". На истата предвидено е учество на декларираната чета на АРМ во ЕУ БГ 2014-2. Откако ќе се оцени оперативната готовност започнува стенд бај периодот на ЕУ БГ 2014-2, т.е истата ќе биде на располагање на ЕУ од 1 јули до 31 декември 2014 година.

Во рамките на партнерската цел G3781 - Стабилизација и реконструкција – меѓуресорска координација, во текот на 2014 година се планираат да се преземаат активности за организирање општа обука на цивилни експерти како и специфична обука на целна група цивилни експерти.

Во рамките на средствата предвидени за обука, ќе биде обезбедено учество во програмите за обука на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ наменети за ЗБОП а исто така ќе биде користена поддршката на инструментот TAIEX, како и билатерална помош.

Република Македонија, на покана на ЕУ, ќе продолжи да учествува на следните состаноци за политички дијалог на на ЕУ со земјите-кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ: неформалните состаноци за политички дијалог на Високиот Претставник на ЕУ со министрите за одбрана, неформалните состаноци на министрите за одбрана на ЕУ состаноците на Политичко безбедносниот комитет (ПБК) на ЕУ, состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ. Исто така, Република Македонија ќе учествува и на состаноците на Комитетот на контрибутори во операцијата на ЕУ во БиХ, АЛТЕА, како и на Координативните конференции за Борбените групи на ЕУ.

Министерството за одбрана континуирано и активно спроведува одбранбена соработка на билатерално, регионално и на мултилатерално ниво.

Мултилатералната меѓународна одбранбена соработка практично е поддржана со пристапувањето кон бројните конвенции, но и со учеството во многу регионални инцијативи и проекти.

Придонесот на Република Македонија во EUFOR ALTHEA ќе продолжи и во текот на 2014 год. со медицинскиот тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир и едно лице помошник правен советник во Командата на ЕУФОР, вкупно 11 лица.

Република Македонија ќе продолжи со учество во мисијата "ИСАФ" во Авганистан предводена од НАТО и мисијата на ООН -"УНИФИЛ". Нивото на учество во 2014 година ќе биде на исто ниво како и во 2013 година. Исто така, ќе продолжи логистичката поддршката на КФОР преку Координативниот центар на Република Македонија.

Република Македонија активно се вклучи во процесот на планирање на „Resolute Support" мисијата предводена од НАТО во Авганистан по 2014 година.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Институционална рамка**

Ќе бидат преземени активности за обезбедување на учество на претставници од Република Македонија во програмите за обука од областа на ЗБОП.

Согласно стратешката определба за учество во мисии и операции на кризен менаџмент на ЕУ, Република Македонија и во наредниот среднорочен период ќе продолжи со учеството во мисии и операции во рамките на ЗБОП. Придонесот во EUFOR ALTHEA ќе продолжи на исто ниво.

## 3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

***РЕЗИМЕ***

*Зајакнувањето на финансиската контрола во Република Македонија се спроведува преку развој и примена на начелата за децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување на функционално независна внатрешна ревизија, со цел изградба на систем кој ќе гарантира разумно користење на јавните средства и спречување неправилности, сомнежи за измами и корупција.*

*Развојот на системот на внатрешни финансиски контроли е тесно поврзан со развојот на буџетскиот систем и реформата на јавната администрација. Државниот завод за ревизија (ДЗР) ќе продолжи со активностите за унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија за изнаоѓање на формален механизам за преглед на поединечните ревизорски извештаи.*

*Ревизорското тело ќе продолжи со проверка на ефективноста на функционирање на системите за управување и контрола на претпристапната помош од ЕУ во Република Македонија.*

*Во согласност со новиот концепт на Законот за кривична постапка („Сл. весник на РМ“ бр.150/2010 и 100/2012), Финансиската полиција ќе врши должности на правосудната полиција раководена од надлежен јавниот обвинител.*

### 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДОВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во мај 2013 г. Собранието на Република Македонија го донесе Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр.82/2013) со кој се уреди постапката за вршење на финансиската инспекција во јавниот сектор. Во согласност со овој закон, во август 2013 г., се усвоија измените и дополнувањата на правилникот за организација и работа и Правилникот за систематизација на работни места на Министерството за финансии (МФ), со што се основа Секторот за финансика инспекција во јавниот сектор. Законот за изменување и дополнувањата на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, е во собраниска процедура и со истиот се прецизираат условите и начинот на спроведување на обука и полагање испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор. Продолжија активностите за институционалното зајакнување на единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор. Во однос на унапредувањето на соработката со Собранието на Република Македонија, се потпиш Меморандум за соработка меѓу ДЗР и Собранието на Република Македонија.

**Финансиско управување и контрола**

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 г. развојот на јавната внатрешна финансиска контрола ќе биде дефиниран во Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за периодот од 2014 до 2016 г. која ќе се донесе до крајот на мај 2014 г.

Заради надминување на потешкотиите во функционирањето единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија кај малите субјекти до крајот на ноември 2014 г. ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Со цел подобрување на квалитетот на Годишниот извештај за функционирањето на јавната внатрешна финансиска контрола, до крајот на февруари 2014 г. ќе се измени и дополни Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата за внатрешните контроли.

Заради зајакнување на советодавната улога на единиците за финансиски прашања, посебно во делот на анализа и обука за управувањето со ризици, до крајот на 2014 г. ќе се измени и дополни и Правилникот за начинот на спроведување на надлежностите на единиците за финансиски прашања.

Во текот на 2014 г. ќе се донесат Насоки за начинот на спроведување на процесот на управување со ризиците и нивното поврзување со стратешкото и годишното планирање. Насоките ќе се однесуваат и на начинот на изготвување на Стратегијата за управување со ризици. Исто така во текот на 2014 г. ќе се ажурира Прирачникот за финансиско управување и контрола.

**Институционална рамка**

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Во 2014 г. ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку внатрешна прераспределба и пополнување на раководните работни места и во Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор ќе се вработат 5 лица со соодветно работно искуство.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите**
Во 2014 г. ќе се посвети повеќе внимание на функционирањето на единиците за финансиски прашања во министерствата и урбаните општини. Ќе се организираат работни средби за подигање на свеста за користа од системите за внатрешна контрола.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Во 2015 г. ќе продолжат активностите за спроведување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, особено во делот на измените и дополнувањата на истиот.

**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**
***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во 2014 г. ќе се изготват и донесат следните подзаконски акти:

- Владата на Република Македонија, најдоцна до декември 2014 г. ќе донесе програма за спроведување на обука и испит за овластени внатрешни ревизори во јавниот сектор за 2015 г., во која ќе бидат дефинирани бројот на кандидати и начинот на финансирање на обуката и испитот;
- Програма за содржината на модулите и роковите во кои се спроведуваат обуките и испитите за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
- Прирачник за правен систем, јавни финансии, сметководство во јавниот сектор, јавни набавки, државни и јавни службеници и заштита на информации (национален модул);
- Прирачник за основи на внатрешната ревизија;
- Прирачник за сметководство и финансиско известување во јавниот сектор;
- Прирачник за управување и контрола;
- Правилник за условите и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
- Упатство за начинот на бодување на испитот овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
- Упатство за начинот на решавање на испитот овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
- Упатство за вреднување на решенијата од задачите по основи на сметководството;
- Правилник за формата и содржината на уверението за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
- Правилник за престанување на важење на Правилникот за програмата и начинот на полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
- Ажурирање и објавување на Меѓународните стандарди за внатрешна ревизија.

**Институционална рамка**
**Зајакнување на институционалните капацитети на Министерството за финансии**
Во 2014 г. Централната единица за хармонизација ќе продолжи со активностите за меѓународна сертификација на внатрешните ревизори од централно и локално ниво, а ќе ги преземе неопходните мерки за подготовка на национална сертификација на внатрешните ревизори која се очекува да започне во 2015 г.
Централната единица за хармонизација ќе промовира спроведување на Меѓународните стандарди за внатрешна ревизија преку усогласување на методолошките акти со Меѓународните стандарди за внатрешна ревизија и ќе изготви и Регистар на сертифицирани внатрешни ревизори во јавниот сектор.
Со цел размена на искуства и подобрување на методологијата за работа на внатрешните ревизори Централната единица за хармонизација во 2014 г. ќе ја зајакне соработката со институтите и здруженијата на граѓани од областа на ревизијата, со организирање работни средби на ќе учествуваат внатрешни ревизори, ревизори од ДЗР, претставници од институти, здруженијата на граѓани и експерти од областа на ревизијата.

**Зајакнување на институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор**
Проектот „Обука за внатрешни ревизори во јавниот сектор“ ќе овозможи олеснување на развојот на професијата на внатрешната ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобри практики, за подобрување на управувањето со јавните финансии и зголемување на отчетноста, транспарентноста и ефикасноста во јавниот сектор.
Во рамки на проектот ќе се сертифицираат до 55 внатрешни ревизори од централно и локално ниво, а процесот на сертификација во Република Македонија ќе продолжи.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Зајакнувањето на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2015 г. ќе продолжи со вработување на нови лица во единиците за внатрешна ревизија и продолжување на процесот на сертификацијата на внатрешните ревизори .

**ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА**

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Заради постигнување на уставна независност на ДЗР, ќе продолжи постапката за пристапување за измени на Уставот на Република Македонија, со цел дефинирање на ДЗР како уставна категорија.

ДЗР ќе продолжи со активностите за унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија за изнаоѓање на формален механизам за преглед на поединечните ревизорски извештаи.

**Институционална рамка**

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2014 г. ќе се обезбеди со пет нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР ќе биде 96.

Во однос на подобрување и промовирање на спроведувањето на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции, ДЗР ќе изготви Стратегија со приоритети и насоки за понатамошна хармонизација на методолошките акти на ДЗР со Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции и нови методолошки акти заради нивно усогласување.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2015-2016 г., ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот на вработени за 10 извршители со што вкупниот број на извршители ќе биде 106;
- Унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија;
- Одржување на семинари - работилници заради презентирање на новите методолошки акти на ДЗР за спроведување на усвоените Меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции; Развојот и спроведувањето на софтверот за ревизија, дополнително ќе го олесни надзорот над ревизиите и ќе обезбеди подобар квалитет.
- Реализација на проектот на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на Системот за управување со ревизиите (АМС).
- Обуки за различни аспекти на државната ревизија.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во 2014 г. ќе продолжи со реализација проектот на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на АМС. Поттикнат од Донаторската иницијатива за соработка на Организација на врховните ревизорски институции и со финансиска поддршка од Министерството за надворешни работи на Норвешка, проектот ќе се реализира во периодот од ноември 2012 до октомври 2016 г.. Втората фаза, чија реализација ќе биде во 2014 г. опфаќа набавка и инсталација на опремата за надградба на информатичка инфраструктурата во ДЗР, обуки на вработените во ДЗР за користење на истата и изработка на тендерска документација за набавка на АМС.

## 3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ

**Заштита на финансиските интереси на ЕУ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, регулирана е обврската за раководителите на субјектите од јавниот сектор да преземаат активности против неправилностите и измамите и да именуваат лице ззадолжено за неправилности кое ќе ги прима извештаите за неправилностите и измамите и самостојно ќе превзема дејствија за спречување на истите.

Обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполнија 61 институција на централно ниво (80%) и 60 единици на локална самоуправа (74%).

Во 2013 г. Националниот координатор за авторизација во Министерството за финансии до Управата за финансиска полиција достави 9 извештаи за неправилности при користењето на средствата од претпристапната

помош од ЕУ во петта компонента која е наменета за поддршка на земјоделството и руралниот развој во Република Македонија.
Управата во моментот постапува по осум доставени извештаи за неправилности.
До крајот на 2013 г. се очекува стапување на сила на Новиот закон за финансиска полиција, каде во надлежностите на Управата за финансиска полиција се регулира заштитата на финансиските интереси на ЕУ.
Во март 2013 г. се склучи Спогодба за соработка помеѓу Ревизорското тело и Управата за финансиска полиција при Министерството за финансии со цел осигурување на стабилен систем за управување и контрола при спроведување на ИПА, како и спречување и откривање неправилности, измама или други незаконски активности на штета на финансиските интереси на ЕУ и Република Македонија.
За континуирано одржување на функционалната и оперативната независност на Ревизорското тело во вршењето на ревизија на системите за управување и контрола, во август 2013 г. се ажурираше Стратегијата за развој 2012-2014 г. и се донесе Стратешки план 2013-2015 г. Стратегијата за ревизија дополнително се ажурираше и во годишните работни планови за ревизија по ИПА компоненти за 2014 г.
Во април 2013 г. 24 вработени во ревизорското тело положија испит и се стекнаа со сертификат за овластен државен ревизор.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во текот на 2014 година ќе бидат донесени подзаконските акти на новиот Закон за финансиска полиција. Исто така, ќе биде донесена и Национална стратегија за спечување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2014- 2016 година.

**Институционална рамка**

Во согласност со новиот Закон за кривична постапка (Службен Весник на РМ бр.104/2013), кој влегува во сила на 1 декември 2013 г., Финансиската полиција влегува во составот на Правосудната полиција раководена од јавниот обвинител.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Управата за финансиска полиција кадровски ќе се зајакне во 2015 г. со 15 нови вработувања и во 2016 г. со 10 нови вработувања.

**Ревизија на ИПА фондовите**

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

За обезбедување на квалитет при спроведување на ревизии од страна на Ревизорското тело, во рамки на проектот за Техничка помош на Ревизорското тело ќе се ажурираат Прирачниците за ревизија на ИПА. Исто така во текот на 2014 г. ќе се ажурира Стратешкиот план 2013-2015 г. и ќе се донесе и Информатичка Стратегија.

**Институционална рамка**

За понатамошно јакнење на институционалните капацитети, а со цел кадровско зајакнување на Ревизорското тело, во 2014 г. ќе се реализираат 4 нови вработувања со што бројот на извршители во Ревизорското тело ќе достигне 36.
Во 2014 г. Ревизорското тело ќе продолжи со континуирана професионална едукација на вработените преку обуки организирани и финансирани од TAIEX, за теми и прашања од областа на ревизијата како и обуки во рамки на Проектот за Техничка помош на Ревизорското тело.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Јакнењето на оперативните капацитети и обезбедување на функционална независност на Ревизорското тело во периодот 2015-2016 г. ќе се реализира преку:

- Спроведување на активности за прилагодување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош со новата легислатива на ЕУ за програмскиот период 2014-2020 г. како и усогласување со националното законодавство.
- Донесување на Стратегија за управување со човечки ресурси
- Донесување на Стратегија за комуникација и
- Донесување на Стратегија за контрола на квалитет во ревизијата

**Институционална рамка**

За понатамошно јакнење на институционалните капацитети, а со цел кадровско екипирање на Ревизорското тело, планирано е да се реализираат 4 нови вработувања во 2015 г. и 4 во 2016 г..

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

Во периодот 2014-2016 година ќе се реализира проектот "Зајакнување на капацитетите за ефективно управување и ревизија на европските фондови" каде Ревизорското тело е еден од корисниците на овој проект во следните договори: Твининг за понатамошен развој и зајакнување на организациските, административните и техничките капацитети на Ревизорското тело и набавка на стоки – набавка на опрема и опрема за контрола на лице место.

**Заштита на еврото од фалсификување**

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 г. ќе биде спроведена детална анализа на националното законодавство заради што планирана е работилница со експерти од Европската канцеларија за борба против фасификувањето.

Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари ќе остварува соработка со сродните меѓународни организации и национални централни канцеларии, преку преземање на заеднички координирани истраги, размена на информации и размена на соодветни аналитички продукти.

## 3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

### 3.33.1 ТРАДИЦИОНАЛНИ СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ

*Подрачјето Финансиски и буџетски одредби во суштина ги покрива правилата и воспоставувањето на потребните услови и капацитети на системот на сопствени средства, со цел навремена и прецизна пресметка на прибирањето, плаќањето и надзорот на средствата, кои Република Македонија од денот на нејзиното пристапување во ЕУ ќе ги уплаќа во буџетот на Европската Унија. Овие средства се таканаречените традиционални сопствени средства, кои потекнуваат од прибраните приходи од царини данок на додадена вредност, од производство на шеќер како и од бруто националниот доход на секоја земја членка.*

*Правната легислатива во ова поглавје е задолжителна и не бара транспонирање во националното законодавство. Во рамките на веќе воспоставените институции (Министерство за финансии на Република Македонија, Државен завод за статистика, Царинска управа и Управата за јавни приходи), како и врз основа на утврдените механизми и процедури кои се применуваат во областа на буџетирањето, даночната, царинската регулатива и статистиката, Република Македонија не очекува позначајни потешкотии со имплементацијата на правото на Европската Унија во ова поглавје.*

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Законот за буџети и соодветните измени на законот, (Службен весник на РМ", бр. 64/2005, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011 и 171/2012) претставува системски закон со кој се уредува системот на јавни финансии во Република Македонија. Со овој закон буџетот на Р.М. е дефиниран како акт со кој се планираат годишните приходи и приливи и одобрените расходи и одливи и го вклучува централниот буџет и буџетот на фондовите, кои се целосно интегрирани во единствената трезорска сметка. Со Законот за буџети се уредуваат целите, начелата, планирањето и извршувањето, како и структурата на буџетот и истите целосно се усогласени со начелата и правилата на Европската Унија и меѓународните стандарди. Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Европските фондови согласно одредбите и правилата на Европската Унија за финансирање и склучување на договори. Средствата од ЕУ фондовите како и националното кофинансирање се прикажани во буџетот по соодветни програми и потпрограми. При извршување на Буџетот на Република Македонија приоритет во исплатата на средства има финансирањето на проектите од пооделните компоненти од ИПА.

Министерството за финансии го подготви и го достави до Собранието Предлог Буџетот на Република Македонија за 2014 година во законски утврдениот рок, заедно со среднорочната Фискална стратегија за периодот 2014-2016 година како придружен документ. При тоа фискалната политика со Буџетот за 2014 година како и во наредниот среднорочен период е дефинирана во функција на одржување на макроекономска стабилност и поддршка на македонската економија, преку подобрување на квалитетот на јавните финансии, и натамошно намалување, консолидација на нивото на буџетскиот дефицит и јавниот долг.

Стратешкото планирање дефинирано со последните измени на Законот за Буџети бележи подобрување како од квантитативен така и од квалитативен аспект. Имено зголемен е бројот на добиени стратешки планови кои реално ги отсликуваат активностите во функција на реализација на владините приоритети, како и нивната конзистентност со предлог буџетскоте барања.

Во овој период се спроведоа реформи во функција на натамошно унапредување на финансискиот менаџмент во јавниот сектор. Во овие рамки се изврши измена на Упатството за начинот на трезорско работење со кои се дефинираа : процедурите за известување на повеќегодишните обврски на буџетските корисници до Трезорот, процедурите на известување на обврските согласно потпишаните договори, и процедурите за валидација на превземените обврски од страна на внатрешните ревизори. Во првата половина од 2013 година се реализира постапката за набавка на надградба на постојното софтверско решение на трезорскиот информационен систем (ТРИС), за воведување на нов модул кој ќе содржи податоци за повеќегодишните обврски на буџетските корисници.

Во септември 2013 година од страна на избраниот изведувач пред членовите на комисијата за подготовка на тендерската документација беше презентирано дизајнираното предлог решение за новиот модул за пријавување на повеќегодишни обврски и модулот за трезор онлајн, согласно склучениот договор за проектот Е-обврски.

Во текот на ноември 2013 година изведувачот ќе пристапи кон инсталација на дизајнираниот апликативен софтвер за пријавување на повеќегодишните обврски во постојното софтверското решение ТРИС и се очекува

до крајот на декември да се овозможи стручно оспособување (обуки) на буџетските корисници, како и пилот интеракција со новиот модул, со цел ставање во целосна функција на истиот од 01.01.2014 година.
Во рамките на пресметките за ресурсите на бруто националниот доход продолжија активностите за изработка на поисцрпни национални сметки, во согласност со методологијата на Европскиот систем на сметки ЕСС 95 и попрецизни оценки и опфат на неформалната економија. Во текот на 2013 година Државниот завод за статистика реализира активности поврзани со составувањето на секторските сметки, вклучително и сметката за секторот Странство, во согласност со методологијата на ЕСС 95.
Со цел подобрување на податоците за составување на сметките за секторот Држава, од Министерството за финансии се обезбедени буџетски податоци. При тоа пресметката на бруто-националниот доход (БНД) сè уште не е во целост хармонизирана со ЕСС 95.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија констатирано е дека соодветните институции кои директно го засегнуваат системот на сопствени ресурси се веќе воспоставени, но потребно е нивно натамошно зајакнување во функција на точно пресметување собирање плаќање и мониторирање на сопствените ресурси, како и за известување во ЕУ за спроведување на правилата за сопствени ресурси. Потребно е натамошно развивање на ефикасни алатки за борба против даночната евазија, измама и намалување на евазијата на даноци. Истовремено потребни се соодветни структури за координација за управување и насочување на сопствените ресурси и предпристапни подготовки за утврдување на работни постапки.

**Министерството за финансии** во процесот на унапредувањето на овие процеси ќе се насочи кон реализирање на следните приоритети:

- Унапредување на буџетскиот процес преку зајакнување на процесот на стратешко планирање и подготовка на тригодишни стратешки планови, во целост конзистентни со планираните средства и програми во Буџетот и утврдените максимални лимити на расходи за наредните две години.
- Во текот на 2014 во рамките на „Проектот за зајакнување на капацитетот на Министерството за финансии во насока на подобрување на процесот на подготовка на макроекономските анализи и креирање на политики„, финансиран од ИПА ТАИБ-2009 година, ќе продолжат активностите за унапредување на процесот на буџетско планирање, подобрување на фискалната рамка и фискалните анализи. Во рамките на проектот во текот на 2014 година ќе се реализираат активности за подготвка на програмска класификација во буџетот, со цел прецизно дефинирање на активностите по програми согласно стратешките планови и воспоставување на механизам за нивно следење преку соодветни индикатори на успешност.
- Во 2014 година ќе започне со имплементација проектот „Реформа на јавна администрација-е влада„ финансиран од ИПА ТАИБ-2011, во рамките на кој ќе се реализираат активности за зајакнување на капацитетот на секторот надлежен за Централниот владин буџет и буџетите на локалните власти за среднорочно креирање на политиките и повеќегодишното буџетско планирање. Во рамките на овој проект ќе се реализираат активности за зајакнување на капацитетите за среднорочното буџетско планирање во рамки на Министерството за финансии и во повеќе пилот институции. Во текот на имплементацијата на овој проект се очекува подготовка на нацрт Среднорочна рамка на трошење, како значајна алатка во надминувањето на слабостите на традиционалниот едногодишен буџет и инструмент за унапредувањето на среднорочното буџетско планирање. За оваа цел ќе се спроведат повеќе обуки на вработените во Министерството за финансии и пилот буџетските корисници за најдобрите практи во европските земји.
- Од 01.01.2014 година ќе се овозможи целосна имплементација-интеракција на новиот модул во рамките на трезорскиот софтвер, со сите буџетски корисници, во функција на навремено и прецизно пријавување на повеќегодишните обврски што во крајна линија ќе резултира со ефикасно планирање на ликвидноста и унапредување на управувањето со јавни финансии. Во исто време ќе се обезбеди подобрување на контролата и увид од страна на самиот менаџмент на буџетските корисници во преземените обврски, од моментот на склучување на договорите за јавни набавки до нивното извршување што ќе претставува соодветна основа за среднорочно буџетско планирање.
- Ќе продолжи методолошкото усогласување во имплементирањето на Европскиот систем на сметки (ЕСС 95) преку интензивирање на активностите за изработка на поисцрпни национални сметки, хармонизирани со примена на стандардите на ЕСС 95 (подетално во Поглавје 18. Статистика).

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Во наредниот среднорочен период Министерството за финансии како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон:

- Целосна и ефикасна имплементација на основните инструменти на стратешкото планирање;
- Со цел реализирање на планираните среднорочните фискални цели и обезбедување на фискална одржливост на долг рок ќе се предвиди законска обврска за донесување на Среднорочна рамка на трошење која ќе ја усвојува Собранието на Република Македонија. Утврдувањето на Среднорочна рамка на расходи, како основно сценарио ќе биде основа за утврдување на агрегатни лимити на расходи за период од три години, кои би биле фиксни за првите две години и индикативни за третата година. Врз основа на агрегатните лимити на расходи ќе бидат утврдени максимални износи по буџетски корисници од прва линија, кои можат да трпат промени само во рамките на максималниот агрегатен лимит на расходи. При тоа среднорочната Фискална стратегија ќе ја вклучува усвоената Среднорочна рамка на трошење и утврдените лимити за трошења за буџетските корисници од прва линија на централната власт.
- Како продолжение на проектот финансиран од ИПА ТАИБ-2011, ќе се имплементира нов проект финансиран од ИПА-2, во рамките на кој ќе се унапредат капацитетите на секторите надлежни за среднорочното буџетско планирање и за извршување на буџетот. Во овие рамки во периодот 2016-2019 ќе се изврши доградба на постојниот совтфер е-буџет со можност за подготовка на среднорочен буџет и подготовка на нов интегриран информатички систем за ефикасно управување со јавните финансии (ТРИС), (проектот треба да обезбеди консалтинг - експерт, соодветенто софтверско и хардверско решение). Новиот ТРИС, би имал за цел проширување на димензиите на ефикасен финансиски менаџмент, фискална дисциплина во трошењето на јавните финансиски ресурси и известување согласно соодветна статистичка методологија.
- Воспоставување на оперативна структура за координација со цел обезбедување на целосна пресметка, собирање и контрола на сопствените ресурси и известување на ЕУ за спроведување на правилата за сопствени ресурси. Министерството за финансии со оглед на надлежноста во наредниот период ќе спроведува активности за воспоставување на посебно тело за менаџирање на системот на сопствени ресурси и негово соодветно екипирање во согласност со потребите и временскиот рок. Ова тело ќе биде надлежно за подготовка на методологија и процедури за проценка и прибирање на сопствените средства;
- Ќе се имплементираат методолошките решенија на Европскиот систем на сметки (ЕСС2010) преку анализа и имплементирање на меѓународните стандарди кои се однесуваат на подобрување на квалитетот на буџетските податоци во процесот на составувањето на сетот на сметки за секторот Држава, како инпут во составувањето на пилот-нотификациони табели според процедурата за прекумерниот дефицит (ЕДП).
- Ќе се спроведат потребни обуки на вработените во надлежните институции поврзани со примената на новите сметководствени стандарди и методолошките решенија на Европскиот систем на сметки (ЕСС2010) .

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***

- Во рамките на Националната програма ИПА ТАИБ-2009 во почетокот на 2013 година започна со имплементација Проектот за зајакнување на капацитетот на Министерството за финансии во насока на подобрување на процесот на подготовка на макроекономските анализи и креирање на политики, со цел исполнување на критериумите за пристапување во ЕУ. Во рамките на овој проект ќе продолжат да се спроведуваат обуки за унапредување на процесот на буџетско планирање, подобрување на фискалната рамка и фискалните анализи:
- Во рамките на ИПА ТАИБ-2011 потпишана е финансиска спогодба, со која се одобрени средства за финансирање на проектот Реформа на јавна администрација-е влада, во рамките на кој е предвидена компонента за зајакнување на капацитетот на секторот надлежен за Централниот владин буџет и буџетите на локалните власти, како и зајакнување на капацитетот за среднорочно креирање на политиките и повеќегодишното буџетско планирање..
- Како продолжение на претходниот проект финансиран од ИПА ТАИБ-2011, ќе се имплементира нов проект финансиран од ИПА - 2, во рамките на кој ќе се унапредат капацитетите на секторите надлежни за среднорочното буџетско планирање и за извршување на буџетот. Во овие рамки во периодот 2016-2019 ќе се изврши доградба на постојниот совтфер е-буџет со можност за подготовка на среднорочен буџет и подготовка на нов ТРИС како интегриран информатички систем за ефикасно управување со јавните финансии со обезбедување на соодветенто софтверско и хардверско решение и консалтинг - експерт.

## IV. АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

***РЕЗИМЕ***

*Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, се продолжува со координација на процесот на реформа на јавната администрација.*

*Се предвидува донесување на Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор, како и нов Закон за општа управна постапка. Ќе продолжи да се обезбедува развој на стручна, професионална, ефикасна, одговорна, транспарентна и сервисно ориентирана државна и јавна служба.*

*Ќе се преземат низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, поточно: воведувањето на систем за управување со квалитет, според стандардот ИСО 9001 во државните институции, имплементацијата на Заедничката рамка за оценка во другите институции, и ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата за управување со човечки ресурси. Во насока на унапредување на административните капацитети, ќе се спроведуваат генерички и специјализирани обуки на државните и јавните службеници.*

*Ќе продолжи процесот на подобрување на координацијата и усогласување на работата на органите на државна управа и другите органи и институции за подготовка на Република Македонија за членство во ЕУ. Посебен фокус ќе биде посветен на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки, следењето на реализацијата на Пристапното партнерство, координацијата и реализацијата на приоритетите од Пристапниот дијалог на високо ниво, како и реализацијата на НПАА. Посебно внимание ќе се посвети на координацијата на помошта од Европската инија и земјите членки, како и координацијата на другата странска помош, вклучително и јакнењето на капацитетите, со цел да се обезбеди поддршка на реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Република Македонија во ЕУ. Ќе продолжи подготовката на македонската верзија на правото на ЕУ и преводот на македонското законодавство, како и информирање и комуникација со јавноста за активностите поврзани со процесот на еврпопксата интеграција и европските прашања.*

## 4.01 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА – РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) продолжува со координација на процесот на реформа на јавната администрација (РЈА) преку: (1) следење на реализацијата на Акцискиот план за РЈА кој произлегува од Стратегијата за РЈА; (2) унапредување на законската регулатива за државни и јавни службеници; (3) унапредувањето на правната рамка за управни постапки; (4) обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; подобрување на управувањето со човечките ресурси итн.

Агенцијата за администрација (АА) се грижи за обезбедување на развој на стручна, професионална, ефикасна и сервисно ориентирана државна и јавна служба, преку законито, навремено и транспарентно спроведување на надлежностите утврдени во Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници.

Мерките и активностите кои Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ги спроведе во изминатиот период беа во функција на создавање на професионална, одговорна и транспарентна администрација како и за обезбедување нејзин одржлив развој.

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се грижи за спроведувањето на надлежностите утврдени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Оваа цел, Комисијата ја остварува преку целосно и доследно спроведување на законската и подзаконската регулатива, релевантна за системот на државната служба.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Правна рамка**

Во 2014 година се предвидува донесување на Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор, како и донесување на нов Закон за општа управна постапка.

Со Законот за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор пред сè ќе се надмине фрагментацијата на законодавството во областа на државната и јавната служба, ќе се подобрат постапките за вработување, мобилност, мерење на учинокот и стручното оспособување и усовршување на административните службеници и на другите вработени во јавниот сектор.

Со донесувањето на нов Закон за општа управна постапка ќе се надминат утврдените слабости и ќе се унапреди правната рамка за управните постапки.

МИОА ќе преземе низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, поточно: имплементација на систем за управување со квалитет, според стандардот ИСО 9001 во државните институции, ќе продолжи имплементацијата на Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) во другите институции, ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата за управување со човечки ресурси (УЧР) врз основа на компетенции и ќе се спроведе функционална анализа во одреден број на институции.

Во 2014 година МИОА ќе преземе активности во насока на подобрување на координативниот механизам за управување со човечки ресурски, преку надградба на воспоставената мрежа за човечки ресурси, спроведување на обуки за ревидираните стандарди за управување со човечки ресурси согласно измените во легислативната рамка за администрацијата и имплементација на електронски систем за управување со човечките ресурси во администрацијата.

Кон крајот на 2014 година, предвидена е ревизија на Националниот систем за координација на стручното оспособување и обука на државните и јавните службеници во Република Македонија. Во таа насока ќе се донесе Годишна програма за генерички обуки за 2015 година и Стратегија за обука на администрацијата во Република Македонија, не само како поддршка на адаптацијата на администрацијата со барањата на реформите, туку и поради фактот дека треба да се земат предвид спецификите на јавните службеници кои треба да бидат опфатени во Националниот систем за обука. Во текот на 2014 година исто така е предвидено и имплементација на систем за електронско учење во јавната администрација и развој на курсеви за електронско учење.

Во склоп на Генералниот секретаријат, Секторот за стратегија, планирање и следење ги достави до ЗЕЛС насоките за спроведување на процесот на стратешко планирање, и врз основа на кои во 2014 година ќе спроведе континуирани обуки на државните службеници во министерствата и другите органи на државната управа по одделни делови од процесот на стратешко планирање и подготвување на стратешките планови.

Агенцијата за администрација ќе продолжи со спроведување на надлежностите утврдени во Законот за државните службеници (давање на писмена согласност на актите за внатрешната организација и систематизација на работните места на органите од член 3 став (2) од Законот); организирање и спроведување на постапка за селекција и вработување на државен и јавен службеник и одлучување по жалби и приговори на државен службеник, како второстепен орган) и на оние кои произлегуваат од Законот за јавните службеници, во делот на постапките за селекција и вработување на јавен службеник и одлучување по жалби и приговори на јавен службеник, како второстепен орган. Кадровското доекипирање и доизградба на постојните човечките ресурси, како и техничкото обновување и доопремување и понатаму останува да биде приоритетна цел на на Агенцијата за администрација.

Во текот на 2014 година Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во своето работење ќе биде фокусирана на спроведување на надлежностите утврдени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како што се: постапување по жалби, подготвува и објавува листа на иматели на информации; давање мислење по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации; преземање активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информации со кои тие располагаат; соработување со имателите; давање предлози за потребните средства за работа на Комисијата; подготвување годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија; извршување работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обрвски.

**Институционална рамка**
МИОА во 2014 година ќе продолжи со зајакнување на сопствените капацитети за координирање на процесот на реформата на јавната администрација. Со цел подобрување на работењето ќе биде спроведена функционална анализа на министерството.

Агенцијата за администрација ќе продолжи со засилување на сопствените административни капацитети, преку нови вработувања и стручно доусовршување на вработените, со цел прилагодување и оспособување за новите предизвици кои ќе произлезат од новата законска рамка за административните службеници.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**Правна рамка**
Во 2015 година МИОА и Агенцијата за администрација ќе отпочнат со следење на спроведувањето на Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор, за што ќе доставуваат извештаи до Владата на Република Македонија.

Во текот на 2014 и 2015 година ќе се реалзира Програмата за поддршка на имплементацијата на Законот за општа управна постапка со цел подготовка на институциите за имплементација на новиот закон.

Во 2014 и 2015 година Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе продолжи со постапување по жалбите поднесени од страна на барателите, спроведување на проекти; одржување на обуки за слободниот пристап до информации од јавен карактер за службените лица кај имателите на информации; и заштита на правата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Институционална рамка**
Кадровското доекипирање и доизградба на постојните човечките ресурси, како и техничкото обновување и доопремување во континуитет ќе биде една од приоритетните цели на Агенцијата за администрација.

***ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ***
- Проектот ИПА 2009 „Техничка помош за МИОА  и зајакнување на имплементацијата на Националниот систем за координација на процес за обучување.“
- Проектот ИПА 2010 “Одржлив граѓански сектор” компонента 1, предвидени се обуки за воспоставување одржлив механизам за соработка меѓу општините и граѓанските организации во 8 пилот општини.

## 4.02 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ

### 4.02.1 Процес на пристапување кон ЕУ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Република Македонија продолжи да ги спроведува обврските согласно Спогодбата за Стабилизација и асоцијација. Европската комисија по петти пат го повика Советот да ја усвои предлог одлуката од 2009 година за премин во втората фаза од асоцијацијата, согласно одредбите од ССА кои предвидуваат дека асоцијацијата ќе биде целосно реализирана во транзиционен период од максимум десет години. Се заокружи деветтиот циклус на состаноци на телата воспоставени согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација, преку одржување на состаноците на поткомитетите, Комитетот за стабилизација и асоцијација и Советот за стабилизација и асоцијација.  Постигнат е напредок во повеќето приоритетни области од пристапниот дијалог на високо ниво, вклучувајќи ја декриминализацијата на клеветата и навредата, воведување на системската проверка на анкетните листови и следењето на комуникации. Напредок е постигнат и во однос на  во правната рамка и досието на случаи во борбата против корупцијата. Долгорочните реформи во судството предвидени заклучно со 2010 година се завршени, а значајно подобрување е направено и во однос на ефикасноста на судството. Согласно препораките од Извештајот на ЕК за остварен напредок за 2013 година, беше подготвен и усвоен Акцискиот план за клучните приоритети за пристапување во ЕУ.  Република Македонија има постигнато натамошен напредок во однос на способноста за прифаќање на обврските од acquis-то, што е доволно земјата да премина во следната фаза од пристапниот процес. Секретаријатот за европски прашања продолжи активно

да го следи и координира процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ. СЕП ја подржуваше и организираше работата на Работните групи формирани согласно НПАА, Работниот комитет за европска интеграција, како меѓуминистерско тело за координација на прашањата поврзани со европската интеграција и Поткомитетот на Работниот комитет за европска интеграција. Во текот на 2013 година се одржаа две седници на РКЕИ и девет седници на ПРКЕИ. На овие седници, редовна точка на дневен ред е степенот на реализација на предвидените мерки и активности од НПАА, реализација на преземените обврски од ССА итн. Изминатата година беше спроведен процесот на т.н длабинска анализа (self-screening) на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ за поглавјата 23 Правосудство и човекови права и 24 Правда, слобода и безбедност.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**Доследно спроведување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација**

- Во април 2014 година се навршува десет годишнина од имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Во пресрет на десетгодишнината од имплементацијата , ќе биде подготвена детална анализа за досегашната примена на спогодбата од аспект на придобивките од имплементацијата, резултатите кои би се оствариле со преминот во втората фаза од асоцијацијата, како и  последиците кои се трпат заради непреминувањето итн.
- Заклучно со јули 2014 година ќе биде заокружен десеттиот циклус на одржување на институционалните тела согласно ССА , а на редовна основа ќе се следи и реализацијата на преземените обврски. Во отсуство на преговорите, овие состаноци кои се одржуваат меѓу Република Македонија и Европската Унија го претставуваат главниот форум за дискусија и мониторинг на реформите од процесот на европска интеграција.

**Координација и следење на исполнувањето на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво**

- Согласно усвоениот акциски план, во наредниот период фокусот на активностите ќе биде ставен на реализација на заклучоците од Извештајот на Анкетната комисија за настаните од Собранието на 24 декември, унапредување на дијалогот со новинарите, определување на натамошните чекори во реформата на правосудството, ревизија на системот на дисциплински постапки и оценување на судиите, јакнење на капацитетите на јавното обвилнителство за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, систематската проверка на судирот на интереси и имотната состојба на функционерите, воведување на систем на интегритет и заштита на пријавувачите на делата на корупција, јакнење на капацитетите на органите со посебни овластувањеа за борба против корупција, следење на случаите на висока корупција, како и донесување на нова рамка за државните и јавните службеници и унапредување на начелата на транспарентност, одговорност и систем на заслуги. Имплементацијата на препораките од Охридскиот рамковен договор и подобрувањето на меѓуетничките односи останува да биде врвен приоритет, а согласно препораките на ОБСЕ/ОДИХР ќе продолжи работата и по однос на изборните реформи, преку измена на Изборниот законик и континуиран проверка на Избирачкиот список. Фокусот на активностите ќе биде насочен и кон натамошно исполнување на еконосмките критериуми, односно предвидени се мерки за намалување на сиромаштијата (особено кај младата популација), јакнење на конкуретноста и внатрешната финансиска контрола. Се подготвува и Претпристапната економска програма како стратешки документ кој ги дефинира клучните економски реформи.
- Степенот на реализација на предвидените мерки и активности ќе се следи од страна на Секретаријатот за европски прашања на редовна основа,а истото ќе биде разгледувано од страна на Владата на Република Македонија на секоја втора седница. Следењето на степенот на реализација се планира да биде спроведен на еден инклузивен и транспратентен начин преку редовна комуникација со Европската комисија, консултирање на Собранието и секако граѓанскиот сектор и пошироката јавност.

**Координација и следење на процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ**

- По усвојувањето на НПАА од страна на ВРМ, планирано е за истата да биде одржана дебата со претставници на невладиниот сектор, како и со Собранието на Република Македонија (Комисија за европски прашања и Националниот совет за европска интеграција). Дополнително, можат да бидат организирани и тематски состаноци за поодделни области од европското законодавство.
- СЕП ќе продолжи да го следи степенот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ преку воспоставените координативни структури. Одржувањето на состаноци на РКЕИ и ПРКЕИ на редовна основа и стабилна агенда се очекува да продолжи и понатаму.

- Во соработка со Германското друштво за соработка се планира натамошно подобрување на методологијата на ревизија и планирање на процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ од аспект на попродлабочена анализа на опфатот на ЕУ мерки по поглавја и степенот на транспонирање, надградба на административните капацитети согласно нивото на зголемени надлежности со транспонирање на Acquis. Посебно внимание ќе се посвети на поглавјата каде е потребно да се вложат дополнителни напори, односно оние кои согласно досегашните искуства се покажале како „тешки" поглавја (животна средина, регионална политика, енергетика, транспортна политика, земјоделство и рурален развој , слободно движење на стоки, конкуренција итн).

### 4.02.2 Координација на ИПА и друга странска помош

Користењето на фондовите од ЕУ и различни земји донатори – на билатерална основа претставува здрава основа за поттикнување на институционален, економски и социјален развој. Секретаријатот за европски прашања, како институција носител на системот за координација на странска помош во РМ, има обврска да обезбеди не само целосно, туку и наменско и функционално искористување на средствата до донаторите. Оваа мисија и цел ќе се реализира преку активен пристап во сите фази на соработката – планирање (дефинирање на приоритети); реализација и проценка на ефектите и постигнатите резултати.

За реализација на оваа мисија потребно е ангажирање не само на државните институции, туку и целосна вклученост на сите општествени фактори, пред се граѓанскиот сектор и медиумите.

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Позначајни реализирани активности и цели во 2013 година:

- Во однос на достапните алокации за периодот 2007-2013 година во текот на 2013 година потпишани се договори кои што се вкупно 47 % од достапните ЕУ средства.
- Промовиран е нов пристап во подготовката на програмите, преку дијалог и вклучување на граѓанскиот сектор. Одржани се две презентации и дебати, со присуство на над 200 организации од овој сектор.
- Зацврстена е соработката и комуникацијата со Делегацијата на ЕУ од една и корисниците на средствата (државни институции) од друга страна. Воведена е практика на редовни месечни работни средби со ДИС институциите, на кои се идентификуваат и разрешуваат сите отворени прашања во врска со реализација на проектите.
- Подготовена и усвоена е нова Стратегија за информирање на ИПА, чија основа цел е да ги доближи можностите и придобивките од инструментот до сите сегменти од општеството.
- Усогласување и насочување на активностите на билатералните земји донатори во области кои не се „покриени" со ИПА.
- Подготвен Годишен извештај за спроведување на компонента за помош при транзиција и институционално зајакнување и Годишен извештај за спроведување на ИПА за 2012 година, согласно ИПА Регулативата за спроведување.
- Успешно организирани и реализирани два состанока на Комитетот за следење на ИПА компонента 1 (јули и ноември 2013).
- Успешно организиран и реализиран годишниот состанок на Заедничкиот комитет за следење на ИПА (декември 2013 година).
- Подготвена Анализа на научени лекции од спроведување на ИПА 2007-2013 година со Акциски план за надминување на констатираните слабости.
- Успешно реализиран проект за поддршка на институционалните и административните капацитети на за мониторинг и евалуација за ИПА.
- Спроведена анализа на потребите на ИПА Оперативната структура за компонента 1 и подготвен оперативен план за обуки.
- Реализирани обуки за поддршка на ИПА структурите.

***КРАТКОРОЧНИ/СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- *Заокружување на анализата на новата ИПА 2 2014 – 2020* и презентација на можности пред различни целни групи.
- *Зајакнување на про-активниот пристап во програмирање на ЕУ фондовите,* преку систем за рана идентификација на приоритети, нивно аргументирање и презентација пред ЕК

- *Надградба на системот на обука за искористување на ЕУ фондови,* преку теренска работа на обучени обучувачи. За оваа цел, во целосна функција и капацитет ќе се стави и Центарот за ЕУ обуки (формиран со финансиска поддршка од ЕУ и Кралство Норвешка). Посебен план на активности и обуки е во фаза на подготовка. Обуките на обучувачите се веќе реализирани
- *Продолжување и проширување на праксата на редовна комуникација* и соработка со граѓанскиот сектор, преку овозможување на активно учество во работата на Комитетите за следење на ЕУ програмите и целосно спроведување на дадени препораки
- *Понатамошно развивање на соработката со билатералните донатори* особено преку подготовка и иницирање на проекти со регионална димензија. Во прв ред, ќе се даде приоритет на проекти за пренесување на позитивни практики од РМ, како и проекти за заедничка работа на прашања од регионално значење/интерес (усвојување и имплементација на ЕУ право, енергетика, економски развој итн.)
- *Зајакнување на координацијата и комуникацијата во рамките на ДИС системот* и спроведување на активностите од Акциskiот план за надминување на слабости од функционирање на ДИС системот.
- *Идентификација на нови потенцијални земји донатори* во различни региони во Светот, врз основа на јасни приоритети и принципи на соработка на проекти
- *Спроведување образец за утврдување потреби од обука (Training Needs Assessment – TNA) на ИПА националната акредитирана структура по сите пет компоненти,* анализа на прибраните обрасци/потреби и подготовка на развоен план за обука со цел јакнење на административните капацитети за планирање, спроведување, следење и евалуација на ИПА фондовите и проектите под нив.
- *Подготовка и спроведување на планот за обука темелен на спроведениот ТНА,* финансиски поддржан преку буџетот на СЕП/Република Македонија, преку ЕУ проекти и преку билатерална помош, за цел на јакнење на капацитетите за апсорпција на ЕУ фондовите како на ИПА националната структура, така и пошироко, особено во однос ан крајните корисници. Во проведувањето на обуката ќе се користат сертифицираните ИПА обучувачи од ВРМ обучени преку посебен ИПА проект во периодот 2011-2012 г., во испорака на обуки и на практични работилници, како и корпусот обучувачи кои се развиваат преку посебни проекти.
- *Зајакнување на капацитетите на Центарот за обука на СЕП* во однос на подготовка и испорака на планови за јакнење на административните капацитети во процесот ан европска интеграција, во однос на координацијата и управувањето со обучувачите од редот на администрацијата, како и во однос на севкупното функционирање на Центарот. Овие активности ќе бидат поддржани преку Буџетот на СЕП, ЕУ проекти и поддршка од билатералните донатори (Република Франција, Република Германија и Кралството Норвешка).
- *Понатамошно зајакнување на ситемот за мониторинг и евалуација*
- *Спроведување на времена евалуација на ИПА компонента 1.* Временската евалуација е надлежност на НИПАК секретаријатот за да се извлечат лекции за подобрување на имплементацијата и програмирањето на идната ЕУ подршка.
- *Редовно информирање на јавноста за постигнатите резултати од спроведување на ИПА.*Целта е да се зголеми транспаретноста и видливоста на акциите финансирани од ЕУ.

### 4.02.3 Подготовка на македонската верзија на acquis

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) е мултидисциплинарен процес во кој се вклучени лингвисти, стручни лица од речиси сите области на општественото живеење и правници. Целта на процесот е да се подготви квалитетна верзија на правото на Европската унија која ќе биде сигурен извор на права и обврски за граѓаните на Република Македонија. Се проценува дека севкупното право на Европската унија изнесува 160.000 страници, но тоа постојано се менува, така што крајната бројка е многу поголема и е релативна.

Главните функции на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis (СПНВА) се: подготовка на македонската верзија на acquis communautaire, преведување на законодавството на Република Македонија на еден од официјалните јазици на Европската унија и преведување за потребите на преговорите за членство во Европската унија. Опсегот на делување на СПНВА е покриен со внатрешни акти на Секретаријатот за европски прашања.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire ги извршува предвидените функции преку двете одделенија во неговиот состав: Одделение за ревизија и терминологија и Одделение за преведување и координација на процесот на преведување. Вработени се вкупно 19 државни службеници.

Податоците за работата на Секторот во однос на превод и јазична ревизија за 2013 година се дадени во табелата подолу:

| Вид на документ | Број на преведени акти /документи | Број на преведени страници од Службен весник | Број на јазично ревидирани акти /документи | Број на јазично ревидирани страници од Службен весник |
|---|---|---|---|---|
| Правни акти на ЕУ | 612 | 5.185 | 217 | 2.217 |
| Правни акти на МК | 1 | 33 | 3 | 32 |
| Други документи | 44 | 1.400 | 11 | 1.421 |
| **Вкупно** | **657** | **6.618** | **231** | **3.670** |

До крајот на 2013 година се преведоа вкупно **7.907 мерки** или **84.881 страница** од Службениот весник на Европската унија.

Како поддршка на постдипломските студии по конференциско толкување кои се од национален интерес поради евроинтегративната обврска да се обезбеди неопходниот број на висококвалификувани толкувачи, Работната група за конференциско толкување составена од претставници од Секретаријатот за европски прашања, од Министерството за образование и наука, од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје продолжи активно да работи и да придонесува за подобрување на условите на овие студии.

Во рамките на проектот на ГИЗ „Поддршка на Секретаријатот за европски прашања“, Секторот учествуваше на работилница за ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2014-2016 со изработка и спроведување на препораки за подобрување на стилот на пишување на овој документ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 година се планираат следните активности:

- да се преведат 10.000 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција;
- да се изврши јазична ревизија на 6.000 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција;
- да се одржуваат базите на податоци со кои се следи процесот: Регистарот за следење на процесот на преведување и ЦЦ Виста базата на Европската унија, како и терминолошката база на податоци;
- да се направи потребниот број на лиценци за компјутерски потпомогнато преведување - ТРАДОС;
- да се воспостават процедури за собирање на терминологија;
- да се разработи терминологијата од поглавјата 23 и 24.

Последните три активности се планира да се реализираат во рамките на проектот на ГИЗ „Поддршка на Секретаријатот за европски прашања“.

Како дел од наведениот проект, се планира да се спроведе специјализирана обука наменета за вработените во СПНВА за користење на ТРАДОС.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во периодот 2015 – 2016 година се планира да продолжат активностите за подготовка на македонска верзија на acquis така што се планира да се преведат дополнителни 20.000 страници и да се изврши јазична ревизија на најмалку 12.000 страници на правни акти од Службениот весник на Европската унија, на Република Македонија и на други документи од важност за процесот на европска интеграција.

Ќе се продолжи со континуирано полнење и одржување на базите на податоци поврзани со процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија:Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Се планира да се примени процедуралниот прирачник за собирање, градење и проверка на терминологијата од областа на Европската унија.

### 4.02.4 Информирање и комуникација со јавноста

Тргнувајќи од својата главна цел навремено, точно, континуирано информирање на јавноста и зголемување на јавната свест за евро - интегративниот процес на Република Македонија, посебен акцент во своето работење ќе ставиме на подобрување на дво-насочната комуникација со јавноста и со засебните целни групи. Секретаријатот за европски прашања посебно ќе се насочи кон подготовка на нова Стратегија за информирање и комуникација со јавноста и ќе започне со реализација на ИПА комуникациската стратегија.

***КРАТКОРОЧНИ/ СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2014 година планирано е да се реализираат следните активности и проекти:

- Редовно ажурирање на интернет страницата на СЕП;
- Одржување на прес-конференции, брифинзи и интервјуа за печатени и електронски медиуми;
- Тековно ажурирање и одржување на виртуелната база на аудиовизуелни материјали;
- Издавање на месечен електронски билтен;
- Подготовка и печатење на брошури на процесот на европска интеграција;
- Организација на тематски информативни предавања од доменот на ЕУ/ИПА, дебати, трибини, конференции, домашни меѓународни форуми; (Медиуми, НВО, Бизнис заедница, Локална самоуправа);
- Испитување на јавното мислење;
- Дневно следење на домашен и странски печатени и електронски медиуми;
- Користење на современи комуникациски алатки и социјални медиуми за информирање и дво-насочна комуникација со јавноста: live-stream, face book, you tube, tweeter;
- Имплементација на активности од ИПА комуникациската стратегија;
- Воспоставување на комуникациска мрежа со успешни јавни личности и претставници на бизнис заедницата;
- Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор;
- Редовни брифинзи со медиумите;
- Организација на настани за дипломатскиот кор (пр. Европски доручек)
- Зајакнување на соработката и организација на настани за младите како целна група;
- Меѓуинституционална координација;
- Креирање на ИПА интерактивна мапа во која ќе бидат внесени ИПА проектите и куси информации и фотографии;
- Создавање и одржување на мрежата на ИПА комуникациските координатори.

**Одделение за МК-ЕУ ИНФО ЦЕНТАР**

МК-ЕУ инфо центарот ќе продолжи со својата работи согласно дефинираните активности, како што се давање одговори на прашања за активностите и реформите поврзани со европската интеграција на заинтересирани граѓани, обезбедување на слободен интернет пристап, користење на литература од библиотеката на Инфо центарот и слично.

**Кампањи и проекти**

Кампањите и проектите за информирање и комуникација кои ќе се реализираат ќе бидат осмислени согласно потребите на одделни специфични групи и ќе опфаќаат теми кои се непосредно поврзани со процесот на европска интеграција.

- Донесување на двегодишна *Стратегија за информирање и комуникација со јавноста* во процесот на европска интеграција, која ќе содржи активности за зголемување на нивото на информации достапни до јавноста и активности наменети за посебни целни групи со цел да се задржи поддршката за членството во ЕУ
- **„***Прашајте го Бесими во живо“* **-** Livestream, воспоставување на личен контакт од страна на ЗПВРМ Бесими со граѓаните.

- *“Поставете прашања на СЕП”,* Кампања преку социјалните медиуми, преку која СЕП ќе одговара на прашањата на граѓаните со цел подобрување на двонасочната комуникација.
- *Месечен е – билтен,* Покривање на тековните месечни активности на СЕП како и поактуелните настани од доменот на ЕУ
- *Младите за Европа,* настани со цел вклучување на младината на државата во дебата за Европските вредности, преку градење на нов Европски имиџ да се контрибуира во процесот на Европска интеграцијап
- *ЕУ-ИПА форум,* отворена платформа за соработка со сите заинтересирани страни медиуми, граѓански сектор, академска заедница и други
- *„ИПА локално“,* работни средби со локалните самоуправи со цел непосредно сослушување и дискусија за проблемите со кои се соочуваат општините во поглед на аплицирањето, склучувањето на договор и спроведувањето на ИПА проекти.
- *ИПА Тура,* преку посета и презентација на Проектите кои се реализирани со помош на ЕУ/ИПА фондови, да се зголеми јавната свест за помошта која Македонија ја добива од Европската Унија;
- *ЕУ-ИПА дебати* со политичари и академската заедница;
- *ЕУ - ИПА институционални посети,* работни средби со сите институции корисници на ИПА фондови и имплемнтатори на НПАА, со цел непосредно информирање за сите аспекти од користењето на ИПА, како и разгледување на статусот на реализација на активностите предвидени во НПАА.
- *Форум со поранешни вицепремиери за Европски прашања*, преку неформален и отворен пристап на присутните, да се разменат идеи и искуства во поглед на реализација на стратегијата на РМ за пристап во ЕУ;
- *ЕУ Доручек,* со цел одбележување на денот на Европа традиционално организира доручек со амбасадорите на земјите членки на ЕУ, и учествува во програмта за одбележување на денот на Европа која се реализира во соработка со делегацијата на Европската Унија во Скопје.
- *Јавните личности за ЕУ,* со цел јакнење на поддршката за ЕУ процесот.